Михајло Миноски

# ПЕРЕ ТОШЕВ

*Издавачи:*
Државен архив на Република Македонија и

Македоника литера - Скопје

*За издавачите:*
Зоран Тодоровски
Ленче Тосева

*Рецензент:*
Проф. д-р Владо Поповски

*Лектура:*
Здравко Ќорвезироски

*Дизајн на корица:*
Кочо Фиданоски

*Компјутерска подготовка:*
Бане Галиќ

*Печати:*
Европа 92, Кочани

Тираж:
400

Изданието е објавено со финансиска поддршка на
Министерството за образование и наука на Република Македонија

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

929Тошев,П.
94(497.7)"17/18"

МИНОСКИ, Михајло
Петар-Пере Наумов Тошев : совеста на револуционерна Македонија / Михајло Миноски. - Скопје : Државен архив на Република Македонија : Македоника литера, 2014. - 332 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 305-317. - Регистри

ISBN 978-9989-622-98-4 (Архив)
ISBN 978-608-4614-45-6 (Мак. лит.)

а) Тошев, Пере (1865-1912) - Биографии б) Македонија - Историја - 18-19в.

COBISS.MK-ID 95489546

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА**

Михајло Миноски

# ПЕТАР-ПЕРЕ НАУМОВ ТОШЕВ

## СОВЕСТА НА РЕВОЛУЦИОНЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2013

## СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ..... 7

ВОВЕД ..... 9

ЖИВОТОТ И РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ 1865–1894 ГОДИНА ..... 11

Рани години ..... 11

Револуционерната активност 1885–1894 година ..... 15

Револуционерната дејност 1894–1901 година ..... 22

Солунскиот конгрес во 1896 година ..... 39

СУДСКИОТ ПРОЦЕС, ОСУДАТА И ЗАТОЧЕНИЕТО 1901-1902 ГОДИНА ..... 64

ДЕЈНОСТА 1902–1903 ГОДИНА, ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ..... 74

УЧЕСТВОТО НА ТОШЕВ ВО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ..... 92

РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА ТОШЕВ ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ..... 98

Прилепскиот окружен конгрес на Битолскиот револуционерен округ во 1904 година ..... 112

Предлог-програма за Организацијата, 1904 година ..... 117

Проект-Правилникот за уредување на Организацијата ..... 126

Тошевиот проект-Правилник на Внатрешната тајна македонско-одринска револуционерна организација ..... 131

РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТА ВО ПРИЛЕПСКО, ПО ОКРУЖНИОТ КОНГРЕС ВО 1904 ГОДИНА ..... 150

ИДЕНТИЧНОСТА И РАЗЛИКИТЕ ВО СТАВОВИТЕ НА ОКРУЖНИТЕ КОНГРЕСИ НА ДРУГИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ОКРУЗИ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ ПРАШАЊА И ПРОЕКТ-ПРАВИЛНИКОТ ..... 158

Окружниот конгрес на Скопскиот револуционерен округ, јануари 1905 година ..... 159

Учеството на советување во Софија, мај 1905 година ..... 163

Учеството на Тошев на Околискиот конгрес на Струмичката револуционерна околија, мај 1905 година ..... 163

Окружниот конгрес на Струмичкиот револуционерен округ, јули 1905 година ..... 164

Вториот окружнен конгрес на Солунскиот револуционерен округ, август 1905 година ..... 166

Учеството на Тошев на советувањата пред општиот конгрес, 1905 година ............ 169
Советување на Тошев, Дамјан Груев и Ѓорче Петров
за претстојниот општ конгрес на Организацијата, 1905 година............................... 170
Петар Тошев на Рилскиот општ конгрес на Организацијата, 1905 година .............. 176
Правилникот на Организацијата ................................................................................ 182
Активноста на Тошев по Рилскиот конгрес како член на ЦК на Организацијата .. 186
Учеството на Тошев на Вториот редовен окружен конгрес
на Серскиот револуционерен округ, јули 1906 година ............................................. 192
Учеството на Тошев на претконгресните советувања, 1906 година ......................... 197
Ескалирање на поделбите, неодржување на општиот конгрес, апсења
на Тошев во Бугарија во 1907 година ........................................................................ 201
Политичката активност на Тошев по Младотурската револуција
и воведувањето на уставното уредување, до крајот на 1908 година ........................ 218
Учеството на Тошев во основањето на Македонско-одринската
револуционерна организација (МОРО) 1908 година ................................................. 221
Активноста на Тошев 1909-1912 година .................................................................... 225
Загинувањето на Тошев, 1912 година ......................................................................... 230
Мисли на Тошев ............................................................................................................ 234
Искажувања за личноста и револуционерното дело на Тошев................................. 242
Документи од и за Петар Тошев .................................................................................. 264

ЗАКЛУЧОК ..................................................................................................................... 301

Библиографија ................................................................................................................. 305
Литература: ..................................................................................................................... 308
Спомени (ракописни): .................................................................................................... 313
* * * ................................................................................................................................. 316
Регистар на лични имиња ............................................................................................. 319
Регистар на географски имиња и поими ..................................................................... 325

## ПРЕДГОВОР

Пишувањето книга за животот и револуционерното дело на Петар Тошев беше голем предизвик. Големиот револуционер-конспиратор, еден од водачите раководители – апостолите на Македонската револуционерна организација, и по едно столетие од неговото загинување остана недоволно проучен и афирмиран онака како што заслужува. Нашата наука за него нема издадено посебна монографија.

Секако, тоа не е затоа што немаше интерес. Тошев не остави свои спомени. Ја немаме и потребната изворна документација; неговата кореспонденција како претседател на Окружниот комитет на Битолскиот револуционерен округ и член на Централниот комитет на Организацијата.

За време на истражувањето дојдовме до податок дека дел од архивата била запленета од властите на османлиската држава. Има индиции дека Перева документација била зачувана и чувана со децении, но ѝ се губи трагата во Втората светска војна.

Зачувани се и објавени Проект-правилникот за Организацијата, што тој го претстави пред Прилепскиот окружен конгрес на Битолскиот револуционерен округ во 1904 година (неговиот најзначаен документ) и документите на Организацијата усвоени на општиот Рилски конгрес на Организацијата одржан во 1905 година; како и Правилникот и дополнителните документи со толкувања во чиешто пишување учествуваше како член на посебната конгресна комисија.

За револуционерот Тошев, признат и респектиран авторитет, има доста богата мемоарска граѓа, со што се надополнува недостигот на изворна документација.

Професорот и академик Љубен Лапе со посветеност ревносно собираше материјали за животниот пат и делото на Тошев. Ангажиран со други приоритети не го доврши планираното дело, но затоа нам ни ја олесни работата да го завршиме. Впрочем, тој тоа и ни го остави во аманет.

Далеку сме од помислата дека ние, со оваа наша монографска книга,сме успеале целосно да ги претставиме големината на личноста и на револуционерно дело на Тошев. Останува и натаму да нè мотивира тоа што акад. Лапе го напиша во далечната 1974 година, дека Тошев „и натаму ќе го привлекува вниманието на македонскиот историчар". Кон тоа само ќе додадеме – и не само македонскиот историчар.

Се надеваме дека со излегувањето од печат на оваа наша книга барем делумно ќе се пополни евидентната празнина, а со тоа и дека даваме наш скромен придонес за подобро запознавање и афирмирање на личноста и делото на револуционерот.

Наша благодарност до колегата Љубомир Ѓоревски, управник на Архивот на Македонската академија на науките и уметностите, до колегата Зоран Богески за отстапените фотографии, до вработените во Државниот архив на Република Македонија и до Архивското одделение на Институтот за национална историја во Скопје, за навременото опслужување со бараните материјали.

Авторот

# ВОВЕД

За животот и за революционерното дело на Петар Тошев – еден од водечките раководители на Македонската револуционерна организација, претседател на Окружниот комитет на Битолскиот револуционерен округ и член на Централниот комитет – малку е пишувано.[1]

Неговиот сограѓанин од Прилеп, современик, соборец и истакнат раководител на Организацијата, Ѓорче Петров, во едно писмо од 1919 година соопштува дека собирал материјали и податоци за труд посветен на Тошев.[2] Дали го напишал и што станало со него, останува неизвесно. Војводата Петар Ацев одржал Беседа пред Прилепското друштво во Софија за животот на Тошев. Зачуван е неговиот ракописен текст, насловен како: „Бележки за беседа". Тој е недатиран и недовршен.[3]

Во 1947 година свештеникот Јордан Ангелов[4] напишал поопширен текст за Тошев, насловен како: „Пере Тошев во спомените на своите блиски".[5] По-

---

1 Во тој однос нема позабележителна промена по констатацијата на акад. Љубен Лапе во 1974 година, кога напиша: „Пере Тошев несомнено е една од најнепроучуваните крупни фигури на македонското национално и револуционерно движење" (Љ. Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, 119).

2 Писмо до Петар Ацев: „Студентите ме искушаа да држам предавање за Гоце Делчев, а пријателите настојуваат да го напечатам (види: Ванѓа Чашуле, Кон искажувањата на Ѓ. Петров за Гоце Делчев, сп. Разгледи, јануари 1962, 445). Други пријатели-нашинци ми креваат ѓурултија, па и јас како да се соблазнувам од тоа, да приклучам и еден оглед за Пере. Се согласив и на двете. Делчевиот е готов, ми останува Перевиот. Имам намера (да дадам – Љ. Л.) објективно излагање, со укажување на нивното вистинско место во Организацијата и во ослободителното дело. За Делчев е полесно, има материјал со фактичка дејност. Зортот е за Пере, многу има да се кажува, зошто треба да буричкаш во неговата душа и да му го опишуваш неговиот карактер. Имам потреба од поткрепа". (Љубен Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, 139–143).

3 Архив на МАНУ, ф. Љубен Лапе, К. XVI, пап. 3., ракопис. Петар Ацев, Бележки за беседа за Пере Тошев (незавършени).

4 Ангелов, како што самиот пишува, бил активен учесник во Македонското револуционерно ослободително движење и раководител во Прилепската револуционерна околија по Илинденското востание. Ангелов: „Јас, пишувачот на овие редови како раководител во околијата непосредно по востанието...". (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 20).

5 Архив на МАНУ, ф. Љубен Лапе, К.XVI, пап. 3, Св. Юрдан Ангелов, Пере Тошев в спомените на своите близки, София, 1947, 32 с. (машинопис). На почетокот пишува: „Поттикнат од чувство на длабока

целосно и посеопфатно е претставен животот на Петар Тошев од д-р Светозар Тошев (по професија лекар, негов внук), во две популарни публикации. Првата книшка е насловена како: „Пере Тошев (живот и дело)“ и издадена е во 1942 година.[6] Втората книга, објавена во 1969 година, има наслов: „По крвавиот пат“.[7] Двете се напишани врз основа на сеќавања од современици и на пренесени искажувања. Заслужува посебно да биде одбележано, за да се реафирмира, тоа што тој го напишал уште во 1942 година (во првата публикација), како порака: „*крајно време е големината на неговото бесмртно дело да биде претставена во вистинската светлина*“. Таа обврска сосема природно ја презеде нашата македонска историска наука.

Македонската историографија оствари значаен потфат за научно претставување на личноста и делото на големиот македонски револуционер со одржувањето на научниот симпозиум на 14 декември 1972 година во Прилеп (по повод шеесеттата годишнина од неговото загинување)[8] и со објавувањето на поднесените реферати во 1974 година.[9] Но, ете се случи и по цели четири децении од одржувањето на Симпозиумот, да немаме монографија за една толку голема историска личност.

благодарност кон Пере Тошев, мојот учител во мојата революционерна дејност и од љубов кон мојата татковина – Македонија решив да ги соберам , колку што можев, спомените од неговите другари во една целина“, 1.

6 Д-р Светозаръ Тошевъ, Пере Тошевъ (личностъ и дело), Асеновградъ, 1942.

7 Светозар Тошев, По кървав път. Очерк за живота и дейноста на Пере Тошев, Пловдив, 1969.

8 Во организација на Друштвото за наука и уметност и Друштвото на историчарите – Прилеп.

9 Заедно со рефератите од симпозиумот за Ѓорче Петров, во еден зборник насловен: „Ѓорче Петров и Пере Тошев. Материјали од Симпозиумите во Прилеп по повод педесетгодишнината од убиството на Ѓорче Петров и шеесетгодишнината од убиството на Пере Тошев“, Прилеп 1974.

# ЖИВОТОТ И РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ 1865–1894 ГОДИНА

## Рани години

Петар Тошев е роден во Прилеп[10] во 1865 година,[11] во граѓанско семејство, од татко Наум Николов[12] Пашоски[13], бојаџија[14] и познат трговец,[15] и мајка Катерина,[16] од семејството Кепески.[17] Семејната и пошироката средина „имале силно влијание за формирањето на благороден карактер, за аристократско држење и стремеж кон народноопштествена дејност“.[18] Се школувал во родниот град, каде што завршил основно образование.[19]

---

10 Како најмало дете во семејството „од пет деца – две сестри и тројца браќа (Димче, Андон и Пере“). Двете сестри се омажиле во „видни прилепски семејства, едната за поп Костантин, а другата за Аврам“ (Јурдан Ангелов, Пере Тошев в спомените на своите блиски (машинопис), 1947, 1. Пере бил „галено“, мирно и дете, милениче (во семејството). Петар Ацев пишува: „Галеното Пере, уште дете, неколку години било многу здраво и го свртувало вниманието на сите блиски. Било спокојно, комуникативно и многу мирно. Прележаната подла болест била причина за строга промена. Спокојното дете станало многу нервозно“. (П. Ацев, Бележки за беседа.., 7).

11 Д-р Светозар Тошев, Пере Тошев, личност и дело, Асеновград, 1942; Љубен Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев (оддел отпечаток), Скопје, 1974, 62. Симеон Радев пишуваше дека Пере Тошев се родил во 1865 или 1866 година (С. Радевъ, Пере Тошевъ, Македония. Албум-Almanach,София, 1931, 37). Јордан Ангелов пишуваше дека се родил во 1866 година. (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 1). Според Петар Ацев Петар Тошев се родил во годините од 1866 до 1868. Ацев: Последниот-најмалиот (од децата) се родил десетина до дванаесет години пред ослободителната Руско-турска војна. Галеното име му било Пере... На нуфусот што го поседуваше, стоеше името Петре Наумче “. (Петар Ацев, Бележки за беседа за Пере Тошев (незавршени), Архив на МАНУ, ф. Љубен Лапе, К. XVI, п. 3), 6.

12 Наумче (Наум, таткото на Пере) се родил во с. Варош. „Дедото на Пере Тошев се преселил во Прилеп од соседната Тиквешка околија, во почетокот на XIX век“. (Юрдан Ангелов, Пере Тошев в спомените на своите близки..,1, првиот податок допишан ракописно на маргината.).

13 Според сведоштвото на Петар Ацев, Тошев бил третиот син на Наумче Пашоски. „Наумче Пашоски од Прилеп имаше три сина: Димче, Андон и Петре“. (П. Ацев, Бележки за беседа.., 6).

14 „Таткото на Пере во почетокот се занимавал со правење пастрма, што ја продавал по солунските и серските пазари. Тој занает не му се бендисал и станал бојаџија на волна и на селски ткаенини. (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 1). Иванов пишува: „Таткото на Пере Тошев, Наумче Николов бил по занимање бојаџија, „тивок и затворен човек. Но, во момент на лутина бил многу гневен“. (Илия Иванов, Пере Тошев, „Устрем“, 15, 22. XI 1924)

15 „Со чесност и труд, трговијата му пораснала... се зголемил и неговиот престиж во општеството, а со тоа и неговата трговија. Се откажал од бојаџиството, станал трговец со европски ткаенини. Воспоставил врски со европските градови.., купил имоти во Тиквеш и во Прилеп“. (Юр. Иванов, Пере Тошев в спомените.., 1).

16 „Мајката Кате (момето) од с. Ваташа, Тиквешко“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 1). Иванов: „Мајката Катерина Кепеска била „божја бубалчица“. (Ил. Иванов, „Устрем“, 15,22. XI 1924).

17 „Видно семејство Кепеви“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените..,1).

18 Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 1).

19 Ангелов: „Основно образование добил во својот роден град од учителите: Петар Орлов, Никола Ванчев-Еничерев, Јосиф Ковачев од гр. Штип, Стефан Минчев од гр. Копривщица и Васил Карајовов од гр. Скопје“. (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 1).

Тошев уште како ученик ги прифатил револуционерните идеи. За тоа силно влијаеле состојбите во времето и по Големата источна криза, особено во времето на организираниот заговор во Прилеп и Прилепско, Кичевско, Битолско и Охридско (1880–1881) и пројавениот отпор со акциите на вооружените чети. Во народот се говорело за борбите што ги воделе четите предводени од војводите: Спиро Црне, Диме Чакре и Димо Дедото. Во заговорот во Прилеп учествувале и двајца членови на семејството на Тошев.[20] Едниот од нив, виден заговорник. бил свештеникот Аврам.[21]

Во Прилеп завршил основно образование – „курсот на трикласното училиште“, во 1881 година. Во Битола го завршил вториот клас класно училиште,[22] третиот пак во Прилеп.[23] По завршувањето на третокласното училиште, образованието го продолжил во Солун,[24] заедно со Ѓорче Петров,[25] во тамошната Егзархиска гимназија[26] во која се школувале водечките личности на Македонската револуционерна организација.[27] Во Солун, во гимназијата, во учебната

[20] „Поп Аврамија“, зет за сестра на Пере и неговиот вујко, биле водечки заговорници. Поп Аврамија бил уапсен и осуден (в. „Зорница“, 25. XI 1880; 23. XII 1880).

[21] Попот Аврамија по откривањето на заговорот бил уапсен во 1880 год., во Солун бил осуден и спроведен на заточение на островот Родос. Вујкото на Пере бил убиен во 1881 год. (Љ. Лапе, Животниот пат.., 63).

[22] Ангелов: „Во 1882 година во Битола се отвори бугарска (нижа – ММ) гимназија. За пополнување на гимназијата, зеле ученици од градовите: Прилеп, Охрид, Кичево и др. градови. Од Прилеп заминале петмина: Пере Наумчев Тошев, Ѓорче Петров, Ордан Томов, Наум Јосифов и др.“. (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 1).

[23] П. Ацев, Бележки за беседа .., 13.

[24] Љубен Лапе, Животот и делото на Пере Тошев (Пристапно предавање во МАНУ), Скопје, 1972, 61–75; Пере Тоше во спомените на своите современици, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 24–25, Скопје, 1973, 101–110; Животниот пат на П. Тошев, Зб. Ѓорче Петров–Пере Тошев, Прилеп, 1974, 139–143; Интересирање на Ѓорче Петров за Пере Тошев, истиот зборник, 139–143: С. Радевъ, Пере Тошевъ., 37); Светозар Тошев, По крвав пат, Документарна повест за Пере Тошев, Пловдив (1969), 271.

[25] Спомени на Ѓорче.., 14; Љ. Лапе, Животот и делото на Ѓорче Петров, Зб. Ѓ. Петров–П. Тошев, Прилеп, 1974, 11–21.

[26] Основана на 5 октомври 1881 година (Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает 1893–1903, Скопје, 1981, 116, бел. 30). Заслужува да се одбележи, како показател за квалитетот на образованието, дека на 1 април 1893 година во гимназијата била поставена, и користена за наставата, метеоролошка станица, „единствена во Турција“ (Ил. Ивановъ, Македонската Alma Mater, Сб. Илинденъ 1903–1927, София, 1927.., 100).

[27] Иванов: „Питомци на Солунската гимназија беа Гоце Делчев, Дамјан Груев, Пере Тошев, Тодор Лазаров, Лазар П. Трајков, Борис Сарафов, Милан Арсов, Хр. Узунов, Методија Патчев и мн. др. Машката Солунска гимназија беше стожер и потслон на револуционерното македонско движење. Околу неа се се вртеа Даме Груев и Пере Тошев“. (Ил. Ивановъ, Македонската Alma Mater..., 98).

1882/1883 година, со Ѓорче формирале[28] ученички револуционерен кружок.[29] Кружокот го издавал хектографираниот весник „Сноп".[30] Во исто време излегувал и опонентскиот ученички весник „Верига".[31] Името „Сноп" го симболизирало единството на членовите на кружокот.[32]

Во учебната 1883/1884 година, за време на распустот, Тошев бил во Прилеп. Со Јордан Ангелов и Јордан Хаџи Ивков, од неговото маало во Прилеп, сите ученици, иако деца, решиле и тие активно да учествуваат во отпорот против османлиските власти.

Тошев, кој за сето време на детството во Прилеп секогаш предводел, покажувал лидерство и авторитарност,[33] се поврзал со војводата Димо Дедото. Дедото Димо, кој предводел вооружена чета, „подвизувал во Прилепско",[34] го заштитувал населението. Со војводата Тошев се состанал во Селечка Корија,[35] каде што било разговарано за снабдувањето на комитите.[36] Договориле пари да се обезбедат со ограбување на прилепски трговци, при пренесувањето на парите во Солун. Тошев ја презел обврската да извести за местото и за времето на извршувањето. Договорениот препад четата го извршила, преоблечена како „турски разбојници", на патот Прилеп–Градско кај с. Тројаци,[37] при што Дедото одзел поголема сума пари. За настанот биле информирани властите во Солун. Полицијата спровела истрага. Тошев бил повеќепати повикуван и испи-

[28] Димевски: „Учениците од погорните класови, на чело со Ѓорче Петров и Пере Тошев, создадоа во гимназијата револуционерен кружок" (Славко Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје, 1960, 22).

[29] Спомени на Гьорчо Петровъ, София, 1927, 3; Љ. Папе, Животот и делото на Ѓорче Петров (пристапно предавање во МАНУ), сепарат, 63.).

[30] Манол Пандевски, Учителското движење во Македонија (1893–1912), Скопје, 1962, 25.

[31] Тогаш бил издаван уште еден ученички весник – „Верига". (Вл. Д. Канфиловъ, Единъ споменъ отъ Солунската гимназия, Сб. Илинденъ 1903–1926, София, 1926, 83–84).

[32] Весникот бил издаван и во учебната 1896 и 1897 година.

[33] Тоа го посведочува неговиот близок другар Јордан Хаџи Ивков: „Со Перета бевме другари уште како мали деца од исто маало. Пере беше буен и многу палав. Во игрите беше предводник. Другарите ги тепаше за секоја непослушност спрема него. Тој не се плашеше од ништо. Ние му се покорувавме". (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 2).

[34] Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 2.

[35] Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените..., 2.

[36] За тоа акад. Љубен Лапе пишуваше дека се случило во 1883 год.: „Веќе летото 1883 година, како ученик во Солунската гимназија, Пере го направил првиот смел обид да се поврзе со прилепските комити, водени од војводата Димо Дедото, и да се договори за нивното материјално издржување". (Љ. Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев, 63).

[37] Ангелов: „Грабежот беше извршен на патот Прилеп–Градско кај с. Тројаци... На договореното место и време, Пере даде сигнал и четата излезе на патот. Војводата, за да го замаскира грабежот, го удри Перета со сабјата". (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 2).

туван. За сето време категорично ја одрекувал неговата замешаност, одговарал дека не знаел кои биле напаѓачите. Сè се завршило без последици за Тошев и за неговите соученици.[38] Тоа било првото вистинско соочување со испитување од османлиските власти, при што се покажал како цврст и вешт конспиратор.

Во Солун, во учебната 1885 година, по претрес во пансионот на гимназијата, властите заплениле книга, која била оценета за недозволена. Тошев „бил ставен под полициски надзор“.[39] Тоа не го спречило, со Ѓорче Петров, да го предводат ученичкиот бунт што го организирале со револуционерниот кружок. Нивниот соученик Георги Стрезов, посведочува дека бунт имало во учебната 1884/1885 година. Бунтот бил во пансионот, при што „речиси сите ученици се бунтувале“.[40] Според Каранфилов „имало голем ученички бунт“.[41] Тогаш Пере „храбро му се противставил на управникот“.[42] Во бунтот зеле учество сите ученици.[43] По бунтот, од гимназијата биле исклучени „вкупно 14 ученици“. Покрај „водачите на бунтот“ Тошев и Петров, од нивниот клас биле исклучени уште шестмина други ученици.[44] Според сведочењето на Ѓорче Петров, биле исклучени 12–13 ученици.[45] Ангелов пишува за „исклучени 12–13 ученици, во тој број и Пере Тошев“.[46] Тогаш Тошев се вратил во Прилеп, каде што малку се задржал.

Заедно со исклучените ученици, Петар Тошев заминал во Пловдив – „културен центар на прилепчани[47] – и го продолжил образованието во тамошната

---

[38] Ѓорче: „Во 1881 година беше станало комитско движење во Прилеп и ние живо се интересиравме за тоа, макар деца, а Пере Тошев бил во врска со тие комити, но тоа немаше последици за нас“. (Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, 15).Г. Трайчевъ, Градъ Прилепъ, София, 1925, 204–217; Единъ споменъ за Солунската българска мажка гимназия „Св. Кирилъ и Методи“, Ил. Илинденъ, 3/2 (22), София, 1930, 1-2: Љ. Лапе, Животниот пат.., 2.

[39] Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 1; С. Радевъ, Пере Тошевъ, 37.

[40] Стрезов:„Во учебната 1884/5 кога се отвори V клас во пансионот и речиси сите се побунивме. Најбунтовни беа Митров, Мирчев и компанијата, Пере Тошев. Доста беше паднат авторитетот на управникот на пансионот, затоа што една вечер целиот наш клас, кој го предводеше орото, ги испокршивме чиниите“. (Г. Стрезов, Спомени от ученишкия ми живот в Солунската българска гимназия, Сб. Борбите в Македония и Одринско 1878–1912. Спомени, София, 1981, 48).

[41] В. Каранфиловъ, Единъ споменъ.., 84.

[42] Г. Стрезов, Спомени.., 48.

[43] С. Димевски, Просветната политика.., 23.

[44] Исклучените други шестокласници биле: Јордан Митров од Прилеп, Димитар Кушев од Велес, Иван Поп Ставрев од Битола, Александар, Владимир и Јосиф Кусеви од Прилеп. Од другите класови биле исклучени 6 ученици, меѓу кои и Андреј Љапчев. (С. Димевски, Просветната политика, 23–24).

[45] Ѓорче: „Ме исклучија заедно со 12–13 другари од разни класови, меѓу кои беше и Пере Тошев, во истиот клас со мене и во Прилеп и во Битола“ (Спомени на Ѓорче.., 14). За тоа види и: Славко Димевски, Просветната политика на Егзархијата и ученичките бунтови во Македонија,Скопје, 1960, 22–24.

[46] Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 2.

[47] П. Ацев, Бележки за беседа.., 15.

гимназија во VI клас.[48] Младите прилепчани оделе за школување во Пловдив и од практични причини, затоа што полесно се добивале пасоши за во автономната област Источна Румелија.[49] Во Пловдивската гимназија се школувале „многу Македонци".[50] Тошев тука го завршил гимназиското образование.

## Револуционерната активност 1885–1894 година

За време на школувањето во Пловдив, Тошев продолжил со конспиративна активност за придобивање „другари" за револуционерна дејност за ослободување на Македонија.[51] Учествувал во активностите на тамошното македонско друштво и во неговото реорганизирање.[52] Под влијание на комитетите формирани во повеќе градови во Бугарија заради поддршка на движењето за присоединување на Источна Румелија кон Кнежеството Бугарија,[53] Тошев стапил во врска и му пристапил на еден конспиративен комитет во Пловдив.[54] Во април 1885 година, со Спиро Костов,[55] основале Таен револуционерен комитет во Станимаки (Асеновград).[56]

Во Пловдив, Тошев се запознал и одржувал врски со руски емигранти – народници и нихилисти[57] – и под нивно влијание читал руска прогресивна ли-

---

48 С. Радев, Пере Тошевъ.., 37.

49 Ацев:„Во тие рани години било поудобно младинците да вадат пасоши за источна Румелија, место за Софија". (П. Ацев, Бележки за беседа.., 15).

50 П. Ацев, Бележки за беседа.., 15.

51 Ангелов: „Во Пловдив Пере е немирен дух. Тој бара другари за организирана идејна револуционерна борба за политичко ослободување на Македонија". (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 2).

52 Лапе: „Заминувајќи во Пловдив да го продолжи образованието, Пере се вклучил во бурните политички настани, особено во реорганизацијата на веќе постојните стари друштва од македонски печалбари во Пловдив и во другите места и во доведувањето нови управи во нив". (Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 63.

53 Йордан Анастасов, Пере Тошев, София, 1973, 12.

54 Ацев: „Во Пловдив го гледаме како еден од активните членови на Комитетот за соединување на Ист. Румелија со Бугарското Кнежество". (П. Ацев, Бележки за беседа..,16). Јордан Ангелов за тоа пишува дека во Пловдивскиот комитет Тошев влегол „привлечен од стариот другар на Пере А. Љапчев". (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 4).

55 Соученик на Тошев од Пловдив.

56 Св. Тошев, Пере Тошев, Пловдив, 1969, 39–40; Д. Димески, Македонското националноослободително движење.., 122, бел. 59.

57 Мокриевич, Луцки и др. (Љ. Лапе, Животниот пат и делото, 63).

тература,[58] Сето тоа влијаело за неговата натамошна трајна револуционерна определба.

Во летото на 1885 година година Петар Тошев, Ѓорче Петров и Спиро Костов во Пловдив основале ново македонско друштво.[59] Во тоа време се формирале доброволечките чети за учество во акцијата за присоединување на Источна Румелија кон Бугарија. За да се сврти вниманието од Источна Румелија, чиешто соединување се подготвувало во тајност, биле подготвени чети под водство на Калмиков[60] и Куртев да влезат во Македонија. Тошев со Ѓорче Петров, Андреј Љапчев и Никола Генадиев, со повеќемина други ученици во Пловдив, се пријавиле да стапат во четите и да одат да се борат за ослободување на татковината.[61] Нивното заминување и на другите ученици го спречил Ризов.[62]

Учениците Македонци и самите бргу сфатиле дека не се работело за организирање движење за ослободување на Македонија и дека со тоа биле само залажувани.[63] Независно од тоа, Тошев бил решен да се стекне и со борбено искуство, толку потребно за идната револуционерна ослободителна борба во татковината.

Во есента на 1885 година, Тошев се пријавил „во доброволечката дружина на мајорот Паница" и учествувал во Бугарско-српската војна во 1885 година.[64] Во средината на ноември учествувал во борбите кај Пирот, каде што бил ранет. За покажаната смелост, добил „Крст за храброст",[65] а според друго сведоштво бил одликуван со „Орден за храброст". Но, тој никогаш самиот не говорел за добиеното одличие.[66] Со тоа се потврдува пишувањето на неговите современици дека во војната учествувал како доброволец, за да се здобие со борбено

58 Тоа го посведочува Симеон Радев во своите спомени. (С. Радев, Рани спомени, София, 1967, 258).

59 Ѓорче: „Прва работа ни беше да го собориме старото македонско друштво во Пловдив и да го замениме со ново. Старите македонски друштва во Источна Румелија беа секое за свој град, на пример за Пловдив, за Стара Загора итн. и беа под влијание на владата, главно за избори. ... Ние учениците „Македончиња" бевме поѓурултаџии". (Спомени на Ѓорче.., 15–16).

60 Учесник во Кресненското востание 1878/1879 година.

61 Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 3.

62 Спомени на Ѓорче.., 16.

63 Ѓорче: „Ние сме биле просто лажени. Тоа ни го рече Захариј Стојанов кој се секираше и пцуеше, оти си играле со едно такво дело". (Спомени на Ѓорче.., 16).

64 Д-р Св. Тошевъ, Пере Тошевъ., 13; Спомени на Ѓорче.., 16; Љ. Лапе, Животниот пат и делото..,63.

65 Радев: „Ноќта на 15 ноември (ст. ст.) учествува во борбите кај Пирот. За покажаната смелост е награден со орден „за храброст". (С. Радевъ, Пере Тошевъ..,37); П. Ацев, Бележки за беседа.., 16; Ю Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 4.

66 Јор. Атанасов:„За орденот неговите блиски разбрале по неговата смрт". (Й. Анастасов, Пере Тошев.., 12).

искуство и да се подготви за идната револуционерна оружена борба за ослободување на татковината.[67]

По војната, останал во Пловдив. Бил учител во Пловдивско и во селата во Родопите, но неговата мисла била за враќање во Македонија.[68] Во 1888 година се вратил во Македонија, во Солун, и се вработил како коректор во печатницата на прилепчанецот Коне Самарџиев.[69] Во Македонија се вратил со веќе стекнато револуционерно искуство.[70] Се зафатил со формирање револуционерна група[71] за развивање активност за придобивање приврзаници за основање револуционерна организација во Македонија,[72] внатрешна револуционерна организација што ќе го организира и ќе го предводи македонскиот народ во вооружена борба за ослободување.[73] Во 1889 година во Солун формирал револуционерен комитет.[74] Со писмо го повикал во Солун и Ѓорчета Петров, кој во тоа време бил наставник во Скопската гимназија,[75] да земе учество во договарањето да работат на создавање организација за ослободување на Македонија.[76] Ѓорче Петров не прифатил.[77] Тогаш тој не верувал во успех, откажал.[78]

Во тоа време, во Солун не можело да се постигне повеќе. Затоа Тошев заминал во Бугарија за да го продолжи образованието. На Универзитетот во Софија, Историско-филолошки оддел, студирал литература, 1890–1892 годи-

---

67 Ангелов: „Со учеството во војната Пере се калеше за вооружена борба за слободата на неговата поробена татковина Македонија“. (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 4).

68 Й. Анастасов, Пере Тошев., 12.

69 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 4.

70 Ацев: „Цела деценија од (18)80–90 г.), Пере живеел еден бурен живот, којшто од него создал карактер на конспиратор. Така тој ја преминува границата и се враќа во ропска Македонија“. (П. Ацев, Бележки за беседа.., 18).

71 Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време, Скопје, 1972, 47.

72 Д. Димески, Револуционерната дејност на Пере Тошев во Битолскиот округ на МРО (1894–1898), Прилеп и Прилепско.., 1, 1991, 95.

73 Ангелов: „Тој се убедил дека Македонија не може да се ослободи со ајдутски напади и со четништво однадвор, туку со идејна внатрешна револуционерна организација потпрена врз македонскиот народ, без разлика на црковната припадност и народноста“. (Юр. Ангелов, Пере Тошев во спомените.., 4).

74 Р. Пасков, Образувание на Вътрешната македоно-одринска революционна организация. Идеология, програма, устав и стратегия на Организацията, Национално-освободителното движение на македонските и тракийските Българи, 1878–1944, София, 1995, 60.

75 Ѓорче бил учител во Скопје (1888–1891). (Љ. Лапе, Животниот пат .., 64).

76 Ѓорче: „Пере Тошев ми беше пишал во тоа време во Солун да се составиме и веќе да фатиме да работиме за организација за ослободување“. (Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, 18).

77 Ѓ. Петров, Спомени, 18.

78 Юр. Ангелов, Пере Тошев..,4.

на.[79] Читал француска и руска револуционерна литература[80] и подготвувал организирање таен револуционерен кружок, како тој во Солун.

Пред крајот на 1890 година со Христо Матов, Христо Поп Коцев и со другите студенти Македонци на Универзитетот во Софија: Дамјан Груев, Петар Поп Арсов и Никола Дејков, кои тукушто дошле од Белград, основале тајно Студентско друштво, односно Дружба „за самообразование и заемно влијание“.[81] Се договориле во Друштвото да придобијат што повеќе од студентите Македонци за да обмислат заедно и да се подготват за револуционерна дејност во татковината. Така подготвени, по завршувањето на студиите сите да се вратат во Македонија, да станат учители и да развиваат организациона револуционерна дејност.[82] Со тоа бил направен првиот чекор кон организирано дејствување за создавање револуционерна организација во Македонија. За цел дејствувањето на планираната револуционерна организација, поставиле организирање оружена борба за да се издејствува автономија на Македонија, врз основа на чл. 23 од Берлинскиот договор на европските Големи сили и османлиската држава од 1878 година. Во март 1891 година Дружбата се растурила, по прогоните и апсењата[83] по атентатот и убиството на бугарскиот министер Христо Белчев.[84]

Набргу потоа, организираните во тајното Студентско друштво и други македонски студенти одново се групирале и ја основале,[85]кон крајот на 1891 година,[86] Младата македонска книжевна дружина.[87] Дружината започнала со издавање свој орган, списанието „Лоза“.[88] Во јануари 1892 година излегол првиот

79 Й. Анастасов, Пере Тошев.., 13.

80 При средбата со Симеон Радев во Солун, во летото на 1895 година, му препорачал покрај француска да чита и руска литература. (Симеон Радев, Рани спомени, София, 1967, 258).

81 Румен Пасков, Борис Сарафов 1872–1907, биографија, София, 1996, 30.

82 Освободителното движение в Македония и Одринско. Спомени и материали.., I,V, 8–10; Р. Пасков, Образуването на Вътрешната македоно-одринска революционна организация.., 60.

83 Тогаш биле уапсени и Дамјан Груев и Никола Наумов.

84 Й. Анастасов, Пере Тошев.., 13.

85 Има прифатено мислење дека тајната Дружба на македонските студенти прераснала во Млада македонска книжевна дружина. (Спомени на Димитар Мирчев (предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски); Скопје, 2010, 7–8 (предговор)

86 Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време, Скопје, 1972, 108.

87 Д-р Блаже Ристовски, Националната ориентација на Младата македонска книжовна дружина и научно-литературното списание „Лоза“, Просветно дело, 5–6, Скопје, 1965, 217–233. Михајло Миноски, Уставот и Правилникот на Младата македонска дружина од 1894 година, Историја, 1–4, Скопје, 1995/1996,75–81.

88 Блаже Ристовски, „Лозарството“ како национално движење, Спектар, Скопје, год. 20, бр. 39–40, Скопје, 12002, 38–40.

број.[89] Учесникот Димитар Мирчев пишува дека Тошев учествувал во нејзиното основање. Основачи биле Даме Груев, Г. Баласчев, Е. Спространов, П. П. Арсов, И. Х. Николов, Х. Матов, П. Тошев,[90] Димитар Мирчев, А. Љапчев, Т. Карајовов, Н. Туфекчиев, Х. П. Коцев и Г. Делчев.[91] Дружината имала Устав и Правилник.[92]

Учеството на Тошев го посведочува и Коста Кондов, кој пишува дека Македонците-питомци во Военото училиште, организирани во тајно друштво раководено од Гоце Делчев, влегле во врска со студентите од Софискиот универзитет, кои го издавале списанието „Лоза". Врската ја воспоставил Делчев.[93]

Во пролетта на 1892 година дел од членовите на првоснованото тајно Студентско друштво се вратиле во Македонија за да бидат учители,[94] а со цел да се посветат на револуционерната дејност. Тогаш, по растурањето на Дружбата, Петар Тошев се вратил во Солун,[95] а Дамјан Груев во Битола.[96]

Во секој случај, во пролетта на 1892 година Петар Тошев веќе бил во Солун. Во Солун тој неколку месеци работел во печатницата на Коне Самарџиев,[97] како коректор.[98] Пред почетокот на учебната 1892/1893 година, Петар Тошев и Груев [99] биле назначени за учители во Прилеп,[100] во тамошното основно

---

[89] Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време.., 108.

[90] Христо Андонов-Полјански, На истото место., 108.

[91] Д. Мирчев, Спомени.., предговор д-р Зоран Тодоровски, 7–8.

[92] Михајло Миноски, Уставот и Правилникот на Младата македонска дружина од 1894 година, Историја, 1–4, Скопје, 1995/1996,75–81.

[93] Кондов: „Во 1891 година целиот наш кружок (од Солунската гимназија) стапи во Военото училиште, Делчев остана раководител. Тој влезе во врска со Македонската студентска група при Софискиот универзитет, која издаваше едно списание „Лоза" на западномакедонски дијалект. Преку Г. Делчев се запознавме со студентите Дамјан Груев, Христо Поп Коцев, Петар Поп Арсов, Христо Матов, *Пере Тошев* и др. Разговаравме за политички, општествени, економски и револуционерни прашања". (К. Кондовъ, Гоце Делчевъ и другарите му. Сб. Илинденъ 1903–1926, София, 1926, 141).

[94] Кондов: „Во пролетта на 1892 година Даме Груев и Пере Тошев ја напуштија Софија и станаа учители во Македонија". (К. Кондовъ, Гоце Делчевъ., 142).

[95] Й. Анастасов, Пере Тошев..,13.

[96] Дамјан Груев се вратил во Битола, каде што формирал револуционерен кружок од група ученици.

[97] Й. Анастасов, Пере Тошев.., 13.

[98] П. Ацев, Бележки за беседа.., 18.

[99] Димитар Мирчев: „Прилепскиот училиштен одбор во тоа време имаше потреба од учители. Користејќи ја таа околност, го препорачав Даме за учител. Претседател на Одборот беше Сотир Х. Илиев. Тој имаше доверба во мене. Проблемот се среди. Даме се спогоди за мизерна плата од 35 турски лири, колку за едно скромно живеење". (Димитар Мирчев, Спомени.., 68).

[100] Ацев: „Во 1892 година есента Пере е назначен за учител во Прилеп, во исто време е назначен и Даме". (П. Ацев, Бележки за беседа.., 18).



Фотографија на Петар Тошев со наставничкиот колегиум
во Централното машко училиште во Прилеп во учебната 1892/1893 година

училиште „Св. Кирил и Методиј“.[101] За време на краткотрајното учителствување во Прилеп биле блиски, другарувале.[102] Се претставиле со повисока култура, трудољубивост и посветеност на работата[103] и биле респектирани како авторитети.[104]

Во Прилеп, Тошев и Груев размениле мисли за идејата со којашто се вратиле во Македонија, за започнување со револуционерна дејност. Првин разговарале само двајцата меѓусебно, а потоа и во потесен круг и со други учители

101 На почетокот од учебната година Груев задоцнил со доаѓањето во Прилеп, на што имало остри реакции од другите учители и несогласувања за поделбата на предметите. Револтиран, Груев решил да даде оставка. Сепак била постигната согласност, „не без учество на Пере“, и Даме бил задржан. (П. Ацев, Бележки за беседа.., 19).

102 Ацев: „Двајцата идни апостоли, младите даскалчиња во Прилеп, макар што беа со спротивни карактери, другаруваа“.(П. Ацев, Бележки за беседа.., 19).

103 Тие го свртеа вниманието на своите колеги и на граѓанството со заедничката особина; тие беа со повисока култура од другите и двајцата беа способни, едни од најтрудољубивите учители“. (П. Ацев, Бележки за беседа.., 19).

104 Ацев: „Перевото име предизвикуваше трепет во душата на палавите деца, а Дамевото респект и кај најдрските деца со благата (негова) насмевка... Дежурствата и на едниот и на другиот во училиштето се чувствуваа подеднакво, иако во рацете и на двајцата прачка никогаш немаше“. (П. Ацев, Бележки за беседа.., 20).

за основање револуционерна организација.[105] Идејата ја прифатил и учителот Јордан Поп Костадинов.[106] Активноста на Тошев во Прилеп за придобивање на учителите за организирање за револуционерно дејствување, тие да се зафатат народот да го подготвуваат за слободен живот, тие „да апостолуваат“, е посведочена и од учителот Илија Иванов.[107] Симеон Радев пишува дека развиле организирана револуционерна дејност.[108] Во Прилеп било основано револуционерно јадро од „прилично смели младинци од редот на учителите и граѓанството“.[109]

Во секој случај, почетокот бил означен. Услови за револуционерна дејност имало, само било потребно време.

Во Прилепско, отпор против жестокостите на османлиската власт имало континуирано од времето на Источната криза. За сето тоа време биле активни месни вооружени чети, предводени од војводи кои го заштитувале македонското население. Се смета дека имало 70-тина комити.[110] Револуционерен отпор имало и во другите делови на Македонија.[111]

Во 1893 година, пред почетокот на новата учебната година, Тошев од Прилеп бил преместен за учител во Скопје.[112] И тука пројавил тајна револуционерна активност и веројатно основал револуционерен кружок, како веднаш потоа и во Битола.[113] Во Скопје читал француска литература.[114]

---

[105] Георги Трайчевъ, Град Прилепъ, София, 1925, 223; Крсте Битоски, Местото на Прилепскиот револуционерен реон во Илинденското востание, Зб. Прилеп и Прилепско во националноослободителните борби на Македонија 1893–1908, Прилеп, 1991, 49.

[106] Димитар Мирчев, Спомени, 68.

[107] Иванов: „Со чиста совест исповедам дека Пере не еднаш ми говореше дека е дојдено времето да се работи за слободата на Македонија и дека за таа работа треба да се ангажира младото учителство. ...Пере настојуваше учителот да „апостолува“ надвор од четирите ѕидини на училиштето и да го готви народот за самостоен слободен живот“. (Ил. Ивановъ, Нужно е повече светлина. Сб. Ил. Илинденъ, 1903–1924, София, 1924, с. 37).

[108] Радев: „Таму поставуваат (со Груев) основа на систематската организирана револуционерна борба против турскиот јарем и за таа кауза привлекуваат приврзаници“. (С. Радевъ, Пере Тошевъ.., 37).

[109] Ю Ангелов, Пере Тошев во спомените.., 5.

[110] Трајчев ги наведува и нивните имиња. (Г. Трайачевъ, Град Прилепъ, 221–222).

[111] Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време., 47.

[112] Ацев: „Другата година (1893) го гледаме Пере за учител во Скопје“. (П. Ацев, Бележки за беседа.., 20).

[113] Коцев: „Се познававме од Скопје како учители. Уште таму тој ми остави впечаток дека е замислен за нешто важно, тајно... Јас ретко се гледав со него бидејќи доцна, во второто полугодие, бев преместен од Цариград во Скопје и имав само два часа старобугарски јазик“. (Хр. Коцевъ, Страници изъ спомените ми. П. Тошевъ, Македония, X, София, 1922, 38).

[114] Хр. Коцев: Еден ден отидов во пансионот и го заварив Тошев со христоматијата од Мишев и Костов во рацете: читаше за Робеспјер, Марат и Дантон. Мене ми се причини дека ја проучува Француската револуција. Тоа беше доволно за да одгатнам што го интересира“. (Хр. Коцевъ, Страници.., 38).

## Револуционерната дејност 1894–1901 година

Во 1894 година Тошев[115] од Скопје бил преместен за учител во машката гимназија во Битола[116] каде што пристигнал летото истата година.[117] Во Битолската неполна гимназија бил учител, библиотекар и надзорник (воспитувач) во ученичкиот пансион. Се грижел учениците да се здобијат со потребните знаења и со добри оцени.[118]

Во градот продолжил со револуционерна организациона дејност. Тука веќе имало појави на организирање.[119] Внимателно ги проучувал карактерите и го следел однесувањето на учениците. Во нив гледал потенцијални идни револуционерни дејци на Организацијата.[120] Од организираните младинци-ученици[121] и од неговите воспитаници, формирал местен револуционерен кружок во гимназијата,[122] како и неколку други револуционерни кружоци во градот.[123] Кружокот во гимназијата прераснал во револуционерна школа за изградување

115 Дал свој прилог од 56 гроша за изградба на зградата на Гимназијата во Прилеп, осветена во 1894 година (в. „Зорница", 4. XI. 1894).

116 С. Радевъ, Пере Тошевъ., 37. Ѓорче Петров пишува дека тој се застапил за преместувањето на Тошев за учител во Битола. Ѓорче: „Во учебната 1894 година.., по мое настојување и на директорот Наследников, Пере Тошев бидува преместен во Битола". (Спомени на Ѓорче.., 21; Ѓорче Петров, Спомени–кореспонденција, редактор Љубен Лапе, Скопје, 1984,50).

117 Лозанчев пишува дека Петар Тошев пристигнал во Битола на крајот од октомври. Лозанчев: „На крајот од октомври пристигна во Битола Пере Тошев, назначен за учител во гимназијата и надзорник во пансионот". (Спомени на Анастасъ Лозанчевъ, писани отъ същия, ракопис (ИНИ АО, Сл. 68), 5.

118 Мајски: „Во есента на 1895 година учев во втори клас во Битолската неполна гимназија... Некои од учителите беа во исто време и надзорници во пансионот. Еден од нив беше и Пере Тошев од Прилеп. ...Тошев правеше сѐ што беше можно неговите ученици да немаат слаби оцени". (Н.К. Майски, Изъ спомените ми за Пере Тошевъ, Илъюстрация Илинденъ , год. 6, кн. 1–2 (51–52), София, 1933, 6).

119 Во 1891 година Дамјан Груев, за време на престојот во Битола, формирал револуционерен кружок во кој членувале Лука Церов, Никола Кочов и др. За цел дејствување на кружокот, била поставена борба за добивање автономија на Македонија. (Гане Тодоровски, Дамјан Груев .., Зб. Даме Груев.., 1981, 146).

120 Мајски: „На учениците Тошев гледаше како на идни апостоли на слободата". (Н. К. Майски, Изъ моите спомени за Пере Тошевъ.., 6).

121 Меѓу кои биле: Манол Ризов, Лазар Поп Трајков, Лечо Настев Црковски, Велјан Илиев (од с. Смилево) и др. (Б. Мирчевъ, Спомени на някои активни дейци в македонското движение, Известия на БАН,VI, София, 1956, 499).

122 Ѓорче пишува дека Тошев по доаѓањето во Битола формирал револуционерен кружок. Ѓорче: „Со познајниците-младинци, Пере Тошев го формира таму првиот револуционерен кружок". (Спомени на Ѓорче Петров.., 21; Љубен Лапе, Ѓорче Петров, Спомени-кореспонденција, Скопје, 1984, 50, 52).

123 Ю. Ангелов, Пере Тошев.., 5; Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 64–65.

револуционери-лидери.[124] Тие што тој ги придобивал за револуционерна дејност, ги подготвувал: пред да ги прими, ја проверувал нивната морална цврстина, издржливоста да поднесуваат физичко измачување, конспиративност,[125] ги воведувал во револуционерна литература[126] и им всадувал револуционерен дух.[127] Потоа нив ги упатувал во тајната на Револуционерната организација[128] и тие „останувале докрај верни".[129]

Тошев, при доаѓањето во Битола, не знаел за Револуционерната организација. Тој тука само чул дека се зборувало оти во Солун имало револуционерен комитет. Потврда за тоа добил од блискиот пријател Григор Стефанов Попев, кој одржувал врски со Солун, се среќавал со Дамјан Груев. Груев, при една

124 Мајски: „Имав фантазирана среќа да бидам воведен во мала ученичка група на „удостоените". Таа конспиративна група, под специјалната грижа на Тошев и на неговите наследници, постепено растеше и ги подготвуваше идните водачи, многумина од кои со својот идеализам и зачудувачките подвизи влегоа во историјата на боречка Македонија. Александар Георгиев, Лазар Москов, Лазар Поп Трајков, Манол Ризов и многу други скапоцени илинденци, поминаа низ револуционерната школа во Битола основана од Тошев и грижливо одржувана од неговите наследници". (Н. К. Майски, Изъ спомените ми за Пере Тошевъ..,8).

125 Мајски: „Кога како ученик во Битола во втори клас му покажав на својот учител Пере Тошев некои од моите стихови (со револуционерна тематика), не добив диплома за маж и борец, затоа што тој не сакаше „ќор-фишеци", сакаше да провери и на дело дали можам да си го чувам јазикот. Со други зборови, дали можам да станам вистински народен борец-револуционер. Испитот го положив одлично, по што во есента на 1896 година Тошев ме посвети во тајната ВМРО и станав член на ученичкиот револуционерен кружок на којшто следната година станав претседател". (Никола Киров-Мајски, Спомени. Во строя за Македония, ракопис, (ИНИ АО, сл. 317), 5).

126 Тошев бил и библиотекар во библиотеката во Битолската гимназија. На учениците им давал да читаат одбрана литература за нивно изградување. Мајски во своите спомени за тоа пишува: „Му беше пријатно кога ученикот ќе побараше да му се даде сериозна научна книга. ... Првата книшка што ја побарав да ми ја даде беше „Полтава". ... Ги прочитав „Мачениците на науката"; „Мајката на великите луѓе", „Ајдути"; „Биографии на великите мажи" и др. Започнав да читам револуционерна литература". (Н. К. Майски, Изъ моите спомени за Пере Тошевъ.., 7).

127 Н. К. Майски, Изъ моите спомените за Пере Тошевъ.., 6–8.

128 Мајски: „На Иванден отидов во Охрид, да му го честитам именденот на главниот учител Иван Липошлиев. По честењето, останавме сами и Липошлиев ми довери една тајна. Ми прочита еден пасус од писмото на Тошев до него, во коешто даваше процена за крушевските ученици во Битола. Кога слушнав за убавата карактеристика за мене.., од тој момент станав сериозен, се зареков дека ќе ги оправдам очекувањата од мене и започнав да мечтаам за апостолство". (Н. К. Майски, Изъ моите спомени за Пере Тошевъ.., 7).

129 Љ. Лапе, Пере Тошев во спомените на своите современици, Скопје, 1973 (сепарат од Годишниот зборник), 103.


Първите основатели на Вътрешната Македонска
Одринска Революционна Организация В.М.О.Р.О

Факсимил од ракопис - основачите на Револуционерната организација

таква средба, го запознал дека во Солун имало револуционерен комитет,[130] дека такви комитети имало и во други места,[131] а за Битола оти немало.[132]

Тошев со основањето и активноста на ученичките и младински револуционерни кружоци практично ги поставил основите за создавање организација во градот. Истата година влегол во Револуционерната организација.[133] Од револуционерните кружоци формирал Местен комитет на Организацијата, во којшто влегол уште и Лозанчев.[134] По првата нивна средба, Лозанчев констатирал дека Тошев знаел што и како треба да се рабо-

[130] И покрај сета конспиративност, тајната за создавањето Македонска револуционерна организација станувала извесна во Солун. Професорот Киндингер (Австриец, роден во Скопје), претставувајќи ги своите сеќавања, соопштува дека за тоа разбрал во 1894 година, како ученик во тамошното Германско основно училиште. „Таму, отприлика во 1894 година, првпат дознав од нашиот училиштен службител-Македонец, кој беше од Гевгелија, дека била основана тајна организација за ослободување на Македонија. Ми велеше: Чувај го ова како тајна". (Проф. д-р Рудолф Киндингер, Исечоци од моите сеќавања пред, за време и по Илинден (1903) во Македонија, Зб. Илинден 1903, Скопје, 1970, 154).

[131] Според Симеон Радев, тогаш Груев веќе имал формирано комитети уште во Кавадарци и во Прилеп. „Даме Груев ги основа првите два комитета, првин во Кавадарци, потоа во Прилеп". (С. Радев, Рани спомени, 256).

[132] Попев: „Даме беше коректор во книжарницата на Коне Самарџиев, мој зет од сестра. Книжарницата ја посетував почесто и ние со Даме започнавме да другаруваме. Еден ден тој ми рече дека во Солун имало основано револуционерен комитет.., не спомна никакво име, но појасни дека такви комитети биле формирани и во други места и одбележа дека во Битола немало таков комитет. Кога се вратив во Битола, му раскажав на Пере Тошев за тоа што ми го кажа Даме. Пере ми одговори дека и тој чул дека во Солун бил формиран револуционерен комитет". (Бојан Мирчев, Спомени на Григор Стефанов Попев, Зб. Даме Груев, 1981, 103).

[133] Според Анастас Лозанчев, Тошев влегол во Организацијата истата година по неговото доаѓање во Битола од Скопје. Лозанчев: „Редот на покрстените лица во Битола е следниот: јас, Пере Тошев, Георги Пешков и Глигор Попев". (Спомени на някои активни дейци..,484).

[134] Лозанчев: „Со Пере се запознав на крајот од октомври 1894 год. во Битола, на свршувачката на Глигор Попев. Се гледаше дека уште на првата средба му направив впечаток, па затоа уште следниот ден имавме средба и започнавме со работа". (Поправки, извадки, критики и размишления, на „Спомените" на проф. Милетич от войводи и други дейци, както и на разни издания които третират въпроси по ВМОРО, ракопис (ИНИ, АО, Сл. IV/84), 9.

ти за успех на револуционерната дејност.[135] Месниот револуционерен комитет подоцна прераснал во окружен комитет.[136]

Ѓорче Петров, кој дошол за учител во Битола, тогаш не влегол во Организацијата.[137] Тошев не се согласил да биде примен,[138] поради тоа што Ѓорче претходно[139] откажал да учествува во организирање револуционерна дејност, затоа што тогаш тој не верувал дека ќе има успех.[140]

При доаѓањето во Битола, Даме „најдува веќе здрава револуционерна организација".[141] Во негово присуство, во почетокот на август 1894 година, месниот револуционерен комитет во Битола, раководен од Тошев, се конституирал како

---

135 Лозанчев: „Треба да се каже и следново: Тогаш кога го запрашав Д. Груев како да се почне со работата, како да се агитира и слично, не можеше ништо да ми каже. А Пере беше со оформени идеи за организационите дела. Тој ми го наложи најпотребното, како да се работи, како да се агитира и сл." (Спомени отъ А. Лозанчевъ, ракопис, 8).

136 Љубен Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, 108.

137 Заслужува внимание сведочењето на Рафаел Камхи (иако не се совпаѓа со познатите факти за почетната организирана дејност на Ѓорче Петров, Петар Тошев и Дамјан Груев во Битола) за планирањето создавање учителско Братско друштво за самопомош, со вистинска цел: организирање за барање спроведување на чл. 23 од Берлинскиот договор за Македонија.
Камхи: „Учителите се собраа околу Ѓорчета да го слушнат планот како мисли без ризик да му се донесе полза на народот. На Бадник пред Коледе се собраа да решат каде да се состанат. Ѓорче кажа, јас им пишав во Прилеп да не ме чекаат за празниците. Тој имаше соба кај Мише Велков и рече дека таму не можеме. *Пере Тошев* одговори дека (кај него) исто така не може. Тој живееше кај својот брат Андон Тошев, тогаш банкар во Битола. Даме предложи собранието да се одржи во анот на Ноле Смилевчанецот. ... Ѓорѓи Стрезов живееше во Мечкар маалото, зад скршената џамија во куќата на Коста Бабуно.., за празниците остануваше сам во куќата. Така решија да се состанат првиот ден по Божик по Богослужбата на прво собрание.
Ѓорче предложи егзархиските учители од Солунскиот, Битолскиот и од Скопскиот округ да се организираат во Братско друштво за самопомош.., а со вистинска цел, така организирани, да ја шират идејата меѓу колегите во трите окрузи... Ќе им се довери дека чл. 23 од Берлинскиот договор ни дава права и првенство над сите народи во Македонија, а спротивно (на тоа) сме измачувани од разбојници и тероризирани од власта. Нашите членови треба да пропагираат меѓу добрите трговци, меѓу народот и селаните да се посее семето дека бараме исполнување на чл. 23 од Берлинскиот договор..; тој фамозен Договор, место полза и олеснување за народот, му донесе штета на македонското население.
Зеде збор Даме Груев: кажи Ѓорче каква полза од тоа, зошто да не излеземе веднаш со револуционерна програма? Ѓорче: веднаш ќе нè уапсат и ќе нè испратат на заточение, делото ќе се прекине. Учителското здружение ќе ни служи како база, со идејата благородна за Берлинскиот договор, ќе нè заштитуваат Великите сили, народот ќе го организираме бавно, без ризик ...ќе се возбуди цела Европа". По што било договорено од Егзархијата да се одобри формирање на Друштвото. (Архив на МАНУ, ф. Љ. Лапе, К. XXVII, пап. 9. Рафаел Камхи, Првите напори за создавање од страна на Ѓ. Петров и Д. Груев здружение на учители за самопомош (без крај), 4–12).

138 Лозанчев: „Пере, иако близок со Ѓорчета, не сакаше да биде примен во Организацијата. Тогаш тие двајцата живееја во пансионот". (Ан. Лозанчев, Спомени на някои активни дейци.., 484).

139 Во 1889 година.

140 Ѓорче: „Му одговорив дека не верувам оти ќе излезе нешто од таква работа. Ова подоцна ми го рече Пере Тошев". (Спомени на Ѓорче.., 18).

141 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 5.



Факсимил од ракопис (од Рафаел Камхи)
за активност за создавање здружение на учители
за самопомош со цел дејствување за актуелизирање
на македонското прашање

Окружен револуционерен комитет на Револуционерната организација,[142] во состав: Петар Тошев, Ѓорѓи Пешков, Григор Попев[143] и Анастас Лозанчев. За претседател бил избран Петар Тошев, за секретар – Лозанчев, за благајник – Попев, а за советник – Пешков.[144] По конституирањето на Комитетот во Битола, Дамјан Груев и Петар Тошев веднаш заминале во внатрешноста на Битолскиот округ и во повеќе градови и помали населени места формирале револуционерни комитети.[145] Комитети формирале во Ресен, во Охрид, а според сведоштвото на Ѓорче, тогаш бил формиран и Комитетот во Прилеп.[146]

Петар Тошев учествувал[147]

142 Има искажувања дека Окружниот комитет на Револуционерната организација во Битола бил формиран по Собранието во Ресен, во октомври 1894 год.

143 Комитетот, според С. Радев, бил формиран пред одржувањето на Собранието во Ресен, без учество на Лозанчев. Радев: „Пере Тошев во Битола формира, со двајца трговци – Георги Пешков и Григор Попев – комитет во којшто, по еден месец влезе и Ѓорче Петров. Револуционерната акција се ширеше брзо. ...Се реши да се состане конгрес. Осветувањето на црквата во Ресен се јавуваше како најпогоден случај за тоа“. (С. Радев, Рани спомени, 256).

144 Попев: „Во август 1894 година, откако се освети црквата во Ресен, во Битола пристигна Даме Груев. Тогаш ние живеевме во куќата на Ѓерови, до црквата „Св. Богородица“. Една вечер кај нас се собраа сите другари, на кои Даме им беше зборувал поодделно. Тука беа Пере Тошев, Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков и јас и формиравме комитет, откако за претседател го избравме Пере Тошев, за секретар Анастас Лозанчев, за благајник Григор Попев и за советник Ѓорѓи Пешков“. (Б. Мирчев, Спомени на Григор Стефанов Попев, Зб. Даме Груев, 1981, 105).

145 Юр. Ангелов, Пере Тошев .., 5.

146 Ѓорче: „През распустот во 1894 година, Пере и Даме направија обиколка по селата за да основаат друштва. Бргу мрежата на кружокот се рашири во Ресен, Охрид и Прилеп“. (Спомени на Ѓорче.., 31; Спомени на Григор Ст. Попев, Спомени на някои активни дейци.., 498).

147 Татарчев посведочува дека на Собранието учествувал и Пере Тошев. Татарчев: „Таму (во Ресен) се одржа првиот револуционерен конгрес, на кој беа дојдени 12–15-мина делегати од месните комитети. Таму бев јас, Груев, Пере Тошев, Лозанчев, Ѓорѓи Пешков, Александар Чакаров и др. Три дена едноподруго продолжија седниците во нашата куќа. Делегатите известија за состојбите на Организацијата“. (Спомени на И. Х. Николов... д-р Х. Татарчев, Скопје, 1995, 333).

на тридневното собрание[148] на претставници на Револуционерната организација[149] и на претставници на месните револуционерни комитети во Битола, Прилеп и Кавадарци, како и на самостојно организираните групи и индивидуални претставници од Ресен, Охрид и Струга,[150] одржано во Ресен 15/27-17/29 август 1894 година.[151] Собранието било одржано во времето на осветувањето на црквата „Св. св. Кирил и Методиј“,[152] во најголема конспиративност.[153] Главно прашање за кое се расправало, било прашањето за револуционерното дејствување и во врска со тоа за организационата поставеност на Организацијата. Собранието усвоило решение територијата на Македонија да се подели на три организациони единици-револуционерни окрузи: Солунски, Битолски и Скопски, со раководни тела – окружни револуционерни комитети. Друго важно прашање за коешто се водела расправа било прашањето за преземањето на општинските управи од членови и поддржувачи на Револуционерната организација и на ослободителното дело, за поставување свои учители во општинските и во егзархиските училишта. Тоа било поставено како интерес од посебно значење за обезбедување на потребните кадри на Организацијата за развивање на организационата дејност.

По Собранието на Организацијата, Тошев продолжил уште попосветено да работи на ширење на Организацијата. Покрај членовите на Комитетот,

148 Д-р Христо Татарчев тврди дека се одржал конгрес на Организацијата. Лозанчев тоа го оспорува, пишува дека имало (сбирка) собрание (Лозанчев: „Д-р Татарчев кога говори за осветувањето на црквата, говори дека се состанал „конгрес на Организацијата“. Ништо слично, Може да се каже (сбирка) собрание“. (Спомени на А. Лозанчев, ракопис, 8). И Симеон Радев пишува дека се одржал конгрес, односно основачко собрание на Организацијата. Радев: „Се наложи да се создаде единствен центар на движењето. Се реши да се одржи конгрес. Осветувањето на црквата во Ресен дојде како најпогоден случај за тоа. Во други околности, такво собирање луѓе од разни градови ќе паднеше в очи. При толкаво слевање народ за црквата, тоа мина незабележено. ... Собранието се одржа во куќата на д-р Христо Татарчев. Таму се поставија основите на подоцна извесната Внатрешна македонска револуционерна организација“. (С. Радев, Рани спомени.., 256). Во нашата историска наука е прифатено дека се одржало советување.

149 Учествувале: Христо Татарчев, Даме Груев, Пере Тошев, Алексо Хаџи Панов, Глигор Попев, Анастас Лозанчев и Петар Поп Арсов (Христо Татарчев, Спомени отъ миналото, Сб. „Илинденъ“ 1903–1922, София, 1922, 15).

150 Хр. Татарчев, Спомени отъ миналото.., 15.

151 Анастас Лозанчев го оспорува учеството на Тошев на Собранието во Ресен. Лозанчев: „Во 1894 година, на 15 август, беше осветувањето на црквата во Ресен. Отидов со фотографскиот апарат. Во Ресен бевме: д-р Христо Татарчев, Д. Груев, Трајко Доровски, Александар Панов, Григор Попев и др. Пере Тошев тогаш не беше“. (Спомени на Анастасъ Лозанчевъ, писани от същия (ракопис во ИНИ, АО, Сл. 68).

152 Црквата била изградена со средства не само од населението во Ресен и Ресенско, туку и со пари од еснафите, трговци и занаетчии, учители и др., од Битола, Прилеп, Крушево, Охрид, Струга. Дарувале и жени. (С. Радев, Рани спомени.., 254).

153 Симеон Радев: „Ниту во Ресен, кога се основала Организацијата, ниту по моето враќање во Цариград, јас не слушнав ништо за нејзиното постоење“. (С. Радев, Рани Спомени, 257).

со својата активност се пројавиле уште и: ѓаконот Тома Николов и учителите Христо Чамков и Антон Кецкаров.[154] Тошев посебно работел на придобивање за вклучување во Организацијата на учениците од Гимназијата и од неделното училиште во градот.[155] Тој, како и Делчев и Груев, најмногу сметал на поддршката од училишната младина.[156]

Тошев го изменил односот кон Ѓорче Петров и се застапил за негово прифаќање, по што и тој бил примен во Организацијата.[157] Анастас Лозанчев тврди дека Ѓорче бил примен во Организацијата во 1895 година[158] и дека со неговото влегување револуционерната дејност на Организацијата се интензивирала и се проширила.[159] Тошев го запознал Ѓорчета со Дамјан Груев кога тој доаѓал во Битола, по што следела нивната соработка во развивањето на дејноста на Револуционерната организација.[160]

Комитетот во Битола, раководен од Тошев, усвоил шифра за кореспонденција со Централниот комитет во Солун.[161] Биле определени и псевдонимите: Левтер – Тошев, Марко – Ѓорче Петров.[162] Со должноста Претседател на Комитетот, Тошев одржувал врски со Даме Груев во Солун. Груев, во својство на

---

154 Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 65.

155 Препорачувани од Антон Кецкаров. (Ил. Илинденъ, 2, София, 1940, 2.)

156 Никола Петров Русински, Спомени, Скопје, 1997, 89.

157 Ѓорче наведува дека во револуционерниот кружок од Тошев влегол по еден месец од неговото формирање. Ѓорче: „Во тој кружок по еден месец јас формално влегов како член, а во бргу време друштвото влезе во контакт со Груев“ (Спомени на Ѓорче.., 21). Но, Анастас Лозанчев тоа го оспорува. Лозанчев: „Ѓорче влезе во Организацијата по две години“. (Ан. Лозанчев, Спомени на някои активни дейци.., 484).

158 Лозанчев: „Во 1895 година со апаратот (фотографски) бев во Прилеп и во Кичево. ... Истата година во Организацијата влезе и Ѓорче Петров кој дотогаш беше информиран за сè, но се држеше настрана. Тој знаеше сè затоа што живееше со Пере Тошев во една соба, а јас го посетував Перета најмалку по трипати на ден“. (Спомени отъ А, Лозанчевъ.., 6).

159 Лозанчев: „Тој (Ѓорче) беше добар агитатор“. (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 6).

160 „Првите случајни средби на Ѓорче Петров и Даме Груев станаа во Битола, Ѓорче беше инспектор во тоа време, а Даме млад учител (еден од најмладите во Вилаетот). Може да се претпоставува дека ги запознал нивниот заеднички пријател Пере Тошев. Нивното површно познанство се продлабочи и, сосема природно, прерасна во пријателство... Тоа продлабочување на нивното пријателство стана во Солун, каде што дејствуваше малку време заедно револуционерната четворка, пред нивната разделба во името на идеалите и пред нивното заминување на разни одговорни револуционерни должности во Македонија под турска власт и надвор од неа. Ѓорче и Гоце се сместија во Софија, како задгранични претставници на Централниот комитет, каде што изиграа незаменлива улога во одбраната на самостојноста на Македонското ослободително движење. Пере и Даме останаа во Македонија. Затоа Ѓорче ги нарекува одредено: „внатрешни водачи: Даме, Пере“. (Душан Константинов, Ѓорче Петров и Даме Груев, Зб. Даме Груев.., 1981, 179; Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, 23).

161 Попев: „Воведовме шифра, откако за основа ја зедовме изреката: „Чудниот Стамболов лета“ (Б. Мирчев, Спомени на Григор Стефанов Попев.., 105).

162 Спомени на Ѓорче.., 25.

секретар на ЦК; на Тошев во Битола му го испратил краткиот Устав (Правилник) на Организацијата.[163]

Окружниот комитет, под раководство на Тошев, ја засилил дејноста. Во Организацијата растел бројот на членовите во Битола (од редот на сите социјални слоеви: интелектуалци, ситни трговци, занаетчии) посветувани од Тошев и другите членови на окружното раководство. Организацијата се ширела и во селата. Членовите биле организирани во месни групи, раководени од десетари.[164] Притоа, таму откривале и самоорганизирани месни организации со вооружени групи, кои преземале акции за казнување на разбојниците што го ограбувале населението. Нив веднаш колективно ги посветувале и ги вклучувале во Револуционерната организација.[165] Во 1895 година, Организацијата била проширена во целиот Битолски вилает. Во градовите, во поглавните центри и во повеќе села, имало комитети.[166] Окружниот комитет бил во постојана врска со Централниот комитет на Организацијата во Солун.[167]

За ширење на револуционерната дејност, Окружниот комитет во Битола започнал да го издава хектографираниот нелегален револуционерен весник „На оружје“.[168] На подготвувањето на весникот учествувале и ученици од погорните класови, „заколнати од Пере Тошев“, организирани во кружок.[169] Ѓорче Петров бил редактор на весникот,[170] орган на Окружната организација.

163 Ѓорче: „Тогаш (1894 год.) Даме прави краток проект за устав (правилник) и го распраќа како проект само на најблиски – во Битола само на Перета. Го прегледав и јас. Овој проект не се прифати“. (Спомени на Ѓорче.., 25).

164 Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 6.

165 Ѓорче: „Христо Самарџиев од Битола... овие работи тој со своите другари одамна ги вршел. Ми откри оти тој со уште 18 другари имал по селата другари, та ноќно време излегувале со оружје и кај што имало нешто како разбојник, пакосник на народот „ќе го суределе“, а утрината пак мирни луѓе си работат на занаетот. Ова нè зачуди. Оваа самобитна компанија-организација веднаш влезе во нашата, 48 души. ... Подобна компанија подоцна откривме и во други села во полето“. (Спомени на Ѓорче.., 24).

166 Лозанчев: Во 1895 година, во сите градови и во поглавните центри, како и во поголем број села, имаше раководни тела, со кои главниот центар беше во постојана врска. Се користеа разни шифри, понекогаш со шифра и со симпатично мастило“. (Спомени от А. Лозанчев., 6).

167 Лозанчев: „Бевме во постојана врска со Централниот к-т во Солун“. (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 6).

168 Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 6. За излегувањето на весникот и неговата содржина види уште и: Михајло Миноски, Револуционерниот весник „На оружје!“ Прилог кон датирањето на излегувањето и содржината на весникот, Гласник на ИНИ, 1, Скопје,1979, 167–176.

169 Петар Аврамовски, ВМРО и Илинденското востание во ракописните спомени на даскалот Сандре Кузманов-Дејкоски-Кузманоски, Зб. Илинденскиот период во југозападна Македонија, Струга, 1989, 161–169; Професијата учител и нејзиното значење за македонското револуционерно ослободително дело (врз примерите на Охридско-струшкиот регион), Сто години Илинден 1903–2003,Скопје, 2005, 242.

170 Љ. Лапе, Животниот пат и делото., 65.

Членовите на Комитетот преземале повремени обиколки, ја надгледувале и ја помагале активноста на месните револуционерни комитети и на организираните групи, на кои им ги давале потребните инструкции. Тошев, како и Дамјан Груев и Ѓорче Петров, дејствувал за спречување на негативните појави со внесување на личните интереси во време на изборите за преземање или за влијание во општинските управи, за да се зачува чистотата на револуционерното дело.[171]

Уште тогаш, во ноември 1894 год., Тошев, според сведочењето на Ѓорче Петров,[172] се застапувал за вооружување,[173] а со време, со материјално зајакнување, Организацијата и самата да произведува бомби за борба за ослободување од власта на османлиската држава.[174] Следната година и Централниот комитет зазел таков став, по што Дамјан Груев заминал во Белгија со таква задача.[175]

Во Битолскиот револуционерен округ, во таа рана фаза, главната грижа на Окружниот комитет, раководен од Тошев, била да се набавува лично оружје: револвери и пушки.[176] Први пушки биле пушките произведувани во Дебар – „дебранки", и во Тетово – „тетовки".[177] Во есента на 1894 година, Тошев му предлагал на членот на ЦК Иван Хаџи Николов, при нивната средба во Битола, да се испрати член на Организацијата во Европа да научи како се произведуваат бомби, оружје со коешто се сметало дека ќе се постигне поголем ефект.[178]

---

[171] Да не се допушти изборите за општинските избори да добиваат карактер на партиски борби, „да се искоренуваат чисто партиските елементи во делото". (Ст. Германов, Отношенията на ВМОРО с Българската егзархия, Национално-освободителното движение в Македония..,99; Материали за историята на освободителното движение в Македонија, V, 25, 27).

[172] Петров (пренесено од Шалдев): „Во ноември 1894 година заминав за Битола и тука се сретнав со П. Тошев, Ан. Лозанчев и Г. Попев. Вечерта говоревме долго за Револуционерната организација. Во тој разговор Пере доста нѐ насмеа. Кога зборувавме за вооружување, за пушки, тој рече: „Нема потреба од пушки, доста ни се само бомбите.... Само со бомби ќе ја уништиме Турција!" (Хр. Шалдевъ, Изъ записките на Ив. Николовъ, (ракопис), Архив на ИНИ (Сл. IV/317, 81).

[173] Лозанчев: „Почнавме со купување револвери и пушки. ... Секој новопримен член беше задолжен да се вооружи, најмалку со револвер". (Спомени отъ А. Лознчевъ.., 6).

[174] Ѓорче: „Си спомнувам за една желба на Перета со свои средства да испратиме еден во Европа да го изучел бомбаџилакот, та со него да ја собориме Турција". (Спомени на Гьорчо Петровъ.., 14).

[175] Ѓорче: „Во 1895 година Даме беше доаѓал во Софија. Беше испратен од ЦК во Белгија таму да ја изучи од студентите вештината за борба со динамит. На враќање намина во Софија. Се сретнува со Врховниот комитет, под претседателство на генерал Николаев. Даме отишол при генералот и без церемонии го прашал сосема интимно: „Е, господине генерале, како врви вашиот врховизам?" Тоа, речено небрежно и со танка иронија, му направило лош впечаток на генералот и тој оттогаш не можеше ладнокрвно да си спомни за тој „гаменот" – Груев". (Спомени на Ѓорче.., 39-40).

[176] Г. Тайчевъ, Градъ Прилепъ,..,225.

[177] Спомени на Горчо Петров.., 17.

[178] Хр. Шалдевъ, Изъ записките на Ив. Х. Николовъ, ракопис, (АО на ИНИ, Сл.IV. 317), 81; Спомени на Гъорчо Петровъ, София,1927, 14.

Егзархијата во Цариград и егзархистите во Солун се организирале да дејствуваат за парализирање на активностите на Револуционерната организација во Македонија. Групата ја сочинувале: Салџобалиев,[179] Васил К’нчов[180], Михаил Сарафов,[181] А. Тошев, Анастас Наумов, Н. Колушев, Иван Гарванов, сите Бугари по род, и др. Ним им се придружиле и неколкумина побогати Македонци, по род, трговци,[182] меѓу кои и Коне Самарџиев.[183] Се активирале да го проверат влијанието на Организацијата кај народот.[184] Коне Самарџиев бил задолжен да ја испита состојбата во внатрешноста на Македонија. Тој во летото на 1894 година поминал во повеќе краеви на Македонија: во Солунско, Битолско и во Скопско. Притоа, тој јавно агитирал кај населението против Организацијата.[185] По неговото враќање во Солун, известил за сериозноста на ситуацијата, дека младината била придобиена од Организацијата и вовлечена во револуционерното ослободителното дело, како и дека на тоа работеле „вагабонти“, но, и „сериозни“ луѓе: Матов (во Скопје) и Пере Тошев (во Битола).[186] За Тошев, егзархистите имале добро мислење.[187] Самарџиев бил убеден дека тој ќе бил со нив како „умни луѓе“.[188] Егзархистите решиле да ги придобијат „сериозните“ од Организацијата: Петар Тошев, Христо Матов и Ѓорче Петров, нив да ги употребат за да ги отстранат останатите раководни личности во ЦК и тие „да ја земат Организацијата во свои раце“.[189]

---

179 Началник на училишниот оддел на Егзархијата.

180 Главен инспектор на егзархиските училишта.

181 Директор на Егзархиската гимназија во Солун, поранешен бугарски министер.

182 Крсте Битоски, Активноста и улогата на „револуционерното братство во Македонската револуционерна организација, Историја, 2, Скопје, 1975, 63.

183 Од Прилеп.

184 Современикот Краичанец во својата Биографија пишува: „Во Солун беа се појавиле две струи: едната проповедаше ослободување со културно подигнување на народот; такви беа браќата Кондови, К. Самарџиев, книжарот К. Ќамилов и некои учители како Ив. Гарванов, Десковски и д-р Христович. Тие формираа едно Друштво за помагање на нашите сонародници во просветувањето. Другата фракција – на чело со д-р Татарчев, Хр. Матов, П. Тошев, Ив. Х. Николов, книжар – проповедаше револуција. Народот, кој беше жеден за слобода, не правеше разлика во средствата, оставаше да го завладеат и двете струи. Но, струјата за слобода со револуција напредуваше со гигантски чекори и правеше да го снема друштвото „Братство“. (Архив на МАНУ, ф. Љ. Лапе, К. XXVII, 1869–1942. Препис од Биографијата на Иван Краичанец, аптекар во Прилеп). Тогаш „Братството“ како такво не постоело, било формирано подоцна.

185 Во Костурско јавно повикувал: „Тие убави села ќе бидат упропастени, крепете ги црквите и училиштата. Бугарија има 200 000 штика и ќе ја ослободи Македонија“. (Спомени на Ѓорче.., 30).

186 Спомени на Ѓорче.., 30.

187 Ѓорче: „За Перета, за Матов и за мене имаа подобро мислење“. (Спомени на Ѓорче.., 30).

188 Спомени на Ѓорче.., 31.

189 Спомени на Ѓорче.., 31.

Егзархистите во Солун, во почетокот на 1895 година, стапиле во врска со Тошев и му предложиле да биде преместен од Битола во Солун. За тоа време, Ѓорче Петров веќе бил преместен во Солун и во март бил кооптиран во ЦК. Со Тошев се согласиле да заземат поумерен став спрема егзархистите. Договориле да посредуваат за помирување и за нивно влегување во Организацијата „на општи начела“.[190] Контактирањето со: Самарџиев, Наумов, Ганев, Гарванов и др., го презел Ѓорче Петров. Егзархистите барале подеднакво да бидат претставени во Централниот комитет, „како две страни“. Тоа прашање било поставено да го реши ЦК. Груев, Петров и Тошев се изјасниле сите тие да бидат примени во Организацијата.[191] Татарчев и Хаџи Николов не се согласувале. Сепак, им било предложено сите да влезат во Организацијата, а тие тоа го отфрлиле, останувајќи на своите барања за поделба на ЦК. Проблемот останал.[192]

Во февруари 1895 година, ОК во Прилеп организирал бунт на учениците во тамошната прогимназија, по што бил разрешен директорот Рајчев и заменет со Петар Поп Арсов, член на Централниот комитет на Организацијата.[193] По доаѓањето во Прилеп, го презел раководењето со Околискиот револуционерен комитет. Комитетот ја засилил дејноста за ширење на Организацијата,[194] посебно за обезбедување парични средства. Пари биле собирани со задолжување на имотно-добростоечките во градот, на кои за дадените пари им се издавал документ заверен со печат од Комитетот. Приливот на средства овозможил купување оружје, главно пушки. Во Прилеп, Комитетот започнал да го издава и хектографираниот револуционерен весник „Бунтовник“ или „Борец“.[195]

Токму тогаш кога месната организација во Прилеп ја развивала конспиративната организациска дејност, го претрпела првиот посериозен удар со таканаречената „Дреновска афера“.

190 Ѓорче: „Со Перета се согласивме оти треба да се обидеме да се мавне она партизанство како остаток од бившите борби. Ние веќе подозиравме оти егзархиските луѓе сакаат да го земат Делото во свои раце. При сè тоа, примивме да посредуваме да се отстранат партизанските противречја, сите да се примат во Организацијата на општи начела. Со Перета бевме на мнение оти некои работи треба да се изгладат, оти треба вратите на Организацијата да се отворат и за Самарџиевата партија“... (Спомени на Ѓорче.., 31).

191 Ѓорче: „Даме, јас и Пере Тошев искрено го сакавме тоа за да се ослободиме од ова прашање“. (Спомени на Ѓорче.., 37).

192 Спомени на Ѓорче.., 37.

193 Хр. Шалдевъ, Градъ Прилепъ за своите училища (ракопис), 15–16 (ДАРМ, М. XX/230).

194 Во почетокот на септември во Прилеп бил посветен во организацијата со давање заклетва учителот од Крушево Киро Јанков. Тој потоа во Крушево посветил повеќемина крушевчани кои ги „покрстил“ во месноста „Ајдутска корија“, на 14 септември, на денот Крстовден и формирал револуционерна група“ (Илюстрация Илинденъ, год. 5, кн. 9–10 (49-50), София, 1933, 13).

195 Г. Тачев, Градъ Прилеп ъ.., 226

Во март 1895 година, во Прилепско дошла од Бугарија мала вооружена чета предводена од стариот прилепски војвода (од 1883 год.) Димо, викан Дедото, испратена од тукушто создадениот Македонски комитет во Софија.

Софискиот комитет објавил дека ќе дејствува за „автономија на Македонија“ и веднаш започнал со организирање чети за изведување оружени акции во Македонија, во времето кога Револуционерната организација во Македонија се наоѓала во почетната фаза на градењето организациона мрежа, за да спречи таа да се издигне во предводник на борбата како независен национален политички репрезент на Македонија. Со изведувањето од Бугарија оружени акции во Македонија, се планирало да се постигнат програмираните цели на бугарската државна политика: 1) на оружените акции да им се даде карактер на бунтови, да се предизвикаат османлиските власти на жесток терор, на масовни апсења и насилства и така да ѝ се задаваат удари на Организацијата за деморализирање на населението и тоа да се надева и да очекува ослободување од Бугарија, и 2) да им се испрати порака на факторите и на јавноста на Балканот и во Европа дека мирот во Македонија зависи од Бугарија, дека бунтовите се организираат и се раководат од Софискиот комитет.

Војводата Димо Дедото, веднаш по пристигнувањето со четата, воспоставил врски во Прилеп со членовите на месната револуционерна организација,[196] од кои барал снабдување со храна и муниција, како и содејство за преземање акции.[197] Известил дека четата пристигнала за извршување терористичка акција, да го ликвидира Расим-бег, кој го тероризирал населението во прилепските села. Во Прилеп и во Прилепско, Дедото бил познат по добро, од пред нешто повеќе од една деценија, од времето кога предводел прилепска чета, па затоа и бил прифатен. За доаѓањето на четата знаел и Пере Тошев.[198] Четата поминала низ селата: Небрегово, Присад, Дупјачани, Дреново. Меѓутоа, место Расим-бег, во реонот на с. Дреново бил убиен Турчин[199] од локалната власт. Веднаш по убиството, пред пристигнувањето на потерата од Прилеп, четата заминала од Прилепско и се вратила назад во Бугарија.[200]

---

196 Прилепчаните: Јордан Гавазов, Панто Карамбулов, Тоде Јарамбулов, ѓакон Константин, Диме Палавранов и др.

197 Г. Трайчевъ, Град Прилепъ.., 223.

198 Трајчев пишува дека Тошев и неколкумина негови соученици се поврзале со Димовата чета. (Љубен Лапе, Животот и делото на Пере Тошев, Скопје, 1972 (пристапно предавање во МАНУ), 3.

199 К. Битоски, Местото на Прилепскиот револуционерен реон.., 50; Д. Димески, Македонското националноослободително движење.., 185.

200 Г. Трайчев, Град Прилепъ.., 223;Д. Димески, Аферите во Битолскиот вилает, 1895–1903, Скопје, 1993,12–15.

Властите спровеле истрага и биле извршени масовни апсења во прилепските села, што каде се движела четата, и во градот Прилеп.[201] Притоа биле апсени тие кои биле во врска со четата. Така била предизвикана „Дреновската афера“, со којашто ѝ бил зададен удар на Организацијата и за подолго време било запрено организирањето на селата.

Уапсените биле затворени во затворот во Прилеп. Подоцна, околу 50 од затворените, врзани „со синџири за врат“, од Прилеп биле спроведени во вилаетскиот затвор во Битола. По тој повод, во Прилеп и во Битола биле организирани јавни протести.[202]

Петар Тошев и другите кои стапиле во врска со четата не знаеле, ниту претпоставувале, дека четата дошла со сосема други намери – да го испита теренот за придобивање поддржувачи од месното население, а со тоа и можноста за доаѓање и на други чети од Софискиот комитет.

Во јули 1895 година, по добиената вест дека вооружени чети на Софискиот комитет навлегле во Македонија и извршиле напад на градот Мелник (во бугарскиот печат претставена како „Мелничко востание“), во Битола се состанал Окружниот комитет: Петар Тошев, Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Пешков и Глигор Попев.[203] Неупатени во заднината на изведената акција, со убедување дека акцијата била преземена за да се предизвика востание за ослободување на Македонија како што и била претставена во Бугарија, членовите на Комитетот, по предлог од Тошев, донесле решение во ист ден да се извршат атентати на валиите во Битола, во Скопје и во Солун.[204] За тоа бил известен ЦК во Солун. Акцијата сепак не била изведена.

Софискиот комитет, по мелничката акција, го испратил во Македонија офицерот Луков, еден од офицерите-учесници во акцијата, да испита дали и каков одглас имала таа. По пристигнувањето во Солун, се состанал со раководителите на ЦК на Организацијата – Христо Татарчев и Дамјан Груев. Не се спомнува за поединостите од разговорите, што упатува дека двајцата раководители на ЦК биле против преземената акции на нејзината организациона територија. Основа-

---

201 В–к. Право, София, 30 ма 1895, 3-4.

202 На затворените им се судело од почетокот на август до почетокот на септември обвинети за заговор и бунт, организирани од Комитетот во Бугарија, во Софија. На 2 септември, од 52 обвинети биле осудени 25 затвореници. Во отсуство, им било судено на припадниците на четата, сите осудени на казна смрт, а останатите 17 обвинети на временски казни од 3 години до доживотен затвор. Казните биле потврдени од Апелациониот суд во Битола. (Д. Димески, Македонското националноослободително движење.., 188–190).

203 Попев од Прилеп.

204 Спомени на Григор Ст. Попев, Спомени на някои активни дейци.., 499.

но може да се претпостави дека Луков во Солун добил информација за планираните атентати на Окружниот комитет во Битола. Тој од Солун отпатувал за Битола, каде што се состанал со претседателот на ОК Петар Тошев за да се информира за состојбите.[205] Тошев бил решително против акциите на Софискиот комитет со испраќање вооружени чети во Македонија, а за зачувување на самостојноста на Револуционерната организација и на оружената ослободителна борба.[206]

Набргу потоа, (во летото на) 1895 година, Тошев заминал во Солун, на советување со членовите на ЦК. Тогаш се сретнал и со Симеон Радев, кој на поминување се задржал во Солун при враќањето во Ресен. Нему му дал француско списание со шифрирано писмо, да го однесе и да го предаде во Битола.[207] Притоа, го посоветувал покрај француска литература, да чита и руска.[208] Во средината на август, Тошев бил во Солун. Таму се состанал со Дамјан Груев, а потоа двајцата се сретнале со Коста Кондов.[209] Според сведоштвото на Кондов, на 21 август, кога тој заминувал за Цариград, Тошев му предал две писма, едно за Васил К'нчов, раководител на училишниот оддел, и друго за Димитар Љапов,[210] потсекретар во Егзархијата.[211]

Окружниот комитет во Битола продолжил со засилена активност на мобилизирање нови револуционерни кадри. Од Битола, од тамошната Гимназија, со упорна работа на Тошев, произлегле многу млади револуционери.[212]

За извршување посебни задачи, во Битолскиот револуционерен округ биле организирани и терористички групи. Групата ја формирал Околискиот

---

205 Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация..,78; Ѓорче Петров, Спомени, кореспонденција.., 58.

206 Ангелов: „Тој (Пере) ја осудуваше четничката акција во 1895 година со преземањето на гр. Мелник од навлезените од Бугарија чети на Китанчев. Беше длабоко убеден дека слободата на Македонија треба да биде плод исклучиво на македонскиот народ и на една самостојна и независна револуционерна организација". (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените..,6).

207 С. Радев: „Во 1895 година летото за распустот се враќав пак во Ресен и се задржав во Солун ...Тогаш во Солун беше и Пере Тошев. Пред да заминам, ми даде еден каталог од „Bon Marché" (познат магазин во Париз), за да го предадам во Битола. Во него (подоцна разбрав) биле набодени со игла букви коишто собрани заедно претставувале шифрирано писмо". (С. Радев, Рани спомени, 257, 258).

208 Радев: „Тој ме праша што сакам да читам. Му одговорив:„француски критичари". Тој ми кажа: „учи и руски" и ми даде два тома литературни огледи од Скобачевски". (С. Радев, Рани спомени.., 258).

209 Од Прилеп.

210 Од Костур.

211 Кондов: „На 21 август, попладнето... Пере Тошев ми предаде едно писмо до Васил К'нчов – училиштен инспектор при Егзархијата, и друго писмо до егзархискиот потсекретар Димитар Љапов-Гурин". (Страници от миналото (Извлечение отъ дневника на Коста Кондовъ), Ил. Илинденъя, год. 2, бр. 3 (13), февруарий, София, 1929, 9).

212 Н. Киров Майски, Из спомените ми за Пере Тошев, Ил. Илинден, 1-2, София, 1933, 6–8.

револуционерен комитет во Прилеп, предводена од членот на комитет Јордан Поп Константинов.[213] По преземањето на раководењето со ОК од членот на ЦК Петар Поп Арсов (кој дошол за главен учител во тамошната гимназија во учебната 1895/1896 година), бројот на членовите на месната организација се зголемил на околу 300 души.[214] Од Прилеп, дејноста се ширела и во селата. Но, таму немало раководни центри за ширење на Организацијата. На тоа влијаеле и честите промени во составот на Комитетот со менување на учителите.

Окружниот комитет во Битола, раководен од Тошев, одржувал редовна писмена тајна (со хемиско мастило) кореспонденција со Централниот комитет во Солун. Комитетот користел, со своја шифрирана азбука, и псевдоними за личностите и населените места-градовите.[215] За поголемите градови во Битолскиот револуционерен округ биле утврдени и употребувани псевдонимите: за Битола – Ерусалим, за Солун – Св. Гора, за Прилеп – Чирпан, за Кичево – Плоешт, за Крушево–Краков, за Охрид – Белград и Женева, за Струга – Цирих, за Лерин – Горица, за Костур – Корзика. Петар – Пере Тошев за себе го зел псевдонимот Лефтер.[216]

Организираната група егзархисти во Солун, предводена од Константин-Коне Самарџиев,[217] продолжувала со пропагандното дејствување против Револуционерната организација.[218] Пропагирала ослободување на Македонија од Бугарија, со нејзината двестеилјадна војска.[219] Со таква цел и Софискиот комитет организирал, и во Македонија испраќал, агитатори и вооружени чети за извршување акции.

Организацијата не била и не можела да биде загрозена. Трите водечки личности во главните револуционерни центри: Груев во Солун, Пере Тошев во Битола и Гоце Делчев во Штип, имале сигурна контрола врз организационата територија и го оневозможувале инфилтрирањето во неа и ги спречувале обидите за тамошни опструкции.

---

213 Г. Трайчевъ, Град Прилепъ, София, 1925, 225.

214 К. Битоски, Местото на Прилепскиот револуционерен реон.., 55.

215 Спомени на Григор Стефанов Попев, Спомени на някои активни дейци.., 499.

216 Г. Тайчевъ, Градъ Прилепъ, 225.

217 Од Прилеп, кум на Димитар Мирчев.

218 Шопов во 1898 година известуваше во Софија: „Солунската интелигенција – учители и трговци – уште пред две години ќе го означат почетокот на втората Организација (во Македонија – ММ) чијашто главна цел е да се противстави на секоја опасност и на разните дејствувања од кого било во населението да всадува дух на самосознание и оживување. Главатари на таа организација се: Гарванов, Наумов – директор во Сер, Мирчев, Кусев, Тенчев и др. учители и трговци: Самарџиев-книжар, Кондови и др. трговци“. (А. Шопов Дневник, дипломатически рапорти.., 87).

219 Спомени на Гъорчо Петровъ.., 25–26.

Но, со засилувањето на акциите, Организацијата била доведена во положба да мора што побргу да го определи својот однос кон тие надворешни фактори и да ги преземе потребните мерки за заштита.[220] Тошев и Дамјан Груев зазеле став – за тоа да се договорат раководителите на проширен состанок или советување. На нивна иницијатива, во Солун се состанале раководителите на Организацијата и повиканите „посветени" учители за заземање став не само спрема Врховниот комитет, туку и кон Егзархијата[221], поради нејзиниот непријателски однос спрема Организацијата. На состанокот учествувале: Петар Тошев, Гоце Делчев и други раководители, како и Сава Михајлов, Христо Ников, Гоце Червениванов, Трајко Ѓогов, Ванчо Мицов и др.[222] На состанокот бил заземен единствен став: со одбрана на самостојноста, да се спречува мешањето во внатрешните работи на Организацијата.

Во август 1895 год., во Солун, се состанале четворица од водечките раководители на Револуционерната организација: Дамјан Груев, Петар Тошев, Гоце Делчев и Иван Хаџи Николов, за да ги разгледаат уште еднаш импликациите од акциите преземани во Македонија и да се утврдат конкретните мерки што требало да се преземат.[223] За да се избегне конфронтирање, договориле од Врховниот комитет да се бара спогодбено да се определат односите на двете организации: немешање во внатрешните работи, следствено Софискиот комитет да не презема вооружени или друг вид акции во Македонија и да не упатува свои агитатори на организационата територија на Организацијата; врските да

---

[220] Анонимниот Македонец (Петар Бошњаков): „Организацијата, имајќи револуционерна програма, е неумоливо непријателка и жестока пакосница на стремежите на Егзархијата. Затоа што таа нема за задача да создава „Велика Бугарија", за која војуваат сите пратени од Бугарија просветители на чело со егзархот, туку на рајата да ѝ даде политичка слобода. Да создаде почва за културен и економски напредок прогласувајќи 'самостојна македонска државичка на Балканскиот Полуостров'. Од последново се плашат и Егзархијата и официјална Бугарија". (Единъ Македонецъ, Българската пропаганда в Македония и Одринско, София, изд. Илия А. Весовъ, 1902, 9).

[221] Со мисија за спроведување на државната политика на Кнежеството спрема Македонија. „Сите чиновници на Егзархијата: началниците на училишниот оддел, секретарите, главните училишни инспектори се доведувани од Бугарија со панбугарски идеи. Добивале инструкции од бугарските 'државни' мажи и дејствувале во согласност со нив. ...Тие пратеници на бугарските влади се грижеле да го 'просветат' робот на начин што одговара на официјална Бугарија, што никако не е во согласност со интересите на Македонецот. ...Просто и чисто севернобугарскиот Језуитски ред, со задача да создава Бугари во Македонија. ... Егзархијата на чело со Н(еговото) блаженство Јосиф, се сили да ја уништи и задуши секоја револуционерна појава меѓу простата маса и нејзината интелигенција". (Единъ Македонецъ, Българската пропаганда в Македония.., 4). „Тоа таа го прави затоа што во лицето на Револуционерната организација зад Рила, со определена програма и план, гледа свој опасен непријател". (6).

[222] Страници отъ миналото (Извлечения отъ дневника на Коста Кондовъ), Ил. Илинден, 3 (3), София, 1929, 8; Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското революционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает, 1893–1903 година, Скопје, 2003, 166.

[223] К. Кондов, Гоце Делчев и другарите му, сб. Илинденъ (1903–1926), София, 1926, 142–143.

се одржуваат само со ополномоштени претставници. За крај, да се даде предупредување дека против сите кои неодобрено ќе влезат на организационата територија за преземање каква било акција или активност, Организацијата ќе примени крајни средства. Пред крајот на август документот, од името на Централниот комитет, му бил даден на Кондов да му го предаде на Софискиот.[224]

До почетокот на 1896 год., Револуционерната организација се проширила на поголемиот дел од територијата во Македонија, имала свои комитети во градските центри и во помалите населени места. Тогаш се јавила потребата од донесување нови акти за нејзината организација и за раководењето, како и за допрецизирање на долгорочната стратегија за револуционерно дејствување. Покрај тие внатрешни прашања, Организацијата се соочила и со опасностите од дејноста на пропагандите: грчката, српската и бугарската, кои го делеле народот и го спречувале нејзиното масовизирање и револуционерно дејствување.

Посебно загрижувало продолжувањето на Врховниот комитет од Софија со акциите што се преземале на организационата територија во Македонија и со стремежот да се наметне и на Организацијата како врховно раководство. Кондов бил задолжен да им ги претстави на Егзархијата и на Софискиот комитет[225] барањата договорени на Советувањето во Солун. Со писмо од Тошев тој заминал за Цариград, а потоа и во Софија.[226]

За да се спречи опонентската дејност на егзархистите во Солун, а во очекување дека и тие ќе можат да се придобијат за ослободителното дело, бил заземен став да се повикаат: Коне Самарџиев, Никола Наумов, Иван Гарванов, Христо Гонев и другите да не го попречуваат револуционерното ослободително дело и да влезат во Организацијата под условите определени во нејзините акти. Разговорите за тоа ги водел Пере Тошев.[227] Ѓорче Петров соопштува дека и тој бил вклучен за нивно придобивање и дека подготвил „јасен и определен последен предлог“ за нивно прифаќање во Организацијата. Тоа го посакувале и Даме Груев и Тошев.[228]

224 Страници отъ миналото (Извлечения отъ дневника на К. Кондовъ), Ил Илинденъ, 4/14, 3–4.

225 Од Софискиот комитет се барало да го помага револуционерното ослободително дело без да се меша во внатрешните работи на Организацијата, да не испраќа вооружени чети и поединци во Македонија (со предупредување дека спрема нив ќе се применат санкции според одредбите на нејзините акти), да прифаќа и да одржува врски само со нејзини ополномоштени претставници.

226 Спомени од миналото.., 8.

227 Ѓорче Петров, Спомени, Кореспонденција (вовед, коментар и редакција Љубен Лапе), Скопје, 1984, 72.

228 Ѓорче: „По решение на другарите од Централниот комитет, им направив јасен и определен последен предлог дека тие и нивните луѓе без разлика ќе се примаат во организацијата без приговор. Даме, Јас, Пере Тошев искрено го сакавме тоа за да се ослободиме од ова прашање“. (Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, 37).

Но, егзархистите не прифатиле, за да можат подоцна да поставуваат свои услови. Во 1896 година, Тошев пристигнал во Солун, за време на училишниот распуст за велигденските празнувања, за да учествува на Конгресот на Организацијата.

Со согласност од ЦК, ги продолжил контактите со егзархистите, со цел да повлијае за откажување од нивната дејност против Организацијата. Но, тие останале на својата позиција, по што остро ги прекинал натамошните контакти.[229] Во Солун, Тошев на 24 март (ст. с.) се сретнал и со Борис Сарафов, кој во градот пристигнал од Св. Гора без средства. Побарал и воспоставил врска за да бара пари од ЦК за враќање во Бугарија.[230]

## Солунскиот конгрес во 1896 година

Актуелните прашања и проблеми на Организацијата биле поставени за разгледување и решавање на Конгресот[231] одржан во Солун, во зградата на Машката гимназија,[232] во времето меѓу 17 и 24 март[233] 1896 год.[234] Во работата на Конгресот учествувале следниве членови на Централниот комитет: д-р Христо Татарчев, Дамјан Груев, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров, Христо Батанџиев и Ѓорче Петров, раководителите на Организацијата и претставниците од внатрешноста: Гоце Делчев – претставник од Штип, Пере Тошев – од Битола, Петар Поп Арсов – од Прилеп, Христо Матов – од Скопје, Кирил

[229] Ѓорче: „Тоа што не можеа (егзархистите) да го постигнат преку мене, се надеваат да го постигнат преку Перета. Пере дојде во распустот во 1896 година и со наша согласност и тој се зафати со таа улога, но и тој дојде до истиот безрезултатен крај, само уште со таа разлика што се раздели со нив остро, ги испцу“ (Спомени на Ѓорче.., 38).

[230] „Во Солун Сарафов ’гладува два дни’ додека да влезе во врска со членовите на ЦК: Петар (Пере) Тошев, Ѓорче Петров, Иван Хаџи Николов, и Гоце Делчев кои ’токму тогаш се собирале за нешто како конгресче“. (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 59).

[231] „Тајно собрание наречено основачки конгрес“ (Ю. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 6). Според Татарчев „основачки и законодавен конгрес“ (д-р Хр. Татарчев, Спомени, документи и материали, София, 1989, 56), што е во спротивност со неговото пишување дека конгрес (прв) се одржал во Ресен, во 1894 година. Според Ѓорче Петров, се одржал „еден вид конгрес“, односно „собрание“ (Материали за историята на македонското освободително движение, кн. 8, 1927, 49), а според Андон Димитров се одржал „собир“ (К. Пандев, Спомени на Андон Димитров, Известия на Института за история, политически партии, организации и управления в България, 1879–1944, 24, София, 1983, 274).

[232] Иванов: „Во истата гимназија во 1896 година заседаваше тајниот конгрес на ВМРО, којшто го изработи првиот устав на Организацијата“ (Ил. Ивановъ, Македонската Alma Mater.., 98).

[233] За време на училишниот распуст од Цветници до Велигден. Велигден бил на 24 март (Св. Елдъров, Развитието на национално-освободителното движение, 1896–1899 г. Национално-освободителното движение.., 109).

[234] Михајло Миноски, Внатрешната македонска револуционерна организација од основањето до Илинденското востание, Златна книга, Сто години ВМРО, Скопје, 1903, 37.

Прличев од – Воден, Велко Думев – од Велес, Вангел Калајчев – од Серез, Христо Поп Коцев – од Одрин[235] и други, на број 15–16 претставници.[236] Пере Тошев го претставувал Битолскиот револуционерен комитет.

Во расправата, на Конгресот била постиганата согласност за единство во дејствувањето во Македонија и во Одринско, како една Организација, со потенцирање на посебноста на Одринско.[237] По донесувањето на одлуката, тоа било внесено и во името на Организацијата, преименувана во Тајна македонско-одринска револуционерна организација. Потоа, територијата на Македонија била поделена на шест револуционерни окрузи: Солунски, Битолски, Скопски, Штипски,[238] Струмички, а Серски и Одринско еден округ. Така Организацијата, добила седум окрузи со Одринскиот.[239] Се воспоставувала тајна кореспонденција на Централниот со окружните комитети, со шифрирана азбука на ЦК.

При усвојувањето на структурираноста на раководењето со Организацијата, Тошев бил против централизација на Организацијата, за што се застапувал Дамјан Груев. Барал надлежност на окружните комитети во своите окрузи тие самите да донесуваат одлуки за прашањата од интерес и со важност за округот. Донесените одлуки да се потврдуваат со печат на Окружниот комитет, различен од тој на Централниот комитет.[240] Барањето не било прифатено. Тоа бил прв отворен судир за прашањето на централизацијата меѓу Дамјан Груев и Петар Тошев, кој се застапувал за демократизација на односите во Организацијата. На инсистирање на Дамјан Груев, мнозинството решило да се задржи постојната строга централизација на Организација.[241] Окружните комитети останувале целосно подвластени на Централниот комитет, а ним околиските комитети. Само Прилепскиот и Цариградскиот комитет добиле посебен статус, да можат директно да се обраќаат до ЦК. На Конгресот Петар Тошев и Петар Поп Арсов посебно се застапиле за донесување нов Устав и правилник на Организацијата.[242]

[235] Св. Елъдоров, Развитието на национално-освободителното движение.., 111.

[236] Спомени на Гьорчо Петровъ.., 49, 37. Според д-р Христо Татарчев, 11 учесници.

[237] Хр. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организация.., 42.

[238] Штипскиот округ бргу потоа бил укинат.

[239] М. Миноски, Внатрешната македонска револуционерна организација.., 37.

[240] Ѓ. Петров, Спомени, 18.

[241] Пресудно за тоа било инсистирањето на Дамјан Груев (Хр. Татарчев, Вътрешната македоно-одринска револционна организаци.., 42).

[242] Хр. Андонов Полјански, Гоце Делчев и неговото време.., 142.

За ширење на базата на Конгресот, било решено да се примаат во членство и патријаршисти, припадници на другите народности во Македонија, што било потврдено и во новите акти на Организацијата – Уставот и Правилникот. Разногласија се појавиле во врска со приемот на жени во организација. Сепак, била согледана неминовноста за прием и на жени. Тоа прашање било решено со новиот Устав, со којшто е предвиден прием во Организацијата без разлика на полот.[243] За приемот решавале месните комитети.

На Конгресот се расправало и за дејствувањето на опонентската егзархиска група во Солун. Тошев информирал за неуспешноста на разговорите со нејзиниот претставник Коне Самарџиев (исто така по потекло од Прилеп).[244] За да се избегне конфронтирање, Пере бил задолжен да ги продолжат контактите и за време на заседавањето на Конгресот за да се најде начин за нивно придобивање за Организацијата. Кога тие поставиле барање за раководни функции во Организацијата, за застапеност во окружните комитети и во самиот Централен комитет, Тошев ги прекинал контактите и за тоа известил соопштувајќи дека не можело со нив да се постигне согласност. Затоа било решено со нив, како организирана група, да се прекинат натамошните разговори. Им се оставало секој од нив индивидуално да се определува и да биде прифатен во Организацијата под условите утврдени со нејзините акти – Уставот и Правилникот.[245]

Важно прашање за кое се расправало било и прашањето за дејствувањето на грчката, српската и бугарската пропаганда во Македонија, следствено на организационата територија. Конгресот решил Организацијата да се бори за нивно елиминирање. Тоа и сите други решенија донесени на Конгресот станале уставни норми во новиот Устав, [246] доразработени во Правилникот на Организацијата.[247]

На Конгресот бил избран Централен комитет на Организацијата. Во ЦК „биле избрани: Пере Тошев, Даме Груев, Антон Димитров и Христо Татарчев“.[248]

---

243 Чл. 3 од Уставот.

244 Ѓ. Петров, Спомени-кореспонденција.., 84.

245 Спомени на Гьорчо Петровъ.., 51.

246 Устав на Тайната Македоно-одринска революционна организация. Уставот го изработиле Делчев и Ѓорче Петров.

247 Пасков пишува дека Правилникот го напишал капетанот Венедиктов, а дека Гоце Делчев и Ѓорче Петров во 1900 година напишале Правилник за околиските чети (Р. Пасков, Борис Сарафов .., 66, според Т. Петров-Б. Николов, Новооткриени правилници за четите на ВМРО, изработени пред 1901 год., Исторически преглед, 3, 71-84, София, 1988, 71–84).

248 Ели Ешкенази, Виден деятел (Рафаел Камхи) на македонското революционно движение, „Еврейски вести“, София, 30. IX 1963).

Конгресот решил да се основа посебен орган – Задгранично претставништво што ќе ја претставува Организацијата во странство. Притоа било определено како приоритетно Задгранично претставништво да има во Софија.[249] Задграничниот претставник, подоцна претставници, покрај претставувањето, биле должни да спречуваат активности и акции во Македонија на Врховниот комитет и на другите надворешни фактори, за одбрана на суреноста на Организацијата на организационата територија. За задграничен претставник бил избран Гоце Делчев, кој должноста ја презел пред крајот на годината.[250]

На Конгресот била реафирмирана крајната цел на револуционерното дејствување на Организацијата: со самостојна оружена борба да се избори автономија на Македонија, потврдена и со новиот Устав за „потполна автономија на Македонија и Одринско".[251]

По Конгресот, Тошев се вратил во Битола да раководи со организацијата во Битолскиот револуционерен округ. Во 1896 година повеќепати престојувал во Тиквешко, особено во селата Ваташа[252] и Фариш[253], за засилување на револуционерната дејност на тамошната организација. За тоа време, Битола претставувала прв револуционерен центар во внатрешноста на Македонија, пред Штип.[254]

Софискиот комитет и егзархистите во Цариград по Конгресот на Организацијата презеле активности и за предизвикување поделба меѓу водечките личности на Организацијата. Било испланирано предизвикување недоверба кај Пере Тошев и Ѓорче Петров спрема Дамјан Груев.

---

249 На конгресот биле избрани „за задгранични претставници Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Рафаел Камхи бил избран едногласно за врска меѓу ЦК и Задграничното претставништво" (Ели Ешкенази, Виден деятел на македонското революционно движение, в. „Еврейски вести", 30. IX 1963).

250 Полномошно: „ЦК го испраќа Ахил во Бугарија со задача да спречи секакво надворешно мешање во работите на Револуционерната организација во Македонија. Сите кои мислат и сакаат да се посветат да служат за извојување автономна слобода, нека повелат, вратите им се отворени" (Н. Зографовъ, Строежа.., 58).

251 Чл. 1 на Уставот на ТМОРО.

252 „Неговата мајка потекнувала од с. Ваташа, така што тоа било уште една причина (Тошев) почесто да наминува да ги посети своите роднини и пријатели (Петре Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до Балканските војни, Кавадарци, 1995, 49).

253 „Имал голем чифлик во месноста „Житољуб" кај селото Фариш, па секоја посета ја користел за средби и разговори со раководството на кавадаречката организација" (Петре Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата .., 49).

254 Со револуционерната дејност, Делчев и Груев за време на нивното учителствување, од Штип направиле „второ револуционерно гнездо во Македонија, по Битола со Пере Тошев" (Г. Тодоровски, Дамјан Груев.., Зб. Даме Груев.., 1981, 153).

Пробале да дејствуваат преку Ѓорче Петров. За да го придобијат за изолирање и за отстранување на Груев од Солун, Димитар Ризов и Андреј Љапчев во Софија му ветувале поддршка и соработка на Врховниот комитет.[255] Поддршка за тоа тој со Пере Тошев да го преземат оперативното раководење со Организацијата, под услов тие двајца да го прифатат врховенството на Софискиот комитет.[256] Ѓорче ги осуетил нивните намери.

Офицерите-учесници во Мелничката оружена акција од претходната година: Сарафов, Венедиктов и др. биле ангажирани за придобивање на Ѓорче Петров. Тие му ветувале, преку полицискиот функционер Морфов, помош од владата во Софија,[257] Организацијата да го добие оружјето што Врховниот комитет го очекувал од странство, но за тоа да не знае Дамјан Груев. Тоа го барале претседателот на ВК, генералот Николаев и членот на Комитетот Тома Карајовов.[258] Оружјето се давало за да се крене востание во Македонија.[259]

Пере Тошев, кој во тоа време бил во Битола,[260] бил повикан во Цариград.[261] Таму му било кажано за истото очекувано оружје од странство (англиски пушки)[262] и од него било побарано за тоа да не им се кажува на Груев и на Ѓорче. [263] На враќање во Македонија Ѓорче Петров во Цариград, неочекувано се сретнал

255 Ѓ. Петров, Спомени, кореспонденција.., 79.

256 Ѓорче: Од ВК се обидоа и агресивно да се мешаат во нашата Организација. Ризов, Карајовов, Николов, правејќи ми аванси и комплименти дека јас и Пере сме биле од сериозните луѓе на кои тие сметале и знаејќи дека во Солун игра важна улога Даме, во кој „гамен“ (хулиган) немале никаква доверба, ме наговараа да го снема Дамета од Солун, а јас и Пере Тошев, еден во Солун, еден во Битола, да работиме со нив. Но, јас (одбив). Пред да дојдам во Софија, во разговор веќе си проектиравме (јас, Даме, Пере и Делчев) да се распоредиме по провинцијата. Даме да појде во Серез, јас да останам во Солун, Пере во Битола, Делчев да остане во Штип.., за да не сме на куп, да се врши работата. Но, кога се вратив од Софија во Солун и кога ги расчистив горните работи решивме, токму за да ја докажеме својата солидарност, имено Даме да остане во Солун. Предвидовме дека ќе се прават обиди да нè растурат“. (Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, 44–45).

257 Под претседателство на д-р Константин Стоилов.

258 Македонец по род од Скопје.

259 Ѓорче: „Јас пристигнав во Софија и се сретнав со Љапчев и Ризов за општи разговори; со генералот Николаев и со Карајовев за специјалната работа за пушките. Ми соопштија дека од Англија имало предлог на ВК да му пуштат големи пари и пушки колку што се потребни за Македонија, дека 3 000 од овие пушки биле веќе натоварени на параход којшто веќе впловил во Средоземното Море како прв обид да се растовари од ова оружје во Македонија. Нивниот услов бил што сакале во Македонија скорашно востание“ (Спомени на Ѓорче..,41–42).

260 Спомени на Ѓорче Петров.., 41.

261 Ѓ. Петров, Спомени-кореспонденција.., 76.

262 Св. Елдъров, Развитието на националноосвободителното движение.., 162-163.

263 Ѓорче: „Тука, во Софија строго ми се забрануваше од Карајовев и генералот (Николаев) да му ја кажам оваа тајна на Груев, а пак на Перета во Цариград К’нчов му забранувал да ми ја соопшти оваа тајна мене“. (Спомени на Ѓорче.., 42).

со Тошев и при тоа заемно се информирале во врска со ветуваното оружје.[264] Тогаш тие сфатиле дека биле манипулирани[265] во исто време од трите бугарски фактори: владата, Врховниот комитет и Егзархијата, со ветуваното оружје.[266] Откако тоа го дознал Тошев, го предупредил К'нчов дека тој ќе биде одговорен ако се потврди дека се работело за манипулирање.[267] Тоа бргу се потврдило – оружје не пристигнало.[268]

Софискиот комитет продолжил да работи на предизвикување поделби во Централниот комитет и на разбивање на единството на водечките личности на Организацијата, бескомпромисни во заштитата на нејзината самостојност и независноста. Во Македонија дошол потполковникот Јанков, со задача да ги придобие Дамјан Груев во Солун и Петар Тошев (во Битола), тие да се застапат Централниот комитет да се согласи на соработка со Врховниот комитет.[269] Ѓорче Петров, кој претходно бил запознат, се согласил.[270] Но, само за тоа Врховниот комитет да му ги претстави на ЦК условите за договор за соработка. Потполковникот Анастас Јанков[271] добил задача посебно да се сретне и со Пере Тошев, во очекување дека ќе го придобие. Во Солун, Јанков го претставил предлогот за договор меѓу ВК и ЦК во „десетина точки".[272] Претставените услови за соработка биле разгледани од Даме Груев, Гоце Делчев, Петар Тошев и Ѓорче Петров, по што предложениот договор го отфрлиле како неприфатлив.[273]

По неуспехот во Солун во разговорите со Груев и Татарчев да ги придобие ЦК да се стави под раководство на Врховниот комитет, Јанков отпатувал во Битола, на средба со Тошев. Го добил истиот одговор. Разговорите со ВК биле прекинати.[274]

---

[264] Ѓорче: „Се вратив преку Цариград. Овде сосема неочекувано во хотелот се сретнав со Перета Тошев. Тој не знаеше зошто јас сум бил во Софија. И јас не знаев зошто дошол во Цариград. Брзо се пофаливме еден другему и веднаш разбравме дека од еден ист извор сме биле канети" (Спомени на Ѓорче.., 42).

[265] Ѓорче: „Обајцата останавме со впечатокот оти сме жртви на некаква мистификација" (Спомени на Ѓорче.. ,43).

[266] Ѓ. Петров, Спомени–кореспонденција..,77.

[267] Ѓорче: „Пере се раздели од К'нчев заканувајќи му се оти ако излезе оваа работа мистификација, ќе го држи одговорен поради оваа подигравка" (Спомени на Ѓорче.., 43).

[268] Ѓорче: „Параходот не се јави, пушки не видовме" (Спомени на Ѓорче.., 43).

[269] Отпатувал „Да ги убеди луѓето од ЦК – Даме и Пере Тошев (во Битола) ЦК да влезе во врска со ВК" (Спомени на Ѓорче Петров.., 67).

[270] Ѓорче: „Тогаш јас бев во Солун, но не се запознав со него, затоа што му дале упатство да не се состанува со мене, со Даме да биде внимателен, а Перета да го убеди" (Спомени на Ѓорче Петров.., 67).

[271] Македонец по род, од с. Загоричани, Костурско.

[272] Спомени на Ѓорче Петров.., 67.

[273] Ѓорче: „Јанков дојде со некакви десетина точки за договор. Предлозите ги дискутиравме, резултатот беше негативен" (Спомени на Ѓорче.., 67).

[274] Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна организаци., 79.

Во Битолскиот револуционерен округ, Пере Тошев со членовите на Окружниот комитет во Битола уште од почетокот на 1896 година бил ангажиран на обезбедување оружје (револвери, пушки, потоа и бомби)[275] за вооружување на припадниците на окружната организација. Оружје набавувано во Бугарија, било пренесувано преку тајниот канал на Организацијата, што водел до Штип. Оттаму во Битола го пренесувал курирот на Организацијата, штипјанецот Андон-Доне Стојанов Тошев,[276] кој по занимање бил кираџија. Пере Тошев се среќавал со Доне кога тој доаѓал во Битола.[277] Преку него биле добиени и првите бомби. Со растежот на Организацијата, и потребите за оружје, вклучително и бомби, се зголемувале.[278] Се размислувало за организирање сопствено производство бомби.

Снабдувањето на окружната организација со бомби било откриено во април 1896 година, непосредно по завршувањето на работата на Конгресот на Организацијата во Солун. На 19 април 1896 година, властите во Битола запleниле бомби пренесени од спомнатиот курир на Организацијата Доне Стојанов Тошев. По акцијата на полициските власти за откривање на мрежата на Организацијата во градот, членовите на Окружниот комитет Пере Тошев и Ѓорѓи Пешков веднаш се притаиле и го избегнале апсењето.[279] Затворениот Андон Тошев, со силна верба во светоста на дадената заклетва, ги поднесол најжестоките измачувања и ја зачувал тајна за Револуционерната организација. Неговото херојско држење народот го овековечил во револуционерната песна „Ми товарил Дончо три товари ориз“.[280]

Истата година биле преземени првите активности за тајно организирање сопствено производство на бомби во Македонија. Бомболеарници биле организирани во с. Дедино, Радовишко, во с. Горно Броди, Серско, а во Битолскиот револуционерен округ во Прилеп. Но, без особен успех поради немањето стручно познавање и практично искуство за нивно производство. Следната година Организацијата ги постигнала првите резултати во сопственото производство бомби. Делчев ја организирал бомболеарницата во Осоговската

275 Ѓ. Петров, Спомени-кореспонденција, 58–60.

276 Бомбите биле откриени при претресот на товарот во вреќите со ориз.

277 Г. Трайчевъ, Градъ Прилепъ, София, 1925, 228.

278 За набавка на бомби во Битолскиот окружен комитет се размислувало уште во 1894 год. Тоа прашање го поставил Пере Тошев (Ѓ. Петров, Спомени-кореспонденција..,58-60.

279 Спомени на Григор Ст. Попев.., 501

280 Д-р Душко Хр. Константинов-Здравко Божиновски, Тука е Македонија. Народни комитски песни, Скопје, 1969, 381; Љ. Лапе, историската вистина во песната „Ми товарил Дончо три товари ориз“, Историја, 1, 1971, 179-184.

Планина кај с. Сабљар, Ќустендилско, каде што биле произведувани бомби со различна големина, експлозивни рачни и разорни бомби (до 35 kg), како и гасни бомби.[281]

Во почетокот на 1897 година, Централниот комитет расправал за акутниот проблем и сакал да утврди мерки и средства за спречување активности и акции на Софискиот комитет[282] на организационата територија. По барање на Делчев, ЦК решил во Софија да се испрати уште еден претставник[283] за да дејствува за спречување на мешањето на тамошниот комитет во внатрешните работи на Револуционерната организација.[284]

Во Софија, кога се согледало дека не може да се влијае на Централниот комитет со директна комуникација, било решено да се користат личните познанства за влијание за отстранување на едни и поддржување на други од раководните личности. Така да се предизвикаат внатрешни поделби. За тоа бил задолжен Димитар Ризов, кој доаѓал на должноста бугарски трговски агент во Скопје истата година. Тој, веднаш по доаѓањето, се обидел да го искористи личното познанство со Пере Тошев за да го придобие и да се премести во Солун, на местото на Дамјан Груев. За Груев предлагал да биде преместен во Серез, а Ѓорче Петров да се отстрани од задграничен претставник во Софија со преместување на должноста во Одринско.[285] И таа акција за предизвикување недоверба и несогласувања меѓу водечките личности на Организацијата пропаднала.[286]

Потоа било решено на Организацијата да се атакува однатре, со создавање опонентска организација внатре во Македонија. Егзархистите во Солун, во почетокот на 1897 година, организирани од бугарскиот агент во Солун Атанас Шопов, основале номинално две бугарски братства. Едното – легално, било

281 За нешто повеќе од една година биле произведени 1000–1500 бомби (Св. Елдъров, Развитието на националноосвободителното движение.., 116–117).

282 Легалната политичка Македонско-одринска организација била создадена не за да дејствува за подобрување на положбата во Македонија, туку да работи за нејзино присоединување кон Бугарското кнежество за создавање Св. Стефанска Бугарија (Единъ Македонецъ, Българската пропаганда.., 28).

283 ЦК во март 1897 год., откако Груев откажал да ја прифати таа должност, го избрал Ѓорчета Петров, кој веднаш потоа заминал во Софија.

284 Н. Зографов, Строежа на живота, София, 1927, 58.

285 Ш. Петров, Спомени, кореспонденција.., 90.

286 Македонец: „Некогашниот доблестен борец за автономна Македонија, а сегашен пратеник со вонредна говорничка способност, Д. Ризов, всушност трговски агент во Скопје, безочно изјавил дека трошењето средства на раскош и луксуз е едно од средствата за остварување на неговата многу мачна и тешка цел. Вториот агент во Скопје, Пеев, по среќното пристигнување во градот, отишол кај тогашниот валија Хилми-паша и му изјавил дека е испратен од бугарската влада за да ги оневозможува комитите и, по можност, да ги уништи“ (Единъ Македонецъ, българската пропаганда в Македония.., 25).

основано во почетокот на годината, под раководство на Шопов и на секретарот Димитар Мирчев. Во март 1897 година, формирале тајно Бугарско револуционерно братство[287] за да дејствува внатре на организационата територија како филијала на софискиот Врховен комитет „за ослободување на Македонија".[288] Тоа била декларираната пропагандна цел. „Вистинските мотиви за основањето" биле да врши притисок и по наредби од егзархот и од бугарската влада,[289] Организацијата да се присили да се потчини на Врховниот комитет.[290] За да се постигне тоа, било договорено да се употребат сите средства за дејствување: усна и печатена пропаганда, терор, револуција. Основачи на Братството и потписници на неговиот Устав биле 11 члена. Во раководството влегле: Иван Гарванов (претседател), Димитар Мирчев, Неделко (Делчо) Колушев, Јосиф Кондов, Христо Тенчев, Анастас Наумов и Христо Ганов.[291] Негови членови биле уште и: Антон Стоилов,[292] Коне Самарџиев, Андреја Весов, Д. Апостолов,[293] Христо Тенчев.[294] Братството успеало да придобие групи малобројни приврзаници и во внатрешноста на Македонија: во Прилеп, Кавадарци, Велес и во Сер.[295]

Иван Хаџи Николов и Христо Татарчев, иако им било добро познато кому служат и каква крајна цел требало да остварат, „немале ништо против" двајца од раководството да влезат во ЦК, со услов да дадат заклетва. Но, тие барале

---

[287] Димитар Мирчев запишал дека биле формирани во исто време и дека тој бил во раководствата на двете братства. Мирчев: „Речиси истовремено со тоа Револуционерно братство беше формирано и друго, легално... Раководител беше А. Шопов, конзул во Солун, а јас – секретар" (Д. Мичев, Спомени, 80–81).

[288] Х. Николов: „Сите тие луѓе. Сите беа принципиелни противници на Револуционерната организација. Тие велеа дека целта на револуционерното братство била да ги обедини сите повоздржани елементи да работат на ослободување на Македонија" (Из записките на Иван Х. Николовъ, съобщава Хр. Шаледевъ (ракопис, ИНИ АО, Сл. IV 317).., 44).

[289] „Македонец": „Силата на македонското движење зад Рила ја плашеше владата на Стоилов, бидејќи знаеше дека раководителите на тоа движење при избувнувањето ропска јарост и борба на живот или смрт, нема да се обратат за помош до него, до бугарската воена сила, туку до мускулите на робот. Еднаш кога Револуционерната организација во турско, поставена врз здрава основа, македонскиот деец и робот ќе го презрат секое шовинистичко посегање на која и да е бугарска влада, нема да ја остават со своите нечисти раце да ја валкаат светоста на револуцијата. Стоиловата влада тоа го знаеше и ете зошто нејзиниот шеф си го напрегаше умот да најде средство со кое ќе спречи едно масовно движење во Македонија, да го обессили, а потоа да му се даде насока" (Единъ Македонецъ, Българската пропаганда.., 23).

[290] Братството да ја преземе Внатрешната организација и „организираната маса да биде потчинета на наредбите озгора – од Егзархот и бугарската влада" (Из записките на Ив. Х. Николовъ..., 53).

[291] Сборникъ Илинденъ 1903–1929, София, 1929, 9–12; Св. Елдъров, Развитието на националноосвободителното движение.., 123.

[292] Р. Пасков, Борис Сарафов.., 78.

[293] Д. Мирчев, Спомени, 80.

[294] Из записките на И. Х. Николовъ.., 53.

[295] Спомени на Ѓорче.., 38.

паритетна застапеност, што овие не прифатиле.[296] Потоа уште и ја засилиле борбата против ЦК. Проблемот со Братството останувал да се решава од ЦК.

Петар Тошев – целосно посветен на развитокот на Организацијата во Битолскиот револуционерен округ, во својство на претседател на Окружниот комитет, – одел во повремени посети на околиските и месните комитети за да го помогне нивното дејствување со инструкции и советодавни упатувања. Во почетокот на 1897 година престојувал во Прилеп,[297] каде што констатирал дека тамошниот ОК постигнал завидени успеси, посебно во редовното обезбедување пари за Организацијата, толку потребни за купување оружје и други борбени средства. По Прилеп, ги посетил и комитетите во Кичево[298] и Охрид, во мај 1897 година. Во Охрид, властите се посомневале и го уапсиле. Со поткуп бргу бил ослободен.[299]

Ја планирал и тактиката за водење борба против регуларната војска на османлиската држава во Македонија. Се залагал да се применуваат ненадејни напади со сите расположливи средства, за да им се нанесуваат загуби. Уште таа година предвидувал за време на востанието во борбите со војската да се употребат и отрови. Тоа требало да се изведе во Битола, следствено и во другите поголеми градови каде што биле сконцентрирани армиските сили. Непосредно пред нападот на касарните, планирал да се затруе доводот на водата и во исто време да се изведат борбени дејства за преземање на оружјето, вклучувајќи ги тука и топовите.[300] Извесно е дека тоа било со намена за храбрење, поткревање и одржување на борбениот дух во таа рана фаза од револуционерното дејствување. Тошев бил свесен дека масовизирањето на Организацијата и подигањето на слободарскиот дух можело да се постигне само со создавање вооружени сили. Од околиските и месни комитети барал посветено да работат на редовно

[296] Хаџи Николов: „И покрај таквите нивни намери, јас и д-рот немавме ништо против двајца од нив да влезат во ЦК за да се постигне помирување, но, откако како претходен услов од нив баравме да дадат заклетва за верност на статутите на Револуционерната организација, тие не сакаа да дадат“ (Из записките на Ив. Х. Николов.., 53).

[297] Г. Трайчевъ, Градъ Прилепъ., 226

[298] Церов: „Во 1897 година, Пере Тошев дојде во Кичево. Тој беше претседател на Комитетот (окружен) во Битола“ (Към борбите въ Югозападна Македония. Революционната борба въ Кичевско. Спомени на Л. Джеровъ и др.,София 1926, 8).

[299] Коцев: „Така беше постапил тој (кајмакамот во Охрид) и со П. Тошев. 2–3 месеци пред тоа: му зел една лира рушвет и го ослободил“ (Хр. Коцевъ, Страници изъ спомените ми, Пере Тошевъ, 43).

[300] Пере во разговор со членот на ОК Христо Коцев: „Кога ќе дојде денот за востанието, ќе се нареди да се фрли отров во водата од која пијат војниците и коњите во касарните и сите во ист час ќе пукаат, а вооружените момчиња од градот ќе ги нападнат касарните, ќе ги преземат и ќе станат господари на пушките, топовите и на целиот вилает“ (Хр. Коцевъ, Страници од спомените ми.., 38).

собирање средства за обезбедување пари за Организацијата за оружје заради формирање вооружени чети. Во средината на 1897 година, на негово застапување, биле формирани првите вооружени чети во Битолскиот револуционерен округ.[301] Тогаш во Кичевско била формирана четата предводена од војводата Дуко Тасев од с. Удово, Кичевско.[302] Летото била формирана чета предводена од Јордан Пиперката.[303] Како вооружена формација во округот, биле организирани и поранешните вооружени селани за заштита на селата-фарии. Со тоа окружната организација во Битолскиот округ раководена од Тошев станала не само масовна, туку и борбена сила со појавата и дејствувањето на вооружените чети и фариите.[304]

Бугарските фактори продолжувале со примената на најразлични начини и средства за ставање на Организацијата под контрола. Во летото на 1897 година, Иван Despiteончев допатувал во Солун, во својство на претставник на „офицерските братства“,[305] со членовите на ЦК да се договори за потребите на Организацијата и помошта што можеле тие да ја дадат. Тогаш Цончев се сретнал и разговарал со членовите на ЦК: Дамјан Груев, Пере Тошев, Ив. Хаџи Николов и Ѓорче Петров.[306]

Во почетокот на август 1897 година, Тошев во Битола се сретнал со Христо Коцев, кој дошол во градот на пат за Прилеп, Битола, Охрид, Струга,[307] со кого што разговарал за положбата на револуционерното дело. Тие двајцата и пред тоа, во првите 2–3 години од основањето на Организацијата, се состанувале и разменувале мисли за револуционерното дејствување. Уште тогаш, ентузијазирани, кроеле планови за водење на борбата за ослободување на Македонија.[308]

---

[301] Лука Џеров: „Уште во 1897 на година, летото, ја формиравме првата чета“ (Към борбите.., 7).

[302] Лука Џеров: „Пере Тошев беше учител во Битола. Помнам, тој многу настојуваше дека ни требаат чети“ (Към борбите във Югозападна Македония.., 7).

[303] Љ. Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., 109; Към борбите във Югозападна Македония.., 7.

[304] Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 65.

[305] Во 1897 година се зголемил бројот на членовите во братствата, организирани од Борис Сарафов: Георги Иванов (Марко Леринскиi), Христо Чернопеев, Васил Чочков, Михаил Попов (Попето), Филип Григоров, Александар Маринов, Никола Петров–Русински, Крсто Николов Тодоров (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 68).

[306] Р. Пасков, Борис Сарафов.., 68.

[307] Коцев: „Во почетокот на август – летната ваканција, заминав на прошетка во Прилеп, Битола, Охрид и Струга. Во Битола се видов со главниот раководител (на организацијата во Округот) П. Тошев, со кого се познававме уште од Скопје како учители“ (Хр. Коцев; Страници..,38).

[308] Коцев: „Си спомнувам за еден разговор што го имав со него во месноста „Кисела вода“ близу Битола. Сега се чудам колку сме биле наивни и зелени за револуција, колку со леснотија гледавме на таа тешка и сложена задача. Со детска верба тој ми говореше дека кога ќе дојде денот за востанието, ќе се нареди

Тошевата револуционерна и инструкторска дејност во 1897 година не била ограничена само на Битолскиот револуционерен округ. Тој посветено работел на јакнење на Организацијата и во другите окрузи. Лично се ангажирал за засилување на револуционерната дејност и за ширење на Организацијата во Тиквешко. Ги користел роднинските врски за престојување во с. Ваташа, родното село на неговата мајка, и во с. Фариш, во чијашто близина имал семеен имот, чифлик во месноста „Житољуб“.[309] Во есента на 1897 год. престојувал во Гевгелија[310] и Гевгелиско. Тогаш Пере Тошев и Аргир Манасиев обиколиле повеќе села во Гевгелиско[311] и во Мегленско: Смоквица, Сермени,[312] Конско,[313] Тушин, Лесково, Баровица (Баривци),[314] Гуменца,[315] градот Ениџе-Вардар.[316] Во сите тие места биле формирани месни комитети.[317] Во 1897 година престојувал во Гуменџиска околија.[318] Тошев бил во градот Гуменџе и ги обиколил

да се фрли отров во водата од која пијат војниците и коњите во касарните и сите во еден момент ќе испукаат, а вооружени момчиња од градот ќе ги нападнат касарните, ќе ги преземат и ќе станат господари на пушките, на топовите и на целиот вилает. Јас не само што му верував и со воодушевување и опиеност ги голтав неговите зборови, туку уште се воодушевував на тој генијален план за ослободување на Македонија. Се чудам и се крстам како Тошев, кој во нашите очи беше сериозен, речиси авторитет, бидејќи уште ако ученик во Пловдив учествувал, заедно со Љапчев и Ризов, во присоединувањето на јужна Бугарија со Кнежеството Бугарија и во војната против Србите истата година, како и тој беше наивен и лекомислен. Но, тоа беше во првите 2–3 години на револуционерниот период. Сите бевме неискусни.., ослободувањето на Македонија ни беше полесно од фрлањето на фесот од нашите глави и неговото заменување со капа“ (Хр. Коцевъ, Страници.., 38).

309 Петре Камчески, Револуционерното движење во Тиквешијата до Балканските војни, Кавадарци, 1995, 49.

310 Манасиев: „Во октомври 1897 година во Гевгелија, каде што бев на работа, пристигна Пере Тошев, кој тогаш беше окружен солунски училиштен инспектор“ (Б. Мирчев, Спомени на Аргир Манасиев за участието му в македонското революционно освободително движение до Илинденското въстание, Известия на Института за българска история, 7, София, 1957, 354).

311 Спомени на Аргир Манасиев, София, 1957, 354; Владо Картов, Гевгелија до Балканските војни, Скопје, 1966, 158–159.

312 Манасиев: „Отидовме во Сермени, каде што по покана на Пере Тошев свикавме општоселско собрание, на коешто беа покрстени тие кои не беа во Организацијата“ (Спомени на Аргир Манасиев.., 354).

313 С. Конско станало важно средиште каде што се вкрстувале тајните канали: од Кукуш, Серез, Драма; од Ениџевардарско, од Петрич, Струмица, Радовиш, од Ќустендил, Горна Џумаја, Кочани (П. Ванчев, Акционата дејност.., 109). Манасиев: „Заминавме од с. Конско. И таму организиравме собрание“ (Спомени на Аргир.., 354).

314 Петар Ванчев, Акционата дејност на Пере Тошев во северномегленските села и неговиот придонес за отворање на тајни канали на Организацијата, Прилеп и Прилепско 1893–1908, 107–108.

315 Манасиев: „Од с. Тушин (отидовме со Тошев) во Лесково, Боровица, Велика Боровица, Гуменџа“ (Спомени на Аргир.., 354).

316 Манасиев: „Јас се вратив (од Гуменџа) во Гевгелија, Пере продолжи за Ениџе Вардар“ (Спомени на Аргир.., 354).

317 Д-р Владо Картов, Сава Михајлов, Скопје, 1977, 44.

318 Тодор Симовски, Илинденското востание во Гуменџиска околија, Прилози за Илинден, II, 1978, Крушево, 1979, 246.

селата: Зорбатово, Куфалово, Коиниково и др.[319] Оттаму заминал во Солун.[320] По селата собраните селани колективно ги советувал, ги подготвувал за борба за ослободување од чифликсајбиите и од османлиската власт, од нив создавал „цврсти борци“ на Организацијата.[321] Тошев бил прviот член на Централниот комитет на Револуционерната организација кој извршил организациско-инструкторска обиколка на тој дел на Македонија.[322]

Во 1897 година во Битола било отворено Бугарско трговско агентство, со што се засилувала позицијата на бугарската пропаганда во Битолскиот вилает.[323] Се влошувале односите меѓу Организацијата и Егзархијата. За пелагониски митрополит бил назначен охридскиот митрополит Григориј, докажан противник на Организацијата. Окружниот комитет во Битола, раководен од Тошев, организирал отпор и протести. За тоа прашање во Солун се одржало советување. На Советувањето учествувал и Тошев. Проблемот се наметнал со активностите на егзархиските духовници против Организацијата. Тоа посебно се однесувало на црковните великодостојници – митрополитите, кои ѝ создавале сериозни проблеми на Организацијата со неприфаќањето или отпуштањето од учителската служба на припадниците на Организацијата, на нејзините раководни кадри.[324] И не само тоа. Тие им ги издавале на османлиските власти. Затоа се наложувало Организацијата да преземе казнени мерки. Посебно против битолскиот Григориј за кого биле претставени факти за неговите дела.[325] На застапување од Тошев, било решено да се примени заплашување, како предупредување.[326]

---

[319] Организационата мрежа во градот и селата била воспоставена во 1895 година од учители од Ениџе Вардар, припадници на Организацијата. До 1897 година биле организирани сите села во областа Долна Бојмија. Тогаш во областа веќе биле активни три организациони чети на војводите: Апостол Терзиев, Павле Кониковски и Ванчо Орџанов. Во 1897 год. во тој крај во обиколка бил Петар Тошев како „училиштен инспектор“, придружуван од Аргир Манасиев (Тодор Симовски, Илинденското востание во Гуменџиска околија, Прилози за Илинден, II, Скопје, 1979, 245).

[320] П. Ванчев, Акционата дејност.., 109.

[321] „Како народен агитатор меѓу чифлигарското население, тој ги обиколуваше селата и во блиски разговори им докажуваше на бедните чифлигари дека нивниот спас лежи во борбата против чифликсајбиите и власта. Тој ги спечалуваше за Организацијата и од нив правеше цврсти борци за општото народно ослободително дело“ (Пере Тошев, „Македонско дело“, 4, 10, мај 1927, 2).

[322] Манасиев: „Тоа беше првата обиколка на Гевгелиско и Ениџевардарско од член на ЦК“ (Спомени на Аргир.., 354).

[323] Д. Димески, Револуционерната дејност.., 101.

[324] На состанокот бил претставен податок дека биле отпуштени повеќе од 60 учители, меѓу кои и Дамјан Груев.

[325] В. Думевъ, Пере Тошевъ, Ил. Илинденъ, 6(76), 1936,2.

[326] В. Думевъ, Пере Тошевъ.., 3.

По Виничката провала во ноември 1897 година, кога османлиските власти повеле широка акција за разоткривање на организираната противдржавна дејност, по извршеното предавство,[327] станало извесно дека истрагата ќе се прошири и во Битола. Тошев веднаш ги задолжил сите раководители и членови кои можеле да бидат поврзани на кој било начин со случувањата,[328] да најдат засолништа до завршувањето на истрагата или да заминат надвор од земјата.[329] Така Организацијата во Битолскиот револуционерен округ била заштитена, а акцијата на властите се ограничила на Скопскиот револуционерен округ.

И во почетокот на 1898 год. егзархиските митрополити продолжувале да работат против Организацијата, со прогонување на учителите-револуционери. Особено жесток бил митрополитот во Битола, Григориј. Окружниот комитет одговорил со организирање отпор на граѓанството во Битола и во другите градови. Во Епархијата добивал и смртни закани, што уште повеќе го ожесточило.

Проблемот наложил да се договорат мерки што требало да се преземат за да се запрат штетите за Организацијата. Се состанал ЦК во Солун и на митрополитот му изрекол пресуда – смрт.[330] На состанокот учествувал и Петар Тошев. Бил против тоа смртната казна да добие карактер на одмазда.[331] На негово застапување, смртната казна била преиначена во условна смртна казна.[332] Бил прифатен неговиот предлог со ултимативно писмо од егзархот да се бара митрополитите да престанат со прогоните на учителите, сите отпуштени да бидат назначени, учителите да се назначуваат по список доставен од

[327] Извршено од Ѓорѓи Иванов од Виница и Сараф (Теодос Киров Минев) од Кочани. Казнување на предавниците побарал Делчев. На првиот му ја испратил книшката „Шпионот“, а потоа дал инструкции за нивно ликвидирање (ДАРМ, ф. Гоце Делчев, кореспонденција (1892–1902, 1946) писма до Никола Зографов, 7 март и 6 јуни 1899 год.).

[328] Тодор Станков: „Во Виница имаше провала. ... Битолскиот округ беше особено загрижен и презеде мерки навреме да го прекине патот на разоткривањето и се прекина. Им беше наредено на сите од Организацијата од Битолско кои на еден или на друг начин, директно или посредно, беа во врска со Брегалничкиот крај, навреме да се скријат и да избегаат надвор од Македонија. Пере беше претседател на Комитетот. Тој спокојно и пресретливо ми соопшти дека треба да преземам мерки да заминам преку граница“ (Т. Ст.(анков), Пере Тошев, Ил. Илинденъ, 5 (25), 1-2.

[329] Т. Станков: „Пере беше прав кога ме посоветува да заминам зад граница. И навистина, кон средината на јануари 1898 година, бев баран од властите во Прилеп и во Крушево. Но, јас веќе бев исчезнат, откако насекаде ги бев прекинал врските со училиштата документирано – „поради болест заминал да се лекува“ (Т. Станковъ, Пере Тошевъ, Ил. Илинденъ, 5(25), 2.

[330] Славко Димевски, Македонското националноослободително движење и Егзархијата (1893–1912), Скопје, 1963,35.

[331] Тој став подоцна, во 1900 год., бил вграден како одредба во Правилникот за околиските чети (Владо Камбовски, Изградбата на новото револуционерно кривично право во Илинденскиот период од борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување, Прилози за Илинден, 2, 371).

[332] Сл. Димевски, Македонското националноослободително движење.., 35.



Петар Тошев

Централниот комитет.[333] Не помалку штети нанесувал началникот на училишниот оддел на Егзархијата во Цариград, Васил К'нчов. За него било решено со заплашување да замине од позицијата во Егзархијата и да се врати во Бугарија. Одлуката била спроведена со извршен заплашувачки напад на улица во Цариград. Исплашен, поднесол оставка и заминал од Цариград.[334]

На служба во Битола, Тошев останал до крајот на учебната 1897/1898 година.[335] Егзархијата, раководена од политички интереси, решила да го премести во Солун. Со неговото преместување, како и со преместувањето на Христо Матов и Ѓорче Петров во Солун, Егзархијата сметала дека ќе издејствува соединување на ЦК со Бугарското тајно революционерно братство, предводено од Иван Гарванов, во чиешто создавање активно учествувала,[336] за обезбедување влијание во раководењето со Организацијата. Но, бргу се покажале погрешни очекувањата за поведението на Тошев и на Ѓорче Петров.

По завршувањето на учебната година 1897/1898 година, Тошев бил поставен за училиштен инспектор во егзархиските училишта во Солунскиот вилает. Актот за неговото назначување бил донесен на 13 септември 1898 година, со којшто се определувала неговата надлежност за училиштата во казите: Солунска, Кукушка, Дојранска, Гевгелиска, Лагадинска, Еницевардарска и Воденска.[337] Во тоа време тој веќе бил во Солун.

Во летото на 1898 година, Тошев веќе бил во Солун. По пристигнувањето во градот, како докажан раководител на Организацијата во Битолскиот револуционерен округ и член на ЦК, избран на Конгресот во 1896 година, го презел

333 Спомени на Д. Груевъ, 20. Веднаш потоа, Ѓорче Петров со таков список отпатувал во Цариград на средба со егзархот.

334 Сл. Димевски, Македонското националноослободително движење.., 35.

335 Светозар Тошев, По крвав път. Документарна повест за Пере Тошев, София, 1969, 70.

336 Христо Матов, Македонската революционна система, София, 2001, 11.

337 ДАРМ. Ф. Пелагонийска българска митрополия, К. (1898–99). Д. 2-б, е.е. 2, 105).

извршувањето на должноста[338] на Дамјан Груев во Централниот[339] комитет.[340] Летото извесно време Тошев бил во Софија, што се потврдува од писмото на Гоце Делчев до Никола Малешевски.[341]

Како училиштен инспектор, Петар Тошев можел слободно да патува во сите тие околии, вршел ревизија на револуционерните комитети во градовите и селата во вилаетот, давал инструкции за нивното дејствување и формирал комитети таму каде што дотогаш не биле формирани, дејствувал како „апостол-револуционер по селата и градовите во Солунскиот вилает“.[342] Во есента на 1898 година бил во ревизија на Воденската револуционерна околија, а потоа, придружуван од Аргир Манасиев, бил во ревизија во Гевгелиската и во другите околии. Таму Организацијата била позиционирана, а конспиративноста сигурна. Во повеќето села се одржале масовни општоселски собири, на коишто се агитирало.[343] Според Манасиев, тоа била „прва обиколка на Гевгелиско и Еницевардарско од член на Централниот комитет“ на Организацијата.[344] Во Солунскиот револуционерен округ веќе дејствувале вооружени чети кои извршувале агитаторско-организациони задачи.

Во 1898 година, во втората половина на јуни, Револуционерното братство во Солун со окружно писмо ги инструирало групите привrзаници во внатрешнос-

338 Бугарскиот трг. претставник во Солун Атанас Шопов известувал во Софија: „Членови на овдешниот (Централен – ММ) комитет сега се: д-р Татарчев – лекар, Иван Хаџи Николов – книжар и Григор Попев – комисионер. Во редот на директни раководители влегуваат и новоназначените во Солун учители Матов и Тошев“ (А. Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, София, 1995, 86, Шопов до д-р Константин Стоилов – министер-претседател, лично-доверливо, Солун, 26 септем. 1898).

339 Константин Пандев, Македонското националноосвободително движение в Македония и Тракия, 1878–1903, София, 1979, 137. Го пополнил местото во ЦК на Дамјан Груев, кој по наредба на полициските власти морал да замине од Солун во Битола.

340 Составот на ЦК се менувал. Во тоа време, членови на ЦК биле: д-р Христо Татарчев, Дамјан Груев (до неговото интернирање во Битола истата година), Иван Хаџи Николов, Андон Димитров, Григор Попев (на местото на Ѓорче Петров, кој претходната година заминал за задграничен претставник во Софија), и Христо Матов (кој станал член во исто време со Тошев). Матов за тоа пишува: „Во есента на 1898 година Хр. Матов заедно со Пере Тошев се вклучени како членови на Централниот комитет на ВМОРО во Солун. Во ЦК во тоа време беа д-р Христо Татарчев, Д. Груев, Ан. Димитров, Ив. Хаџи Николов и Григор Попев“ (Христо Матов, Македонската революционна система.., 11).

341 Гоце: „да ја пратиме (се однесува за Ана Малешевска, ќерката на Никола – ММ) со Пере Тошев, кој по три до четири дена ќе си замине... извади пасош па да ја пратиме со Перета (во Солун на школување во Солунската гимназија – ММ)“ (Гоце Делчев. Преписка. Редакција Хр. Андонов-Полјански, Скопје, 1972, 200).

342 „Со полна верба во успехот на револуционерното дело“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 6–7).

343 М. Пандевски учителското движење.., 28. Но, не во пролетта, туку летото истата година.

344 Б. Мирчев, Спомени на Аргир Наков Манасиев за участието му в македонското революционерно освободително движение до Илинденското въстание, Известия на Института по българска история, 1957, 354,

та на Македонија за непријателско дејствување против Организацијата. Кога за тоа разбрал Татарчев, го известил Иван Хаџи Николов. ЦК во состав: Иван Хаџи Николов, Христо Татарчев, Петар Тошев и Христо Матов,[345] не можел да се состане, затоа што Матов и Тошев не биле во Солун. Двајцата членови се нашле пред проблемот како да постапат, дали тие за ЦК да испратат окружно до комитетите на Организацијата со упатства како да постапат за да се спречи пакосното дејствување на привржаниците на Братството за предизвикување раздор. По направените согледувања, зазеле став да не се презема ништо, да се почека да се види како народот ќе се однесува спрема нив. Ако останел приврзан кон Организацијата, тогаш претстоело Револуционерното братство „да капитулира". Набргу потоа во Солун пристигнале другите двајца членови на ЦК, Петар Тошев и Христо Матов, и тие ја одобриле постапката на Хаџи Николов и д-р Христо Татарчев.[346] Тогаш биле добиени сведенија од внатрешноста дека акцијата на Братството останала без влијание. Братството имало „малкумина привржаници во Прилеп и во Кавадарци".[347]

Во ЦК била добиена информација дека осудениот предавник Иванов ќе пристигне во Солун на пат за Цариград. Веднаш се состанале Матов, Тошев и Хаџи Иванов за да договорат негова ликвидација. Трајче Христов,[348] кој ги извршувал атентатите по наредба од ЦК и кој го познавал Иванов, не бил во Солун. Останувало да се договори како да се искористи моментот, бидејќи требало брзо да се дејствува во моментот на неговото пристигнување во градот. Таа задача ја прифатил Матов, кој лично добро го познавал Иванов. Со тоа Тошев се согласил. Но, предавникот Иванов не дошол во Солун како што се очекувало.[349]

Петар Тошев во 1899 година извесно време бил во инструктивна обиколка на реоните во Битолскиот револуционерен округ. Бил и во Охридско и Преспанско.[350] По обиколката, се вратил во Солун.

---

345 Хаџи Николов: „Тогаш во Централниот комитет бевме останале само ние двајцата (со д-р Хр. Татарчев), Хр. Матов и Пере Тошев не беа во градот" (Из записките на Ив. Х. Николов..,43).

346 Хаџи Николов: „По малку време, дојдоа и другите членови на Централниот комитет, кои се согласија со нашето решение" (Из записките на Ив. Х. Николов.., 43).

347 Из записките на Ив. Х. Николов.., 43).

348 Од Велес.

349 Матов: „Штом слушнавме дека Ѓорѓи предавникот ќе помине низ Солун, веднаш побаравме терорист што го познава. Таков беше Трајче Христов од Велес. Тој ни помагаше нам во Солун, но токму тогаш не беше во градот, а време за одлагање немаше. Истата вечер требаше да се пресретне предавникот. Тогаш јас им реков на Пере Тошев и на Иван Х. Николов (бевме во книжарницата на последниот) дека се предлагам за тоа, иако немам искуство како нашите терористи.., друг кој го познава – нема. Јас имав одено кај него дома, одев со него во околината, и тој имаше доаѓано кај мене. ... Пере се согласи" (Хр. Матов за своята революционна дејност..,47–48).

350 Спомени отъ Анастасъ Лозанчевъ, писани отъ същия, ракопис (ИНИ, АО, Сл. IV 68), 5; Поправки, извадки, критики и размишления отъ А. Лозанчевъ, На „Спомените" на професоръ Милетичъ отъ

Во Солунската гимназија, Тошев ја контролирал и ја насочувал револуционерната дејност на организираните ученици во ученичкиот кружок и во ученичкото културно-просветното друштва. Во 1899 година го задолжил Никола Киров-Мајски, кој веќе имал опит со ученички кружок во Битола, да го преземе раководењето со ученичкиот револуционерен кружок во Солунската гимназија.[351] Учениците кои минувале низ ученичките револуционерни кружоци, биле и останале посветени на успехот на македонското ослободително дело. Во културно-просветното друштво се ширела револуционерната идеја преку усно пропагирање и револуционерна литература. [352]

Егзархистите во Солун се организирале за засилено активно дејствување против Организацијата. По инструкции од Цариград од Егзархијата, Бугарското революционерно братство во Солун,[353] раководено од Иван Гарванов, го проширило пропагандното дејствување во внатрешноста на Македонија за придобивање приврзаници. Со таква задача професорот Наумов од Солун бил преместен во Педагошкото училиште во Сер.[354]

По директиви од Софија и инструкции од Цариград (од егзархот), Братството преминало во акција да го преземе Централниот комитет, потоа за да ѝ се потчини Организацијата на Врховниот комитет во Софија, следствено на бугарската влада. Иван Хаџи Николов тврди дека прво била применета тактика за ненасилно преземање на ЦК. Тоа да се постигнело по компромитирањето „со клевети и лаги" негово и на Татарчев кои, како лица со самостојни професии, не зависеле од Егзархијата за да се отстранат и нивните места тие да ги преземат. Потоа другите двајца членови на ЦК, Петар Тошев и Христо Матов, кои биле на егзархиска служба, Егзархијата со преместување требало да ги

войводи и други дейци и като на разни издания които третиратъ въпроси на В.М. Р.О, ракопис (ИНИ АО), 16.

351 Мајски: „Во 1899 година бев иницијатор и раководител на ученичкиот штрајк, познат како бунт во Битолската гимназија и бев исклучен. Заминав да се школувам во Солун. Таму, по препорака на Пере Тошев, кој тогаш заземаше официјална должност – инспектор на бугарските училишта во Солунскиот вилает, а фактички беше апостол на револуцијата во тој вилает, ми беше наложено да предводам ученички револуционерен кружок и го раководев до завршувањето на гимназијата" (Н. К. Мајски, Спомени.., 5).

352 Мајски: „За да можам со успех да ширам усна и со книги пропагандата меѓу учениците и да им ги налагам решенијата одобрени од Тошев, кружокот беше под негова непосредна контрола, бев избран и за претседател на ученичкото културно-просветно друштво. ... Друштвото се здоби со богата оригинална и преведена револуционерна литература". (Н.К. Мајски, Спомени.., 5).

353 Ѓорче: Конечно оваа струја се оформи со устројување на Револуционерното братство" (Спомени на Ѓорче.., 38–39).

354 Сл. Димевски, Македонското националноослободително движење..,41.

отстрани од Солун за да дојдат други двајца членови на Братството на нивно место,[355] така да го преземат раководењето со Организацијата.

Кога тоа не се успеало, во август 1899 година Братството решило да ги убие: Матов, Груев, Иван Хаџи Николов и Петар Тошев.[356] Во Солун бил осуетен напад на Хаџи Николов.[357] За заштита, била активирана група од 6–7 припадници на Организацијата.[358] Димитар Мирчев самиот признава, во своите спомени, дека тогаш тој отпатувал во Битола за да го организира убиството на Дамјан Груев.[359] Христо Матов потврдува дека и тој бил меѓу членовите на ЦК за кои се планирало нивно убивање.[360] Гарванов „кажал дека самиот тој сакал да стрела на Пере, Х. Николов и Матов".[361] ЦК се воздржал да одговори на ист начин.[362]

Револуционерната организација се соочила со крајно непријателско дејствување на Бугарското револуционерно братство и на Егзархијата преку митрополитите во Македонија. Во август 1899 година во Солун се одржало Собрание на Организацијата со учество на членовите на ЦК: Татарчев, Пере Тошев, Хаџи Николов, Батанџиев и претставници од внатрешноста – 27 учесници[363] – да се разгледаат две акутни прашања:

355 Хаџи Николов: „Средствата им беа нечесни. Против нас, особено против д-р Татарчев и мене, се служеа со лаги и клевети. Тие беа против нас двајцата најнастроени, затоа што бевме независни, со слободни професии, да бидат заменети со двајца нивни луѓе, а останатите двајца членови на ЦК, Матов и Пере, како чиновници лесно ќе можат да бидат заменети со други, а потоа да го преземат ЦК и да го стават на услуга на официјална Бугарија" (Из записките на Иванъ Х. Николов.., 53).

356 К. Битоски, Дејноста и улогата на „Револуционерното братство".., 75; Сл. Димевски, Македонското националноослободително движење.., 41; Христо Матов, За своята революционна дейност, София, 1928, 16

357 Из записките на Ив. Хаџи Николов.., 54–55.

358 Хаџи Николов: „По неколку минути, дојдоа 6–7 наши момчиња" (Из записките на Ив. Х. Николов.., 53).

359 Мирчев: „За време на распустот во 1899 година, јас престојував во Битола. Тука требаше да го организирам убиството на еден од соучесниците (во убиството) на Хр. Ганов. ... Од друга страна, барав и подготвував убијци да го убијат Даме или А. Лозанчев, еден од најактивните луѓе во во Битола" (Д. Мирчев, Спомени, 90).

360 Матов: „По доаѓањето на Матов и П. Тошев, односите меѓу двете организации место да се изгладат, на што сметала Егзархијата, на дело се заостриле и се дошло дури и до некои терористички акции меѓу нив. Братството испланирало убиство на Д. Груев, Хр. Матов, П. Тошев и Иван Хаџи Николов. Такви дејства биле планирани и од страна на ВМОРО против раководителите на Братството" (Хр. Матов, Македонската ревлюуционна система.., 11).

361 „Македонско знаме", 29, 17 юний 1934, 2.

362 Матов за тоа пишува: „Ние (ЦК) имавме формална основа да ги убиеме сите членови на Братството, но тоа не го сторивме.

363 Основането на Четничкия институтъ. Изпращането списоци на Егзархията, Конгресътъ презъ 1899 година, Ил. Илинденъ, 6 (76), 8–9; Д. Димески, Македонското националноослободително движење.., 213.

1. Мерките кои требало да се преземат спрема Бугарската егзархија поради нејзиното јавно непријателско дејствување, посебно на нејзините митрополити во Битола, Струмица и во Серез;
2. Односот спрема Бугарското револуционерно братство во Солун,[364] кое се заканувало со убиства на членови на ЦК и да создаде паралелна опонентска организација во Македонија.

Во врска со првото прашање Собранието, по барање на претставниците на окружните организации во Битолскиот, Струмичкиот и Серскиот револуционерен округ, со гласање, им изрекло смртни казни на митрополитот битолски Григориј, на струмичкиот Герасим и на професорот Наумов во Серез. Членовите на ЦК биле против таквата крајна мерка. Пере Тошев во расправата предупредил на штетата за Организацијата од извршувањето смртна казна за високите црковни лица. Се застапил виновниците „да се предупредат и да се заплашат“.[365] Предложил од Егзархот ултимативно да се бара да го запре прогонувањето на учителите-револуционери, со убеденост дека со тоа целта би се постигнала.[366] За да се опструира донесената осуда, членот на ЦК Хаџи Николов излегол со предлог Собранието да го ополномошти ЦК за времето и за начинот на извршувањето. Барањето било прифатено. Централниот комитет го одлагал извршувањето, за да не се изврши донесената пресуда.[367] Казната на двајцата митрополити не била извршена.

За односот спрема Братството на Собранието се водела полемичка расправа, со поделени ставови. Членовите на ЦК и Иван Хаџи Николов и Христо Татарчев се изјасниле против преземање крајни средства за запирање на неговото непријателско дејствување против Организацијата. Се застапиле за обединување и на тој начин да се прекине неговото дејствување. За да се издејствува тоа, Хаџи Николов изјавил дека поднесува оставка на членството во ЦК за да ослободи место да се избере претставник од Братството.[368] Собранието не ја прифатило неговата оставка. За конечно расчистување со Братството,

---

[364] Уставъ на Българското Тайно Революционно Братство въ Турция, март 1897; Крсте Битоски, Дејноста и улогата на „Револуционерното“ братство во Македонската револуционерна организација, Историја, 2, Скопје, 1965, 59–83.

[365] В. Думев, Пере Тошевъ, Ил. Илинденъ, 6 (76), София, 1936, 2.

[366] В. Думев, Пере Тошевъ., 3.

[367] Д. Димески, Македонското националноослободително движење.., 213–214.

[368] Хаџи Николов:„Нека на мое место биде избран друг. Јас би сакал дури да е некој од нашите противници, за да може да се постигне обединување и да се стави крај на интригите на опозиционерите“ (Основањето.., Конгресътъ през 1899 год.., 9.

било решено да се направи последен обид за спогодбено запирање на неговата дејност, со тоа што неговите членови ќе се вклучат во Организацијата. Централниот комитет бил задолжен во пишан документ да ги претстави условите на Организацијата и ултимативно да се бара од Братството нивно прифаќање, со предупредување дека во спротивно Организацијата ќе постапи како спрема организирана непријателска група. Одлука не била донесена. Останувало тоа прашање да го решава, и да го реши, Централниот комитет.

Атентатот на Наумов во Сер[369] бил преземен, за да биде тој неутрализиран. Во Сер била испратена вооружена група за заплашување. По физичкиот напад, Наумов заминал од градот.[370] ЦК се воздржувал да влегува во отворена пресметка со физички ликвидации на егзархиските претставници и на припадниците на Братството.

По атентатот во Сер врз професорот Никола Наумов (поранешен директор на Солунската гимназија), поради неговото дејствување против Организацијата, Солунското братство решило да возврати со атентати на раководителите на Организацијата: Пере Тошев,[371] Дамјан Груев, Христо Матов[372] и Иван Хаџи Николов. Иван Гарванов решил тој да ги застрела Пере Тошев, Хаџи Николов и Матов. Заговорот бил откриен. Заговорниците биле предупредени дека Организацијата против нив ќе преземе крајни мерки, по што тие се откажале од планираните атентати.[373]

Во почетокот на септември 1899 година[374] во Солун дошол поручникот Ив. Камбуров, испратен од претседателот на Врховниот комитет во Софија[375] Борис Сарафов.[376] По пристигнувањето, првин се сретнал со Иван Хаџи Николов,

---

369 Св. Елдъров, Развитието на националноосвободителното движение.., 124.

370 Сл. Димевски, Македонското националноослободително движење..,41.

371 „Само случајност го осуетила убиството на Пере од терористите на Братството" (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 11).

372 Св. Елдъров, Развитието на националноосвободителното движение.., 124.

373 Спомени на Иванъ Гарвановъ.., 121.; В. Ѓорѓиев, Македонското револуционерно националноослободително движење.., 261.

374 Хаџи Николов погрешно пишува 1900 година.

375 Врховниот комитет под претседателство на Сарафов се конституирал во јули 1899 година: потпретседател – поручник Т. Давидов, секретар – Вл. Ковачев, членови: Георги Петров, пор. Ан. Бозуков и др. Васил Шопов (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 4–75; Освободителното движение в Македония и Одринско, спомени и материали, т. 1, кн. 8, София, 1983, 94).

376 Акцијата за посредување за помирување меѓу ЦК и Братството, односно за влегување на Гарванов во ЦК, Сарафов ја презел по интервенција од генералот Рачо Петров и од министерот д-р Васил Радославов кај Иван Гарванов (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 79). И оружјето што потоа Сарафов го испраќал на Организацијата било под „лично покровителство на министерот за надворешни работи д-р В. Радославов" (На истото место, 81).

а потоа со сите членови на ЦК што се наоѓале во Солун. Камбуров го пренесол барањето од Врховниот комитет на Сарафов за обединување и за создавање заеднички Централен комитет.[377] Хаџи Николов пишува дека на Камбуров му било одговорено дека Организацијата може да прими 4–5 лица од Братството откако ќе дадат заклетва, а потоа според нивните дела ќе може да бидат избрани за членови на ЦК.[378]

Набргу потоа ЦК отстапил од претходно поставениот услов за влегување на членови на Братството во раководните органи на Организацијата со докажување со дела за да бидат избрани. Документот со условите, кој му бил предаден на Братството, предвидувал: Братството да се расформира, сите негови членови да влезат во Организацијата со полагање заклетва, а имотот со којшто располагало да му го предаде на ЦК; Братството да определи шестмина од своите членови од кои ќе бидат избрани двајца во раководните органи на Организацијата, еден во Централниот, а вториот во Солунскиот окружен комитет.

Тие и такви услови веднаш биле прифатени, по што бил составен протокол, на 16 септември 1899 година, што го потпишале д-р Христо Татарчев за ЦК, Иван Гарванов за Братството и Камбуров како претставник на Врховниот комитет под претседателство на Борис Сарафов, во својство на посредник.

Според договореното, членовите на Братството влегле во членство на Организацијата. Повеќето од поекспонираните негови членови, кои настапувале како раководство, меѓу нив Иван Гарванов, Димитар Мирчев, Јосиф Кондов и др., во Организацијата биле примени со давање заклетва пред Пере Тошев.[379] Потоа Иван Гарванов влегол во Окружниот комитет на Солунскиот револуционерен округ,[380] а Јосиф Кондов во Централниот комитет на Организацијата.[381] Со тоа ЦК практично прифатил обединување. Влегувањето на туѓи елементи во Организацијата имало далекосежни импликации со трагични последици за ослободителното дело и за самата Организација. Додека Тошев го поддржувал

377 Хаџи Николов: „Во почетокот на септември 1900 година во Солун пристигна поручник Ив. Камбуров. Дојде кај мене во книжарницата и побара да му договорам средба со Централниот комитет. Вечерта се собравме. Тој ни соопшти какви писма пишувале од другиот комитет и какви услови предлагаат: да се соединиме и да формираме заеднички комитет" (Из записките на Ив. Х. Николов.., 55).

378 Из записките на Ив. Х. Николов.., 55.

379 Хаџи Николов: „Го пративме Пере Тошев да ги заколне и ги заколна" (Из записките на Ив. Х. Николов.., 55); Спомени на Иванъ Гарвановъ.., 126–127.

380 Дотогаш во состав: Стамат Танчев и Атанас Ангелов, како и Христо Матов, кој го претставувал Централниот комитет.

381 Д-р Христо Татарчевъ, Вътрешната македоно-одринска революционна организация.., 73.

спогодбеното затворање на проблемот со Братството, Ѓорче Петров бил категорично против внесувањето на неговите припадници во Организацијата.[382]

Бугарската влада конечно ја реализирала поставената цел: нејзини експоненти влегле во Организацијата и во највисокото раководство. Целосното преземање на Централниот комитет на Организацијата било само прашање на време.

По „разрешувањето" на проблемот со Братството, ЦК презел мерки и за смирување на ученичките бунтови во Солунската гимназија организирани од револуционерните кружоци. За тоа се ангажирал Петар Тошев како член на ЦК и училиштен инспектор, помогнат од поп Стамат, истакнат активен член на Организацијата.[383] Не помалку грижа Тошев посветувал на состојбите со револуционерната дејност во Битолскиот револуционерен округ. Окружниот комитет во Битола продолжил да го издава револуционерниот весник - хектографираниот лист „На оружје",[384] што излегувал под редакција на Тошев и Анастас Лозанчев, а потоа и на Ѓорче Петров и Трајко Доревски.[385] Тој тајно бил ширен во Битолскиот револуционерен округ.[386] Весникот, со прекини, излегувал во 1899[387] и 1901–1902 година.[388]

Во почетокот на 1900 година, Организацијата веќе располагала со вооружени чети на целата организациона територија. Привремените правила во „окружното со 14 точки" од 1898 година повеќе не задоволувале. Со појавувањето и на месни чети, селска милиција, вооружени групи, во процес на формирање била воена организација, таканаречен четнички институт. Се наметнала потребата за нормативно уредување на организационата поставеност и раководењето. Пред крајот на годината, Гоце Делчев и Ѓорче Петров во Со-

---

382 За Ѓорче Петров тоа бил опасен преседан од две причини: 1. прифаќање на посредувањето на претставник на Софискиот комитет претставувало свесно кршење на уставното начело за самостојност и независност на Организацијата; и 2. им се овозможувало подривачко дејствување однатре во Организацијата со сите последици за ослободителното дело. Нивното внесување во Организацијата за Ѓорче било исто што и „втерување на волкот в трло" (Ѓ. Петров, Спомени, кореспонденција.., 150).

383 А. Кипров, Ученическите кружоци, Ил. Илинден, бр. 27, София, 19 , 11-12; Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 66.

384 Михајло Миноски, Револуционерниот весник „На оружје"., 167-176

385 Спомени на Гр. Ст. Попев.., 500.

386 Спомени на Гьорчо Петров.., 16.

387 Томов: „Во 1899 година В. Пасков почнал да го редактира тајно во Битола револуционерниот хектографиран лист „На оружје" (Л. Томовъ, Василъ Пасковъ, Ил. Илинденъ, 9 (59), София, 1934, 3).

388 Според Тома Николов, тогаш весникот бил издаван, редактиран од Димитар Стефанов, тогаш директор на Егзархиската гимназија во Битола (Икономовъ Тома Николовъ, Единъ инцидентъ в Битоля между руския консулъ и полицията, Ил. Илинденъ, 5, (115), София, 1940, 8).

фија го изработиле Правилникот за четите.[389] Го испратиле до ЦК во Солун. Правилникот во Солун бил прегледан, „дополнет и поправен“ од членовите на ЦК Петар Тошев[390] и Христо Матов.[391] По потврдувањето од ЦК, Правилникот бил хектографиран[392] и веднаш бил дистрибуиран за постапување по него. Со Правилникот се пропишувало секоја револуционерна околија да има најмалку една чета што тајно ќе се движи во односниот реон и за потребите на делото според „распоредите на Месниот револуционерен комитет“ да извршува организациони, организаторски, извршни задачи. [393]

Тошев, како член на ЦК, раководел со работите во Организацијата. Есента истата година (1900) дошло до судир на Окружниот комитет на Струмичкиот револуционерен округ со егзархискиот митрополит Герасим поради неговото одбивање да ги прими предложените учители со согласност од Централниот комитет. Токму тогаш митрополитот разбрал за смртната пресуда (што му била изречена претходната година, чиешто извршувањето било само пролонгирано). Исплашен, веднаш ги испратил во Солун архимандритот И. Саев и учителот Петар Бошњаков за повлекување на пресудата. Двајцата биле примени од Петар Тошев и другите членови на ЦК. Потоа им била соопштена одлуката дека мора да се извршат барањата на Организацијата, митрополитот времено да замине од Струмица, а должноста митрополит да ја извршува архимандритот, со предупредување дека смртната пресуда не се повлекува, туку само се одлага нејзиното извршување.[394]

Во септември 1900 година, софискиот Врховен комитет, под претседателство на Сарафов, одново барал спогодување со ЦК за заедничко дејствување.

---

389 Матов: „Ѓорче и Делчев беа изработиле цел правилник за четите и ни го пратија во Солун да го прегледаме“. (Христо Матов за своята революционна дејност.., 40.) Истиот на друго место пишува дека Правилникот за четите бил изработен од Ѓорче Петров и кап. Д(имитар) Венедиктов и бил хектографиран, како и тоа дека тој Правилник бил запленет за време на истрагата по провалата на ЦК во 1901 год. (Хр. Матов, Македонската революционна система.., 11). Р. Пасков, пак, пишува дека „тој правилник го составил капетанот Д. Венедиктов со учество на Ѓорче Петров, дека бил разгледан од Врховниот комитет и испратен во Солун за одобрување од ЦК (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 88).

390 Станков: „Во 1900 година го заварив Перета во Солун како член на ЦК и училиштен инспектор“ (Т. Ст.(анков), Пере Тошев.., 3).

391 Матов: „Го прегледавме со Тошев, направивме некои поправки, па го дадовме да се препише со шифра и да се хектографира“ (Христо Матов за своята революционна дейност.., 40; Р. Пасков, Борис Сарафов.., 88). Матов на друго место пишува: „Хр. Матов и П. Тошев го дополнуваат и го поправаат изработениот од Ѓ. Петров и кап. Д. Венедиков правилник за четите“. (Хр. Матов, Македонската революционна система.., 11)).

392 Правилникъ за четите на Тайната М.-Одр. организаци. (ДАРМ, ф. ФО, Мф. 329.195/2157).

393 Правилникъ.., 1.

394 Ангел Динев, Илинденска епопеја, 1, Скопје, 1978,106; В. Ѓорѓиев, Македонското револуционерно.., 306-307.

Со таква мисија во Солун бил испратен Александар Кипров.[395] Тој по пристигнувањето во Солун во Бошњак-ан[396] се сретнал со строгиот Тошев[397] и со другите членови на ЦК: Татарчев, Христо Матов и Иван Хаџи Николов. Од сите нив најсилен впечаток му оставил Тошев како отворен, храбар, вистински револуционер.[398] Како револуционер, се здобил со довербата на Тошев, кој го запознал со некои поединости од дејноста на Организацијата, па дури и му открил шифра.[399] Но, во врска со спогодувањето со Врховниот комитет му било одговорено, по претходно известување од Ѓорче, дека тој и останатите членови на ЦК немаат доверба во Сарафов и во неговиот Софиски комитет. Тошев ја одржувал кореспонденцијата на ЦК со Задграничното претставништво во Софија, поточно со Ѓорче Петров, од кого бил предупреден на претпазливост во комуникацијата поради непостојаноста и „дволичната улога“ на Сарафов со неговиот комитет.[400] Односите со Врховниот комитет биле целосно прекинати.

Кипров со Јордан Поп Јорданов–Орце ги запознал Тошев и Матов за нивните планови со револуционерите-гемиџии за подготвување на динамитните атентати во Солун истата 1900 година.[401]

Пред крајот на годината дошло до целосен прекин на односите.

[395] Кипров: „Во септември 1900 година ме повика во Софија Борис Сарафов. Ми предложи јас да заминам во Солун и со моите другари (атентатори – ММ) да повлијаеме на Централниот комитет да се постигне спогодба (со Врховниот комитет) за заеднички дејства“ (Александъръ Кипровъ, Солунскиятъ Централенъ комитетъ на Вътрешната македонска революционна организация, Илюстрация Илинденъ, г. 3, кн. 3(23), София, 1930, 16).

[396] Кипров: „Ако Солун беше престолнина на револуционерна Македонија, Бошњак-ан беше палатата во којашто престојуваа водачите на револуционерната идеја (Александаръ Кипровъ, Бошнак ханъ (Изъ моите спомени, Ил Илинденъ, г. 3, кн. 6 (26), София, 1930, 1).

[397] Кипров: „Друштвата (во Боњак-ан) беа различни. Тука ќе ја видите строгата фигура на Пере Тошев кој, во својство на окружен училиштен инспектор, секогаш беше опкружен со учители на кои им даваше инструкции за учебното дело“ (А. Кипровъ, Бошнакъ анъ.., 1).

[398] Кипров: Отидов во Солун. Се запознав со д-р Христо Татарчев, Пере Тошев, Христо Матов и Иван Хаџи Николов – книжар. Од сите тие господа првите денови најмногу ми се бендиса Пере Тошев како човек отворен, со вистинска храброст на револуционер“ (А. Кипровъ, Солунскиятъ централенъ комитетъ.., 16).

[399] А.Кипровъ, Солунскиятъ.., 16.

[400] Ѓ. Петров, Спомени, кореспонденција.., 128–131.

[401] Кипров: „Една вечер заедно со Орце отидовме во домот на Пере, каде што го најдовме Христо Матов. Прв зеде збор Орце и решително го откри нашето дело со каналот под банката. Тие останаа зачудени“ (А. Кипровъ, Солунскитятъ.., 16).

# СУДСКИОТ ПРОЦЕС, ОСУДАТА И ЗАТОЧЕНИЕТО 1901-1902 ГОДИНА

Во јануари 1901 година се случила провала на Организацијата. Има тврдење за предавство од Врховниот комитет,[402] односно дека лице дојдено од Бугарија во Солун го извршило предавството на членовите на Централниот комитет на Организацијата.[403] Иван Хаџи Николов наведува дека биле уапсени ученикот Ризов и лицето Александар дојдено од Софија, наводно „за извршување терористички акции“ и дека за него знаела солунската полиција. Набргу потоа било уапсено и лице-припадник на Организацијата.[404]

Основано е да се смета дека провалата ја предизвикале луѓе на Софискиот комитет на 23 јануари/5 февруари со јавна провокација.[405] При апсењето, кај нив и во домови на други лица[406] биле извршени претреси и откриени се оружје и тајни документи. По распитот во полицијата, врз основа на исказите и признанијата на уапсениот Милан Михајлов,[407] „бивш технички соработник“ на Врховниот комитет,[408] а потоа и на други од уапсените, истрагата била проширена за откривање и апсење на други членови на Организацијата, во прв ред тие од Централниот комитет.

Кај уапсениот Коце Лазаров[409] биле откриени документи, оружје и шифрирани документи на Организацијата што му биле доверени од Петар Тошев. Ми-

---

402 Пандевски: „Повеќе факти зборуваат дека таа (провалата на 25 јануари) дошла по смислено предавство од Врховниот комитет, организирана од Борис Сарафов и поручникот С.(офрониј) Стојанов“ (М. Пандевски, Учителското движење.., 35).

403 Полјански пишуваше пренесувајќи го тврдењето на Антон Страшимиров дека „Во Солун беше фатен човек пратен од Софија кој им ги предал на Турците сите функционери, целиот ЦК“ (Христо Андонов Полјански. Гоце Делчев, 3, Скопје, 1972, 220). Се знае дека пред крајот на 1900 год. од Софија во Солун дошол капетанот на бугарската војска Софрони Стојанов (од с. Цер, Кичевско, тогаш сметано за Демирхисарско), дојден како претставник на Врховниот комитет под претседателство на Борис Сарафов при Централниот комитет. Тој веднаш по преземањето на ЦК од Иван Гарванов се вратил во Бугарија. Поверојатно е дека тој го организирал извршувањето, односно предизвикувањето на провалата за нивно апсење со цел преземање однатре на раководењето со Организацијата.

404 Хаџи Николов: „Ги фатија ученикот Ризов и одамна бараниот од полицијата Александар дојден од Софија за терористички акции“. Двајцата успеале да избегаат од полициската станица. Тие, при обидот со уште едно лице припадник на Организацијата да избегаат од Солун, биле откриени. Дојдениот од Софија за да не биде фатен жив, се самоубил со својот револвер (Из записките на Ив. Х. Николовъ.., 59).

405 Милан Михајлов (од Прилеп) и Кочо Георгиев (Бугарин од Карлово). со кои бил и „секретарот на Централниот комитет“ Александар Николов (од Битола) (Д-р Христо Татарчевъ, Вътрешната македоно- одринска органнизация..,100).

406 Полицијата извршила претрес и кај ученикот Константин Михајлов (ученик во Солунската гимназија), кај кого се чуваа „архивски материјали“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 106).

407 Од Прилеп.

408 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 106.

409 Од Штип.

лан Михајлов во полицијата дал исказ дека по наредба на Тошев, патувал во внатрешноста на Македонија за извршување конспиративни задачи. И уапсениот Диме (Митко) Паљашов[410] при распитот во полицијата открил дека примал и предавал, по наредба на Тошев, дека парите биле на Организацијата за купување оружје.[411]



Петар Тошев

По апсењето на Христо Ников, секретар на ЦК,[412] акцијата на полицијата била насочена кон откривање и апсење на членовите на ЦК. При распитот во истрагата Ников кажал дека Тошев со Христо Матов подготвувале упатства за четите на Организацијата „за литографирање во 40 примерока", дека од нив примал и пренесувал шифрирани писма и дека Матов и Тошев кои се исплашиле дека ќе им се направи претрес во нивните домови, напишале четири отворени писма со „француски букви и со шифри", пишувани со „бело хемиско мастило", што тој ги предал на австриската пошта. Притоа тој не добил да пренесе клуч за шифрите, ниту „бело мастило".[413] Уште кажал дека четите имале расписки да собираат пари за Организацијата, со тоа што тие пари „ќе му се врателе на населението кога *Македонија ќе се ослободи*".[414] Уапсениот Милан Ризов[415] во истрагата кажал дека видел кај Петар Тошев печат на Комитетот (ЦК).[416] При претресите, кај уапсените биле откриени и запленети „печатени упатства за четите и шифрирани писма" за кои за време на истрагата се утврдило дека се „со комитетска содржина".[417]

410 Од Велес.

411 Македония и Тракия.., нови документи, 45, Извештај на бугарскиот т. Агент од Солуна Ив. Ст. Гешов, 21. февр. 1901.

412 За тоа Матов пишува: „Се случи големата Солунска афера. Затворија четири момчиња и Ников, секретарот на Централниот комитет" (Хр. Матов за своята революционна дейност..,48). Пасков пишува за Александар Ников, секретар на ЦК (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 105–106).

413 Македония и Тракия.., нови документи..,45.

414 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 38, л. 93; Македония и Тракия, нови документи,София, 1995, 44.

415 Од Велес.

416 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 38, л. 93; Македония и Тракия.., нови документи, 44.

417 Македония и Тракия.., нови документи, 45.



Факсимил од извештај (од бугарскиот трговски агент) од Солун од март 1901 год., за судењето и осудувањето на Петар Тошев и другите судени македонски револуционери со членовите на ЦК на ТМОРО

На 25 јануари/7 февруари бил уапсен Петар Тошев.[418] Истиот ден бил уапсен Христо Матов. [419] Хаџи Николов запишал дека двајцата биле уапсени по предавство од ученикот Ризов при сослушувањето во полицијата,[420] како и дека потоа бил уапсен и д-р Хр. Татарчев.[421]

418 Иван Хаџи Николов, Из записките..., 70

419 Матов пишува дека апсењето се случило на 24 јануари/6 февруари 1901 год. (Христо Матов за своята революционна дейност, Революционната система на ВМРО, Съчинения, София, 2001, 48).

420 Хаџи Николов:„Не е чудо ученикот Ризов при распитот да се излажал и да ги предал Хр. Матов и Пере Тошев (обвинение што му се припишуваше од граѓаните и затвореници)“ (Из записките на Ив. Х. Николов..., 70).

421 Иван Хаџи Николов пишува: „скоро беа уапсени Пере Тошев и Хр. Матов, мнозина уапсени доведоа од провинцијата, главно од Кукуш. Меѓу уапсените беше и Туше Дели Иванов (кој бргу бил ослободен). Потоа тоа полицијата го задржа и др. Хр. Татарчев“ (Из записките на Хр. Х. Николовъ.., 59–60).

Матов пишува дека тој и Тошев. иако очекувале дека полицијата ги бара да ги уапси, не сакале да се скријат и да бегаат, „останале полускриени". Полицијата бргу ги открила и ги уапсила.[422] Веднаш се пренесол глас дека Тошев, Матов и Христо Ников биле обесени „на Вардар капија".[423]

Обвинетиот Христо Ников при испитувањето во полицијата признал дека е учител и член на Организацијата две години и дека добиваните пари „ги трошел за комитетските работи, по наредба од П. Тошев". Уште изјавил дека П. Тошев и Христо Матов напишале „Правилник за организација на четите"[424] и дека тој Правилник бил „отлитографиран во 40 примерока.., дека го знаел клучот на шифрата на Комитетот и го открил со тоа што прочитал неколку од запленетите шифрирани писма, дека ги носел и ги предавал на австриската пошта писмата од Комитетот.., дека тие писма биле шифрирани и испраќани од внатрешноста на Македонија „од четите на Тошев и Матов", а кога ќе се собереле 20–30 му ги предавале нему, а тој во еден плик ги праќал во Софија. Шифрата и шише со хемиско мастило, шифрирани писма и неколку примероци од „Правилникот за четите" му ги дале Тошев и Матов кои биле исплашени дека ќе има претрес и дека ќе бидат откриени од полицијата, за да ги пренесе во куќата на Сандо Кочов".[425] За запленетите клучови за шифрите, изјавил дека од нив два биле на Матов, два на Петар Тошев[426] и два негови.[427]

Настапил моментот за преземање на ЦК и за раководењето со Организацијата договорено во Софија во Врховниот комитет меѓу Борис Сарафов и Иван Гарванов, со согласност од Иван Хаџи Николов. На тоа упатува податокот дека тој претходно издал „полномошни писма"[428] за Сарафов и за членови

422 Матов: „Јас и Пере бевме на штрек, но не сакавме, според тогашното разбирање, не требаше да се скриеме и да избегаме, пред да биде јасно дека секако ќе бидеме фатени. Сакавме да не бидеме фатени, затоа што знаевме дека кога ќе настрадаме ќе бидеме загубени за Делото и дека нема да можеме да си ги оправдаме многуте и најразлични гревови. Затоа гледавме да бидеме полускриени. Јас, на пример, се враќав дома многу доцна, по полноќ, па ако разберев дека ме барале, да се скријам. Меѓутоа, Турците излегоа поитри од мене и од Перета. Нè побараа доцна по полноќ, кај два часот, нè фатија дома на спиење". (Хр. Матов за своята революуционна дейност.., 48).

423 Матов:„Првите 6 дена (од 24–30 јануари) мала беше веројатноста да не нè обесат. Во Дојран дури беа слушнале дека сме биле обесени тројцата (Пере, јас и Кирков) на Вардар Капија" (Хр. Матов за своята революционна дейност.., 50).

424 „По повод запленувањето на Уставот на Организацијата, беа обвинети Матов и Тошев: првите дваесет и шест члена му се припишуваа на Матов, останатите 14 на Тошев" („Македония", кн. VIII,София, 1922, 19).

425 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 38, л. 104; Македония и Тракия.., нови документи.., 50. Извештај на бугарскиот т. агент во Солун Ив. Ст. Гешов, 2. март 1901.

426 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 38, л. 105/2 март 1905.

427 На судењето Христо Наков ги негирал исказите дадени за време на истрагата, со изјава дека сето тоа го признал тепан од полицијата (Македония и Тракия.., 50-51).

428 „Уште во март 1901 година ЦК решил да му испрати на ВК пет бланко полномошна со печат" („Маке-

на неговиот Врховен комитет[429] за влегување на организационата територија во Македонија.[430] Во Солун, Гарванов со Хаџи Николов, Матов и Татарчев тоа го договориле непосредно пред провалата и апсењето на членовите на Централниот комитет, „пред прагот на „Солунската афера“.[431]

По апсењето на Тошев, Матов и Татарчев, Иван Хаџи Николов веднаш го повикал Спас Мартинов, од раководството на Бугарското революционерно братство, „да му помага“ да ја води надворешната кореспонденција на ЦК,[432] следствено со Задграничното претставништво во Софија. Во своите спомени, пишува дека за апсењето на Тошев, Матов и Татарчев го известил Ѓорчета Петров.[433]

Останува неодговорено зошто Хаџи Николов во врска со истрагата и апсењата не споменува ништо за Гарванов, кој бил кооптиран за член на Окружниот комитет на Солунскиот револуционерен округ, и за Јосиф Кондов, кооптираниот член на ЦК од Братството.[434]

Хаџи Николов за сето време по апсењето на Татарчев, Матов и Тошев бил постојано со Спас Мартинов, кој го известувал за апсените.[435] По апсењето,[436]

донско знаме“, бр. 29, 17 юний 1934, 2).

429 Добивањето „полномошни писма“ од ЦК на Врховниот комитет во Софија било примено како признавање право Комитетот да раководи со организацијата и „да крене востание во Македонија“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 108).

430 Под претекст дека новата влада на Стојан Данев подготвувала апсење на членовите на Сарафовиот Врховен комитет, во Солун бил испратен офицерот С. Стојанов, кому Иван Хаџи Николов му издал „полномошни писма“ за Сарафов и за членови на Комитетот да влезат во Македонија, „да ги заменат уапсените членови на ЦК“, а Врховниот комитет во Софија да го преземе ген. Иван Цончев со членовите на Централното биро на офицерските братства“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 107).

431 Сл. Димевски: „Пред прагот на „Солунската афера“, под претекст дека е провален ЦК ВМРО, групата Матов–Татарчев–Хаџи Николов го убедила членот на ЦК Дамјан Груев да го предадат ЦК на Иван Гарванов, зашто, според нив, по затворањето на членовите на ЦК, Организацијата можела да остане без раководство“. (Славко Димевски, Македонското националноослободително движење.., 57).

432 Хаџи Николов: „Јас бев на ред (за апсење). Секој ден очекував да ме уапсат, но за чудо не ме уапсија. Така помина цел месец. Останат единствен од членовите на Централниот комитет, гледам да се зачува положбата да давам совети на раководителите од провинцијата, преку дојдените во Солун учители и трговци. Се состанувавме во мојата книжарница и за да се покаже дека тие доаѓаат кај мене за да си купат книги и канцелариски предмети, им дава по некоја книга, пликови или моливи. За помошник во работата го избрав Спас Маринов, кој ми помагаше во кореспонденцијата со странство. Него го задолжив што да му пишува на Ѓорче Петров и тој лично или ученици да ги носат писмата во австриската пошта“ (Из записките на Ив. Х. Николовъ.., 60-61).

433 Хаџи Николов: „На Ѓорчета Петров му соопштив за апсењето на тројцата мои другари од ЦК, дека има многу уапсени и дека оттаму треба да ја одржуваат положбата“ во Организацијата (Из записките на Ив. Х. Николовъ.., 61).

434 Сл. Димевски, Македонското националноослободително движење.., 57.

435 Из записките на Ив. Х. Николов.., 61.

436 Подоцна бил уапсен и на 7 мај (1901 год.) бил осуден на доживотен затвор.

при претресот, полицијата кај него открила и запленила шифрирано писмо од Петар Тошев.[437]

Пред да биде уапсен Хаџи Николов, му ги предал на Иван Гарванов печатот и шифрите на Централниот комитет[438] за одржување врски со окружните комитети, со Задграничното претставништво и со Врховниот комитет во Софија.[439] Со Задграничното претставништво и со Врховниот комитет врските веќе подолго време ги имал Спас Мартинов, кој ја водел таа кореспонденција од апсењето на Татарчев, Тошев и Матов. За тоа Иван Хаџи Николов во своите спомени не кажува. Поверојатно е гледиштето дека печатот и сите шифри му ги имал дадено на Спас Мартинов, а тој на Иван Гарванов.

Така, поранешните припадници на Тајното бугарско револуционерно братство во Солун: Иван Гарванов, Спас[440] Мартинов[441] и Димитар Мирчев[442] се самопрогласиле за Централен комитет и го презеле раководењето со Организацијата, под претседателство на Иван Гарванов.

За предавањето на раководењето со Организацијата не знаеле нејзините водечки авторитети: Гоце Делчев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, „кога разбрале веќе било доцна“.[443] Делчев го предупредил Сарафов дека не ги признава „полномошните писма“ што Иван Хаџи Николов ги издал од името на Централниот

[437] Хаџи Николов: „Од конакот ме испратија во полициската станица во реонот каде што се наоѓаше мојата книжарница. Со петмина стражари ме доведоа во книжарницата. Почнаа да претресуваат и прибираа сè што ќе им паднеше в очи. Зедоа бели хартии меѓу кои, за жал, се покажа едно шифрирано писмо оставено од Пере Тошев, кое одамна заборавил да го прибере. Ме натераа да се потпишам под секој предмет. Кога ми ги подадоа белите листови, го видов шифрираното писмо. Незабележан, без да го потпишам, го ставив кај другите хартии. ...Кај директорот на полицијата, терџуманот Тефиков покажа на шифрираното писмо“ (Из записките на Ив. Х. Николовъ.., 62). Славчо Гоцев, Солунската афера и нейните последици за революционното движение в Македония и Одринско, Осемдесет години Илинденско-Преображенско въстание.., 539.

[438] Славчо Гоцев, Солунската афера и нейните последици за революционното движение в Македония и Одринско, Осемдесет години Илинденско-Преображенско въстание.., 539.

[439] Спомени на Ив. Гарвановъ,.., 131–132; д-р Христо Татарчевъ, Вътрешната македоно-одринска революционна организация.., 121.

[440] Од Битола, учител.

[441] Мартинов, близок роднина на Рачо Петров (бугарски генерал и претседател на бугарската влада), на чијашто интервенција бил ослободен по неговото апсење во врска со Солунските атентати во 1903 год. За тоа Д. Мирчев запишал: „Мартинов веќе беше ослободен по ургенција на Рачо Петров кај турскиот комесар во Софија – како роднина на жена му“ (Д. Мирчев, Спомени, 135).

[442] Мирчев за тоа во своите спомени запишал: „Тогаш Гарванов со Спас Мартинов го презедоа раководството на Ц. комитет. Подоцна беше повикан и Јаким Игнатиев (родум од Кратово), тогашен учител во Сер... Знам дека Х. Николов, Матов и др., пред да заминат на заточение, го повикале Гр. Попев и му порачале да ми го предаде печатот на Ц. Комитет за да продолжи работата“ (Д. Мирчев, Спомени, 92, 93).

[443] Сл. Димески, Македонското националноослободително движење.., 57.



Факсимил од извештај (од бугарскиот трговски агент) од Солун за судењето на Петар Тошев и другите судени македонски револуционери дека имале за цел да создадат самостојна македонска држава

комитет и дека ако тој со „со другарите“ влезе во Македонија, ќе се соочат со оружјето на Организацијата.[444]

Петар Тошев, со другите уапсени членови на ЦК по завршувањето на распитот, од истражниот затвор бил спроведен во Солунскиот централен затвор Једи-куле.[445] Следувало предавање во судот на обвинителниот акт против обвинетите Тошев и другите затворени припадници на Организацијата.[446] Сите уапсени биле обвинети за противдржавна дејност, за организирање за нарушу-

444 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 108.

445 Д-р. Хр. Татарчевъ, Вътешната македоноодринска революционна организация.., 114.

446 В. Георгиев-С. Трифонов, Македония и Тракия.., нови документи, 44.


КНЯЖЕСКО
БЪЛГАРСКО ТЪРГОВСКО АГЕНТСТВО
№ 577

Бързо

Господине Агенте,

Факсимил од извештај (од бугарскиот трговски агент) од Солун
за спроведување со брод на заточение на Петар Тошев
и другите осудени членови на ЦК на ТМОРО, јули 1901 год.

вање на територијалниот интегритет на државата со цел: насилно отцепување на трите вилаети: Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот и создавање самостојна држава Македонија,[447] односно „од Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает да се создаде самостојна македонска држава, или тие три вилаети да се присоединат на Кнежеството Бугарија“.[448]

На судењето Тошев и Матов изјавиле дека обвинителот „ги скроил“ обвиненијата и барале тој да ги потврди со факти.[449]

---

447 В. Георгиев-С. Трифонов, Македония... нови документи.., 44.

448 ЦЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 38; Македония и Тракия.., нови документи.., 44.

449 Матов: „Мојот став, а исто и на Пере, ти (обвинителот) треба да го докажеш со факти дека сум се мешал во револуционерни работи“ (Хр. Матов за своята революционна дейност.., 49).


Разписка
Подписанниятѣ удостовѣряваме, че получихме сумата петстотинъ тринадесеть лева и осемдесеть стотинки (513,80 зл.) чрѣзъ Българското Дипломатическо Агентство въ Цариградъ, като помощь отъ Македоно-Одринскитѣ студенти при Висшето училище въ София, за раздаване помежду другаритѣ ни българи политически затворници въ Подрумъ Кале.
Подрумъ-Кале, 6 Юни 1902 г.
П. Тошевъ
Х. Матовъ
Ив. Х. Николовъ

Потврда (со потпис од Петар Тошев) за пари како помош
примени на заточение во Подрум-кале, 1902 год.

На 14/27 март Апелациониот суд во Солун ги донесол пресудите.[450] Петар Тошев и другите членови на ЦК: Матов, Хаџи Николов и Татарчев биле осудени на смрт,[451] а потоа смртната казна им била заменета со доживотен затвор.[452]

Осудените на заточение: Тошев, Матов и Ников, заедно со другите осудени на доживотен затвор членови на ЦК: д-р Христо Татарчев, Христо Матов и Иван Хаџи Николов, со брод од Солун биле пренесени и спроведени на заточение во затворот во тврдината Подрум-кале во Мала Азија.[453] Таму слушнале муабети дека се откриени нови факти против Тошев, Матов и Ников за нивно дејствување, „за нарачани убиства“ и др., дека ќе биле вратени во Солун да им се суди, што упатувало на брзо судење и изрекување смртна пресуда. Се соста-

---

450 Општиот број на осудените припадници на Револуционерната организација изнесувал 101 лице, осудени на смртни и на временски казни.

451 „Вечерта на 27 март цел Солун, салоните, кафеаните, знаеја за дебатата за пресудата. За Милан Михајлов, Кочо Карловали, Кочо Лерински казна смрт; За Матов, Тошев... доживотно заточение.., Татарчев 5 години затвор...“ (Македония, кн. VIII, 1922, 23).

452 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 38 (ДАРМ, Мф. 4299).

453 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 38, 39.

нале членовите на ЦК: Тошев, Татарчев, Хаџи Николов, Петар Поп Арсов [454] и Христо Матов за да се договорат што можат тие да преземат. На состанокот се договориле целата вина да ја преземе Матов, тој да оди во Солун да му се суди, за Тошев да се спаси. Но, до тоа не дошло.[455]

Во затворот членовите на ЦК тајно добивале информации за состојбите во Организацијата и за случувањата во Македонија. Но, целосно точно известување добиле од Дамјан Груев по неговото спроведување во истиот затвор,[456] исто така осуден на заточение.

Но, набргу дошло до меѓусебни расправии, поделби, до нетрпеливост на Христо Матов и Христо Татарчев со Петар Тошев и Дамјан Груев.

Во почетокот на 1902 година дошло до приближување на Христо Матов и Христо Татарчев со Дамјан Груев, по што договарале план за кревање востание во Македонија.[457]

---

[454] Осуден на заточение во процесот по Виничката провала во 1898 година.

[455] Матов: „Во Подрум се слушна... дека во Македонија се влошила положбата, дека се откриени нови факти против мене, Перета и Ников, лично од нас порачани убиства, па одново ќе нè викале во Солун и по брза судска постапка, надве-натри да нè обесат. По извесно време, Ников беше повикан кај мудирот. „Вистина е“, помисливме. Го испрашувале за струмичкиот владика Герасим, осуден од Организацијата на смрт (ММ). Се состанавме на советување ние големците: Пере, д-р Татарчев, Ив. Х. Николов, Поп Арсов, јас (не помнам дали тогаш беше и Груев, или тој подоцна беше испратен во Подрум). Од другите, криевме. Решивме, ако нè повикаат во Солун, да направиме некако да оди еден од нас двајцата, јас или Пере, па барем едниот да се спаси. Се реши: јас да одам, Пере да остане. Претекст: болен, пак асолно не бев здрав. За среќа и јас не отидов, не нè побараа“ (Хр. Матов за своята революционна дейност..,51).

[456] „Во затворот Пере Тошев и неговите другари по тајни патишта биле во тек со врвежите на р. Организација во нивно отсуство. Но, најточни, сигурни сведоштва за состојбата во Организацијата им дал Даме Груев, кој истата година бил осуден од битолскиот суд и бил испратен на заточение кај нив“. (Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените..,13).

[457] Хр. Матов, Македонската революционна система.., 13.

# ДЕЈНОСТА 1902–1903 ГОДИНА, ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Тошев со другите членови на ЦК: Татарчев, Матов и Хаџи Николов, на заточение во Подрум-кале,[458] бил држен до средината на август 1902 година.[459] Подоцна бил амнестиран и ослободен и Дамјан Груев.[460] Пред крајот на месецот Димитар Стефанов го известил Гоцета Делчев за неговото амнестирање.[461] По амнестирањето, Тошев (со другите заточеници-членови на ЦК: Иван Хаџи Николов, Христо Матов и Петар Поп Арсов) пристигнал во Македонија, во Солун, на 1 септември 1902 година.[462] На 2 септември со Христо Матов наводно учествувал на конгрес на Организацијата.[463] Конгрес немало, туку на состанок на ЦК за организирање конгрес. За учеството на Тошев на состанокот на ЦК нема друга потврда.

Османлиските власти не дозволувале заточениците да останат во Солун, туку да заминат во нивните родни места. Така постапил Петар Поп Арсов.[464] Матов и Татарчев не сакале да останат во Македонија. Според тврдењето на Христо Матов, ЦК решил Матов, Тошев и Татарчев да отпатуваат во Софија „како нови

[458] На почетокот од јуни 1902 година, пред амнестирањето, на заточените Христо Матов, Иван Хаџи Николов и Петар Тошев, им била предадена парична помош собрана од македонските студенти во Софија. (ЦДИА, ф. 176 к., оп. 1, а. е. 1749, л. 25, 33; Хр. Матов, Македонската революционна система.., 13). Заточениците биле амнестирани на 19 август 1902 год., по повод годишнината од доаѓањето на султанот на владетелскиот престол.

[459] Хаџи Николов: „Измина цела година на заточение и ниту збор за ослободување, барем за нашите другари уапсени за време на Виничката афера. На 19 август 1902 година, роденденот на султанот, се прими телеграма за ослободување на дел од заточениците. Допуштавме дека тоа се настраданите од Виничката афера. И навистина првин беа прочитани нивните имиња и на сите им беше пријатно. Заменикот-директор продолжи уште да чита имиња, меѓу кои тие на д-р Хр. Татарчев, Пере Тошев, Хр. Матов и моето“ (Из записките на Ив. Х. Николовъ..., 73–74).

[460] Хаџи Николов: „По 7 месеци беа амнестирани сите“ (Из записките на Ив. Х. Николовъ.., 74).

[461] Димитар Стефанов до Делчев, Ајтос, 26 август: „Вчера кога пристигнав, разбрав дека Пере, Матов, Татарчев, Пасков (од с. Осиково, Неврокопско, учител, член на Окружниот комитет на Битолскиот революционерен округ, осуден во 1900 год.) и уште неколку други лица се ослободени. Но, и денес не верувам дека тоа е вистина. Ми се чини дека е тоа ујдурма“. (Из Архивата на Гоце Делчев.., 368).

[462] Христо Матов за своята революционна дейност.., 52.

[463] Матов: „Во Солун за другиот ден (2 септември) беше определено да се одржи револуционерен конгрес и јас зедов редовно учество на него. Учествуваше и Пере Тошев, Поп Арсов откажа“. (Христо Матов за своята революционна дейност.., 52). Ак. Лапе го прифати неговото тврдење: „Веќе на другиот ден по амнестијата и пуштањето од затворот во Подрум-кале и по пристигнувањето во Солун, на 2. IX 1902 година, Пере активно учествувал на закажаниот Конгрес на Организацијата во истиот град“ (Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 67).

[464] По Солунските атентати бил уапсен, тој „со пушка мартинка на рамо се движел по селата во Велешко.., окован во вериги бил спроведен в затвор во Скопје“ (Освободителната борба на Българите в Македония и Одринско 1902–1903, дипломатически документи, София, 1978, 186, 209, 347).



Бележковъ,

По поръка отъ Др. Татарчевъ, Хр. Матовъ, П. Тошевъ (представители на вътрешната организация) пиша ти долното

1. Да се погрижишъ, съ съдействието на по видните бежанци изъ Разлога, да съставишъ отъ емиграцията въ Чепинско едно ръководително тъло (отъ 3 или 4 лица), което, както вътре, да се грижи за работата по дълото и за дисциплината между всичкитъ членове.

Факсимил од писмо од Лука Поп Теофилов (по налог од Тошев) до Бележков

членови на Задграничното претставништво“, на местото на Туше Делииванов и Димитар Стефанов, кои биле разрешени.[465] Ако ЦК донел такво решение, тогаш Тошев бил назначен за трет задграничен претставник.[466] Сигурно е само дека Тошев таа должност не ја прифатил и решил да остане во земјата.

Нарушувањето на односите на Тошев со Матов и Татарчев на заточение, извесно е, имало решавачко влијание што тој по враќањето во Македонија, иако легитимен член на ЦК, не останал во Солун со нив да раководи со Организацијата. Тоа и се очекувало. Но, не можеле да се трпат со Татарчев и Матов, а камоли и заедно да работат.

Христо Матов останал во Централниот комитет во Солун да ја води кореспонденцијата со внатрешноста во Македонија, а Гарванов во Софија да се договори за кревањето востание.[467]

Властите ги предупредиле Матов и Татарчев, како и другите заточеници, да го напуштат Солун и да заминат во своите родни места под закана за

465 Матов: „Бидејќи турските власти настојуваа заточениците да заминат во своите родни места, да не остануваат во Солун, ЦК донесе решение Хр. Матов, П. Тошев и Татарчев да заминат за Софија како нови членови на Задграничното претставништво на местото на Димитар Стефанов и Туше Делииванов, кои влегле во конфликт со ВМОК предопределен од Ст. Михајловски и ген. Ив. Цончев“ (Хр. Матов, Македонската революционна система.., 13).

466 На тоа упатува едно писмо од Лука П. Теофилов од 14 јануари 1903 година до Иван Бележков (раководител на граничниот пункт во Чепинско), во коешто пишува дека добил порака од Татарчев, Матов и Тошев „претставници на Внатрешната организација“ (Лазар Томовъ, Лука Поп Теофиловъ Мелийчинъ, Ил. Илинденъ, год. IV, кн. 8 (38), Софи,1932. 8).

467 Матов: Во тоа време (почетокот на септември), врховистите проектираа да прават востание, значи многу работа за центарот (Централниот комитет) и за Внатрешната организација. Јас ја презедов главно писмената кореспонденција за внатрешноста. На Гарванов му остана да кореспондира со Софија“ (Хр. Матов за своята революционерна дейност., 52).

„брутално спроведување“.[468] Но, тие не сакале да останат во внатрешноста во Македонија, туку да работат од „слободна Бугарија“.[469] Така и постапиле.[470]

И Дамјан Груев, кој подоцна пристигнал, не сакал да се врати во ЦК.[471]

На Петар Тошев османлиските власти му нарeдиле да замине во Прилеп. Тој решил да оди во Битола, таму да раководи со Револуционерната организација.[472] Морал да се подготви да замине од Солун. Од Солун заминал на 6 септември 1902 година[473] на пат за Битола.[474] Лозанчев пишува дека го очекувал неговото пристигнување за да ги споделат должностите во раководењето со Окружната организација.[475] Но, властите не му дозволиле на Тошев ниту да остане во Битола. По десетина дена, полицијата му наредила да замине од градот, во интернација во Прилеп.[476] Неговото протерување од Битола имало далекосежни последици за состојбите и за раководењето со Битолскиот револуционерен округ.[477] По отстранувањето од Битола на авторитетниот Петар Тошев, Анастас Лозанчев[478] уште поблиску се поврзал со Гарванов и продолжил самостојно да раководи со Окружниот комитет, да зазема ставови и да решава.

За тоа време, Врховниот комитет веќе организирал преземање четнички вооружени акции во повеќе реони во Македонија[479] за вовлекување и на месното на-

468 Матов: Се преправав болен.., не излегував често по улици и кафеани, така издржав два месеца... настојуваа (властите) да заминам во Струга и во исто време ме заплашуваа со брутално одведување“ (Хр. Матов за своята революционна дейност.., 52).

469 Ѓорче: „Матов и Татарчев ... кога дојдоа тука, посакаа како божем да ја продолжат својата дејност од порано, но тука, во слободна Бугарија“. (Спомени на Ѓорче.., 118).

470 Во почетокот на ноември Матов веќе бил во Софија. По пристигнувањето, со Татарчев веднаш се вклучиле во акцијата за помирување на комитетите во Софија (Хр. Матов, Македонската революционна система.., 13).

471 Ѓорче: „Даме во Солун не направи дури ни обид да го преземе раководењето со работите“ (Спомени на Ѓорче.., 118).

472 Ѓорче: „Перета власта го испрати во Битола и Прилеп. И тој зеде став на чекање. Имаше веќе упадок (Спомени на Ѓорче.., 118).

473 Из архивата на Гоце Делчев, Задграничното претставителство на ВМОРО в София до края на 1902 г., София, 2003, 21.

474 Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 67.

475 Лозанчев: „Пере Тошев пристигна од заточение по амнестијата. Мојата радост беше безгранична, затоа што голем дел од товарот на Организацијата ќе падне на неговиот грб“. (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 16).

476 „На 16 о.м. попладне“ полицискиот комесар во Битола му наредил на Пере Тошев: „Уште денес треба да заминеш од Битола, во спротивно, во спротивно ќе бидеш спроведен во Прилеп. Истиот ден замина“. (В-к „Право“, 27. IX 1902, 3).

477 Вести от Турско. Пере Тошев интерниран, „Право“, 27. IX 1902, 3.

478 Прашање е колку Лозанчев бил искрен кога во своите Спомени запишал: „Колку што се израдував од неговото доаѓање, толку се натажив кога разбрав дека го интернирале во родниот град Прилеп“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ., 16).

479 Четничката акција под водство на генералот Цончев изведена пред тоа во Џумајско, а прогласена за

селение и за објавување кревање востание. Со таква задача во Воденско се појавил со чета полковникот Јанков. За оневозможување на неговата акција, ЦК решил таму да се упатат војводите Апостол Петков и Аргир Манасиев со своите чети. Манасиев пред заминувањето за Воден, на 6 септември, се консултирал со членовите на ЦК, а се сретнал и со Пере Тошев.[480] На Манасиев му биле дадени потребните инструкции за постапување. Се очекувало создадената ситуација да се среди и пред неговото пристигнување таму, затоа што самото население во Воденско се противставило на агитацијата за востание на луѓето на полковникот Јанков.[481]

Ѓорче Петров ги повикал Тошев, Дамјан Груев, Христо Матов и Христо Татарчев од Солун да отидат во Софија, четворицата да се состанат и тој да посредува да се надминат недоразбирањата за да се постигне единство во интерес на делото. Повикот не го прифатиле Тошев и Груев.[482] Не успеал и неговиот обид да ги придобие Матов и Татарчев во Софија за заедничко дејствување[483] со него и со Гоце Делчев.[484] Тие покажале сосема подруго однесување, интерес и однос спрема бугарскиот државен фактор.[485] Се сојузиле со врховистите.

Во Костурско, каде што престојувал Јанков и агитирал за востание, ситуацијата станувала попроблематична од онаа во Воденско. Иван Гарванов уште

востание, според Ѓорче била преземена по барање од бугарскиот кнез Фердинанд. (Ѓорче: „Востанието на Цончев се предизвика со поддршка на кнезот со две цели: да се пушти еден фишек и да се исползува дипломатски востанието готвено од Организацијата коешто кнезот и бугарските влади не го сакале никогаш, во тоа сум длабоко убеден". (Спомени на Ѓорче.., 122).

480 Давид (Иван Гарванов) до Задграничното претставништво, 6 септември (Из архивата на Гоце Делчев. Задграничното представителство на ВМОРО в София до края на 1902, подготвили за печат Ива Бурилкова и Цочо Билярски, София, 203, 21).

481 Гарванов до Задграничното претставништво, 6 септ.: „Тој (Аргир Манасиев) денес беше во нашиов град (Солун) и се сретна со Перо. Му се дадоа инструкции и си замина. Во Воден можеби ќе се заврши работата и без него, затоа што населението гледа со одвратност на детските постапки на Пожарлиев и Иванчо Карасулијата, кои Јанков ги остави за свои заменици". (Из архивата на Гоце Делчев.., 21).

482 Ѓорче: „Јас направив постапка во Солун да дојдат сите тука, така да ја потераме работата. Но, се случи така што Матов и Татарчев уште по пат (при враќањето од заточение) решиле направо да дојдат тука во Софија. Изгледа дека Даме и Пере го разбраа тоа, поради нив не сакаа да дојдат тука. (Спомени на Ѓорче..,118).

483 Ѓорче: „Кога дојдоа Матов и Татарчев во Софија, се сретнав со нив пријателски, со голема надеж, сметајќи ги дека уште се оние старите. Со нив и со Делчев станавме четворица и ќе станевме посилна група". (Спомени на Ѓорче.., 118).

484 Делчев како реалист немал доверба во нив двајцата. (Ѓорче: „Делчев беше понедоверлив кон Матов и Татарчев. Ние веќе имавме сведенија за нивниот став кон Перета и кон Дамета" (Спомени на Ѓорче.., 118).

485 Ѓорче: „Во почетокот, Матов и Татарчев немаа кураж лично сами обајцата да излезат и покрај нас заедно да работиме. Брзо се покажаа големи разлики во нашите погледи, односно во тактиката спрема тукашното општество, власта итн. Тие брзо се израмнија во тој однос со Станишев, Карајовев, Ризов и др. Одеднаш пројавија желба да се влезе во поблизок контакт и со општеството и со владата тука." (Спомени на Ѓорче.., 118–119).

на 6 септември го известувал Задграничното претставништво дека од Тошев барал да интервенира за запирање на активноста на Јанков.[486] На Окружниот комитет во Битола му било наредено Јанков да биде спречен, а ако тоа се покаже неможно, тој да биде уништен. Лозанчев сакал да го придобие и категорично одбил Јанков да биде ликвидиран.[487]

За Тошев интерес пројавил и Борис Сарафов. Пред крајот на октомври 1902 година, тој во писмо до Гоце Делчев се интересирал за Пере Тошев, каде се наоѓал и дали мислел да се активира.[488]

Врховниот комитет, предводен од Иван Цончев, продолжил со обвинувања на Организацијата затоа што го спречила во обидот да предизвика вооружена провокација со вовлекување на месното македонско население во Костурско.

Иван Гарванов со писмо од 26 ноември 1902 година барал задграничните претставници Матов и Татарчев да продолжат да работат за помирување со Софискиот комитет.[489] Согласност за тоа побарал и од Пере Тошев, на што тој не одговорил.[490] И од другите реони тоа било побарано, но тие не одговориле.[491] Тоа за Гарванов не било важно, тој самиот за сите нив известил дека сите сакаат помирување и дека помирувањето треба да се постигне и по цена на големи отстапки од Организацијата.[492]

---

486 Давид (Гарванов), 6 септ. 1902 год.: „Потешко е во Костурско, каде што е Јанков. Мислам, и Пере со писмо да го одврати од планот за востание, па потоа ќе биде лесно. Во секој случај, нашите чети не треба да се задржуваат“ (Из Архивата.., 21).

487 Лозанчев: „Наредуваат (од ЦК) да го спречиме (полк. Јанков) во намерата. Во Солун одговорив дека ќе се погрижиме да го привлечеме во Организацијата. Ако не успееме, ќе го спречиме на еден или на друг начин. Но, никако нема да се согласам да го уништиме“ (Спомени от А. Лозанчев..,15).

488 Сарафов до Делчев (Париз, 22 окт./4 ноем. 1902 год.): „Ништо не ми пишуваш за Перето и другите другари, што е со нив? Каде се и дали мислат да се покренат?“. (Из Архивата на Гоце Делчев.., 187).

489 Давид (Гарванов) до задграничните претставници, 26 ноември: „Вашето писмо од 22 о.м. го добивме. Тоа нѐ поуспокои, но не нѐ смири, затоа што се гледа дека сѐ е матешница. Нејсе. Продолжете, направете ги сите постапки до минимум, но, брзо завршувајте, помирувањето ќе го спаси делото од пропаѓање. Но, кога човек ќе го чита органот на генералите (в-к „Реформи“), не може да разбере како тие луѓе ќе се помируваат, а ја напаѓаат Внатрешната организација за тоа што им ја спречила авантурата“. (Из Архивата на Гоце Делчев.., 51-52).

490 Давид, 26 ноември: „Од Лефтер (Пере Тошев) немаме одговор“ (Из Архивата.., 52).

491 Давид: „Одговор од другите реони за помирувањето нема, но „сите тоа го сакаат од срце, ама под наведените услови од Вас. Некаде, пак, едноставно велат да има помирување, па ќе биде подобро“ (Из Архивата.., 52).

492 Давид, 26 ноември: „Ако е можно да се направат повеќе отстапки од наша страна (Организацијата), нека се направат, само да дојдеме до договор... Ние многу сметаме на публикацијата на протоколот, што ќе ја направат професорите. Ќе треба да се распоредат сите наши горски сили и уште отсега да навлеземе во земјата, бргу да подготвиме динамит и повеќе пушки, па напролет, нека Бог ни даде здравје, да си ја пробаме среќата“ (Из Архивата.., 53).

Во Прилеп властите продолжиле со следењето на Тошев. Во градот, Организацијата била во криза; имало групирања и поделби во раководството. Тошев се ангажирал да издејствува надминување на поделбите и помирување на соперничките фракции. Но, не успеал.[493] Решил да замине. Во Прилеп останал извесно време, да заврши некои „мали работи", пред да замине за Софија за да им се придружи на Гоце Делчев и Ѓорче Петров, каде што ситуацијата „исто така не била розова".[494]

Во декември 1902 година, Делчев и Ѓорче Петров се договориле да ги повикаат во Софија Груев и Тошев и со нив да формираат моќна група за да се им се парира на Матов и Татарчев и да се запре нивното опасно дејствување за делото.[495] Груев откажал да оди во Софија.[496] Тошев го прифатил повикот од Делчев[497] да им се придружи нему и на Ѓорче Петров. Веднаш заминал од Прилеп и пред крајот на месецот бил во Софија.[498]

На 23 декември, Делчев бил известен дека пристигнал во Софија „доблесниот работник на делото" Пере Тошев.[499] Во тоа време од Делчев било барано тој да се застапи Тошев (или Матов или Татарчев) да отпатува во Варна, за да може таму, со својот авторитет, да повлијае за придобивање за Организацијата на влијателното тамошно Македонско друштво.[500] Меѓутоа, Тошев бил потребен во Софија.

Иван Гарванов, за да го придобие Тошев на своја страна, му испратил полномошно за трет (со Матов и Татарчев) задграничен претставник на Централниот комитет. Тошев категорично одбил таква должност, полномошното го

493 Лозанчев: „Во Прилеп во последно време се појавиле големи партизанства. Пере се обиде да стави крај на тоа, но не успеа" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 16).

494 Лозанчев: „По размена на мисли со мене, (Пере) реши да замине во Софија, и таму ситуацијата не беше розова" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 16).

495 Ѓорче: „Јас и Делчев, кога го видовме сето тоа, решивме да ги извикаме Перета и Дамета.., да образуваме сериозна група и да ги направиме тука комитетите излишни" (Спомени на Ѓорче.., 119).

496 Ѓорче: „Даме одговори дека не сака да дојде. Меѓутоа, ние го знаевме мотивот... Сетне, кога се сретнавме, Даме ни објасни дека знаел оти со Матов и Татарчев не може да се работи" (Спомени на Ѓорче.., 119).

497 ЦДИА, ф. 1938, а. е. 17.

498 Ѓорче: „Пере дојде од Прилеп и образувавме тело петтемина, со Матов и Татарчев заедно. Пред нас овие не минуваа за никакви претставители на ЦК, никакво полномошно не вадеа" (Спомени на Ѓорче.., 119).

499 К. Петков до Делчев, 23 декември 1902 год.: „Денес добив од Сиљанов отворена картичка во којашто ми пишува дека во Софија пристигнал доблесниот работник на делото Петар Тошев, што многу нè израдува" (Из Архивата .., 425).

500 К. Петков до Делчев, 23 декември.: „Јас пак ќе си дозволам да Ви напомнам дека ако сакаме да ги имаме на своја страна овдешните (во Бугарија), треба многу посериозно да гледаме на Варненското друштво. А за да го имаме на наша страна тукашното друштво, е потребно да дојде еден од вашите другари: д-р Татарчев, Матов или Тошев. Најдобро е ако дојде докторот" (Из Архивата.., 426).

искинал.[501] Но, и покрај тоа, Тошев се спомнува како трет задграничен претставник на ЦК во Софија во писмо на Лука Поп Теофилов[502] до Иван Белешков од 14. I 1903 година.[503]

Матов и Татарчев во ноември 1902 година, веднаш по пристигнувањето во Софија, како ополномоштени претставници на Гарванов, започнале преговори со ген. Цончев за смирување на ситуацијата создадена со вооружените акции на неговиот Врховен комитет за предизвикување востание во Македонија. Генералот не отстапувал, останувал на ставот за продолжување на акциите на врховистичките чети во внатрешноста на Македонија и уште барал согласност од ЦК зимата да се крене востание.[504] Тие се присоединиле на Комисијата за помирување меѓу врховистичките комитети на Михајловски-Цончев и тој на Станишев,[505] за постигнување општ договор со врховистите за нивно учество во подготвуваното востание во Македонија во пролетта 1903 година.

Комисијата настапила со предлог за 6 декември да се свика вонреден конгрес во Софија за обединување, а идниот единствен комитет да биде составен од по тројца претставници. Во така формираниот единствен комитет се предлагало Организацијата да ја претставуваат: Татарчев, Христо Матов и Пере Тошев. Комитетот на Михајловски-Цончев одбил да го признае опонентскиот Врховен комитет на Станишев, инсистирал планираниот комитетот да го претставуваат: Цончев, Михајловски, Ст. Николов, Ив. Стојчев и Г. Белев, а Револуционерната организација: д-р Христо Татарчев, Христо Матов, Гоце Делчев и Петар Тошев. Тој состав да свика обединувачки конгрес. На тој начин Цончев сакал да го преземе раководењето со Организацијата во Македонија. Согласност не била постигната, акцијата пропаднала.[506]

Во Софија, Тошев со Делчев, Петров и двајцата задгранични претставници формирал петчлено тело. Потоа Матов и Татарчев, покрај тројцата авторитети на Организацијата, „не минувале за никакви претставници на ЦК", како такви биле без писмени полномошна.[507] Затоа пак тие двајца пред врховистите во Софија нив тројцата ги претставувале за екстремни и како такви отстране-

---

501 П. Яворов, Гоце Делчев, Съчинения, III, София, 1965, 211; Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 67.

502 Писмото тој го напишал по барање од Матов и Татарчев (Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 67, бел, 23.

503 Л. Томов, Лука поп Теофилов, Ил. Илинден, 38, София, 1932, 8.

504 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 141.

505 Во состав: Димитар Ризов, Никола Генадиев, Љубомир Милетич и Иван Георгов.

506 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 142.

507 Спомени на Ѓорче.., 119).

ти, дека повеќе не биле фактори, а самите настапувале како единствени фактори за договарање на помирувањето.[508]

Иван Гарванов, со членовите на ЦК Спас Мартинов и Димитар Мирчев, веќе го подготвил одржувањето конгрес за донесување решение за кревање востание во Македонија.[509] За тоа имал поддршката од Анастас Лозанчев од Битола, кој претходно бил консултиран[510] и прифатил.[511] Кога негира дека се договорил со Гарванов,[512] извесно е, не ја кажува вистината.[513] Окружен конгрес бил закажан. Меѓутоа, откако разбрал дека сите околии се против востание, Лозанчев го откажал неговото одржување.[514] Делегатите кои веќе биле пристигнати во Битола, ги вратил во нивните околии.[515] Тој сам, без да побара одобрение од Окружниот комитет, заминал на општиот конгрес во Солун.

---

508 Ѓорче: „Господата Матов и Татарчев дојдоа (во Софија), и покрај нас се препорачуваат (на врховистите) за благоразумни. Нас нè прогласуваат за крајни и со тоа одважно божем нè отстрануваат во тие борби како меродавни фактори и се претставуваат себеси за такви фактори" (Спомени на Ѓорче.., 119).

509 За тоа биле богато плаќани. Мирчев за тоа колку бил плаќан при неговото апсење во врска со Солунските атентати во април 1903 год., во своите спомени, пишува: „првите прашања во судницата, како и секогаш, се однесуваа на мојот личен живот – биографски податоци. Околноста што оставаше особен впечаток во такви случаи беше платата. Јас добивав плата од 184 лири годишно, или 15 лири месечно. За нив тоа беше нешто особено забележително; големата плата тие не ја поврзуваа со мојата положба на првостепен учител во Гимназијата, туку со платен за революционерна дејност". (Д. Мирчев, Спомени, 128–129).

510 Ѓорче пишува дека бил консултиран и Груев, за што нема потврда. Ѓорче: „Гарванов внимателно зема решение за востание, советувајќи се со луѓе за кои тој бил сигурен дека ќе скршнат така што сетне ќе го изнесат како решение на округот. Ги сондирал Лозанчев во Битола и Дамета, изгледа. А потоа и друго, што имало, не знам ... Лозанчев бил повикан во Солун, како претставник на Битолско, формално да се советуваат за ова прашање. Без претходен конгрес во Битолско, Лозанчев просто си го дава мислењето, дека како полномошник на Битолскиот округ изјавува оти востание треба да стане, ако не стане ќе го направат самите" (Спомени на Ѓорче.., 123).

511 Лозанчев: „Пред крајот на месецот, декември 1902 година, бев повикан лично на конгрес во Солун за 1 јануари 1903 година, без да се определи во писмото со кои прашања ќе се занимава Конгресот. Од мене се бараше само едно: да дадам сведенија за борбената готовност на околиите. Во писмото пишуваше: Само ако сум спречен од полицијата, само во тој случај да замине друго лице" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 17).

512 Лозанчев: „Ги отфрлам обвинувањата дека претходно сум се договорил со Гарванов за кревање востание и друго" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 260).

513 Лозанчев: „Изјавувам дека во Солун заминав без да го знам дневниот ред на Конгресот, ниту имав претходна спогодба, ниту со Гарванов, ниту со други лица. Зошто бев повикан само јас? Тоа е работа на ЦК. Знам дека од многу други окрузи имаше по 2–3 души. За валидноста на тој Конгрес одговорноста е на ЦК, на никој друг" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 17–18).

514 Тоа го посведочува војводата Петар Ацев: „На крајот од 1902 година, беше наредено да се изберат околиски делегати за окружен конгрес. Требаше да се дадат конкретни директиви за прашањето на евентуално востание во пролетта 1903 година. Речиси за секој окол. комитет на Бит. округ тоа прашање беше очевидно сложено, никој што-годе свесен работник на Организацијата во околиите не можеше да препорача какво било движење. Сите беа на мислење да се продолжи подготовката докрај, до добро вооружување на комитетите и воено подготвување на организационите кадри" (Извадки от спомените на Петар Ацев (ракопис, ИНИ, Сл. IV, 445).

515 Ацев: „Делегатите беа избрани и испратени во Битола. Се вратија со известување дека Конгресот нема да се одржи затоа што Лозанчев заминал повикан од Централниот к-т за општ конгрес ?!" (Извадки от спомените..,15).

Согласност за одржување општ конгрес на Организацијата дале и двајцата задгранични претставници – Татарчев и Матов.[516] Водечките личности на Организацијата: Делчев, Тошев, а и Груев „биле игнорирани“.[517] Затоа, пак, Иван Гарванов уште пред одржувањето на Конгресот со писма ги известувал окружните раководства да се подготвуваат за востание.[518]

Иван Гарванов со двајцата членови на ЦК, со цел да издејствуваат да се донесе решението за востание, подготовките за свикувањето на конгресот ги криеле од водечките личности на Организацијата: Делчев, Петар Тошев, Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Јане Сандански, па дури и од Иван Хаџи Николов,[519] како најстрога тајна. Подготвиле одржување на Конгресот со одбрани учесници, а не со избрани делегати.[520] Матов и Татарчев биле писмено известени за свикувањето општ конгрес на Организацијата за донесување одлука за востание. Свесни за одговорноста, не само што тие лично не сакале да учествуваат, туку и „не испратиле свој претставник“.[521]

На Конгресот одржан во Солун во првите денови на јануари 1903 год., учествувале повикани претставници од окрузите и околиите, а не избрани делегати. Од нив мнозинството не ја знаеле реалната состојба и на Конгресот не кажале ништо за неподготвеноста на нивните окрузи.[522] Тие делегати изгласале решение за кревање востание[523] во пролетта. Најгласниот застапник за востание бил Ана-

---

516 Ѓорче: „Матов и Татарчев приватно се договориле и биле во тек за овие работи, но тука криеја од нас“ (Спомени на Ѓорче .., 124).

517 „Кога се земаше решение за да се објави Илинденското востание, не беа прашани ни Гоце, ни Пере, ниту Даме – основачите и водачите на Организацијата. Беа игнорирани од туѓи и случајни луѓе“ (Пере Тошев, „Македонско дело“, 4, 10 мај 1927).

518 Ѓорче: „Потоа, кога бев во Битолско и се сретнав со повеќето од учесниците на Смилевскиот конгрес, таму ме уверуваа, (посебно) Лазар Поп Трајков, дека ЦК пишувал писма во Битолско, уште пред да се земе решение за востание, така што сите окрузи оттука Вардар да се готват дека ќе востануваат, та ’гледајте да не останете назад’. Така Гарванов со писма ги подлажувал сите окрузи“ (Спомени на Ѓорче.., 124–125).

519 Хаџи Николов: „Кај мене дојде Лазар Димитров и ми кажа дека се повикани за Конгрес. Дојде Ив. Гарванов и ми кажа дека имале Конгрес, на којшто решиле да кренат востание во југозападна Македонија. Сите членови на Централниот комитет бевме решени да се објави востание и тоа решение го спроведовме на Конгресот...Тебе не те поканивме на Конгресот затоа што се плашевме да не се изјасниш против и во таков случај мнозинството од делегатите можеа да го заземат твојот став“ (Из записките на Ив. Х. Николовъ..,77).

520 Само Одринскиот револуционерен округ одржал окружен конгрес за избор на делегати.

521 Хр. Матов, Македонската революциона система.., 13.

522 Лозанчев: „Повеќето од делегатите (на Конгресот) не беа подготвени да дадат податоци за околиите и за окрузите што ги претставуваа, или пак немаа што да кажат за подготвеноста. Сите се искажаа за востание во тековната 1903 година. Против беше серскиот делегат Лазар Димитров“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 18).

523 Во врска со тоа, сметавме за потребно да го наведеме пишувањето на Думев за донесувањето на решението и тврдењето за писмо од Груев со коешто тој повлијаел на делегатите да гласаат за востание,

стас Лозанчев.[524] По изгласувањето на Конгресот му предложил и било прифатено, решението за востание да биде прифатено на конгреси на револуционерните окрузи.[525] Самиот тој веднаш пристапил кон спроведување на решението.[526]

По завршувањето на заседавањето на Солунскиот конгрес, Гарванов веднаш, со писмо што тој го потпишал за ЦК, ги известил Делчев, Тошев и Ѓорче Петров во Софија за донесеното решение за востание во пролетта и барал нивна согласност за тоа.[527] Имало и притисоци и писма со закани.[528]

Гарванов со Думев веднаш отпатувал во Софија со Матов и Татарчев и со другите застапници за востание да издејствуваат прифаќање на одлуката за кревање востание. Тошев во тоа време бил во Софија и тие, „двајцата пратени-

---

иако се знае дека тој тогаш уште не беше вратен од заточение. Думев: „Решението се донесе поради убедителните аргументи на мнозинството застапници на мислењето за кревање востание во пролетта, а и поради едно писмо од покојниот Дамјан Груев што се прочита на Конгресот и неговата содржина многу придонесе за согласност на сите делегати“ (В. Думевъ, Къмъ съобщението „Изъ протокола на извнредня таенъ революционенъ македоно-одрински конгресъ на 4 януарий 1903 г.“, Сб. Илинденъ 1903–1926, 112).

524 Лозанчев тоа и самиот го потврдува. Во своите спомени пишува: „Не сакам да ја отфрлам одговорноста за востанието. Напротив, јас сум горд што содејствував да се крене. Ако го немавме Илинденското востание, ние со што можевме да се гордееме?“ Сепак, се оправдува кога пишува: „За мене беа поттикнувачки сведенијата за подготвеноста на другите окрузи. Но, по востанието се покажа дека тоа било лажно“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 18). Кон тоа уште додава: „Треба да признам овде дека ако знаев дека другите окрузи немаше да востанат и дека толку малку ќе биде помошта што ја добивме однадвор со раководни лица, бојна опрема и материјали, тогаш многу ќе размислев пред да дадам моја согласност за востание во 1903 година“ (На истото место. 19).

525 Лозанчев: „На мое барање се прифати (на Конгресот) сите окрузи да свикаат свои конгреси за да го прифатат решението на Солунскиот конгрес и да влезат во врска како со ЦК, така и со другите окрузи“. Кон тоа уште додава: „За одбележување е дека најтоплите приврзаници за востание не зедоа учество во борбите. Лазар Димитров постапи обратно. Беше против, а учествуваше во востанието. Ако ги исклучиме членовите на ЦК кои беа уапсени (по Солунските атентати – ММ) и Хр. Коцев и Т. Лазаров кои останаа нив да ги заменуваат, повеќето од делегатите не влегоа во четите и не учествуваа во востанието“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 18).

526 Ацев: „Лозанчев кога се врати од Солун, место да каже од кого беше испратен во Солун за општ *некаков конгрес* (ит. на ММ) испрати окружно, со коешто го соопштуваше решението на тој општ Конгрес за кревање востание пролетта на 1903 год. Лозанчев не се ограничи само на тоа, тој пристапи и кон дела, со што неминовно не стави во положба да не можеме да реагираме против тоа решение на еден самонаречен општ конгрес. А самонаречен беше Општиот конгрес во Солун и според начинот на којшто беше свикан и по својот состав. Единствено Одринскиот округ бил претставен од избрани и ополномоштени делегати, делегати кои биле задолжени да се противставаат на помислата за масовно востание, а да ја поддржат идејата за партизански акции и за позасилено движење на четите. Другите делегати биле собрани од улиците во Солун, каде што се нашле случајно за празниците .., третостепени, дури никому непознати личности. Ги облекле во тога на делегати и претпочитувајќи го нивното несфаќање, успеале да се донесе решение за општо во сите места (масовно) востание во пролетта на 1903 г.“ (Извадки от спомените.., 15–16).

527 Ѓорче: „Со официјално писмо од Солун, ЦК ни го соопштува своето решение земено во Солун. Ја сакаа нашата согласност, а не мнение“ (Спомени на Ѓорче.., 124).

528 Ѓорче: „Имаше и приватни писма и од Лозанчев до некој од нас во коишто се велеше: кој не е согласен со востанието, тој е предавник“. (Спомени на Ѓорче.., 124).

ци“ се обиделе за одлуката за востание да издејствуваат согласност од Тошев, но не успеале. [529]

Во Софија било свикано советување. Петар Тошев учествувал на Јануарското советување во 1903 година,[530] организирано од Матов и Татарчев,[531] во својство на задгранични претставници на Организацијата.[532] На Советувањето одржано „во деновите меѓу 10 и 15 јануари“,[533] учествувале раководители и видни припадници на Организацијата: Гоце Делчев,[534] Ѓорче Петров, Иван Хаџи Николов, Христо Татарчев, Христо Матов, Борис Сарафов, Михаил Герџиков, Димитар Стефанов, Туше Делииванов, Сава Михајлов и други,[535] кои тогаш се наоѓале во Софија. За учеството на Петар Тошев, а неучеството на Делчев на Советувањето, сведочи и Думев.[536] Тошев, како и Ѓорче Петров, бил против востание.[537] Против блиско востание биле мнозинството од учесниците.

---

529 „Зимата 1902–1903 година Пере беше во Софија. Кога двајцата пратеници му соопштуваат за земеното решение и сакале да чујат тој што мисли, Пере им одговорил: само внатрешните работници имаат право да решаваат и да земаат одговорност од името на организираниот народ во Македонија... дотаму одела неговата скромност“ (Пере Тошев, „Македонско дело“, 4–10 мај 1927).

530 Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев, III, Скопје, 1972, 104.

531 Д-р Хр. Татарчев, Спомени–документи–материали, София, 1989, 233.

532 Според Никола Зографов, било свикано од Гоце Делчев (Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време.., 234.

533 В. Думевъ, К ъмъ съобщението.., 113.

534 Според Силјанов, Делчев не учествувал на Јануарското советување во Софија, на 7 јануари заминал во Македонија. Силјанов: „Со пристигнувањето на Ив. Гарванов и В. Думев во Софија, започнаа советувањата. На нив не учествуваше Г. Делчев кој, уште на 7 јануари 1903 г., замина во внатрешноста. Присуствуваа: Б. Сарафов, Ѓ. Петров, Хр. Матов, д-р Хр. Татарчев, *П. Тошев*, Ив. Хаџи Николов, М. Герџиков, К. Прличев, С. Михајлов, Н. Наумов, Хр. Силјанов, А. Антонов, Д. Стефанов и Вл. Ковачев (Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония, 1, София, 1983, 202–203).

535 Хр. Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време., 234.

536 Думев: „се одржа советување на коешто присуствуваа покојните Пере Тошев, Христо Матов, Христо Татарчев и др.., покојниот Гоце Делчев беше на пат, при што неочекувано беше покосен од предавници“ (В. Думевъ, Къмъ съобщението.., 113).

537 Ѓорче до Петар Ацев: „Заборавив да го напомнам моето мислење за него (на Тошев) во врска со востанието. Тој заедно со мене и со Гоце во Софија беше решителен противник за објавување на востанието“ (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров.., 141). И Михаил Герџиков потврдува дека Тошев учествувал на Советувањето. Но, и дека бил воздржан. Герџиков: „За Востание беа Гарванов, Матов, Татарчев, Спас Мартинов. Пере Тошев прашан да го каже ставот, молчеше. Тоа беше чудно. Против востанието решително бевме: Јас, Ѓорче и Стефанов“ (Въ Македония и Одринско. Спомени на Михаил Герджиков, София, 1928, 49). Воздржаноста на Тошев ја потврдува и Думев: „Си спомнувам за одговорот на тивкиот, скромен Пере Тошев, кога се побара негово мислење. Тој се искажа дека само внатрешните дејци имаат право да решаваат и да ја преземат одговорноста од името на организираниот народ во Македонија и дека сите работници кои од една или друга причина се надвор од територијата на Организацијата и немаат можност да земат учество во решавањето на прашањата што се наметнуваат од комитетското раководно тело – Централниот комитет, треба да се потчинат на решенијата. Собранието заврши без донесување решение затоа што не беше свикано да решава, туку со изјава дека се присоединува кон решението на Конгресот“ (В. Думевъ, Къмъ съобщението..,113–114).

Матов, Татарчев, Иван Хаџи Николов, кои пред тоа биле консултирани, како и уште „еден до двајца учесници на Советувањето", дале поддршка за востание.[538] Според пишувањето на Ѓорче, на Советувањето Тошев бил воздржан, „сите ги остави без одговор".[539] По тоа прашање, дошло до целосно и трајно несогласување на Тошев со Матов и Татарчев.[540]

По заземениот став на мнозинството на Советувањето, да се извести ЦК дека се против кревање востание, Тошев за тоа со писма ги известил своите истомисленици и пријатели во Македонија.[541]

Известувањето за донесената одлуката за кревање востание, предизвикало возбуда во окрузите и дилеми за востанието. Во Битолскиот револуционерен округ без согласност од Тошев и Петров „не се согласувале да прифатат востание".[542]

Меѓутоа, Матов и Татарчев, во договор со Гарванов, испратиле писма потпишани од нив дека на Советувањето во Софија претставниците на Организацијата биле за востание, „со исклучок на некои".[543]

Подготовките за востанието незапирливо продолжувале. Делчев заминал во Македонија за да дејствува да се отповика одлуката за востание, за што сметал на поддршка од Дамјан Груев. Но, на неколкудневната средба во Солун, во април, место согласност за заедничко дејствување, од Даме го добил „последниот удар на разочарување", што подоцна му било посведочено на Тошев од „Јаворов и други".[544] Пред заминувањето, Делчев побарал од Ѓорче Петров да се застапи во Софија со него да остане и Петар Тошев, за да можат заеднички да го контролираат однесувањето на задграничните претставници Матов и Татарчев. Тие двајца „да не отидат предалеку"[545] во договарањето со врховисти-

538 Костадин Палешутски, Въстанието в Серски революционен окръг през 1903 г., Осамдесет години Илинденско-Преображенско въстание, София, 1988, 119).

539 Спомени на Ѓорче.., 130.

540 Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 68.

541 Д-р Хр. Татарчевъ, Вътрешната македоноодриска революционна организация.., 140.

542 Спомени на Ѓорче.., 129; Хр. Матов, Македонската революционна система..,14.

543 Спомени на Ѓорче.., 132.

544 Ѓорче:„Даме успеал само да му го нанесе (на Делчев) последниот удар на разочарување, како што беше се исповедал пред Пере Јаворов и други, со коишто се беше сретнал потоа во Серско. Овој дух на очајност провејува и во едно писмо до мене, во коешто тој ми велеше дека ништо не може да се направи и дека оди во Серско „да си ја даде главата". (Спомени на Ѓорче.., 133).

545 Ѓорче: „Тој (Делчев) тука (во Софија) конечно беше разочаран од Матов и од Татарчев. На тргнување, најчесто ме молеше да го задржам Перета, така заедно да ги воздржиме да не одат многу далеку" (Спомени на Ѓорче.., 132).

те[546] и во односите со бугарската влада.[547]

На офицерите Македонци од редот на врховистите можело да им се дава одобрение за заминување во Македонија да се борат, само на тие во кои Тошев и Ѓорче Петров имале доверба.

Бидејќи веќе станало извесно дека во Македонија ќе се водат востанички борби, Петар Тошев, на 13 февруари 1903 година, со писмо го повикал во Македонија Костантин Кондов (офицер во бугарската војска) да се бори во Прилепско. Во него, како негов сограѓанин од Прилеп, иако познат како врховист, имал доверба. Од Кондов побарал со потпоручникот Тодор Христов[548] и другите негови другари да се подготват да отидат во Македонија да се борат. Но, го предупредил „да запомнат добро" дека востанието ќе биде внатрешно, кренато од самото население, дека населението ќе се бори, а не само да страда.[549] Во писмото го известил дека во Софија се формирала прилепска чета и дека ќе гледал и тие да заминат во Македонија со таа чета.[550]

Христо Матов и Христо Татарчев ги продолжиле преговорите со Врховниот комитет на Михајловски и Цончев за учество на врховистите во претстојното востание.[551] Во средината на март 1903 год. бил постигнат и потпишан договор. Христо Матов пишува дека договорот го потпишале за Внатрешната организација тој и Тошев, а за ВМК генер. Иван Цончев и полк. Стефан Ни-

---

546 Лозанчев: „Колку подобро ќе беше да не беше се ангажирал толку многу (Гоце Делчев – ММ) во борбата со врховизмот, во борбата за зачувување на чистиот ортодоксен централизам" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 28).

547 Бугарскиот трговски агент Неделчо Колушев на 27 февруари/12 март 1903 год., од Битола го известил министерот за надворешни работи, Ст. Данев во Софија: „Водачите на револуционерната организација во Битолскиот вилает отворено ми кажаа дека се решени да кренат востание оваа пролет и дека за тоа се испратени окружни насекаде до началниците на одделните револуционерни реони. Многупати ми повторуваа, а и сега, дека не можат да го спречат востанието, дури и кога би сакале да го направат тоа". Кон тоа уште известува дека Окружниот комитет на Битолскиот револуционерен округ имал целосна власт над македонското население: „Денес тој (Комитетот) се смета од населението за пострашна сила од владата (османлиска) и нему побргу и со желба му се потчинуваат" (Македония и Тракя.., нови документи..,173, 174).

548 Од Велес, потпоручник во бугарската војска.

549 Тошев до Кондов, 13. февр. 1903 год.: „1. Запаметете добро дека востанието се крева и се води внатре, од името на внатрешното население, следствено во Внатрешната организација; 2. Востанието ќе се бори, а не само ќе страда" (ЦДИА-ЦПА, ф. 949 к. Оп. 1, а. е. 15, л. 1; Хр. Матов, Македонската революционна система.., 14).

550 Кондов, во 1924 год., за тоа пишува: „Околу средината на февруари (1903) бев почестен со покана од Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација да го преземам раководењето на еден од револуционерните окрузи во Македонија. Поканата носеше потпис од Пере Тошев". (Коста Кондовъ, Км Вардар (лични спомени от 1903 г.) „Независима Македония", 43, 1 февруари, София, 1924).

551 Пред крајот на јануари, Гарванов во својство на претседател на ЦК, ги задолжил задграничните претставници да се спогодат (Хр. Матов, Македонската революционна система..,14).

колов.[552] Тоа дека Петар Тошев бил потписник на договорот не е посведочено и од другите современици. Тоа не соодветствува на ставот на Тошев за прашањето за кревање на востанието и посебно не за неселективно и безусловно учество на сите врховисти.

По забраната и расформирањето на двата врховни комитета со одлука на бугарската влада од 1 март 1903 год., Матов и Татарчев организирале формирање на Добротворно друштво за помагање на настраданите од турскиот режим. Друштвото било формирано на 23 април[553] и тие го презеле раководењето под претседателство на Татарчев, по што двајцата можеле јавно да одржуваат врски и да соработуваат со владата и со другите официјални фактори во Бугарија. По апсењето на Иван Гарванов во врска со атентатите во Солун, тие презеле дел од од функциите на ЦК“.[554]

Во Битолскиот револуционерен округ, за востанието бил пресуден ставот на Груев. Подготовките за кревање на востанието се одвивале забрзано.[555] Христо Матов тврди дека прашањето за кревање на востанието, тие со Груев и со Христо Татарчев го испланирале на заточение во Подрум-кале.[556] Според тоа, Груев бил определен за востание пред неговото доаѓање од заточеништво.

Петар Тошев не се согласувал со решението за кревање востание. Тој и со нарушено здравје[557] решил да се врати во Македонија[558] за да се бори. На 1/14

---

552 Хр. Матов, Македонската революционна система.., 14.

553 Хр. Матов, Македонската революционна система..,15.

554 Хр. Матов, Македонската революционна система, 15.

555 Британскиот вицеконзул во Битола на 22 март/4 април 1903 год., го известил генералниот конзул во Солун Макгрегор: „Тешко е, би кажал дури и невозможно, до кои размери е подготвен македонскиот комитет да дејствува. Општиот впечаток е дека се работи за добро дисциплинирана организација која веќе располага со најмалку 40 000 пушки во трите вилаети и исто така значително количество муниција, чиешто пополнување во сегашниот момент е главната цел“. Истиот на 20 јули/2 август известил: „Мажите мобилизирани во востаничките сили се поделени на 10 табори, секој составен од четири баталјони од по 800 души. Со други зборови, секој табор брои општо 3 200 души и целата воена сила во вилаетот достигнува 32 000 души, сите вооружени и обучени. Мажите се повикувани на вежби баталјон по баталјон, така што под оружје – бројност што одговара повеќе на таа во мојата телеграма од 20 минатиот месец. На 10 о.м. ќе бидат повикани шест од десетте возрасни годишта, по што во градовите и во селата ќе останат 12 000 или 13 000 резервисти, со исклучок на селското население кое, иако необучено, делумно вооружено, на големиот дел од него Комитетот, без сомнение, може да смета“ (Освободителната борба на Българите от Македония и Одринско 1902–1904, дипломатически документи, София, 1978, 130).

556 Хр. Матов, Македонската революционна система.,14.

557 Кондов: „Во март веќе бев во Софија... Пере Тошев лежеше болен во клиниката на д-р Ст. Сарафов. Со него имав неколку средби. Живо се интересираше за организирањето на Прилепската чета и се мачеше да ми биде од полза“. (Коста Кондов, Км Вардар.., „Независима Македония“, 1 февр. 1924).

558 Ѓорче Петров пишува за негова разочараност од поделбите на раководните личности на Организацијата. Ѓорче: „Брзо се разочара и Пере (по Делчев) и пролетта (1903 год.) со еден кираџија отиде во Прилеп“ (Спомени на Ѓорче.., 120).

мај заминал од Софија[559] на пат за Прилеп,[560] за да се запознае на самиот терен со состојбата и да заземе став.

Петар Тошев не учествувал на Смилевскиот конгрес кога се донесувало решението за востание. Лозанчев[561] го оспорува кажувањето на Ѓорче Петров во спомените објавени од Милетиќ дека Тошев учествувал на Конгресот и се искажал против.[562] Конгресот во негово отсуство го избрал во Главниот востанички штаб, да се влезе во Штабот веднаш по доаѓањето на теренот.[563]

По пристигнувањето во Прилеп, заварил неподготвеност на Прилепско за востание. Во Прилепско, во месноста „Ливада", се состанал со војводата Петар Ацев, кој го информирал за одржувањето и за донесените одлуки на Смилевскиот конгрес,[564] вклучително и за неговиот избор во Главниот востанички штаб.

За пристигнувањето го известил Анастас Лозанчев во Битола. Лозанчев определил да се состанат[565] во с. Кукуречани. Придружуван од членот на Околискиот револуционерен комитет во Прилеп (шура на Лозанчев) Милан Биолчев,[566] Тошев пристигнал во с. Кукуречани на 15/28 мај.[567] Тука се состанал со Анастас Лозанчев, член на Главниот штаб. Од с. Кукуречани веднаш заминале

559 Ѓорче:„Внатре (во Македонија) замина само со мислата да неречат бега да го види настроението и, ако е можно, да воздејствува, се разбира претпазливо со неговиот такт на дејствување" (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров.., 141).

560 Ѓорче: „На 1 мај го испратив Перета, отиде со кирации" (Спомени на Ѓорче.., 134).

561 Не учествувал на Прилепскиот конгрес поради болест, како што самиот тврди. Лозанчев: „На Конгресот во Прилепско не отидов само затоа што бев болен. Јас моето мислење за сите прашања што се однесуваа за Организацијата му ги кажав на Пере Тошев". (Поправки, извадки, критики..,8).

562 Лозанчев: „Ѓорче економисува со вистината кога вели дека Пере Тошев се искажал на Смилевскиот конгрес против востанието и избегал. Пере не присуствуваше на Конгресот, затоа што беше далеку. Тој дојде во с. Кукуречани, на еден час растојание на север од Битола, дури на 15 мај, по договор со мене, и оттаму заедно со мене и мнозина интелигентни момчиња заминавме кон Облаково и Смилево. Кај Спростране се сретнавме со Груев и Сарафов. Вистина е дека Пере избега од Ресенско по кавга со Дамета, со кого не можеа да се трпат" (Поправки, извадки, критики и размишления от А. Лозанчевъ, На „Спомените на професоротъ Милетичъ отъ войводи и други дейци и като на разни издания които третиратъ впроси на В.М.Р.О. (ракопис, ИНИ, АО, Сл. IV 68), 7).

563 За Главен штаб биле избрани: Дамјан Груев, Анастас Лозанчев и Борис Сарафов. А да се вклучат по нивното пристигнување уште: Пере Тошев, Ѓорче Петров и Христо Матов.

564 Светозар Тошев, По кървав път.., 128–129.

565 Лозанчев: „На Пере Тошев му определив средба на Спасовден. Беше жежок мајски ден, требаше додека е ден да заминам од градот. Преоблекувањето и вооружувањето беше во црквата „Св. Недела". Заминавме. Со мене беа: Лука Церов, Георги Поп Христов, Евтимов, Арсениј Јовков, Лукаров и Костадинов" (Спомени отъ А. Лозанчевъ..,30).

566 Лозанчев: „Стасавме во с. Кукуречани. Таму бев со нетрпение и исчекување да се сретнам со Пере Тошев и со мојот шура Милан Биолчев. Со братски бакнежи и со посакувања (тргнавме) за с .Облаково (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 30).

567 А. Лозанчевъ, Поправки, извадки, критики.., 7.

во с. Облаково, каде што го поминале денот. Вечерта сите се упатиле за с. Смилево. Оттаму, преку с. Боишта, ноќта пристигнале во с. Простране на 17/30 мај. Тука се состанале со Груев[568] и Борис Сарафов.[569] Тука Сарафов наводно побарал да се расправа за неговиот план да се изврши „демонстративен удар" на Битола само со 600 борци, и дека Тошев се согласил, но под услов да има да се употреби „500 kg динамит".[570] Груев не се согласил.[571] Замислата на Сарафов не била прифатена. Потоа Тошев со члeновите на Главниот штаб тргнал да ги обиколи селата во Демирхисарско.

Во с. Бабино (Демирхисарско) Груев, Лозанчев и Сарафов го поставиле прашањето за определување на денот за почеток на востанието. Тошев се искажал против.[572] Барал што подолго да се одложи почетокот на востанието. Согласност не била постигната.[573]

Продолжиле со обиколка на Крушевско на пат за Ресенско. На самиот терен се констатирала неподготвеност за востание, незадоволителна вооруженост на народот. Тошев предупредувал на трагичните последици за народот така неподготвен и невооружен да се крене на востание. Но, никој не сакал да го слуша.[574] Разговарале и за тоа како да се изведуваат борбените дејства.[575] Во Ресен-

---

568 Поп Христов: „Во тоа време во Демирхисарско беше пристигнал Пере Тошев. Беше тргнал за Конгресот, но не можеше да стигне навреме. Во с. Спростране се сретна со Штабот, најглавно со Дамета. Уште при првата средба, разбрав дека тие не се со исто мислење за прашањето на востанието. Се согласи (Пере), затоа што виде дека сме пред свршен факт. Си спомнувам што ме советуваше:„Што станало, станало. Те советувам другарски гледај, колку што се може, да се штедат нашите сили, затоа што пак ќе ни затребаат. На секој начин гледај во селата да се зачуваат раководните тела" (Революционната борба в Битолския окръг.., София, 1953, с. 57.

569 Лозанчев: „Таму (во с. Облаково) го поминавме денот и вечерта тргнавме кон с. Смилево. На 17 ноќта се сретнавме со Борис Сарафов и со Даме Груев во с. Спростране" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 30).

570 Сарафов: „Во с. Спростране првпат се сретнавме со Петар Тошев, кој беше дошол од Бугарија. Јас бев на мислење дека треба да ја нападнеме Битола, макар и со тие 500–600 востаници со кои располагавме. Лозанчев и Груев беа против, затоа што немало луѓе опитни да водат борба в град. Тошев одобруваше само ако има на располагање 500 kg динамит, нешто неможно" (Спомени на Д. Груев, Б. Сарафов и Ив. Гарванов, София, 1927, 91).

571 Освободителното движение в Македония и Одринско, спомени и материали, 1, V, София, 1983, 91–92; Р. Пасков, Борис Сарафов.., 166.

572 Грашев: „Пере, како и Ѓорче, бил категорично против објавување масовно востание, бил за партизанско дејствување, затоа откажал да биде член на Главниот штаб" (Ив. Грашев, Два колоса на македонската революция – Гьорче Петров и Пере Тошев, Извадоци од весници, „Въспоминателен лист" на трима големи македонски революционери", София, 30.VI 1945, 3. – ДАРМ, сиг. 4540).

573 Лозанчев: „Во с. Бабино (Демирхисарско) разговаравме за датумот на востанието. Се задржавме на 6 јули, но Пере сакаше колку што е можно повеќе да задоцни. Така, тоа прашање остана нерешено" (Спомени отъ А. Лозанчевъ..,30).

574 Ацев: „Најважно е што на тие резултати (последици) предупреди Пере, но никој не го послуша" (Извадки от спомените.., 16).

575 Лозанчев: „Не треба да се пропушти овде да се каже дека за време на движењето (на Штабот – ММ) се разговараше за начинот на водењето на борбата. Верно е дека Сарафов настојуваше за напад на Битола,

ско, с. Кривени, Груев одново го поставил прашањето за определување на денот за објавување на востанието. Тошев бил против, „се скарал“[576] со Груев, по што го напуштил Штабот и заминал на пат за Прилепско.[577] Во јуни бил заварен во Крушевскиот реон со неколку товари пушки[578] и по неколкудневно задржување заминал во Прилеп.[579] По пристигнувањето, се присоединил кон Прилепското горско началство,[580] Реонски штаб на Прилепскиот востанички реон, и го презел раководењето „со сите чети“[581] за изведување оружени акции по започнување на востанието, според утврдениот план.[582] За утврдување на состојбата со вооружувањето и, во согласност со тоа, за изведување на борбените дејства, Тошев презел инспекциско патување во селата: Селце, Вранче, Небрегово. Притоа, на самиот терен утврдил дека реонот не е вооружен, дека расположливото оружје не овозможува помасовно учество во востанието. Во koријата „Роман“ кај селото Небрегово се одржало Советување на Горското началство – реонскиот штаб и било договорено: штабот да раководи со востаничките дејства, со четите да се вршат постојани диверзии и напади „за внесување страв“ кај муслиманското население, а градското раководно тело во Прилеп да ја извршува функцијата на интендантство, да се грижи за обезбедување облека, муниција и храна за

на што се противставивме јас и Даме. Не знам дека Пере кажувал оти тој би бил согласен за напад на Битола ако располагавме со 500 kg динамит“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 31).

576 Лозанчев: „Дојдовме во с. Кривени (Ресенско). Јас ја исполнував административната и домаќинската должност на Штабот. Бев тргнат настрана и работев на неодложната кореспонденција. Дојде Пере разгневен, фрчеше со носот. Го прашав: Што е? Молчи, не одговара. Помислив да не се почувствувал засенет од мене, го замолив тој од мене да ја преземе целата работа со којашто бев ангажиран или, ако најде за потребно, само еден дел. Ништо такво нема, ми рече и најпосле се отпушти и ми кажа: Се скаравме, не можам да го трпам тој манијак. Повеќе не го прашав за причините за кавгата, ниту тој ми кажа. Се однесуваше на Даме Груев“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 30-31).

577 Лозанчев:„Откако се поздрави (Тошев) само со мене и со Сарафов, замина за Прилепско со два коња натоварени со оружје“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 31).

578 Томалевски: „Во јуни (1903 год.) заминав со голема здружена чета. Во Пусторечкиот осој го сретнав Пере Тошев како пренесува за Прилеп неколку товари грчки пушки „Гра“. Пере Тошев остана со нас два дни, но не слушнав да проговори два збора, молчеливец“ (Наум Томалевски, Мемоари, „Македонска правда“, I, 31, 8. IV 1934, 4).

579 Ѓорче: „Се прибрал во Прилеп, за да не им се меша (на членовите во Штабот) во големите работи, ниту да им помага, ниту да им пречи“ (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев., 142).

580 Д. Димески, Националноослободителното движење во Прилепско во 1903 година, Гласник на ИНИ; 2–3, 1970, 153.

581 Трајчев: „Во приквечерието на востанието во Прилепско беа четите на Петар Ацев, Толе Паша, Никола Пешков и др., вкупно 5 чети. Шеф на сите чети беше Пере Тошев. кој пристигна од Конгресот на 19 јули и застана на чело на востанието. Четите беа составени од по 15–20 борци“ (Г. Тайчев, през въстаническата година, Сб. Илинденъ 1903–1922, София, 1922, 60).

582 Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 16.

четите.[583] На Советувањето[584] се очекувало доаѓање на Јордан Тренков, но тој не пристигнал. Било извршено распредување на војводите по реони[585] под раководство на околискиот војвода Петар Ацев. Тошев се определил да биде со четата на војводата на Николе Бошков, во Прекуридскиот реон.[586] На Советувањето се расправало и за состојбата со оружјето. Реакциите на војводите поради лошото оружје на четите Тошев ги прекинал со забелешка дека „не е време за критикување", туку храбро да се дејствува.[587] Потоа Војводскиот совет решил да се изврши мобилизирање во четите сите кои имале оружје, а тие кои немале оружје „да чекаат втора наредба".[588] Во Вториот прекуридски реон во с. Беловодица, била отворена привремена работилница за производство на куршуми, чиешто производство ги задоволувало почетните потреби на востаниците.[589]

По заминувањето на Тошев за Прилепско, Лозанчев заминал во Демирхисарско, во Смилево, во седиштето на Штабот, за „да ја води кореспонденцијата, да ги прима куририте, делегациите и др.",[590] а Груев со Сарафов заминал преку Преспа во Леринско. Над с. Буф, на 1/14 јули, двајцата сами го определиле 20 јули/2 август за ден на објавување на востанието. Лозанчев, кој за тоа бил само известен, веднаш се согласил.[591] На состанокот, одржан на 13/26 јули над с. Смилево, Главниот штаб донел одлука да се издаде проглас за објавување на востанието. Прогласот го издале на 15/28 јули 1903 година.[592]

---

583 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 16.

584 Се очекувало доаѓање и на Јордан Тренков, но тој не се појавил. Тоа од војводата Петар Ацев било прокоментирано како „лош знак" (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 16).

585 Мариовски реон – Толе Паша, Полски реон – Христо Оклев, Прекуридски реон – Николе Бошков, Мукоски реон – Анте (Дунски), Мариовско-полски реон – Никола Петров (Русински) (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 16).

586 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 16.

587 И самиот незадоволен, Тошев изјавил: „Што сме дробеле, тоа ќе сркаме!" (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 26).

588 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 16.

589 Светлозар Елдъров, Въстанието в Прилепски район, Осемдесет години Илинденско-Преображенско въстание..,172.

590 Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 31.

591 „На 1 јули Груев и Сарафов биле над с. Буф и таму решиле востанието да се прогласи на 20 јули. Подоцна јас како датум целосно го одобрив" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 31).

592 Окражно за обянване въстанието, Ил. Илинденъ, I, 4, София, 1927, 2.

# УЧЕСТВОТО НА ТОШЕВ ВО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Пред востанието, Петар Тошев бил во с. Ореовец, во четата на војводата Петар Ацев. Тука добил известување, од градскиот комитет во Прилеп, за добиената писмена директива од Главниот штаб за започнување на востанието на Илинден, 2 август (н.ст.).[593] Целосно посветен на ослободителното дело, иако бил против востание, останал да се бори, да биде со својот народ.

Ноќта спроти Илинден, 2 август (20 јули) сите чети тргнале во извршување на востаничките акции – прекин на телеграфските врски од Прилеп со Битола и со Велес, уривање на мостови по комуникациите за Крушево, Кичево, Градско, напади на беговските кули и чифлизи. [594]

Војводата Никола Петров-Русински, кој на Смилевскиот конгрес бил избран во Реонскиот штаб на Прилепскиот востанички реон, во своите Спомени пишува дека во Мариово се состанал со Петар Тошев, Петар Ацев и Јордан Тренков, кои со четите таму биле позиционирани. Русински пристигнал со својата чета со 72 борци. Под с. Витолиште, се состанал со членовите на Реонскиот штаб.[595] Војводата Крсто Гермов-Шакир во своите Спомени пишува дека на тој реон бил и тој, како и војводата Георги Пешков.[596]

Реонскиот штаб решил да се изведе поголема востаничка акција, со напад на касарната во с. Витолиште. Петар Тошев со војводите одржал состанок,[597] се состанал за да утврдат план за напад на гарнизонот на османлиската војска во касарната во с. Витолиште, со околу 200 војници и десетина заптии. За нападот, покрај четите со Реонскиот штаб, тука биле и „месните четници и селската милиција". Договориле план за нападот – Гермов да раководи со бомбашите, а нападот да го извршат четите поделени во ударни групи, предводени од Петар Ацев, Толе Паша, Анте Дунски, Никола Пешков и Никола Тројачанец.[598] Војводата Русински предложил да се изврши тактички маневар со мала чета, која ќе се движи за да биде забележена, за да се постигне извлекување на војската од касарните за гонење, а со другите чети да се изврши нападот. Тошев и Ацев

593 Љ. Лапе Животниот пат и делото..,68.

594 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 16–17.

595 Н. П. Русински, Спомени.., 294.

596 Спомени на Гермов Крсто-Шакир (ракопис во ИНИ, АО, Сл.IV, 167), 17.

597 Спомени на Гермов.., 17.

598 Спомени на Гермов.., 17.



Петар Тошев (во комитска униформа) од времето на Илинденското востание

биле за тоа да се направи опкружување и да се изврши напад за преземање на касарните. Разлики имало и за времето за извршување на нападот. Русински бил да се нападне ноќе за да се постигне изненадување, Тошев и Ацев биле за напад дење. Конечно бил усвоен планот на Тошев и Ацев.

При планирањето, војводите не знаеле дека сите војници не се во касарните, туку разместени по позиции на приодите на селото за обезбедување од ненадеен напад на касарните.[599] Според тврдењето на војводата Гермов, подготвуваниот напад бил откриен. Османлиските војници организирале рововска одбрана околу селото.

Нападот бил извршен на 2/15 август 1903 година.[600] Според усвоениот план, една востаничка чета навлегла во долниот крај на селото, а другите зазеле позиции за напад на ридот лево од селото, спроти касарните на растојание од „осумстотини чекори“. Борбениот поредок на востаниците на ридот бил

[599] Н. П. Русински, Спомени, 293.

[600] Спомени на Н. П. Русински, ракопис (ИНИ АО, Сл. IV, 319/IV 553). Австроунгарскиот конзул во Битола Крал известил дека нападот бил извршен на 1/14 август (Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, превод, редакција и Данчо Зографски, Скопје, 1955, 129-130).

развиен во должина од 300–400 чекори.[601] Првата чета била забележена пред да навлезе во селото и била отфрлена.[602] Војската напаѓала. На позициите на востаниците се борел и Тошев.[603] Борбата продолжила во текот на целиот ден. Со слабо вооружување, нападот за преземање на касарните во с. Витолиште не успеал, „поради силниот отпор на војниците во рововите".[604] Тоа за Тошев била уште една потврда за оправданоста на неговото барање пред членовите на Главниот штаб за што подолго одлагање на почетокот на востанието за подобрување на вооружувањето и на обуката на востаниците.

По битката за Витолиште Петар Тошев, придружуван од војводата Ѓорѓи Пешков со четата, преминал во Прекуридскиот реон и се присоединил кон тамошната чета на Никола Бошков, што тоа и самиот го сакал. Пешков го предупредил војводата Бошков „да биде внимателен кон Перета" поради неговата здравствена состојба, да внимава на храната.[605]

Четата на Бошков со Тошев од Прилепско преминала во Тиквешко, во с. Фариш, ја запалила и изгорела тамошната кула, „свърталиште на разбојници-помаци од соседното село Сирково".[606] При престојот во реонот меѓу селата Дрен и Смољани, четата била известена од с. Царевиќ дека во селото дошол прочуениот по зло „турски разбојник" Ќелеш Осман. По наредба на Тошев, четата го заробила разбојникот, го извела пред Тошев и тој бил осуден и казнет според законите на Организацијата. Потоа, Тошев со четата влегол во с. Царевиќ. Тука биле повикани селаните од соседните села и Тошев наредил „сета храна најдена на чифлигот да им се раздели на селаните". Сетне Тошев преминал во четата на Петар Ацев во с. Ореовец. [607]

Во Прилепско пристигнал Ѓорче Петров со голема чета и донесол оружје, пушки, муниција, бомби и динамит.[608] Донесол и четири „гранатофрлачи".[609]

---

601 Н. П. Русински, Спомени.., 293.

602 Н. П. Русински, Спомени., 293.

603 Петар Ацев запишал: „Го видов Перета заслонет зад еден камен и стрела кон аскерот, кој не напаѓаше". (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 17).

604 Спомени на Гермов.., 17.

605 Пешков рекол: „Нервите му се растроени, за храна да му се дава само млеко". Бошков самиот тоа му го кажал на Ангелов. (Юр. Ангелов, Пере Тошев, 18).

606 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 18.

607 Юр. Ангелов, Пере Тошев..,18.

608 Ѓорче: „Носевме динамит 130 кила, околу 200 бомби, електрични машини 8 (две европски и 6 тукашна направа), пеколни машини (часовници) 6 или 8 беа; фишеци носевме во изобилие. Многу од четниците носеа фишеци за своите таму (за брат итн.). Од пушки, само 22 беа манлихерки, а другите берданки и мартинки". (Спомени на Ѓорче.., 136–137).

609 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 190.

На 25 август се состанале Пере Тошев и Петар Ацев со Ѓорче Петров и го информирале за ситуацијата.[610] Двете чети продолжиле заедно да се движат по селата во Прилепско за извршување акции.[611]

Во септември 1903 година во Мариовско пристигнал Костурскиот одред „од 200 души", предводен од војводите Лазар Поп Трајков и Иван Попов. Во средината на септември, дел од одредот со Лазар Поп Трајков се вратил назад, останала една чета под водство на војводата Иван Попов. Пред крајот на септември, војводата Попов добил известување од Штабот четата да го продолжи дејствувањето во Прилепскиот реон и „општо каде што ќе сметале за добро". Војводата Попов решил четата да остане во Прилепско и се присоединил кон војводата Петар Ацев.[612]

Здружените чети се упатиле во Мариовско. На 2 октомври воделе жестока борба на врвовите Маргара[613] и Орле со далеку надмоќната османлиската војска, до 5 500 војници. Во борбата востаниците првпат го употребиле новото модерно оружје – четирите минофрлачи, при што биле уништени два планински топа на османлиската војска.[614] Востаниците храбро се бореле,[615] покажале големо херојство.[616] Ноќта востаниците успеале да се пробијат низ османлискиот обрач. Загинале четворица востаници, неколкумина биле ранети, додека

[610] Во врска со тоа, Русински запишал: „Тој (Ѓорче) се беше сретнал со П. Ацев и П. Тошев, кои го беа разочарале". (Н. П. Русински, Спомени.., 299).

[611] Спомени на Ѓорче.., 146.

[612] „Во Мариовско се присоединивме кон четата на прилепскиот војвода Петар Ацев. Ние со П. Ацев заедно се движевме во Прилепскиот реон, каде што се сретнавме со Петар (Пере) Тошев и со Ѓорче Петров. Писмото од Штабот што најпосле го добивме, наредуваше да дејствуваме со Ѓорче Петров во Прилепско и општо каде што ќе сметаме за добро, а кога ќе се смири Костурско ќе ни пишеле да се вратиме таму" (Л. Милетичъ, Костурско през времето на Илинденското въстание (По спомените на покойния войвода Иванъ Поповъ), Македония, кн. VI (юни), София, 1922, 48–49).

[613] Попов: „Изморени од патот, се задржавме во подножјето на врвот Маргара. Утрото бевме опколени со војска од сите страни.., тоа беше на 2 октомври. Ние бевме 116 души" (Л. Милетичъ, Костурско.., по спомените на покойния войвода Иванъ Поповъ.., 49).

[614] ЦДИА, ф. 176, оп. 1, а. е. 1673, л. 147; ф. 321, оп. 1,а. е. 1581, л. 6, според Р. Пасков, Борис Сарафов.., 190.

[615] Македонскиот народ ја опеал жестокоста на борбите и херојството на своите востаници во песната „Облак грми, земја ли татни"
...............................
Нека разбере цела Европа
па ако сака и самиот Султан,
тука живеат сè Македонци
на Самоила славни потомци.
(Македонски народни умотворби, кн. 5, Ајдутски и револуционерни песни. Избор, предговор и белешки д-р Марко Китевски, Скопје, 2009, 169).

[616] Ослободителното движение в Македония.., спомени и материали.., 196–197.

османлиската војска имала над 200 убиени, а според други тврдења до 400 жртви.[617]

На 6 октомври, на планината Ниџе, Ѓорче Петров, Иван Попов и Лазар Поп Трајков се сретнале со Борис Сарафов, кој се упатил да оди во Бугарија. Сарафов ги известил за решението на Главниот штаб за запирање на востанието и за демобилизација на востаничките сили.[618] Ѓорче Петров известувањето го примил со неодобрување. Сметал дека треба да се демобилизира само мобилизираниот состав на востаничките единици, а да се задржат постојаните вооружени чети за зачувување на кадрите и за функционирање на Организацијата.[619]

Ѓорче Петров не се откажувал од изведувањето акции. Планирал со четата да продолжи да извршува атентати на железничката линија Лерин–Воден. Тоа го скрил од Тошев и од Прилепското горско началство.[620] Но, поради осипување на четата (по добиеното известување за запирање на востанието), планот за акциите бил откажан.[621]

Тошев со четата на Петар Ацев се упатила на планината Козјак, во с. Крстец, а оттаму по другите села во Прилепско.[622] Во селото Крстец пристигнал курир на организацијата од Прилеп, Милан Манџура, кој донел писмено известување од австрискиот конзул за Перета за амнестирање: „сите војводи и четници кои учествувале во востанието да се предадат за да бидат ослободени, освен учесниците во атентатите“,[623] по што повеќето од четниците се предале, а другите заминале во Бугарија. Тошев, Петар Ацев и Георги Леништанец со група борци останале во планините.[624]

По неколкумесечни жестоки исцрпувачки борби, а по согледувањето и процената за можностите за продолжување на востанието со расположливите

---

617 С. Елдъров, Въстанието в Прилепски район.., 176.

618 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 190.

619 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 191.

620 Спомени на Ѓорче Петров, Прилеп, 1950, 147.

621 Љ. Лапе: Ѓорче зборува за неговите планови за правење атентати на железничката линија Лерин–Воден и скришум од Перета му го соопштил овој план на Даме. Меѓутоа, поради осипување на четата, планот не бил реализиран“. (Љ. Лапе, Ѓорче Петров и Пере Тошев, 141, бел. 9).

622 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 19.

623 Юр. Ангелов, Пере Тошев..,19.

624 „Не ја загубил вербата во македонското население, кое тој долго време го учеше и го калеше за тешка борба. Тој му ја познаваше душата, не го напушти во тој критичен момент и остана да го го крепи неговиот дух за нова борба. Одеше од село во село да го заштити исправното оружје и да го одржува духот на народот“. (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 19).

сили и средства, а со оглед на карактерот на интервенцијата на европските Големи сили, востаничкото раководство донело одлука за запирање на востаничките оружени дејства. Целта била востанатиот народ, недоволно неподготвен, со примитивно оружје, во борбата со огромната османлиска армија вооружена со модерно оружје и топови, кој покажал „голем хероизам“,[625] да се поштеди од натамошни жртви. Со тоа се штеделе и силите и кадрите на Организацијата.

Главниот востанички штаб во еден документ од 10 декември 1903 година, му оддал високо признание за пожртвуваноста и истрајноста на народот, подготвен на секакви жртви, за да се избори самостојно за свое ослободување, и затоа што по сè останал единствен.[626]

На 12 декември, Дамјан Груев за Главниот востанички штаб издал Окружно со коешто известувал дека се распуштаат горските штабови и другите воено-востанички органи, а раководењето го преземаат револуционерните комитети и во сила се ставаат Уставот и Правилникот. Комитетите се задолжувале да се раководат според актите, со укажување дека Организацијата „останува верна на целите и ќе продолжи да дејствува во духот на старата програма“, како и дека ќе се формира специјално инспекциско тело за ревизија на Битолскиот револуционерен круг.[627]

---

625 Ацев: Неподготвено востанието, и покрај сите усилби и големиот хероизам и саможртвувањето на народот кој се бореше со секири, коси и со пушки кременки против топови и маузерови пушки, резултатите беа жалосни“. (Извадки от спомените.., 16).

626 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 66–67.

627 Глигор Тодоровски, Неколку документи за активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, Гласник на ИНИ, 3, Скопје, 1971, 209-210; М. Миноски ВМРО по Илинденското востание.., 67.

## РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТ НА ТОШЕВ ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

По распуштањето на востаничките штабови, побегнале повеќето од раководителите и војводите. Од востанатиот Битолски револуционерен округ, избегале околу 150 од „раководните сили".[628] Останал Дамјан Груев (по распуштањето на Востаничкиот штаб, на 25 декември 1903 год.), околу кого се групирале сите како во Битолскиот округ, така и во соседните Тиквешката, Велешката, Воденската и др. околии.[629] Со народот останале уште Пере Тошев и Ѓорче Петров кои, како што пишува војводата Петар Ацев, биле сметани за „апостоли на Организацијата".[630] Во Битолскиот револуционерен округ останале тројцата водечки личности на Организацијата.[631] Останале и други раководители и војводи: Анастас Лозанчев, Павел Христов, Петар Ацев, Ѓорѓи Сугарев, Мих. Узунов и Ѓакон Евстатиј.[632] Секако останале месните војводи, главно селски војводи со мали чети. Во секоја револуционерна околија се задржале по 5-6 чети.[633]

Петар Тошев, со Петар Ацев и Георги Леништанец, продолжил да престојува на Никодинската Планина во колибата,[634] во месноста Мала Река.[635] Посветен на делото, Тошев решил да продолжи со апостолството, да оди меѓу народот за да види дека неговите водачи се тука со него, да ги споделуваат неговите страдања и да го охрабрат. На негово барање тие тројцата, со уште неколкумина од борците, продолжиле да ги посетуваат селата.

Населението во селата, и покрај опасностите од постојаните силни потери од војската, ги пречекувало без осуда за претрпените загуби и страдања, радосно и благодарно што не било заборавено, оставено на неговата судбина. Тоа уште повеќе ја зацврстило Тошевата посветеност на делото, да му служи на својот народ и „да умре за него".[636]

---

628 Спомени на Ѓорче.., 151.

629 Извадки от спомените на Петар Ацев за Прилепската конференц. 1904 год. (ИНИ, АО, Сл. IV, 445), 2.

630 Извадки от спомените на Петар Ацев.., 2.

631 Михајло Миноски, Обид на Пере Тошев на Прилепскиот конгрес на Битолскиот револуционерен округ, од мај 1904 година, да издејствува донесување на национална програма, Прилози за Илинден, VII, 1993, 117.

632 Спомени на Ѓорче.., 151.

633 Спомени на Ѓорче.., 151.

634 Колиба на некој јагленар по име Спасе (Юр. Ангелов, Пере Тошев., 19).

635 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 19.

636 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 20.

Тошев и Ѓорче Петров останале нелегално да престојуваат во Прилеп.[637] Оттаму Ѓорче се преместил во Битола, каде што од ноември нелегално престојувале Дамјан Груев, Анастас Лозанчев и Ѓорѓи Сугарев.[638] Не многу потоа и Тошев преминал во Битола, каде што и престојувал, исто така нелегално. Ѓорче отишол во Битола, со намера да остане за постојано, тука да дејствува.

Во Битола повремено се состанувале и разговарале четворицата: Дамјан Груев, Анастас Лозанчев, Петар Тошев и Ѓорче Петров. Врски одржувале со револуционерните околии и со ЦК во Солун. Го обновиле и издавањето на револуционерниот весник „На оружје".[639] Разговарале, главно, за положбата во земјата по востанието и за состојбите во Организацијата. За реформите на европските Големи сили во Македонија не нашле за потребно посебно да расправаат. Груев и Ѓорче Петров реформите веднаш ги осудиле и ги прогласиле „за ништожни". Лозанчев се изјаснил програмата за реформи првин да се проучи, а потоа да се заземе став. Тошев не се искажал ниту против, ниту за.[640]

Како прашање од прв приоритет се наметнувало да се решава и да се реши раководењето со Организацијата, за обновување на организационата мрежа и за враќање на мобилноста на сите органи. Централниот комитет, составен главно од неавторитетни личности,[641] не ја извршувал и не можел да ја извршува таа функција.

Ѓорче Петров подготвувал со Дамјан Груев и Петар Тошев да го преземат раководењето со Организацијата. Во декември 1903 година, Ѓорче им предложил враќање на првичната поделба на организационата територија на три револуционерни окрузи: Солунски, Битолски и Скопски и тие да го преземат

637 Во Прилеп, а оттаму во Битола. „Го преоблековме во селски алишта и го чувавме. Тој (Ѓорче) остана во Битола (со повремени заминувања во Прилеп и Прилепско – ММ) до крајот на 1904 година. Истото го направи и Пере Тошев (во Прилеп – ММ)" (Спомени на Гермов.., 19).

638 Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 44.

639 Лозанчев: „По доаѓањето на Пере Тошев (во Битола) редок беше денот да не сме заедно. Но, многу често бевме и четворицата: Пере, Ѓорче, Даме и јас. Одново почна излегувањето на весникот „На оружје" (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 45).

640 Лозанчев: „Наша капитална грешка беше што без да ги проучиме како што треба, ги осудивме како ништожни и речиси не посакавме да се занимаваме со нив. Разговарајќи за тие реформи, јас бев на сосема спротивно мислење од Ѓорче Петров и Даме Груев. Што се однесува до Пере Тошев, тој ниту еднаш не се искажа за тоа прашање, ниту за, ниту против. ... Повторувам дека тоа беше една капитална наша грешка, којашто јас не можам да им ја простам ниту на Ѓорче, ниту на Даме, па дури и на Пере, затоа што не заземе став за тоа прашање" (Спомени от А. Лозанчев.., 45-46).

641 Христо Поп Коцев и Спас Мартинов, по откажувањето првин на Кирил Прличев, а потоа и на Петар Поп Арсов. Во ЦК уште се спомнуваат: Борис Мончев, Димитар Влахов Александар Димитраков и Иван Сапунаров. За составот на ЦК има различни тврдења (Љ. Лапе, Документи за положбата.., 247–248, 258).

раководењето.[642] Дамјан Груев да раководи со Солунскиот револуционерен округ, тој да раководи со Битолскиот, а Петар Тошев со Скопскиот револуционерен округ. Даме Груев, кој имал потајна амбиција самиот да раководи со Организацијата, предлогот го одбил. Не му успеал обидот на Ѓорче одделно да се состанат со Груев за да ги разјаснат работите и да се договорат. Груев не сакал Ѓорче да остане во Битола, а не сакале и Павел Христов и други војводи.[643] Така Ѓорче во Битола се нашол „во целосна изолација“.[644] Неговото натамошно подолго останување станало невозможно. Решил да замине. Се вратил во Прилеп. Тука се притаил[645] и продолжил да престојува нелегално.[646]

Дамјан Груев кој практично раководел со Округот како приоритетно поставил борба со пропагандите. За да се парализира грчката пропаганда во Округот, на негово застапување, Комитет донесол одлука да се преземат акции. Со окружни писма, што тој самиот ги потпишал, на војводите им било наредено да го присилат населението од патријаршиските села да преминат кон Егзархијата.[647] Тошев бил застапник за колективно одлучување, не се согласил со постапката на Груев. Тој не се согласувал Дамјан Груев самиот да раководи со Организацијата. Не сакајќи да му се противстави,[648] заминал од Битола и се вратил во Прилеп.[649]

Во Прилеп, во околиското раководство на организацијата, се засилило фракционерството, и поделбите на „централисти“ со Петар Ацев и „сарафисти“, предводени од Јордан Тренков. Трнеков одржувал врски Глигор Ламев, поранешен припадник на Организацијата,[650] а по Илинденското востание бил војвода на вооружена чета на српската пропаганда во Прилепско, за кого сметал дека бил сарафист.[651] Поделеноста во раководството останувала, што

642 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание (од 1903–1908 година, Златна книга, 71).

643 Ѓорче: „Мојата идеја беше ние тројцата: јас, Пере и Даме, да се растуриме на три места (јас да останам во Битола, како нов, Даме во Солунско, Пере во Скопско. Тоа, изгледа не го бендисувало Дамета. Којзнае како си го истолкувал, така што скроиле да ме мавне“ (Спомени на Ѓорче.., 154).

644 До средината на јануари 1904 година (М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание..,71–72; Ванчо Стојчев, Воена историја на Македонија, Скопје, 2000, 486).

645 Извадки от спомените на Петар Ацев.., 2

646 Спомени на Ѓорче.., 154.

647 Едно од писмата било запленето од властите кои им го претставиле на странските конзули, а тоа го искористила грчката пропаганда за компромитирање на Организацијата.

648 Ѓорче: „Пере е националист по гледиште. Го сфаќаше егоизмот на Дамета лично да ја држи ситуацијата и го осудуваше, но не сакаше да му се противстави“ (Спомени на Ѓорче.., 155).

649 Ѓорче: Пере се врати во Прилеп. Од него ги научив овие работи“ (Спомени на Ѓорче.., 155).

650 Во Прилепско дошол во четата на Мирче Ацев во 1902 година (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 20).

651 Глигор „со препорака од Сарафов кога бил во Белград, минал по каналот на Внатрешната организација во Прилепскиот крај и се прогласил за српски војвода“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев .., 20).

се одразувало на ефективноста на борбата против сè поагресивните пропаганди,[652] посебно против силната српска пропаганда.[653]

Ѓорче Петров, не можејќи самиот да влијае за надминување на поделбите во раководството во градот, побарал средба со Петар Тошев и Петар Ацев. Се состанале во с. Плетвар.[654] Ѓорче ја претставил состојбата. Се договориле војводата Петар Ацев да отиде во Прилеп и со својот авторитет да издејствува помирување.

Токму во тоа време во Прилепско дошол Дамјан Груев да се сретне со Тошев и со Ѓорче Петров за да се договорат за раководењето со Окружната организација. Средбата на тројцата раководители се одржала во с. Селце, близу Прилеп. Целосна согласност не била постигната. Тошев го прифатил барањето на Груев да оди во Битола, а Ѓорче останал да престојува нелегално во Прилеп.

Во Битола, по пристигнувањето на Груев и Тошев, се одржал состанок. На состанокот во декември учествувале: Павел Христов, Анастас Лозанчев, Дамјан Груев и Петар Тошев.[655] Прогласиле формирање на Окружно раководство на Битолскиот револуционерен округ. Ѓорче Петров за тоа не бил консултиран.[656]

Во Прилеп одново се вратил и Петар Тошев[657] и извесно време престојувал нелегално.[658] Како член на Окружниот комитет, известил за издаденото окружно за гонење на српските и грчките чети.[659] Со Ѓорче му се придружиле на реонскиот војвода Петар Ацев.

Во Прилеп продолжувало фракционерството и со тоа поделбите во раководството на Организацијата. За средување на состојбите, војводата Ацев барал отстранување на Јордан Тренков не само од раководството, туку и од градот. Пере Тошев бил против примена на таква мерка, што од Петар Ацев

---

652 Тошев: „Меѓу нив нема никаква согласност. Така, на пример, во Прилепско, додека едни се изјасниле за интернационалисти сосема индиферентни кон сите училишно-црковни работи, други, како овдешните, (во Битола) се јавуваат како големи националисти. Ми кажаа дека од Софија и од Солун добиле дури и укори за тој нивни колорит“ (ЦДИА, ф. 176, оп. 1, а. е. 1876, БТА – Битола, Н° 128/ 16. II 1904, А. Тошев до Рачо Петров во Софија).

653 Тошев: „При тоа имаат намера поголемо внимание да обрнат во Кичево, за да можат таму да ја парализираат силната српска пропаганда и да создадат една силна преграда против ширењето на србизмот на југ и на запад“. (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 1530, л. 43, БТА–Битола, Н° 88/ 9 февруарий 1904, Тошев до Рачо Петров во Софија).

654 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 21.

655 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 21; Р. Пасков, Борис Сарафов, 193.

656 Ѓорче: „Таму во Битола првпат, без да ме сондираат, Пав. Христов, Лозанчев, Пере и Даме решиле да прогласат дека постои Окружен битолски комитет и да почнат да функционираат како окружен комитет“ (Спомени на Ѓорче.., 154).

657 Ацев: „Истото го стори едно време и Пере Тошев“ (Извадки от спомените на Петар Ацев, 2).

658 Во куќата на поп Георгиевци (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 21).

659 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 21.

било примено како неоправдана поддршка и заштита на Тренков. Револтиран од постапката на Тошев, војводата Ацев изјавил дека заминува со четата, дека откажува да одржува врски со Организацијата во градот и предупредил дека ќе постапува така сè до враќањето на единството.[660] И по неговото заминување решение не било најдено, помирување не се постигнало.

Состојбите во целата Револуционерна организација се влошувала. Окружниот комитет на Серскиот револуционерен округ поставил барање да се расправа за функционирањето на Организацијата, посебно за раководењето во контекст на последиците од востанието.[661]

Задграничните претставници Матов и Татарчев биле за преземање вонредни мерки за неодложно решавање на прашањето за раководење, да се среди состојбата за подготовките за одржување општ конгрес, како единствено надлежен да решава и да реши тоа прашање. На 1 јануари 1904 година, „во договор“ со Димитар Мирасчиев и Ѓорѓи Поп Христов,[662] со писмо до окружните комитети и до нефункционалниот Централен комитет во Солун, предложиле да се формира привремен „Раководен центар“ од најавторитетните раководители на Организацијата: Дамјан Груев, Пере Тошев и Ѓорче Петров. Раководниот центар да раководи со директиви и упатства со задолжителна сила за сите револуционерни окрузи на Организацијата,[663] а постојниот Централен комитет да се трансформира во Централно биро[664] како негов орган. Централното биро, составено од тројца членови од актуелниот ЦК, да ги одржува врските со окружните комитети, со исклучок на Битолскиот револуционерен округ, за којшто се предлагало со него непосредна врска да одржува „Раководниот центар“.[665]

---

[660] Ацев: „Недоразбирањата меѓу прилепчани беа така стари и, макар и неоправдани, не можеа да се изгладат и со содејството како на Пере Тошев така и на Ѓорче. Кога се убедивме дека губиме време со грижата во градот да се постигне нешто, јас го напуштив со изјава дека нема да се обратам ниту за содејство за каква било работа, додека не се стабилизира положбата и не се воспостави единство во организацијата“ (Извадки от спомените.., 2).

[661] Силјанов, кој имал крајно непријателски однос кон Сандански и општо кон сереските револуционери негови содејци, пишува дека тоа било направено за да бидат компромитирани авторитетните водачи од Битолскиот револуционерен округ Дамјан Груев и Пере Тошев (Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония, 2, 59–60; Р. Пасков, Борис Сарафов.., 195).

[662] Љ. Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина на 1904 година. Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1961, 247, 254.

[663] ЗП: „Ќе се базира не врз некои формални основи, како што тоа би имало место ако го беше одбрал редовен конгрес, а исклучиво врз авторитетот на личностите што ќе го сочинуваат“. (Љ. Лапе, Документи за положбата.., 153).

[664] ЗП: „За да не запираат нашите работи, наоѓаме за најдобро да се употреби следниов модус, да се применува до конституирањето на идниот редовен Централен (комитет, избран на општ конгрес). Имено: Брајан (Дамјан Груев) со двајцата другари Лефтер (Петар Тошев) и Марко (Ѓорче Петров) да сочинуваат привремен раководен центар, а Св. Гора (актуелниот ЦК) да биде Централно биро“ (Љ. Лапе, Документи за положбата.., 253).

[665] М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 72.

Раководството на Битолскиот револуционерен округ Со Груев го отфрлило предлогот од Задграничното претставништво и барало да се почитува Уставот на Организацијата. Од Централниот комитет во Солун истото раководство побарало да ја продолжи работата до одржувањето општ конгрес на Организацијата,[666] единствено надлежен за менување на Уставот и за раководење со Организацијата. Веднаш потоа, во јануари, од членство во Централниот комитет се откажал Петар Поп Арсов, еден од основачите на Организацијата и единствениот поавторитетен.[667]

Во тоа време Борис Сарафов пројавил амбиција да го преземе нефункционалниот Централен комитет, а со тоа и раководењето со Организацијата. Но, бргу согледал дека тоа не може да се изведе, па затоа подготвувал да основа Македонски комитет во странство, во Женева.[668]

Петар Тошев заминал од Прилеп и со двајца соборци се движел низ селата во Прилепско[669] да извршува организациона работа. Притоа, планирал како Револуционерната организација ќе дејствува во новите услови по востанието.[670] Врски одржувал со Груев во Битола и со Ѓорче Петров во Прилеп.

Во средината на јануари 1904 година во Прилепско дошол Дамјан Груев на средба со Тошев. Се состанале во с. Беловодица за да ја разгледаат состојбата во Окружната организација. Се покажало дека имаат различни гледања, посебно за раководењето со Организацијата. Воделе долготрајни разговори, меѓусебно се убедувале, но не се разбрале. Разликите во ставовите повлијаеле на нивните лични односи. Во интерес на делото, не сакале прекинување на врските.[671] Затоа по средбата Груев и Тошев заедно заминале во Битола.[672]

---

666 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 72.

667 По Поп Арсов, Централниот комитет го напушти и Кирил Прличев (на барање од задграничните претставници Христо Матов и Христо Татарчев). По него, истото го стори и претседателот Христо Поп Коцев. Така, во Централниот комитет останаа Борис Мончев (кој ја презеде функцијата претседател), Димитар Влахов и Иван Сапунаров (М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание., 72).

668 Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија.., 253.

669 Ѓорче: „Пере остана само со двајца по горите во Прилепско“(Спомени на Ѓорче.., 151).

670 Ѓорче: „Во Прилепско (Пере) кроеше планови за нова организациона дејност по востанието“ (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев.., 142).

671 Ѓорче до Петар Ацев: „Што се договорија на нивната средба со Даме во Беловодица пред ние да се видиме со нив во Селце и како се разбраа со Дамета, зошто тие не се сакаа повеќе, но се надмудруваа (? Љ. Л.) и гледаа да не дојде до прекинување на конците и после од Битола што наредија двајцата? (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев, 141).

672 Ѓорче: „Пере по таа средба замина со Дамета во Битола, но дали зимата остана таму или се врати во Прилеп, сум заборавил, па и средбата нивна кога беше. Не помнам исто колку време помина со Пере во Беловодица и каде на друго место“ (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче.., 141).

По краткотрајно задржување во Битола, Тошев се вратил во Прилепско. Иницирал одржување тројна средба со Груев и Ѓорче Петров, да разговараат за состојбите во Организацијата. Од Прилеп пристигнал Ѓорче Петров. Тројцата раководители: Петар Тошев, Дамјан Груев и Ѓорче Петров се состанале во с. Селце за „да разменат мисли" за натамошното дејствување.[673] На состанокот настапиле со различни гледања. Несогласувања се појавиле меѓу Дамјан Груев и Ѓорче Петров.[674] Многу поголеми недоразбирања се појавиле меѓу тие двајца и Пере Тошев,[675] многу посилно меѓу Тошев и Груев.[676] Два дни разговарале и спореле. Ѓорче соопштува дека Пере бил на негова страна, но и дека барал воздржување, за смирување на расправата со Груев.[677] Согласност не постигнале.[678] Груев, наводно, Ѓорчета го сметал за конкурент и не сакал тој да оди во Битола. Ѓорче се вратил во Прилеп, а Пере Тошев и Груев заминале во Битола.[679]

Странските претставници, посебно тие од балканските држави, внимателно следеле што се случувало од аспект на влијанието на реформската акција за смирување на ситуацијата и способноста Организацијата, во повостаничките услови, за продолжување на борбените дејства со настапувањето на пролетта. Бугарскиот агент во Битола А. Тошев во почетокот на февруари 1904 година известил во Софија дека од разговорите со претставници на Организацијата се убедил дека „сериозно движење" во Битолскиот вилает не треба да се очекува. Во многу подрачја на вилаетот населението во Ресенско и во Кичевско било деморализирано, а во Прилепско „крајно апатично". Посебно затоа што Организацијата не располагала со средства и не го поседувала потребното оружје за да преземе „нешто посериозно".[680] И самите раководители, од тие причини, сакале да не дојде до востание, доколку се согледа и најмала можност за подобрување на положбата на населението. Но, и дека тие биле „крајно разочарани

---

673 Ѓорче: „Најпосле се сретнавме во с. Селце (пола саат од градот). Првпат се сретнав со Дамета по 4–5 години. Не можеше да ме познае (отидов со прилепска антерија, со ќурк, беше зима). Таму останавме два дни, поминати во размена на мисли. Само се расправавме". (Спомени на Ѓорче..,154).

674 Ѓорче Петров, Спомени–Кореспонденција.., 204–205.

675 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 72.

676 М. Миноски, Обид на Пере Тошев.., 121.

677 Ѓорче: „Пере беше со мене. ... Тој ми велеше дека Даме итрува и ме запираше да зборувам" (Спомени на Ѓорче.., 154).

678 Ѓорче: „Среќавањето излезе бесмислено" (Спомени на Ѓорче.., 154).

679 Ѓорче: „Јас се видов избегнуван како конкурент" (на Груев – М М) (Спомени на Ѓорче.., 154).

680 ЦДИА-С., ф. 321, оп. 1, а. е. 1530, л. 43–44. Строго доверлив рапорт на бугарскиот агент Тошев од Битола до претседателот на владата Рачо Петров во Софија, бр. 88/9 февруари 1904 год.

од реформите“.[681] Сепак, решиле привремено да се пасивизираат, во очекување на развојот на состојбите. Во секој случај, требало да се очекува дека Организацијата ќе дејствувала со мали чети[682] кои „ќе ги обиколуваат селата да го бодрат духот на населението и, од друга страна, да им задаваат страв на шпионите и предавниците“.., како и да водат „поенергична борба против грчката и српската пропаганда“.[683]

Раководните личности на Организацијата не верувале и не очекувале дека реформската акција ќе доведе до посуштинско менување на состојбите во Македонија и до подобрување на положбата на народот. Според еден документ од 6 февруари 1904 година, наменет повеќе за европските Големи сили, Организацијата поставила барање за полна политичка автономија на Македонија, со укажување дека со тоа барање Организацијата ја добила довербата на народот и дека секакво отстапување „ќе биде предавство, дури и под претпоставка дека Портата ќе ги исполни сите ветувања“.[684]

Од раководителите, Петар Тошев бил најревносниот застапник за реформирање на Организацијата, за напуштање на дотогашната централизација, а за децентрализација со зголемени надлежности на окружните комитети, со демократизација на внатрешните односи и изборност за сите органи на Револуционерната организација.

Преиспитувањето на организационата поставеност, раководењето и стратегијата за дејствување во повостаничките услови, биле разгледувани во Округот, којшто бил водечки. Тука водечките личности останале доследни приврзаници

---

681 ЦДИА-С., ф. 321, оп. 1, а. е. 1530.

682 Силите реформаторки, посебно Австро-Унгарија, не гледале оптимистички дека реформите ќе донесат смирување на Македонија, затоа што „немало власт што ќе го заштити мирното население од режимот на Османлиската држава. Бугарскиот дипломатски претставник во Виена на 22 јануари/4 март 1904 година известил: „За македонските работи, грофот Капнист не изгледа толку оптимист. Тој е на мислење дека комитетите пак ќе преземат напролет некое востание. Тоа може да се спречи само со реформите. ... На забелешката дека ако македонската жандармерија се организира брзо и ќе знае да вдахне доверба кај населението. можно е комитетите да не успеат да ги вовлечат селаните. Грофот ми одговори: Тука не е прашањето... затоа што знаат (комитетите) дека во Македонија уште нема власт што може да го заштити мирното население од насилствата и измачувањата на Турците, но и од револуционерите“. (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 1530, 121–122; Македония и Тракия.., нови документи.., 235, 236).

683 ЦДИА-с., ф. 321, оп. 1, а. е. 1530. Тој повикувал Бугарија да ја искористи положбата на Организацијата за поткупување на нејзините раководители. Од владата барал за таа намена да отпушти средства што „Агентството ќе ги отпушта на рати на добро познати претставници на Организацијата, преку тукашниот (егзархиски) митрополит или директно од агентот, секогаш со расписка кога тоа е можно“. На крајот пишува: „Јас лично, иако сум против поткупувањето, таа мерка ја сметам за една од најефикасните во сегашно време“.

684 Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Револуционерната организација во првата половина на 1904 година, Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1961, д. 3, с. 254.

на самостојноста и независноста на Организацијата и на посебноста на ослободителното дело. Окружното раководно тело за тоа расправало на повеќе состаноци, на кои не се постигнало усогласување на гледањата за заземање за единствени ставови што како норми ќе бидат вградени во актите на Организацијата.

За надминување на настаната состојба, било свикано окружно советување на раководителите од Округот. На Советувањето, одржано во Битола, учествувале: Дамјан Груев, Петар Тошев, Анастас Лозанчев, Павел Христов, Ацо Дорев.[685] Од водечките личности, единствено не учествувал Ѓорче Петров.[686] Тој не бил ниту информиран. Барањето на Тошев за промени и за децентрализација не било прифатено. Мнозинството од учесниците на Советувањето се солидаризирале со Груев и го поддржале неговиот став за задржување на дотогашната организациона поставеност на Организацијата, следствено и за централизација во раководењето, до одржувањето општ конгрес којшто единствено можел да решава за промени. На Советувањето мнозинството ги усвоило следниве заклучоци: што побргу да се свика општ конгрес; за раководење со Организацијата до одржувањето на општиот конгрес да се формира подвижен Централен комитет; да се работи според „старата програма", а да се засилат терористичките акции.[687] За тоа било известено Задграничното претставништво во Софија. Во почетокот на февруари, во писменото известување до Претставништвото, се осудувал „духот на децентрализацијата", Организацијата да продолжи со доследна примена на Уставот и правилниците, да дејствува „во духот на старата програма".[688]

Војводите од Прилепската, од Тиквешката и другите револуционерни околии избегани по востанието, започнале да се враќаат. Во Тиквешко пристигнале: Петар-Пешо Самарџиев, Д. Желев и Добри Даскалов. Веднаш побарале да се состанат со прилепскиот околиски војвода Петар Ацев, кој со четата се наоѓал во с. Беловодица, за да разговараат за состојбите во Организацијата и за идното дејствување. По нивното пристигнување во селото, се одржал состанокот.

Тиквешките војводи ги пренесле ставовите застапувани на советувањата,[689] односно „на конференцијата на војводите и раководителите во Софија, за

[685] Димитар Димески, Македонската револуционерна организација по Илинден во пресрет на окружните конгреси, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 19(45), Скопје, 1992, 89.

[686] М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 75.

[687] Константин Пандев, Документи за македоно-одринското националноосвободително движение от архивата на Димитар Стефанов, Исторически преглед, 6, София, 1982, 109–110; М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 75.

[688] М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 75; Д. Димески, Македонската революционерна организација.., 89.

[689] Што се одржувале во текот на јануари и февруари 1904 година.

идното устројство и тактиката на Организацијата“.[690] За прашањето на уредувањето на Организацијата, во Софија биле застапувани противставени ставови со барања: едни за задржување на довостаничкото уредување, подобрено со измени што се налагале во повостаничките услови, за што се застапувал Христо Матов со приврзаниците и, други, за радикални измени, демократизација и федерализација на Организацијата, за што се застапувале Димитар Стефанов, Сандански и другите војводи од Серскиот и од Струмичкиот револуционерен округ.[691] Тие ја актуализирале потребата Организацијата да работи на развивање на „сознанието кај масите“, дури и да се преземаат акции. Тоа не било прифатливо и прифатено за опонентите, посебно за нивниот идеолог и теоретичар – Матов, кој дал толкување за „револуционерно сознание“.[692]

Големи разлики имало и за прашањето на стратегијата и тактиката, како и за средствата со кои ќе дејствува Организацијата. Учесниците не ги знаеле ставовите на водечките раководители Даме Груев и Пере Тошев, а не била добро разбрана ниту тактиката на загинатиот Гоце Делчев.[693] Поради тоа, тактиката на Делчев во Инструкцијата за дејствување на серчани, усвоена на Советувањето во Софија, била „еднострано разработена“.[694] Војводите ги донесле двата документа усвоени во Софија: Проект за идното устројство и Инструкција (Директива[695]), за тактиката за дејствување[696] подготвена од серчани, од комисија во состав Димитар Стефанов и Димо Хаџи Димов.[697]

По разгледувањето на двата документа, на војводскиот состанок во с. Беловодица бил заземен единствен став: за тоа да се реши на општ конгрес на Организацијата на легитимно избрани делегати од револуционерните околии и

690 Извадки от спомените на Петар Ацев.., 3.

691 „На Конференцијата во Софија се беа оцртале две становишта. Едното на Хр. Матов, а другото од Д. Стефанов и другите војводи од левата страна на Вардар, најмногу од серчани и струмичани. Едните сакаа устројство на широки демократски и федеративни начела, без да се води сметка дека ние бевме хомогена организација, немаше организации за да се федерираат. Другите беа за стариот поредок, подобрен во духот на потребните реформи што се бараа од развитокот на Организацијата, којашто беше држава во државата“ (Извадки от спомените на П. Ацев.., 4).

692 Матов: „Таму во Комисијата на серчани (за изработка на директива – ММ) големо внимание посветиле на прашањето за **сознанието** на масите“ (Хр. Матов за своята революционна дейност.., 57).

693 „Имаше недоразбирање за мирогледот на апостолите Даме, Пере и Гоце, последниот веќе покоен“ (Изадки от спомените на Петар Ацев..,4).

694 Извадки от спомените.., 5.

695 Матов: „Најпосле серчани определија комисија за изработка на директива. Во неа влезе Дим. Стефанов, а ми се чини и Д. Х. Димов“ (Хр. Матов за своята революционна дейност., 57).

696 Извадки од спомените.., 4.

697 Христо Матов за своята революционна дейност., 57.

окрузи. До одржувањето на општиот конгрес, во окрузите да се одржат конференции на раководителите и војводите, за да се утврдат мерки за зацврстување на организацијата во секој од револуционерните окрузи.[698] Притоа тиквешките војводи изјавиле желба да учествуваат на конгресот на Битолскиот револуционерен округ ако тој се одржи во скоро време, во Прилепско, по што заминале во својата околија.[699]

Состојбите во Организацијата налагале да се преземат мерки за нејзино функционално реактивирање. Тројцата водечки раководители: Дамјан Груев, Петар Тошев и Ѓорче Петров, од март до почетокот на мај 1904 година презеле патувања за ревизија на окрузите. Груев вршел ревизија во Солунскиот, Тошев во Битолскиот, а Ѓорче Петров во Скопскиот округ. Со тоа неофицијализирано ја презеле улогата на подвижен Централен комитет, во согласност со заклучокот усвоен на Јануарското окружно советување во Битола. Вршеле инспекција на околиските комитети за да ја согледаат состојбата во околиските организации и да се преземат потребните мерки за воспоставување „ред и дисциплина“.[700]

Ѓорче Петров во Скопскиот револуционерен округ, во Велес се ангажирал за помирување на двете противставени месни фракции кои се бореле за раководење со организацијата: матовистичко-татарчевистичката фракција (Бано Кушев, Дерменџиев, ѓаконот Давче Наков)[701] и сарафистичката фракција, „повеќето млади учителчиња“, со Анте Димов, според Ѓорче Петров „противници на самонарečениот Централен комитет и на матовци и татарчевци тука (во Велес)“.[702] Двете фракции се обраќале и очекувале признавање за себе од Окружниот револуционерен комитет во Скопје и од Централниот комитет во Солун, кој останал без авторитет по откажувањето на Петар Поп Арсов.[703] Според Ѓорче,

[698] „Бевме еднодушни дека последниот збор ќе треба да го има еден општ конгрес со вистински ополномоштени претставници од околиите и окрузите, а дотогаш ќе бидат од голема корист конференциите организирани внатре од војводите и раководителите за зацврстување на Организацијата, а потоа да се мисли за акциите за засилување на борбата“ (Извадки от спомените.., 5).

[699] Ацев: „Се разделивме како секогаш другарски и со целосна согласност за сите прашања“ (Извадки от спомените.., 5).

[700] Според известувањата на австроунгарскиот конзул во Битола Крал од 22 април 1904 год., „нарушени поради неединството на водачите“ и дека „во тој поглед биле постигнати поволни успеси“. (Љ. Лапе, Ликот на Даме Груев низ извештаите на австриските конзули во Македонија, Зб. Даме Груев (1871–1906, истражувања и материјали), Битола, 1981, 34.

[701] За засилување на влијанието во Велешко пристигнал војводата Стефан Димитров со чета, испратен од Матов и Татарчев (Спомени на Ѓорче .., 156).

[702] Спомени на Ѓорче.., 155–156.

[703] Ѓорче пишува дека во Централниот комитет во Солун бил и Петар Поп Арсов, но дека „беше повлечен од работа, не се мешаше“ (Спомени на Ѓорче.., 156).

тој бил „номинален централен“, „самонаречен“.[704] Окружниот комитет, немоќен да го реши конфликтот, откажал да го решава,[705] а претседателот на Централниот комитет во Солун Поп Коцев, кој на таа должност бил поставен од Груев,[706] со поддршката дадена на првата фракција, не само што не го решил прашањето, туку ги влошил состојбите. Ѓорче издејствувал нивно помирување, формирал привремен Околиски комитет, со претставници од двете фракции. За раководење со Комитетот бил избран новодоселениот учител Андреј Христов, поранешен учител во Крушево, кој бил интерниран од Битолско. Ѓорче им напишал и Правилник за работа на Комитетот. Но, поделбите не биле целосно запрени.[707]

Со инспекциските обиколки, не се постигнале посакуваните ефекти. Состојбите на несогласувања и нееединство во раководствата не биле надминати, а подвоеноста меѓу окрузите се зголемувала. Неавторитетниот Централен комитет во Солун, сметан само за номинален, на 13 април во писмото до Задграничното претставништво во Софија, го обвинил раководството на Битолскиот револуционерен округ за „сепаратистичко дејствување“. Со истото писмо упатено и до окружните комитети, известил дека престанува да постои како Централен комитет и го презема раководењето со Солунскиот револуционерен комитет како окружно раководство, односно Окружен комитет.[708] Врските меѓу окрузите, што и дотогаш нередовно се одржувале од Централниот комитет, биле целосно прекинати. Подвижниот Централен комитет не се официјализирал и не профункционирал поради противставените позиции на тројцата раководители, посебно меѓу Груев и Тошев, по однос на раководењето со Организацијата.

Во Битолскиот револуционерен округ се заостриле несогласувањата со Дамјан Груев, кој настапувал од позиција на водач и наметнувал авторитарен централизиран систем на раководење со Организацијата.[709] Сакал да воведе „диктаторска власт“.[710] Во април 1904 година, со самоубеденост дека е непри-

---

704 Спомени на Ѓорче.., 156.

705 Окружниот комитет во Скопје признал дека проблемот е нерешлив, откажал да го решава. Се покажал немоќен да ги помири, а Поп Коцев, кој раководел со самономиналниот Централен комитет во Солун, ја поддржал првата фракција (Спомени на Ѓорче.., 156), по што состојбите се влошиле.

706 Ѓорче: „Поп Коцев, кому што Даме (му) беше признал да распоредува“(Спомени на Ѓорче.., 156).

707 Спомени на Ѓорче.., 157. Но, и натаму поделбите останале.

708 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 75–76.

709 Ѓорче: „Во Битолско меѓу останатите (раководни) сили беше се појавило јако незадоволство од Дамевата тенденција да ја воспостави старата положба и да ги централизира работите во своите раце така, да се тера по старото, сè облечено во мистериозност“ (Спомени на Ѓорче.., 158).

710 Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија, избор, превод и редакција Данчо Зографски, Скопје, 1955, 170, 208.

косновена неговата позиција на водач во Округот, ја продолжил обиколката на Солунскиот револуционерен округ, со цел да ги воспостави прекинатите врски за да се обнови предвостаничката централизирана структура на Организацијата, за што се застапувале Анастас Лозанчев, Павел Христов и повеќемина други од Битолскиот револуционерен округ. При обиколката, Груев настапувал како водач кој ќе ѝ го врати единството на Организацијата, а со тоа и раководењето со неа. Со таква цел патувал низ Солунско, Воденско, Гевгелиско и преку Тиквешко во мај пристигнал во Прилепско.

За тоа време, војводите во Округот: Ѓорѓи Поп Христов, Христо Узунов и Ѓорѓи Сугарев се состанале на советување во с. Карамани (Битолско).[711] На Советувањето одржано во втората половина на април 1904 година,[712] оцениле дека постојната состојба во Организацијата станува неодржлива и зазеле став да се бара одржување окружен конгрес. Добиле поддршка од Тошев.[713]

Причина повеќе за одржување окружен конгрес било престанувањето да постои Централниот комитет,[714] по што станало уште попотребно да се забрза воспоставувањето ред во Организацијата во целина.

Претстоело да се договорат акутните прашања и проблеми за натамошно дејствување во новите услови, што требало да се поставaт на разгледување. Како приоритетно се наметнало донесувањето оперативна програма за дејствување на окружната организација според условите и потребите во Округот. Но, и да се заземе став за општата состојба во Организацијата како целина, во согласност со тоа, како и актуализирање на прашањето за усвојување од страна на револуционерните окрузи една општата програма на Организацијата. Заради тоа било потребно што побргу да се одржи окружен конгрес, за да се донесат потребните акти. Натамошното одлагање на неговото свикување водело кон влошување на состојбите и кон натамошни поделби.

Окружниот конгрес бил закажан за мај (н. ст.) 1904 година, со писмено известување издадено од Окружното раководно тело,[715] потпишано од неговиот

---

711 В. Стојчев, Воена историја., 487.

712 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 76.

713 За тоа Ѓорче пишуваше: „Даме не можеше да разбере оти веќе не сме свето евангелие. Оваа иницијатива Пере беше ја одобрил и поткрепил“ (Спомени на Ѓорче.., 158).

714 По неговото самоукинување токму во тоа време, во средината на април. Борис Мончев со писмо во името на ЦК, на 13 април 1904 година го известил Задграничното претставништво: „Браќа, Ви јавуваме дека ние Светогорците (членовите на ЦК) од денес натаму нема да функционираме како ЦК на Мак. одр. р. организација, туку како Окружен комитет само за солунските реони (Солунскиот револуционерен округ) (Љ. Лапе; Документи за положбата.., 267–268).

715 „Окружното раководно тело на Вториот мак. одр. рев. округ ги покани во мај о.г. на такво среќавање

член Ѓорѓи Пешков.[716] Прилепскиот реонски војвода Петар Ацев бил известен дека Конгресот ќе се одржи во неговиот реон во Прилепско, за да го организира одржувањето. Ѓорѓи Пешков, по барање од Петар Тошев, со писмо го известил Ѓорче Петров во Велес (кој таму престојувал) и го повикал да учествува на Конгресот.[717] Ѓорче се согласил и самиот се подготвувал за претстојниот Конгрес.

Тошев се посветил на подготвувањето за настап на Конгресот. Подготвил за претставување разработен концепт на Програма за Револуционерната организација со нагласени елементи на национална политичка државотворна и, во согласност тоа, радикално нова стратегија.[718] Напишал проект на Правилник на Организацијата. Двата документа биле проектирани да претставуваат основа за воспоставување единство во дејствувањето на Организацијата со нова стратегија за континуирана долготрајна борба за ослободување и државност. При нивното формулирање, се раководел од реалноста дека при постојните внатрешни состојби, непријателското опкружување и позиционирањето на Балканот на факторот европски Големи сили, со востание не се постигна и не можеше да се смета на успешно завршување на ослободителната борба. Затоа се определил за стратегијата за постојана долготрајна оружена борба за ослободување и државност (проектирана своевремено од Гоце Делчев) само со сопствени сили на востанатиот народ и со нова тактика во водењето на ослободителната оружена и, во исто време, водење и легална политичка борба.

Пред крајот на април, на 25 или на 26 април, во с. Селце се одржал војводски состанок со дел од војводите-претставници за претстојниот конгрес. На тој состанок биле уште Ѓорѓи Поп Христов, Дуле Узунов и Ѓорѓи Сугарев.[719] Се договарале за поединостите за Конгресот. Војводата Петар Ацев се интересирал за учеството на Дамјан Груев. Му било одговорено дека Дамјан Груев во тоа време е во обиколка во Солунскиот револуционерен округ и неговото

---

сите повидни нелегални активисти кои се наоѓаат во Округот, како и оние од Велешко и Тиквешко и им постави да размислат за положбата на делото и да препорачаат мерки за негово подобрување" (Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904–1908), приредил акад. Манол Пандевски, Скопје, 1998, 76).

716 Извадки от спомените на Петар Ацев за периодот 1902–1904, ракопис (ИНИ, АО, Сл. IV, 445), 9.

717 Ѓорче: „Во Велес добив две писма, по сугестија од Перета (ми се чини од Пешков), дека желбата на другите сили е и јас да присуствувам на собранието, па ме повикаа да се вратам... двапати им откажав. Третата, настојбена покана ја примив и се откажав од планот да појдам во Бугарија. Ми се чини, беше на 18 април, од Велес излегов при новодојдената чета во с. Ореовец." (Спомени на Ѓорче.., 158–159).

718 М. Миноски Обид на Пере Тошев.., 120.

719 Извадки от спомените на Петар Ацев.., 5.

доаѓање е неизвесно.[720] По состанокот, од с. Селце заминале во с. Плетвар, каде што веќе пристигнале и другите делегати, меѓу кои: Петар Тошев, Ѓорѓи Пешков, Јордан Тренков.[721] Ѓорче Петров уште не бил пристигнат. Од с. Плетвар сите дојдени делегати се упатиле во с. Беловодица.

Во с. Беловодица чекале да пристигне од Велес Ѓорче Петров, придружуван од војводата Стефан Димитров.[722] Ѓорче Петров во своите спомени пишува дека по добивањето на известувањето, се вратил во Прилепско, каде што 10-15 дена со четата на Петар Ацев по селата „ја уредувале Организацијата" (според постојните акти) и ги решавале судските спорови и другите должности.[723] Петар Ацев пак пишува дека Ѓорче дошол во Прилепско непосредно пред почетокот на Конгресот, што е поверојатно.

Го немало Дамјан Груев без чиешто учество, според војводата Ацев, Конгресот не би бил целосен.[724] Тогаш се јавиле војводите Петар-Пешо Самарџиев и Добри Даскалов од с. Царевиќ со барање за курири за да дојдат во с. Беловодица.[725]

По доаѓањето на Ѓорче Петров,[726] се чекало уште пристигнувањето на Дамјан Груев.[727] По два дни чекање, во селото пристигнала тиквешката чета, а со неа насмеан се појавил Груев, кој пред тоа од Солунско пристигнал во Струмичко.[728]

## Прилепскиот окружен конгрес на Битолскиот револуционерен округ во 1904 година

Во с. Беловодица биле тројцата водечки раководители, апостолите на Револуционерната организација: Дамјан Груев, Петар Тошев и Ѓорче Петров.[729]

---

720 Ацев: „Тие рекоа дека Даме заминал во Солунскиот округ и не знаат каде се наоѓа во тоа време и дали ќе може да учествува" (Извадки от спомените.., 6).

721 Извадки от спомените.., 6.

722 Извадки от спомените.., 6.

723 Ѓорче: „Ги обиколивме со Ацев селата во Прилепско да ја оживуваме и уредуваме Организацијата. Ги уредувавме селските работи на стара основа (организација, судски работи") (Спомени на Ѓорче.., 159).

724 Ацев: „Бевме загрижени, барем и Даме да биде тука за да биде Конференцијата целосна" (Извадки от спомените.., 6).

725 Извадки от спомените.., 6.

726 Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев, 141.

727 Ѓорче: „Два дена го чекавме Дамета" (Спомени на Ѓорче.., 159).

728 Ацев: „Кога пристигна со четата, за сите беше изненадување смеењето на Даме. Сите се радувавме дека и Даме ќе учествува на Конференцијата" (Извадки от спомените.., 6).

729 Ацев: Тројцата апостоли беа на таа Конференција... Тоа ќе биде запаметено" (Извадки от спомените.., 6).

Војводата Петар Ацев, во својство на домаќин, ги организирал обезбедувањето и исхраната на делегатите. Селото го обезбедувала селската милиција и четите.[730] За заседавање на Конгресот била одбрана двокатна куќа со просторија соодветна за одржување на заседанија. Било решено Конгресот да биде подвижен, да се одржува во повеќе села, не толку за поголема безбедност колку за така обврските за сместување и исхрана на делегатите да не бидат на товар на едно село.[731] Пред започнување на заседавањето на Конгресот, било одржано прелиминарно заседание, за да се договори работењето на Конгресот.[732]

Дамјан Груев на првите средби демонстрирал силно незадоволство и револт, навреден од Окружното раководство во Битола, затоа што Конгресот бил свикан без негова согласност.[733] Се сомневал дека Конгресот е свикан за негова осуда. Настанала жестока расправија, по што Груев одбил да учествува на прелиминарното советување пред почетокот на заседанието на Конгресот. Од војводата Ацев тој побарал двајца вооружени курири да замине во Битолско.[734] За да не дојде во прашање одржувањето на Конгресот, се вклучил и Узунов, со предупредување до Груев дека таа негова постапка ќе се смета за нетактична и пакосна и како таква никој нема да ја смета за оправдана.[735]

---

730 Ацев: „Како домаќин наредив, преку селските раководители и десетарите, обезбедување на куќите и за храната“ (Извадки от спомените.., 6).

731 Извадки от спомените.., 7.

732 Ацев: „Беше недела... Утрото беа поканети сите на претходно заседание, за да се утврди како ќе се работи и да се почне, бидејќи напразно загубивме неколку дена (Извадки от спомените.., 7).

733 Ѓорче: „Самиот Даме сосема несакано го пречека собранието. Во првите среќавања дури се откажуваше да земе учество во дискусијата, бидејќи без негова согласност бил свикан Конгресот. Ова му беше мотивот, а всушност Конгресот му беше непријатен“ (Спомени на Ѓорче.., 159–160).

734 Ацев: „Занесен во работите во врска со прехраната и претстојното патување – Конференцијата требаше да биде подвижна, за да не биде товар на едно исто село, не забележав дека меѓу Даме и некои од другарите се водат првични разговори и, кога отидов во просторијата определена за заседавање, ги заварив Дуле Узунов, Стефан Димитров, Ѓорѓи Поп Христов и други како нешто шушкаа за да не бидат слушнати од другите.
Ха, еве те најпосле, рече Даме. Тебе те чекав. Ќе ми дадеш двајца добро вооружени курири. Ако не може уште сега, ќе тргнам вечер. Сакам да тргнам за Битолско. Моето изненадување беше големо. Како тоа, реков. Тебе сите те чекавме со толкава радост, а сега да нè оставиш пак самите, тоа нема да се случи. Курири не давам! Курири ќе ми дадеш, сакам сè да биде по утврдениот ред. Ти си домаќин, преку тебе треба сè да се прави. Но, ако не ми дадеш, сам ќе ги земам.
Вистина можеше сам да ги земе. Раководителите, па и секој друг, знаеја кој е (Даме): ако ги поканеше да го водат, ќе го послушаа. Да наредам неисполнување на неговата желба, значеше да разберат и селаните за нерасположението на Даме спрема Конференцијата. И само тоа беше доволно да се компромитира целата работа. Повторив дека ќе му дадам курири и при тоа додадов дека и самиот Даме нема да дозволи скандализирање на нашето собрание. Тогаш јас го замолив барем да ги каже причините зошто не сака да учествува на Конференцијата. И таа моја молба не беше задоволена, од што заклучив дека се работи за каприц, што не му прилега на Даме“ (Извадки от спомените.., 7–8).

735 Ацев: „Во нашиот разговор (со Даме) се замеша Дуле. Почна и тој со конкретни доводи да му укажува на Даме дека неговата постапка ќе биде нетактична и пакосна, дека тој ќе биде причината поради не-

Бргу се покажало дека не е во прашање самоволна постапка на членот на Окружното раководство Ѓорѓи Пешков, туку противставеност меѓу водечките раководители на Организацијата. Противставеноста била толку голема, така што Ѓорче Петров отишол дотаму што повел акција, со инструктивно писмо до Михаил Чаков, за отстранување на Груев од Окружното раководство во Битола.[736] Нему (на Груев), само нему, му се припишувала одговорноста за последиците од кревањето масовно востание во Округот.[737] Тој бил виновен затоа што не постапил според барањето на Делчев на нивната средба во Солун да не се крева масовно востание.[738]

Дамјан Груев изјавил дека Ѓорче и Пешков лажно го обвинуваат.[739] При тоа, несвојствено за него, негирал дека во Солун имал средба со Делчев.[740] И не само тоа, одбил на Конгресот да се постави од Ѓорче Петров и Пешков „да се бара сметка“[741] за нивната постапка и за обвинувањата против него. Не при-

---

какви зборови на Георги Пешков да следи таква постапка, дека никој нема да му ја оправда“ (Извадки от спомените.., 8).

736 Ацев: „Тогаш Даме се обрати кон Дуле и рече: ’Ни најмалку не водам сметка за постапката на Георги Пешков. Напротив, јас го жалам затоа што е едно просто орудие во рацете на оној. Ќе се согласиш дека јазикот во писмото не е негов, тој пред сѐ не е во состојба да ја разбере содржината на писмото. Тоа му е диктирано, а тој го пишувал’. Ново изненадување за мене. Тогаш јас се обратив кон Даме и другарите со прекорување дека тие кријат нешто од мене. Околност што ме наведува да мислам дека сакаат и мене да ме замешаат во мистериозното писмо. Кога побарав објаснување, Дуле го извади писмото и ми го даде да го прочитам. Писмото беше напишано на трговска бланко-хартија, со обична азбука, до Михаил Чеков во Екши Су. Неговата содржина отприлика беше: ’Ти и твоите другари ќе треба да се свестите и да ја преземете работата за ослободување на Организацијата од раководителите, кои само експериментираат со делото и дека за тоа било потребно да се сретнат и да разговараат итн.’ Јасно беше дека писмото навистина беше диктирано од Ѓорче Петров. Даме на пат за Солунско поминал низ Екши Су, се сретнал со М. Чеков. Последниов го пречекал со зборовите: „Уште ли ќе правиш експерименти со Организацијата? ... и му го дал писмото, додавајќи: „Се чудев на каков начин да ти го испратам писмово, а еве сам дојде да си го земеш“ (Извадки от спомените.., 9).

737 Писмо од Пешков до Михаил Чеков: „Тоа востание донесе само пепелиште како леринските“ (Извадки от спомените.., 9).

738 Ацев: „Си спомнувам за еден пасус од писмото дека Даме направил голем грев кога не го послушал Гоцета на нивната средба во Солун да не се крева масовно востание“ (Извадки от спомените.., 9).

739 Ацев: „Даме многу се возбудуваше не од начинот на којшто се агитираше против него лично, туку затоа што се служеле со лажни аргументи, како што беше она за некаква средба со Гоце во Солун“ (Извадки от спомените.., 9).

740 Ацев: „Даме велеше, и едниот и другиот – визирајќи на Ѓорче и на Пешков, знаат многу добро дека *јас не сум се видел со Гоце во Солун*. А пак и да се бевме виделе, што можеше да се направи за враќање на тркалото кога веќе беше тргнало стрмоглаво благодарение пак на Георги Пешковци и други кои беа членови на Окружниот комитет во Битола, тогаш кога јас бев во Подрум-кале. Зар не го гледате нечесното средство со коешто се служат во нивната агитација против мене? Ме гледаат со милни очи, а се прават на удрени како ништо да не прават“ (Извадки от спомените.., 9–10).

741 Ацев (на Груев): „Уште подобро, реков јас, еве сега е моментот кога може да се посака сметка за нивните (на Ѓорче Петров и Пешков) дела. Ветувам дека уште на првото заседание ќе го поставам прашањето за некоректното поведение како на Ѓорче, исто така и на Пешков. Меѓутоа, Даме кажа: не сакам да се постави прашањето за тоа на Конференцијата, нема да останам. Не сакам да гледам како ќе лицемерат тие пријатели“ (Извадки от спомените.., 10).

фатил средба со Ѓорче, за да побара самиот од него објаснување. Упорно барал курири за да замине. [742]

Петар Ацев, како домаќин и одговорен за одржување на Конгресот, настојувал Груев задолжително да остане и да учествува. Ги повикал Христо Узунов, Каранџулов и други на советување, на коешто Каранџулов и Узунов биле задолжени тие да го убедуваат и да го убедат Дамета да не заминува.[743] Ѓорче Петров, пак, пишува дека во с. Беловодица, пред почетокот на заседанието, со Дамета се состанал и Тошев. [744] Во секој случај, Груев останал. Заседавањето започнало.[745]

Од безбедносни причини, но и за да се распределат трошоците за издржување на делегатите на селаните од повеќе села, заседанијата се одржувале со преместување од едно село во друго. Конгресот[746] започнал во Беловодица, продолжил во селата: Дрен, Смолани, Царевиќ, Топлица, Тројаци, Плетвар, Ореовец, Крстец и завршил на планината Борула.[747] Заседанието траело околу 15 дена.[748] На Конгресот учествувале: Петар Ацев, Петар Тошев, Дамјан Груев, Ѓорче Петров; Христо Узунов и Ѓорѓи Сугарев, (од Охридско); Петар-Пешо Самарџиев и Јордан Тренков[749] (од Прилеп), Георги Пешков и Георги Поп Христов (од Битола); Стефан Димитров (од Велес, војвода велешки); Петар Јуруков (од Тиквешко). Анастас Лозанчев и Павел Христов не сакале да учествуваат на Конгресот, сметале дека е свикан „против нив“. Поканетите „легални сили“ од Тиквеш и од Велес не дошле.[750] Учествувал и Добри Даскалов (од

742 Ацев: „Тогаш сите ние настојувавме Даме да побара објаснување од Ѓорчета насамо, но и на тоа не се согласуваше, продолжи настојчиво да бара курири. Привремено се согласив дека ќе му дадам курири. Тој се смири, разговорот премина на друга тема“ (Извадки от спомените.., 10)..

743 Извадки от спомените..,10.

744 Ѓорче до Петар Ацев: „Што се договорија на нивната средба со Дамета во Беловодица, пред ние да се видиме со нив во с. Селце, и како се разбраа со Дамета, зашто тие повеќе не се сакаа“ (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров.., 141).

745 Извадки от спомените..,10.

746 Петар Ацев пишува дека се одржала конференција, а не конгрес. Ацев: „Бидејќи никој од нас не беше избран од никого за делегат, не може ниту збор да стане дека се конституиравме како конгрес. Средбата ја нарековме конференција. Тоа беше една продолжена другарска средба, без претседатели, секретари и сл. Дури немаше ни програма, немаше ниту дневен ред. Се поставуваа прашања и се наметнуваа од другарите така како што се наметнуваа од реалноста во којашто се наоѓаше Организацијата и така се третираа. Тоа беше Конференција“ (Изватки от спомените.., 10).

747 Спомени на Ѓорче.., 160.

748 Ѓорче: „Даме најпосле отстапи и се одржа таканаречениот Конгрес“ (Спомени на Ѓорче.., 160).

749 За Јордан Тренков, Румен Пасков пишува дека бил врховист, човек на Врховниот комитет, на фракцијата на Иван Цончев, дека „имал мисија, по Конгресот, да ги информира секретарот и касиерот на нелегалниот ВМОК Г. Белев за решенијата што ќе бидат усвоени“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 198).

750 Спомени на Ѓорче.., 159.

Солунскиот округ).[751] Има тврдење дека на Конгресот учествувал и Димитар Мирчев, како претставник на ЦК.[752]

Ѓорче Петров пишува дека немало Конгрес; на заседанието немало претседавач, собирот имал карактер на „другарско собрание" и дека се донесло решение „разменетите мисли да се оформат и да се достават до целата Организација за подготовка на општ конгрес".[753] Затоа, пак, војводата Петар Ацев пишува дека се одржало собрание на коешто биле поставени и претресувани прашања од витален интерес на Организацијата на начин каков што тоа не било направено ниту на еден конгрес.[754] И во официјалниот документ, циркуларното писмо од раководното тело на Округот од 25 јуни 1904 година, до околиските раководства и до војводите со кое им се испраќале на разгледување и заземање ставови за усвоените документи, се вели дека се одржало Собрание.[755] Секако, тоа е најрелевантна потврда за карактерот на собирот.

Османлиските власти имале проверени информации за времето и реонот каде што се одржувал Конгресот. Основано може да се претпостави дека оставиле Конгресот да се одржи непречено, сметајќи на можноста да биде донесено решение за воздржување од преземање оружени акции за да се причека да се видат резултатите од спроведувањето на реформската акција на европските Големи сили. На тоа упатува фактот што чекале 15 дена да заврши заседавањето на Конгресот, па потоа испратиле „мала потера". Извесно е дека упатувањето на таква потера било со цел властите само да покажат дека знаат за одржувањето на Конгресот на којшто учествувале водачите на Организацијата.[756]

Во почетокот на заседанието на Конгресот имало воздржаност. Никој не сакал да брза со поставувањето на разгледување на акутните проблеми.

Учесниците пред себе ја имале Инструкцијата, односно Директивата усвоена на Конференцијата во Софија од претставниците на Организација измина-

751 Програмски и статутарни документи.., 13.

752 Цочо Бирски, Два документа за Прилепски конгрес на ВМОРО от 1904 г., „Векове", 2, София, 1988, 76–77; Р. Пасков, Борис Сарафов.., 198.

753 Спомени на Ѓорче.., 160.

754 Ацев: „Јас не знам за конгрес на којшто се покренувале прашања и така опстојно, објективно и исцрпно беа разгледувани и оценувани со таква компетентност". (Извадки от спомените.., 110).

755 II Мак. одр. рев. округ до Окружните и околиските раководители, до војводите и Претставништвото на Внатрешната тајна мак. одринска рев. организација, 25 јуни 1904 год. Од Раководното тело на Округот (Програмски и статутарни документи.., 76).

756 Ѓорче: „На заседанието во Борула, од Битола ни го пратија вилаетскиот весник во Солун, во којшто се велеше дека раководните сили (на Организацијата) на вилаетот се собрале во с. Беловодица за да размислат за своето поведение во иднина. Решенијата што се зеле, брзо ќе можеле да се соопштат. Значи, беше се расчуло, властите знаеле, но не презеле строги мерки. Беше спроведена мала потера, но ние вешто ја избегавме" (Спомени на Ѓорче..,160).

тата зима.[757] Ацев пишува дека Конференцијата (се однесува за Конгресот) се определила, „по долги дебатирања и често жестоки спорови за старото становиште: Организацијата е и треба да биде масовна, општонародна со сите дотогашни институции". Сите тие институции само требало да се постават на цврсти демократски начела, за што се застапил Груев со неговите приврзаници.[758]

Петар Тошев ги отворил акутните прашања за разгледување и решавање:[759] организационата поставеност („уредбата") на Организацијата, революционерната дејност во повостанички услови, односот спрема пропагандите. Во врска со првопоставеното прашање, се отворила дебата за раководењето со Револуционерната организација како единствен организам,[760] претставено и во добиената Инструкција.

На Конгресот Тошев претставил предлог-програма за дејноста и за дејствување на Организацијата во повонастичките изменети услови.

## Предлог-програма за Организацијата, 1904 година[761]

Петар Тошев претставил предлог на комплексна програма на Организацијата; политичка, економска, просветно-културна и социјална, за остварување ефективна власт на организирана тајна држава во османлиската држава.

---

757 Ацев: „На рака ни беше Инструкцијата изработена во Софија од другарите кои зимата исто така долго конферирале" (Извадки от спомените.., 11).

758 Извадки от спомените.., 11.

759 Ѓорче: „Пере Тошев беше определил неколку точки по прашањата на денот за Организацијата, главно врз таа основа се водеше дискусијата" (Спомени на Ѓорче.., 160).

760 Симеон Радев: „Меѓу големите водачи, останати (по востанието) во Македонија, избувнало несогласување во врска со уредувањето на Организацијата" (Симеон Радев, Рани спомени, София, 1967,194).

761 Немаме оригинален текст. Затоа пак другите оригинални документи во кои се коментирани решенијата за кои се застапувал Петар Тошев се доволно индикативни за да се согледа и претстави предлаганиот концепт на Програмата за дејствување на Организацијата. с. (ЦДИА, София, Ф.: No 3, Монархистички институт в Блгария, Таен кабинет на царя, оп. 8, а. е. 677/18 юни 1904; Ф.: 331, оп. 1, а. е. 99, N° 613/1.08.1904. Еден од тие документи е на членот на Околискиот комитет во Прилеп Јордан Тренков, опширно писмо пишувано (на 18 јуни), непосредно по одржувањето на Окружниот конгрес. Најрелевантен автентичен документ за тоа е Проект-правилникот напишан од Тошев, којшто овде и е предмет на детална обработка.

## *Легална борба*

Организацијата истовремено со револуционерната да води и легална борба против режимот на османлиската држава, за што се создале поповолни можности со спроведувањето на реформска програма на европските Големи сили во Македонија. Водењето легална борба го овозможувале и постојните закони со коишто биле предвидени „поприлично права за поданиците–христијани". Тие можности не се користеле. Докажувал дека интересите на револуционерната борба на Организацијата ѝ наложувале да ги користи сите можни легални средства за поткопување на османлиската власт во Македонија. Комитетите на Организацијата имале моќ и влијание да го поттикнат народот по легален пат да се бори против „узурпирањето на неговите права предвидени со постојните закони". Тука биле и претставниците на европските држави-реформаторки, од кои народот можел да бара заштита за остварување на предвидените негови права.[762]

На тоа се противставиле Дамјан Груев и Ѓорче Петров, дел од војводите-приврзаници „исклучиво на револуционерна борба".[763] Тошев не отстапувал. Како компромисна солуција, било прифатено мислењата на двете страни да им се испратат на комитетите на Организацијата за да се изјаснат и да се определат.

Мнозинството во комитетите се нашле затекнати, неподготвени за таков радикален пресврт. Водење на легална борба не прифатиле. За тоа нивно определување силно повлијаеле опонентите: Дамјан Груев, Ѓорче Петров и војводите што ги поддржувале.[764]

## *Односот спрема пропагандите*

Тошев образложил дека како многу опасни за ослободителното дело се јавувале вооружените пропаганди, грчката и српската.[765] Затоа се застапил за преземање систематска бескомпромисна борба за нивно елиминирање за ост-

---

762 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 87.

763 В. Стојчев, Воена историја.., 488.

764 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание., 87.

765 За тоа ак. Гане Тодоровски пишуваше: „Познато е дека на подвижниот конгрес од мај 1904 година Пере Тошев се беше изјаснил за водење борба на национална почва, т.е. Организацијата да ги ангажира своите вооружени ефективи во борба против српските и грчките андартски чети, што особено многу почнаа да доаѓаат по Илинденското востание. Даме не се сложуваше со ова становиште на Пере Тошев. Не се сложуваше ни Ѓорче" (Гане Тодоровски, Дамјан Груев, Зб. Даме Груев (1871–1906), истражувања и материјали, Битола, 1981, 160–161).

варување на национално политичко единство и за одбрана на сувереноста на организационата територија. Со пропагандите да се постапува така како што постапувала организацијата во Прилепската револуционерна околија. Таму, со одлука на Околискиот револуционерен комитет, започнала борба со сите расположливи сили против четите на српската и грчката пропаганда и со преземање ригорозни мерки спрема нивните поддржувачи, месните „србомани и гркомани“.[766]

И за тоа прашање, за односот спрема пропагандите, исто така се водела полемичка расправа. Ставовите биле поделени и противставени. Едните биле застапници да не се заоструваат односите за да не се предизвикуваат нови судири и непријателства и со тоа да се влошуваат состојбите во земјата и во самата Организација. На Организацијата, по претрпените загуби за време на востанието, ѝ требало време да се консолидира и да се подготви за дејствување во новата констелација. Застапниците за примена на крајни мерки за спречување на дејствување на грчката и српската пропаганда, барале да се дејствува веднаш и без тактизирање.

Во тоа време, непосредно по востанието, беше невозможно да се заземе ист таков однос и спрема врховистичката пропаганда од две причини:

1. На врховистите им беше дозволено да учествуваат и учествуваа во Илинденското востание, и
2. Неединството во Организацијата продлабочено со дејствувањето на внатрешните врховисти.

Извесно е, беа потребни радикални промени и време за внатрешно прочистување во Организацијата. Земајќи го предвид тоа, Тошев ги определи приоритетите.

Тошев на Конгресот настапил како најекспонираниот застапник за решавачка пресметка со двете пропаганди. Тој пред неговото одржување го поддржал решението на Окружниот комитет за употреба на сила против патријаршиските села во округот за да се определат за Егзархијата, и повикал војводите на четите да ја извршат наредбата што им била доставена со циркуларно писмо за извршување.[767] Сепак Тошев, воден од желбата за елиминирање на двете пропаганди, а со тоа и на поделбите што ги предизвикувале, ја потценил

[766] Иван на Јордан Тренков до „Пријател“ (неименувано лице), Прилеп, 18. јуни 1904 год. (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613). Опширно писмо за текот на Прилепскиот окружен конгрес. Тренков бил учесник на Конгресот (и член на Околискиот комитет на Организацијата), приврзаник на Тошев.

[767] Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 70.

нивната организираност и сила, а ја преценил моќта на Организацијата, затоа толку силно се застапил да не се одлага со дејствување.

На Конгресот продолжила жестока полемичка расправа на двете поларизираните страни. Многу остро се противставил Ѓорче Петров,[768] кој се скарал со Тошев и го прогласил за националист,[769] што подразбирало нетолерантност спрема патријаршисти „гркомани“ и „србомани“. Несогласувањето со Тошев го образложил со укажување дека Организацијата по востанието била слаба и дека можела да води борба во исто време со османлиските сили и со оружените чети на пропагандите.[770] На Организацијата ѝ требало време да се консолидира, да зајакне за да може самата, со сопствени сили, да се бори и да се избори со пропагандите.[771] Груев и Ѓорче Петров го обвиниле Тошев дека со тоа тој сакал на Организацијата да ѝ се даде исклучиво национален карактер,[772] што, во тој контекст, упатувало на бугарски карактер. Го обвиниле за непринципиелност, за недоследност, за непочитување на принципот за еднаков однос спрема сите пропаганди, вклучувајќи ја тука и бугарската пропаганда. Дека тоа водело кон застранување, да се западне во положба да им се служи на туѓите интереси. Посебно остро настапил Ѓорче Петров, кој притоа предупредил дека невклучувањето и на Егзархијата, како докажана бугарска пропагандна институција претпоставувало нејзино служење, служење на бугарските државни интереси, на бугарската политика. Бугарските влада,[773] нејзините мини-

[768] ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613.

[769] Ѓорче (подоцна):„За националното прашање знам дека се каравме остро, тој беше националист. Но, со какви мотиви ја заштитуваше својата теза, не помнам“ (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев, 141).

[770] Ѓорче: „Ако се вовлечеме во таа борба, не ќе можевме да издржиме, слаби бевме, истрошени“. (Спомени на Ѓорче.., 161).

[771] Ѓорче: „Поддржував дека Организацијата може да се поддржува самата за себе и самата преку себе, придржувајќи така сѐ додека не зајакне, само во рамките на чистата револуционерна борба“ (Спомени на Ѓорче.., 161).

[772] Ѓорче: „Силна препирка имаше со Перета по националното прашање, а бидејќи не се разбравме, го оставивме висејќи. Пере сакаше без колебање да ѝ се даде национален колорит на Организацијата. Даме шиклираше, јас бев против – по тактички соображенија. Знаев оти ако на нашите луѓе им ја отвориш вратата на национализмот, таму ќе се напикуваат, оти ќе си создадеме една јазва (внатрешна рана) и ќе ја зафрлиме револуционерната идеја, како што и стана“ (Спомени на Ѓорче.., 161).

[773] Анонимниот Македонец пред Илинденското востание (по провокативните врховистички „востанички“ акции во Македонија) пишуваше: „Бугарска? О, не, не прашувајте за неа! По крвопролевањата и плачот на несреќните робови, таа остри заби ... посега со рака не за да ги оттргне од страдањата, туку за да се докопа до Беломорскиот брег ... секој треба да знае дека *досега Македонија и Одринско ќе беа слободни, ако не постоеше слободна Бугарија* (ит. Е. М.) (Единъ Македонецъ, Българската пропаганда в Македония.., 29).

стри и кнезот,[774] Егзархијата со нејзините митрополити, биле против успехот на македонското ослободително дело, противници поопасни и од режимот на Османлиската држава.[775] Ѓорче Петров повикал на „строга осуда“.[776] Како заклучок предложил да се води борба[777] против бугарските, српските и грчките конзули и митрополити, „директните предводници и вистинските виновници за националните кавги“, за поделбите на народот. На тоа остро одговорил Тошев и настанала жестока полемика.[778]

По сето тоа Тошев смирено кажал дека тоа што тој го предлагал за односот кон Егзархијата било во интересите на самата Организација, за да може успешно да функционира и да дејствува, следствено во интерес на македонското ослободително дело. Не отстапил од тој свој став. Повикал да не се тактизира, туку без одлагање Организацијата да примени решителни акции против српската и грчката пропаганда.[779]

Дамјан Груев се искажал дека во принцип е за борбата и дека борбата со пропагандите претстои, но дека Организацијата не е подготвена за тоа и дека треба да се дејствува тактички. Предупредил дека со дејствувањето само против двете пропаганди, Организацијата од „надворешниот свет“ ќе биде обвинета за национализам, се компромитирал нејзиниот авторитет. Поради тоа, тој се повикал на два случаја: акцијата за присилување на гркоманските села во Битолско да се откажат од Патријаршија и да ѝ се вратат на Егзархијата, што имало „лош впечаток во Европа,“ и двете писма испратени до Поречката чета на Организацијата за да ги присили селаните во тамошните села „да се откажат од србоманството“, што паднале „во српски раце“ и биле искористени

---

774 Македонец пишуваше дека Србија, Грција и Романија стравувале дека Македонија „порано или подоцна ќе стане причина Фердинанд да си стави кралска круна и да стане *'македонски царъ'* (ит. –ММ)“ (Единъ Македонецъ, Българската пропаганда въ Македония.., 26).

775 Иван Тренков: „Тој (Ѓорче) отиде дотаму така што напомна дека многупати бугарските митрополити, Егзархијата, министрите во Софија и самиот кнез биле многу поопасни за нашето дело од Турците“ (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613).

776 Иван Тренков: „Тој (Ѓорче) сметаше дека тоа било за строга осуда за нас патриотите-револуционери да стануваме агенти на Егзархијата и на бугарската влада кои никогаш не го сакале нашето ослободување, туку едноставно се стремеле за постигнување на (бугарските) државни цели“ (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613).

777 Според Иван Трекнов, буквално: „Подеднакво да ги истребуваме“ (Писмо, 18 јуни 1904 г.).

778 Според Тренков, дошло до „силно скарување меѓу Перета и Ѓорчета“, што завршило со зборовите на Тошев: „Јас нема да Ви дозволам уште да си го разигрувате коњчето. Многу добро ги помнам вашите глупави мотиви за убивање на битолскиот митрополит (се однесува за Григориј – ММ), кнезот и многу други. Веќе се минати тие времиња“ (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613).

779 Ѓорче: „Пере не се разубеди, а особено затоа што српската и грчката пропаганда дејствуваа“ (Спомени на Ѓорче.., 161).

од српската пропаганда против Организацијата. За да ја заврши полемичката расправа, Груев како заклучок кажал дека тој не сака да се влегува во борба со пропагандите. Организацијата немала доволно добри раководни сили и не би можела да ја доведе до успешен крај.[780]

Тошев возвратил и „го присилил да замолчи". Обраќајќи се кон Груев, остро го прекорил, велејќи дека тие како македонски революционери не треба и нема зошто да ја прикриваат националната борба. Напротив, да се покаже за да се знае дека интересите на македонското ослободително дело ја наложувале таа борба.[781]

Вистинскиот одговор за тој свој став спрема Егзархијата, што не бил сфатен и прифатен, Тошев го дал со претставените тези за економска, просветно-културна и здравствена програма на Организацијата, особено за економската програма.

*Економска програма*

На Конгресот, Тошев ја претставил суштината на проектираната економска програма кон чиешто спроведување, по нејзиното прифаќање, Организацијата требало да пристапи за подобрување на економската положба на народот. Тоа се налагало, пред сè, поради тешката материјална положба во која се наоѓал македонскиот народ по востанието. Предупредил дека Организацијата не можела да смета на продолжување и долгорочно успешно водење самостојна оружена ослободителна борба без подобрување на економската положба на народот. Народот, економски упропастен, не бил и немало да биде во состојба да го поднесе товарот за обезбедување средства за оружената борба уште многу години. Затоа Организацијата морала да го менува својот однос спрема тој акутен економски проблем – со мерки на економската политика да работи на подобрување на економската и материјалната положба на народот. Тоа можело да се постигне само со добро осмислена долгорочна развојна економска политика. За тоа на Организацијата ѝ била потребна економска програма. Ја претставил и методологијата за нејзиното изработување и приоритетите за економски развој:

[780] Иван Тренков, Писмо, 18 јуни 1904. И самиот тој лично приврзаник на Тошев, жестоко ги осудил Ѓорчета Петров и Дамјан Груев: „Сигурно тие така се играле со судбината на кутриот Македонец".

[781] Тошев: „Ние немаме зошто да ја прикриваме националната борба од очите на надворешниот свет. Напротив, Секој нека знае дека интересите на македонското ослободително дело се целосно искоренување на србоманството и на гркоманството" (Пренесено од Иван Тренков, 18 јуни 1904).

1) Организацијата да ангажира и да задолжи стручни компетентни лица од „нелегалните и легалните" нејзини членови за составување и одговорни за спроведување на мерките за реализирање на програмата за „економско издигнување на народот";
2) Програмата да се подготви во консултации со стручни лица-нечленови на Организацијата, „добри познавачи на селското стопанство и на условите за негов развој";
3) Мислењата и препораките на стручните лица на тие нечленови „да бидат задолжителни за членовите на Организацијата";
4) Во програмата да се утврдат приоритетите на економскиот развој. Со планско насочување, а по потреба и со обврзување на населението, да се менува структурата на земјоделското производство, да се врши преориентација на доходовните гранки: лозарство, овоштарство, пчеларство.[782]

Како посебно доходовно го претставил засадувањето на дрвјата црници за развој на свиларството, со напомнување дека на сите им биле познати поволните климатски и почвени услови во повеќе региони во Македонија. Не пропуштил да укаже и на проблемите. Во прв ред, да се променува свеста на македонскиот земјоделец, да ги сфати и прифати предлаганите промени.[783] Предлагал таму каде што ќе имало неприфаќање и отпори, Организацијата да ја наметне проектираната преориентација на доходовни култури. Организацијата за тоа имала моќ за убедување и за присила. За развој на свиларството предлагал револуционерните чети на теренот „да го задолжат секој селанец да насади (најмалку) по 10 стебла црница". Така ќе можело да се очекува за неколку години да се развие одгледувањето свилена буба. Особено затоа што доходовноста била докажана, а немало ниту ризик.[784] Тошев се застапил и за заштита на шумите од уништување како непосреден економски интерес за народот, но и на Организацијата. Ефикасна заштита можела да се постигне со ставање во задача на четите да преземаат мерки за спречување на „уништувањето на шумите".[785]

За реализирање на проектираната економска програма, Тошев предлагал Организацијата да придобие, „до себе да има луѓе компетентни за економски

782 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613; М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание., 84–85.

783 Тошев, според интерпретацијата на Тренков: „Од нашиот селанец, во услови на потчинетост и економско исцрпување од страна на Турција, тешко може да се очекува бргу да се преориентира". (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613).

784 М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 85.

785 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613.

прашања". Тие стручни лица можеле да дојдат во Македонија преку Егзархијата, како легална институција во државата, јавно претставени како учители, инспектори и др.[786] Со средства на Организацијата, да се помагаат реоните што најмногу заостанувале или настрадале. Таква законска обврска Тошев утврдил во претставениот негов Проект-правилник.[787]

Во расправата на Конгресот, Тошев се соочил со неразбирање, но и со злонамерни коментари за да се девалвира претставената програма за економска борба на Организацијата. Така настапиле „помалку интелигентните" учесници кои признавале само оружена борба. Некои од нив отишле дотаму што го обвиниле Тошев дека на Конгресот заговарал борците, дури и војводите, „да се занимаваат со овоштарство и кокошкарство". Игнорирајќи ја малициозноста, тој повикал да се сфати дека од Организацијата не се бара да се занимава со „кокошкарство", туку „едноставно ќе ги тера луѓето и со сила, да работат за своето материјално подобрување".[788]

### *Просветно-културна програма*

На Конгресот Тошев се застапил и за усвојување програма за „народно просветување", за просветување и културно подигнување на народот што ќе ја остварува Организацијата, како битен услов за национално хомогенизирање и за успешност на револуционерната борба за ослободување и државност. Говорел за крајно лошата состојба, особено во македонското село, каде што многу малку деца оделе на училиште. Режимот го држел народот во положба на неукост до степен и самиот да не чувствува потреба за просветување.[789] Состојбата немало да се измени и при спроведување на реформите наметнати од европските сили, затоа што за тоа државата немала интерес. Барал Организацијата да ја преземе грижата за образованието на децата и на возрасните, за „народно просветување", за нејзин и општ интерес. Да влијае да се сфати значењето од просветувањето. Организацијата да презема мерки да го натера македонскиот селанец „да ја сознае потребата" да се просветува. Месните комитети да издаваат наредби по селата за задолжително образование, „децата

[786] ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613.

[787] Чл. 66: „Во случај да има реони настрадани или останати многу назад, Окружната управа треба да се погрижи за парична помош и за други поткрепи".

[788] ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613; М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 85.

[789] „Нашиот селанец речиси и не чувствува потреба за просветување".

редовно да го посветуваат училиштето“ до завршувањето на основното образование. Кога Организацијата ќе издадела такви наредби, немало да има „ниту еден родител кој немало да ја изврши наредбата“.[790] Со реонските чети, Организацијата можела и требало да одржува постојана контрола на остварувањето на програмата за задолжително основно образование. Четата во реонот, во секое време да врши инспекција и во секое село да направи увид, „да ги натера селаните (според материјалните можности) да си изградат училишна зграда и да ги издржуваат своите учители“.[791] При тоа, Тошев не пропуштил да укаже дека тие, македонските револуционери, треба да постапуваат како револуционерите од другите народи. Се повикал на примери од историјата, од другите револуции кога „просветувањето беше закрилувано од сите револуционери и дека самата револуција не е ништо друго туку стремеж за просветување“.[792]

### *Здравствена програма*

Тошев предлагал усвојување програма за организирање здравствена заштита на населението со ангажирање лекари, отворање народни аптеки и др.[793]

Настапот на Петар Тошев на Конгресот со барање за изработување и усвојување на комплексна програма за развој, предизвикал реакции и жестоки полемики. Посебно остро реагирале водечките опоненти Дамјан Груев и Ѓорче Петров. Прифаќањето негативно ќе се одразело на револуционерното дејствување на Организацијата, оружената борба се ставала на втор план. Се одело и до крајност да се докажува дека делото (односно ослободувањето на Македонија) е поставено како „чисто еволутивно и (дека) нема ништо заедничко со револуцијата“. Тошев на тоа одговорил компетентно дека еволуцијата и револуцијата не се противставени, дека не се исклучуваат, туку дека чинат единство во борбата за ослободување и државност.[794] Само така и само тогаш Организацијата ќе можела да ја продолжи и со успех да ја води оружената борба. Востанатиот народ не се поколебал, и покрај дадените огромните жртви, бил

---

[790] ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613.

[791] ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613; М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 86.

[792] ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613.

[793] ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613.

[794] Тошев: „Еволуцијата и револуцијата се два патишта по коишто треба еднакво да се врви за постигнувањето на автономија. Едното со другото заемно се надополнуваат.“ (ЦДИА,ф. 331, оп. 1, а. е. 99, 613; М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 86).

решен да се бори за својата слобода.[795] Во изменетите, услови Организацијата понатаму не можела да опстојува на стратегијата за водење само оружена борба, како единствено средство за извојување автономија на Македонија. Морало да се менува. Тоа требало да се сфати и прифати како неминовност. Да го сфатат и прифатат тие, водачите на народот, први: Дамјан Груев и Ѓорче Петров, на кои Тошев им се обраќал.[796]

Мнозинството не било подготвено за така радикално менување на дејствувањето на Организацијата. Тошев на Конгресот не добил поддршка за предлаганата програма за Организацијата.

## Проект-Правилникот за уредување на Организацијата

Главно прашање за кое најмногу се дебатирало на Конгресот, било прашањето за организационата поставеност и за раководењето со Организацијата. Дамјан Груев бил и останувал неотстапно на ставот за централизирано раководење. Тврдел дека без тоа нема да има ниту трајност на насоката кон целта, ниту единство на дејствата.[797] На тоа се противставил Петар Тошев, кој повикувал за демократизирање, децентрализирање на Организацијата, за нејзино уредување врз федеративни начела. Според сведоштвото на војводата Петар Ацев, Тошев се застапил за примена на автономниот принцип: секој револуционерен округ да претставува самостојна (автономна) единица[798] во донесувањето на одлуките.[799]

---

795 Бугарскиот т. агент во Битола Андреј Тошев, во опширниот извештај за состојбата во Македонија од 24 авг. 1904 год., до претседателот на владата и министер за надворешни работи Рачо Петров во Софија, меѓу другото, пишува: „Состојбата се разликува главно во тоа што во сегашната епоха на прогрес и светлина, идејата за слобода е подлабоко вкоренета во масата на поробените Македонци. Благодарение, особено на ланското востание, спасителниот зрак на слободата осветли и проникна така добро во сите слоеви на тукашното население, така што враќањето веќе не е возможно. ... Не треба да се испушта предвид и силното влијание што го вршеа и го вршат ослободените соседни народи на Македонецот, готов со својата крв да ја плати својата слобода“ (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 89/ 24 авг. 1904 год.; Македония и Тракия.., нови документи.., 253)

796 Тошев: „Жалам, господа, што и денес, откако преживеавме две востанија, уште има луѓе кои не сфатиле по кој пат треба да одиме. Токму тоа неразбирање однесе в гроб многу невини жртви“ (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99. 613; М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание, 86).

797 С. Радев, Рани спомени.., 195.

798 Ацев: „Пере Тошев (беше) за федеративни начела во смисла окрузите и околиите, секој одделен комитет, да сочинуваат засебна самостојна единица (автономна)“ (Извадки от спомените.., 11).

799 „Секој селски и градски комитет ги уредува своите работи според условите, по сопствена желба, без ничија принуда“ (Извадки от спомените.., 11).

А со доброволно федерирање на автономните единици-окрузите, да се обезбеди единството на Организацијата.[800] Тошев поаѓал од сознанието дека само со активно учество на секоја од организационите единици во решавањето со свои претставници, или со претходно консултирање за прашањата од општ карактер, можело да се постигне вистинско единство во целата Организација, особено кога ќе се работело за преземање акција од судбински карактер за целата организациона територија, или на нејзин дел.[801] Се менувала поставеноста, а со тоа и надлежностите на Централниот комитет и на окружните комитети. Тие се развластувале, за да се оневозможи да се донесуваат одлука и да се изведе востание на начин како што се случило претходната година.[802] Затоа управувањето со Организацијата се пренесувало целосно на конгресите. Конгресите (општиот и окружните) решавале; донесувале инструкции и директиви. Централниот и окружните комитети, како извршни органи на конгресите, добивале надлежност да раководат со работите на Организацијата според инструкциите и директивите донесени од конгресите.[803] Така, во управувањето со Организацијата се обезбедувало „учество на сето организирано население", власт на народот.[804]

800 Извадки от спомените.., 11.

801 Ацев: „Најважното разбирање за федерацијата, Тошев го засновуваше врз пунктот дека секој комитет, селски или градски, за да презема ангажман за прашањата од општ карактер и за да се потчини на една општа наредба, треба да земе учество при разгледувањето и решавањето на прашањето, со свои претставници или преку консултирање. На пример: Централниот комитет испраќа заповед за преземање акција од судбински карактер, било да е општа или локална. За издавање на таа заповед, треба да има изречна согласност од последниот комитет. Еве како: кога Централниот комитет ќе постави извесно прашање, дали комитетот во некоја околија може да преземе локална терористичка акција, тој е должен да испрати окружно и да го сондира мислењето на окружните комитети. Окружните комитети на ист начин го сондираат мислењето на околиските комитети, а тие, од своја страна, го сондираат мислењето на градските и селските комитети. Добиените одговори се собираат по истиот ред до ЦК, кој ги сумира мислењата на комитетите, следствено на целата Организација и со мнозинство гласови решава и му го препорачува на комитетот најприфатливото мислење како решение на самиот ЦК". (Извадки от спомените.., 11–12).

802 Извадки от спомените.., 16.

803 Ацев: „Најважната тенденција на Пере беше да се воведе максимата дека ЦК, окружните комитети не управуваат со Организацијата, туку ги раководат работите во духот на инструкциите и директивите од конгресите на кои (при таква организација – ММ) учествува целото организирано население" (Извадки от спомените.., 12).

804 „Еве како: селските собранија избираат делегати за центровите собранија. Тие делегати се состануваат и се избираат делегати за околиски конгрес. Околискиот конгрес разгледува прашања за окружните конгреси и избираат делегати на кои им даваат усни или писмени директиви за сите прашања (во околијата). Во околиските комитети со свои делегати учествуваат и градските комитети, кои постојат одделно од околиските комитети чиешто седиште речиси секогаш беше во градовите. Околиските конгреси избираат околиски комитети и околиски војвода. Истовремено се избира и окружен претставник на околијата, како и делегати за окружниот конгрес. Окружниот комитет треба да е составен од по еден претставник од секоја околија на округот. Конституиран од тие претставници, комитетот си определува секретар, кој ќе ја води кореспонденцијата со ЦК, а кореспонденцијата со околиските комитети ја водат претставниците на околиите кои се членови на окруж. комитет". (Извадки от спомените.., 12–13).

За да не се дозволат во иднина „слични катастрофи", Тошев, според мислењето на Петар Ацев, отишол во друга крајност, настапил со крајно сложен и неефикасен систем за раководење со Организацијата. За секое прашање, и наједноставното и најсложеното, за да биде поставено на разгледување да се решава, би било потребно мислење од сите комитети во револуционерната околија. Тошев не се сообразил со реалните можности на Организацијата. Организацијата не располагала ниту со телеграф, ниту со телефонски средства, а ниту со доволно време за да може да ја примени „таа сложена машинерија". Војводата Ацев пишува дека „проектот на Пере беше идеален, но во практиката не само неприменлив, туку и штетен".[805]

На Конгресот се водела општа дебата со противставените мислења и ставови за неговата (не)применливост. Тошев не ги признавал и не ги прифаќал аргументите претставени од опонентите.[806] Не прифаќал да се прават ниту најмали измени во предложениот текст.[807] Тошев сметал за свој долг кон делото да истрае, убеден дека само така ќе се оневозможи Организацијата да биде управувана од самоповикани поединци. Тоа се однесувало пред сè за Дамјан Груев и Анастас Лозанчев.

Во пресметката со Груев се вклучил и Ѓорче Петров. Иако Тошев имал „друго мнение" за проектот, го поддржал со образложение Организацијата да се заштити од „експериментите на Дамета и сличните на него".[808] Разликите во нивните карактери повлијаеле за уште поостри идејни противречности.[809]

Тие и таквите поделби требало што побргу да се надминат за средување на состојбите во Организацијата, без што не можело да се смета на успех на ослободителното дело. Ѓорѓи Поп Христов ги повикал да се разберат и да постигнат согласност.[810]

По општата дебата, се пристапило кон читање и расправа за секој член од Тошевиот Проект-правилник. Се водела расправа за секој член, за секоја

---

[805] Извадки от спомените.., 13–14.

[806] Ацев: „Меѓутоа, и покрај сите аргументи, Пере остана непопустлив и не отстапи во ниту една точка, не сакаше да слушне за ниту едно од мислењата на целата Конференција, вклучувајќи го и Ѓорчевото мислење, иако Ѓорче, за да не се почувствува целосно изолиран, повеќе ја поддржуваше страната на Перета". Меѓутоа, за проектот и тој беше на друго мнение" (Извадки от спомените.., 14).

[807] Ацев: „Пере не се согласуваше ниту една запирка да се измени" (Извадки от спомените.., 14).

[808] Извадки от спомените.., 14.

[809] С. Радев, Рани спомени, 195.

[810] Ѓ. Поп Христов (според Симеон Радев): „Јас им реков – вели Георги П. Христов, Вие нè предводевте, но од Вас бараме да дојдете до согласност. Вашите разлики можат да доведат до расцеп, опасен за Организацијата, сега кога кога е пред најголеми искушенија" (С. Радев, Рани спомени, 195).

одредба. Се работело за „радикална промена“ во Организацијата и во раководењето со Организацијата. Место дотогашната централизација, се воведувала целосна децентрализација, од највисокиот орган (ЦК) до селските комитети.[811] Се воведувал систем на достапност на должностите за секого во органите на Организацијата.[812] Тоа било поддржано и прифатено од апсолутното мнозинство на делегатите.[813]

Против бил Дамјан Груев, со мала група привурзаници.[814] За да се избегне поделба, бил постигнат компромис.

Откако не се постигнала општа согласност за интегрално прифаќање на Тошевиот Проект-правилник – според сведочењето на војводата Петар Ацев, самиот учесник – било договорено Дамјан Груев да изработи и друг Предлог-правилник „во духот на начелата застапувани од Даме и поголемиот дел од учесниците на Конференцијата“,[815] со тоа што ќе се воведе изборност за сите органи од основните; селските до Централниот комитет, со највисокиот орган – општиот конгрес.[816] Дамјан Груев бил задолжен да го претстави својот Предлог-Правилник.

Ѓорче Петров во своите спомени пишува за Правилник изработен од Груев,[817] надополнет од него, и дека тој бил прифатен како втор проект. Но, и дека тој суштински многу не се разликувал од Тошевиот, само што бил „поумерен“.[818]

811 Ѓорче: „Радикална промена беше тоа што мистериозната централизација се отфрлаше кога ќе се почне од ЦК-ти до селата, а место неа широка децентрализација“ (Спомени на Ѓорче.., 160).

812 Затоа бил нарекуван и Проект-устав (Л. Лапе, Животниот пат и делото.., 69).

813 Ѓорче: „Сложен механизам во нашите раководни установи се предвиде за да можат сите повидни сили да земат учество во делата на Организацијата. Тоа одговараше на расположението. Веќе никој не сакаше да чуе за старата централизација“. (Спомени на Ѓорче.., 160).

814 Ѓорче: „Даме се противеше, но речиси никој од повидните не го поддржуваше“ (Спомени на Ѓорче.., 160).

815 Извдки от спомените.., 14.

816 Ацев: „Се предложи Дамјан Груев да изготви правилник на основи за демократизирање на старите институции: селски, градски, околиски и окружни комитети на чело со Централен комитет и Задгранично претставништво. Сите да бидат избирани од соодветните собранија и конгреси. Врховна институција да биде општиот конгрес, тој да ги избира Централниот комитет и задграничното претставништво“ (Извадки от спомените.., 16–17).

817 Ѓорче: „Се изработи цел Правилник по уредбата на Организацијата којшто го отпечати Борис (тој имаше пари, јас му ја дадов копијата) (Спомени на Ѓорче.., 160). Се работи за проектот изработен од Петар Тошев за организацијата на Револуционерната организација како целина, претставен и усвоен на Конгресот.

818 Ѓорче: „Го оформивме и Дамевото мнение како втор проект. Заедно со Дамета го изработивме и неговиот проект (обата проекти напечатени се од Бориса). И вториот проект на Дамета, не беше во својата основа друго, освен првиот проект, само во поумерена форма. Даме многу отстапи, немаше што да прави; старата наредба беше го загубила секој авторитет. Но, Даме внатрешно си остана со потајната мисла да парализира сè при првата возможност“ (Спомени на Ѓорче.., 160–161).

Меѓутоа, според сведочењето на Петар Ацев, Груев немал време да го заврши својот Предлог-правилник, изминувал 30-тиот ден на Конгресот. Некои од учесниците започнале да заминуваат. Мнозинството продолжиле во с. Крстец, каде што конечно завршил Конгресот.[819]

Според тоа, Проект-правилникот од Груев не бил претставен на Конгресот, затоа што не бил напишан. Го напишал по Конгресот. За да се избегнат поделби, била постигната согласност по Конгресот Раководното тело на Округот да причека Груев да го достави неговиот Предлог-правилник и тој, како „приватен", негов и на неговите поддржувачи, заедно со Тошевиот да се достави на разгледување и изјаснување во целата Организација. Тоа експлицитно се потврдува и во писмото од Раководството на Округот до окружните раководства на другите револуционерни окрузи, до околиските раководства, до војводите во својот округ и до Задграничното претставништво на Организацијата во Софија, од 25 јуни 1904 година. Во прилог на писмото им се доставувале двата проект-правилника, претставени како „Образец I" (од Тошев) и „Образец II" (од Груев).[820]

Во секој случај Тошев, со својот Проект-правилник се стекнал со авторитет на бескомпромисен револуционер-реформатор, застапник за демократизација на внатрешните односи за воспоставување одржливо единство на Организацијата и за успех на ослободителното дело.[821] Тоа, според Тошев, можело да се постигне само со отстранување на „мистериозната" централизација, оттаму и апсолутизмот во Организацијата, изборност на сите нивоа, свесно и совесно работење, одговорност во извршувањето на секоја должност, воспоставување функционален демократски систем во решавањето и управувањето. Едноставно кажано, Тошев презел жесток атак врз апсолутизмот.[822]

---

819 Ацев: „Даме не можеше да ја заврши работата што му беше дадена. Конференцијата веќе го бележеше 30-тиот ден. Другарите започнаа да заминуваат. На 32-риот ден бевме во с. Крстец, 15 km од градот Прилеп. Тука ја завршивме Конференцијата и се подготвивме да заминеме секој каде што му беше работата" (Извадки от спомените.., 17).

820 „Ви испраќаме по еден примерок од изработените од нив два проект-правилници „Образец I" и „Образец II", од кои првиот го изразува мислењето при општо учество на сите собрани, а вториот, по немање време, приватно на некои од учесниците, по нивното разгледување, по општи желанија" (Програмски и статутарни документи.., 78).

821 Лапе: „Ставот застапуван на Конгресот и применет во проект-правилникот го легитимираат Пере Тошев како вистински револуционер, демократ и смел борец против конзервативниот централизам забарикадиран дури и во лицето на некогашниот основоположник на Организацијата. Ваквиот став на Пере Тошев истовремено го претставува и како убеден демократ и револуционер, кој полага големи грижи за чистотата и самостојноста на Внатрешната револуционерна организација, со цел да ја водат во новите услови домородните сили без пречки" (Л. Лапе, Животниот пат и делото..,70).

822 Делирадев: „Тој (Тошев) ги урива основите на апсолутизмот и удри по заклучените порти на општествената совест „за слобода и правда" (П. Делирадев, Перето, Изводоци од весници.., „Воспоминателен лист на тројцата македонски големи револуционери", 2-ДАРМ, сиг. 4540).

## Тошевиот проект-Правилник на Внатрешната тајна македонско-одринска револуционерна организација

Со Проект-правилникот[823] се регулирале членувањето[824] (должностите[825] и правата[826]), организационата поставеност, уредувањето, поделбата на власта: законодавна, извршна, контролна и судска), раководењето, финансирањето, вооружувањето, кореспонденцијата и тајната пошта, демократизирањето на Организацијата (достапност на сите должности за секој нејзин член-работник).

### *Организационата структура*

*Основна организациона единица:* Група членови,[827] месна организација; селска и градска, околиска и окружна.

*Органи на раководење*: началник на група – десетар, селско раководно тело (совет) на месната организација, околиско раководно тело (комитет), окружна управа и Централен комитет.

*Началникот на групата – десетарот* во месната организација да раководи со групата „свои потчинети"; да го развива и да го одржува револуционерниот дух; да го известува началството за состојбата во групата во секој поглед (дисциплината, вооруженоста, мобилноста и др.).[828] *Селското раководно тело*

---

823 Со 143 членови поделени во 13 глави (програмски и статутарни документи.., 80–108). Проект-правилникот објавен од ак. Љубен Лапе има 98 членови, поделени во 7 глави (Љ. Лапе, Проект-правилниците.., 204–238). Натаму го користиме првиот.

824 Член-работник на Организацијата да може да биде „секој христијанин кој живее во европска Турција, без разлика на народноста, кој сака да работи во духот на насоките изложени во овој Правилник на решенијата за ослободување на Македонија и Одринско од турската власт". (Чл. 1) при стапувањето во Организацијата да даде заклетва дека „до смрт" ќе се бори за слободата на татковината Македонија (чл. 3).

825 При стапувањето во Организацијата, да даде заклетва (чл. 3), дека ги посетува собранијата на групата (чл. 4), дека внесува пари според можностите и дека се грижи за своето лично оружје (чл. 6), дека ги извршува поставените задачи (чл. 7).

826 Да бира и да биде избран. Не предвидел можност за откажување од изборот, без оправдани причини. (Чл. 24: „Никој не може без оправдани причини да се откаже од изборот, во кое време и да е").

827 Во секое населено место со десет и повеќе членови се формирала група, односно групи (чл. 2). Групата претставувала основна организациона единица. Групите формирале Месна организација (чл. 10).

828 Чл. 13 Должности на началниците на групите-десетарите месните заедници: а) да им ги пренесуваат на своите потчинети наредбите од нивните началства; б) да ги известуваат своите началства за групата во секој поглед, за дисциплината, вооруженоста и др.; в) да го контролираат одржувањето на оружјето; г) да одржуваат состаноци на групата за да се одржува револуционерниот дух; д) да го следат однесувањето на членовите на групата, посебно нивните постапки „пакосни за делото" и др.


Образецъ I
Проекто-правилникъ
на
Вътрешната Тайна Македон-Одринска
Революционна Организация.

Глава I.
а) Общо устройство.

Чл. 1. Членъ-работникъ на Вътр. Т. Мак.-Одр. Революц. Организация бива секи живущъ въ Евр. Турция християнинъ, безъ разлика на народностьта, желающъ да работи въ духътъ и направлението на изложенитѣ въ настоящия правилникъ постановления, за освобождението на Македония и Одринско отъ турското владичество.

Факсимил од првата страница на Проект-Правилникот на ТМОРО од Петар Тошев, Образец-1, претставен на Прилепскиот окружен конгрес 1904 год.

(советот)[829] да раководи со организациските работи во селото и да одговара за нивната општа состојба: да ги чува парите и да поднесува извештаи до Околиското раководно тело за приходите и расходите, на три месеци; да го уредува приемот и испраќањето на четите; да ги одржува организациските врски меѓу селата и градот, да организира и да го контролира извршувањето на курирската должност, да ги одржува и да ги држи во тајност каналите и складовите на општото оружје на Организацијата, како и други должности што ќе му бидат доверени.[830]

*Војвода:* *с*о должност началник на организационите работи во селото.[831]

*Околиски комитет:*[832] со надлежност да раководи со градската организација[833] и со селските раководни тела;[834] да одржува кореспонденција со соседните раководни тела;[835] да ги прима писмата и другите акти на Окружната управа и Централниот комитет и да постапува по нив;[836] да располага и да биде одговорно за сето оружје и сите бојни материјали на цела-

---

829 Селското раководно тело (совет) да се состои од: началник, благајник, војвода, советник и писар – за водење на кореспонденцијата и сметките. (чл.14).

830 Чл. 15.

831 Чл. 42: „Војводите се непосредни началници на организационите работи во селата. За сè што ќе сторат, постојано го известуваат окружното раководно тело“.

832 Чл. 23–53. Околиските раководни тела (комитети) да се формираат од 5 до 10 члена (чл. 26), во кој број влегувал и еден реонски војвода (чл. 27), да имаат претседател (чл. 29), потпретседател (чл. 30), секретар (чл. 31) и благајник (чл.33–35).

833 Чл. 36.

834 Чл. 25.

835 Чл. 37.

836 Чл. 37.

та територија на околијата;[837] да врши распределување на оружјето во градот и по селата;[838] да ги уредува каналите за пренесување на општата кореспонденција, за премин на луѓе, за пренесување на оружје и материјали;[839] да прима и чува „литература со револуционерен и научен карактер“;[840] да се грижи за вооружувањето и снабдувањето на четите.[841]

*Окружна управа:*[842] надлежна да раководи и да биде одговорна за успехот и неуспехот на делото во Округот, со целосна власт во Округот.[843] Со надлежностите предвидени за окружната управа, Тошев предвидувал да се постигне целосна децентрализација на Организацијата. На Окружната управа ѝ се пренесувале сите функции на власта во Округот: законодавна („надвор од општите принципи предвидени во статутите на Организацијата“), извршна, контролна и судска.[844] Предвидел окружната управа да презема и вонредни мерки. Да го разреши целото Околиско раководно тело,[845] во случаите кога влошените внатрешни односи ја парализирале неговата работа и, откако ќе се утврди дека не може да се запрат, привремено да го замени со биро од 2–3 лица, до спроведувањето избори за нов состав на Околиско раководно тело.[846] *Надлежност*: да се грижи и да одговара за успехот и неуспехот на делото во Округот;[847] да го определува бројот војводи и други нелегални лица за состав на Окружната управа[848]; да решава за поплаките на поединци и поплаките упатувани од околиските раководни тела;[849] да го разрешува околиското раководно тело и да го заменува со привремено биро од 2–3 члена од неговиот составот.[850] *Контролна (ревизорска) надлежност*: да врши ревизија на Окружното биро, најмалку двапати во годината; да прави ревизии во округот „секаде и на сè, на начинот што го смета за добар“.[851]

---

837 Чл. 45.

838 Чл. 47.

839 Чл. 48.

840 Чл. 49.

841 Чл. 50, 51.

842 Чл. 54–чл. 69.

843 Чл. 59.

844 Чл. 59.

845 Има недоследност во именувањето Околиско раководно тело–комитет (чл.23–28), Околиско управление–управа (чл. 64).

846 Чл. 64 и чл. 65.

847 Чл. 59.

848 Чл. 60.

849 Чл. 63.

850 Чл. 64.

851 Чл. 62.

За извршување на сите тие функции, предвидел Управата да состои од: окружно биро, околиски раководни тела, од некои од „интелигентните војводи" и „повидните нелегални сили" кои немале определена должност во Организацијата.[852]

*Окружно биро:*[853] орган на Окружната употреба за одржување на врските меѓу реоните и Управата и Управата и Централниот комитет. Бирото да посредува меѓу Окружната управа, реоните и нелегалните лица избрани во Округот, со другите окрузи и меѓу Окружната управа и Централниот комитет.[854] Окружното биро да не може самостојно да донесува решенија.[855]

*Централен комитет*: за Централниот комитет[856] предвидел да се состои од окружните комитети и од Централно биро.[857] Надлежност: 1) да го следи „општиот врвеж" на Организацијата за нејзино напредување; 2) да го распределува оружјето добиено за целата Организација по окрузите; 3) да стапува во врска со надворешни комитети, ако такви има; 4) да го следи текот на испраќањето на оружјето, револуционерната литература и др. сл., и да ѝ дава на Окружната управа можни олеснувања и содејство; 5) да ги решава споровите меѓу окрузите кога тие нема да можат меѓу себе да ги решат самите тие, или со арбитража.[858]

ЦК имал право да врши и ревизија во окрузите, но само за приватни случаи и по барање од односната окружна управа.[859] Според тие надлежности и одговорностите, Централниот комитет добивал функција на орган на окружните комитети со насочувачка услужна, посредничка и претставничка функција.

*Централно биро*: орган на Централниот комитет составен од по еден избран претставник од секој округ и неколку нелегални лица избрани со мнозинство гласови од сите окрузи,[860] со мандат од една година.[861] Надлежност: да

---

852 Чл. 54.

853 Чл. 70–77.

854 Чл. 70.

855 Чл. 72: „Окружното биро никогаш не може да зема решенија, да пишува или да зборува од името на Окружната управа-управление додека нема за тоа негово одобрување. Може да кореспондира одделно со реоните, како што може и секој член на окружната управа-управление, но тоа ќе биде негова приватна работа, без важност за окружната управа-управление".

856 Чл. 78–чл. 85.

857 Чл. 78.

858 Чл. 79.

859 Чл. 79.

860 Чл. 80.

861 Чл. 81.

посредува меѓу окрузите, Централниот комитет и делегатите во странство,[862] како и да ја одржува кореспонденцијата од и до Централниот комитет.[863]

### *Конгреси*[864]

*Окружен конгрес*, составен од по 2–3 легални и нелегални делегати од секоја околија, од претседателот и секретарот на Окружното биро,[865] да се одржува задолжително секоја година.[866] Конгресот[867] да расправа и да решава за состојбите во округот, „надвор од принципите и статутите на Организацијата". Така донесените решенија да се задолжителни за Округот.[868] Конгресот можел да расправа и за принципиелни прашања и да зазема ставови, но тие би биле само необврзни мислења.[869]

*Општ конгрес* на Организацијата.[870] За општите потреби на Организацијата, да се одржува редовен општ конгрес задолжително секоја година, а вонреден општ конгрес кога налагаат околностите.[871] Датумот и местото на одржувањето да ги определува Централниот комитет.[872] На општиот конгрес да учествуваат по тројца делегати од секој округ од легални и нелегални членови на Окружната управа, по еден член од окружните бироа и двајца членови од Централното биро.[873] Конгресот да ја разгледува општата положба на дејноста и дејствувањето на целата Организација; примената на усвоените принципи; да интервенира со примена на власт при секое јавно оддалечување на делото од духот на тие принципи, со строго почитување на правата на окружната управа и на окружниот конгрес; „да ги разгледува и да ги утврдува принци-

862 Чл. 83.

863 „Тоа (Централното биро) испраќа точен препис од сите писма кои се однесуваат до Централниот комитет, до делегатите – свои членови и до сите окружни бироа за податоци или за одговор". (Чл. 83).

864 Чл. 86–чл. 96.

865 Чл. 88.

866 Чл. 86.

867 „Датумот и местото да го определува Окружната управа-управление, а внатрешниот ред собранието на Конгресот" (чл. 89).

868 Чл. 87.

869 Чл. 87.

870 Чл. 91–96.

871 Чл. 90.

872 Централниот комитет да ги определува датумот и местото на одржувањето на Конгресот (чл.95).

873 Чл. 93.

пите и статутите на организацијата“ и „да зема решение за востание“.[874] Да се прогласува востание „само со согласност на ¾ од околиските раководни тела на Организацијата“. Мислење на околиските тела да се дава од делегатите на Конгресот.[875] Тошев предвидел денот определен за востанието да биде тајна за членовите на конгресот.[876]

*Претставничко тело* (делегатура),[877] составено од четворица рамноправни претставници, избрани од Централниот комитет,[878] да ја претставува Организацијата во странство.[879] Се задолжувал Централниот комитет, при изборот за делегати, „да ги претпочита“ лицата кои работат за делото „во внатрешноста (најмалку една година) како легални или нелегални дејци“.[880] За извршување на тековните административни, финансиски и технички работи на Претставничкото тело, предвидел административни лица: секретар, писар и економ, а за пограничните пунктови по еден агент и потребниот број курири за препраќање материјали, прифаќање и испраќање чети и поединци.[881] *Должности, права и забрани за членовите на Претставничкото тело*.[882] *Должности*: Да го известува Централниот комитет за меѓународната положба на ослободителното дело; за пишување на странскиот печат и журналистиката, за односот на организации и поединци, за ставот на дипломатиите, владите, владетелите и одделни политичари во странство; за поткупените од владата на османлиската држава весници во странство; да ги предава и препраќа изјавите, декларациите и други документи на Организацијата наменети за надворешниот свет; да ги испраќа автентично материјалите од внатрешноста наменети за објавување во европските весници; да работат за придобивање на јавното мислење во Бугарија, преку тамошни чесни, авторитетни и влијателни личности, „по дух и убедување“ блиски до ставот на Организацијата за македонското прашање; сите материјални средства за Организацијата однадвор да ги примаат во нејзино име; да наоѓаат од каде да се добива оружје, експлозиви и други материјали,

874 Чл. 92.

875 Чл. 96.

876 Дополнување, односно забелешка на чл. 96: „Датата на востанието останува тајна за членовите на Конгресот“.

877 Чл. 97–чл. 103.

878 Чл. 98.

879 Чл. 97.

880 Дополнување на чл. 98.

881 Чл. 101.

882 Чл. 102.

да ги купува општите материјали и нив да ги испраќа во внатрешноста; делегатите и нивните агенти „да укажуваат секаква помош“ за купување и испраќање на тие и такви материјали; делегатите да врбуваат луѓе за четите, да ги вооружуваат (со пушки со долг дострел и брзострелни) и да ги испраќаат во внатрешноста; да набавуваат и да испраќаат во внатрешноста печатени материјали: книги, брошури и други публикации со револуционерен, научен и воен карактер, за потребите на војводите и борците. *Права* на делегатите: да бидат во тек со дејноста на Организацијата, да даваат мислење за општите работи на седниците на Централниот комитет и на Конгресот, без право на глас[883]; да стапуваат во преговори со надворешни револуционерни организации само со специјално полномошно[884]; да водат кореспонденција само со Централниот комитет.[885] *Забрани*: да немаат право од името на Организацијата да преземаат постапки од дипломатски карактер со некоја држава.[886]

*Изборност.* Тошев предвидел воведување избирање за сите раководни органи, од најниските до општиот конгрес. Сите да се избираат, со мандат од една година. Изборот да се врши по комбиниран изборен систем: непосредно избирање, посредно и делегирање. Непосредно да се избираат: раководителите на групите-десетари[887] од селските и градските организации,[888] селските раководни тела (советите) и нелегалните членови на окружните управи, членовите на Претставничкото тело (делегатурата).

Десетарите да се избираат на *собрание на Групата.*[889] Селските раководни тела [890] на *Селско собрание*,[891] нелегалните членови на окружните управи со самостоен глас од самите окружни управи,[892] а членовите на Претставничкото тело да ги избира Централниот комитет.[893] Посредно да се избираат околиските

883 Чл. 102, одр. 18.

884 Чл. 102, одр. 4.

885 Чл. 102, одр. 19.

886 Чл. 102, одр. 4.

887 Чл. 17.

888 Чл. 23.

889 Групата од 10 членови-работници одржувала свои собранија, со задолжително учество на секој член-работник (чл. 5).

890 Чл. 16: „Раководното тело се избира од селското собрание, под раководство на реонскиот војвода за една година“.

891 Селското собрание, под раководство на реонскиот војвода, да го избира Селското раководно тело. (чл. 16).

892 Да ги избира самата окружна управа. Чл. 57: „Нелегалните лица со самостоен глас во Окружното управление ги избира самото тоа“.

893 Чл. 98.

раководни тела (комитетите).[894] *Делегирање*. Да се делегираат членови во окружните бироа[895] и во конгресите,[896] делумно во Централното биро.[897]

Околиските раководни тела (комитети) да ги избираат десетарите – градските организации на свои собранија, односно десетарите и старешините[898] во градовите (на општо собрание или на собрание по групи).[899] Според тоа, во градовите предвидел и *собрание на десетари* и *собрание на десетари и старешини.*

*Делегирање за членовите на окружните бироа.* Секоја околија да делегира по еден избран[900] свој претставник,[901] а за окружните конгреси да делегира по 2–3 делегати (легални и нелегални лица).[902] Во Централното биро секој округ да делегира по еден свој избран претставник, а сите окрузи да изберат (со мнозинство гласови) „неколку нелегални лица“ за негови членови.[903]

За законитост на изборот предвидел присуство на повеќе од половината од избирачкото тело.[904] Избор да се врши со тајно гласање, со просто мнозинство гласови.[905]

### *Судство*

Тошев предвидел воведување судство[906] како во секоја демократска парламентарна самостојна и независна држава: еднаквост на сите членови-работници пред законот на Организацијата, независно од нивната позиција и функ-

[894] Од десетарите на собранија, односно од десетарите и старешините на заедничко собрание (чл. 23).

[895] Чл. 55.

[896] Чл. 88 и чл. 93.

[897] Чл. 80.

[898] Чл. 23, одр. в): „Во градовите каде што бројот на групите е повеќе од 20, десетарите на секои 3–5 групи избираат по еден постар од поинтелигентните сили“. Одр. г): „Во такви градови, раководното тело го избираат заедно десетарите и старешините“.

[899] Чл. 23.

[900] Чл. 55: „Одбраното лице, по можност, треба да биде интелигентно и задолжително да игра видна улога во месната организација“.

[901] Секоја околија да делегира по еден избран свој претставник, а сите тие да го составуваат окружното биро (чл. 55).

[902] Чл. 88: „Окружниот конгрес се состои од легални и нелегални делегати, од секоја околија по 2–3.

[903] Чл. 80.

[904] Чл. 23, заб.

[905] Чл. 28, чл. 73.

[906] Чл. 127–чл. 143.

ција;[907] примена на пресумпцијата на невиност, праведно судење;[908] хумано постапување спрема обвинетиот за време на постапката.[909]

*Судење*. Судските решенија да се донесуваат врз основа на утврдени факти и докази за сторено дело, со лично испрашување на обвинетиот и на сведоците,[910] освен за лицата недостапни, на кои ќе им се суди во отсуство.[911] На членовите-прекршители на одредбите на Правилник и тие кои дејствувале против делото да им се суди,[912] а виновниците да бидат казнети според вината, со казна: опомена, одземање на правата од членувањето (во Организацијата), глоба, тепање и смрт.[913] Престапите на членовите-работници и десетарите да ги разгледува, и за тоа да решава, раководното тело или советот на месната чета, а на раководителите повисокото управно тело.[914]

Селските совети да ги решаваат споровите и судските предмети во селото. Приговори по донесените решенија да се поднесуваат до војводите (како непосредни началници на организациските работи) и до Окружната управа,[915] само до прва инстанција.[916] Окружната управа да ги решава недоразбирањата во окружната организација; по нивното потврдување,[917] освен за смртната казна, кога ќе се работи за опасно загрозување на делото.[918]

---

907 Чл. 127.

908 Да се суди непристрасно (чл. 130).

909 Да нема „лични расправии и навреди спрема обвинетите" (чл. 130).

910 Чл. 129: „Решенијата се утврдуваат само преку лично испрашување на обвинетиот, на сведоците и индициите (за материјални докази), ако такви има".

911 Чл. 129, заб.: „Ова право (на лично испитување) го немаат оние лица кои отсуствуваат и не е можно нивно испитување, ниту писмено, ниту кога нивното директно иследување е сврзано со ризик".

912 Чл. 188.

913 Чл. 127.

914 Чл. 128.

915 Чл. 44.

916 Чл. 134: „Незадоволната страна има право на жалба само на првата инстанција".

917 Чл. 131.

918 Чл. 132: „Решението со смртна казна се спроведува само откако ќе го одобри Окружното управление. Исклучок се прави само кога делото го заплашува јавна тешка опасност, која би можела да се отстрани со брзо ликвидирање на виновниците (И во таков случај решението му се доставува навреме на Окружното управление, заедно со мотивите што го наложиле забрзувањето).

*Казни*.[919]

*Опомена*. Казната опомена (усна или писмена) да се изрекува:

а) за неизвршување, првпат, на предвидените обврски;

б) оддавање доверена тајна, комитски луѓе, планови и акции, противзаконско пројавување незадоволство, негодување против раководните лица и нивните дела, предизвикување расправии меѓу работниците, самофалење и др.;

в) злоупотреба на должноста од селски раководни лица при определување куќи (за сместување), курири, чувари и др.;

г) поплаки со лажни мотиви;

д) малодушност и осуда на принципите на Организацијата.[920]

*Глоба*. Казната глоба да се изрекува за:

а) неизвршување, или повторен прекршок, за кој била изречена казна опомена првпат;

б) злоупотреба со пари и материјали на Организацијата;

в) крадење пари од Организацијата и приватни, кражба или размена бојни материјали: оружје (пушки, куршуми, револвери), експлозивни средства (динамит, бомби и др.), инструменти, облека, добиток и др.[921];

г) земање со измама од населението пари или материјали од името на Организацијата;

д) злоупотреба (надземање) при купување предмети за Организацијата.[922]

*Казна тепање*, да се изрекува за:

а) повторено дело неизвршување по третпат на обврските предвидени во чл. 9 и чл. 11;

б) намерно уништување, или неовластено отворање, писма и друга кореспонденција на Организацијата.[923]

---

919 Чл. 135–143.

920 Чл. 135.

921 Со задолжување за враќање или за надоместување на нивната вредност.

922 Чл. 136.

923 Чл. 137.

*Казна разрешување* од должноста, да се изрекува:

а) на лица на должности за кои ќе се докаже дека припаѓаат на друга револуционерна организација со иста цел;

б) на лица на должности кои ќе откажат да уважат мисија на пратеник (пратеници) од погорна инстанција;

в) на десетарите и старешините при прекршување по вторпат на обврски[924] и по третпат;[925]

г) на секој член од раководните тела, претставници и војводи, кои разгласуваат доверливи тајни;

д) на секое лице на должност кое згрешило според чл. 135, т. д. и чл. 137, т. б.;

ѓ) на секое околиско раководно лице за преправање (искривување) решенија, свои или на други раководни тела. Истото важи и за членовите на централните и окружните бироа на претставништвата, војводите и др.

На должносните лица кои одбиваат да ја предадат должноста на нивните заменици и на тие што ги поддржуваат законски отстранетите раководители и војводи.[926]

*Казна одземање право на глас*[927] и казна *исклучување* од Организацијата.[928]

Казна *исклучување* од Организацијата да се изрекува:

а) на непоправливите лица, независно од нивната положба во Организацијата;

б) на тие што откажале доброволно да останат во Организацијата.[929]

*Казна смрт*. Предвидено да се изрекува:

а) на секој за кој ќе се докаже дека се заканил да му открие на противникот тајни или личности на Организацијата;

б) на десетар, раководител, војвода, делегат кој и по двапати повикување нема да ги предаде делата на нивните заменици;

924 Од чл. 136, одр. б), в) и г).

925 Од чл. 135, од. б), в) и д).

926 Чл. 138.

927 Чл. 139.

928 Чл. 140.

929 Чл. 140.

в) на осудените во согласност со чл. 136, одр. б) и в), кои откажале да се покорат на решенијата;

г) на казнетото лице кое ќе продолжи со измама од името на Организацијата да собира пари или материјали за себе или друг;

д) на секој кој намерно ги издава тајните на Организацијата, или со несовесно извршување на должноста ќе го доведе во опасност делото;

ѓ) на шпионите и нивните помошници;

е) на секој член-работник кој со збор или дејност намерно го кочи делото и откако е повикан да престане да го прави тоа;

ж) на водачите на секоја друга организација во земјата со иста цел кои откажале да ја прекинат дејноста;

з) на отцепените лица, кои без одобрение ѝ пристапиле на друга внатрешна организација со иста цел;

ѕ) на блудниците, кои при блудничењето „ќе го злоупотребат делото“, како и на муслиманите и државните чиновници за вршење зулуми, убиства, за пројавена[930] посебна посветеност во гонењето припадници на Организацијата.[931]

*Финансирање*

Финансирањето на Организацијата,[932] „главно вооружувањето“, предвидел да се врши со самофинансирање. Средствата да се обезбедуваат: од членските вложувања на секој член „седмично или месечно, според имотната состојба“ и со задолжување на сите други (граѓани и селани) поддржувачи[933] на делото[934]; средства врз основа на посебни налози на поимотните за купување

930 Чл. 141.

931 Чл. 141.

932 Чл. 104–чл. 108.

933 „Кои ѝ мислат добро на Организацијата“ (чл. 104, заб.).

934 Износот да го определуваат: на членовите во градот – раководното тело и десетарите, а во селата селскиот совет и месниот војвода, за членовите на Организацијата; на надворешните – Окружното раководно тело со консултирање со постарите и „со неколку“ одбрани лица. Собирањето на парите за членовите да го вршат десетарите, а за надворешните – лица определени од раководното тело. Поголемите износи да ги собираат членовите на раководното тело. Во краен случај, да се применува заплашување или и присила. За примените пари на давателите да им се издаваат расписки во посебна форма (чл. 105). За парите добиени од установи за помош, лична расписка да издава примателот. Општи расписки со печат да им се издаваат на надворешните лица, на кои ќе им се испраќаат директно. Централниот комитет да предвиди и специјални расписки со печат (чл. 102, одр. 11).

оружје наголемо;[935] од глоби;[936] средства добиени со присила; средства подарени на Организацијата однадвор од земјата, добиени преки Претставничкото тело во странство.[937]

Тошев предвидел финансиска децентрализација – финансиска самостојност на округите. Со средствата остварувани во револуционерните округи да располагаат окружните управи. Основен орган во финансиската поставеност било Селското раководно тело (совет), кое ги собирало средствата. Селското раководно тело (советот) било должно да ѝ поднесува на Околиската управа финансиски извештаи –„биланс на приходите и на расходите“, прегледани и одобрени од реонскиот војвода, на три месеци.[938] Таква обврска предвидел и за Околиското раководно тело – финансиски извештаи да ѝ поднесува на Окружната управа.[939] Предвидел и одредби за водење и за чување на финансиската документација („паралелни сметки“[940]), за располагањето со средствата[941]. За располагање на благајниците со готови пари, поради можни злоупотреби, предвидел благајнички максимум.[942] Окружната управа добивала надлежност средствата добиени надвор од округот да им ги распределува на округите.[943] За финансирање на општите потреби, парите се обезбедувале од заедничките средства на округите, односно на реоните. За случаите на неодложни потреби од средства на округите, предвидел внатрешно задолжување, можеле да се земат средства на заем од околиите.[944] За располагање со општите средства, големи суми (над 3 000 лири), предвидел да донесува одлука Централниот комитет, како заедничко претставничко тело на округите.

### *Социјална политика*

Тошев претставил и мерки на социјалната политика. Организацијата, според можностите, да ги издржува четниците и работниците неспособни за рабо-

[935] Налозите да ги определува раководното тело со постарите, а со одобрение од Окружната управа на која ќе ѝ се претставват лицата и определените износи (чл. 105).

[936] Износот на глобите да го определуваат: во градовите – Околиското раководно тело, а во селата – селските совети со војводата. Парите да ги собираат раководителите, со издавање расписки (чл. 105).

[937] Чл. 104.

[938] Чл. 19.

[939] Чл. 34.

[940] Чл. 31.

[941] Чл. 33–35.

[942] Чл. 33.

[943] Чл. 67.

[944] Чл. 76.

та и во привремено прибежиште, на болните да им дава помош за лекување;[945] да ги помага настраданите за делото во селата и во градовите,[946] затворениците и интернираните лица.[947]

*Оружени сили*

Секој способен за оружје член-работник да им припаѓа на оружените сили, да подлежи на задолжителна воена обука,[948] да извршува воена служба, секоја задача да ја извршува[949] само по задолжение или одобрение на началниците, [950] во моментот за објавување на востание да има пушка со куршуми, по можност и револвер и кама.[951] Тајна селска чета. Десетината – група од 10 членови-работници со десетар како основна организациона единица, да претставува и единица на оружените сили. *Селска чета*. Во секое село од десетините да се формира активна тајна селска чета, составена „од поактивните и порешителните работници во селото", раководена од избран војвода – „најрешителниот и најопитниот селанец".[952] Четата го уредува каналот во селото за пренесување луѓе, оружје и други материјали.[953] На четата да ѝ се доверат да ги извршува „сите работи што ги бараат оружените сили": пренесување оружје; извршување терористички акции во и надвор од селото по наредба од реонскиот војвода; прифаќање, сместување и испраќање чети и сл.; да ја придружуваат реонската чета, по заповед на реонскиот војвода; да дејствува во помош на реонска чета во опасност, по заповед и под водство на селскиот војвода.[954] *Градски чети*. Во градовите да се формираат тајни градски чети. Нивното формирање да се врши од лица „искусни во воената работа", избрани од Околиското раководно тело. По потреба, тоа да се прави во соработка со „воениот состав на четите, како најкомпетентна сила".[955]

---

[945] Чл. 102, одр. 10.

[946] Чл. 106.

[947] Чл. 108.

[948] Чл. 5.

[949] Чл. 7.

[950] Чл. 9.

[951] Чл. 109.

[952] Чл. 20.

[953] Чл. 48.

[954] Чл. 21.

[955] Чл. 51.

*Реорганизирање на оружените сили*

Предвидел укинување на единиците и формациите кои ги сметал за несоодветни во новите повостанички услови за дејствување. Да се укинат „старата полиција“ и терористичките групи.[956] Нивните функции да ги преземат градските чети во градот, а селските чети во селата. Таму каде што нема формирана чета, по потреба да се избираат лица од групите-десетините за извршување терористички акции.[957]

*Вооружување*

Секој член-работник на Организацијата, според својата материјална состојба, да се вооружи и да го одржува оружјето во исправна состојба.[958] Поимотните припадници на тајните селски чети да се вооружуваат со оружје по можност од сопствени средства, а бедните од општото оружје на Организацијата. Секој припадник на четата сам да си обезбедува: алишта, обувки, раници и др. За целосно вооружување на оружените сили, да се употребува личното (приватно) и општото оружје на Организацијата.[959]

*Оружје*

Сето оружје и бојните материјали да се сопственост на револуционерната околија, со него да располага и да одговара целото Околиско раководство.[960] Складовите за оружје да ги определуваат и да ги знаат потесното раководство: претседателот, војводата-член, секретарот на Околиското раководно тело и секретарот на четата.[961] Распоредувањето на оружјето во градот и по селата да го врши Околиското раководно тело, а неговата распределба да го вршат: по селата – војводите и селските совети, а во градот – началниците.[962]

[956] Чл. 52.
[957] Чл. 53.
[958] Чл. 6.
[959] Чл. 22.
[960] Чл. 45.
[961] Чл. 46.
[962] Чл. 47.

### *Кореспонденција*

Документите на комитетите и на четите да се водат со мастило и со шифрирана азбука, а небезбедните соопштенија да се пишуваат со хемиско мастило.[963] За внатрешна кореспонденција секоја околија да користи месна шифрирана азбука, воведена и по селата. Окружната кореспонденција со своја посебна, Централниот комитет исто така со посебна одделна, за преписка меѓу Централниот комитет со окружните бироа и со делегатите (делегатурата). Населените места и лицата да се означуваат со псевдоними.[964] Архивската документација: протоколите за решенијата за најважните прашања, кореспонденцијата за делото, списоците на припадници на Организацијата, финансиските документи, статистичките податоци во врска со преземање борбени акции и др., да се пишуваат со шифрирана азбука.[965] Предвидел строга забрана шифрите и составот на хемиското мастило да им се доверуваат на неовластени лица на Организацијата, како и нивно користење за приватни потреби.[966] По 2–3 пати користење во текот на годината, шифрите и хемиското мастило задолжително да се менуваат, а вонредно: во случај шифрираната кореспонденција да биде запленета и да се заканува откривање; кога раководното лице на кое му биле доверени шифрите и составот на хемиското мастило „доброволно и принудно ќе се отстрани од делото" и сл.[967] *Пошта*. Кореспонденцијата на Организацијата да се одржува со сопствена тајна поштенска служба, „на начин соодветен на месните услови".[968] Курирската служба да се извршува, по можност, од посебно одбрани доверливи лица, со цврст карактер и храбри.[969] Најстрого да им се забрани на раководителите и војводите, куририте да ги користат за свои приватни потреби.[970] За специјални задачи да се користат посебно ополномоштени пратеници.[971]

---

963 Хемиско или тајно мастило. Составот на тајното мастило „му се доверувал само на претседателот и на секретарите" (чл. 116).

964 Чл. 115.

965 Чл. 119.

966 Чл. 117.

967 Чл. 118.

968 Чл. 121.

969 Чл. 122. Куририте кога пренесуваат посебно важна кореспонденција, материјали или вооружена чета, да бидат „добро вооружени, дури снабдени и со отров" (чл. 124).

970 Чл. 125.

971 Чл. 122, заб.

*Однесување и морал*

Секој член-работник на Организацијата во односите со луѓето по делото да има примерно однесување и примерно поведение во приватниот живот.[972]

*Заштита на редот на организационата територија*

За заштита на редот и дисциплината, за совесно, одговорно извршување на задачите и заштита на угледот на Организацијата, предвидел санкции. Член-работник, или раководител на Организацијата, за злоупотреба на положбата за лична корист или од личен каприц, за непримерено и неморално однесување: пијанство, блуд – да се гони и да се казнува.[973]

За оружените сили на Организацијата, за „внатрешниот ред на четите“, како специфична материја, предвидел да се уреди со специјален правилник.[974]

Проект-правилникот Тошев барал да се применува како единствен правилник за „да се зачува единството на Организацијата“.[975] Следствено, да им се предаде и на раководствата на другите окрузи на Организацијата за изјаснување по предложените решенија, за да се постави Проект-правилникот на усвојување на општ конгрес на Организацијата.

Постапувајќи по усвоениот Правилник (претставен од Тошев), Окружниот комитет се преименувал во Раководно тело на Вториот македонско-одрински револуционерен округ. Под тоа име, на 25 јуни 1904 година со писмо до раководствата на другите окрузи, до сите околии, војводите и до Задграничното претставништво во Софија, ги известил за одржувањето на Окружниот конгрес; причините за одржување,[976] усвоените решенија, за потребата од нов целосен

[972] Чл. 11.

[973] Чл. 11. Секому од населението („граѓанин или селанец“) да му се осигури полна слобода да поднесува пишани и мотивирани поплаки до месното раководно тело и до Оркужната управа против раководител или началство за нивното однесување или за извесни акции (чл. 12).

[974] Чл. 142.

[975] Чл. 143.

[976] II мак. одр. рев. округ, Раководно тело, 25 јуни 1904. До окружните околиски раководни тела, до војводите и претставништвото на Внатрешната тајна мак. одринска ред. Организација:
„Браќа, Предвид на некои вкоренети отклонувања од административниот ред на Рев. организација и искажаната желба на мнозинството нелегални активисти во Округот за општо среќавање и заедничко обмислување на положбата на Организацијата и нејзиното подобрување – при неможност да стане општ законски конгрес во нашата денешна положба, особено со престанувањето да функционира Централниот комитет“ (Љубен Лапе, Проект-правилниците донесени на Прилепскиот конгрес 1904 год. и дополнителните забелешки на Ѓорче Петров, Гласник на ИНИ, 1, Скопје, 1973, 202; Програмски и статутарни документи.., 76).

правилник што ќе одговарал на новите потреби на Организацијата.[977] Во прилог им се доставувале: преписи по еден примерок од Проект-правилникот на Организацијата од Тошев – „Образец 1", усвоен на Конгресот,[978] и проект-Правилникот од Груев – „приватен проект" – „Образец 2", за нивно разгледување и организирање на одржувањето општ конгрес за усвојување нов Внатрешен правилник на Организацијата.[979] На сите тие органи им била соопштена определбата на Прилепскиот конгрес, на изречно застапување на Тошев, за донесување на новиот правилник на Организацијата по широка демократска расправа за проект-правилниците на собранија и на основа на „општо мислење на Организацијата". Од позиција на водечки округ кој прв одржал окружен конгрес и го отворил прашањето, им ја претставил постапката за разгледување на проект-правилниците,[980] за усвојување на предложените решенија[981] и за донесување прво привремен, а потоа и постојан правилник на Организацијата.[982]

977 Конгресот „на своето заседание во втората половина од минатиот месец, имајќи предвид: а) постоењето на некои установи во Организацијата, неопределени во постојниот правилник; б) неточното исполнување на многу одредби на последниов во многу места и од мнозина; в) незадоволството на мнозина од практикуваниот систем на раководење со организационите работи и неполнотијата на организациониот правилник; г) желбата на истите за реформирање на организациониот систем; и д) тргнувајќи од гледиштето дека успехот на делото зависи пред сè од стабилноста на Организацијата, го признаваат како прва неопходност за зајакнување на делото изработувањето и примањето на нов пополн внатрешен правилник, соодветен на современите потреби на Организацијата и во духот на барањата на поголемиот дел од нејзините членови" (Програмски и статутарни документи.., 77–78).

978 „Првиот го изразува мислењето при општо учество на сите собрани, а вториот по немање време – приватно на некои од учесниците" (Програмски и статутарни документи.., 78).

979 Пасков пишува дека на Конресот била избрана специјална комисија врз основа на дискусиите да ги комбинира двата проекта и дека составила нов компромисен проект и дека Христо Узунов внесол свои „лични поправки на примерокот на тој правилник. Со тие поправки правилникот влегол во сила и биле назначени околиски ревизори за четите во Битолскиот револуционерен округ, за Велешко и Тиквешко" (Р. Пасков, Борис Сарафов..,199–200).

980 Христо Матов посведочува дека проект-правилниците биле разгледани од Задграничното претставништво во Софија (Хр. Матов, За управлението, София, 1925, 97).

981 „Пожелно е да се имаат предвид следниве поставки, препорачани од нив (учесниците на Конгресот): Бидејќи околиите најдобро ќе можат да го претстават општото мислење на Организацијата, преписов на проект-правилниците им се испраќа на сите околиски центри директно или преку окружните раководители; Во окрузите во кои ќе се разгледуваат на окружни конгреси, задолжително во актот да ги набројат сите околии-учеснички и бројот на делегатите од секоја. Во таков случај, ако собраните имаат едно исто мислење, ќе се смета (донесено) со толку гласа колку што околии го поддржувале, ако пак делегатите на некоја од околиите-учеснички останат на друго мислење за некои од членовите, нивното мислење ќе се забележи одделно од тоа на другите; Во окрузите каде што не би било можно или не ќе се сака да се одржи окружен конгрес, секоја околија тоа да го стори на собрание на раководните легални и нелегални сили во околијата. На собранијата при нивното разгледување прво да се дава мислење општо за проектите, кој од нив го прима во принцип, за секој член што го прифаќа, што го отфрла или го менува" (Програмски и статутарни документи.., 78–79).

982 Програмски и статутарни документи.., 79–80.

Во исто време, проектот на Тошев „бил литографиран и сите примероци им биле испратени на војводите и на нелегалните началници“ во Округот.[983] Груев, кој на Конгресот „немал храброст да настапи сосема отворено против Тошевиот проект, бидејќи тој бил усвоен од мнозинството“, по Конгресот работел на негово опструирање.

По Конгресот, Дамјан Груев заминал во Битола,[984] Ѓорче Петров се искажал да замине во Солунско,[985] а според Ацев во Воденско.[986] Груев, по пристигнувањето во Битола, пред своите поддржувачи од Окружниот комитет (за да оневозможи раководството да го преземат привrзаниците за реформирање, демократизација и децентрализација), „јавно се искажал против тој проект и ги предупредил војводите-привrзаници, да не му даваат гласност во населението, а тие самите категорично да го отфрлат“.[987] На 27 јули во Битола се одржал состанок, без известување за тоа, на којшто било избрано „десетчлено раководно тело во коешто влегле старите пет и други пет, избрани пак од нивните“. На 28 јули, на Груев му бил предаден писмен протест од „мнозинството работници“, со барање изборот да се изврши „од народот, според проект-Уставот на П. Тошев“.[988] На 1 август се одржал состанок, на ист начин како и претходниот, со тоа што во окружното раководство биле избрани нови двајца членови. По „новата бура негодувања“, било прифатено „новоизбраното раководно тело да биде привремено“, а да се спроведе нов избор „според желбата на народот“.[989] Сепак, со оглед на доминантното влијание на Груев и бројната надмоќност на војводите-привrзаници на централизмот, во Организацијата станувало извесно дека Тошевиот проект „ќе претрпи фијаско“.[990]

983 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99, N⁰ 613/1 август 1904, Битола, А. Тошев до Рачо Петров во Софија.

984 Спомени на Ѓорче.., 163.

985 Ѓорче: „Да си ја видам среќата и ваму“ (Спомени.., 161). По пристигнувањето во Солунско, во с. Саракиново, Ѓорче напишал „Правилниче за градските и селските организации и нивните заемни односи“, коешто исто така било отпечатено заедно со двата проекта. Груев и Матов биле „силно против“.

986 Каде што пристигнал за војвода Лука Иванов (Извадки от спомените.., 17).

987 Бугарскиот трговски претставник уште известил во Софија дека „војводите од Костурскиот и од Леринскиот реон собрани на заседание решиле: 1. Да се отфрли проектот на Тошев; 2. Со касата на секој реон да располага горското началство, а да ја држи во некое село во реонот; 3. Изборот на началниците во околиите и во окрузите да се врши како порано, т.е. без учество на народот“. И не само тоа. „Охрабрени од поддршката на мнозинството од војводите, тие започнаа сосема отворено да говорат против либералниот правилник на Тошев, а него го прогласија за врховист, орудие на бугарската влада, според тоа непријател на делото“. (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99/1 август 1904).

988 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99.

989 ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99.

990 Шопов, 1 август 1904 год.: „Отсега може да се предвиди дека Тошевиот проект ќе претрпи фијаско, затоа што неговите привrзаници се помалобројни, поумерени луѓе, додека тие на Д. Груев без срам храбро агитираат против секого кој ќе се јави како нивни противник“ (ЦДИА, ф. 331, оп. 1, а. е. 99).

# РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ДЕЈНОСТА ВО ПРИЛЕПСКО, ПО ОКРУЖНИОТ КОНГРЕС ВО 1904 ГОДИНА

Петар Тошев, по завршувањето на Конгресот, со Ѓорѓи Пешков и Јордан Тренков заминале во Прилеп.[991] Во Прилеп заминал и Никола Каранџулов, убеден дека тој ќе ги среди работите во тамошниот комитет, а потоа со војводата Ацев да ги преземат работите во околиската организација.[992] Не повлијаело укажувањето на Ацев дека расколот предизвикуван од Јордан Тренков таму бил толку голем, што секој обид за посредување од кого и да било би бил неуспешен. Особено кога пред тоа се обиделе и не успеале авторитетите како Петар Тошев и Ѓорче Петров.[993] Откако на Конгресот не било постигнато единство за најважните прашања за Организацијата, уште помалку можело да се очекува во тоа да успее Каранџулов во Прилеп.[994]

Петар Тошев останал во Прилеп. Според сведочењето на Ацев, Тошев не се мешал во внатрешните односи на Комитетот,[995] продолжил да работи „на својот проект за идното уредување на Организацијата“[996] за да го претстави на очекуваниот Општ конгрес. Неговиот претстој во градот го користел Јордан Тренков со привзрзаниците во пресметките со опонентската страна во градскиот комитет.[997]

Војводата Крсто Гермов, пак, сведочи дека Тошев го поддржал „раководството на Тренков“,[998] ги одобрил смртните пресуди изречени на обвинетите за присвојување (за време на востанието) „народни пари“.[999] И не само тоа.

[991] Извадки от спомените.., 17.

[992] Извадки от спомените.., 17.

[993] Ацев: „И Ѓорче и Пере Тошев се беа откажале да се занимаваат со таа главоболка“ (Извадки от спомените.., 18).

[994] Ацев: „Никола Каранџулов остана непоколебан, решен да оди во Прилеп со намера по секоја цена да го реши Гордиевиот јазол. Јас знаев какви непријатности ќе има, уште повеќе што тој не гледаше со добро око на поведението на Тренков кој, навистина со своето поведение го заоструваше расколот во градот “ (Извадки от спомените.., 18).

[995] Извадки от спомените.., 20.

[996] Извадки от спомените.., 21.

[997] Ацев: „искористено мајсторски од страните во борбата“, односно од Јордан Тренков и неговите приврзаници. Тие кои на Конгресот го поддржале неговиот Проект-правилник, „безрезервно го прифатиле сложениот систем, без да водат сметка за ефикасноста во работата на комитетите“. Сметале така „да се создаде инертна состојба за да се зацврсти убедување кај масите дека неуспехот на ВМРО се должи на нејзините водачи“ (Извадки от спомените..,20–21).

[998] Гермов: „Раководството на Тренков беше поткрепено од Пере Тошев и тоа баш ме чудеше“ (Спомени на Гермов.., 21).

[999] Гермов: „Комитетот на Тренков издаде смртни пресуди за Милан Биолчев, Ѓорче Парначарот и Петар Мрмев. Со таа пресуда беше согласен Пере Тошев, да се казнат овие присвојувачи на народни пари“ (Спомени на Гермов.., 21).

Тошев интервенирал за признавање на Околискиот комитет на Тренков. Тоа го побарал тој лично од Гермов.[1000]

Јордан Ангелов пишува дека Тошев, по доаѓањето од Конгресот, во Прилеп организирал избори за Околиската управа според одредбите на „неговиот Устав", за да се потврди во практиката. Тогаш околиското раководство „паднало во рацете на врховистите, а „центристите": Никола Каранџулов, Петар Мрмев и други, не ја признале легалноста на изборот.[1001] Окружниот комитет го распуштил тоа околиско раководството во Прилеп и назначил ново. Раководењето со Комитетот го презеле учителите Јордан Поп Константинов и Јордан Ангелов[1002] – „вистински центристи, всушност Македонци".[1003] Новото раководство ги прегледало сметките и утврдило дека немало злоупотреби на пари, а се работело за фалсификат на Тренков.[1004]

Новото раководство на околиската организација не го споделувало гледањето на Тошев дека ренегатите како Глигор Љамев се заблудени, може да се поправат и да се се вратат во Организацијата.[1005] Затоа Јордан Ангелов, со група истомисленици: Петар Мрмев, Ѓоре Палисламов, Т.(одор) Поп Адамов и Илија Биолчев – книжар, решиле, без Петар Тошев,[1006] да поведат борба со печат.[1007] Започнале да го издаваат нелегалниот хектографиран револуционерен весник „Шило", издаван на македонски јазик.[1008] Ги разобличувале врховистите како

1000 Гермов: „Пере Тошев ме повика и ми нареди да го признаам комитетот на Тренков и да ги исполнувам неговите заповеди. И сега не ми е јасно зошто Пере Тошев го поткрепуваше Комитетот на Тренков кога знаеше дека Тренков е великобугарин. Можеби сметал на тој начин да му ги прекине врските со врховистите" (Спомени на Гермов.., 21–22).

1001 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 23.

1002 Ангелов: „Јас го презедов раководењето на градот по назначување од Битолскиот р. округ" (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 24).

1003 Гермов: „Комитетот на Тренков бргу падна. Го замени ново раководство од учителите Јордан Поп Константинов и Јордан Ангелов, *вистински центристи, всушност Македонци*" (Спомени на Гермов.., 22).

1004 Ангелов: „Во невистинитоста на тој образец се уверив јас лично, пишувачот на овие редови, како раководител на околијата" (Ангелов, Пере Тошев.., 20).

1005 Ангелов: „Тој (Пере) верувал во себеси дека со својот авторитет, логика и дарба за помирување, ќе го разубеди Глигора и тој да биде полезен за Организацијата" (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 23).

1006 Ангелов: „Перета го оставивме настрана самиот да се убеди за неможноста на демократското управување и неможноста ренегатите да се поправат" (Юр. Ангелов, пере Тошев.., 24).

1007 Ангелов:„ Гледајќи ја хаотичната состојба во организацијата и дека тоа води кон катастрофа, убеден дека врховисти, Срби, Грци не можат да бидат за слободна Македонија и дека пропагандите наливаат вода на туѓи воденици, решив да започнам печатена борба со издавање на таен револуционерен весник" (Юр. Ангелов, Пере Тошев..,23–24).

1008 Гермов: „Тие го издаваа весникот „Шило", пишуваа на македонски јазик, го ширеа насекаде во околијата и во Битол. револ. област" (Спомени на Гермов.., 22).

Јордан Тренков[1009] и ренегатите како Глигор Љамев Соколов, со кого Тренков одржувал врски,[1010] за нивната предавничка улога со пропагандите за да го делат народот. При тоа, си поставиле амбициозна цел околу весникот да се обединат „сите творечките сили", врз принципот „Македонија на Македонците".[1011]

Во Прилепско, српската пропаганда ја засилила активноста на четите за проширување на своето влијание. Тошев се обидел да влијае кај некои од водачите на српските чети да го запрат дејствувањето и да се вратат во Организацијата. Со Григор Соколов се сретнал во с. Присад. На средбата, Соколов го убедувал дека е човек на Организацијата, но дека негови непријатели од лични амбиции сакаат да го компромитираат.[1012] По средбата, Тошев останал убеден дека Соколов не е агент на српската пропаганда, туку е само со големи амбиции да стане познат војвода, бидејќи „во тоа време бил помаган и насочуван од група врховисти во Прилеп".[1013] Очекуваната промена во однесувањето на српската пропаганда не се случила. Спротивно на тоа, на теренот во Прилепско се засилувало движењето и пропагандното дејствување на вооружените српски чети, а во Битолско – на грчките чети.

Во таа ситуација, Тошев го презел раководењето со мобилизирањето на силите на Организацијата за одбрана на организационата територија. Со четата на војводата Петар Ацев одел во обиколка на селата во Прилепскиот и во Битолскиот реон. Кога османлиските власти издале наредби за забрана на селското население за движење ноќе, за да се спречи одржувањето на редовните врски на Организацијата, Тошев издал циркуларен акт на Битолскиот револуционерен округ (потпишан од него лично и од војводата Петар Ацев) за преземање

---

[1009] Тренков го сметале за врховист сарафист.

[1010] Тошев бил известуван дека одржувал редовна врска со Глигора, но тоа не повлијаело, и натаму имал доверба во Тренков. Тренков и Глигор Љамев врската ја одржувале преку Тотка Окле, кој тоа самиот го признал. Ангелов за тоа пишува: „Јас му се приближив на курирот на Тренков кој ја одржуваше врската со Глигор. Тој е Тотка Окле. Еве што тој ми кажа: Покрстен сум во Организацијата од Ицко Филипче, приврзаник на Петар Ацев. Јордан Тренков преку мене кореспондираше со Глигор, затоа што во нашиот ан доаѓаа селани од Стровја, Гостиражни и другите села што ги обиколуваше Глигор. За таа услуга Јордан ми даваше пари и ми велеше да не кажувам дека Глигор е врховист. Тотка ми кажа и други подробности со коишто се разоткриваше заедничкото дејствување на Глигор–Тренков против Ацев (Петар), и со тоа многу се придонесе за зајакнувањето на српската пропаганда во Прилепско. Сето тоа му беше давано на знаење на Перета. Но, тој тешко се разубедуваше, убеден дека во расцепот меѓу Ацев и Тренко има личен елемент и дека Ацев е непријател на неговиот либерлизам во организацијата" (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 24).

[1011] Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 24.

[1012] Ѓорче: „Јас знам дека тој (Тошев) одеше кај Глигора на двапати. Првиот пат за да ги разбере неговите вистински намери и да ги провери тврдењата на Тренков (за Григора)" (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев, 142).

[1013] Стефанъ Аврамовъ, Раволюционните борби в Азотъ (Велешко) и Поречието, София, 1929, 46–47.

акција. Актот бил испратен и до организацијата во Велешката револуционерна околија, која се задолжувала да го препрати до другите околии на Скопскиот револуционерен округ и до другите окрузи, да организираат бојкот на изборите од населението, за да се присилат властите на отповикување на забраните.[1014]

Во борбите со потерните единици на османлиската војска и со четите на пропагандите, Организацијата трпела загуби. Со засилувањето на дејствувањето во Прилепско на четите на српската и на грчката пропаганда (акциите на андартските чети во Мариовско), Околиската организација се соочила со немањето потребно оружје. Тоа што го имало, било застарено. За успешно водење на борбата на Организацијата, најитно ѝ било потребно оружје, пушки од понов тип.

Во август 1904 година, Дамјан Груев решил четите на Организацијата да спречат српската пропаганда да ги зацврсти позициите во Поречко и со тоа да создаде сигурна база за успешно дејствување во Прилепско. Се сметал за ополномоштен од Конгресот тој да преземе акција за чистење на Поречкиот крај од српската пропаганда.[1015] Четите добиле задача да се упатат кон Порече. Претставникот на Српскиот конзулат во Битола побарал од вилаетските власти да го заштитат населението во Порече „од бугарските чети“.[1016] Веднаш била испратена војска од гарнизонот во Кичево.[1017]

При акцијата против српските чети во октомври 1904 година, Груев ранет паднал во плен на српскиот четнички војвода Мицко.[1018] И во таква ситуација заканувачки го предупредил српскиот четнички војвода дека Организацијата жестоко ќе одговори ако тој не биде ослободен.[1019]

Петар Тошев, веднаш штом разбрал за заробувањето на Дамјан Груев од српскиот четнички војвода Мицко, решително тргнал да го спасува, свесен за опасноста по сопствениот живот. Груев бил општоизвесниот водач на македонското востание и неговото спасување го сметал за интерес од прв приоритет и

1014 Иван Катарџиев, Документи за дејноста и положбата на Организацијата во Велешката околија во 1904–1905 година, Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1963, 213–214.

1015 Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 70.

1016 Известување на српскиот конзулат од Битола од 3/16 октомври (Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903–1914, I, 2, 15/28. фебруар 1904–31. децембар 1904/13. јануар 1905, приредио Андреја Раденић, Београд, 1998, 723.

1017 Документи о спољној политици..,I, 2, 723.

1018 Документи о спољној политици Краљевине Србије, I, 2 15/28. фебруара 1904–31. децембра 1904/13. јануара 1905, приредио Андреја Раденић, Београд, 1998,723–724.

1019 Светислав Станоевиќ известувал во Белград: „Тој (Груев) е дрзок човек. Иако е во рацете на нашите четници, ни се заканува и говори за нашата слабост и немоќ“ (Документи о спољној политици.., 724).

негова лична обврска, независно од жестоките кавги поради противставените ставови по фундаменталните прашања и на моменти меѓусебна лична нетрпеливост.[1020] Без обезбедување заминал на пат за Порече. Во с. Степанци се сретнал со војводата Петар Ацев и го запознал со своето решение, прво да се сретне со Глигор Соколов, а потоа да оди во Порече да го спасува Дамета. Војводата го предупредил за опасноста тој да биде убиен. Тошев останал на својата одлука да оди по секоја цена,[1021] решен и да се жртвува за спасување на Груев. Тогаш војводата Ацев му доделил еден од своите комити да го придружува. На заминување, Тошев кажал дека „уште му верувал на Григор"[1022] и продолжил да го бара. Го нашол во с. Богомила. Со неговата чета се упатиле кон Порече.[1023] Патем, Тошев се обидел да го придобие. Му ветил ако се покае и ако се врати во Организацијата, ќе го назначел за војвода во Костурско. Одговорот на Глигор бил исто така категоричен, дека тој бил и останува српски војвода во Прилепско.[1024]

Уште подраматично било натамошното одење на Петар Тошев со четата на војводата Григор Љамев.[1025] Од с. Маргари им се придружил војводата Јован Долгач со својата чета. Патем, Тошев открил дека Љамев и Долгач не сметале да одат кај војводата Мицко за ослободување на Груев, туку дека нему му подготвувале ликвидација. Тогаш Тошев решил да ги предупреди дека ако биде задржан или убиен, да сметаат на тешки последици, дека Организацијата ќе одговори со жестока акција, дека ќе ги уништи нив и нивните семејства.[1026]

---

1020 Анастас Лозанчев, со нагласена доза на нетрпеливост кон Груев, пишува во своите спомени дека бил оставен од неговите приврзаници. „Даме отиде да го уништи Мицко, а кога тој падна во неговите раце, неговите приврзаници мизерно го оставија. Рекоа, отиде да се спогоди со Мицко. Даме немаше храброст да си го тегли куршумот. Го преживеа срамот да прават постапки: Пере кај Григора, српски војвода, а овде во Софија – ММ, пред Спалајковиќ за да биде ослободен" (Поправки, извадки, критики... от А. Лозанчев..,15).

1021 На предупредувањата од загрижениот војвода, Тошев, подготвен да се жртвува, му се обратил со зборовите: „Вие да не се грижите за мојот живот, што правам тоа е моја работа, никој нема право да ми се меша" (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 26).

1022 Може да се смета за основано пишувањето на Ангелов дека Тошев верувал оти со Глигор ќе се разбере и со негово застапување не само дека ќе го ослободел Дамета, туку и дека „ќе го разубеди да го напушти патот на престапот, на предавство на татковината по којшто тргнал, да се врати на старата позиција на македонски револуционер-четник" (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 26).

1023 Ѓорче: „Вториот пат (Пере одеше кај Григор – ММ) по фаќањето на Даме да повлијае за неговото спасување" (Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев, 142).

1024 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 27.

1025 Христо Силянов, Освободителни борби на Македония, 2, 299–302.

1026 Тошев: „Јоване (Долгач) ти знаеш кој сум јас и ако мене ми се случи несреќа, јас наредив Организацијата да преземе мерки да ги задржи сите твои блиски роднини и да ги држи дотогаш додека јас да се вратам. Така ќе постапи и со блиските на Григор. Мислам дека се разбравме, сега правете како сакате" (Ст, Аврамовъ, Революционните борби в Азотъ.., 52).

Потоа Тошев бил ослободен,[1027] но не само поради заканата, туку и поради респектот на војводата Глигор спрема Тошев.[1028] Придружуван од Арсо и Јоне, двајцата од Локвица, Тошев се вратил во Прилепско.[1029] Потоа Тошев престанал да го поддржува Јордана Тренков.[1030]

Тошев веднаш заминал за Битола да се состане со членовите на Окружниот комитет и да се договорат за мерките што Организацијата ќе ги преземе за ослободување на Груев. Српскиот претставник во Битола бил остро предупреден дека Организацијата ќе примени крајни средства доколку Дамјан Груев не биде ослободен. Предупредувањето било сфатено со потребната сериозност. Српската влада интервенирала „на Даме ништо да не му се случи и да биде ослободен“. Веднаш потоа Груев бил ослободен во Скопје[1031] и предаден на луѓето од Организацијата. Веднаш по ослободувањето, Груев заминал во Бугарија, на лекување во Софија.[1032]

Тошев, по краткотрајното задржување во Битола, во декември 1904 година, го повикал војводата Петар Ацев во с. Карамани за да го придружува за враќање во Прилепско. По пристигнувањето во реонот на селата Чарлија и Добрушево, војводата Ацев тука ја оставил четата да чека и самиот се упатил во с. Карамани. Од Карамани, во услови на остра зима; студ и снег, преку селата Добрушево и Веселчани, Тошев со четата на војводата Ацев дошол во с. Прилепец и се сместил во манастирот Св. Никола, во очекување врска Тошев да влезе во Прилеп. По добиеното известување за движење на војската од градот, се упатиле преку Селечка Планина, врвовите Казан и Студенец и се сместиле во трлата на селото Беловодица.[1033]

[1027] При тоа, четничкиот војвода Глигор, обраќајќи му се на Тошев, наводно, афектирано рекол: „Ако не си Пере Тошев, би ти ја отсекол главата“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 26).

[1028] Ангелов: „И престапниците се поклонуваат пред чистата и светла душа на Перета!“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 26).

[1029] Ст. Аврамовъ, Революционните борби.., 52–53.

[1030] Ангелов: „Тој (Тошев) го поддржуваше Тренков додека не се увери дека Глигор е опасен и за него, не само за Организацијата. Тоа се случи за време на пленувањето на Дамета Груев од српскиот војвода Мицко“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 24).

[1031] Лозанчев (кој во Софија дошол на 20 октомври, им се придружил на Матов и Татарчев, со првиот бил „многу близок“) за тоа пишува: „Даме беше ослободен од заточеништво на Мицко откако Пере Тошев извршил притисок на Григор Небрежанец, српски војвода, и откако овде во Софија беше заплашен со ликвидација српскиот ополномоштен министер Спалајковиќ“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 49).

[1032] Лозанчев за средбата со Груев во Задграничното претставништво, кому му се обратил со зборовите: „Дозволи да бидеш запленет од Мицко. Пере Тошев да го ризикува својот живот и честа за тебе кој никогаш не можеше да кажеш добар збор за еден толку добар член на Организацијата, да дејствуваат и овде (во Софија) да го заплашуваат Спалајковиќ за да ослободат еден мрзливец. Тргна на мене да ме нападне, но, јас го фатив за брадата и само го стресов. Присутните на сцената Хр. Матов и д-р Христо Татарчев нè разделија. Даме другпат не го пречекори прагот на претставништвото“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 49-50).

[1033] Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 27.

Во Прилепско состојбата се влошувала. Недостасувало оружје за борба со потерите на војската и со четите на пропагандите, а оружјето со кое биле вооружени четите на Организацијата, било застарено и неефикасно. Во таква ситуација, Тошев решил без одлагање да оди да го обезбеди толку потребното оружје за околијата. Во зимата на 1904/1905 година, придружуван од војводата Петар Ацев,[1034] заминал за Софија,[1035] да купува оружје за Прилепската околиска организација.[1036]

За тоа време, се засилиле несогласувањата меѓу водечките раководители на Организацијата, тогаш во Софија. Тошев тука останал во очекување да се надминат разликите и да се воспостави единство. Место тоа, несогласувањата се продлабочиле. Дошло до групирање во фракции. Српскиот дипломатски претставник во Софија, Света Симиќ, известувал за четири групи: една предводена од Христо Матов и д-р Христо Татарчев, друга од Борис Сарафов (со В. Чакаларов, Ѓорче Петров и А. Димитров), трета од Дамјан Груев (со кого биле „најмногу работници во внатрешноста“), четврта – „анархисти“ (Михаил Герџиков Арсов, Пасхов, Мирасчиев, Л. Димитров) околу „Революционерен лист“.[1037]

На 1 февруари 1905 година, Борис Сарафов објавил опширно обраќање кон сите революционери за придобивање приврзаници и следбеници, претставувајќи ги своите гледања на актуелните прашања за Организацијата:

1) Причините за поделбите во Организацијата внатре и надвор; 2) Положбата на ослободителното дело во земјата и во странство; 3) Каква реорганизација треба да се направи во Организацијата.[1038] Ја осудил „крајната централизираност и мистериозност“, апсолутизацијата и деспотизмот на Централниот

[1034] Според сведоштвото на Јордан Ангелов, тогашен раководител на Околискиот комитет во Прилеп, со нив бил и Јордан Тренков, по решение на Комитетот за негово отстранување како врховист. Ангелов: „Градската организација го побара Тренков да се јави за да му соопшти дека градот и околијата не го толерираат. Затоа да се предаде, а Организацијата по канал да го препрати преку границата. Тренков не се јави и се криеше кај пријатели. Организацијата изврши претрес на сомнителните куќи и го најде. Го прати во четата на Ацев и оттаму тројцата: Пере, Ацев и Тренков заминаа за Бугарија“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 28).

[1035] Лапе: „Перевите стремежи за екипирање со современо оружје на слабо вооружната Прилепска организација и пополнување со нови кадри по загубата на неколку видни прилепски раководители (Никола Каранџулов и Толе Паша) го натерале, заедно со Петре Ацев, да замине по најголемо невреме зимата 1904/1905 годнина зад границата, како би ја исполнил оваа одамнешна витална потреба на Прилепската организација (Љ. Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., 115).

[1036] Љ. Лапе, Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев., 142, бел. 12; Животниот пат и делото на Пере Тошев., 71.

[1037] ДАРМ, М. 456/МИП ПО, Преписка, ф. V, 1904, Св. Симиќ од Софија до Никола Пашиќ во Београд, 22. XII 1904.

[1038] ЦДИА, ф. 313, оп. 1, а. е. 2473/1 февруарий 1905, София, Борис Сарафов, До всичките другари-революционери в Македония и Одринско и странство (печатено, 4 страници голем формат).

комитет и „самоволието на одделни диктатори од редот на старите дејци“ како причина за недоразбирањата и поделбите.[1039] Состојбата станала неодржлива по Илинденското востание од 1903 година и „новата революционерна младина“ барала да се овозможи „самостојност на мислењето и слободна иницијативност“. Со тоа не се доведувале во прашање одржувањето редот, дисциплината, како и обврските, својствено за секоја организација.[1040] Го поддржал Прилепскиот конгрес на Битолскиот револуционерен округ со „осудата на пропаднатиот систем“ и „неминовноста за реорганизирање“ на Организацијата, со усвојување на Проект-правилникот на Тошев што ги изразувал постојните определби и барања, а го отфрлил како ретрограден проект-правилникот на Дамјан Груев, со кој се сакало да се поддржи и одржи стариот систем,[1041] со надеж за единство во организацијата, за успех на револуцијата.[1042]

Според известувањето на српскиот претставник во Софија Света Симиќ, во почетокот на март имало прегрупирање. Груев се соединил со Гарванов и Татарчев, со нив бил и Петар Тошев.[1043] Веднаш потоа, на 16 март, истиот тој Симиќ известил дека Петар Тошев и Анастас Лозанчев, „поради компромисот што го направиле Груев и Гарванов со Цончев, преминале кај Сарафов“. Нешто подоцна ним им пристапил и Ѓорче Петров[1044]

Во средината на април Симиќ, известувајќи во Белград, јавил дека Петар Тошев бил во групата со Сарафов, Васил Чакаларов, Анастас Лозанчев и Ѓорче Петров.[1045] Во јуни известувал дека Борис Сарафов бил помалку активен, како и дека во неговата група и натаму биле Петар Тошев со Ѓорче Петров, Лозанчев и Чакаларов.[1046]

---

[1039] Сарафов: „Со своето заповедништво, со моралната тиранија, тие доведоа до тоа луѓето да мислат дека „Внатрешната организација“ е една деспотска институција“ (ЦДИА, ф. 313, оп. 1, а. е. 2473).

[1040] ЦДИА, ф. 313, оп. 1, а. е. 2473.

[1041] Сарафов: „Покрај тој проект-правилник (на Тошев) излезе и некаков проект, образец II, во кој наново се пее старата песна на нов глас“ (ЦДИА, ф. 313, оп. 1, а. е. 2437/1 февр. 1905 г.).

[1042] Сарафов: „Со надеж дека дека набргу ќе ги видам дејците од сите краишта единствени и готови за нова борба, ние срдечно Ве поздравуваме и од длабочината на својата душа извикуваме: Да живее Македонија и Одринско! Да живее револуцијата! (ЦДИА, ф. 313, оп. 1, а. е. 2473/1 февр. 1905 год.).

[1043] Извештај на Симиќ од 3 март 1905 год. (Блаже Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник во Софија во 1905 година, Зб. Даме Груев.., Битола, 1981, 47).

[1044] Бл. Ристовски, Даме Груев во извештаите на српскиот дипломатски застапник.., 47.

[1045] Симиќ, 15 април 1905 год. (Бл. Ристовски, Даме Груев во извештаите.., 49).

[1046] Симиќ, 16 јуни 1905 год. (Бл. Ристовски, Даме Груев во извештаите.., 51).

# ИДЕНТИЧНОСТА И РАЗЛИКИТЕ ВО СТАВОВИТЕ НА ОКРУЖНИТЕ КОНГРЕСИ НА ДРУГИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ОКРУЗИ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ ПРАШАЊА И ПРОЕКТ-ПРАВИЛНИКОТ

Погледите и ставовите на Тошев им биле претставени на окружните раководства на другите револуционерни окрузи во неговиот Проект-правилник, усвоен на Окружниот конгрес на Битолскиот револуционерен округ што им бил доставен (заедно со тој на Груев) веднаш по завршувањето на Конгресот. Тие им биле испратени на окружните раководства за организирање на одржувањето конгреси на кои ќе се произнесат и ќе се подготви свикување Општ конгрес на Организацијата.

Окружните конгреси што следеле, покажале дека раководствата на револуционерните окрузи не се подготвени за прифаќање на системот на уредувањето на Организацијата претставен од Тошев, за којшто било потребно да се организира широка демократска расправа на организирани селски собири, околиски конференции, окружни конгреси. Окружните раководства самите ги решавале сите отворени прашања и проблеми, секое во својот округ, и се стремеле таа состојба да ја озаконат на окружните конгреси. Така, на окружните конгреси се воделе расправи главно за прашања од интерес за округот, не толку и за Организацијата. Немало согласност за избор на централно оперативно тело што ќе ја координира дејноста на револуционерните окрузи. Окружните раководства го игнорирале предлогот од Битолскиот револуционерен округ од февруари 1904 година за свикување општ конгрес за средување на состојбите во Организацијата.[1047] Не сакале одржување и на окружни конгреси, дури и со советодавен карактер[1048] сè до одржувањето на Окружниот (Прилепски) конгрес на Битолскиот револуционерен округ.

[1047] Во февруари 1904 година Битолскиот револуционерен округ предложил да се започнат активности за свикување општ конгрес (И. Катарџиев, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина на 1904 година, Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1961, 257).

[1048] Писмо од ЦК до Задграничното претставништво во Софија, испратено на 13 април 1904 година (Иван Катарџиев, Документи за положбата.., 268–269).

## Окружниот конгрес на Скопскиот револуционерен округ, јануари 1905 година

Одржувањето на Конгресот било предвидено за есента на 1904 (да започне на 22 октомври/8 ноември 1904 год.), но било одложено за почетокот на 1905 година.[1049] Се одржал од 2/15 до 9/22 јануари 1905 година, над с. Кнежево, Кратовско,[1050] „во колиби специјално за тоа подготвени од селаните од селата Кнежево и Емирица".[1051] Учествувале делегати (легални и нелегални) од револуционерните реони: Скопски, Кумановски, Кочански, Штипски, Кратовски, Паланечки и Велешко.[1052] Според Протоколот,[1053] на дневен ред на Конгресот биле поставени:

1) Дотогашната и идната дејност на Организацијата;
2) разгледување на сите проект-устави, правилници; за селските, за реонските чети, Директивата („одобрена од Серскиот и Струмичкиот револуционерни окрузи"); „Основите на Организацијата" од „Брут" (Христо Матов);
3) Потребата за обединувачка врска меѓу реоните во округ;
4) Избор на надворешен задграничен претставник на Округот;
5) Односот спрема надворешните задгранични влијанија;
6) Односот спрема разните пропаганди и националностите;
7) Прашања од економски карактер.[1054]

Од Проектот на Тошев било прифатено, како принципи за дејствување: остварување автономија; револуционерна борба со сопствени сили на наро-

---

[1049] Ив. Катарџиев, Документи за дејноста и положбата на Револуционерната организација во Велешката околија во 1904–1905 година, Гласник на ИНИ, 2, Скопје,1963, 213; Д. Димески, Конгресот на Скопскиот округ на МРО (јануари, 1905 година), Историја, 1–2, Скопје, 1992, 64.

[1050] Б. Мирчев, Първиятъ скопски окръженъ революционенъ конгресъ, съобщава Боянъ Мирчевъ, Илюстрация Илинденъ, год. 5, кн. 4 (44), мартъя, София, 1933, 11.

[1051] Мирчевъ: „При чад и студ во темни и влажни земуници конгресот продолжи да заседава 5–7 дена, спокојно, невознемирувано од никого и 'безбедно', ако може така да се каже во тие услови". (Б. Мирчевъ, Първиятъ скопски.., 12).

[1052] Първиъятъ скопски окръжен революционенъ конгресъ.., 12.

[1053] Протоколъ на I-вия редовенъ революционенъя конгресъ в Скопски окргъ, откритъ на 2 януари 1905 година (Б. Мирчевъ, Првия скопски..,12–13; Т. Александровъ, Првиятъ редовенъ окръженъ конгресъ на Скопския революционенъ окръгъ (в 1905 г.), (Спомени), Сб. Илинденъ, София, 1925, 5–12; Програмски и статутарни документи .., 116–122.

[1054] Б. Мирчевъ, Първиятъ скопски окръженъ революционенъ конгресъ.., 12; Програмски и статутарни документи.., 116.

дот и на Организацијата; борба на „политичко-економска почва“ и принципот за самостојност,[1055] односно независност на Организацијата.[1056] Во врска со изборноста и избирањето, била изгласана измена: „селското раководно тело да се избира под раководство на реонскиот војвода“; Окружната управа да се состои од три легални и три нелегални лица избрани на окружен конгрес.[1057] Од Проект-правилникот во делот за организацијата и раководењето на Конгресот, била прифатена децентрализацијата на Организацијата за автономно уредување на Скопскиот револуционерен округ, но со задржување на постојната централизација во раководењето со Округот. Определба спротивна на интенцијата во Тошевиот проект за севкупна децентрализација и демократизација на управувањето со и во револуционерните окрузи за одржување функционално единство на Организацијата како целина. Конгресот на војводите им дал посебни, големи надлежности (власт). Реонскиот војвода добивал надлежности: да раководи со изборот на селското раководно тело; да врши распределба на оружјето по градовите и селата; нему да му се поднесуваат на потврдување расписките за вооружување и за снабдување на четата; целосна слобода (претставена како „полна иницијатива“) за дејствување „во согласност со месните услови и околности“;[1058] да му дава согласност на раководното тело да ѝ одобрува (дава мислење) на Окружната управа формирање реонска чета, на барање од реон;[1059] да има полномошник на границата со Бугарија;[1060] реонските војвода да им судат на членовите на Окружната управа за „занемарување на правата и обврските, или за огрешување во што и да било“[1061]; право на обвинетиот реонски војвода да избере двајца од реонските војводи „да присуствуваат при разгледувањето на неговото дело“.[1062] Се воведувало и „раководно тело на реонските војводи“ – Војводски совет, со право да донесува одлука за избор и

---

[1055] Христо Матов: „Кога се говори за самостојна политика, не треба да се сфаќа во смисла дека Внатрешната организација се занимава со некаква голема и длабока политика, затоа што истата и според силата и духот – како революционерна со јасна хумана цел, тоа не е нејзина работа. Па и итрините на дипломатијата се тенки и несфатливи, па на крајот на краиштата Организацијата не може да биде изиграна. Во тој однос, би кажал, нејзината политика треба да биде – да нема политика во макијавелиска смисла“ (Илюстрация Илинденъ, год. 2, кн. 3 (13), февруарий, София, 1929, 16).

[1056] Първиятъ скопски окр. рев. конгресъ.., 12.

[1057] Първиятъ скопски окр. рев. конгресъ.., 12.

[1058] Протокол – Програмски и статутарни документи.., 117; Първиятъ скопски ок. рев. конгрес.., 112.

[1059] Протокол, чл. 60.

[1060] Протокол, чл. 61.

[1061] Протокол, чл. 62.

[1062] Протокол, чл. 64.

распуштање на Окружната управа.[1063] Месниот војвода да му дава согласност на раководното тело за назначување на учителите во Округот.[1064]

Конгресот усвоил Правилник за селските чети, Правилник за реонските чети[1065] и посебен Правилник за организацијата во Округот со централизирано раководење „за зачувување на единството во работата на Округот", со оправдување да се спречат внатрешните поделби.[1066] Истиот принцип не се прифаќал за Организацијата, што требало да се состои од автономни окрузи со Задграничното претставништво,[1067] сведено на информационо биро[1068]. На окружните раководни тела им се оставало за координирање да воспоставуваат врски со „блиските околии од соседниот револуционерен округ".[1069] Во врска со кревањето востание, Конгресот усвоил измена: „датата на востанието (да) се знае само од Бирото што раководи со Конгресот (на Организацијата[1070])".[1071]

Конгресот донел одлука Правилникот да влезе во сила во Округот веднаш по неговото усвојување,[1072] независно како тоа и другите поставени прашања ќе се решаваат на Општиот конгрес на Организацијата.[1073] Со тоа ја „озаконил" целосната автономност на Скопскиот револуционерен округ, со Окружниот

---

[1063] Протокол, чл. 77: „Конгресот (окружен) го назначува и го отпушта окружното тело. При немање услови да се одржи конгрес, се врши по пат на писмено договарање со раководното тело на реонските војводи".

[1064] Протокол – Програмски и статутарни документи.., 120.

[1065] Програмски и статутарни документи..,119.

[1066] Во Округот „во многу раководни тела се појавил расцеп". (Протокол – Програмски и статутарни документи.., 122).

[1067] Составено од „шест рамноправни претставници, избрани по еден од секој округ". (Първиятъ скопски окр. рев. конгресъ., 13).

[1068] Протокол – Програмски и статутарни документи.., 120.

[1069] Протокол – Програмски и статутарни документи..,чл. 65.

[1070] Општиот конгрес.

[1071] Протокол – Програмски и статутарни документи.., 119; Първиятъ скопски окол. рев. конгресъ.., 13.

[1072] Протокол, чл. 143 се менува вака: „За да се зачува единството во работата на Округот, во сила е само овој правилник".

[1073] Матов: „Протоколот на Скопскиот конгрес не е проект (за уредување на Организацијата), ами содржи формални решенија со законска сила за округот. За управувањето во Битолскиот Проект-правилник сè што е одобрено е задолжително и тогаш, кога другите окрузи го отфрлаат, а сè отфрлено си останува невалидно за Скопскиот округ и кога другите окрузи го одобруваат. Следствено, додека Битолскиот конгрес на којшто беа едни од *најдобрите и најавторитетни сили на Организацијата*, предлага само проект, т.е. води сметка за мнението на останатите окрузи и околии, Скопскиот конгрес, помалку компетентен по својот персонален состав, не ги почитува другите и донесува формални решенија за себе (за Округот), заборава дека самиот решава некои основни прашања коишто ја засегаат целата организација и дека истите им ги наметнува на другите окрузи. Така, без да сака, *го нарушува принципот на единство на Организацијата, а тоа значи наметнува разединување*" (Хр. Матов, За управлението на Вътрешната революционна организация, 1905, Макед. рев. система на ВМРО, Съчинения, 120).

комитет (од војводи)[1074] со претседател Дамјан Груев. Груев ја прифатил поканата да ја преземе таа функција[1075] и останал да ја извршува.[1076] За задграничен претставник би избран Иван Гарванов.[1077] Конгресот донел решение Окружниот комитет самостојно да издава расписки, со свој печат и да издава хектографиран весник на Округот.[1078] Во Правилникот за реонски чети се предвидувало во своето натамошно дејствување, Организацијата „да се откине од внатрешните и надворешните влијанија – да застане на самостојни нозе", а како заклучок: „да се игнорираат сите задгранични комитети и комитетствујушти".[1079]

Се прифаќале и биле воведени одредби за примерно поведение и морално однесување и за казни за злоупотреба на статусот припадник на Организацијата и за неморал и други пороци.[1080] Исто така, се прифаќало да се води и легална борба во Округот за законските права во самите реони со организирање на испраќањето барања и протести до властите и до европските цивилни претставници.[1081] Место мерки за подобрување на економската положба на македонското население со преземање на земјата од муслиманскиот владејачки слој, Конгресот усвоил забрана за купување „турска земја и чифлизи".[1082] За заштита на работното население им биле определени надниците на жетварите и платите на момоците.[1083]

Конгресот донел одлука да преземе мерки за запирање на поделбите и за воспоставување внатрешно единство во Скопскиот револуционерен округ.[1084]

---

1074 „За задграничен претставник е избран Иван Гарванов, а Матов, Татарчев, Сарафов и Ѓорче да се поканат од страна на Конгресот, ако сакаат да влезат внатре да работат на статутите на Организацијата" (Првиът скопски ок. рев. конгрес.., 13; Програмски и статутарни документи.., 120).

1075 „Конгресот донесе одлука да се покани Д. Груев за претседател на Окружното тело, а доколку одбие, Крто Б'лг(аријата) останува и натаму за претседател, а Чучков за секретар" (Програмски и статутарни документи.., 120).

1076 Б'гаријата во отчетот на Окружниот комитет: „Груев прифати и остана претседател на Окружниот комитет" (Цочо Билярски – Тодор Петров, Документи от конгресите на ВМОРО след Илинденско-Преображенското въстание, Известия на Българското историческо дружество, кн. XXXVIII, София, 1986, 356.

1077 Протокол: „За задграничен претставник е избран Иван Гарванов" (Програмски и статутарни документи.., 120).

1078 Програмски и статутарни документи.., 122.

1079 Програмски и статутарни документи..,119–120.

1080 Програмски и статутарни документи..,117.

1081 „Кога е потребно, реоните да испраќаат изјави, барања и протести до Хилми-паша и до цивилните агенти (Първиятъ скопски ок. рев. конгресъ.., 13; Програмски и статутарни сокументи.., 121).

1082 Протокол: „Им се забранува на христијаните да купуваат турска земја и чифлици" (Първиятъ скопски ок. рев. конгресъ.., 13; Програмски и статутарни документи.., 121).

1083 Протокол – Програмски и статутарни документи.., 120–121.

1084 Конгресот: „Бидејќи во многу раководни тела има расцеп, за да се поправи тоа, од името на конгресот да им се напише на сите раководни тела дека се потврдува нивниот избор" (Първиятъ скопски ок. рев. конгресъ.., 13).

## Учеството на советување во Софија, мај 1905 година

Во мај 1905 година, Петар Тошев учествувал на состанок во Софија, одржан по барање на Јане Сандански. Учествувале уште: Иван Хаџи Николов, Хр. Матов, Христо Станишев и други, вкупно 15 лица, за да се разгледаат престапите на некои војводи и четници.[1085] Хаџи Николов пишува дека на состанокот било спомнато лице за осуда на неговите постапки (кое тој не го именува), за кое Сандански се искажал да не му се суди, туку само да се даде мислење. Кога станало збор за друго лице (извесно е, се работело за Борис Сарафов), Сандански инсистирал да се осуди на смрт, но тоа не било прифатено.[1086]

## Учеството на Тошев на Околискиот конгрес на Струмичката револуционерна околија, мај 1905 година

Пред крајот на мај 1905 година, Тошев бил во Македонија, на организационата територија на Струмичкиот револуционерен округ. Како еден од водечките автори меѓу раководителите кој претставил радикално нов пристап за решавање на отворените важни прашања (претставен на Прилепскиот конгрес на Битолскиот револуционерен конгрес, одржан претходната година) и со оглед на „сериозноста на прашањата што требало да се решат“, Тошев бил поканет да присуствува на Конгресот на Струмичката револуционерна околија закажан за крајот на мај 1905 година.[1087] На Конгресот одржан на 25 мај, биле разгледувани отворените акутни прашања:

1) Борбата со врховистите,
2) Односот спрема егзархискиот владика Герасим,
3) Борбата со андартсвото,
4) Избор на делегати за Општиот конгрес на Внатрешната организација,
5) Разно.

---

1085 Из записките на Ив. Х. Николовъ.., 80.

1086 Хаџи Николов рекол: „Сандански си противречи кога настојува казнување со смрт на наш другар, треба да сме доследни и објективни“. Кон тоа додава: „Сандански се налути и го напушти собранието, без да се донесе решение“ (Из записките на Ив. Х. Николовъ.., 80).

1087 Динев: „На 25 мај 1905 г., во месноста „Црвено Поле“, беше свикан редовен конгрес на областа. На тој конгрес беше поканет да присуствува и Пере Тошев. Неговото присуство му придаде уште поголема важност и значење“ (Ан. Динев, Из миналото на Македония, „Македонски вести“, 21. авг. 1935).

Конгресот се одржал под претседателство на војводата Чернопеев.[1088] На Конгресот било решено со сите сили и средства да се брани организационата територија, со врховистите „да се води борба на живот и смрт“.[1089]

Присуството на Тошев било примено како многу значајно, со тоа Конгресот добил посебна важност.[1090]

Во Протоколот од Конгресот,[1091] објавен од Биљарски и Тодор Петров, датиран со 27 мај, нема податок за учеството на Тошев. Конгресот избрал тројца делегати за Окружниот конгрес на Организацијата: Иван Илиев (од легалните), Христо Чернопеев и Сандо Китанов (од нелегалните).[1092]

Во јуни 1905 година, Конгрес имало во Серскиот револуционерен округ. Се одржал на Пирин Планина, во месноста „Магура“ – „Мазговица“, во јуни[1093], а според Христо Силјанов, во месноста „Белемето“, во јули 1905 година, на којшто била разгледана состојбата во окружната револуционерна околија и за изборот на раководните кадри.[1094]

## Окружниот конгрес на Струмичкиот револуционерен округ, јули 1905 година

На одржувањето на Конгресот му претходел „Конгресот на револуционерниот реон во Струмичко“,[1095]16 и 17 април.[1096] На Окружниот конгрес, одржан во јули 1905 година,[1097] била направена анализа за состојбите во Организацијата пред, за време и по востанието. Биле осудени Матов и Татарчев, кои како задгранични претставници, ги загрозувале самостојноста и независноста на

1088 Ан. Динев, Из миналото на Македония, „Македонски вести“, 21. авг.1935.

1089 Ан. Динев, На истото место.

1090 „Неговото присуство на Конгресот му придаде уште поголема важност и значење“ (Ан. Динев, Из миналото на Македония, „Македонски вести“, 21 авг. 1935).

1091 Протокол от околийски конгрес на Струмишката революционна околия, Огражден, 27 ма 1905 г. (Цочо Билярски – Тодор Петров, Документи од конгресите на ВМОРО след Илинденско-Преображенското въстание, Известия на Българското историческо дружество, кн. XXXVIII, София, 1986, 341–343).

1092 Ц. Билярски-Т. Петров, Документи от конгресите.., 343.

1093 Стефанъ Аврамовъ, Изъ революционните борби в Драмско. Михаилъ Т. Даевъ и пленяването на английския полковникъ Елиотъ (По спомените на Тачо Хаджи Стоенчевъ и Василъ Шутенковъ), Илюстрация Илинденъ, кн. 8 (38), София, 1932, 10).

1094 Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, 2. След Илинденското въстание, София, 1943, 369–373.

1095 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 208.

1096 Хр. Матов, Македонската ревоюционна система.., 33.

1097 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 209.

Организацијата; се договарале и се договориле со врховистите, одржувале врски со бугарската влада и постапувале по добиените инструкции, неоправдано трошеле пари на Организацијата и др. Бил заземен став да се бара нивно разрешување, а должноста задгранични претставници да ја преземат Пере Тошев и Димитар Стефанов.[1098]

Поделбите и групирањето во противставени фракции[1099] внесувале деморализација во Организацијата, што им било познато на османлиските власти од запленетите документи кај убиените комити и тоа го користеле за да ѝ се нанесат што поголеми загуби. Во едно такво писмо на неименуван припадник на Организацијата[1100] од јули 1905 година, се изразувало жалење поради настаната поделба во Организацијата на „многу партии“ со свои чети коишто меѓусебно се пресметувале со оружје, со краен резултат „конечно уништување на четите“.[1101] Уште позагрижувачко било тоа што не ни можело да дојдат до согласност, и покрај сите настојувања да се организира одржување Општ конгрес на Организацијата.[1102] Сепак, можело да се смета Конгресот да се одржи[1103] и тогаш да се средат работите.

1098 Протокол : „...7. Претставниците во Бугарија Матов и Татарчев ги нарушиле принципите и не ја штителе самостојноста на Организацијата; а) направиле договор со врховистите, иако пред тоа беше речено со нив да не се прават никакви компромиси; б) не протестирале против мисијата на Начович да води преговори со султанот од името на робот; в) по примерот на врховистите, испраќале чети на границата да предизвикуваат судири, од што се гледа дека биле во унисон со бугарската влада; г) ги испратиле Сарафов и Герџиков да водат преговори и да го договараат развитокот на дејствата на Организацијата оваа година, за тоа што клечат пред министерските врати секој ден за да издејствуваат служби на разни никаквеци, испраќаат чети со неисправна муниција, на кои куршимите им остануваат во пишката, непромислено трошење на суми за издршка на лица непогодни за ништо. Им искажуваме недоверба и им ги препорачуваме на сите другари за идни претставници Димитар Стефанов и Пере Тошев, за кои чувствуваме голема потреба“ (НБКМ БИА, ф. 583, а. е. 56, л. 257–259, според, Христо Матов, Македонската револционна система..,33, бел. 59).

1099 Груевисти, сарафисти, гарвановисти, врховисти со свои чети во Македонија. За последните се вели дека нивните чети биле предводени од неавторитени личности, како: „Николов, Јанков, Стојанов, Стојанчев, Настев, Протогеров и ним слични некадарници... Војводата Протогеров од врховистите бил разоружан на пријателски начин од Чернопеев“. (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 1709, л. 13–14).

1100 Писмото било пронајдено кај убиен борец на чета на Организацијата и запленето. Главниот инспектор Хилми-паша писмото го испратил на вилаетските власти за да се запознаат со содржината и соодветно да преземат акции. Раководителот на Бугарското трговско агентство во Сер, Кожухаров, писмото го добил од доверливо лице и во превод од турски го испратил во прилог на својот извештај од 19 јули 1905 година до дипломатскиот агент во Цариград Г. Начович (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 1709, л. 12–13).

1101 „Ако има нешто за жалење, тоа е што Комитетот е разделен на многу партии и едните до другите се прогонуваат со оружје. Убеден сум дека резултат на тоа ќе биде конечно уништување на четите“. (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 1709, л. 13).

1102 „Да се постигне согласност меѓу тие партии не е можно и при сѐ што се прави за одржување на еден општ конгрес во Прилепско или во Гевгелиско. Тоа се одлага од ден за ден поради многу зачестените движења на турските војски насекаде“ (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 1709, л. 13).

1103 „Но, кога околностите ќе се подобрат, конгресот ќе се состане“. (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 1709, л. 13).

## Вториот окружен конгрес[1104] на Солунскиот револуционерен округ, август 1905 година[1105]

Конгресот се одржал од 10 до 12 август 1905 година. Во Протоколот на почетокот се потврдува дека биле добиени документите од Окружниот конгрес на Скопскиот револуционерен округ (но, не и за тие од Окружниот конгрес на Битолскиот револуционерен округ, односно Тошевиот Проект-правилник), дека биле поставени прашања значајни за Организацијата какви што дотогаш „никогаш не биле поставувани“.[1106]

Конгресот во расправата за актуелните прашања зазел став дека како приоритетно за решавање се наложува донесувањето единствена програма за дејствување на Организацијата,[1107] програма што ќе се утврди по широка расправа во базата,[1108] од огромното мнозинство на членството, а потоа и Уставот и Правилниците на Организацијата. Се прифаќало да има единствен правилник за уредувањето на Организацијата. Но, за разлика од определбата во Тошевиот Проект-правилник, сите негови одредби да не бидат задолжителни за сите окрузи, туку на секој округ „да му се дозволи, во извесни случаи“ самиот да си го определи внатрешното уредување.[1109] Конгресот, наместо за Централен комитет, се определил само за „Централно биро“ на Организацијата: „за одржување врски меѓу окрузите“;[1110] да посредува меѓу нив за донесувањето одлуки за

[1104] Првиот окружен конгрес се одржал во јуни 1905 година (Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония, 2, София, 1943, 366–368). Протоколот не е познат. Легалноста на одржувањето била оспорена, затоа бил одржан втор конгрес.

[1105] Вториот окружен конгрес се одржал од 10 до 12 август 1905 год. Протоколот од тој Конгрес е зачуван и е објавен (Иван Катарџиев, Прилог кон проучувањето на положбата на ВМРО по Илинденското востание, Гласник на ИНИ, 1, Скопје, 1965, 234–251; Манол Пандевски, Програмски и статутарни документи.., 161–174). Го користиме за споредбена анализа на решенијата и ставовите со тие претставени во програмата и Проект-правилникот од Тошев.

[1106] Протокол – Програмски и статутарни документи.., 161.

[1107] Протокол: „Секој работи онака како што знае и како што смета дека е добро. Во нашата Организација одвај би се нашле два реона што работат на ист начин. ... Сметаме дека е мошне потребно Организацијата да има една строго определена програма задолжителна за секого, за да може секое застранување да се третира како престап. Сѐ додека не биде така, Организацијата ќе претставува гнила градба“ (Програмски и статутарни документи.., 163).

[1108] Не како што се практикувало доттогаш „за начелата и за задачите на Организацијата да говорат и да полемизираат само 10–20 луѓе“, кои „огромното мнозинство“ нив не ги разбирало (Протокол – Програмски и статутарни документи..,163).

[1109] Протокол: „Се согласуваме да се изработи еден општ правилник за внатрешното уредување на Организацијата, но сите негови точки да не бидат задолжителни за сите. На секој округ да му се дозволи, во извесни случаи, самиот внатрешно да се уреди во согласност со месните услови“. Програмски и статутарни документи., 168.

[1110] Протокол – Програмски и статутарни документи.., 168.

прашањата од општ карактер за Организацијата, при што само ставот застапуван од ¾ од окружните бироа добивал карактер на одлука „задолжителна за сите окрузи"; [1111] да организира одржување општ конгрес[1112] на Организацијата.[1113] Според тоа, и Солунскиот револуционерен округ се определил за целосна децентрализација, целосна автономност на револуционерните окрузи, а во односите со надворешните фактори Организацијата да настапува единствено.

Конгресот поставил барања за неодложно решавање: Организацијата да ги дефинира своите односи „спрема сите фактори со кои доаѓа во допир";[1114] Задграничното претставништво да го повлече од Бугарија, да се премести во Швајцарија – во Женева, да има исклучиво претставничка функција;[1115] промена на стратегијата на Организацијата за водењето на ослободителната борба.

Конгресот се определил (како и Тошев) за стратегијата на долготрајна ослободителна борба, оружена и со легални средства. Затоа на Организацијата ѝ претстоело да создава и да создаде свесни активисти,[1116] луѓето да ги воспитува и да ги подготвува за таква борба. На востанието[1117] да се гледа како на последно средство.[1118] Народот да го подготвува и да го подготви за револуција, „со којашто ќе го собори тиранското владеење" и, во исто време, подготвувајќи го за револуција, „да го подготви за слободен живот". Двете работи да се извршуваат со еднаква посветеност.[1119] Од Егзархијата да ги преземе општините, нив да ги замени со народни институции.[1120]

1111 Протокол (на истото место, 168).

1112 Протокол: „Ние бараме (општиот) конгрес да го организира Централното биро" (На истото место, 168–169).

1113 Протокол (на истото место, 168–169).

1114 Протокол (на истото место, 168).

1115 Протокол: „Ние од наша страна бараме Задграничното претставништво од Софија да се префрли некаде на Запад, на пример во Женева, и да има чисто претставнички карактер – да го снабдува со информации европското општество и да се заложи да го заинтересира за нашата положба". (Програмски и статутарни документи.., 172).

1116 Протокол: „Ние немаме свесни активисти кои се така потребни за секоја долготрајна борба" (На истото место, 164).

1117 Протокол: „Сѐ до 1903 година ние мислевме оти штом еднаш ќе го прогласиме востанието, работата е завршена. Заслепени од оваа мисла, не можевме да прифатиме никакво (негово) одлагање" (На истото место, 164).

1118 Протокол: „Востанието не треба однапред да се определува, на него треба да се гледа како на последно средство" (На истото место,165, И. Катарџиев, Прилог кон проучувањето на положбата.., 244).

1119 Протокол: „Едната и другата активност треба да одат паралелно, никогаш да не биде едната на штета на другата" (На истото место, 165; И. Катарџиев, Прилог кон проучувањето на положбата.., 244).

1120 Протокол (на истото место, 169–170).

Во однос на судската власт, бил заземен став: најтешката – смртна – казна да подлежи на потврдување, освен за шпионите и предавниците. Казната смрт да се извршува цивилизирано.[1121]

Идентични ставови биле заземени: за отчетност, „управните тела редовно да им ги поднесуваат своите годишни извештаи на советите"; за „примерно казнување" на сите сторители[1122] на престапни дејства[1123]; за обврска на Организацијата да ги помага (со постојана помош) затворениците и страдалниците за делото,[1124] како и за задолжително основно образование. За разлика од Тошев, Конгресот во Солун се застапил Организацијата да бара да се воведе задолжително основно образование за сите деца (од сите народности[1125]), финансирано со средства во државниот буџет собиран во Македонија. За остварување на тоа и на другите законски права, Организацијата да налага поднесување барања до властите и до европските претставници, како и користење на легални средства.[1126]

Како посебно важно, Конгресот барал Организацијата „да се погрижи за *националното самоосознавање на Македонецот*" (што така конкретно не беше поставено од Тошев). Да се остварува со легални средства: опоменување на заблудените (од пропагандите) и морален притисок, но „никогаш (никого) да не прогонува", да врши принуда и(ли) убиства.[1127]

Во однос на Егзархијата, Конгресот зазел спротивен став од Тошевиот, односно дека Егзархијата е опасен непријател, како и другите пропаганди.[1128] Исто еднакво опасни за Организацијата и за Врховниот комитет, биле српскиот

[1121] По извршеното застрелување, да нема масакрирање на телото. (Протокол, на истото место, 167–168).

[1122] За да се ставело крај на раширените тврдења за злоупотреби и други престапни дејства „што им се припишувале на одделни лица", Конгресот предложил во секој од револуционерните окрузи да се формира Верификациона комисија за утврдување на фактите за сите обвинувања „од почетокот на Востанието". За обвинувањата од некои од окрузите против Сарафов, Конгресот ја потврдил одлуката донесена на Првиот конгрес на Округот, да му се суди и „да биде осуден" од општиот конгрес на Организацијата (Протокол, Програмски и статутарни документи.., 173).

[1123] Протокол (на истото место, 173).

[1124] Протокол-Програмски и статутарни документи.., 167.

[1125] Протокол: „Само со таква работа ние ќе можеме да ги распрснеме сомнежите што сега паѓаат врз нас и да ги придобиеме симпатиите на странците и на нашите (останати) сотатковинци" (на истото место, 170).

[1126] Протокол (на истото место,170).

[1127] Протокол (на истото место, 170).

[1128] Протокол: „Организацијата ако е искрено предана на својата девиза, таа во Егзархијата треба да гледа исто толку опасен непријател колку што се за нашата самостојност опасни Патријаршијата, српската пропаганда и разните други пропаганди" (на истото место, 169).

комитет и грчкиот комитет, преку кои Бугарија, Србија и Грција дејствувале за „постигнување на своите освојувачки цели“.[1129]

Проект-правилникот за Организацијата на Тошев бил разгледуван од „повидните раководни сили“ на Организацијата во Софија, пред крајот на август 1904 год. Димо Хаџи Димов, кој бил повикан, одбил да учествува.[1130]

## Учеството на Тошев на советувањата пред Општиот конгрес, 1905 година

Петар Тошев бил избран за делегат за Општиот конгрес на Организацијата од Битолскиот револуционерен округ.[1131] Тој целосно бил преокупиран со подготовките за Конгресот, како и со неговото организирање, закажан за октомври 1905 година, за да издејствува прифаќање на неговиот проект за промени во организацијата и раководењето, претставен на Прилепскиот конгрес.

Во септември во Софија се одржало Советување на делегатите избрани за револуционерните окрузи за Општиот конгрес. На Советувањето било поставено да се договори местото и точното време за одржување на Конгресот. За местото на одржувањето биле изнесени два предлога:

1) Конгресот да се одржи на организационата територија во Македонија, за да се потенцираат и на тој начин самостојноста и независноста на Организацијата, што било предлог од делегатите од Серскиот револуционерен округ, и
2) да се одржи во Рилскиот манастир, на бугарска територија во пограничното подрачје, за непречено заседавање на Конгресот. Бил усвоен вториот предлог, поддржан од мнозинството делегати.[1132]

[1129] Протокол (на истото место, 170).

[1130] Христо Матов, За управлеието.., 121.

[1131] Делегати од Битолскиот округ биле уште: Ѓорче Петров, Георги Поп Христов, Павел Христов и Борис Сарафов (Програмски и статутарни документи .., 21).

[1132] М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание..,93.

## Советување на Тошев, Дамјан Груев и Ѓорче Петров за претстојниот Општ конгрес на Организацијата, 1905 година

Во почетокот на септември, српскиот претставник во Софија известил дека Дамјан Груев, Петар Тошев и Ѓорче Петров „постојано се советувале“ за претстојниот Општ конгрес на Организацијата.[1133] На една седмица пред пред почетокот на заседавањето на Општиот конгрес, по предлог од Ѓорче Петров, „тројцата великани-дејци“ на Организацијата: Ѓорче Петров, Дамјан Груев и Петар Тошев, се состанале на Советување[1134] за да договорат единствен настап на Конгресот:

1) На Конгресот да настапат солидарно, „со една идеја“,[1135] и
2) За претставување на положбата во Битолскиот округ[1136] по Илинденското востание.[1137]

Во врска со првиот предлог, Дамјан Груев прв говорел и барал тројцата да настапат со единствен став за поддршка на задржувањето на централизацијата на Организацијата, како „единствено прав пат“. Така немало да им се даде можност на Димо Хаџи Димов, Харлаков и другите марксисти да раководат.[1138] Категорично изјавил дека тој и на Конгресот ќе настапи со тој свој став. Ако

---

1133 Симиќ од Софија, 7 и 8 септември 1905 год. (Бл. Ристовски, Даме Груев во извештаите.., 54).

1134 Камхи: „Откако ги добија полномошната за делегати на општиот Рилски конгрес, *тројцата великани-дејци Даме Груев, Ѓорче Петров и Пере Тошев*, делегати од Битолско, по иницијатива на Ѓорче Петров, се собраа на советодавна средба на една седмица пред да се одржи конгресот“ (Рафаел Камхи, Припреми за Рилскиот конгрес, за оправданоста на Илинденското востание (ракопис, оригинал, ИНИ АО, Сл. IV 785), 1.

1135 Камхи: „На советувањето прв зеде збор Ѓорче: мили другари Даме и Пере, по неколку дена ќе се претставиме на Општиот конгрес. Се разбира дека таму од сите делегати од другите окрузи ќе бидеме пречекани како стари организатори и не е чудно и да нѐ пречекаат со свечености и овации. Затоа треба тројцата да сме солидарни, со една идеја, со еден дух, за да можеме да ја покажеме нашата солидарност и да можеме да го зачуваме престижот пред другите делегати, тоа е првата точка“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 1–1[а]).

1136 Ѓорче: „Второ, треба да се подготвиме за дискусиите што ги има во нашиот Битолски округ по толку големите маки и опустошувања од Илинденското востание“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 2).

1137 Ѓорче Петров предлагал до почнувањето на заседавањето на Конгресот тие тројцата да се состануваат секој ден за да разговараат за тие прашања. Тој тоа го образложил со зборовите: „делегатите од другите окрузи, иако помлади, ќе дојдат подготвени со нивните дебатирања и претензии. Затоа ќе треба и ние да сме подготвени да ги пречекаме солидарни, со еден дух. Мили мои другари, ако меѓу нас има разлики или недразбирања за некои прашања, да си ги откриеме картите и да се согласиме за сѐ и тројцата да се убедиме и да тргнеме по прав пат солидарни, затоа што од нас зависи, од нас ќе земат пример помладите. Ако тоа не го сториме, ќе настрада Организацијата“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 1[а]).

1138 Груев: „Другари! За да сме солидарни на Конгресот, треба да ја поддржиме централизацијата, само тоа е правиот пат и така нема да им дадеме можност на Хаџи Димов, Харлаков и другите марксисти да нѐ раководат“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 2).

и тие другите тоа го прифателе, само тогаш и само така можеле да настапат солидарно.[1139]

Пере Тошев исто толку категорично се противставил на инсистирањето на Груев за централизацијата на Организацијата.[1140] Ѓорче Петров повикал да не се избрзува, добро да се обмисли и дури тогаш да се определат.[1141] Продолжила жестоката расправа.



Факсимил од ракопис (од Рафаел Камхи)
за претконгресно советување
на Петар Тошев, Дамјан Груев и Ѓорче Петров
пред општиот Рилски конгрес 1905 год.

Ѓорче Петров предупредил на опасноста не само за Организацијата, туку и за единството на Македонија. Бугарија го создала Врховниот комитет и дејствувале врховистичките чети, исто и Грците и Србите, а не се исклучувало да се појават и Власи со истата цел: да се раскине Македонија на делови и да си ја поделат. Организацијата уште не била толку моќна за да влезе во борба со нови непријатели. Повикал на трпеливост, Организацијата да закрепне, да може да даде ефикасен отпор, а потоа да презема нападни дејства.[1142] Укажал дека во Битолскиот револуционерен округ во Илинденското востание сите биле ангажирани во борбата против турската власт со цел „да се разбие турскиот режим", а со прифаќање национално сепарирање Организацијата се ставала во положба да треба да се бори и да влегува во борба со нови 2–3 непријатели многу моќни со луѓе, модерно

[1139] Груев: „Јас сум тргнат со таа идеја и на Конгресот тоа ќе го поддржувам, а Вие ако сакате да сме солидарни, треба да се согласите на тоа" (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 2[а]).

[1140] Тошев: „*Јас никогаш нема да ја прифатам Дамевата мистериозна централизација*" (ит. – ММ).

[1141] Ѓорче со жалосен глас: „Другари Даме и Пере, не брзајте со вашите решенија. Подобро би било вашите решенија да бидат подолго обмислени, после решени". (Р. Камхи.., 2–2[а]).

[1142] Ѓорче; „Не заборавете дека Организацијата уште не е толку силна за да може да се бори и да влезе во борба со други нови непријатели. Многу добро знаете дека во востанието дадовме многу жртви во луѓе и сега уште сме слаби со луѓе и материјали. Повеќе од половината оружјето и материјалите ги загубивме, затоа имајте трпение додека да закрепнеме за да можеме да дадеме отпор и за влеземе во нови борби" (Р. Кахми, Рилскиот конгрес.., 3).

оружје и пари. Бугарската влада им давала пари на врховистите да се борат против Организацијата и „со право можеле да се сметаат за непријатели". Уште поголемо зло се јавувало што турските власти ќе ги помагале грчките и српските чети, а тие ќе се сојузеле против Организацијата, така ќе биде многу опасно. Организацијата не располагала со пари за четите, на што можела да смета Организацијата, дали само на праведната кауза?[1143] И не само тоа. Европските Големи сили гледале со симпатии на ослободителното дело, како самостојно, без надворешно мешање, за слободна автономна Македонија. Кога Организацијата ќе започнела со национална пропаганда, истите тие сили „основано, со голем презир ќе гледале на делото".Тоа била состојбата,[1144] како што тој ја претставил. [1145]

Поради противставеност на ставовите со Тошев, Груев се нашол во положба да мора да избира со кого од двајцата да се зближи, со Тошев или со Ѓорче Петров,[1146] еден од нив да придобие „за својата централизација".[1147] Тој Перета го сметал за „голем фанатик, руско воспитание".[1148] Се определил за Ѓорчета и веднаш се искажал во поддршка на неговото гледање да не се води борба со грчките и со српските чети, да се најде модус за спогодување, да им се докаже дека Организацијата води борба за автономна Македонија и дека целиот македонски народ е слободен да си ја чува својата црковна припадност.[1149]

---

1143 Р. Камхи, Рилскиот конгрес., 3–5.

1144 Ѓорче: „Тоа е моето мислење, тоа зло стои пред моите очи" (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 5[а]).

1145 Ѓорче: „Ете така стојат работите, а Вие се разбира ги знаете многу подобро од мене (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 5[а]).

1146 Камхи: „Ѓорче со својата филозофија и далековидост тоа го разбра уште од погледот, од првиот изговорен збор и насмевката (на Даме)". (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 6[а]).

1147 Камхи: „Кога Ѓорче во своето излагање го спомна името на Борис Сарафов, и *двајцата великани Даме и Пере* зедоа забелешки. Ѓорче тоа го забележа и разбра дека и двајцата се настроени против Сарафов и се подготвуваат за да го казнат со најтешка казна, но чекаат Ѓорче да заврши со своето говорење. Даме со својата итрина и со својата загадочна насмевка сакаше да придобие еден од двајцата Ѓорчета или Перета, некого (од нив) за да може да спроведе барем дел од својата централизација, мисли со кого да се зближи, со Ѓорчета или со Перета. ... Ѓорчета го смета за многу поумен од него, далековид и многу правичен, но дали ќе може да го надвиши со неговата итрост? Од двајцата мислеше дека е подобро да се зближи со Ѓорчета" (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 6–6[а]).

1148 Камхи „ Перета го смета (Даме) за многу (голем) фанатик, руско воспитание, нервозен, и така нема да може да меле брашно со него" (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 6).

1149 Камхи: „Зеде збор Даме со милозлив глас: 'Драги другари, јас сметам дека дека зборовите на другарот Ѓорче се на место". Но, сега кога започна таа борба со грчките и со српските чети како можат да се ликвидираат, одговори Ѓорче. Само да се разбереме меѓу нас, јас ќе се нагрбам да најдам модус. Меѓу нашите дипломати има и гркофили и србофили, ќе најдеме модус нашите пријатели да се застапат кај грчката и кај српската влада, да им дадат да разберат дека нашата борба не е национална и дека нема ништо заедничко со црквите и училиштата, целиот *македонски народ* е слободен да ја одржува својата религија (црква), ние се бориме за автономна Македонија. Така ќе им се даде гаранција на народностите

Тошев останал неотстапно на својот став, дека не треба да се прават компромиси, да не се смета на помош од Грција и од Србија, туку единствено од Велика Русија, по што категорично изјавил дека тој свој принцип ќе го застапува и на Општиот конгрес.[1150]

Ѓорче Петров го предупредил Перета дека така Битолскиот револуционерен округ се доведувал во опасност да ги слабее силата на Организацијата. И не само тоа, ако на народот му се кажело за помош од Русија, тогаш ќе заборавел на Револуционерната организација и ќе започнел масовна борба против „Грците“ и „Србите“, а борбата на Организацијата била насочена против османлиската тиранија, за автономна Македонија. Не требало да се заборава на учеството во востанието (Илинденско) на другите народности во Македонија, кои многу помогнале. Со објавувањето исклучивост, национализам, тие станувале непријатели на Организацијата и затоа, по востанието, грчките и српските чети се бореле против четите на Организацијата, а „не против турската власт“. Повикал да се размисли каква голема штета ќе има за Организацијата.[1151]

Груев одново се солидаризирал со Ѓорчета Петров[1152] и изјавил дека само со централизација на Организацијата ќе може навреме „да се искорени тоа

---

во Македонија дека нашата Организација прима членови од сите народности без (да прави) разлика, само да се од внатрешноста и да не пропагираат народности, идејата да биде револуционерна, за борба против тиранијата. Можно е да има потреба да се испратат видни личности во Атина и во Белград. И тоа ќе го направиме, само и само да ја постигнеме нашата цел. Но, за да ја покажеме нашата добра волја, ќе треба да му напишеме и да му наредиме на Битолскиот окружен комитет да престанат да ги прогонуваат српските и грчките чети и да нема никаква пропаганда против патријаршистите. Сите сили да се насочат против тиранијата. Дури и со турската власт да се води пасивна борба, засега, додека не се разбереме со Грците и со Србите. Еве, тоа е моето мислење. Ако тоа го направиме, бидете убедени дека нашата победа е во оружјето“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 6[a]–7).

1150 Камхи: „Зеде збор Пере Тошев: Не, не, не сум согласен со Ѓорчета. Ние треба докрај да сме националисти, тоа ќе нè спаси. Немаме потреба други да ни помагаат, кога ја имаме Велика Русија, таа нам ќе ни помогне. Јас ќе продолжам со мојот национален принцип на општиот конгрес“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 7[a]).

1151 Камхи: „Зеде збор Ѓорче: Драги Пере, смири ги твоите нерви, ќе го ставиш Битолскиот округ во опасност, Организацијата ќе ги губи силите. Народот е како еден вид пчелин восок, стави го в раце и ќе го виткаш. Ако му кажеш на народот дека Русија е со нас и му го предизвикаш тој апетит, тие (народните маси – ММ) ќе ја забораваат револуционерната организација и ќе почнат борба со големи сили против Грци и Срби, а нашата борба е насочена само против тиранијата за автономна Македонија. Уште повеќе што нашата борба нема ништо заедничко со Грците и со Србите. Во востанието ни помагаа многу другите народности во Македонија. Сега, со предизвикувањето национализам, тие што ни помагаа, се наши непријатели, грчките и српските чети се борат со нашите, не против турската власт, кога немаме ништо заедничко со нив, нашиот принцип е да се бориме само против турската тиранија. Проценете добро, ќе видите колку многу е штетен национализмот за нашата Организација“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 7[a]–8).

1152 Камхи: „Даме сметаше дека со таа итрина ќе го придобие Ѓорчета и дека тој ќе го поддржи за принципот на централизацијата“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 8).

зло“.[1153] Тошев остро се противставил на централизацијата. Ѓорче Петров повикал да се запре меѓусебната жестока полемичка расправа и да се постигне согласност за вистинскиот пат по којшто ќе ја упатат и издигнат Револуционерната организација,[1154] со давање до знаење дека не ги одобрува нивните гледишта, еднакво штетни за Организацијата.[1155] Груев очекувал дека Ѓорче ќе биде поумерен и дека ќе се застапи за мали промени и за задржување на централизацијата.[1156] Но, место тоа, Ѓорче искажал жестока осуда, повикал повеќе да не се спомнува централизацијата[1157] и со упатување и на неговата лична вина за кревањето на востанието.[1158]

Груев одговорил дека не се чувствува за виновен за кревањето на востанието, дека се работело за решение на Централниот комитет на Организацијата, што требало само да се изврши.[1159] Ѓорче ја оспорил компетентноста на Централниот комитет да донесува таква одлука.[1160] Тошев го обвинил Дамета дека тој бил највиновниот за востанието [1161] и дека и натаму продолжувал со поддршка на Гарва-

1153 Камхи: „Зеде збор Даме и вели: во право си ти Ѓорче, за сè треба да размислиме навреме, за да не биде полошо подоцна. Но, јас мислам, рече Даме, со централизација подобро ќе се искорени тоа зло додека е во зачеток“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 8).

1154 Камхи: „По извесно време се јави Ѓорче (со зборовите): доста другари, ние се состанавме овдека за да се разбереме како другари и да тргнеме по праведниот пат, за да можеме Организацијата да ја упатиме и да ја изведеме до височината, а не да се караме“. (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 8[а]).

1155 Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 8[а].

1156 Камхи: „Итриот Даме очекуваше дека Ѓорче ќе биде поумерен, малку да се ревидира централизацијата, а поголемиот дел да остане“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 9).

1157 Камхи: Ѓорче му се обраќа на Дамета: „Драги Даме, централизацијата не заслужува да се спомне. Таа централизација донесе големо, најголемо зло на Организацијата., донесе избрзано Илинденско востание за време на кое беа дадени толку големи и скапоцени жртви од нашите другари, а од населението неброени жртви и опустошување. Народот остана гладен, гол и бос, без покрив и потслон, на отворено небо. Страшна зима ги затекна гладните и босите и умираа толку несреќни луѓе, Зар има смисла уште еднаш да се спомне централизацијата“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрс..,9–9[а]).

1158 Ѓорче до Даме: „Првата (твоја) вина е со востанието, што ѝ нанесе голема штета на Организацијата“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес..,10–10[а]).

1159 Камхи: „Добро, рече Даме, ти сам призна дека јас не сум виновен за тоа. Имам документ од тебе дека јас не сум виновен за тоа. Тоа беше решение на Централниот комитет што требаше да се изврши“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 9[а]).

1160 Ѓорче: „Кој Централен комитет, тој беше составен од неопитни личности, наведи ми дека во тој Централен комитет имаше (барем) еден од основачите на Организацијата или еден од добрите војводи меѓу делегатите, Конгресот беше незаконски“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 9[а]).

1161 Камхи: „Зеде збор Пере Тошев и му вели на Дамета: запамти Даме дека ти си највиновниот за востанието. На (треба по) Смилевскиот конгрес јас лично дојдов и ти кажав дека ниту еден од нашите другари не е согласен сега да се крене востанието, затоа да го одложиме за подоцна. Во опозиција исто така беа Георги Пешков, Пере Ацев и други. Ти помниш дека ни кажа „бити даваси“ и по тие зборови јас бев принуден демонстративно да го напуштам Конгресот, но ти беше решен да го исполниш зборот на твојот искрен пријател Гарванов, без да мислиш на последиците. Ти си виновен. Како стари другари требаше нас да нè послушаш, а не Гарванова“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес..,9[а]–10).

нов да биде избран од Битолскиот революционерен округ за делегат на Општиот конгрес.[1162] Во врска со улогата на Сарафов и што тој сторил за делото, за што зборувал Ѓорче Петров, Тошев дал до знаење дека на Конгресот ќе се поставело прашањето за неговата вина, дека серчани со Сандански ќе настојувале за негова осуда и казнување. Затоа тие ќе инсистирале Конгресот да се одржи во Македонија, во Пиринско, а не на бугарска територија, за да се изврши пресудата.[1163] Според обвинувањата од серчани, Сарафов бил виновен затоа што земал пари од српската влада.[1164] Со тоа била отворена расправа за односот спрема Сарафов, при што и Дамјан Груев се изјаснил за тоа на Конгресот да му се суди за неговата вина.[1165] Ѓорче Петров застанал во одбрана на Сарафов и веднаш започнала расправа за вина на Сандански затоа што не дошол да се бори во востанието во Битолскиот революционерен округ.[1166] Останал на ставот дека секој бил повеќе или помалку виновен и затоа да се застапеле на Општиот конгрес за општа амнестија, а по Конгресот секој виновен да се казнува според својата вина.[1167] Тошев и Груев останале неотстапно на ставот „Сарафов да биде казнет за да се смири Сандански".[1168] Ѓорче Петров повторно ги повикал на Конгресот да го поддржат неговото застапу-

1162 Камхи: „Зеде збор Пере Тошев и му рече: знам Даме зошто се откажуваш од мандатот од Битолскиот округ, затоа што не го избраа Гарванов за делегат, место Гарванов го избраа Сарафов". Даме: „Да, затоа се откажувам засекогаш од Битолскиот округ" (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 11ª)

1163 Камхи: „Се обраќа Пере кон Ѓорчета и му вели: ти Ѓорче ми го спомна името Борис Сарафов, и тоа со благодарност. Треба да знаеш дека серската група на Јане Сандански сака на Конгресот да биде осуден Борис Сарафов и за тоа Сандански уште настојува Конгресот да се одржи во Пиринско, надвор од Бугарија, за да може да го задржи во залог за извршување на пресудата" (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 10).

1164 Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 11ª.

1165 Камхи: „Се замеша и Даме и тој рече: и јас сум на тоа мислење, Борис Сарафов да биде претставен на Конгресот како виновен за тоа што по негова наредба им се даде канал српските чети да влезат за во Порече и Рабатин Кол. На прашањето од Ѓорче дали тој ќе го покрене тоа прашање на Конгресот, Даме одговорил: да, и скопските делегати ќе ме поддржат за тоа прашање. Во одбрана на Сарафов, Ѓорче го предупредил Дамета за неговите многу потешки грешки: Втора не помала е твојата грешка што наивно падна во плен на разбојникот Мицко. Дали знаеш каква штета со тоа ѝ нанесе на Организацијата. Уште поголема од таа штета е што пред Големите сили и пред целиот свет се компромитира престижот на Организацијата, по што се засилија српските и грчките чети. Каналот наш што Сарафов ѝ го даде на една српска чета беше откуп за твојот живот и за твоето спасување. Сите ние сме се заколнале тоа да остане тајна. Но, ти ако сакаш да си ја откриеш својата грешка, размисли што ти е подобро и така направи. Даме ја наведна главата и по многу мислење рече дека се откажува да биде делегат од Битолскиот округ, го отфрлам мамндатот, имам мандат од Скопскиот округ и на конгресот ќе се појавам како скопски делегат. Ѓорче му одговори тоа од твоја страна не е многу паметно, прави како сакаш, но, и таа грешка ќе ти се додаде (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 10ª–11ª).

1166 Ѓорче: „Г-н Јане Сандански со неговите другари серчани не се помрдна од место да дојдат да помогнат на браќата што се борат во сите реони на Илинденското востание...Пере треба да признаеш дека вината на Сандански е непростлива, за тоа драги Пере кажи му на Сандански да си остане по мирно, инаку и тој не е помалку виновен од тие кои ги смета за виновни" (Р. Камхи.., Рилскиот конгрес.., 14ª–15ª).

1167 Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 16.

1168 Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 16ª.

вање за општа амнестија за обединувањето на силите.[1169] По тридневна полемичка расправа без да постигнат согласност, на два дни пред почетокот на Општиот конгрес, тројцата водечки раководители на Организацијата: Дамјан Груев, Петар Тошев и Ѓорче Петров се разделиле „незадоволни од Советувањето“.[1170]

## Петар Тошев на Рилскиот општ конгрес на Организацијата, 1905 година

Општиот конгрес на Организацијата се одржал во октомври 1905 година, во Рилскиот манастир, со учество на 22 делегати од сите револуционерни окрузи,[1171] меѓу кои и водечките раководители: Дамјан Груев, Петар Тошев, Ѓорче Петров, Јане Сандански.

На дневен ред биле поставени за разгледување и донесување одлуки следниве прашања:

1. Извештај за дејноста на Организацијата и за состојбата во окружните и околиските организации;
2. Програма за натамошната дејност;
3. Устројството на Организацијата;
4. Ставот спрема пропагандите; легални и вооружени;
5. Односот спрема организирани групи, струи и др.;[1172]
6. Тактиката на Организацијата;
7. Извештаи за работата на Централниот комитет и на Задграничното претставништво.[1173]

---

1169 Ѓорче: „Другари, треба да знаете дека имаме голема потреба за групирање на сите наши сили за поголеми акции против тиранијата, а не да се испоубиеме меѓу себе и да си ги ослабниме силите. Затоа сум убеден дека ќе ме разберете и на Конгресот ќе ја поддржите мојата теза“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 16[а]).

1170 Камхи: „Така се разделија тројцата великани, и тројцата незадоволни од советувањето“ (Р. Камхи, Рилскиот конгрес.., 19[а]).

1171 Делегати од Битолскиот револуционерен округ: *Пейар Тошев*, Ѓорче Петров, Ѓорѓи Поп Христов, Павел Христов и Борис Сарафов. Од Солунскиот: Добри Даскалов, Аргир Манасиев и Борис Мончев. Од Серскиот: Јане Сандански, Лазар Томов, Тодор Поп Антов и Илија Балтов. Од Скопскиот: Дамјан Груев, Мише Развигоров, и д-р Петар Кушев. Од Струмичкиот: Христо Чернопеев, Стоју Хаџиев, Иван Илиев, и Мануш Георгиев. Од Одринскиот: Лазар Маџаров, Стамат Икономов и Климент Шапкарев (Цочо Билярски – Тодор Петров, Циркулярите на Вътрешната Македоно-Одринска революционна организация, съставени след Рилския конгрес от 1905 г., Известия на държавните архиви, кн. 50, София, 1985, 191, 193).

1172 Програмска декларација на Рилскиот конгрес на ВМРО, Прилози за политичка мисла (1878–1919), Скопје, 1982, 167–181.

1173 Александар Христов, Прилози за историјата на македонската политичка мисла (1878–1919), Скопје, 1982, 174.

Петар Тошев со целосна ангажираност учествувал во работата на Конгресот; во донесувањето на основните акти на Организацијата: Уставот и Правилникот, на другите документи и решенија. На почетокот од заседанието, Тошев бил избран од Конгресот во Комисијата за редактирање на решенијата од Правилникот (што требало да се донесе), со придружни коментари, што требало да им се испратат на раководствата на Организацијата за нивно спроведување.[1174] Тој самиот го напишал речиси целиот обемен Правилник на Организацијата од 216 члена.[1175] На Конгресот го бранел и го одбранил своето дело, поддржан од Ѓорче Петров и од делегатите на Серскиот револуционерен округ.[1176] Дамјан Груев останувал на својот непроменет став за задржување на поранешната централизација на Организацијата, поддржан од Л. Мацаров, Ст. Икономов, Д. Даскалов, Б. Мончев, А. Манасиев и др.[1177] Конечно Тошев ја добил поддршката од мнозинството делегати, со што Груев се сообразил, но тоа не останало без влијание на нивните односи по Конгресот.

Конгресот заседавал секојдневно безмалу цел месец. Тошев настапил со остра критика на Централниот комитет (којшто и официјално не постоел од април претходната година) во кој влегле „туѓи луѓе" и донесувале одлуки за Организацијата, вклучително и за кревање на востанието со сите трагичните последици.[1178] За да се оневозможат слични случувања, во новиот Устав се воспоставувал контролен механизам од посебни институции;[1179] се одделувала судската од извршната власт,[1180] а со Правилникот биле извршени суштински

1174 Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 71.

1175 Манол Пандевски пишуваше дека самиот Тошев бил автор на Правилникот, „најцелосен нормативен документ во историјата на ВМОРО" (Манол Пандевски, Пере Тошев, „Серчани" и Вториот општ конгрес на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација, Прилеп и Прилепско 1893–1908.., 111).

1176 Лапе: „Своите погледи на новото устројство на Организацијата во настанатите услови систематизирани во Проект-правилникот што на Прилепскиот конгрес ги бранел, сега повторно на општиот Рилски конгрес со голема жар и поткрепа не само од Ѓорче Петров, туку и од серчани, сјајно ги заштитил и Конгресот ги усвоил" (Љ. Лапе, Животниот пат и делото., 71).

1177 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 236–237.

1178 „По Востанието кога големите жртви и пустошењата повикаа да се поднесе сметка од тие коишто ја предизвикаа таа непотребна катастрофа, Пере го дигна високо гласот и со сета енергија ја наложи пресудата. На Општиот организационен конгрес на крајот од 1905 година, на којшто беа ставени на преоценување делата на Организацијата, Пере, поткрепен од редица други работници, кажа дека катастрофата дојде од фактот дека ЦК, во кој влегоа туѓи луѓе", работел на своја глава без да води сметка за состојбата на организационите сили" (Пере Тошев, „Македонско дело", 4, 10. мај 192,3).

1179 Устав на ВМОРО, чл. 10.

1180 Устав, чл. 11.

промени во поставеноста и во надлежностите на Централниот комитет.[1181] За двата основни акти на Организацијата – Уставот и Правилникот – посебно за Правилникот,[1182] како и за другите документи: одлуки, решенија од општ карактер, резолуциите на Конгресот – се водела дебата за секој параграф, за секој став. Особено за одредбите што ги регулирале надлежностите на највисокиот раководен орган на Организацијата. За Централниот комитет било утврдено дека претставува извршен и претставнички орган, заедничко тело на револуционерните окрузи, нивна „обединувачка алка“, да го обезбедува единството на Организацијата.[1183] За сите прашања се воделе долги дебати со поделени стојалишта, па и со противставени ставови, посебно за организационата поставеност и за раководењето со и во Организацијата. Помалобројната струја, предводена од Дамјан Груев, барала враќање на предвостаничкиот централизиран систем на раководење на Организацијата со авторитарен Централен комитет. Мнозинството, предводено од Тошев, било решително за промени: реформирање на Организацијата, децентрализација за озаконување на веќе создадената реалност во окрузите, демократизирање на внатрешните односи, со целосна и доследна примена на принципите за изборност и одговорност за сите органи и тела. Делегатите на Серскиот и на Струмичкиот револуционерен округ настапиле со барање за уште порадикални промени во Организацијата; за федеративно уредување со целосно автономни окрузи и со заедничко претставничко тело – Централно биро што ќе го претставува единството на Организацијата.[1184] По жестока полемичка расправа, на Конгресот бил примен нормативниот дел од „проектот на Тошев“,[1185] правично претставен на Прилепскиот окружен конгрес на Битолскиот револуционерен округ од минатата година. Тој, модифициран со предлаганите измени и дополнувања, бил усвоен како Правилник со кој се обезбедувало толку потребното функционално единство на Организацијата.

[1181] „Да не се повтори тоа, Пере изработи, предложи и Конгресот го прими новиот организационен Устав, којшто ги ограничуваше правата на ЦК и го задолжуваше за важни прашања да бара мислење од окружните комитети“ (Пере Тошев, „Македонско дело“, 4, 27 мај 1927, 3).

[1182] Само Проект–правилникот се разгледувал цели 20 дни (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 236).

[1183] Правилник, чл. 83.

[1184] М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание..,94.

[1185] Српскиот дипломатски претставник во Софија, Симиќ, на 10 октомври 1905 година известувал: „По сè изгледа лом е предизвикан со дискусијата за проектот на П. Тошев кој, како и Сарафов, мисли дека на Организацијата треба да ѝ се даде чисто национално бугарско обележје. Оваа мисла е спроведена низ проектот што мнозинството секако ќе го прими“ (Бл. Ристовски, Даме Груев во извештаите.., 57).

Уставот и Правилникот на Организацијата биле донесени на „строго парламентарен начин и биле изгласани по третото читање“,[1186] едногласно од сите делегати.

Организационата структура од месните органи до Централниот комитет одново била воспоставена, а со тоа и натамошното единствено функционирање на Организацијата. Со тоа се потврдувало надминувањето на спротивностите и поделбите, помирување на фракции.[1187]

На Конгресот било прифатено и вградено во Правилникот на Организацијата Тошевото предлог-решение за водење револуционерна оружена и во исто време и легална политичка борба: народот да се организира да го користи присуството на европските претставници за да се присилат османлиските власти на законитост; почитување на елементарните права предвидени со постојните закони, а со тоа и подобрување на неговата положба. Да се врши притисок за спречување на навлегувањето на вооружените чети од балканските држави за оневозможување на дејствувањето на нивните пропаганди, народот да се обедини.[1188] Со реформите, и покрај нивната ограниченост, да се создаде реална можност Организацијата не само да се претстави, туку и да се наметне, да биде прифатена како самостоен фактор и легитимен претставник на востанатиот народ. Така да се создаваат и да се создадат услови за еволутивно решавање на прашањето за автономија на Македонија,[1189] а во краен случај со масовна оружена борба.

Тоа било суштината на Тошевата програма за повостаничкото дејствување на Организацијата. Програма што била усвоена и, ако доследно се спроведувала, можела радикално да го измени развитокот на настаните и на решавањето

---

1186 Мерсия Магдермот, За свобода и съвршенство. Биография на Яне Сандански, превел Веселин Измирлиев, София, 1987, 193.

1187 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 240..

1188 Народот се обединил во осуда на Европа за нејзиниот однос, што се посведочува во испеаната песна: „Плачот на Македонија“.
Македонија плаче,
ридае и проклина
Европа цела псува:
“Проклета и троклета
да бидеш ти Европо,
блуднице вавилонска
крвнице македонска“.
(Македонски народни умотворби, кн. 5, Ајдутски и револуционерни песни.., 158).

1189 Дека на тоа можеше да се смета има потврда со британската иницијатива во 1907 година за продлабочување на реформите и посебно со британско-рускиот проект од Ревал во 1908 година за радикални реформи во Македонија.

на македонското прашање. Но, тоа не го сфатиле, или не сакале да го прифатат, учесниците на Конгресот кои, и по усвојувањето на документите, останувале на своите фракционерски стојалишта, спротивни на заложбите на Тошев за функционално единство на окрузите во интегрираната Револуционерна организација.

Со отфрлањето од името на квалификативот „тајна“, Организацијата се легитимирала како легален револуционерен субјект и самостоен и независен фактор. Тоа е претставено и во спомнатите документи: Уставот и Правилникот на Организацијата, Програмската декларација[1190] и Соопштението издадено од Конгресот.[1191]

При изборот на раководните органи и на телата на Организацијата, Петар Тошев бил избрал за член на Централниот комитет од три члена, во кој влегле уште Дамјан Груев и Тодор[1192] Поп Антов.[1193] Изборот на членовите на раководните тела бил извршен со тајно гласање.[1194] Нивниот мандат бил за една година, односно до одржувањето на следниот Општ конгрес. Конгресот ги избрал и другите раководни органи на Организацијата. Во Задгранично претставништво биле избрани: Ѓорче Петров, Димитар Стефанов и Петар Поп Арсов. За редактор на „Револуционерен лист“, официјален орган на Организацијата, бил избран Димо Хаџи Димов.[1195]

Со изборот за член на Централниот комитет, Конгресот високо го вреднувал придонесот на Тошев за Револуционерната организација, за работата на Конгресот, за решенијата утврдени со усвоениот Правилник, за воспоставувањето на нарушеното организационо единство, за неговата посветеност на ослободителното дело.

На Конгресот било осудено штетното дејствување на Иван Гарванов и на Борис Сарафов за Организацијата и за македонското ослободително дело, по што им била изречена условна смртна казна.[1196] Но, за да се потврди тоа на дело и да се обезбеди вистинско единство на сите сили во Организацијата, Петар Тошев се застапил да се запрат сите обвинувања за сите дела, Конгресот да изгласа амнестија за сите, поединци и групи што се огрешиле и им нанесле

---

[1190] Прилози за македонската политичка мисла.., 167–181.

[1191] М. Миноски, ВМРО по Илинденскот востание., 95.

[1192] Близок на Тошев, роден во с. Ваташа Кавадаречко, откаде што била и Тошевата мајка. Поп Антов од 1895 до 1899 година бил учител во Прилеп (П. Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата.., 110).

[1193] Делегат од Солунскиот револуционерен округ.

[1194] М. Магдрмот, За свобода и съвршенство.., 193.

[1195] За редактор бил избран револуционерот и публицист Димо Хаџи Димов.

[1196] Смртната казна да се изврши во случај осудените да го повторат делото, односно ако продолжат со своето штетно дејствување.

штета на Организацијата и на делото. Амнестирање барал и за Борис Сарафов,[1197] кој пак за време на одржувањето на Конгресот, за секој случај, во близината на Рилскиот манастир тајно распоредил свои вооружени чети.

Со целосната демократичност во работењето, со начинот на донесувањето на конгресните документи, решенија и резолуции, Конгресот се претставил како парламент на држава што се конституира, легитимен легален парламент на Македонија.

Уставот,[1198] Правилникот[1199] и другите документи биле усвоени со новото име, во согласност со конгресното решение од името на Организацијата да се отфрли зборот „тајна“ и да се замени со „внатрешна“, за да го изразува нејзиниот автентичен внатрешен карактер. Со тоа било официјализирано преименувањето на Организацијата во Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО). Крајната цел на дејствувањето на Организацијата останувала непроменета – извојување политичка автономија.[1200] Конгресот ги осудил политиките на балканските држави спрема Македонија, нивните претензии и стремежи за нејзина поделба. Одбраната на територијалниот интегритет го регулирала со усвоениот Устав, во којшто се велело дека Организацијата „им се противставува на стремежите за делба и за војување од која и да е држава“.[1201]

Конгресот упатил предупредување и до надворешните организации, организациите од балканските држави, дека Внатрешната организацијата нема да толерира активности и дејствувања на нејзината организациона територија. Од Конгресот било издадено и посебно соопштение, со кое бил предупреден Врховниот комитет во Софија дека неговите активисти и групи влезени во Македонија ќе ги прогонува, а водачите ќе ги казнува „како злосторници спрема Татковината“. Од Комитетот се барало веднаш да прекине со активностите, „доброволно да се растури“, како доказ дека на Конгресот бил заземен единствен став за прашањето за да нема други, произволни тврдења за односот на Организацијата спрема врховистите, со оглед на дотогашната силно изразената поделеност на окрузите и меѓу водечките личности. Тоа го издејствувала големата тројка на раководители–делегати на Конгресот: Груев, Петар Тошев и Ѓорче Петров, најмно-

[1197] Р. Пасков, Борис Сарафов.., 240.

[1198] Устав на Внатрешната македонско-одринска организација (Документи за борбата на македонскиот народ..,487–488).

[1199] Правилник на Внатрешната македонско-одринска револуционрна организација.

[1200] Чл. 1 од Уставот.

[1201] Чл. 2 од Уставот, се вели: „Организацијата се противставува на стремежите за завојување и делба на тие области од која и да било држава“.

гу по заслуга на Груев, највлијателниот од нив, вешт во посредувањето – „мајсторот за компромис“. Тоа предупредување било не само спрема надворешните врховисти, туку и за притаените врховисти во самата Организација. Конгресот донел решение Организацијата „да им објави силна борба на врховистите како внатре во Македонија така и во Бугарија, за што побргу и дефинитивно да го отстрани тој чир“.[1202] За информирање за тоа решение, четиричлената комисија на 30 октомври 1905 година објавила и две конгресни соопштенија,[1203] едно за јавноста во Бугарија[1204] и друго за врховистите во Софија.[1205]

## Правилникот на Организацијата

Организацијата останувала максимално отворена за прифаќање во членство на секој кој живеел на нејзината организациона територија „без разлика на полот, народноста, верата и убедувањето“.[1206] Затоа пак се воведувала одредба за престанување на членството по автоматизам, со денот на напуштањето на организационата територија[1207] до враќањето во земјата.[1208] Радикална промена во дејноста претставувало прифаќањето „слобода на лична иницијатива“.[1209]

Се воспоставувала нова организациона структура на органи и тела: организациона група – десетина (од 10 членови, групирани по слободно изразена волја) раководена од десетар;[1210] месна организација (селска или градска) со мес-

[1202] Циркулар 2, IX, Организацијата и врховистите.

[1203] Потпишани од Д. Груев – претседател и Ар. Манасиев – за секретар на Конгресот (Циркуляарите.., 201; М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 95).

[1204] Съобщение до обществото въ Блгария (Циркулярите., 199).

[1205] Съобщение до групата на македонски деятели, наричани 'Върховисти' в София (Циркулярите..,199–200). На 10 ноември следувал одговор на Иван Цончев (На истото место, 200-201).

[1206] Правилник на ВМОРО (изработен на општиот конгрес на Организацијата во 1905 година), чл. 1 (Програмски и статутарни документи.., 36).

[1207] Циркулар 2, II, 2. Поради констатираните злоупотребувања на членството по заминувањето од земјата: „1) Многу војводи и раководители по заминувањето во Бугарија продолжувале да се мешаат во работата на месниот комитет и дури се обидувале да раководат преку писма; 2) Во Бугарија исто така многумина од раководителите го злоупотербувале тоа именување и се мешале во работите; 3) Поради можноста од друга страна некои војводи или раководители испратени по работа преку границата, да бидат изиграни од нивните другари (во земјата) со некое решение донесено со умисла во негово отсуство. На раководителите им се обрнува внимание на горниве мотиви“.

[1208] Правилник, чл.3: „Секој кој ќе ја напушти територијата на Организацијата, било да е раководно лице или не, ги губи правата на член сè додека се наоѓа надвор од земјата“.

[1209] Циркулар 2, II, појаснување за чл. 15: „Под изразот 'слобода и лична иницијативност', се подразбира дека работникот е слободен да извршува, по сопствено решение, работи што ќе ги смета за полезни за делото. Целта е кај работниците да се развива желба и натпреварување за работа...“.

[1210] Правилник, чл. 18, 19.

тен – селски, односно градски комитет;[1211] реонска организација (по потреба на околијата) со реонски комитет;[1212] околиска организација со околиски комитет;[1213] окружна организација со окружен комитет;[1214] централен комитет како заеднички, обединувачки орган;[1215] претставничко тело на Организацијата во странство.[1216]

Се воведувале посебни органи – контролни комисии за контролирање на законитоста во работењето на сите раководни органи од месниот до централниот комитет,[1217] со највисок контролен орган – Врховна контролна комисија.[1218]

Конгреси: околиски, окружни и општи,[1219] како највисоки органи во односните организациони единици добиле зголемени надлежности, во согласност со демократизацијата и децентрализацијата на Организацијата. Општиот конгрес со надлежности на законодавно собрание со „врховна законодавна власт“, да донесува закони со задолжителна сила за целата Организација[1220] и највисок орган на власта,[1221] и да донесува „конечно решение“ за востание со најмалку ¾ од присутните делегати.[1222]

Се воведувала задолжителна изборност „врз изборно начело за широко демократски дух“[1223] за сите органи и тела[1224] во Организацијата (со прос-

1211 Правилник, чл. 24.

1212 Правилник, чл. 43, 44.

1213 Правилник, чл. 48.

1214 Правилник, чл. 68.

1215 Правилник, чл. 82, 83.

1216 Правилник, чл. 94.

1217 Правилник, чл. 125.

1218 Правилник, чл. 132.

1219 Правилник, чл. 148.

1220 Правилник, чл. 159.

1221 Правилник, чл. 138.

1222 Правилник, чл. 160.

1223 Циркулар 2, I, 7. „Идното уредување на Организацијата ќе се засновува на изборното начело на широк демократски дух. Побудите за такво решение се следниве: а) Разгранетата организација налага што поширок круг луѓе да учествуваат во нејзиното уредување; б) Од раководителите назначувани озгора, како што беше досега, биле правени многу злоупотреби, затоа што немало контрола озгора; в) Централниот комитет кој си ја пригрconsiderabil највисоката раководна контрола, не можел секаде еднакво да ја изврши; г) општата недоверба кон високите раководни лица и установи и потребата тие кои непосредно ќе ги трпат последиците од дејноста, сами да си ги определуват видот и обемот што тие ќе го сметаат за добар; д) во последните две години не постоеше Централен комитет, не се одржале окружни комитети – треба да се изберат. Раководени од таа потреба, месните дејци речиси насекаде го прифатија изборниот систем. Изборни институции веќе постојат, делегатите на Општиот (Рилски) конгрес исто така произлегоа од изборноста, а и секој делегат го разбрал мислењето на своите избирачи дека, според зборовите на сите, било во полза на изборниот систем“.

1224 Циркулар 2, I, 2.

то мнозинство гласови), со едногодишен мандат.[1225] За конгресите бројот на делегатите се определувал пропорционално со бројот на членовите (гласачи),[1226] а законитост се обезбедувала со присуство на ¾ од предвидените делегати.[1227]

Со Правилникот се обезбедувала рамноправност пред законите на Организацијата.[1228] Судската власт се одделувала од управната (надлежна за дела што се однесувале на самата Организација), граѓански или кривични од општ карактер, со формирање граѓански судови.[1229] Се воведувало бесплатно судење.[1230] Правилникот немал ретроактивно дејство, стапувал во сила со денот на неговото донесување.[1231]

По изгласувањето на Уставот и Правилникот[1232] на Организацијата, посебната конгресна комисија во која влегле Тошев, Дамјан Груев, Ѓорче Петров и Ѓорѓи Поп Христов изработила дополнителни (подзаконски) акти: Циркулар I и Циркулар II, со толкување[1233] и упатства за правилно спроведување на одредбите на двата основни документи и извадоци од поважните одлуки на Конгресот за постапување по нив.[1234]

По престанувањето, и официјално, Организацијата да се декларира како тајна, во толкување за Уставот се појаснуваше и неговата јавна намена и функ-

[1225] Циркулар 2, I, 4.

[1226] Правилник, чл. 149. Во Циркуларот 2, се конкретизира бројот на гласачите: 1) За околиски конгрес се избира еден делегат на 200 души членови (гласачи); 2) За окружен комитет – 1 делегат на 1 000 членови; 3) За општиот конгрес – 1 делегат на 5 000 членови. За да биде законски околиски и окружен конгрес, потребниот вкупен број на делегати бил 20, а за општ конгрес – 40 делегати.

[1227] Правилник, чл. 140.

[1228] Правилник, чл. 192: „Сите членови на ВМОРО, независно од нивната раководна положба, се рамноправни пред законите на Организацијата“.

[1229] Правилни, чл. 207. Циркулар 2, VI. „Сите приватни спорови, кавги и дела меѓу христијаните, од каков било карактер, ќе се решаваат од специјализирани судови... Решенијата ќе се донесуваат по совест и врз основа на месните народни обичаи“ (обичајно право).

[1230] Правилник, чл. 214.

[1231] Циркулар 2, I, 6.

[1232] Усвоениот Правилник во суштина бил Проект-правилникот на Тошев, само нешто изменет и проширен.

[1233] Циркулар 2, I, 1. „За правилно толкување и спроведување на административните уредби и законите донесени на Конгресот, на комитетите им се издаваат овие упатства и објаснувања“, за Правилникот на Организацијата.

[1234] Тие им биле испратени на окружните раководства за постапување. Во писмото од Софија, од 5 јануари 1906 год. (не е наведен примателот, веројатно Окружното раководство на Солунскиот револуционерен округ) се вели: „Ви испраќаме извадоци од Правилникот по којшто во иднина ќе постапувате, членовите и параграфите што недостасуваат ќе ги барате во стариот Правилник“. (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 211). Во писмото од 20 јануари 1906 г., се вели: „Брзаме да ви испратиме извадоци од Правилникот. Соопштете ја содржината кому што треба“ (На истото место, 212).

ција: внатрешната и странската јавност да се запознае со принципите и главните политички барања на Организацијата[1235]

Организацијата и натаму останувала да е тоа што била – револуционерна, „по идеја и начин на дејствување“, определена за водење оружена ослободителна борба,[1236] самостојна и независна Организацијата.[1237]

Во Правилникот беше доразработен и проширен концептот на Тошев – истовремено со вооружената да се води и легална политичка и економска борба. Организацијата си поставила за задача „да го преземе целиот општествен и економски живот,[1238] се обврза да работи за подобрување на материјалната положба, за културно и севкупно издигнување на населението со заштитување на интересите и безбедноста;[1239] економска[1240] и легална политичка борба; индивидуални и колективни протести пред европските претставници во Македонија против самоволието на власта,[1241] како и за остварување на правата предвидени со постојните закони на државата. Од одредбите во обемниот Правилник (216 члена), евидентен е придонесот на Тошев (кој уште во пролетта 1904 година) се застапувал Организацијата да работи на подобрување на образованието,[1242] подигнување на здравствената[1243] и општа култура на селското насение,[1244] унапредување на земјоделството и подобрување на неговата материјална положба.[1245] За сето тоа да се користи присуството на европските цивилни и воени претставници за протести и за вршење притисок на османлиските власти.

---

1235 Циркулар 2, VIII. „Со конгресно решение, Уставот на Организацијата станува јавен и се печати на неколку јазици за да им се даде широка гласност на главните барања и на основните начела на Организацијата. Ќе се шири и ќе се употребува како почетно агитационно средство, таму каде што ќе биде потребно“.

1236 Циркулар 1, III, 7.

1237 Циркулар 2, III. Со самофинансирање со средства од доброволни и задолжителни вложувања на членовите на Организацијата и на поддржувачите на делото и др., со задолжување на поимотни лица, на манастирите „кои имаат средства“, други средства, но не и со воведување редовен данок на населението.

1238 Циркулар 1, III, 7.

1239 Циркулар 1, VII, 2.

1240 Циркулар 1, III, 7.

1241 Циркулар 1, III, 8.

1242 Циркулар 2, IV, 1–3: „Организацијата да се грижи да го направи основното образование (до IV одделение) задолжително. Таму каде што нема училишта, да ги презема потребните мерки за отворање (1); да се отвораат вечерни и неделни училишта во коишто неписмените ќе учат да читаат и да пишуваат.., да се запознава населението за неговата положба и неговите права во државата, за животот на другите (слободните) народи (2); да се грижи за отворање популарни библиотеки“ (3).

1243 Циркулар 2, IV, 6. Подобрување на „хигиената во куќите, на чистотата на облеката, на хигиената при подготвување на храната и сл.“, како и да води грижа за здравствената заштита, за потребата од медицинска помош и „да презема мерки за отворање аптеки“ (8).

1244 Циркулар 2, IV, 5.

1245 Циркулар 2, V, 1–7.

Сепак, врз основа на согледувањата за нивниот однос и влијанието во изминатиот период од две години за менување на положбата, бил заземен став дека европската Мирцштегска програма за реформи во Македонија и нејзината практична примена „не ги задоволува“ барањата на Организацијата и желбите на „нашиот народ“, дури и при нејзина целосна примена, затоа што целта била „зацврстување на турското владеење во нашата татковина“, само во „помека форма“.[1246] Затоа Организацијата продолжувала со „повеќе или помалку долга револуционерна дејност“ за „сенародна оружена борба против турската власт, како крајно средство на борбата за отстранување на турскиот режим[1247] и за автономија на Македонија и на Одринско.[1248]

Организацијата остро го осуди дејствувањето на пропагандите, „органи на владите“ на балканските држави, и објави дека како такви „ќе ги прогонува со сите свои сили и средства“.[1249]

За одбележување е промената на ставот на Тошев и постигнатото единство за односот спрема Егзархијата. Во подзаконскиот акт – Циркулар 2 се посочува дека Егзархијата дејствува против целите на Организацијата, како пропагандна институција спроводник на бугарската големодржавна политика.[1250]

По завршувањето на работата на Конгресот, претстоела операционализација на донесените решенија за воспоставување единство во дејствувањето на Организацијата со примена на донесените акти: Уставот и Правилникот.

## Активноста на Тошев по Рилскиот конгрес како член на ЦК на Организацијата

Воспоставувањето единство на Организацијата на општиот конгрес, во Бугарија било примено како сериозна опасност за бугарските аспирации во

[1246] Циркулар 1, XII. „Миротворството во таа програма е во директна спротивност со предвиденото во нашиот Усатв: отстранување на турскиот режим со револуционерна оружена борба и против од нас посакуваната интервенција од Европа со воени сили за брзо и целосно разрешување на нашето прашање. ... Организацијата не може да се согласи со Мирцштегската програма и во својата идна дејност ќе ја смета за непостојна, без да ја попречува работата на европските агенти“.

[1247] Циркулар 1, III, 2.

[1248] Циркулар1, VII, 2.

[1249] Циркулар 2, VII.

[1250] Циркулар 2, VI. „Сите пројави во дејноста и постапки на Егзархијата и нејзините органи се во духот на бугарскиот државнички национализам, Организацијата ги смета за пакосни на нејзините цели и им се противставува“.

Македонија. Бугарската егзархија се жалела во Софија дека Револуционерната организација со поставуваните барања и присилата за нивно исполнување практично воспоставила свој систем со којшто ја парализирала нејзината дејност, што водело кон конфликти, затоа барала од Софија да се преземат ефикасни мерки за нејзино парализирање.[1251] Во одговор на обвинувањата, ЦК го предупредил егзархот во Цариград дека началствата на Егзархијата „се противставувале на ослободителното дело“, а некои дури и сакале да имаат и раководна улога. Централниот комитет барал тие „да ја ограничат својата сфера на дејност на надлежностите пропишани со Уставот на Егзархијата, во спротивно Организацијата ќе постапува со нив така како што постапувала со сите кои го попречувале ослободителното дело“.[1252]

Владата на Бугарија, по толкуте неуспешни обиди за преземање на Организацијата од Врховниот комитет, ја операционализирала стратегијата за дејствување за продлабочување на внатрешните поделби за разбивање на Организацијата однатре, преку веќе посведочените пробугарски ориентирани поединци и групи-внатрешни врховисти.

Набргу по Конгресот, во Организацијата се заостриле спротивставеностите, се засилиле групирањата и поделбите. Се појавиле фракционерски групи предводени од Христо Матов, Иван Гарванов и Борис Сарафов кои, иако меѓусебно противставени, настапувале единствено за разбивање на воспоставеното единство на Општиот конгрес на Револуционерната организација. Ги опструирале Уставот и Правилникот, со нивно неприменување и непочитување на конгресните решенија.

Но, не било во прашање само нивното опонентско дејствување за превласт во Организацијата. Како пред и на Конгресот, така и потоа не биле целосно надминати несогласувањата и меѓу другите водечки раководители на Организацијата: Петар Тошев, Дамјан Груев и Ѓорче Петров, со што се создавало чувство на немоќ и дефетизам.[1253] Окрузите, особено тие каде што пре-

[1251] Интервенирал претседателот на Владата Рачо Петров кој, во инструктивното писмо до тр. агент во Сер Кожухаров, соопштувал: „Моето министерство не може да ги толерира тие акции на револуционерите и ќе биде принудено да преземе редица мерки за парализирање“. (ЦДИА, ф. 332, оп. 1, а. е. 17, л. 282; Македония и Тракия.., нови документи, 353).

[1252] ЦДИА, ф. 335, оп. 1, а. е. 131, л. 103; Македония и Тракия.., Нови документи.., 359.

[1253] Тоа посебно силно повлијаело на Дамјан Груев, кој по Рилскиот конгрес бил „сѐ повеќе плен на внатрешен немир и на дефетистички расположенија. Опкружен со постојани конфликти со најблиските свои пријатели (Ѓорче Петров, Пере Тошев), со претчувство дека Организацијата доживува тешка морална и идејна криза, соочен со сѐ почести недоразбирања меѓу врвните претставници на ВМРО...“ (Гане Тодоровски, Две необјавени писма, Зб. Даме Груев.., 1981, 76).

овладувачко влијание имале опонентите, како во Скопскиот револуционерен округ со Гарванов, го засилиле дејствувањето за осамостојување, за целосна автономност. Во исто време, се засилиле акциите за превласт во окрузите со оружје. Од Бугарија се испраќале оружје и војводи, се издавале заповеди за реорганизирање и за мобилност на четите за преземање засилени вооружени акции[1254] на целата територија на Македонија,[1255] што уште повеќе ја влошувало состојбата. Окружното раководство на Скопскиот округ стравувало од акциите на Сарафов во Округот.

За да се запре веќе напреднатиот процес на разбивање на организационото единство, воспоставено на Општиот конгрес и со Уставот и Правилникот на претходната година, Централниот комитет (Груев, Тошев, Поп Антов), со окружно писмо до окружните раководства, на 13 јуни 1906 година, побарал свикување вонреден Општ конгрес за средување на состојбите во Организацијата и ги повикал да се одржат окружни конгреси за избор на делегати.

Окружниот комитет на Скопскиот револуционерен округ веднаш по добивањето на окружното писмо, според еден недатиран документ[1256] (веројатно од истиот месец со подготвен одговор), одбил да постапи по директивното писмо од ЦК, со оспорување на потребата за свикување Општ вонреден конгрес. Во образложението за таквиот став било наведено: изминало кратко време од одржувањето на редовниот општ конгрес за да се види што е направено и какви нови мерки ќе треба да се препорачаат; вонреден општ конгрес се свикува само при вонредна ситуација, судбоносна за Организацијата; распоредбите од општиот конгрес во револуционерните окрузи не биле спроведени и не било можно да се согледаат резултатите; дека „ненормалноста на состојбата“ во Организацијата била создадена од постојните фактори од пред Општиот конгрес; „постојаната разнебитеност“ на Организацијата се должела на немање соод-

---

1254 Со цел: „Да се предизвикаат Великите сили одново да се замешаат во македонското прашање“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 213).

1255 Комитетската управа, Софија, 4 јануари 1906 год: „Браќа, набргу ќе се подготвт и одовде ќе тргнат најсамопожртвуваните војводи кои ја докажале својата способност. Од нив порешителните чети и одредите за Скопско и ќе им давате сѐ што е потребно на нивно располагање. Борбата е неминовна, со оружје ќе ја испробаме среќата на четирите страни во Македонија“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 214).

1256 Контекстот упатува дека е на окружното раководството на Скопскиот револуционерен округ до централата во Софија: „Ви испраќаме точен препис од окружното писмо на Ц. К, бр. 2 со коешто последниот презема иницијатива да свика општ конгрес. По повод тоа окружно, еве како ние мислиме да одговориме на окружното од 13 јуни 1906 г.“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 215–216).

ветни правила и закони,[1257] како и во немањето способни раководни кадри.[1258] Место општ конгрес, можело да прифати да се свика советување. Но, само под услов ако Централниот комитет имал да претстави „нови сили“ кои ќе предложеле поефикасни мерки, од тие донесени на последниот општ конгрес, за надминување „на ненормалната ситуација“ во Организацијата.[1259] За тој свој став, окружното раководство го известило раководниот центар во Софија, од кого се барало одобрување за да му се одговори на Централниот комитет.[1260] Тоа веќе било определено за автономно дејствување, и покрај сопствените внатрешни несогласувања и поделби[1261] и соперништвото со конфронтациите со Борис Сарафов.[1262]

Претстоело да се чека одржувањето на окружните конгреси и избор на делегати за Вонредниот општ конгрес. Во таква ситуација. Дамјан Груев и Петар Тошев се вратиле на организационата територија во Македонија. со цел

---

[1257] Со тоа се оспорувале Уставот, Правилникот и другите акти на Организацијата донесени на општиот Рилски конрес.

[1258] Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 215–216.

[1259] „Се искажуваме против свикувањето општ конгрес. Од Вашето окружно се гледа дека вие мислите дека во Организацијата има нови сили кои подобро сфаќаат, да предложат мерки, поефикасни од оние на последниот конгрес, за премавнување на ненормалната состојба. Ако е така, тогаш не останува друго, на ваша иницијатива да ги повикате тие лица на советување за да се осмилат потребните мерки. Мерките усвоени на тоа советување еднаш признати., не допуштаме да бидат отфрлени од никого, само од проста причина што не се изработени и препорачани од општ конгрес“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 216).

[1260] „Ние на тој начин мислиме да му одговориме на Централниот комитет. Брзо јавете ни дали го одобрувате нашето мислење и искажете се за тоа прашање за да можеме навреме да одговориме“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 216).

[1261] На заседанието на 18 јули по усвојувањето на Проект-програмата на Округот при расправата за, а во врска со поднесувањето на разгледување извештај на Окружниот комитет за мандатниот период, се водела жестока полемичка расправа за и против повикувањето на Дамјан Груев во својство на претседател да поднесе извештај. Со надгласување, Конгресот решил Груев да не се повикува. (Протокол 2, 18 јули, Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите (натаму: Документи от конгресите).., 353–354). Потоа Развигоров предложил да реферира Крсто Б’лгаријата. Развигоров: „Штом некои делегати се плашат од присуството на Груев, тогаш Конгресот нека се задоволи со отчет на К. Б’лгаријата“ (Протокол 3/19 јули, Документи от конгресите.., 356). Во Протоколот се вели: „К. Б’лгаријата поднесува отчет. Б’лгаријата е избран за претседател во случај ако Груев не прифати. Груев прифати и остана претседател на Окружниот комитет, а јас, Бабата и Чучков за членови и Гарванов за претставник. Во Кочанско беше убиен Цано Куртев.., набргу во еден судир беше ранет кратовскиот војвода Ј. Спасов, па него го замени Бабата. Така фактички членови на Окружниот комитет останаа Груев и Чучков“ (Протокол 3, 19 јули, Документи от конгресите.., 356).

[1262] Во извештајот за дејноста на Окружниот комитет поднесен на Вториот окружен конгрес на 19 јули, за тоа се вели: „Нашата прва задача беше да ги гониме четите на Сарафов. Немавме оружје. Гарванов ни предложи 500 пушки што му биле дадени од Бугарија. По предлог од Чучков, решивме да отидеме во Бугарија, за да го регулираме тоа прашање. Отидовме, сите се согласивме да гиземеме пушките. Само јас не се согласував, бидејќи поаѓав од конгресното решение (на Општиот рилски конгрес – ММ) кое забрануваше земање помош од Бугарија. Но, другарите ме наговорија и јас го потпишав односниот протокол. Потоа тие се враќаат внатре“ (Документи от конгресите.., 356).

да преземат мерки за забрзување на одржувањето на окружните конгреси за избор на делегати за Вонреден општ конгрес на Организацијата. Во Софија останал третиот член на ЦК, Тодор Поп Антов. Тошев, во својство на член на Централниот комитет. заминал на организационата територија на Серскиот революционерен округ за да работи за средување на состојбите во Организацијата во содејство со Сандански. По пристигнувањето во Округот, бил во обиколка на реоните, се движел „честопати“ во четата на Јане Сандански[1263] и учествувал и во борба водена од четата.[1264]

Во летото на 1906 година, од 17 до 24 јули,[1265] се одржал Вториот окружен конгрес на Скопскиот округ,[1266] не на територија на округот, ниту на друго место на организационата територија, туку на територијата на Бугарија,[1267] спротивно на решението на општиот Рилски конгрес. Во расправата по извештаите за состојбата во Округот, било потврдено засилено дејствување на сарафистичката фракција во Скопската околија, дека Сарафов на своите приврзаници им ветувал „оружје и пари“, а во Велешката околија на фракции на централисти и децентралисти и дека „последниве се изродиле во гарвановисти

[1263] Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 72.

[1264] Но, не е наведено кога се водела борбата (Й. Анастасов, Пере Тошев., 30).

[1265] Цочо Билярски – Тодор Петров, Документи от конгресите на ВМОРО след Илинденско-Преображенското въстание, Известия на Българското историческо дружество, XXXVIII, София, 1986, 346.

[1266] Дневниот ред на Конгресот бил како што следи:

I. Прашања од општ организациски карактер;

1. Ставот на Организацијата спрема Бугарија и другите заинтересирани фактори (надворешната политика на Организацијата);
2. Финансирање на Организацијата;
3. Политиката на Организацијата спрема легалните и вооружените национални пропаганди;
4. Политиката на Организацијата спрема одделни туѓи етнички групи на организационата територија;
5. Идната дејност на Организацијата;
6. Управувањето на Организацијата;
7. Досегашната дејност на високите институти на Организацијата: Централниот комитет, Задграничното претставништво, Ревизорското тело и Финансиската контролна комисија.

II. Прашања со важност само за Скопскиот округ:

1. Мерки за подобрување на образованието во Округот;
2. Вооружувањето на Округот;
3. Админастративна поделба на Округот на околии;
4. Културно-економската состојба и подобрување на положба на населението во Округот;
5. Издавање на окружен револуционерен орган (весник);
6. Ревизија на околиските изборни институции;
7. Отчет за дејноста на Окружниот конгрес, Окружниот комитет и делегатите на Општиот конгрес;
8. Избор на окружни тела, Окружен комитет, делегати за Општиот конгрес, ревизор и Контролна комисија;
9. Разни прашања (Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 352).

[1267] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 338.

и сарафисти“.[1268] Сарафизмот бил причина за неуспехот на делото,[1269] а „втора причина“ – теророт вршен од четите на Округот, коишто со„безразборно убивање“ го плашеле населението.[1270]

На Конгресот не биле почитувани Уставот и Правилникот на Организацијата. Конгресот усвоил решенија спротивни на актите и на одлуките на општиот Рилски конгрес за самостојност и независност на Организацијата од надворешните фактори. Конгресот на Скопскиот револуционерен округ зазел став дека со самостојна оружена борба не се постигнало, и не можело да се постигне, успех на делото и усвоил решение да бара надворешна поддршка; материјална и во оружје, од заинтересираните фактори, а при тоа да не презема специјални обврски, да ја чува независноста на Организацијата.[1271] Организацијата да води беспоштедна борба, со сите сили и средства, против српската и грчката пропаганди на организационата територија и „убивање на сите фанатизирани србомани“.[1272] Заради дејствувањето на Организацијата (како целина) се преземале засилени акции со вооружените чети од територијата на Бугарија за наметнување решавање на македонското прашање со предизвикување „оружена интервенција од кој и да било заинтересиран надворешен фактор“,[1273] што побргу да подготви и изведе „крупна повсеместна (секаде присутна) револуција“.[1274] Иако не било речено, се однесувало за предизвикување воена интервенција на Бугарија. Конгресот ги осудил за неактивност Централниот комитет и Задграничното претставништво, нив ги сметал за единствено

[1268] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 359–363.

[1269] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 360.

[1270] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 362.

[1271] Решение: „1. Земајќи ја предвид неопходноста Организацијата да има спрема Бугарија и други надворешни фактори строго определена политика, Конгресот реши: 1) Организацијата треба да има спрема Бугарија и општо кон сите надворешни заинтересирани фактори јасна и строго определена политика. Организацијата воспоставува односи со тие фактори преку своето Претставништво секогаш кога тоа го налагаат нејзините интереси. Меѓутоа, не може да дава никакви информации и треба како светост да ја чува својата независност; 2) Организацијата може да зема оружје и материјални средства отсекаде, от каде што ќе ѝ бидат понудени, но без да презема некои специјални задолженија“ (Резолюция на Втория редовен Скопски окръжен конгрес. Решения от опщ организационен характер, Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 387).

[1272] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 387–388.

[1273] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 388, „Рев. лист“, 1. XI 1906.

[1274] „Конгресот смета: 1) Организацијата треба да биде револуционерна не само според карактерот, туку и според методот на дејствување; 2) Таа, по можност треба што побргу да подготви една крупна повсеместна револуција (насекаде). Како средство за борба Конгресот ги препорачува терористичките акции и востанијата“ (Ц. Билярски – Т. Петров, Документи од конгресите.., 388).

виновни „за анархијата во Организацијата“.[1275] Конгресот усвоил и одлука за осамостојување на Округот (само формално условено со временско ограничување), ако општиот конгрес не се состанел за пет месеци по 26 октомври,[1276] датумот определен за негово одржување, следствено до 26 март 1907 година. По тој датум, Округот ќе дејствувал „како што ќе сметал дека е добро“.[1277] Со тоа бил најавен расцепот во Организацијата и претставена стратегијата на опонентската фракција што се конституирала.

Вистинските намери на водачите на опонентската фракција – Хр. Матов и П. Пенчев – биле и на општиот конгрес да подготват конфликтна состојба за спречување на одржувањето на општиот конгрес, а потоа со групирање со другите фракционерски групи со исти цели, да ја преземат Организацијата. Затоа Конгресот формирал комисија за изработка на нов Устав и Правилник на Организацијата за враќање на старата централизација и на директивноста во раководењето врз строга хиерархиска поставеност.[1278] Договориле акција за да се обессили раководството на Серскиот револуционерен округ со задавање удар однатре. За тоа бил придобиен војводата Михаил Даев, близок на Сандански, што подоцна било откриено. Во секој случај, состојбата била видливо влошена пред претстојниот конгрес.

## Учеството на Тошев на Вториот редовен окружен конгрес на Серскиот револуционерен округ, јули 1906 година

Петар Тошев заминал на организационата територија во Серскиот револуционерен округ во јули 1906 година со убедување дека со раководството на тој округ може да се воспостави функционална поврзаност на окрузите и да се

[1275] „Ако пет месеци по датумот предвиден за одржување на општиот конгрес тој не се состане, овие одлуки се задолжителни за овој округ. Во таков случај ќе се смета дека има право да дејствува онака како што ќе оцени дека е најдобро“ (М. Пандевски, Пере Тошев.., 115).

[1276] За делегати на општиот конгрес биле избрани: Хр. Матов Свиларов (Иван Илиев Танев), Лавров (?), П. Пенчев, П. Ангелов, Тодор Александров, Асенов и Гарибалди (Димитар Пенков) (Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 390).

[1277] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 389.

[1278] „Конгресот, имајќи го предвид досегашното искуство со примената на Уставот и правилниците донесени на Општиот конгрес што ја покажа нивната целосна неостварливост, непрактичност и игнорирање на условите во кои е поставена нашата дејност, а исто така и култрното ниво на нашето население, реши: ги задолжува Хр. Матов и П. Пенчев да изработат проекти на Уставот и правилниците врз основа на следниве ставови: 1. Демократски централизам; 2. Упростување на административната машинерија; 3. Хиерархија во институциите“ (Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите..,389).

подготви и одржување на редовниот Општ конгрес на Организацијата.[1279] Во тоа време бил закажан да се одржи Окружен конгрес.[1280]

Вториот редовен окружен конгрес на Серскиот револуционерен округ се одржал во неврокопските села: Ловча (од 26 до 30 јули) и Либјахово (од 31 јули до 6 август). На Конгресот учествувале на 26 делегати, „легални и нелегални-четници и војводи“,[1281] од шесте окружни организации: Мелничката, Демирхисарската, Серската, Неврокопската, Разловечката и Драмската. Во тој број делегати, учесници на Конгресот биле: Јане Сандански, Чудомир Кантарџиев, Стоју Хаџиев, Ѓорѓи Скрижовски, Ѓорѓи Казепов, Петар Милев, Михаил Даев,[1282] Таската Серски, Пејо Радев, Георги Занков, Георги Запранов, Мицо Врански, Иван Леков[1283], Димитар Трендафилов[1284] и други.[1285] Учествувале и членовите на ЦК Пере Тошев (учествувал од четвртиот ден на заседавањето[1286]) и Тодор Поп Антов. За претседавач на Конгресот бил избран Јане Сандански. На Конгресот биле претставени Извештајот на делегацијата на Округот на последниот општ Рилски конгрес на Организацијата и извештаите за работата на околиските организации меѓу двата окружни конгреси,[1287] како и прашања за идната дејност на окружната организација: организациони, политички, економски и социјални и др., како и за односот спрема „реформаторите“.[1288]

Конгресот избрал Окружен комитет[1289] и делегати за претстојниот Општ конгрес. За делегати биле избрани: Сандански, Петар Тошев,[1290] Стојо Хаџи-

1279 М. Пандевски, Пере Тошев,., 113.

1280 Лешков: „Окружниот конгрес на Серскиот револуционерен округ за 1906 година беше определено да се одржи во првата половина на месец август во с. Ловча, во јужното подножје на Пирин Планина“ (Иванъ Лешковъ, Единъ окръженъ конгресъ на В.М.Р.О. въ 1906 год., Ил. Илинденъ, год. 2, кн. 3 (13), февруарий, София, 1929, 13).

1281 И. Лешковъ, Единъ окрженъ конгресъ..,15.

1282 Кој според пишувањето на Иван Лешков побарал самиот на конгресот да му се суди поради неизвршување на убиството на Сарафов. Даев: „Молам престапот да биде разгледан и ако заслужувам смрт затоа што не можев да убијам еден револуционер, сакам само едно: да ми биде даден револвер само со еден куршум, самиот за да се застрелам в чело“ (И. Лешковъ, Единъ ок. конгресъ.., 16).

1283 Лешков: „Како личен учесник, нека опишам еден конгрес на В. М. Р. О. Најкратко што ќе ни ја претстави тешката епоха, закоја што станува збор – Окружниот конгрес на Серскиот революционерен округ во 1906 година“ (И. Лешковъ, Единъ ок. конгресъ.., 13).

1284 И. Лешковъ, Единъ окр. конгресъ.., 16.

1285 И. Лешковъ, Единъ окр. конгресъ.., 15.

1286 Й. Анастасов, Пере Тошев.., 30. Иван Лешков, делегат на Конгресот, за тоа пишува: „Четвртиот ден се појави Пере Тошев, не како делегат, туку случајно, патувал за некаква ревизија“. (И. Лешковъ, Единъ окр. конгресъ.., 15).

1287 М. Пандевски, Пере Тошев.., 116–117.

1288 И. Лешковъ, Единъ окр. конгресъ.., 15.

1289 Со претседател Јане Сандански (И. Лешковъ, Единъ ок. конгресъ.., 16).

1290 Предложен од Разлошката револуционерна околија.

ев, Чудомир Кантарџиев, Димитар Арнаудов, Димитар Икономов, Петар Милев.[1291] На Конгресот се водела повеќедневна расправа за состојбите во Организацијата. При тоа како едно од прашањата од особена важност било поставено прашањето за односот на Организацијата спрема бугарскиот државен фактор. По расправата, бил усвоен став тоа прашање делегатите да го постават на претстојниот општ конгрес. Тошев се вратил во Софија, со Груев и Поп Антов како членови на ЦК, да ги координираат завршните подготовки за Општиот конгрес.

До пред крајот на август 1906 година, Битолскиот и Солунскиот округ немале одржано окружни конгреси за избор на делегати за подготвуваниот Општ конгрес. Затоа ЦК на 29 август со писмо, само до двата округа, ги повикал да ги одржат своите конгреси. Испратил и специјален пратеник,[1292] за да им го предаде лично писмото на нивните окружни раководства.[1293] Веднаш потоа Дамјан Груев заминал на организационата територија во Македонија. Во својство на претседател на ЦК, тргнал во инспекција на реоните меѓу р. Струма и р. Вардар. Во септември бил во Солун.[1294]

Во отсуство на Груев, Тошев целосно се посветил на одржувањето на функционирањето на Централниот комитет како организатор на подготовките за одржување на редовниот Општ конгрес на Организацијата, предвиден да се одржи до крајот на годината. До почетокот на септември се одржале конгресите на Скопскиот, Серскиот и Струмичкиот округ и тие ги избрале своите делегати, Одринскиот бил пред одржување, а претстоело тоа да го направат уште Битолскиот и Солунскиот револуционерен округ.

Времето за одржување на Општиот конгрес било определено на Рилскиот конгрес и со Правилникот на Организацијата и тоа морало да се почитува. Затоа членовите на Централниот комитет Петар Тошев и Тодор Поп Антов, на 2 септември, со писмо испратено од „Висока“ (Софија)[1295] го известиле Окружниот комитет на Серскиот округ дека конгресот ќе се одржи како што било определено со Правилникот, на истекувањето на едногодишниот мандат на телата на Организацијата.[1296] Со истото писмо информирале дека Солунскиот и Битолскиот

[1291] М. Пандевски, Пере Тошев.., 117.

[1292] Вангел Григоров.

[1293] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 338.

[1294] М. Пандевски, Пере Тошев.., 113.

[1295] Потпишано од Тошев со сопственото име, а од другиот член на ЦК Тодор Поп Антов со псевдонимот „Кирил“ (ЦДИА-ЦПА, ф, 226, оп. 1, а. е. 281, л. 15–16; М. Магдермот, За свобода.., 226).

[1296] М. Магдермот, За свобода.., 225–226.

округ заостанувале со одржувањето на своите конгреси, а со тоа и со изборот на нивните делегати за Општиот конгрес. Предлагале во случај да не изберат делегати во определениот рок, Општиот конгрес да се свика и да се одржи без нивни делегати. Во образложението за тоа, Тошев укажал на неповолната состојба во Организацијата. Битолскиот и Солунскиот револуционерни окрузи не одржале конгреси за избор на делегати за Општиот конгрес. Состојбата се влошувала со однесувањето и намерите на окружното раководство на Скопскиот револуционерен округ за непочитување на Уставот и Правилникот, за повреда на принципот за самостојност и независност на Организацијата, со решението на Окружниот конгрес на тој округ да се бараат средства, а со тоа поддршка „отсекаде", од заинтересирани надворешни државни фактори, следствено и од Бугарија. Информирал дека состојбите во Организацијата се заканувале да ескалираат и да доведат до целосен расцеп, до напуштање на определбата на Организацијата за самостојност и независност, а со тоа и до трајна поделба. Тие состојби налагале неодложно одржување на Општиот конгрес на Организацијата, а сите револуционерни окрузи не можеле навреме да ги одржат своите конгреси и да ги изберат делегатите. Затоа Тошев барал да се прифатат извесни отстапувања од пропишаниот ред и, како помал престап, да се одржи Општ конгрес на Организацијата со учество само со избраните делегати од четирите окрузи,[1297] односно со мнозинството претставени окрузи. Со истото писмо барал, ако се прифати, Серскиот окружен комитет да ги определи местото и денот на почетокот на заседавањето на Конгресот и за тоа писмено да ги извести сите окружни комитети. Притоа уште соопштувал дека „повторно доаѓа" во округот[1298] за да раководи непосредно со свикувањето на општиот конгрес. Веднаш потоа Тошев заминал на организационата територија во Серскиот револуционерен округ, за да ги забрза работите непосредно со тамошното окружно раководство. Друг избор немал. Единствено Окружниот комитет на тој округ во полн состав бил во својот округ, што не било случај со другите окрузи.

Со упорна работа и со истрајноста на Тошев, навреме биле завршени сите подготвителни работи за Конгресот на којшто требало да се разрешат спро-

[1297] Тошев до ОК на Серскиот револуционерен округ: „Затоа се обраќаме кон Вас, барајќи го Вашето содејство и затоа пак дојдов во Вашиот крај... Ако прифаќате, за да не се губи време, пишете до сите други окружни управленија (управи) кои би дошле на Конгресот, и тие да го прифатат предлогот што погоре го спомнав" (М. Пандевски, Пере Тошев., 119).

[1298] Тошев: „Ниту една од другите (окружни) управи не е така комплетна како вашата. Од Скоп.(ската) упр.(ава) сега четворица се во странство. Затоа Ви се обраќам Вам и барам ваша соработка и затоа доаѓам во вашиот крај... Ако прифаќате, за да не губиме време, пишете ѝ на секоја од окружните управи за конгресот, да го прифатат погоре наведениот предлог" (М. Магдермот, За свобода.., 226).

тивностите и да се воспостави нарушеното единство. За сето тоа време, Задграничното претставништво (Ѓорче Петров, Димитар Стефанов и Петар Поп Арсов) не било признато од противниците,[1299] било опструирано и изолирано во Софија, без средства, не функционирало. Тошев, во извршувањето на подготвителните работи за одржување на Општиот конгрес, доследно се придржувал до уставните и статутарни норми: општ конгрес да се одржува секоја година, секој член на ЦК во мандатниот период определено време да биде во Македонија. Така постапиле тројцата членови на Централниот комитет кои се наоѓале во Македонија.[1300]

На 15 септември, Јане Сандански ги известил членовите на Окружниот комитет за барањето на Тошев: Серскиот окружен комитет да ги испрати, од името на Централниот комитет, поканите за општиот Конгрес, дека тоа се налагало од состојбата во Организацијата, со забелешка дека тој лично бил согласен, Комитетот да испрати покани до другите окружни комитети и Конгресот да се одржи најдоцна до 26 октомври.[1301]

Окружниот комитет постапил по писмото на Сандански и со писма ги известил другите окружни комитети дека ги презел надлежностите на Централен комитет[1302] за свикување и неодложно одржување на Општиот конгрес пред завршувањето на мандатот на органите и телата, поради опасното влошување на состојбите во Организацијата и ургентната потреба за навремено донесување на потребните решенија за нивно разрешување.[1303] Серскиот окружен комитет со писмо го известило и Задграничното претставништво за свикувањето на Општиот конгрес. По барање од Петар Тошев, Комитетот испратил посебно писмо до Окружниот комитет на Струмичкиот револуционерен округ да се застапи кај Окружниот комитет во Битола тамошниот револуционерен округ

[1299] Р. Пасков, Борис Срафов.., 247.

[1300] Претседателот Дамјан Груев, како што е кажано, бил во ревизија во внатрешноста на Македонија, третиот член на ЦК Тодор Поп Антов бил во Мелничко.

[1301] Сандански: „Наше мнение е нашиот Окружен комитет, бидејќи е најкомплетен и регуларно избран, да ја преземе улогата на Централниот комитет, да издаде и да испрати покани до останатите окрузи заради поскорешно избирање делегати за општиот конгрес што треба да се состане најдоцна на годишнината од минатогодишниот конгрес" (М. Пандевски, Пере Тошев.., 119, М. Магдермот, За свобода.., 226).

[1302] За тоа со писмо ги известил околиските комитет на окружната организација.

[1303] Серскиот окружен комитет: „Еве зошто ние, Серската револуционерна окружна управа, регуларно избрана и во комплетен состав, ја преземаме улогата на Централен комитет, се разбира само во овој случај (по покана дури и само на еден од неговите членови) и од името на вистинскиот интерес на нашата Организација, ги покануваме почитуваните други револуционерни окрузи да побрзаат и да изберат свои делегати за општиот конгрес, што ќе се свика најдоцна за годишнината (26 октомври) на минатогодишниот конгрес во Софија, затоа што засега на друго место не е можно" (М. Магдермот, За свобода.., 226–227).

без одлагање, што побргу, да организира одржување на Окружниот конгрес, за да ги избере делегатите за Општиот конгрес.[1304]

Известувањето за свикувањето советување во револуционерните окрузи било добиено со задоцнување,[1305] затоа и неговото одржување било одложено за ноември.

Во средината на октомври, кога делегатите се подготвувале за заминување на закажаниот Конгрес, Окружниот комитет на Струмичкиот револуционерен округ известил со писмо дека треба да се отповика одржувањето на Општиот конгрес на закажаниот термин, поради доцнењето со изборот на делегатите во окрузите и одлагање на неговото одржување за декември 1906 година. За ова било известено и Задграничното претставништво.[1306]

Задграничното претставништво известило дека се одлага одржувањето на Општиот конгрес за декември, поради неподготвеност на дел од окрузите.[1307]

## Учеството на Тошев на претконгресните советувања, 1906 година

Пред крајот на октомври 1906 година, во Рилскиот манастир се одржало советување на раководителите на Серскиот револуционерен округ со учество на Петар Тошев, во својство на член на ЦК,[1308] и Петар Поп Арсов, за да се договори времето за свикување на Општиот конгрес.[1309] Избраните делегати биле повикани на претконгресно советување во Софија, за да се определат местото и времето на заседавањето на Конгресот.

Фракционерите преминале во отворена јавна борба против Сандански и раководството на Сереският револуционерен округ за предизвикување раскол во Организацијата.[1310] Задграничното претставништво во Софија дознало и

[1304] М. Магдермот, За свобода.., 227.

[1305] Во Скопскиот окружен комитет го примиле во почетокот на ноември 1906 год.

[1306] М. Магдермот, За свобода.., 227.

[1307] Тоа му било соопштено од задграничните претставници на делегатот на Скопскиот округ Лазар Томов, член на Окружниот комитет, по пристигнувањето во Софија.

[1308] Љ. Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев, 72. Р. Пасков, Борис Сарафов.., 257.

[1309] Р. Пасков, Борис Сарафов.., 257.

[1310] Една од нивните водечки личности, Петко Пенчев, во весникот „Революција“ (што започнал да го издава Окружниот комитет на Скопскиот револуционерен округ) и во „Македоно-одрински преглед“, како и во брошурата насловена: „По нашите спорни въпроси“ (София, 1906) обвинети за сепаратизам, интернационализам, „за омраза спрема ’бугарскиот империјализам’, т.е. спрема *движењето за обеди-*

веднаш известило за намерите на опонентите да се спречи одржувањето на Општиот конгрес до определениот рок за да се добие основа за непридржување на актите на Организацијата (Уставот и Правилникот) и за да се обезбеди спроведување на одлуките донесени на Окружниот конгрес на Скопскиот округ. Окружниот конгрес, одржан во летото на 1906 година, изгласал решение за осамостојување на Округот, ако за пет месеци не се одржи Општ конгрес.[1311]

Во тоа време, активно се замешале бугарските власти. За Сандански биле доставувани доверливи известувања дека божем подготвувал атентат врз кнезот Фердинанд за негово елиминирање. Според еден доверлив полициски извештај[1312] до кабинетот на кнезот Фердинанд, во октомври 1906 година,[1313] се одржало „тајно собрание", односно советување, во Рилскиот манастир. На советувањето, свикано по барање на Јане Сандански, учествувале: Сандански, Пере Тошев, Александар Станоев, Крсто Б'лгаријата, Чудомир Кантарџиев, Рачо Пеев, Петар Поп Арсов и Илија Крчовалијата.[1314] Се расправало за тоа кога да се одржи Конгресот на Организацијата, но и за вмешаноста на бугарската влада и на кнезот Фердинанд во состојбите и случувањата во Организацијата. Информаторот упатува на планирањето извршување атентат врз кнезот Фердинанд, за да се заштити Организацијата од злото кое доаѓало од Софија.[1315]

Основано е да се смета дека и поради тоа на Советувањето било договорено да се инсистира Општиот конгрес да се одржи на организационата територија во Македонија.[1316]

---

*нување на бугарскиот народ раководено од владата* и од мнозинството на Внатрешната организација" (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 248).

1311 „Ако за 5 месеци не се свика Општиот конгрес, тогаш неговите решенија ќе бидат важечки за Округот и ќе се смета ослободен од обврските спрема другите" (Р.Пасков, Борис Сарафов.., 249).

1312 Од 10 ноември 1907 година.

1313 ЦДИА, Софија, ф. 3, оп. 8, а. е. 1097, 2–3, Антон Илиев до Добрович, 10 ноември 1907 год.

1314 ЦДИА, ф. 3, оп. 8, а. е. 1097/10 ноем. 1907 г.

1315 Според известувањето, на состанокот Сандански, меѓу другото, рекол: „Господа, злото за сè произлегува од Софија, ние треба да завршиме со проектираното, па потоа ќе е лесно. Определете ги датумот за конгресот и местото каде што ќе се одржи, за да се повикаат делегатите. Ќе треба да се убијат: Борис Сарафов, Матов, Гарванов и Дамјан Груев (?!), кои ќе нè попречуваат за постигнување на целта за којашто сум се обврзал. По убиство на оној од дворецот (Фердинанд – б.н.), нашата работа ќе тргне напред. Додека тоа не се случи, не може ништо да се направи" (ЦДИА, ф. 3, оп. 8, а. е. 1097/10 ноем. 1907 г.).

1316 Пасков пишува не за советување, туку за советувања „на санданистичка фракција" одржани во октомври во Рилскиот манастир. И дека при тоа Сандански барал да бидат убиени не само опонентските водачи: Сарафов, Гарванов и Матов, туку и Груев, тој за да го преземе раководењето со Организацијата. „Сандански не само што бара да биде определена датата на Конгресот, но и смета дека неговите главни противници: Д. Груев, Б. Сарафов, Ив. Гарванов и Хр. Матов треба да бидат физички отстранети" (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 257).

Во средината на декември 1906 година, повеќето од делегатите за Општиот конгрес веќе пристигнале во Софија. По пристигнувањето на мнозинството, делегатите се состанале на Советување. Учествувале делегати на Серскиот, Струмичкиот (двата во целосен состав од по осуммина), Скопскиот и Одринскиот округ, задграничните претставници[1317] и двајцата членови[1318] на Централниот комитет: Пере Тошев[1319] и Тодор Поп Антов,[1320] други „прогресивни дејци“.[1321] Советувањето траело од 15 до 17 декември.[1322]

Делегатите се состанале за да го определат местото на одржувањето на Општиот конгрес и да ги договорат акутните прашањата за нивно решавање. Според споменатиот таен извештај од 10 ноември 1907 година, тогаш „делегатите на Сарафов и на Сандански, воделе и разговори за помирување, но до помирување не дошло.[1323]

Мнозинството од делегатите, предводени од Тошев и Сандански, настапиле со барање да се постапи според одлуката од последниот Општ конгрес – Конгресот да се одржи на организационата територија во Македонија, за да се претстави и со тоа самостојноста и независноста на Организацијата. Опонентската струја (Борис Сарафов, Гарванов, Христо Матов, Петко Пенчев, Мише Развигоров и Ефрем Чучков) се изјасниле против, барале Конгресот да се одржи тука, во Софија.[1324] Се заканиле со неучество, со што го доведувале во прашање одржувањето на легитимен Конгрес.

За одржување на подготвениот Општ конгрес, мнозинството од делегатите морало да прават отстапки, да прифатат неспроведување на одлуката од претходниот Општ конгрес за местото на одржувањето на Конгресот. Барањето за одржување на Конгресот на организационата територија во Македонија, било повлечено. По жестока полемичка расправа, била договорена компромисна солуција: Конгресот да се одржи, како и претходниот, во Рилскиот манастир, според тоа, пак на територијата на Бугарија. Делегатите на опонентската

1317 Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов.

1318 Претседателот на ЦК Дамјан Груев при доаѓањето од Македонија загинал во Малешевско, кај с. Русиново, на 23 декември 1906 година.

1319 Тошев бил избран за делегат на Општиот конгрес од два окрузи, од Серскиот и од Битолскиот револуционерен округ (Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 392).

1320 М. Пандевски, Пере Тошев.., 120 – 121.

1321 Й. Анастасов, Пере Тошев., 31.

1322 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 251.

1323 ЦДИА, ф. 3, оп. 8, а. е. 1097/10 ноем. 1907 г.

1324 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 251.

фракција немале адут за да се противстават на тоа и да не учествуваат. Но, таа солуција ја прифатиле единствено со намера, како што подоцна се покажало, во меѓувреме да се предизвика инцидент и интервенција на бугарските власти за да се спречи одржувањето. Така била постигната согласност за единствен став – Конгресот да се одржи, како и претходниот, на територијата на Бугарија, во Рилскиот манастир. Потоа било договорено и времето на одржувањето, почетокот на јануари 1907 година.

Со тоа не биле надминати несогласувањата. Тоа било само почетно одмерување на силите. Претстоело да се разреши и друго многу важно прашање – легалноста на мандатите на делегатите, односно законитоста на учеството на претстојниот конгрес на дел од нив. На Советувањето било поставено барање тука да се изврши проверка, а потоа верификување на мандатите на делегатите.

Серските делегати ја оспориле легалноста на мандатите на повеќемина од опонентските делегати, вклучувајќи ги во тој ред и тројцата водачи на опонентската фракција (Христо Матов, Борис Сарафов, Иван Гарванов и Петко Пенчев) кои се појавиле како делегати, спротивно на одредбите од Правилникот на Организацијата. Според Правилникот на Организацијата, членови можеле да бидат само тие кои живееле на организационата територија. Тие го загубиле правото да бидат избирани за делегати, како и сите други кои ја напуштиле организационата територија и се населиле на постојано место за живеење во Бугарија. Мнозинството од делегатите се изјасниле против ним да им се верификуваат мандатите. Делегатите на Серскиот револуционерен округ побарале да се заземе став, во случај тие се појават на почетокот на заседавањето на Конгресот – да бидат отстранети.[1325] Конгресот да се одржи само со учество на законски избрани делегати од организационата територија.[1326]

Опонентите настапиле наметливо. Обвинувале дека се подготвува „санданизација“ на Организацијата,[1327] да биде преземена од Јане Сандански, за нејзина „апсолутна самостојност и независност“.[1328] Со цел да повлијаат на делегатите тие да се здобијат со мнозинство, односите меѓу противставените струи се заостриле до степен на меѓусебна и лична нетрпеливост. Дел од деле-

[1325] М. Пандевски, Пере Тошев.., 121.

[1326] М. Магдермот, За свобода.., 228.

[1327] „Започна борбата на Јане Сандански за власта во Организацијата, т.е. да се изврши ’санданизација’, за да биде откината од опшстественоста и владата на слободното Бугарско Кнежество“ (Р. Пасков, Борис Срафов.., 252).

[1328] Р. Пасков, Борис Сарафов..,250.

гатите демонстративно си заминале.[1329] Советувањето било прекинато.[1330]

Задграничното претставништво веднаш потоа писмено ги известило сите делегати да се соберат во Рилскиот манастир за одржување на Општиот конгрес на Организацијата. Делегатите од опонентската фракција одбиле да учествуваат, добиените известувања ги вратиле.[1331]

Мнозинството делегати се упатиле на местото определено за одржување на Конгресот. Токму во тоа време, пред закажаниот конгрес, на 23 декември 1906 година, загинал Дамјан Груев, претседател на Централниот комитет. Останале двајцата членови на ЦК, Петар Тошев и Поп Антов, да го реализираат одржувањето на Општиот конгрес.

## Ескалирање на поделбите, неодржување на општиот конгрес, апсења на Тошев во Бугарија во 1907 година

На пат за Рилскиот манастир, групата делегати: Сандански, Христо Чернопеев, Кантарџиев, Михаил Даев, Лазар Томов, Александар Станоев, Крсто Б'лгаријата, Петар Китанов, Димитар Икономов, задграничниот претставник Димитар Стефанов и членот на ЦК Пере Тошев, на 31 декември се задржала за ноќевање во с. Кочериново, за да ја прослави Новата година.[1332] Оттаму сите тие, со нив и Тошев, продолжиле и заедно пристигнале во Рилскиот манастир. Утрото на 1 јануари 1907 година се упатиле преку село Рила[1333] во с. Пастра,[1334] а оттаму во групи заминале за Рилскиот манастир.

На 1 јануари Тошев со групата серски делегати пристигнал Рилскиот манастир. Вечерта таму пристигнале сите делегати.[1335]

Опонентската фракција, чиишто делегати одбиле да учествуваат, не сакала одржување на Конгресот, тајно организирала тој да се спречи. За тоа бил придобиен војводата Михаил Даев, кој бил делегат на Серскиот револуцио-

1329 Заминале делегатите: „Чернопеев, Чудото, Крсто Б'лгаријата, Стоју Хаџиев, Александар Станоев (од Солун), Петар Ангелов (од Скопје) и Димитар Економов“ (М. Магдермот, За свобода.., 228).

1330 Според секретарот на Советувањето, Лазар Томов, тоа биле повеќето делегати од Серскиот и од Струмичкиот, како и неколкумина од Скопскиот и Солунскиот револуционерен округ.

1331 М. Магдермот, За свобода., 229.

1332 Сведоштво на ЛазарТомов (М. Магдермот, За свобода.., 229).

1333 Во селото Рила сето население излегло „специјално да ги види Јанета и Чернопеев“ (М. Магдермот, За свобода.., 229).

1334 М. Магдермот, За свобода.., 229.

1335 М. Магдермот, За свобода.., 229.

нерен округ.[1336] Даев се одделил од групата делегати од Серскиот револуционерен округ. Тргнал нешто подоцна, придружуван од двајца негови четници. Во атарот на с. Рила, предизвикал тежок инцидент. Божем стрелал во селски животни и притоа убил еден селанец.[1337] Според друго тврдење – убил двајца, а еден ранил,[1338] а според трето – Даев убил „двајца врховисти".[1339] Токму тогаш во селото Рила пристигнал членот на Задграничното претставништво Петар Поп Арсов, упатен навреме да пристигне во Рилскиот манастир. Кога разбрал за убиството извршено од Даев, веднаш се вратил назад, за Софија.

Делегатите за Конгресот во манастирот, возбудени и загрижени ја примиле веста за убиството. Бидејќи убиството го извршил претставник од Серскиот округ, се очекувало на удар на полицијата да се најде раководството на округот, посебно Сандански. Затоа Јане Сандански, Христо Чернопеев и Михаил Даев, придружувани од четници, заминале од манастирот и се засолнале близу границата,[1340] пред да го блокира реонот бугарската полиција и да ја затвори границата. Таму тие подолго време останале во засолниште.

На 2 јануари, бугарската полиција во Рилскиот манастир ги уапсила сите таму затекнати делегати.[1341] Меѓу уапсените бил и Петар Тошев. Тој и без тоа, како поддржувач на Јане Сандански, веќе бил на списокот на бугарската полиција за апсење.

Полицијата не открила докази за замешаност во убиството на уапсените делегати. Набргу по апсењето, сите тие биле ослободени.[1342] Полицијата трагала по Сандански, да го упаси и да му се суди.[1343] Целта на заговорот била по-

[1336] М. Пандевски, Пере Тошев.., 122.

[1337] Р. Пасков, Борис Сарафов.., 252. Магдермот пишува, пренесувајќи го сведочењето на Лазар Томов, дека инцидентот се случил во близината на с. Пастра, дека Даев убил куче на група ловџии кои го нападнале и при тоа Даев со четниците убиле двајца и раниле еден од ловџиите" (М. Магдермот, За свобода.., 229).

[1338] М. Пандевски, Пере Тошев.., 122.

[1339] „Пратениците на Сандански, откако добро се напиле во с. Пастра, попатно сретнале двајца врховисти: Бојчо Николов (манастирски ковач) и еден друг од с. Рила и ги убиле" (ЦДИА, ф. 3, оп. 8, а. е. 1097/10 ноемв. 1907 год.).

[1340] М. Магдермот, Са свобода.., 229.

[1341] Иван Харизанов, Вториът Рилски конгрес 1906 г., Македонска мисъл, 1-2, 1945, 44–45.

[1342] М. Пандевски, Пере Тошев.., 122.

[1343] Магдермот пишуваше оти поединости од искази на повеќе современици упатувале на тоа дека злосторството Даев го извршил не во афект, туку дека се работело за планиран инцидент за апсење и за осуда на Сандански и други раководители на Серскиот револуционерен округ. Магдермот: „Даев веќе бил под влијание на десницата и веќе започнал да подготвува заговор против Сандански. Затоа не е невозможно судирот со ловџиите, што довел до пристигнување на полицијата, дека не бил „чиста случајност", туку смислен акт на диверзија" (М. Магдермот, За свобода.., 130).

стигната, одржувањето на Општиот конгрес на Организацијата било спречено.

По неодржувањето на Конгресот следеле жестоки меѓусебни обвинувања за тоа која од страните е виновна за дебаклот. Односите се заостриле до тој степен, што останувало само уште да се официјализира дефинитивната поделба. Членовите на Централниот комитет Петар Тошев и Тодор Поп Антов биле немоќни да ја спречат извесната дефинитивна поделба на Организацијата.

Водачите на опонентските фракции Христо Матов, Сарафов, Гарванов и Пенчев се спогодиле и се обединиле за преземање на Организацијата. Со таква цел, со делегатите во Софија, одржале „Советодавно собрание“. Собранието се состанало на 15 јануари 1907 година,[1344] со 22 учесници, [1345] од кои повеќемина не биле членови на Организацијата, според одредбите од нејзиниот Правилник.[1346] Учествувале: Иван Гарванов, Христо Матов, д-р Христо Татарчев, Борис Сарафов, Тодор Александров и др.[1347]

Тоа Собрание објавило дека го претставува мнозинството на Организацијата,[1348] и донесувало одлуки за целата Организација. На Собранието биле разгледувани прашања што се поставувале за разгледување и за донесување одлуки на општ конгрес:

1. Идната дејност на Организацијата;
2. Финансирањето на Организацијата;
3. Организацијата и Бугарија;
4. Управувањето и правилниците на Организацијата.[1349]

Уставот и Правилникот на Организацијата донесени на Рилскиот конгрес во 1905 година од делегатите на сите револуционерни окрузи, без ниту еден глас против или воздржан, биле прогласени за непрактични, неприменливи, и како такви биле отфрлени.[1350] По донесувањето на тоа решение, изборот на

---

1344 Програмски и статутарни документи.., 24.

1345 Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите...,400; Р. Пасков, Борис Сарафов.., 254. Според полициски извештај во тоа време, на 15 јануари 1907 год., Сандански со своите луѓе одржувал состанок во с. Големо Село, Дупничко, „во чифлигот на Бр. Баштовелови“, наводно, за прашањето за убиство на Фердинанд. Во мај биле активирани сите полициски и воени власти за откривање и апсење на Сандански (ЦДИА, ф. 3, оп. 8, а. е. 1097/10 ноем. 1907 год.).

1346 М. Макдермот, За свобода.., 230.

1347 Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 400.

1348 Изложение от болшинството на общия конгрес на Организацията, Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 391.

1349 Ц. Билрски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 398; Хр. Матов, Македонската революционна система.., 21.

1350 Бирски – Петров, Документи от конгресите.., 399.

раководните тела на Организацијата би бил неоспорно нелегитимен, затоа не биле избрани Централен комитет и Задгранично претставништво.

На „Советодавното собрание" била усвоена нова стратегија за дејствување. Се напуштала дотогашната дејност за организирање масовна сенародна оружена борба за ослободување и за создавање автономна држава Македонија и се прифаќало да се дејствува од територијата на Бугарија со вооружени чети, опремувани и вооружени („со помош отсекаде, особено од Бугарија"[1351]) за изведување акции и извршување атентати, како и за борба против вооружените чети на српската и грчката пропаганди за одбрана на „бугарското население" во Македонија.[1352] Затоа организацијата „требало да има спрема Бугарија една пријателска и коректна политика".[1353] Според тоа, радикално се менувал карактерот на Организацијата од самостојна и независна внатрешна Македонска револуционерна организација во организација што ќе дејствува однадвор. Раководењето со вооружената борба од Македонија се пренесувало во Бугарија, во Софија.

„Советодавното собрание" не избрало Централен комитет и Задгранично претставништво за да се изврши влијание за придобивање на раководствата на револуционерните окрузи. Со посебен акт[1354] било побарано окружните комитети да се искажат за избор на задгранични претставници, кандидатите да ги претстават на Општиот конграс.[1355]

Водачите на фракционерската организација (официјализирана на „Советодавното собрание") Христо Матов, Иван Гарванов, Борис Сарафов не се сметале за обврзани да го почитуваат и актот што самите го донесле за избор на окружните задгранични претставници на окружни конгреси, за да издејствуваат тие да бидат предложени за задгранични претставници. Матов, предложен од Скопскиот, Сарафов од Битолскиот и Иван Гарванов од Солунскиот округ,[1356] се прогласиле за Задгранично претставништво во Софија. На тој начин ја официјализирале својата раководна позиција.

Борис Сарафов и Иван Гарванов за преземање на целата Организација имале јавна поддршка и помош од Бугарската влада и лично од претседателот на бу-

[1351] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 399.

[1352] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 398–399.

[1353] Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 399.

[1354] Изложение от участниците в *Съвещателното* събрание на ВМОРО до околийските и окръжните комитети на ВМОРО (Ц. Билярски – Т. Петров, Документи от конгресите.., 391–400).

[1355] Хр. Матов, Македонската революционна система.., 21; Р. Пасков, Борис Сарафов.., 254.

[1356] Р. Пасков, Борис Сарафов.., 254.

гарската влада.[1357] Веднаш започнале со организирање акции за пробив во револуционерните окрузи, посебно во Солунскиот револуционерен округ за придобивање приврзаници од редот на војводите. Притоа ги игнорирале Централниот комитет и легитимното Задгранично претставништво, самите се претставувале како единствено вистинско раководство на Револуционерната организација.[1358] За застојот во дејствувањето на Организацијата биле обвинувани: водечките личности Јане Сандански на Серскиот револуционерен округ и Христо Чернопеев на Струмичкиот револуционерен округ, како и членовите на Задграничното претставништво во состав: Ѓорче Петров, Стефан Димитров и Петар Поп Арсов и членовите на Централниот комитет на Организацијата Петар Тошев и Поп Антов.[1359] Тие биле причина за неодржувањето на Општиот конгрес и поделбата, тие „за да го осуетат (одржувањето на) Конгресот“ се одделиле изјавувајќи дека сакале самостојно да дејствуваат и „да агитираат за нов Конгрес“. Тие сакале Организацијата да ја претворат во социјалистичка, да се легализира, да има мал број чети.[1360] Само тие – Сарафов и Гарванов – ги застапувале „вистинските интереси на Организацијата“.[1361] Членовите на легалните раководни тела на Организацијата: на Централниот комитет Петар Тошев и Тодор Поп Антов, членовите на Задграничното претставништво и на Окружното раководство на Серскиот револуционерен округ ги прогласиле за „внатрешни непријатели во Организацијата“.[1362]

Сарафов и Гарванов барале од окружното раководство на Солунскиот револуционерен округ да ѝ се присоедини на фракциската организација, со

[1357] „Целокупната дејност на трите задгранични претставници е помагана од министер-претседателот Димитар Петков“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 255.

[1358] Во еден документ од 23 март 1907 година, писмо од Тодор (веројатно војводата енице-вардарски Тодор Иванов) од Софија, како приврзаник на Сарафов и Гарванов до неименуван примател во „Револуционерна Македонија“ – Воденско (раководителите на Организацијата или војвода) соопштува дека бил задолжен „лично од Борис“ да ги извести дека тој и Гарванов „со нивните другари работат наполно единствено“.

[1359] „Причина се Јане Сандански, Чернопеев и нивните поткапетани, ним им се придружуваат Стефан Димитров, Поп-Арсов и Александар Станоев, Задграничното претставништво, Централниот комитет итн. (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 217–218).

[1360] „Браќа, тие сакаат социјалистичка организација и со своите намери им помагаат на нашите душмани, работејќи на тоа Организацијата да ја легализираат и четите да се сведат на мал број. Бараат нешто сосема спротивно на тоа што налагаат околностите и интересите на Организацијата. Она за што Грците и Србите најмногу се напрегаат да го постигнат-уништувањето на четите, тоа сега треба ние да го направиме со некакви социјалистички замисли и планови“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 218).

[1361] „Намерите на Борис и Гарванов се многу добри, онакви какви што одговараат на времето и на интересите на нашата организација. Тие сакаат да се удри со куршум по сите душмани, така што сите да ја почувствуваат моќта на Организацијата“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 218).

[1362] „Но, најголемите наши душмани се меѓу нас самите“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 218).



Петар Тошев

ветување за пари, материјали и оружје.[1363] При тоа, за Христо Чернопеев, Стефан Димитров и Станоев, кои се подготвувале да пристигнат на теренот во Округот, тврделе, со цел да компромитираат, дека таму доаѓале „да проповедаат социјализам“, повикувале да не ги примаат, по можност да ги уапсат и да чекаат натамошна наредба од нив, Сарафов и Иван Гарванов.[1364] Сарафов уште ги задолжувал членовите на Солунскиот окружен комитет да преземат акција за мобилизирање на селаните во селата под Кожув Планина и ги известувал дека за тие на спротивната страна – „ајдуците“ кои се наоѓале во Софија, било подготвено нивно истребување.[1365]

Тошев, по ослободувањето од истражниот затвор, останал во Софија. Тука од Околискиот комитет во Прилеп добил известување за состојбите во градот и во околијата, во Прилепско. Бил информиран за одржувањето Конгрес на Прилепската околиска организација. Делегатите за Конгресот биле избрани уште есента претходната година. Околискиот конгрес се одржал во февруари 1907 година, во с. Беловодица. На Конгресот, под претседателство на Петар Ацев (секретар Харалампија Попев),

[1363] „Еве една година како Организацијата не може да се види целокупна и барем еднаш решително да нападне на непријателите. Борис и Гарванов за да можат да го поведат дејствувањето што побргу и како што треба, е потребно да им издадеме полномошна за претставници на Солунскиот округ. Кога ќе ги добијат таквите полномошна, ќе почнат да испраќаат материјали и луѓе за сите солунски околии. Ние од нашите Воденско-берската и Еницe-вардарската околија им испративме. Кога ќе го добиете писмото и вие треба веднаш да испратите полномошно, и тоа во Солунската, во Окружната управа. Полномошната напишете ги од името на Гевгелискиот крај и ставете ги сите печати“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 218).

[1364] Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 219.

[1365] „Лазовци и сите ајдути, сега сите се во Софија и ќе бидат потаманети“ (Гл. Тодоровски, Неколку нови документи.., 218–219).

биле усвоени решенија во согласност со програмата што Тошев ја предложил и ја бранел на Прилепскиот окружен конгрес во 1904 година: за решавање на аграрното прашање со организирање на населението во селата селаните да ја купуваат земјата од турските земјопоседници; просветување на селаните со градење на училишта таму каде што немало; подобрување на здравствената заштита со создавање на основните хигиенски навики и др. На Конгресот било констатирано дека Околиската организација ги средила своите редови и веќе зајакнала, дека претстоело вооружување и подготвување за ново востание.[1366] Но, како приоритетна задача останувала борбата со вооружените чети на српската пропаганда. Околискиот комитет во Прилеп го испратил Ѓоре Спирков-Леништанец во Софија кај Пере Тошев и Ѓорче Петров, да ги запознае со тешката положба[1367] создадена со дејствувањето на српските пропагандни чети, за подготовките за преземање решителна акција за нивно разбивање и за потребата од помош во оружје.

Во тоа време, Тошев учествувал на Собранието на делегатите на Организацијата, што се одржало, во февруари, во с. Големо Село, Дупничко, а „траело цела седмица“. Учествувале: Димитар Стефанов, Петар Поп Арсов, Јане Сандански, Чудомир Кантарџиев-Чудото, Крсто Б’лгаријата, Александар Станоев, Стојо Хаџиев, Михаил Даев, Петар Китанов, Димитар Икономов и Лазар Томов. Се расправало за мерките кои требало да се преземат за да се спречат акциите на водачите на фракционерската организација во загрозените Скопски, Битолски и Солунски револуционерен округ.[1368] На Собранието бил заземен став – со средства на Серскиот револуционерен округ да се испратат вооружени чети во Скопскиот револуционерен округ, во кој некои од војводите биле наклонети на „серчани“ и оттаму да се воспостави редот и во Битолскиот и Солунскиот револуционерен округ“.[1369] Конечна одлука не била донесена. Прашањето било оставено да се разгледува дополнително.

Воспоставеното единство во Прилепската околиска организација траело кратко. Во мај 1907 година, Околискиот комитет во Прилеп расправал за настанатите фракционерски поделби. Комитетот за решавање на проблемот ги информирал Тошев и Ѓорче Петров во Софија, со кои одржувал врска. Има

[1366] Тодор Попадамов, Спомени, ракопис (ИНИ, ОД); Крсте Битоски, Епопејата на „Ножот“, Прилеп и Прилепско 1893–1908, 211.

[1367] К. Битоски, Епопејата.., 211.

[1368] М. Магдермот, За свобода.., 232.

[1369] М. Магдермот, За свобода.., 232.

тврдење дека во документи на Комитетот, веројатно записници од состаноци заведени со датум 26 мај, се расправало и за општата состојба и за фракционерските поделби во Организацијата како целина. За тоа наводно имало потврда во записниците на Комитетот дека Ѓорче Петров и Петар Тошев не само што ги поддржувале Сандански и Чернопеев за спречување на отцепувањето на опонентската фракционерска организација, туку дека и ги поттикнувале да преземат крајни мерки против Сарафов и Гарванов.[1370]

Алексо Мартулков, Лазар Плавев и Петар Ангелов (од Скопје) пред крајот на мај биле во Софија на консултации во врска со засилените оружени акции од четите на фракционерската организација. Мартулков пишува дека во пролетта (неопределено поблиску дали во мај или јуни, но поверојатно во почетокот на јуни) на 1907 година се одржала конференција, веројатно во Софија, на којашто учествувале: Јане Сандански, Петар Поп Арсов, Апостолов, Стоју Хаџиев, Димко Грозданов, Мартулков, Лазар Плавев, Петар Ангелов, Крсто Б'лгаријата, на којашто била донесена одлука како противмерка во Скопскиот револуционерен округ да се испратат две вооружени чети.[1371] Но, исто таква била состојбата и во Битолскиот и во Солунскиот окрузи, во кои силно се пројавувале фракционерските поделби. Со планираната ограничена акција не можело да се постигне средување на состојбите. Тоа повлекувало подолгорочно ангажирање со испраќање вооружени чети, за што биле потребни значителни финансиски средства, со што се слабеела одбраната на Серскиот револуционерен округ. До реализација на планираната акција не дошло.

По Конференцијата, Мартулков и Плавев останале во Софија. Тие веќе имале смислен план за изведување атентат за ликвидирање на генералниот инспектор во Македонија, Хилми-паша. За својот план го запознале Петар Поп Арсов. Поп Арсов за тоа го информирал Јанета Сандански. Двајцата го одобриле извршувањето.[1372]

Сандански, кој од Софија заминал во Дупница, во јуни ги повикал во Дупница и ги упатил на Петар Тошев, како член на Централниот комитет, кој во

---

[1370] Пасков: „Во документите на Прилепскиот околиски комитет на Организацијата од 26 мај 1907 г., се тврди дека Сандански и Чернопеев се поттикнувани тајно од Ѓорче Петров и П. Тошев и јавно од П. Арсов за пресметка со Сарафов и Гарванов“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 258).

[1371] Ал. Мартулов, За положбата во Македонија по Илинден, ракопис (ИНИ, АО, Сл. 369), 2.

[1372] Мартулков: „Ние (со Плавев) за нашата намера го посветивме Петар Поп Арсов, а тој од своја страна за тоа го посвети Јанета Сандански. Двајцата се согласија со нас“ (Ал. Мартулков, За положбата во Македонија.., 4).

тоа време се наоѓал во Џумајско.[1373] Според тоа, Тошев во почетокот на јуни 1907 година не бил во Софија, туку во Џумајско, каде што отпатувал секако во договор со Сандански.

Сандански во своето писмо[1374] го известил Тошев за неговата и на Поп Арсов согласност да се одобри извршување на планираниот атентат над Хилми-паша и предлагал на атентаторите да им се овозможи да заминат по каналот на Организацијата низ Малешевско и Струмичко за Солун.[1375] Алексо Мартулков и Плавев отпатувале во Горноџумајско, каде што биле примени од Тошев.

Внимателниот Петар Тошев, земајќи ги предвид импликациите од еден таков атентат за делото, не го одобрил извршувањето.[1376] За да не предизвика реакција од Сандански, се повикал на несигурноста во Малешевско поради дејствувањето на врховистичка чета,[1377] Мартулков и Плавев да ги држи во Џумајско што подолго, додека не се дезактуализира планираниот потфат. По подолго нивно задржување од Тошев, тие се вратиле назад во Софија.[1378]

Сарафов и Гарванов примениле крајни средства за преземање целосна контрола над Организацијата во Скопскиот револуционерен округ. Со жесток притисок и закани со ликвидации, убиства на митрополитските чиновници, од Бугарската егзархија се барало за учители да поставува само нивни „раководни сили“. Такви барања ѝ биле поставени на Егзархијата за другите револуционерни окрузи. Тројцата водачи на фракционерската организација: Борис Сарафов, Иван Гарванов и Христо Матов, во својство на нејзино привремено Задгранично претставништво, на Егзархијата ѝ предале ултиматум дека организацијата „од 1 септември ќе води борба со егзархиските органи на целата

1373 Мартулков: „Јане во јуни 1907 година нѐ повика во Дупница кај него. Не препрати за Горноџумајско со писмо кај членот на ЦК ВМОРО Пере Тошев. Тој во тоа време беше во тој реон“ (Ал. Мартулков, За положбата во Македонија.., 4).

1374 Не најдовме друг податок за писмото на Сандански до Тошев, останува да се истражува, евентуално за да се пронајде.

1375 Мартулков, За положбата во Македонија.., 4.

1376 Мартулков: „Во личноста на Пере Тошев ние најдовме решителен противник на нашата идеја“. (Ал. Мартулков, За положбата во Македонија.., 4).

1377 Мартулков: „Веднаш да ни откаже (Тошев) не се решаваше. Тоа би значело да се противстави на желбата на Јане Сандански. Во Горноџумајско бевме задржани долго време под предлог оти не може да ни се даде пат преку Малешевско затоа што оттаму може да се мине, а во тој реон е влошено положението од врвулувањето на Гушира (?), еден опасен врховист, бандит кој навистина правеше големи пакости во Малешевско и во Горноџумајско. Дури кога ние со Пере Тошев бевме на престој во маалото „Карапово“ во селото Лешко, истата вечер ја нападна и ја изгоре маалата „Тушанците“ во истото село“ (Ал. Мартулков, За положбата во Македонија..,4).

1378 Мартулков: „По долготраен претој во Џумајско, гледајќи дека Пере Тошев не сака да ни даде пат, ние бевме принудени да се вратиме во Софија“. (Ал. Мартулков, За положбата во Македонија.., 5).

територија на Македонија и Одринско“.[1379] Таква акција веднаш потоа била преземена и во Битолскиот револуционерен округ.[1380] Во исто време, се вршело енормно зголемување на задолжувањето и присилно собирање на парите од населението на организационата територија, поради што имало појави на иселување,[1381] но и на отпор, да не ги прима четите.[1382]

Со тоа била завршена првата фаза од долго подготвуваниот план за целосно разбивање на Организацијата, зад што стоела бугарската држава. Окружниот конгрес на Серскиот револуционерен округ, одржан во август 1907 година во селата Ловча, Либјахово и Белтунци,[1383] ја осудил бугарската влада за директна вмешаност во разбивањето на Револуционерната организација.[1384]

Во тоа време, во ВМОРО настанала целосна и трајна поделба, по што се заостриле односите меѓу фракциите за превласт и легитимитет за претставување на единствената Организација. Опонентската фракција подготвувала ескалирање на судирот со раководството на Серскиот револуционерен округ, ударната сила на легалната Револуционерна организација. Во отворен судир со Јане Сандански, фракционерските водачи не можеле да сметаат на успех. Затоа се договориле да организираат да се изведе негова физичка ликвидација со атентат што ќе го изврши врбувано лице од неговата околина. За тоа бил придобиен војводата Михаил Даев. Заговорот бил бргу откриен, по што тој

[1379] Егзархот Јосиф: „Во поткрепа на тоа, привремените задгранични претставници на организацијата (фракционерска) Б. Сарафов, Х. Матов и И. Гарванов од Софија на Егзархијата ѝ даваат ултиматум (дека) од 1 септември 1907 год., организацијата ќе води борба со егзархиските органи по целата територија на Македонија и Одринско. ...Организацијата целата егзархиска управа ја прогласи за свој непријател со којшто ќе се справи со најкрајни средства. ... Денес за неа било прашање од врховно значење да биде респектирана. За секој кој се противставува на тоа, за него таа нема да има милост“ („Писмо од егзархот Јосиф до министерот за надворешни работи и вероисповед Д. Станчов во Софија, Цариград, 19 септ. 1907 год – ЦДИА ф. 246, оп. 1, а. е. 314/19. IX 07; Македония и Тракия .., нови документи.., 411).

[1380] Предупредувачко писмо од војводата Павел Христов (од с. Цапари, Битолско) до бугарскиот трг. агент во Битола Добрев: „Поведението на Егзархијата во последно време спрема нашата кауза, нам ни е добро познато – фрлената ракавица за борба ја прифаќаме и иднината ќе покаже кој ќе победи., ќе се справиме и со самата Пелагониска митрополија нема да ѝ простиме за предавничките писма, испраќани по пошта за отстранување на тројцата учители“ (ЦДИА, ф. 335, оп. 1, а. е. 131, л. 175, (Писмо), Гора, 24. септ. 1907; Македония и Тракия.., нови документи, 415).

[1381] Егзархот Јосиф од Цариград до министерот Станчов во Софија, 11. окт. 1907 г.: „Народот е изнемоштен од нејзините даноци.., веќе се собира во дружини за да бега од татковината или во очајание да се советува за самопомош против родните злосторници“ (ЦДИА, ф. 246, оп. 1, а. е. 313, л. 147–151; Македония и Тракия .., нови документи, 420).

[1382] Македония и Тракия.., нови документи, 420.

[1383] М. Магдермот, За свобода.., 239.

[1384] М. Магдермот, За свобода.., 240.

извршил самоубиство.[1385] Серскиот окружен комитет на 10 октомври 1907 година им изрекол смртни казни на Иван Гарванов и на Борис Сарафов,[1386] како на непријатели на македонското ослободително дело.[1387] За тоа не знаеле членовите на Централниот комитет Тошев и Поп Антов, кои не биле информирани за донесената одлука, следствено и не дале одобрување. Во тоа време двајцата биле во Софија. Потоа Јане Сандански[1388] со Бујнов, Кантарџиев, Скрижовски и Таската Серски отпатувал во Софија.[1389]

Во Софија Сандански организирал неколку средби со интелектуалци, нему блиски по сфаќањата, за да ги запознае со состојбите и за тоа што следувало да се преземе за спас на делото.[1390] Се состанале и раководните личности на Револуционерната организација, за да се разгледа ситуацијата создадена по објавеното отцепување на опонентската фракција и нејзиното конституирање како фракционерска организација. На Советувањето одржано исто така во Софија учествувале: Сандански, Христо Чернопеев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Димо Хаџи Димов, Иван Харизанов и др.[1391] Јане Сандански ги претставил настанатата ситуација и состојбата на односите со фракционерите. Предложил да се применат крајни средства против отпадниците, за да се

---

1385 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 158. Притоа уште пишува дека Даев бил убиен од четници на серскиот војвода Таската Серски.

1386 Одлуката била потпишана: „од Ј. Сандански, Ч. Кантарџиев, Ст. Скрижовски, Ал. Бујнов“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 260).

1387 Според Пасков, Окружното раководство им изрекло смртна пресуда на Сарафов и Гарванов на 10 октомври 1907 год., како на предводници на група „која го претставувала бугарското патриотско течение во Организацијата и имала намера да ја слабее и потчинува на своето влијание. Тие мотиви го разоткриваат антибугарскиот карактер на дејноста на Сандански кој не признава автономија на Македонија како етапа за обединување на татковината, туку автономијата ја разбира во апсолутна смисла. Тоа значи целосно прифаќање на развитокот на македонистичката идеја“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 260).

1388 Бугарските власти го следеле движењето на Сандански. За тоа бил известуван и кнезот Фердинанд. Во еден свој извештај од 26 септември 1907 година, околискиот началник на Самоков го известувал владетелот дека ноќта на 23 спроти 24 септември „македонскиот војвода Сандански“ влегол во неговата околија на две места со чета од 50–60 лица. Половината од четата минала крај градот многу прикриено, а другиот дел од четата низ Чам-корија, дошла од месност во Средна Гора каде што, наводно, „имале советување двете крила на Македонскиот комитет“. Во забелешка под текстот се вели дека бројноста на четата била преувеличена и дека броела 8–10 души и дека Сандански се сретнал со Герџиков и др. и дека тоа се следело и се проучувало (ЦДИА, ф. 3, оп. 8. а. е. 1067, л. 13–4. Хр. Марков до Н.Ц. Височество българскиятъ князъ Фердинандъ I, 26. 907 гр. Самоков).

1389 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 262.

1390 Р. Пасков, Борис Сарафов.., 263.

1391 Пасков пишува дека на советувањето во Софија учествувале и други интелектуалци „донекаде сомисленици“ на Јане Сандански: Д. Хаџи Димов, А. Страшимиров, Ст. Стојнов“ и други, дури и Ал. Радославов. Пишува за заговор против Сарафов и Гарванов, за вмешност на српското и руското разузнавање во заговор (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 263–264).

спречи поделбата.[1392] Тоа не било прифатено. Учесниците зазеле став дека интересите на македонското ослободително дело налагаат да се запре поделбата на Организацијата, затоа да се водат разговори со Христо Матов, Иван Гарванов и Борис Сарафов.[1393] Мнозинството од учесниците не знаеле за смртните пресуди донесени од Окружниот комитет на Серскиот округ и дека претстоело нивното извршување.[1394]

Јане Сандански и серското раководство не се согласувале да се преговара, уште помалку да прави компромис за помирување со непријателите на македонското ослободително дело. Преговори немало. Смртните пресуди на Иван Гарванов и Борис Сарафов ги извршил Тодор Паница, кој двајцата ги застрелал во Софија, на 28 ноември 1907 година.[1395]

Бугарската полиција започнала со апсење. Уапсила околу 50 припадници на Организацијата: Петар Тошев, Ѓорче Петров, Христо Чернопеев, Иван и Лазар Харизанови, Стојно Стојнов, Петар Поп Арсов, Димо Хаџи Димов, Никола Малешевски и др.,[1396] повеќето санданисти.[1397] Но, и други осомничени лица, меѓу кои и Г. Герџиковиќ (уапсен на 18 декември во Софија), кој при распитот во полицијата се изјаснил дека е Македонец.[1398] Вкупниот број на уапсените бил околу 500 лица.[1399]

Петар Тошев бил уапсен[1400] меѓу првите. По апсењето, бил спроведен во истражен затвор. Со денови бил сослушуван и психички измачуван. За негово

---

[1392] Според Пасков, притоа Сандански рекол: „Сите кои агитираат во Македонија и надвор од неа за ослободување и обединување на Бугарите, од Организацијата треба да се пресретнуваат како што се пресретнуваат српските и грчките агитациски чети“. Кон тоа уште дополнил дека тие во Серскиот револуционерен округ „ќе работат на будење на масите, дека се самостоен народ, дека имаат право на слободен живот и треба да се борат за извојување на своја слобода без туѓа помош, затоа што тие кои би дошле да ги ослободуваат, всушност ќе дојделе да ги поробат“. За борба за „автономна и самостојна Македонија“ (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 264–265).

[1393] Р. Пасков, Борис Сарафов..., 263.

[1394] М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 98.

[1395] Другиот ден, утрото на 29 ноември, се состанале Христо Матов, Ефрем Чучков и „други војводи“, а телеграфски бил повикан од Бургас и Тодор Александров“ за да договорат како „да се казнат“ сите за кои се сметало дека учествувале во ликвидацијата на Сарафов и Гарванов (Хр. Матов за своята революуционна дейност.., 52).

[1396] Р. Пасков, Борис Сарафов.., 270.

[1397] Во органот на санданистите, весникот „Камбана“, биле објавени отворените писма на Серскиот окружен комитет (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 275).

[1398] Герџиков: „Јас не се чувствувам ниту Бугарин, ниту Србин, јас сум Македонец“ (в-к. „Вечерна поща“, 18 дек. 1907). Пасков: „На распитот се држи како македонист“. На иследникот Чуклев му изјавил „иако роден во Гевгелија“, дека е Македонец (Р. Пасков, Борис Сарафов.., 273).

[1399] Р. Пасков, Борис Сарафов.., 274.

[1400] М. Пандевски, последните години на Пере Тошев.., 83.


Ташко,
Благодаря ти за

Факсимил од писмо на картичка од Петар Тошев
до Анастас Лозанчев-Ташко.
Му се заблагодарува што се застапил за неговото ослободување
од затворот во Софија, 1907 година

ослободување се застапил Анастас Лозанчев. По ослободувањето, бил држен под строг полициски надзор, одново затворан и пак ослободуван. Најпосле, обвинителството решило да го ослободи и да го интернира во град во северна Бугарија, на Дунав. На неговото барање да му се одобри да се врати во Македонија бил ослободен, но и натаму бил следен од полицијата.[1401]

По убиството на Гарванов и Сарафов, во раководството на противничката фракција со Матов бил кооптиран Тодор Александров. За да ги консолидираат редовите, Матов и приврзаниците решиле со повикани делегати да организираат одржување Конгрес. Иако претендирале Конгресот да претставува Втор

[1401] Поштенска картичка од Тошев до Анастас Лозанчев, факсимил објавен во Албумот-алманах Македония, София, 1931, таб. XCIV.

окружен конгрес на ВМОРО, на Конгресот не биле поканети Петар Тошев и Тодор Поп Антов, членови на Централниот комитет на Организацијата.[1402] Не биле поканети ниту легалните членови на Задграничното претставништво на Организацијата – Ѓорче Петров и Петар Поп Арсов. Поканетиот Димитар Стефанов откажал да учествува. Според актите на Организацијата, сите тие биле обврзани на следниот Општ конгрес да поднесат извештаи за работењето во мандатниот период. На Конгресот не биле претставени покрај Серскиот революционерен округ, кому му се објавувала борба,[1403] и Солунскиот и Струмичкиот революционерни окрузи. Вториов округ бил поканет, но не испратил свои делегати.[1404] Според тоа, претстојниот конгрес не бил и не можел да биде општ конгрес на Организацијата, туку Основачки конгрес на нова организација.

Конгресот на опонентската организација се одржал од 5 до 15 март 1908 година во с. Жабокрт, Ќустендилско, под претседателство на Христо Матов.[1405] Конгресот се самопрогласил за Општ конгрес на Организацијата и го презел името на Внатрешната македонско-одринска революционерна организација. Сите акти и решенија донесени на Рилскиот конгрес во 1905 година биле ставени надвор од сила. Правилникот на Организацијата усвоен на Рилскиот конгрес, што бил изработен главно од Тошев, бил преработен и како таков усвоен.[1406] Се укинувал „парламентаризмот", односно изборноста во Организацијата.[1407]

Како приоритет за решавање на Конгресот, бил поставен односот спрема раководството на Серскиот революционерен округ. Едногласно била изгласана одлука за исклучување од ВМОРО на Сандански, Чудомир Кантаџиев, Александар Бујнов и Георги Скрижовски, како и на војводата Тодор Паница, извршителот на смртната пресуда над Сарафов и Гарванов.

Врз основа на усвоениот Правилник, Конгресот избрал Централен комитет како раководен орган на ВМОРО и Задгранично претставништво на Организацијата. Во ЦК биле избрани: Петко Пенчев, Павел Христов и Ефрем Чучков, а за заменици: д-р Христо Татарчев, Христо Силјанов и Пејо Јаворов.

[1402] Претседателот на ЦК Дамјан Груев не бил жив, загинал на 23 декем. 1906 год. во Малешевско.

[1403] Матов: „По однос на серчани се прифати борба" (Хр. Матов, Македонската революционна система.., 21).

[1404] Матов: „Тие (струмичани) беа поканети на конгресот, но не дојдоа поради Чернопеев" (Хр. Матов, Македонската революционна система.., 21).

[1405] Матов: „Организирав општ конгрес. Може да се каже од ништо создадов нешто" (Хр. Матов за своята революционна дейност.., 52).

[1406] Хр. Матов Македонската революционна система.., 21.

[1407] Матов: „Парламентаризмот се скастри". (Хр. Матов, Македонската революционна система.., 21).

Иако се усвоило да се дејствува од територијата на Бугарија, според тоа и целото раководство останувало во Софија, Конгресот избрал задгранични претставници пак во Софија. За задгранични претставници биле избрани: Христо Матов, Апостол Димитров и Михаил Дорев.[1408]

Во Резолуцијата биле претставени тактиката во дејствувањето, за односите со Бугарија, со Егзархијата и ставот за „убиството на Сарафов, Гарванов и Даев".[1409] Дејноста се ограничувала на оружена борба со нова тактиката во дејствувањето. ВМОРО објавувала дека се откажува од воената организација на територијалната структурираност со мобилни вооружени чети во секој од револуционерните реони во Македонија, односно од „четничкиот институт",[1410] и таа да се замени со „потребен број инструктори". Против вооружените пропаганди (српската и грчката) ќе дејствувала со вооружени чети од територијата на Бугарија, како организациона база и дека „ќе ги прогонува поенергично од кога било".[1411]

Со издадената декларација, Конгресот на декларираната ВМОРО објавил дека се конституира бугарска организација и го сообразува своето дејствување со политиката на бугарската држава. Во Декларацијата посебно се истакнувало дека Егзархијата била и останува „единствената легална културно-просветна институција на неослободените Бугари", следствено и „природното право на Бугарија да се грижи за своите сонародници во Турција".[1412]

Раководителите на Серскиот револуционерен округ биле обвинети дека се стремат да се наметнат на целата Организација „со најпрестапни средства", дека тоа било причината за „убиството на Гарванов, Сарафов и Даев".[1413] Со Декларацијата се обзнанувало дека Конгресот донесол решение тие „да се исклучат од редовите на Организацијата и да се третираат за нејзини непријатели",[1414] а со тоа и дека ќе бидат гонети и убивани.

На 6 март, раководството на Струмичкиот револуционерен округ ги известило окружните и околиските комитети на Организацијата дека во Ќустендил-

[1408] Програмски и статутарни документи.., 28.

[1409] Декларација на Општиот конгрес на Внатрешната македоно-одринска револуционерна организација, 1908 год. (Програмски и статутарни документи.., 24–242).

[1410] „Четничкиот институт, единствениот продукт на револуционерниот развиток, при новите услови на дејност се покажа непогоден во досегашната форма" (Декларација.., Прорамски и статутарни документи...240).

[1411] Декларација.., 241.

[1412] Резолуција.., Програмски и статутарни документи.., 241.

[1413] Декларација.., 241.

[1414] Декларација.., 242.

ско, во Бугарија, се одржал „таен македонски конгрес“,[1415] за којшто објавиле дека е незаконски[1416] и дека зад тоа стоела бугарската влада која ја поддржувала отпадничката фракција.[1417] Ќустендилскиот конгрес бил и останувал нелегитимен,[1418] делегатите-учесници на Конгресот не ја претставувале Организацијата, туку интересите на бугарската влада[1419] која давала милиони левови за разбивање на Организацијата.[1420] За струмичките револуционери тоа значело дека Организацијата ќе дејствува „оттаму (од Бугарија) да му се наметнат на македонското население“ како што правеле пропагандите од Атина и Белград.[1421] Таа Организација прифатила да биде „диригирана“ од бугарските власти и се идентификувала со грчката и српската пропагандна организација.[1422] Тие, вис-

1415 Писмено обраќање на на раководното тело на Струмичкиот револуционерен округ до претседателите на Окружните и околиските револуционерни тела во Македонија, 6 март 1908 година. Известувало дека Округот официјално не бил поканет, според тоа и не бил застапен на тој собир (Програмски и статутарни документи.., 214).

1416 Матов: „Тие (струмичани) поднесоа ултиматум до Конгресот, го прогласија за незаконски.., ултиматумот беше добиен доцна и не се разгледуваше на Конгресот“ (Хр. Матов, Македонската револционна система.., 21).

1417 Во писмото: „И ете, оваа група, којашто располагаше со благонаклоноста на бугарската влада, продолжи систематски да нѐ прогонува. Но, не за да ни се одмаздува, бидејќи немаше зошто, туку само да нѐ „придобие“ за себеси по пат на притисоци... Во меѓувреме, Конгресот беше свикан, како делегати беа дошле во огромно мнозинство разни чиновници (во бугарскиот државен апарат), лекари и новинари од Бугарија, додека луѓе од практичната работа имаше само грска. Па дали можеше еден ваков конгрес да биде работоспособен (да одлучува)?“ (Програмски и статутарни документи.., 216–217).

1418 „Според Статутот на Македонската револуционерна организација (чл. 3), надвор од територијата на Организацијата нема организациони членови. Тоа значи дека секој конгрес, одржан на туѓа територија, не може да се смета за конгрес на Организацијата, бидејќи делегатите, дури и кога се регуларно избрани и дојдени надвор од Македонија, престануваат формално да бидат организациони членови откако ќе ја преминат границата“ (Програмски и статутарни документи.., 214).

1419 „Конгресистите, во своето големо мнозинство, се луѓе кои засекогаш се населиле во Бугарија. Тие размислуваат и чувствуваат раководејќи се од политичкиот тренд во слободната земја. Сега нивните расположби се на страната на новата влада, па конгресистите, несомнено им подлегнале на тајните притисоци од владата – да ги изолираат серските дејци кои, заради нивното традиционално држење врз независна револуционерна почва, никогаш не подлегнале на владините манипулации со македонското дело“ (Програмски и статутарни документи.., 224).

1420 „Еве ги фактите: Се црпат милиони левови од бугарската државна каса за да се компромитираат, од една страна најпреданите македонски револуционерни работници, а од друга.., се поддржуваат непопуларни војводи во високоидејни центри, како што е Штип, што доведува до расколи кои се спуштаат до шпионство на Турците, односите се доведуваат до диво прогонување на едни чети со други.., преку подмолни интриги и по пат на давање пари и оружје се креваат реонски војводи против окружните органи... жестоко посегнување врз чистотата на ослободителното дело.., изродување на револуционерната идеја (Програмски и статутарни документи.., 228).

1421 Струмичкото окружно раководство: „Криејќи се зад убавата девиза за ’автономија’, софиските патриотари, во договор со ’повисоките’ кругови и располагајќи со доволно средства, насобраа луѓе ’од кол и јаже’, поставувајќи си за цел: да ѝ се наметнат на Македонската револуционерна организација, откако ќе уфрлат големи чети во Македонија“ (Програмски и статутарни документи.., 234–235).

1422 „Сѐ до денес Револуционерната организација не паднала толку ниско, та да се диригира од софиските канцеларии-токму онака како што грчката и српската пропаганда се диригираат од соодветните канцеларии во Атина и во Белград“ (Програмски и статутарни документи.., 222).

тинските македонски револуционери, тоа не можеле и немало да го дозволат. Доблесните раководни дејци на Организацијата секогаш, во најтешките ситуации, наоѓале начин да го издигнат македонското револуционерно знаме. Тие раководители биле: Пере Тошев, Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, серчани, со „просветлен ум и високо чувство“ за посветеност на македонското револуционерно ослободително дело.[1423] Повикале на помирување[1424] и одржување на „законски“ општ конгрес, [1425] „македонски револуционерен собир“, што единствено би бил во состојба да го преороди ослободително дело“.[1426]

Организацијата се нашла пред дефинитивна и трајна поделба. За да се запре тоа и да дојде до помирување, според пишувањето на Камхи, се застапил Ѓорче Петров. Тој му се обратил на Тошев заедно да се ангажираат, како најповикани, за спасување на Организацијата, да посредуваат како помирувачи-арбитри.[1427] За реалистот Тошев таквата активност однапред била осудена на неуспех. Веќе не можело да се смета на помирување и обединување на непријателски противставените страни. Посебно затоа што зад тоа стоел моќен надворешен фактор. Тошев категорично откажал и „истиот ден заминал во Пиринско“.[1428] Целосно се согласувал со раководството од Серскиот револуционерен округ со Јане Сандански.[1429]

---

[1423] „Раководните дејци на Организацијта секогаш наоѓаа просветен ум и високо морално чувство за да го постават нашето револуционерно знаме повисоко од постојните пропагандни делби и страдања и од националната омраза. Таков просветен ум и такво високо чувство на нашите кадри во Организацијата сигурно би дошле до израз и сега на Ќустендилскиот конгрес, доколку во неговата работа беа зеле учество сите сè уште живи раководни кадри, какви што се: Пере Тошев и Ѓорче Петров од Битолскиот округ, Петар Поп Арсов, Никола Пушкаров и Димитар Мирасчиев од Скопскиот округ и, најпосле, Серчани. И доколку намерата на чиновниците да не нè пречекаат нас на Конгресот и да не ги поканат погоре споменатите кадри им била единствено за да ги компромитираат пред народот, пред човештвото и пред историјата високо хуманите цели на македонската револуција...“ (Програмски и статутарни документи.., 224).

[1424] „Нас ништо не ќе нè поколеба од нашето средно помирувачко однесување помеѓу двата табора коешто како став го имаме во последниве (две) години“ (Програмски и статутарни документи.., 220).

[1425] „Редовен и регуларен Конгрес, на којшто сестрано ќе учествува умот и духот на целокупната Македонска организација“ (Програмски и статутарни документи.., 227).

[1426] Програмски и статутарни документи.., 233.

[1427] Камхи: „Револуционерната организација одеше кон пропаст. За да се спаси од таа положба, беше потребно старите дејци-основачи на Македонската револуционерна организација да се јават како помирувачи, арбитри... Ѓорче Петров му се обрати на Пере Тошев: нам ни се налага должноста ние двајцата да се ангажираме за помирување и да ја спасиме таа критична положба на Организацијата“ (Рафаел Камхи, За убиствата на револуционерни дејци од организацијата на ВМРО (ИНИ АО, Сл. IV, 779/1, Ин. бр.1632/78).

[1428] Р. Камхи, На истото место.

[1429] „Во 1908 година сосема се определи како истомисленик на Серската група и цели 6 месеци беше кај Јане Сандански во Марикостиново“. (Пере Тошев, „Македонско дело“, 4, 10 мај 1927, 3).

Пред крајот на мај 1908 година, се одржало советување на претставниците на Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ. На Советувањето учествувале: Јане Сандански, Чудомир Кантарџиев, Александар Бујнов, Тодор Паница, Георги Скрижовски, Христо Чернопеев, Павел Делирадев, Мишо Чкатров, Таската Серски, Стоју Хаџиев, Георги Казепов и др. Отпадничката организација на Матов била обвинета за служење на бугарската држава и на нејзината политика. Донеле одлука да ги бранат самостојноста и независноста на револуционерното ослободително движење. Да ги употребат сите сили и средства за решавачка пресметка со пропагандите, за противставување на завојувачката политика на балканските држави спрема Македонија.[1430]

## Политичката активност на Тошев по Младотурската револуција и воведувањето на уставното уредување, до крајот на 1908 година

По Младотурска револуција, на 11/24 јули 1908 година, за чијашто победа македонските револуционери со Сандански дадоа свој посведочен придонес, и со воспоставување уставен парламентарен систем на уредување, се сметало дека е создадена нова ситуација. Со политичките промени, се отворала перспектива за легално дејствување за решавање на македонското прашање во составот на отоманската држава со нејзино демократизирање и децентрализирање. Во Солун се собрале водечките револуционери: Јане Сандански, Петар Поп Арсов, Димо Хаџи Димов, Димитар Влахов, Христо Чернопеев, Добри Даскалов, Димитар Мирасчиев, Михаил Герџиков и др.[1431]

И Петар Тошев побрзал да се врати во Македонија. Од Софија се упатил преку Кулата, Демир Хисар и Солун, на пат за Прилеп. Во Демир Хисар се сретнал со Лозанчев, кој во исто време се враќал во Македонија. Од Демир Хисар заедно отпатувале во Солун. Во градот останале два дни, а потоа отпатувале во Битола. Во Битола Тошев се задржал 3–4 дни во домот на Лозанчев, а потоа заминал во Прилеп.[1432] Лозанчев соопштува дека Тошев бил кај него дома и подоцна, но не наведува кога.[1433]

---

[1430] М. Миноски, ВМРО по Илинденското востание.., 99.

[1431] М. Пандевски, Последните години на Пере Тошев.., 77.

[1432] Лозанчев: „За време на Хуриетот, во 1908 година со семејството заминав за Битола. Од Софија тргнавме во исто време со Пере Тошев. Тој преку Кулата, Демир Хисар (Серско), а јас преку Одрин. Се сретнавме во Демир Хисар. Во Солун останавме два дни. Оттаму (заминавме) во Битола. Пере остана кај мене дома 3–4 дни, оттаму отиде во Прилеп“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 50).

[1433] Лозанчев: „Пере намина уште еднаш да се видиме“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 50).

Раководствата на трите револуционерни окрузи на автентичната ВМОРО: на Серскиот, Солунскиот и Струмичкиот округ се собрале во Солун, политички центар во државата, втор по Цариград, да се договорат за натамошното дејствување. Од Прилеп, во Солун дошол и Петар Тошев[1434] кај своите приврзаници.[1435] Во Солун пристигнал „најдоцна петнаесетина дена по Младотурската победа на 24 јули 1908 год.[1436] Кога Тошев од Софија се вратил во Прилеп и колку точно време се задржал во родниот град?[1437] Павел Делирадев пишува дека тој во Солун дошол непосредно по Младотурската револуција и тука останал со серчани и со другите македонски револуционери-поддржувачи на Младотурците и на новото уставно уредување на отоманската држава.[1438] Ако е точно сведочењето на Анастас Лозанчев, тогаш не може да се прифати за веродостојно неговото пишување дека Тошев се задржал во Солун и тука останал долго време. Во секој случај, во август Тошев бил во Солун, каде што им се придружил на спомнатите личности од раководството на трите окружни организации.

Со нив, сите тие истакнати македонски револуционери-раководители на поранешната единствена Организацијата, ја согледале ургентната потреба за обединување на силите за организирано политичко дејствување за решавање на македонското прашање во рамките на уставното уредување на демократизираната и децентрализирана отоманската држава.[1439]

Започнале да издаваат во Солун свој весник „Конституциона зора.“[1440] Поддршката на уставното уредување се нагласувала и со името на весникот, издаван со наслов и на француски јазик и на турски јазик. Редактирањето на весникот го презеле Петар Тошев и Димо Хаџи Димов.[1441] Првиот број излегол

1434 Павел Делирадев, Перето. Възпоменателен лист на трима големи македонски революционери, София, 30. VI 1945, 2; С. Радевъ, Пере Тошевъ..., 38.

1435 Љ. Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев, Посебни изданија на МАНУ, Скопје, 1973, 73.

1436 М. Пандевски, Последните години на Пере Тошев.., 82.

1437 Пандевски пишуваше: „Пере Тошев од Софија дошол во Солун, откако извесно време се задржал во Прилеп: пред сè за да се види со домашните, роднините и пријателите; потоа и да ја каже оцената за новосоздадената положба, а поврзано со неа, да ги набележи претстојните задачи во политичката активност во родниот град“ (Манол Пандевски, Последните години на Пере Тошев.., 82).

1438 Делирадев: „По хуриетот Пере од Прилеп дојде во Солун и доста време помина во нашата средина“ (Въспоменателен лист на тримата големи македонски революционери, София,30.VI, 1945, 2).

1439 Акад. Љубен Лапе пишуваше дека нејасен бил и останал ставот на Тошев спрема Младотурската револуција. „Најнејасен е ставот на Пере кон Хуриетот. Сосема малку зборува за тој период на Перевото движење во Солун Павел Делирадев во статијата за Пере во весникот „Възпоминателен лист на трима големи македонски революционери“, София, 1945, 2.

1440 Радев:„Заедно со Ан. Страшимиров“ учествува во пишувањето на в. „Конституциона заря“ (С. Радеъ, Пере Тошвъ.., 38).

1441 Български периодичен печат 1844–1941, I, София, 1942, 408.

со датум 8 август 1908 година,[1442] на денот на одржувањето на заедничката конференција на трите окружни организации на поранешната единствена Револуционерна организација за нивно обединување во самостојна и независна Македонско-одринска революционерна организација (МОРО).[1443] Од вториот број весникот излегувал како нејзин официјален орган.[1444] Двајцата редактори, Петар Тошев и Хаџи Димов, биле одговорни за сѐ што објавувал весникот.

Петар Тошев силно го поддржал воспоставувањето и одржувањето на уставното уредување во отоманската држава.[1445] За неговото поддржување, се застапувал и преку весникот „Конституциона зора".[1446]

Во секој случај, тој учествувал во составувањето на воведникот, во кој е претставена програмската определба на весникот да ѝ дава полна поддршка на борбата за целосна слобода и демократија во државата.

Петар Тошев, најдоследниот револуционер-демократ, го поздравил воведувањето уставно уредување, но бил реалист. На политичките промени со отстранувањето на султанскиот апсолутизам и прокламирањето на уставното уредување, тој со Димо Хаџи Димов – двајцата редактори на новото гласило, гледале само како на почеток на еден долг процес кон градење на вистински демократ-

[1442] Д-р Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарство, Скопје, 1980, 231.

[1443] Со тоа фактички ја признале опонентската организација како самостојна под името на единствената революционерна организација – ВМОРО.

[1444] По одржувањето на Конференцијата и обединувањето на трите окружни организации во единствена легална политичка организација, весникот од вториот број излегувал со поднаслов дека е орган на Организацијата („Конституционна заря", Орган на М.Одринската Революционна Организация", год. I, бр. 2, Солун, 22 август 1908). Излегле 35 броја, последниот број на 3 јануари 1909 год. Набргу потоа и Чернопеев започнал да издава свој весник насловен „Единство" (L'Union), Солунъ. Стопанинъ Хр. Херноцеевъ. Првиот број излегол на 27 септември 1908 год., а последниот број на 5 јануари 1909 год.

[1445] Тошев (на Страшимиров): „Ние сакавме устав. Ние, а не тие (Турците)! Ете, ни го дадоа. Сега, како ќе го отфрлиме! Дали е тоа малку да ги убедиме и Грците, и Власите, и нас самите... Да ги убедиме и нив самите (Турците) бре, дека ние сакаме само ред и слобода". На укажувањето дека продолжувале убиства на македонски револуционери, Тошев одговорил: „Нашето дело беше да го научиме робот да умира за слободата и тоа е направено, терористи се сите и нашите". Антон Страшимиров: „Сега нека нѐ убиваат кучињата (Турци)?" Тошев: „Слободата и без нас ќе изгрее, затоа што ја сака целиот народ, ја сака мало и големо, како што се сака водата и лебот". Така и само така веруваше совеста на Македонија (А. Страшимиров, Две годишнини, „Независима Македония ", 3 май 1923).

[1446] Страшимиров пишува дека се видел со Тошев кога дошол во Солун по Хуриетот и дека биле соработници на весникот „Конституциона зора" и дека тој со целосна посветеност пишувал за уставното уредување. „Изненадувањето беше големо. Пере во акција, Пере идеолог на санданистите. Почнавме да пишуваме со воодушевување за Уставот на Турција. Ми се чини дека никогаш совеста на Македонија не беше толку живо пред мене како во тој час. Пере пишуваше тивко.., неговото чело под прошараните коси е чисто и светло" (А. Страшимиров, Две годишнини, „Независима Македония", I, 11, 3 май 1923). Учеството на Тошев во редактирањето на весникот се потврдува и од весникот "Перевъ листъ", София, 24. XI 1924).

ско уставно уредување на државата.[1447] Тие објавиле дека весникот ќе го поддржува Младотурското и другите движења во државата во одбрана на уставниот поредок, во спроведување на реформите и уставно-парламентарно уредување „во духот на Програмата на Македонско-одринската револуционерна организација“.[1448] Во бројот од 23 октомври, весникот барал од младотурската влада да го спречи дејствувањето на пропагандите, а со тоа и мешањето на балканските режими во внатрешните работи на државата, да се запре „разгорувањето на религиозна и национална омраза“, да обезбеди остварување на демократските граѓански и религиозни права. Егзархијата да се развласти од надлежностите во образованието, училиштата да им се вратат на училишните општини, да станат „народни, какви што биле пред нејзиното конституирање“.[1449]

## Учеството на Тошев во основањето на Македонско-одринската револуционерна организација (МОРО) 1908 година

Заедничката конференција на претставниците на трите окружни организации: Серската, Солунската и Струмичката, се одржала во Солун, на 8 август 1908 год. На Конференцијата учествувал и Петар Тошев како претставник на Серската окружна организација, заедно со нејзините раководители: Сандански, Димо Хаџи Димов и Димитар Мирасчиев. Солунската окружна организација ја претставувале: Ангел Томов, Никола Харлаков и Христо Јанков. Од Струмичката окружна организација, учествувале: Димитар Влахов, Христо Чернопеев и Павел Делирадев. На 8/21 август на Конференцијата биле усвоени: Програма на Македонско-одринската револуционерна организација – МОРО[1450] и Декларација.[1451] Во Програмата, за цел на дејствувањето било утврдено: „борба против политичкото угнетување и економска експлоатација“, за извојување „слободен

1447 „Ние немаме илузија дека денес-утре ќе ги вкусиме плодовите на некаков си идеален уставен поредок. Но, и цврсто веруваме дека враќање назад на стариот апсолутистички режим веќе не е можно“ (Конституционна заря“, 1, 8 авг. 1908, 1).

1448 Притоа посебно се нагласува: „Во името на тие задачи ние ја почнуваме борбата“ (Конституционна заря, 1, 1).

1449 Пропагандите в Империята, Конституционна заря, 23, окт. 1908, 1.

1450 Програма на Македонско-одринската револуционерна организација (Проект изработен од Серскиот, Солунскиот и Струмичкиот револуционерен округ, Солун, 1908), Програмски и статутарни документи.., 243-252).

1451 Декларација на Македонско-одринската револуционерна организација, 8 (22) август 1908 год. (Александар Христов – Михајло Миноски, Идејата за федерација во македонското националноослободително движење и неговите програмски основи (1893–1935), Скопје, 1994, 67–69; Програмски и статутарни документи.., 252–253).

политички и културен развиток на народот“.[1452] МОРО ги утврдила посебните политички барањата за чиешто остварување ќе се бори: воспоставување народен суверенитет, самоопределување и самоуправување на областите-провинциите во составот на Отоманската империја со народна, вооружена милиција; демократско уредување; изборност врз основа „на општо, еднакво, непосредно, тајно и пропорционално изборно право“ на секој полнолетен граѓанин, „без разлика на народноста, верата и полот“, целосна слобода на зборот, печатот, собири и здружување, целосна рамноправност на сите националности и религиозни групи, задолжително бесплатно основно образование на мајчин јазик.[1453] Како основни економски барања биле определени: целосно ослободување на селското население „од крепосната зависност“, конфискација на „султанските и вакафските земји“, разделување на државната и чифлишката земја на безимотните селани, како и други барања што произлегувале од претходните.[1454]

Со Декларацијата, Организацијата МОРО објавила подготвеност да се реорганизира и да се трансформира „од конспиративна борбена организација“ во „легална политичка партија“ за „да се стави крај еднаш засекогаш на крвавите граѓански и политички борби во Отоманската Империја“. Но, и дека не го менувала својот карактер на „вооружена борбена сила“, подготвена „во секој момент“, да го земе в рака оружјето и да ја продолжи борбата во илегалност. [1455] За тоа, Организацијата барала уставно да се гарантираат и да се обезбедат сите услови за политичко организирање и дејствување.[1456] Декларацијата му била предадена на Младотурскиот комитет, како политичка платформа за соработка на зацврстувањето и унапредувањето на уставниот поредок во државата. Основано може да се смета дека во формулирањето на програмските документи учествувал и Пере Тошев, како активен учесник.

На Конференцијата било решено да се работи единствено за обединување на сите сили верни на принципите на поранешната единствена Револуционерна организација за остварување на програмираните цели.

Раководството на Солунската окружна организација било ополномоштено за организирање општ конгрес. На 21 август била објавена Програмската декларација на МОРО.[1457] Претстоело нејзиното усвојување на Конгрес. За Јане Сан-

---

1452 Програма.., 67–68; 243.

1453 Програма.., 243–250.

1454 Програма – економски барања.., 250–252.

1455 Декларација на МОРО.., 252.

1456 Декларација на МОРО.., 252.

1457 Програма на Македоно-Одринската Революционна Организация – Проект изработен от Серския, Струмичкия и Солунския окръг, Солун, 1908.

дански било важно да се согласат и раководителите од Битолскиот округ. На тоа сметал и поради „неговите блиски односи со Ѓорче Петров и особено со Пере Тошев“.[1458] Во претходните консултации била постигната „извесна спогодба“.[1459]

Претстоело избирање делегати за Општиот конгрес. За тоа било договорено секоја околија од окружните организации од целата поранешна организациона територија, вклучително и тие од Скопскиот и од Битолскиот округ, да избере по еден делегат за Општиот конгрес. Изборот да се врши на околиски конференции. Општиот конгрес бил закажан да се одржи на 24 септември 1908 год.

За да се спречи неговото одржување, опонентската ВМОРО организирала атентат врз Јане Сандански. Атентатот бил извршен во Солун, пред одржувањето на Конгресот.[1460] Групата атентатори успеала тешко да го рани Сандански и да ги убие двајцата од неговото обезбедување. Целта била постигната: одржувањето на Конгресот било спречено, а со тоа и обединувањето во единствена организација врз изворните програмски цели на Македонската револуционерна организација.[1461]

Тоа повлијаело да се забрзаат активностите за трансформирање на МОРО во легална политичка партија. Двата издавани весника – „Конституциона зора“ и „Единство“ – продолжиле да ја афирмираат идејата за создавање легална политичка партија која ќе ја продолжи борбата за решавање на македонското прашање во рамките на отоманската држава, со нејзино децентрализирање и федеративно уредување. Во согласност со таквата определба, се одвивале подготовките за формирање федеративна политичка партија.

Пред крајот на 1908 година била донесена одлука двата весника да се фузионираат во еден весник, гласило на договорената федеративна партија. Во првите денови на 1909 година, двата весника престанале да излегуваат; „Конституциона зора“ на 3 јануари,[1462] а „Единство“ на 5 јануари.[1463] Набргу потоа започнало издавањето на новиот весник „Народна волја“. Првиот број излегол на 17 јануари 1909 год.[1464] За Петар Тошев нема податок дека влегол во редакцијата на весникот.

Тошев ја прифатил создадената нова реалност со основањето на двете опонентски организации, но не можел да се помири со извесната трајна поделба

---

[1458] М. Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија (1908–1912), Скопје, 1965, 123.

[1459] М. Пандевски, Политичките партии.., 122–123.

[1460] Го извршил сарафистот војводата Тању Николов.

[1461] Весникот на Чернопеев „Единство“.

[1462] Д-р Боро Мокров, Развитокот на македонскиот печат.., 233.

[1463] Д-р Боро Мокров, Развитокот на македонскиот печат.., 235.

[1464] Првите шест броја излегле под уредништво на Ангел Томов, а потоа уредник бил Димитар Влахов.


БЪЛГАРСКА ЕКЗАРХИЯ

Факсимил од молба на Петар Тошев до егзархот Јосиф I во Цариград за назначување на служба во Македонија јануари 1909 год.

на Македонската револуционерна организација за чиешто создавање и изградување ги вложил сите свои сили. Во јануари 1909 година, поднесол молба до Егзархот да биде назначен за училиштен инспектор во Македонија.[1465] Како училиштен инспектор во Солун, според пишувањето на Светозар Тошев, соработувал со Антон Страшимиров во списанието „Културно единство“ што излегувало во 1908 и 1909 година. Соработник бил Ѓорче Петров.

Во тоа време, засилено се одвивале подготовките за трансформирање на МОРО во легална федералистичка политичка партија.

Нема информации за непосредна ангажираност на Тошев во подготовките за конгресот за формирање на федеративната партија. Партијата, под името Народна федеративна партија, се конституирала на 3 август 1909 година, да дејствува за институционално решавање на македонското прашање во рамките на отоманската држава.[1466] На Конгресот биле усвоени основните акти и Програмата за политичко дејствување.[1467] Набргу потоа, на 14 август 1909 година[1468] во Солун, бил извршен нов атентат на Јане Сандански, за да се предизвика страв, да се спречи нејзиното внатрешно зацврстување и прераснување во влијателен

[1465] На Молбата стои датум 24 јануари 1909 година (Цочо Билярски, „Родом Българи“. Три непубликувани документи на Тодор Александров, Хр. Матов и Пере Тошев, „Пиринска Македония днес“, Благоевград, декември 1992, 28–29).

[1466] Михајло Миноски, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887–1919), Скопје, 1985, с. 107–132; Македонија и Бугарија. Историски соочувања, Скопје, 2008, 117–119.

[1467] Решенията на Учредителния конгресъ на Народната федеративна партия (Българска секция), Солунъ, 1909.

[1468] Хр. Угреновъ, Младотурската революция, „Македонски вести“, София, 22.VII. 1936, 3.

легитимен македонски политички субјект и фактор за уставно решавање на македонското прашање во рамките на отоманската држава. Сандански, ранет, кажал дека атентатите на него и на санданистите биле инспирирани од Софија, од владата и од Фердинанд.[1469]

## Активноста на Тошев 1909-1912 година

Тошев го нема меѓу учесниците на Конгресот при конституирањето на Народната федеративна партија. Го нема и во составот на нејзините органи и тела. Останува неодговорено докрај прашањето за причините за неговото неучество.[1470] Но, е посведочено дека Тошев активно ја поддржувал нејзината дејност. Крсте Гермов-Шакир, во своите ракописни спомени, пишува дека во Солун, кога тој пристигнал, имало клуб на македонски федералисти и дека се подготвувале за свикување основачки конгрес за формирање Федеративна партија.[1471] Нему Петар Тошев му ги дал „Проект-програмата и Правилникот на федеративното движење“ да ги однесе во Прилеп[1472] и таму да му ги предаде на Наум Тошев.[1473] Секако тоа го направил за да повлијае на Прилепската околиска околиска организација за организационо поврзување.[1474] Во секој случај, во Прилеп биле добиени „Проект-програмата и Правилникот на федеративното

1469 Угренов: „На 14 август 1909 година беше стрелано по вторпат на Јане Сандански, кој бил заедно со Хаџиев на една од солунските улици. ... Ранетиот Сандански и неговиот другар Хаџиев категорично му изјавија на кореспондентот на весникот „Дневник“ дека убиствата на санданистите се инспирираат од бугарската влада, респективно од Фердинанд, а морално се кредитираат од тукашните конституциони клубови“ (Хр. Угревъ, Младотурската революция, 3).

1470 Пандевски за тоа пишуваше: „Парадоксален, но вистинит, е фактот дека најголемата празнина во политичката биографија на Пере Тошев претставуваат трите негови солунски години сместени помеѓу јули 1908 и септември 1911 година. Празнината е речиси еднаква со онаа на заточеничките месеци од јануари 1901 до септември 1902 година“ (Манол Пандевски, Последните години на Пере Тошев. Прилог кон политичката биографија, Историја, 1, 1986, 75).

1471 Гермов: „Јас постојано навраќав во клубот на федералистите (во Солун). Тие проектираа да свикаат основачки конгрес“ (Спомени на Гермов., 74).

1472 Гермов: „Пере ми ги даде проект-програмата и правилникот на федеративното движење и ме натовари да ги однесам во Прилеп и да му ги дадам на Наум Тошев“ (74–75).

1473 Внук на Петар Тошев (М. Пандевски, Последните години на Пере Тошев.., 82).

1474 Пандевски: „Овој кус исказ (на Шакир) упатува кон заклучокот дека П. Тошев веднаш по доаѓањето во Солун се вклучил во подготвителните активности за одржување на конгресот на Македонската революционерна организација, ангажирајќи се новата иницијатива да си пробие пат, меѓу другите и во прилепската чаршија што ја контролирала врховистичката фракција на Христо Матов“ (М. Пандевски, Последните години на Пере Тошев.., 82).

движење“.[1475] Според тоа, се работело за документите на Народната федеративна партија. Ако е тоа така, тогаш со тие документи Наум Тошев и Крсте Гермов-Шакир ја формирале федеративната група во Прилеп.[1476] Групата не успеала да се прошири, останала малобројна и без влијание во градот. Мнозинството било со конституциониот клуб.[1477]

Посведочено е дека Петар Тошев во 1910 година[1478] бил училиштен инспектор на егзархиските училишта во Солунскиот округ.[1479]

Тошев останал доследен во поддршката на революционерното дело. Во 1910 година, кога учениците од ученичкиот револуционерен кружок во Солунската гимназија подготвувале извршување атентати и стапиле во врска да го информираат и да добијат совети, Тошев ги прифатил и ги охрабрил.[1480]

Во септември 1911 година, кога Бугарија и Србија ги интензивирале преговорите за создавање бугарско-српски сојуз за поделба на Македонија, Егзархијата не сакала негово останување во Солун, решила да го отстрани од Македонија. Пред крајот на септември бил суспендиран,[1481] а потоа и разрешен од должноста училиштен инспектор.[1482] По разрешувањето од инспекторската должност во Солун, за да го отстрани од Македонија, Егзархијата му определила служба во Цариград, секретар на редакцијата[1483] на нејзиниот весник „Вести“.[1484] Тошев не ја прифатил понудената нова служба во Цариград.[1485] Останал во Солун без служба. По протестите и демонстрираната солидарност на учителите од Учителската организација, Егзархијата отстапила и се согласила да го назначи за професор во Солунската гимназија. По сè што му се случило,

[1475] Спомени на Крсте Гермов – Шакир, ракопис (ИНИ, АО, Сл. IV, 167), 74–75. Пандевски пишуваше за документите на МОРО (М. Пандевски, Последните години.., 82).

[1476] Гермов: „Во Прилеп со него (Наум Тошев) формиравме федеративна група, ама таа беше незначајна, малобројна“ (Спомени на Гермов, 75).

[1477] Гермов: „Мнозинството беа привлечени во конституциониот клуб што го организираше Христо Матов“ (Спомени на Гермов.., 75).

[1478] Ангел Динев, Хуриетътъ и следхуриетските борби въ Гевгелийско, София, 1934, 22–27.

[1479] Й. Анастасов, Пере Тошев.., 32.

[1480] Тошев на Ангел Динев (член на револуционерниот кружок): „Кога вие младите доаѓате кај нас, ние не можеме да дезертираме од својата должност и да не ви помогнеме со својот ум и опит од минатото“. (А. Динев, Хуериетътъ и следхуритетските борби въ Гевгелиско.., 27).

[1481] „Учителски глас“, Солун, 2. X.1911, 7.

[1482] Пандевски: „И Пере Тошев станал жртва на егзархиските проскрипции“ (М. Пандевски, Учителското движење.., 136.

[1483] Й. Анастасов, Пере Тошев.., 32.

[1484] За училиштен инспектор во Солун, на неговото место Егзархијата го назначила редакторот на списанието „Искра“, Ст. Симеонов (Љ. Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев, 73).

[1485] Й. Анастасов, Пере Тошев.., 32.

Тошев решил да прекине со службување на Егзархијата. Во Солун останал кратко време без служба, без средства, со нарушено здравје. Весникот „Учителски глас“ остро протестирал, со жестоки обвинувања против Егзархијата поради нејзиниот однос спрема Тошев.[1486]

Пред крајот на 1911 година, Тошев заминал од Солун и отпатувал во Софија, каде што останал да се лекува[1487] во болницата на д-р Сарафов. [1488]

Бугарија и Србија ги финализирале тајните преговори за Македонија. Водачот на новосоздадената Бугарска народна македонско-одринска револуционерна организација, којашто веднаш потоа била преименувана во Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО),[1489] Тодор Александров, со сестрана поддршка и со помош од бугарските високи воени кругови, организирал изведување крвави терористички атентати во Македонија (во кои страдало македонското население) за предизвикување војна. Многумина од поранешните војводи и други видни Македонци кои не ги знаеле вистинските цели на водачите на Организацијата, респективно на Бугарија, затекнати од развитокот на настаните, не можеле да се ориентираат, како да се однесуваат и да постапуваат во создадената ситуација. Ѓорче Петров уште на првата средба со Крсто Гермов-Шакир, одржана во време на извршувањето на атентатите, му ја претставил вистинската положба на работите: дека Србија и Бугарија веќе ја договориле поделбата на Македонија, да не верува на пропагандата, во моментот да не зема пушка за да замине во Македонија да се бори, затоа што нема да ѝ служи на Македонија, туку на Бугарија и на Србија.[1490]

1486 „Учителски глас“, 2 окт. 1911, 7.

1487 „Од тешка стомачна болест“ (Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 73).

1488 Славко Димевски, Прилеп и Прилепско во Уриетот и по него – цртички, Прилеп и Прилепско 1893–1908.., 224.

1489 М. Миноски, Македонија и Бугарија.., 119-121.

1490 Гермов: „Се сретнав со Ѓорче Петров, поправо тој ме најде, дојде во моето кафеанче. Јас му ја претставив положбата во Прилеп. Тој ме советуваше да не се фаќам на јадицата оти секој Македонец кој се согласил да земе пушка во тој момент за да оди во Македонија, тој не служи на Македонија, а на Бугарија и на Србија. Го прашав Ѓорчета како тоа на Србија ќе служи? Тој ми одговори: царот Фердинанд отишол инкогнито на Копаоник и таму се сретна со крал Петар да се договорат за македонското прашање. Се сретнале и се договориле кој до каде да земе дел од Македонија. Имало голема расправија меѓу нив за Прилеп. Никола Пашиќ рекол дека Прилеп бил свет град за Србија и дека немало да се разговара тој град да ѝ се отстапи на Бугарија. Тогаш кога јас се сретнав со Ѓорчета во 1911 година во Македонија имало атентати во многу места ... Тие атентати, ми вели Ѓорче, не биле изведувани без согласност меѓу Фердинанд и крал Петар. Со тие атентати велеше се провоцираше целиот македонски народ....ама таа војна ќе биде за поделба на Македонија“ (Спомени на Гермов.., 79–80).
Други Македонци по род, во служба на владата и на Фердинанд, дејствувале спротивно, војната да започне што побргу. Во Бугарија развиле силна пропаганда за претстојната ослободителна војна, војна со којашто Македонија „ќе биде ослободена од бугарската армија“. Пропаганда со двојна цел:

Во пролетта на 1912 година, по склучувањето на српско-бугарскиот договор за сојуз, во Бугарија било општо познато дека претстои војна за Македонија. На Пере Тошев, како и Ѓорче Петров, истакнати македонски револуционери, им било јасно дека војната ќе се води за освојување и за поделба на Македонија. [1491] Потврда за тоа Тошев добил од Андреј Љапчев, кој го известил дека Македонија веќе е поделена (со бугарско-српски договор).[1492]

Тошев и Ѓорче Петров апелирале до владата и до кнезот да запрат воените подготовки, војната да се спречи. Нивните апели немале и не можеле да повлијаат.

Ситуацијата драматично се променила. Се засилиле притисоците и „јавните провокации“ од припадниците на ВМОРО на Тодор Александров, по што Петар Тошев решил да се врати во Македонија,[1493] таму да ја пречека војната.[1494] Тие не сакале тој во тоа време да биде во Македонија. Клисуров напишал

мобилизирање на многубројната македонска емиграција за учество во војната и да се спречат појави на отпор, на антивоени протести. Гермов: „Таканаречениот Исполнителен комитет во којшто влегоа само врховисти: полковник Николов, Александар Протогеров, Петар Дарвингов, д-р Владов, Милан Дамјанов.., аргати на големобугарската пропаганда, ги убедуваше Македонците во Бугарија дека бргу Македонија ќе биде ослободена од бугарската армија по примерот како што се ослободи Бугарија од руската војска. Нивната пропаганда беше да се парализираат сите македонски негодувања од страна на Македонците во Бугарија за да не возникне некое протестно движење против војната за Македонија“ (Спомени на Гермов.., 80).

1491 Ризов: „Во Софија се најдов со Пере Тошев. Тој ми рече дека со Македонија е свршено, бидејќи меѓу Србија и Бугарија има спогодба за поделба на Македонија, така што од целата наша борба нема да има ништо“ (Ризо Ризов за Пере Тошев во своите спомени, Архив на МАНУ, ф. Л. Лапе, К. XVI, пап. 3).

1492 Ризов: „Тошев ми рече дека за тоа (за поделбата на Македонија) е сигурно. Зборувал со Андреј Љапчев, кој му објаснил дека Македонија е поделена и дека останала само една спорна зона за којашто арбитер ќе биде рускиот цар“ (Ризо Ризов за Пере Тошев.., Архив на МАНУ, ф. Љ. Лапе, К. XVI, пап. 3).

1493 „Новите будалштилаци на софиските патриоти, атентатите и јавните провокации на луѓето околу Т. Александров, како и неговото нарушено здравје. внесоа кај него малку оладување и разочарување. Тој треба да се откаже од активна работа. Замина за Прилеп и како да сеќаваше дека бурата наближува, па сакаше да се најде во своето родно место“ (Пере Тошев, „Македонско дело“, 4, 27 май 1927, 3).

1494 Лапе пишува, повикувајќи се на Ризов, дека Пере бил разочаран, духовно паднат. Тошев решил да се врати во татковината, во својот крај, дома во градот Прилеп да го заврши својот живот. „Мавнал со раката на секакво престојување во болницата и решил по секоја цена да се врати во Македонија, па дури и коските да ги остави во неа. Негови се зборовите: „Еднаш се умира и за мене нема ништо посвето од смртта во својот роден крај“ (Љ. Лапе, Животниот пат и делото.., 73). За тоа нема друга потврда. Сè друго што е познато за Тошев нè упатува дека бил деморализиран. Спротивно на тоа, секогаш бил подготвен да дејствува и да го даде својот живот за македонското ослободително дело. Такво мислење искажа Климент Шапкарев, кој пишуваше: „На Перета му се припишува дека рекол: Одам да ја најдам среќата и да умрам во татковината. Не верувам Пере да го кажал тоа. Во неговиот речник немаше збор ’среќа’. Како може Македонец да биде среќен и да ја бара среќата? Целта на живеењето Пере ја гледаше во непрекинатата борба кон совршенство, а нашата револуционерна борба ја сметаше за должност, за работа, за работа секојдневно, секој час. Говорат дека Пере бил болен! За лекарите кој е здрав? Тоа не е вистина. Пере не беше болен. Но, неговото слабо тело не можеше да ги издржи грмежите и молњите на неговиот дух“. (Кл. Шапкарев, След Илинденското въстание.., 6).

дека го предале.[1495]

Во април, Тошев извадил пасош на име Петар Енчев, кој наводно бил обележан во отоманското дипломатско претставништво со додавање на Тошев, за негово идентификување при влегување во државата.[1496] Петар Ацев дава друга верзија за тоа. „Фаталниот пасош" добиен во Софија бил на име Петре Наумче, а на задната страна отоманскиот конзул (информиран за неговиот идентитет) напишал Пере Тошев за негова идентификација од властите во Македонија.[1497] Таа верзија ја потврдува и Јордан Ангелов.[1498]

Според еден Некролог од 4 мај 1912 година (ст. с.), Тошев на 20 април 1912 година заминал од Софија на пат за Македонија.[1499] Ѓорче Петров останал да го следи текот на настаните.[1500] Тошев од Софија отпатувал „со многу книги"[1501] и со убеденост дека на македонскиот народ не му преостанувало друго освен да се бори, дека ќе се бори и ќе се избори за своето ослободување со и без него.[1502]

---

1495 Клисуров: „Пере Тошев беше предаден во Софија од врховистите" („Македонско дело", София, 25. V 1931; Наум Димовски, Некои искажувања за убиството на Пере Тошев, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев., 148).

1496 Архив на МАНУ, ф.: Љ. Лапе, к. XVI, п. 3. „Некролог на един безсмъртен родолюбец". „Турското око бдее, „опасните" луѓе не ги остава на мир и во слободното (бугарско) царство, и тука му е скроена капата. Тошев побарал пасош на име Петар Енчев. Но, кога по трет пат пратил да го земат пасошот, во амбасадата ја правеле интригата. Најпосле нему лично му го дале пасошот на име Петар Енчев Тошев. Тие опширни податоци во амбасадата за неговата личност, го стресле стариот деец и тој уште тука го почувствувал својот крај".

1497 Ацев: „На нуфузот што Пере го поседуваше стоеше името Петре Наумче, затоа тур. полномошник во Софија кога му го издаваше фаталниот пасош, за да се збунат агентите на задната страна на пасошот напишал Пере Тошев, ужасно". (П. Ацев, Бележки за беседа.., 7).

1498 Тошев „извадил пасош од турската легација на име Пере Наумчев". (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 31).

1499 Архив на МАНУ, ф.: Љ. Лапе, к. XVI, п. 3. Некролог.., 2. Наведено е дека Тошев од Софија заминал на 22 април (ст. с.) и дека „по четири дена" било извршено убиството, што очигледно е погрешно. Тошев отпатувал пред 20 април.

1500 Ѓорче Петров во август 1912 година повикал на враќање на Македонците во Македонија. На средбата со Гермов укажал дека војна ќе има, дека преостанувало единствено Македонците да заминат вооружени, да бидат со народот пред започнување на војната и таму да се размисли што и како треба да се прави. Во почетокот на септември 1912 година, војводата Крсто Гермов-Шакир, Ангел Динев, Попето, разговарале за повикот на Ѓорче и се договориле во поволен момент да се прогласи автономија на Македонија. Гермов: „Јас го пренесов мнението на Ѓорче Петров зошто ние треба да бидеме меѓу народот вооружени. Треба да следиме, кога ќе настапи моментот да прогласиме автономија на Македонија. Бугарската политика нас нè вовлече во нејзините води и ние станавме жртви. Бевме поделени. Не можевме да се собереме, не свикавме ниту една конференција да го разгледаме прашањето" (Спомени на Гермов.., 83).

1501 „Глас": „При службениот увид, кај Тошев биле најдени многу документи, пасошот и 4–5 банкноти од по 20 лева". (Архив на МАНУ, ф.: Љ. Лапе", к. XVI, п. 3).

1502 Сб. Илинденъ 1903–1925, София, 1925, 75). Според тоа, а и со оглед на тоа што целиот свој живот до тој момент го посвети на ослободителното дело на својот народ, со резерва го претставуваме, колку да се знае, пишувањето на Симеон Радев дека се враќал во Македонија да биде земјоделец и да продолжи да живее




Петар Тошев

Тошев од Софија отпатувал со воз, Со пасош под име Петар Енчев,[1503] преку Србија влегол во Македонија. Слегол на железничката станица во Градско. Во Градско го посетил сограѓанинот-комисионер Спиро Кондов, кого го замолил без одлагање заедно да тргнат за Прилеп. Му било кажано дека не е безбедно да се патува ноќе, туку да преноќи тука и утрото да замине со групата селани од селата Подлес и Попадија до селата Житољуб и Фариш, каде што тој имал роднини и имот. Тошев брзал да пристигне дома во Прилеп. Тргнал на пат на коњ, придружуван од кираџијата од с. Мрзен, Иван Тевов.[1504] Отоманските власти, известени од граничните органи на српско-отоманската граница за неговото пристигнување и за неговиот идентитет (врз основа на допишаното на заднината на пасошот на неговото вистински име), го следеле за сето време при патувањето од границата со Србија.[1505]

## Загинувањето на Тошев, 1912 година

На патот крај р. Раец во Дреновската Клисура, на 20 спрема 21 април, на Тошев со сопатникот им била поставена заседа.[1506] На двајцата било стрелано.

осаменички живот. Радев: „Тој ја напушта престолнината на Бугарија снабден со цела библиотека книги за земјоделство, тргнува на пат за Македонија, каде што на својот чифлиг сака да се посвети на мирен осаменички живот“. (С. Радевъ, Перре Тошевъ.., 38). Впрочем, и самиот тој на истото место, веднаш по предупредувањата на опасноста отоманските власти да го откријат и да загине, Тошев одговорил: „Еднаш се умира. За мене нема поголема среќа од тоа да ги положам своите коски во родната земја“. Кон тоа Радев додава: „Перевите зборови кажани во кафеаната ’Македонија’ на 16 април пред пријатели“. Не може да се прифати дека Тошев, кој заминувал во татковината непосредно пред започнувањето на војната за нејзино освојување и поделба, одел за да живее „мирен живот“. Радев тоа го пишувал со намена, за друга цел.

1503 Архив на МАНУ, ф.: Љ. Лапе, к. XVI, п. 3. Некролог.

1504 Найточни сведения по убиството на Пере Тошев, в. „Глас“, бр. 75, 17 май 1912. (Архив на МАНУ, ф.: Љ. Лапе, К. XVI, п. 3).

1505 Кл. Шапкарев, След Илинденското въстание, „Целокупна България“, София, 166, 13. 1941, 6; Петър Ацев, Бележки за беседа.., 6–7.

1506 Климент Шапкарев: „Го пресретнаа Младотурците следејќи го неговиот пат, претходно известени уште од Софија“ (Кл. Шапкарев, След Илинденското въстание.., 6). Ацев: „Пере навистина отиде, ја премина границата, но не можеше да ја премине Дреновската клисура (Бележки за беседа.., 7).




Петар Тошев

Павел Делирадев пишува за „подли убијци“.[1507] Кираџијата бил смртно погоден.[1508] Тошев бил тешко ранет, одвлечен (заедно со обезглавеното тело на кираџијата) во најблиската воденица, бил „садистички мачен и на ѕверски начин убиен“,[1509] рано утрото на 21 април (4 мај) 1912 година.[1510] Анастас Лозанчев, со кого тој бил во постојана врска „до крајот на неговиот живот“,[1511] пишуваше дека Тошев бил искасапен, по наредба од Младотурскиот комитет.[1512] Јордан Ангелов пишуваше дека Тошев „со еден истрел од пушка бил тешко ранет. Паднал од коњот, а кираџијата бил убиен на самото место. Убијците Перета го одвлекле полужив во просториичката во блиската воденица. Тука го бодат неговото тело со ножеви и го усмртиле“.[1513] Егзархискиот весник „Глас“, на 8 мај 1912 година, (ст. с.) објави за трагичното загинување на Тошев на патот од Градско за с. Фариш“.[1514] Истиот весник на 17 мај објави, под наслов: „Најнови сведенија за убиството на Пере Тошев“, своја верзија за убиството на Тошев.[1515] Весникот „Учителски глас“ пи-

[1507] „Подли убијци ги прекинаа дните на еден безмерно предан на својот народ. Живот велики по своите идеали и по своето бескрајно служење и по својата божествена скромност“. (Въспоменатателен лист на тримата .., 2).

[1508] Архив на МАНУ, ф.: Љ. Лапе, к. XVI, п. 3, Некролог: „Турците го застрелале кираџијата во слепоочницата, главата му ја отсекле, а обезглавеното тело било прободено со 50 удари со кама“.., 2).

[1509] Сл. Димевски, Прилеп и Прилепско.., 224–225; Кл. Шапкарев: „Со јатагани го исекоа на парчиња во една воденица“. (Кл. Шапкарев, След Илинденското въстание.., 6).

[1510] Св. Тошев, По кървав път. Документарна повест за Пере Тошев, Пловдив, 1983.

[1511] Лозанчев: „Ние со него бевме во постојана врска до крајот на неговиот живот. Тој не сакаше многу да пишува, но со време одвреме навреме кореспондираше. Јас го поседувам можеби единствениот од него останат документ – една поштенска картичка“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ .., 50).

[1512] Лозанчев: „Во 1912 година (Тошев) беше убиен меѓу селата: Ракле и Житољуб, исечен на парчиња по наредба на Младотурскиот комитет“ (Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 50).

[1513] Юр. Ангелов, Пере Тошев..,31–32.

[1514] „Петар Тошев почина на трагичен начин на патот од Градско за с. Фариш. Таа тажна вест ги ожалости сите кои го познаваа“. (Отзиви. Кощунство, в. „Глас“, I, 71, 8 май 1912).

[1515] „Глас“: „На 22 м.м. Пере Тошев пристигнал на станицата во Градско, доаѓајќи од Бугарија. На станицата имало неколкумина од с. Градско. Од еден од нив, со име Иван Тевов, Пере побарал да го одведе до с. Фариш. Во 9 часот по турски, попладне, двајцата тргнале по патот за Прилеп. По три и пол часа патување, стасале во Дреновската клисура, која ја минале среќно. Но, на излезот, на оддалеченост од две минути патување, Тошев паднал убиен со еден истрел погоден во слабините. Кираџијата тргнал да бега, но втор истрел го ранил и него во десната нога одназад под коленото. Потоа разбојниците го фатиле, му ја превиле раната со партали за да не остава траги од крв. Потоа и двајцата биле кренати и

шува, на 10 мај, дека бил „ѕверски исечен и убиен“,[1516] како што било речено на панахидата одржана на 6 мај во црквата „Св. Кирил и Методиј“ во Софија. Според еден некролог од 4 мај 1912 година, телото на Тошев било обезличено и така однесено во Велес, каде што било јавно изложено за да види народот.[1517]

Христо Матов, за да се претстави тој самиот како следена личност за да биде убиена, пишуваше дека отоманските власти биле погрешно информирани, па сметале дека личноста што ја следела полицијата бил тој – Матов, и подготвувале негово убиство. Наводно, за тоа пишувале весниците во Солун, но и во европскиот печат. Но, подоцна, по убиството, било откриено и потврдено дека убиениот бил Тошев[1518] и дека бил убиен како Петар Тошев.[1519]

За загинувањето на Тошев, Скопската бугарска митрополија го информирала конзулатот во Скопје, кој за тоа испратил извештај до бугарскиот амбасадор во Цариград М. Сарафов, на 15 мај 1912 година.[1520] Според извештајот, Петар Тошев по пристигнувањето во Градско бил со намера да оди во с. Фариш,[1521] а

однесени во пуста воденица над рекичката Раец. На Тошев му ги врзале рацете назад со неговиот појас, а на кираџијата напред вкрстени... Околу нивните трупови имало тукушто горена слама. Месото над лакотот на левата рака на кираџијата му било отсечено ..., на телото имало 15 прострелни рани: една во главата под окото, една во слепоочницата, една во ногата под коленото, а останатите во стомакот и во градите. Тошев бил ранет само со еден куршум во слабината. Коњот што го јавал бил пуштен на нивата заедно со товарот и бил фатен од полјакот на с. Раец, на оддалеченост половина час од местото на случувањето и предаден на мудурот на с. Дреново (Тиквешко). Труповите биле откриени на (нечитко) од некое говедарче кое ги пасело говедата близу до воденицата и го известило селото. ... Власта тврдела дека воденицата била пуста, но според сведочењето на луѓето од с. Градско кои присуствувале на увидот, излегува дека била подготвена за работа со сите потреби, што се потврдувало и од остатоците од скоро мелено брашно“ (Архив на МАНУ, ф.: Љ. Лапе, XVI, к. п. 3).

[1516] Во Дреновската клисура, „во една пуста воденица“ (Панахида за Пере Тошев, „Учителски глас“, год. II, бр. 25, 10 май 1912, 7).

[1517] Архив на МАНУ, ф.: Љ. Лапе, к. XVI, п. 3. Некролог.

[1518] Идентитетот на Тошев на властите на отоманската држава, посебно на дипломатското претставништво во Софија, извесно е дека им бил познат, па според тоа тврдењето на Матов не соодветствува со вистината.

[1519] Матов: „Околу Ѓурѓовден турските власти во Солун, па и солунските весници, се фалеле дека во Зибевче (на српско-отоманската граница) ме фатиле како преоблечен влегувам скришум во Македонија. За тоа пишувале и европски весници, ми кажа Шишманов, поранешен министер. Потоа се покажа дека оттаму го следеле Перета Тошев и, како што се знае, го убија на патот од Градско за Прилеп. Според мене, Пере бездруго беше убиен како Пере, извесниот долгогодишен револуционерен раководител“. (Христо Матов за своята революционна дейност..,44).

[1520] ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 2167, л. 9, Царско българско консулство, Скопие Н° 435/Скопие, 15 м 1912 г. поверително.

[1521] „На 21 април пристигнал (Тошев) на станицата во Градско, доаѓајќи од Бугарија. На станицата имало неколку лица од селото Градско. Од едниот од нив, кој се викал Иван Теов, кираџија, побарал да го одведе до с. Фариш. Во 9 часот попладне по турско двајцата тргнале по патот за Прилеп. По 3 и пол часа патување влегле во Дреновската клисура и успешно ја минале. Но, на излегувањето, по две минути, Пере Тошев паднал убиен со еден истрел од пушка мартинка во слабините. Кираџијата се дал во бегство, но втор истрел го ранил и него во десната нога на задната страна под коленото. Потоа

потоа во Прилеп. Но, на излезот од Дреновската Клисура, на него и на неговиот сопатник било стрелано од заседа. Тошев паднал тешко ранет. Исто така, тешко ранет бил и неговиот сопатник. Двајцата биле однесени во блиската воденица[1522] и таму биле измачувани и убиени.[1523] При увидот, кај Тошев биле пронајдени многу документи, неговиот пасош и 4–5 банкноти од по 20 лева.[1524] Властите не презеле истрага за пронаоѓање на убијците. Место тоа, нивна грижа била убиствата да им ги припишат на жителите на с. Камендол, оддалечено еден саат и половина од местото на злостотството, бидејќи „во некој ан во селото наводно биле пронајдени траги од крв".[1525] Весникот „Учителски глас", на 22 мај, за загинувањето на Тошев ги обвинил неговите прогонувачи –егзархистите.[1526]

Мртвото тело било погребано во дворот на тамошната црква.

Петар-Пере Тошев загинал како што посакувал, во својата татковина Македонија, на чиешто ослободување го посветил целиот свој живот.[1527] Властите не му дозволиле на семејството да го однесе неговото мртво тело и да го погребе во градот Прилеп. Неговите браќа го однесле во с. Фариш. Погребот бил извршен во дворот на селската црква.[1528] Така го завршил својот живот големиот револуционер. Но, неговиот дух (како што своевремено напишал свештеникот

разбојниците го фатиле и со партали му ја завиткале раната за да не остава крвава трага". (ЦДИА, ф, 321, оп. 1, а. е. 2167, л. 9).

1522 Официјалната верзија на властите била дека воденицата била пуста, но жителите од с. Градско кои биле присутни на увидот, посведочиле дека воденицата била во употреба, што се гледало од тоа што била целосно опремена за работа, дека непосредно пред случувањето била користена, што се гледало од остатоците од свежо мелено брашно (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 2167, л. 9).

1523 „Двајцата биле кренати и однесени во една пуста воденица над рекичката Раец. На Тошев рацете му биле врзани со неговиот појас, а на кираџијата напред вкрстени, врзани со неговиот ремен и синџирчето врзано на неговото ноже, и турнат на колена. Околу телата имало пресно горена слама. Месата на лакотот на левата рака на кираџијата биле отсечени, исто и два до три прсти. На телото му нанесле 15 прострелни рани: во вратот под увото, во слепоочницата, другите во стомакот и во градите. Тошев имал само една прострелна рана во слабините. Неговиот коњ бил пуштен во нивата со неговиот товар и бил фатен од полјакот на с. Раец, на оддалеченост половина час од местото на случувањето и предаден на мудурот во с. Дреново, Тиквешко. Мртвите тела биле откриени на 25 м.м. од некое говедарче кога ги пасело говедата близу до воденицата и им јавило во селото. Следниот ден дошле од Кавадарци кајмакамот, еден доктор и иследник (мюстендик). (ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 2167, л. 9).

1524 ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 2167, л. 9.

1525 ЦДИА, ф. 321, оп. 1, а. е. 2167, л. 9.

1526 „Посредните виновници за смртта на Пере Тошев се жегнати од вистината што ја констатиравме за прогонувањето на Пере од должноста инспектор во Солунско... дерибеите при училишните власти го направија отстранувањето и прогонувањето на Пере, без да го мотивираат тоа свое самоволие. Дали патроните на в. „Глас" сакаат да прават престапи и никој да не обели заб против нив"? „Учителски глас", 25, 10 май 1912, 7).

1527 Делирадев: „Подли убијци ги прекинаа дните на еден беззаветно предан на својот народ. Живот голем и по своите идеали и по својата неземна скромност" (П. Делирадев, Перето.., 2).

1528 Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 32; Сл. Димевски, Прилеп и Прилепско.., 225.

Јордан Ангелов), останал над небото на Македонија, да бдее над поколенијата за нејзиното ослободување и независност. [1529]

По загинувањето на Пере Тошев, од водачите на илинденската Македонска револуционерна организација, останал жив уште само Ѓорче Петров.[1530]




Картичка со ликот и кратки биографски податоци за Петар Тошев

## Мисли на Тошев

„Колку е лесно во едно дело каде што вие сакате да избегнете (нечиток збор) и демократизам, да му прикачите и на најголемиот македонски син теглило на предавник"![1531]

Тошев на Страшимиров по Младотурската револуција: „Ние сакавме устав, а не Турците! Ете ни го дадоа, а сега како ќе го отфрлиме! И дали е тоа малку да ги убедиме и Грците, и Власите, и Албанците, и нас самите, и нив, да ги убедиме, и нив самите бре, дека ние сакаме само ред и слобода. ... *Нашето дело беше да го научиме робот да умира за слободата...*

*Слободата и без нас ќе изгрее, затоа што ја сака целиот народ, ја сака мало и големо, како што се сакаат водата и лебот*!"[1532]

[1529] Свеш. Јордан Ангелов: „Меѓутоа, неговиот велик дух останува на небото и оттаму ќе гледа и ќе бдее на неговото поколение што ќе продолжува да се одушевува од неговото дело за слободата и независноста на Македонија" (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 32).

[1530] Во изминатиот период загинаа: Дамјан Груев и Никола Карев, како и многумина од војводите: Христо Узунов, Сава Михајлов, Мише Развогоров, Борис Сугарев, Лука Иванов, Пандо Кљашев и др.

[1531] „Македонски бюлетин", 1, Понтиак, Мич., 1 март 1930, 4. Мислите на Тошев извадени од статијата на Ар. Йовков, насловена „Заблуди и истини", објавена во истиот весник на стр. 3.

[1532] А. Страшимиров, Две годишнини, „Независима Македония", I, 11, 23, май 1923; Илинденъ 1903. Сборникъ: статии, спомени, разкази, стихове, София, 2. VIII 1939, на последната стр.

„*Нема поголема среќа за мене (од тоа) коските да ги оставам во родната земја*“.[1533]

*Пере Тошев во народните револуционерни песни*

„*Ој, Македонијо*“.

Ој Македонијо, земјо поробена,
земјо измачена, земјо крвјосана,
по твоите поља и вишни планиње
секој ден се бијат Турци с’ Македонци!
Народ не може повеќе да трае –
ми излегле ете во Горни Железник
сè одбор војводи-млади ем убави:
Дамјан Груев, земјо, и Ѓорѓи Сугарев,
Стојан Донски, мајко, од с. Битуша,
Пенчо млад војвода, Ордан Пиперчето,
Христо Узунов, земјо, и *Пере Тошев*,
Никола Карев, Мајски, и Ѓурчин војвода!
Тие ќе водат, де, сичките кумити,
цељо народ, мајко, во бој за слобода! [1534]

Тошев *баш комита* во македонската Илинденска епопеја.

„*Се собрале* во Солуна“.

Се собрале во Солуна
Четворица баш комити:
*Пере Тошев*, Ѓорче Петров,
Гоце Делчев, Даме Груев.
Збор збореле и решиле:
Народ, да се наоружа

[1533] Според Сл. Димевски, Припеп и Прилепско.., 224.

[1534] „Битолски весник“, 11. 10. 1972, 6; Даме Груев во македонската народна и уметничка литература.., 225.

с бомби, пушки и патрони;
и да удри на тирани;
за полна автономија
за сама Македонија.[1535]

„*Ајде* ред се редат“

Ајде ред се редат, мамо
сѐ одбор јунаци,
напред ми оди, мамо
Гоце војводата,
и по него оди, мамо,
Јане војводата,
.............
и по него оди, мамо
Лазо Асијата,
и по него оди, мамо,
*Пере* војводата.[1536]

„*Три телеграми* ми пристигнаа“.

Три телеграми ми пристигнаа
во Цариград, еј, за султано:
Први телеграм од Даме Груев:
-Ој ти султане, султан Амиде,
ослободи ја Македонија
и дај ѝ нејзе автономија!
Нашиов народ слобода бара,
правда, човечност и рамноправност.

[1535] Александар Ивановски-Глоговичанец, Прилепските војводи во македонската народна поезија, Прилеп и Прилепско.., 293; „Пензионер“, 30 февруари 1971, 7 (запишал Д.П.); Филип Каваев, Пере Тошев во нашите народни песни.., 86; Даме Груев во македонската народна и уметничка литература, Зб. Даме Груев., Битола, 1981, 225.

[1536] Симо Младеновски, Неколку народни поетски импулси за Пере Тошев во Тиквешијата, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, 195–196.

Ак' не ја ослободиш Македонија –
крв ќе се лее, крв до колена!
Султан на Даме одговор враќа:
-Педа не давам од таа земја,
крв нек' се лее, крв до колена!
Втори телеграм од Гоце Делчев:
-Oј султане, султан Амиде,
ослободи ја Македонија
и дај ѝ нејзе автомомија!
Нашиов народ слобода бара,
правда, човечност, рамноправност.
Ак' не ја ослободиш Македонија –
крв ќе се лее, крв до колена!
Султан на Делчев одговор враќа:
– Педа не давам од таа земја,
крв нек' се лее, крв до колена!
Трети телеграм од *Пере Тошев*:
-Oј ти султане, султан Амиде,
ослободи ја Македонија
и дај ѝ нејзе автономија!
Нашиов народ слобода бара,
правда, човечност, рамноправност.
Ак' не ослободиш Македонија –
крв ќе се лее, крв до колена!
Султан на Тошев одговор враќа:
– Педа не давам од таа земја,
крв нек' се лее, крв до колена![1537]

„*В Битола* пиштат паши",

В Битола пиштат паши, бегови,
низ лице ронат солзи крвави
и му се молат на Цариграда:

[1537] Филип Каваев, Пере Тошев низ народните песни, Зб.: Ѓорче Петров и Пере Тошев.., (Запишана од емисија на Радио Скопје); Даме Груев во македонската народна и уметничка литература.., 235–236.

-Ој ти султане, султан Хамиде,
испрати аскер сосе топови
Ти да ја смириш Македонија
што ми востана на ден Илинден!
Бунтовна раја глава кренала,
на чело стојат Даме и *Пере*,
Ѓорче и Христо и Петре Ацев,
Лазар Поптрајков и Сугарето.
Кумитска сила е многу голема,
број не се знае на нивни чети,
уплав нѐ мори – срце ни гори!
Ни исплашија, анки, дечиња,
ни запалија наши чифлизи,
ни одзедоа собрано жито,
ни разурнаа високи кули,
ни истепаа верните ќаи –
Сега сме сите голи фодули,
голи фодули-пусти копуци!
Помагај, леле, султан Хамиде![1538]

*Бог да го бие Реџепа.*

Бог да го бие Реџепа
што ми го уби Ѓорчета
едно попладне в Софија!
Не знаел Реџеп, не знаел
кого застрела подмолно;
научил Реџеп, научил
какво е Реџеп направил:
-Јас убив човек голем ец
што им бил другар, пријател
на Даме Гоце и *Пере*!

[1538] „Битолски весник“, 371, 1972, 6. (Запишал Д.П. во с. Горни Железник); Даме Груев во македонската народна и уметничка литература.. ,236–237).

Зошто ме мене најдоа
рака да кренам крвничка
на оној што се бореше
против непријателите
на мајка Македонија?!
Ми го дочуле Реџепа
тие што го измамиле,
пратиле нови крвници
Реџепа го погубиле. [1539]

*Осудата на доживотен затвор* и
упатувањето *на Тошев* на заточение
во Подрум-кале, Мала Азија.

„*Бог да ги бие* кодошите“

Бог да ги бие кодошите
од бела града Солуна,
што ми го предале, аман,
Перета Тошев, прилепски,
со други млади јунаци,
членови на Централниот.
Ми го суделе *Перета*
дека го учил народот
во борба лута да стапи
за слободата прекрасна.
Тешка му казна паднала:
да гние во Подрум-кале. [1540]

[1539] „Пензионер“, јули–август 1971, 10; Даме Груев во македонската народна и уметничка литература.., 247.

[1540] Филип Каваев, Пере Тошев низ нашите народни песни, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., Прилеп, 1974, 186; А. Ивановски, Прилепските војводи.., 296.

*Загинувањето* на Тошев.

„*Спомнете си*, браќа.“

Спомenете си, браќа, за тој *Пере Тошев*,
Пере Тошев за народ загина,
за народ загина, за Македонија,
за Македонија, земја поробена.[1541]

„*Ај море* проклет да е“

Ај, море проклет да е,
проклет да е турски башибозук,
мора што постави
проклета пусија.
Ај, море нив ги пратил
нашиот кајмакам
море да погубат, да погубат
тој ми *Пере Тошев*.
Ај, море тој ми идел, тој ми идел
кон Прилепа града,
море и со него, и со него
ораовски курир.
Ај, море ги здогледа, ги здогледа
Турче од Сирково,
море пукна пушка, пукна друга,
двајца ги раниле.
Ај, море тешки маки, тешки маки
нив двајца ги нашле,
море крвта топла, крвта топла
по капка цедиле.[1542]

[1541] С. Младеновски, Неколку народни поетски импулси за Пере Тошев, 195.
[1542] Симо Младеновски, Неколку народни поетски импулси за Пере Тошев.., 193.

*Проклети* да се катили.

Проклети да се катили,
что ми кладоа пусија
во Дреновската Клисура!
Дење и ноќе чекале
најсетне и дочекале:
Пристигна *Пере* војвода
на коња, со кираџија,
без пушка и без дружина.
Посакал дома да дојде,
во своја Македонија
коските да си остави.
Катили с пушки згрмеле,
*Перета* ми го убиле.[1543]

„*Невесто* мори убава".[1544]

– Невесто мори убава, џанам,
Зошто си толку мислена,
што ти е зелник загорен, џанам,
што ти е дворот е неметен?
– Мајчице мори, потера, џанам,
долу по патот минаа,
крвави пушки носеа, џанам,
некој ми јунак убиле.
– Невесто мори убава, џанам,
добро што дворот неметен,
што ти е мака паднала, џанам,
за тој ми јунак незнаен?
– Мајчице мори, наш човек, џанам,
тука за Фариш патувал,
проклети да се крвници, џанам
*Пере* ми бил од Тошевци.[1545]

[1543] Ф. Каваев, Пере Тошев во нашите народни песни.., 189.

[1544] Народна песна од Тиквешко.

[1545] С. Младеновски, Неколку народни поетски импулси.., 194.

### *Петар Тошев во револуционерните песни за двата Илиндена*

Првоборецот од НОВ и херој на Југославија во поемата „Бабуна“ што ја напишал во 1941 год., пее за продолжувањето на борбата за ослободување на продолжувачите на делото на првите Илинденци: на Делчев, Груев, Тошев и Петров.

...
На Гоце Делчев внуците,
за приказ лична дружина,
јунак од јунак поарен
...
Во оган борба да водат,
последен есап да видат
со свои и таткови душмани.
...
Спомнете ги браќа мили,
Гоце Делчев,
Ѓорчета, Даме, *Пере Тошев*
и Питу Гули.

Тие борци за слобода
сите умреле,
сега сите ние по нив
треба да одиме...[1546]

## Искажувања за личноста и революционерното дело на Тошев

Петар Тошев по неговото загинување секогаш беше вбројуван во редот на четворицата великани на револуционерна Македонија во илинденскиот период со Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Јане Сандански, личности кои имаа влијание на мобилизаторска сила за македонското револуционерно националноослобо-

[1546] Наум Димовски, Традициите на револуционерната борба и Илинден 1903, одразени во НОБ 1941–1944 година во Прилеп и Прилепско, Прилози за Илинден, 2, 705–706.

дително движење. Перевото име се истакнуваше, иако не толку колку што тоа беше случај со Гоце Делчев, Дамјан Груев и Сандански, пред сè поради неговата преголема скромност, при одбележување на годишнините од неговото загинување, годишнини од македонската револуционерна националноослободителна борба; создавањето на Македонската револуционерна организација и Илинденското востание[1547] и значајни настани, во пишаните текстови, во предавања и во евоцирањето спомени на собирите, при организирањето,[1548] како и во повиците за продолжување на борбата за ослободување и обединување, за создавање самостојна држава Македонија.[1549]

Некролог, 1912 год.:

„*Бесмртен родољубец*. Малцемина се како него, на прсти се бројат луѓето како *Пере Тошев* кои *животот* си го *посветуваат на татковината* и за време на целата своја дејност без ниту еднаш да се осквернави со нешто нечесно. ... Ја започна својата револуционерна дејност како *апостол и пропагатор на идејата за слобода*.., *се оддал на македонското дело* во коешто ќе остане до крај без петно.., се одликувал со извонредна скромност“.[1550]

*Сребрен* Поп Петров, 1923 год.:

„Тој (Тошев) беше фанатичен столб на Централниот македонски комитет“.[1551]

Наум Томалевски, 1924 год.:

„Во Пусторечкиот осој го сретнав Пере Тошев... остана со нас два дни, но не слушнав да проговори два збора, *молчеливец*“.[1552]

---

[1547] Љубен Лапе, Одбележувањето на Илинден меѓу двете светски војни во Македонија и сред македонската емиграција, Скопје, МАНУ; 1974.

[1548] Македонците-иселеници во САД, во градот Џонстаун во државата Пенсилванија, својата почит кон личноста и револуционерното дело на Тошев ја посведочиле со именувањето на својата организација (основана во 1923 година) „Пере Тошев“ (Македонска енциклопедија, 2, Скопје, МАНУ, 2009, 1135).

[1549] Вера Весковиќ-Вангели, Континуитетот на илинденската традиција во Народноослободителната борба на македонскиот народ, Прилози за Илинден, IV, Крушево, 1982, 84.

[1550] Архив на МАНУ, ф.: Л. Лапе, к. XVI, п. 3. „Некролог на един безсмъртен родолъюбец“. Во истиот Некролог, за неговото заминување од Бугарија се наведува дека бил разочаран од состојбите во македонското ослободително движење. Пред заминувањето од Софија, во последните денови, на некој свој пријател наводно му изјавил: „Нема да одам во Солун, затоа што не можам да ги толерирам предавниците, не сакам да одам во Прилеп, поради глупавите караници меѓу Бугарите и претпочитам да се изолирам во обединетиот чифлиг на братот во с. Фариш, Тиквешка околија. Таму можам да ги поминам и летото и зимата, затоа што не сакам светот да го гледам“.

[1551] Ср. П. Петров, Пере Тошев, окръжен учител в Солун, „Независима Македония“, I, 11, 3 май 123.

[1552] Н. Томалевски, „Македонска правда“, 8. IV 1934).

*Никола* Зографов, 1927 год.:

– „Петтемина: Петар Поп Арсов, *Пере Тошев*, Тодор Лазаров, Дамјан Груев и Гоце Делчев беа и остануваат изразувачи и работници за самостојна автономна Македонија“.[1553]

– „Пере беше душата на македонската интелигенција; секогаш најскромен, секогаш готов да направи сè за другите, а за себе не сакаше ништо“.[1554]

*Ал. Немас*, 1935 год.:

Групи на ВМРО (Об.) од Енице-Вардар во весникот „Ризоспастис“, 3 јули 1935 год.: „Македонци сме, со свој јазик, своја култура, свои обичаи, своја историја. Ние, младите, сме горди, слушајќи ги нашите татковци како раскажуваат за Илинденското востание, за подвизите на Злате, Петков, Груев, *Тошев*, Делчев.., тие беа Македонци и се бореа за единствена Македонија“.[1555]

*Г. Славос,* 1935 год.:

Група на ВМРО (Об.) од Воден во весникот „Ризоспастис“, 3 јули 1935 год.: „Сега (постарите Македонци) ги спомнуваат убиените Македонци-водачи Груев, Делчев, *Тошев* кои проповедаа самоопределување на Македонија... Ги повикуваме сите Македонци да влезат во ВМРО (Обед.) и сите заедно да се бориме за слободна Македонија“.[1556]

*Димитар* поп Ефтимов, 1936 год.:

„Треба да знае добро секој Македонец од историјата на боречка Македонија да имаме јасно сознание за идеите од кои што се вдахнувале *првоапостолите на македонската борба*: Гоце, Даме, *Пере*, Ѓорче. Без тоа сознание, и најчесниот Македонец лесно може да падне во заблуда и да стане орудие на фактори туѓи на движењето, на фактори кои немаат ништо, или сосема малку, заедничко со добро разбраните интереси на Македонија и со интересите на нејзиното велико ослободително дело. Идеали што ги распламтувале душите и срцата на *великаните на македонската револуција* и ги вдахнувале плејадата македонски маченици, идеи издигнати од нив до степен на култ и проповедани со жар како евангелски вистини, конкретно изразени во кодексот на македонските борби, во следниве четири основни принципи: 1. Всадување и секогаш дебело потцртување на чисто македонскиот карактер на македонската борба; 2. Најрев-

[1553] Н. Зографов, Стоежа на живота, София, 1927, 54.

[1554] Н. Зографов, Стоежа на живота..,69.

[1555] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 2, 251.

[1556] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 2, 252.

носно чување на самостојноста и независноста на ослободителното македонско движење; 3. Зачувување на внатрешниот карактер на револуционерното движење или на таканаречениот принцип на внатрешноста; 4. Чесно и неотстапно опстојување на автономистичкиот принцип и издигнување на тој лозунг. Тие четири основни принципи на македонското ослободително движење, всушност, претставуваат гранитни нескршливи столбови на коишто беше изградена величествената зграда на Внатрешната македонска организација. Тоа се принципите на коишто треба да почива секоја македонска борба“.[1557]

„При основањето на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО), нејзините *основачи, апостоли и водачи*: Гоце Делчев, *Пере Тошев*, Даме Груев, Ѓорче Петров и др., беа поставиле за цел на македонското движење чисто македонски задачи: извојување политичка слобода на Македонија и нејзино осамостојување како една самостојна автономна република. Во името на тој принцип се воспитуваше и се организираше македонското население и се подготвуваше за великата борба“.[1558]

*Леток*, крај на 1939 год.,[1559] насловен: „До сите Македонци...“:

„Македонскијо народ со својата револуционерна историја, со својте преку до илјада жртви е првоборец за човешки права и одамна е спечалил право да биде и тој слободен и срекен. Македонскијо народ, иако е бил заточеник на најсветли идеали и ако е имал синој герои како Гоце Делчев, Горче Петров, *Пере Тошев*, Карев, Јане Сандански и хиљади и хиљади други герои, и ако го има со крвави букви исписано во својата историја Крушевското востаније, ни до денеска, не је слободен...

Македонци, селани, работници, граѓани сакавме да ви речеме, да ве потсетиме на нашето славно минало, на това, да се и денеска Македонците тије који доследно кје идат по стапките на својте славни татковци и дедовци и никогаш нема да е напусна народната борба“.[1560]

*Божин* Проданов, 1940 год.:

„Нашиот народ со десетлетија се бореше. И во иднина со десетлетија беспримерно ќе се бори за право на живот. Македонскиот народ, и покрај вековните ропски страдања, до денеска ја зачува својата национална свест. И

[1557] Дим. О. Ефтимовъ, Принципите на македонската борба (по нашата анкета), „Македонски вести“, София, 1. VII,1936, 1.

[1558] Дим. Ефтимовъ, Заветътъ на Гоце, „Македонски вести“, 6, София, 1936 (28. VII), 2.

[1559] Издаден пред парламентарните избори во Југославија, со потпис Македонци.

[1560] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 2, 164–165.

покрај вековните ропски страдања, лулка на револуционерите како Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Даме Груев, Јане Сандански, Питу Гули, *Пере Тошев*, и на плејада нивни соборци кои ја пролеаја својата крв за својата голема татковина. ...Македонската јавност сака да верува дека ..., новата влада ќе ги направи ветуваните демократски права и слободи да се прошират на сите народи (во Југославија) и да се спроведат во дело“.[1561]

*Одговор*[1562] на професорот Никола Вулиќ,[1563] 1940 год.:

„Македонската нација се создала исторически, а не је плот од умо на овои или онои. Македонскио народ води вејке 50 години организирана борба за своето постојувајне. ... Светлите имина на Гоце Делчев, *Пере Тошев*, Дамјан Грујев, Гјорче Петров, Сандански, Ник. Карев и полно друзи знаени и незнаени борци, водеа Македонците во жестока крвава борба со нивните потисници“.[1564]

Името Петар-Пере Тошев, еден од водечките личности на Револуционерната организација и на Илинденското востание, ги инспирираше раководителите и борците во оружената борба за ослободување и создавање самостојна држава Македонија, имаше мобилизаторска улога за целиот македонски народ.

*Методија Андонов*-Ченто:

„Кога почнав да се осознавам како Македонец, да влегувам во политиката, да ги запознавам национално ослободителните идеи на македонскиот народ, Илинденската епопеја, Гоце, *Пере Тошев*..., тогаш почнав работите да ги гледам низ една поинаква призма: на една страна мојот македонски народ, поробуван, ограбуван, мачен, понижуван, без слобода и права, а на другата страна – власта, поробувачите и сите оние кои беа со таа власт“.[1565]

„Најмногу се восхитував кога дискутиравме за минатото и за новото, за подобрата и посреќна иднина, нашата македонска, којашто мора да се избори и оствари. За *великаните* од овој крај Ѓорче Петров и *Пере Тошев*, за други видни македонски имиња од револуционерното минато. Тоа многу ме исполнуваше и ми даваше чудесен елан и волја“.[1566]

---

[1561] Проданов (пратеник во бугарското Народно собрание до д-р Влатко Мачек во Југославија, јануари 1940 год. (Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 2, 166).

[1562] Без потпис на составувачот на „Одговорот“.

[1563] На статијата на Вулиќ објавена во весникот „Правда“ на 11 јули 1940 год., во којашто докажувал дека Македонците се Срби.

[1564] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 2, 178–179.

[1565] Димче Аџи-Митрески, Методија Андонов–Ченто во светлината на вистината, Зб. Ченто.., 121–122.

[1566] Фиданка Танаскова, Методија Андонов–Ченто, 1990, 15; Владо Ивановски, Методија Андонов–Ченто, Човек, борец, државник, Зб. Ченто, човек, револуционер, државник, Прилеп, 1993, 12.

*Методија Шаторов*-Шарло:

Софија, 1926:

„Тоа беа условите што ја определија понатамошната осмислена со определена цел борба на целиот македонски народ за ослободување. Во тие услови широко поле за дејствување најдоа *апостолите на македонската револуција* Гоце Делчев, Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров, Даме Груев, *Пере Тошев*, Јане Сандански, Васил Главинов и др., кои, инспирирани од слободољубивите идеи во странство, се вратија во татковината за да го организираат својот народ и да го поведат во револуционерна борба“.[1567]

Скопје, мај 1941:

„Македонија е окупирана од германски, италијански и бугарски војски. Овој факт нас нè интересира како Македонци који половина век сме се бореле како Македонци за национално и политичко освобождение, како последователи на *водачите* и основателите на македонската натрешна организација на чело со Гоце Делчев, Јане Сандански, Гјорче Петров, *Пере Тошев* и Димо Х(аџи). Димов“.[1568]

*Климент* Шапкарев, декември 1941 год.:

„Кој е тој Пере Тошев?.. Пере е пореалист (од Даме) во тактиката. Тој ги одбира луѓето за да создаде революционери во европска смисла на зборот“.[1569]

„Целта на живеењето Пере ја гледаше во *непрекинатата борба* кон издигнување, *кон совршенството*, а нашата борба ја сметаше за должност, за работа, за работа секојдневно, секој час“.[1570]

*Кузман Јосифовски*-Питу, 27 јули 1942:

„Македонски народ не таји. Тој насекаде се дига на борба и изгонуејне на фашистките окупатори. Негојте најарни синој и кјерки нарамија вејке пушки и ја наставуваат борбата за идеалите на *најголемите македонски борци и герој* Гоце Делчев, *Пере Тошев*, Гјорче Петров, Даме Груев, Јане Сандански, Димо Х. Димов, Влахов и др.“ [1571]

---

1567 Реферат на Методија Шаторов: „Историјата и суштината на ВМРО (Обединета), Зб. Методија Шаторов–Шарло, Документи и материјали..,137.

1568 Писмо на Методија Шаторов до „Стојана“, Скопје, мај 1941 год. (Методија Шаторов–Шарло, Документи и материјали, Скопје, 2012, 111; Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија 1941–1945, 1, 1, Скопје, 1968, 14; Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање (1943–1946), Скопје, 2000, 20).

1569 Кл. Шапкарев, Пере Тошев, в. „Целокупна България“, 5–6 дек. 1941, 6.

1570 Кл. Шапкарев, След Илинденското въстание, в. „Целокупна България“, 13. 1941, 6).

1571 В. „Востание“ (Орган на Месниот комитет на Тетово), бр. 10, 27 јули 1942; Вера Весковиќ-Вангели, Илинденската традиција – фактор во формирањето на личноста на Кузман Јосифовски–Питу, Зб. Кузман Јосифовски–Питу.., 152).

*Покраинскиот комитет* на КП во издадените прогласи го повика македонскиот народ:

*октомври 1941* год.:

„Омладино на Македонија.., во бој, омладино. Влезуј во првите редои на народно-ослободителните партизански чети. Со својата неустрашивост и одлучност дај пример како се бори за слободата и за својот народ. Покажи се достоен и доследен на *најдобрите синој на македонскиот народ* на Делчев, *Тошев* и други“.[1572]

„Жени, мајки и сестри, нека со вас вивне славното минало на македонската жена револуционерка. Праќајте ги вашите мажи, синови и браќа во борба.., праќајте ги во партизанските редови.., бидете верни другарки на правите последователи на Гоце и *Пере* на заточниците на македонската слобода – партизанските борци“.[1573]

„Македонски народе.., одзовите се и кинисајте во борбата на чие чело се наоѓа големиот и силен Советски Сојуз, зборови на Димитар Влахов, доследниот борец на македонскиот народ и првиот последовател на *славните герои* од македонското минато: Гоце Делчев, *Пере Тошев*, Карев, Сандански и други, изговорени на Сесловенскиот[1574] конгрес“.[1575] Укажа дека „македонскиот народ ќе дојде со вистинската слобода и рамноправие, одејќи само по патот на своите *велики водачи и учители*: Делчев, Груев, *Тошев*, Питу Гули, Сандански, Влахов ...“[1576]

*Февруари 1942* год.:

Македонски народе, следејќи го патот на твоите *славни водачи* Гоце Делчев, Даме Груев, *Пере Тошев*, (Димитар) Влахов и славните традиции на борбата за слобода, ти нема да дозволиш Македонија да биде фрлена во една страшна национална катастрофа.., патот на спасението е борбата.., пропаста на фашизмот значи слобода за Македонија“.[1577]

---

[1572] Документи за воената организација во Македонија 1941–1945, 1, 1, Скопје, 2001, 27; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 2, 370.

[1573] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 2, 370.

[1574] Одржан во Москва во август 1941 година.

[1575] Извори за ослободителната војна и Револуција во Македонија 1941–1945, I, 1, Скопје, 1968, 51.

[1576] Извори за ослободителната војна и Револуција.., 122; Документи за воената организација.., 1, 1, 29.

[1577] Извори за ослободителната борба .., 1, 1, 112–113; М. Миноски, Авнојска Југославија.., 24).

*Април 1942* год.:

„Македонски народе, Комунистичката партија е правиот наследник на твоето револуционерно минато. Во нејзините редови се вистинските следбеници на Делчев, Груев, *Тошев*, Сандански, Влахов. Таа е единствениот твој вистински водач во твојата денешна борба против фашизмот. Воден од неа.., ќе дојдеш до твоето вистинско национално ослободување, до поубав мирен живот и ќе го славиш искрено, народски, денот на слободата... Да живее слободна Македонија!“[1578]

*Акциониот* народноослободителен комитет на Македонија (АНОК), во Приговорот на Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО.

9 окт. 1943 год.:

„Манифестот, гледан во таја светлина, е акт от историческо значение, наред со манифестот на Крушовската република и Уставот на Натрешната Македонска револјуциона организација на Гоце, Даме, Гјорче Петров и *Пере Тошев*, којто требе да начертае принципите и задачите на Македонската народно-освободителна борба, имајки пред вид миналото на нашиот народ, неговите идеали – национално обединение, на базата на братството на балканските народи – гледано во конкретната воено-политичка обстановка“.[1579]

*Иван* Грашев, 1945 год.:

„Вториот *колос* кој го даде гр. Прилеп *на македонската револуција е Пере Тошев, најскромниот, најтивкиот и најмолчеливиот од четворицата првоапостоли. Идеалист и мечтател*, затворен во себе, се здобиваше со длабоко почитување од населението. ... На ослободителното дело му служеше со нечуена преданост, готов во секој момент на саможртвување. Ако Ѓорче беше умот, тогаш *Тошев беше совеста на Македонија, со кристално чиста совест*. Пере беше *вистински, првокласен конспиратор*, надарен со неисцрпна енергија“.[1580]

[1578] Извори за ослободителната борба.., 1, 1, 133–134; 146–147; М. Миноски, Авнојска Југославија.., 26).

[1579] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност.., 2, 416; Документи за воената организација.., 1, 1, 262.

[1580] ДАРМ, сиг. 4540. Извадоци од весници, „Въспоменателен лист на трима големи македонски революционери“, София, 30. VI 1945, 2–3.

## *Современиците и соборци за Тошев*

*Пиер д'Еспања*,[1581] 1902 год.:

Тошев: „*Крупен, со коса руса што клонеше кон костенлива, со долгманесто лице*.., дополнето *со широко отворено чело*, Тошев, со широките *црномурени очи, густите веѓи и руси мустаќи*. ... Тошев беше особено *воспитувач на селото*, несреќниот умствен пролетеријат.., *слушан со отворена уста* од чифлигарите во Гевгелиско и Аврет-Хисарско. Тој претпочиташе да биде сам со своите слушатели што го сакаа, негови вистински браќа" (превод Кирил Пърличев).[1582]

*Петар Ацев* (на собрание на Прилепското друштво):

„Во овој момент, бидејќи сум повикан, ќе кажам неколку збора за една од *првите фигури* (Пере Тошев) *на една историска епоха* во животот *на македонскиот народ*".[1583]

*Дамјан Груев*:

„*Пере Тошев* беше единствениот со кого бев поинтимен, со кого се разбиравме. Тој е *идеалист, мечтател*, малку затворен во себе, *со бисерна душа*". [1584]

*Анастас Лозанчев*:

„*Пере беше тврд како карпа*. Пере беше *револуционер–конспиратор*. Даме беше конспиратор, но никаков револуционер. Пере беше готов самиот да му ја скине главата на својот непријател. Даме поскоро беше готов да го наклевети, да го оцрни, но никогаш немаше смелост самиот да го ликвидира. Пере беше *смел* човек. Смелоста на Даме беше посредна. Пере влијаеше на тесен круг луѓе. Даме беше генијален организатор, тоа според мене е неговото најголемо достоинство за таа Организација. Пере бараше елита, на тие елити им вдахнуваше душа. Даме на тие луѓе им ја вадеше душата. Пере беше *аскета* во потполна смисла на зборот. Даме беше на другиот крај на таа особина. Двајцата

---

[1581] Францускиот писател се инспирирал од настаните во Македонија поврзани со судењето на членовите на Централниот комитет на Македонската револуционерна организација, по Солунската провала во 1901 год. Тошев е еден од ликовите, заедно со Христо Матов (главен лик) и други македонски револуционери, во неговиот роман „Пред масакрот" (Avant le Massacre), објавен во Париз во 1902 год. Коментирајќи го нивното претставување, Гане Тодоровски пишуваше дека „за разлика од Христо Матов, личноста на Перета Тошев во романот е прикажана во прилична мера објективно". Но не и целата вистина „за држењето на Пере Тошев пред турските власти" (Гане Тодоровски, Одразот на Илинден.., 778).

[1582] Македония, кн. VIII, София, 1922, 21–22.

[1583] Петър Тошев, Бележки за беседа за Пере Тошев.., 3.

[1584] Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените.., 5.

беа трезвени луѓе. *Пере* беше *искрена чесна душа*, многу голема реткост кај прилепчани. Пере беше со праволиниски карактер, ги презираше тие што сакаа да се додворуваат. Пере беше *прекалено скромен* човек. Даме беше погорд од горделивите, асли таа црта е на племето Мијаци. Пере бараше луѓе работливи, со цврста волја. Пере имаше амбиција да се работи, да се твори. Даме имаше болна амбиција што не му даваше мир, да не биде засенет од други".[1585]

„Петар Тошев на себе го сврти интересот и на странските известувачи за настаните во Македонија пред и за време на Илинденското востание".[1586]

„Пере не беше човек кој не ги крие своите мисли од некого, особено од мене. Со Пере од 1894 до 1908 година нè врзуваше најискрено и непроменето пријателство, никогаш со ништо непомрачено".[1587]

*Крсто* Петков (до Делчев), 23 декември 1902 г.:

„Денес добив од Сиљанов отворена картичка во која ми пишува дека пристигнал во Софија *доблесниот* работник на Делото *Петар Тошев*, што многу ме израдува".[1588]

*Рафаел Камхи* (според оцената за придонесот) :

„*Првите основачи на* Внатрешната Македоно-одринска револуционерна организација *ВМОРО*:

I. Даме Груев, роден во 1871 г. во с. Смилево, Битолско;

II. Ѓорче Петров, роден во 1860 г. во село Варош, Прилепско;

III. *Пере Тошев* од град Прилеп.[1589]

„*Тројцата великани* дејци: Даме Груев, Ѓорче Петров и *Пере Тошев*.[1590]

*Павел Делирадев*:

По запознавањето со Тошев во Солун, непосредно по Младотурската револуција:

„Меѓу првите борци кои имав можност да ги видам одблиску, најдетски *скромен* ми се виде *Пере* Тошев". „*Романтичар во најчистата смисла на збо-*

[1585] Спомени отъ А. Лозанчевъ.., 9.

[1586] Спомени од Анастас Лозанчев, бивш член на Главниот щаб на Илинденското въстание, ракопис (ИНИ, АО, Скопје, Сл. IV 88) 9, 51.

[1587] Поправки, извадки, критики... от А. Лозанчев, 8.

[1588] Из Архивата на Гоце Делчев, София, 2003, 425.

[1589] Рафаел Камхи, Првите напори од Ѓ. Петров и Д. Груев за создавање на првите здруженија на учители за самопомош (ракопис, ИНИ АО, Сл. IV, 784), 1.

[1590] Рафаел Камхи, Припреми за Рилскиот конгрес, за оправданоста на Илинденското востание (ракопис, оригинал, ИНИ АО, IV, сл. 785),1.

*рот*. Без надменост, без пози. *Народната слобода за него беше култ*. Колку повеќе го запознавав, толку повеќе се убедував дека Пере е апсолутно туѓ на оваа општопозната македонска животна практичност, дека во животот никогаш не барал за себеси удобно место, дека *народните стремежи господарат во неговиот духовен мир*". Луѓето како Пере, како Гоце, како Јане, се претечи на утрешното, на идното, на саможртвата за општите идеали. Но едните тоа го вршат со внатрешно, макар и спонтано самозадоволство, дека се повикани да прават жртва, да ги трасираат патиштата на иднината. Тие ја сознаваат својата духовна сила; ја чувствуваат својата општествена вредност. И тие даваат сè за борбата, сè свое жртвуваат без страв и без вознемиреност. Затоа меѓу борците има свесни херои. Но, има и *скромни светци* кои не бараат надворешна пофалба, нагласување на нивните дела, *таков беше Пере*". И уште повеќе дека „тој беше *еден од оние македонски скромни светци кои не бараат за себеси* надворешна пофалба и *истакнување на нивните дела*".[1591] „Пере навистина не е роден за диви планини и крвави борби, но е секогаш готов да жртвува сè лично пред олтарот на народната слобода"; „беше *революционер и демократ со морална сила*, самосвесен дека е *повикан да ги трасира патиштата кон иднината"*.[1592]

*Петар Ацев*:

„Во Битолскиот округ по востанието останаа уште Ѓорче Петров и *Пере Тошев,* кои беа сметани како *апостоли* на Организацијата".[1593]

*Христо* Коцев:

„Тој беше многу *љубезен, симпатичен и добар*. Но, се одликуваше со упорност, цврст карактер и неотстапчив од своето мислење. За таа негова особина подоцна на шега го викавме „Арнаутин".[1594]

*Велко Думев*:

„Убаво долгманесто лице, тукуречи детска нежност. Пере излачуваше исклучителна привлечна сила со целото свое суштество: со своите големи нежни очи, обвиени од неговите густи смуртени веѓи; со мазно широко чело, со бушава коса што ја покриваше неговата интелигентна глава и со лесниот збор при

---

[1591] Павел Делирадев, Перето. Възпоминателен лист на трима големи македонски революционери, София, 1945, 2.

[1592] П. Делирадев, Перето.., 2.

[1593] Извадки от спомените на Петар Ацев за периодот 1902–1904 (ИНИ, АО, Сл.IV, 445).

[1594] Хр. Коцевъ, Страници изъ спомените ми, П. Топшевъ, Македония, кн. X, София, 1922, 38.

што и образот му добиваше особено мил, скоро весел вид. Но, Пере ги привлекуваше луѓето неодложно со својата душа. Душа надарена со високи умствени квалитети и добродетелства. Образованието и, главно љубопитството, беа ги развиле неговите умствени способности до мудрост, редок квалитет кај револуционерите, а неговото воспитание и средина беа закалиле во него човек со највисоки добродетелства: скромност, преданост, упорност и трпеливост. Пере ја вршеше работата за Македонија со љубов, предвидливост и мудрост. Туѓ на слабостите на честољубивите, тој не отстапуваше од своите убедувања, но секогаш беше помирлив кога ја чувствуваше таа потреба... Пере не бараше внимание, уште помалку почитување од другите, но секогаш со своите сериозни доводи и заклучоци го предизвикуваше вниманието и признанието на своите другари. Ниту еднаш тој не пројави склоност да се истакне себеси како водач, иако ги имаше квалитетите коишто бездруго му го определуваа прворедното место меѓу првите сили на Организацијата... Ако неговото име не се пронесе со громката слава како на многумина кои помалку го заслужиле народното признание, тоа се должи само на неговата молчаливост, бесшумна, но секогаш свесна, предвидлива и тактична работа. Врв на сите овие квалитети кај Перета држеше неговата грижлива и свесна потчинетост на организациската дисциплина, за неа тој беше готов на секакви жртви“.[1595]

*Никола Киров Мајски*:

„На своите ученици гледаше како на идни апостоли на слободата. ...Многу драгоцени илинденци минаа низ основаната од Тошев революционерна школа во Битола, факели коишто го осветлуваат патот на денешните борци за македонска слобода. Длабок поклон пред светлиот спомен на *великиот учител и апостол Пере Тошев*“.[1596]

*Антон* Страшимиров,[1597]

1923 год.:

„Така и само така веруваше[1598] совеста на Македонија“.[1599]

„Не, Пере Тошевци не се создаваат, тие се раѓаат![1600]

[1595] Велко Думев, Пере Тошев, Ил. Илинден, 76, София, 1936, 2–3.

[1596] Н. К. Майски, Изъ спомените ми за Пере Тошевъ, Илюстрация Илинденъ, год. VI, кн.1–2 (51–52), ноемврий-декемврй, София, 1933, 6, 8.

[1597] Познат бугарски писател.

[1598] Дека за слободата ќе се избори македонскиот народ.

[1599] А. Страшимиров, Две годишнини, „Независима Македони“, 23 май 1923.

[1600] А. Страшимиров, на истото место.

1936 год.:[1601]

„За секоја борба се потребни пет двигатели: срце, волја, совест, разум и историско сознание. Тие двигатели го сплотија народот по Струма и Вардар во пет свои великани:. Тоа се: Гоце Делчев, Даме Груев, Пере Тошев, Ѓорче Петров и Хр. Матов. На прво место го ставам Гоце, оти тој беше срцето на револуционерна Македонија. На второ место го ставам Даме, оти тој беше волјата на револуционерна Македонија. На трето место го ставам *Пере*, оти тој беше *совеста на револуционерна Македонија*. На четврто место го поставувам Ѓорче, оти тој беше разумот на револуционерна Македонија. На петто место го ставам Хр. Матов, оти тој имаше историско сознание“.[1602]

*Симеон Радев*:

1931 год.:

„Пере Тошев е меѓу најголемите македонски дејци и најнеизвесниот. Живееше осамено и умре незабележан. Меѓутоа, неговиот тивок и меланхоличен лик е полн со ретко скапоцена одушевеност“.[1603]

1967 год.:

„Пере Тошев ме привлече уште при првата наша средба (летото 1895 година во Солун – ММ) со својата мекост, со својот *мечтателен поглед* и со интересот кон современата мисла... Кај никој од неговите соборци внатрешниот живот не бил така чист, така сосредоточен и изобилен *со морално богатство* како Перевиот живот“.[1604]

*Јордан Ангелов*, 1947 год.:

„*Пере* до крајот на својот живот е *фанатик и маченик за правда и за слобода на својот народ*“.[1605]

„Пере Тошев е претставник на еден народ и на една епоха исполнета со величествени подвизи од жед за слобода, братство, единство и социјална правда. Во таа епоха, Пере заземаше челно место меѓу нему рамните борци-другари. Ја црпеше својата сила и нескршливата волја од народот, од неговиот измачен македонски народ, од неговото долгогодишно историско минато. Пере Тошев *беше величествен македонски даб*“.[1606]

---

[1601] Во Софија, на собирот одржан на 26 јули 1936 година организиран од раководството на Илинденската организација, насловен „Спомен утро“ за Илинденската епопеја, пред 2000 присутни, меѓу кои и многу учесници во Илинденското востание.

[1602] Антонъ Страшимировъ за прославата на Илинденската епопея, „Македонски вести“, 6, 1936, 5.

[1603] С. Радевъ, Пере Тошевъ. Македония, Албум-Almanach, София, 1931, 38.

[1604] С. Радев, Рани спомени, София, 1967, 258.

[1605] Свеш. Юр. Ангелов, Пере Тошев в спомените на своите блиски.

[1606] Юр. Ангелов, на истото место, 1.

### *Печатот за Тошев*

*„Вистина“ (Advērul)*

Романскиот весник на 28 јули 1903 год. пишувал за раководните личности на македонското револуционерно ослободително движење, под наслов: „Кои се водачите на македонските чети?“ При тоа весникот за Петар Тошев објавил дека е „друг водач на востаниците“. Уште пишувал дека Тошев е „школски инспектор во Прилеп“, дека е на возраст од 37 год., „висок, нервозен и нетрпелив“.[1607] На 8 август 1903 година ја информираше јавноста за Илинденското востание, при што пишуваше дека главни водачи беа Дамјан Груев, Пере Тошев и Анастас Лозанчев. Тошев беше претставен како „висок, сув, со дива природа“. [1608]

„*Словенец*“ (в-к), 8 август 1903 год.:

„Главни водачи на востанието се: Дамјан Груев, Пере Тошев и Лозанчев“. Карактеристика за Тошев: „висок, сув, со дива природа“.

„La Pétite Republique Socialiste“ (Paris), 9 август 1903 год.:

„Востанието започна во Битолскиот вилает на повик од Борис Сарафов, главен македонски воен старешина, и од неговите пријатели, поранешни учители, чии имиња досега беа непознати: Дамјан Груев, Пере Тошев и Лозанчев. Од Пелистер движењето се шири кон Охрид, Дебар, Тетово, Велес, Воден, Костур и веќе ги зафаќа градовите Крушево и Прилеп. Како што дознавме, востаниците го зазеле Крушево на јуриш“.[1609]

„*Учителски глас*“ – Солун, 1 мај 1912 (некролог):

„Тој (Тошев) цели дваесет години работеше за слободата на својата татковина. *Тој се истакнуваше со својата бескомпромисност, со чесност и самопожртвуваност* во работата. Убеден дека прокламираниот Устав е најпогодната форма на политичко уредување на отоманската држава, тој се врати и се посвети на легална работа“.

---

[1607] Ѓорѓе Миљковиќ, Романскиот весник „Вистина“ за настаните во Битолскиот вилает во времето на Илинденското востание, Прилози за Илинден, 2, 670.

[1608] Боро Мокров, Печатот на југословенските народи за Илинденското востание, Прилози за Илинден, 2, 642.

[1609] Според проф. д-р Андрија Лаиновиќ, Француското јавно мислење за настаните во Македонија од 1903 година, Зб. Илинден 1903, Скопје, 1970, 348.

*„Македонско дело*“, 1927 год.:

„*Пере* е една посебна фигура во македонското ослободително движење.., во себе криеше квалитет и гледања на работите на *водач*, покриени *со прекумерна скромност и сентименталност*. Иако еден од основачите и еден од најпрвите водачи на Македонската революционерна организација, Пере остана до последниот ден на својот живот (5 мај 1912 год.) на последен план. Тоа се должеше на неговата скромност. Преживеал живот на *замислен и сентиментален самотник*. Револуционерното време создаде од него *голем револуционер и водач*. И тој беше заситен и убеден во истите оние идеи што ги носеше и ги проповедаше Гоце: самостојна, масовна револуционерна борба за политичко и економско ослободување на македонскиот народ. Пере остана верен на себеси до последниот момент од својот живот. *Пере достоинствено го зазема местото по Гоцета*. Тој е *вториот великан на светата македонска тројка. Голем македонски син*“.[1610]

„*Македонски студентски лист*“, 1931 год.:

„*Првоапостолите на ВМРО* Делчев, Груев, *Пере Тошев* и Ѓорче Петров, во тогашните објективни услови, си поставија за цел автономија на Македонија под протекторат на Големите сили и го издигнаа принципот на внатрешна борба, на масовно востание, на самостојност“.[1611]

*„Македонски вести“*, 1936 год.:

„*Апостолите* на македонското востание: Ѓорче Петров, Гоце Делчев, *Пере Тошев*, Даме Груев, Веле Марков“.[1612]

„*Македонски глас*“ – Буенос Аирес

јануари 1936 год.:

„ВМРО (Об.), единствената народна револуционерна организација на македонскиот народ, наследничка на славните традиции на организацијата на Г. Делчев, Д. Груев, *Пере Тошев*, Ѓорче Петров, Јане Сандански, Димо Х. Димов, Т. Паница“.[1613]

јули 1936 год.:

„Г. Делчев, *П. Тошев*, Д. Груев, Ѓ. Петров, Христо Татарчев ја основаа во 1893 година ВМРО, којашто си постави за цел: политичко подготвување на

[1610] „Македонско дело“, бр. 4, 10 май 1927, 2–3.

[1611] Македонска народна студентска група, „Македонски студентски листъ“, год. I, бр. 2, София, 1931, 3.

[1612] Фотографии во два реда. Тошев во првиот ред, десно од Делчев („Македонски вести“, 6, стр. 5).

[1613] Една отвратителна маневра на българската военно-фашистка диктатура против македонското освободително движение, „Македонски глас, год. 1, бр. 5, Януари, Буенос Айрес, 1936,2.

македонскиот народ, негово организирање во тајни революционерни организации, подигање на неговиот револуционерен дух и преку внатрешно вооружено востание да го извојува своето ослободување“.[1614]

Февруари 1937 год.:

„Другари, Групата[1615] овде[1616] се формира само од млади илинденчиња кои ветуваат да го следат зацртаниот пат од великиот народен син на Македонија – Гоце Делчев и од неговите следбеници Ѓ. Петров, Д. Х. Димов, Јане Сандански, Хр. Чернопеев, Даме Груев, *Пере Тошев* и др., застанувајќи под знамето на ВМРО Обединета, која херојски се бори против фашистичките влади на балканските империјалистички држави за независна Македонија“.[1617]

„*Билтен*“ (Битола),[1618] 1942 год.:

„Ние, Македонците, не се срамиме од својот род, зашто нашиот народ роди великани како Гоце Делчев, Даме Груев, *Пере Тошев*, Карев“.[1619]

*Партизански единици* „Пере Тошев“: партизанската чета *„Пере Тошев“*,[1620] и велешкиот партизански одред *“Пере Тошев“*.[1621]

„*Неделен весник*“ (Тетово),[1622] јуни 1942 год.:

„Најдобрите синови и ќерки веќе нарамија пушки и ја продолжуваат борбата за идеалите на *најголемите македонски херои* Гоце Делчев, *Пере Тошев*, Даме Груев, Јане Сандански, Димо Хаџи Димов, Влахов и др.“[1623]

„*Народен глас*“ (Прилеп),[1624] 28 јануари 1943 год.:

(По борбата на првата чета „Јане Сандански“ на партизанскиот одред „Ѓорче Петров“ кај манастирот Прилепец, на 19 декември 1942 год.)

---

1614 „33 годишнината на Илинденското въстание, „Македонски глас“, год. 1, бр. 11, 28 юли, Буенос Айрес,1936, 1. Со збирна фотографија со ликовите тие и повеќе други македонски револуционери.

1615 Македонска прогресивна група.

1616 Во гр. Рио Негре.

1617 Да се обединим в защита на Македония, Македонски глас, гд. 2, бр. 7, февруари, Буенос Айрес, 1937, 2.

1618 Орган на Месниот комитет на КП.

1619 Душко Хр. Константинов, Неколку историски неточности за Пере Тошев и Даме Груев, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., 134.

1620 В. Весковиќ–Вангели, Континуитетот на илинденската традиција.., 87.

1621 Д-р Владо Ивановски, Пере Тошев име на велешки партизански одред од 1942 година, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, 181–185; Галена Куцуловска, Илинден 1942 година низ вооружените акции на партизанските одреди, Прилози за Илинден, IV, 142, 145.

1622 Издаван од Тетовската партиска организација.

1623 „Неделен весник“, 27 јуни 1942.

1624 Орган на НОФ.

„Четириесет години се лее крвта за слобода на Македонија. Скоро 40 години се навршуваат откако *нашите славни дејци* Гоце Делчев, Даме Груев, Јане Сандански, Питу Гули*, Пере Тошев,* Ѓорче Петров и други со своето херојство и пожртвуваност ни го покажаа патот на борбата за слобода и независност на македонскиот народ.[1625] Денешните народни партизани, тргнаа по стапките на своите стари за постигнување на вечниот идеал на народот: „слободна Македонија“.[1626]

## *Современата македонска наука, публицистика, поезија[1627] и ликовна уметност за Петар Тошев*

*Ак. Љубен* Лапе:

1953 год.:

„На 4 мај 1912 година падна мртов во Дреновската Клисура *еден од столбовите на Македонската револуционерна организација*“.[1628]

1974 год.:

„*Силен ум* со *извонредни квалитети на цврст конспиратор и организатор*. Пере Тошев целиот свој живот ќе ѝ го посвети на Тајната македоно-одринска револуционерна организација, ќе ги осмислува и трасира патиштата на нејзиниот од, ќе ја брани од секакви надворешни влијанија и пречки, остро ќе се бори за воведување на принципите и нормите на демократскиот централизам за нејзиното раководење. За разлика од елоквентниот на збор и јак на перо негов врсник и другар од детството Ѓорче Петров; за разлика од експлозивниот ентузијаст и масовик Гоце Делчев и, за разлика од гордиот и не ретко наметлив Даме Груев, *Пере Тошев* беше и си остана до крајот на својот живот затворен во себеси и со својата *прекалена скромност*, тукуречи остана и до денес најнезабележлив од сите водачи на Организацијата“.[1629]

„Скромноста беше и си остана најголем украс на неговиот карактер“.[1630]

---

1625 Нагласено во документот.

1626 Историски архив на КПМ, 2, 322.

1627 Песна напишана на бугарски јазик од Македонецот по род Кирил Манасиев, објавена под псевдоним Вечерин, под наслов „Посветена на Пере Тошев“, беше објавена во в. „Македонски вести“, год. I, бр. 4, София, 1935, 6.

1628 Љ. Лапе, Пере Тошев. По случај 41-та годишнина од неговата смрт, „Нова Македонија“, 4 мај 1953, 2.

1629 Љ. Лапе, Животниот пат и делото на Пере Тошев (Пристапно предавање во МАНУ, Скопје, 1974), сепаратно издание, 61; Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, 103.

1630 На истото место, 119.

*Десанка* Миљовска:

„Најголемите интелектуални, идеолошки сили како Ѓорче Петров, најголемите морално-политички авторитети како Гоце Делчев, *Пере Тошев*, Јане Сандански, социјалистите сраснати со масите како Никола Карев, Русински, подоцна Димо Хаџи Димов.., останаа верни на својот народ и неподатни на онаа опасност што доаѓала од младите балкански држави“.[1631]

*Милчин*, Илија

1994 год.: „Девствениците Гоце, Даме, *Пере* (за кои Блаже Конески ни остави прекрасни стихови) и мнозина други од ослободителните борби.., кои никогаш и го немале она, што денес го викаме личен живот. Тие знаеја само за труд и мака, за борба за својот народ“.[1632]

„Кога имав само десетина години, во 1929 година, по воведувањето на кралската диктатура, цела една седмица мојот тетин, внук на Пере Тошев, заедно со тетка ми и со татко ми ја гореа ноќе библиотеката на Перета“.[1633]

*Песни*

*Каровски*, Лазо

*Македонио*!
1943.

Македонио, мајко мила,
земја ф робство поробена,
пот студена, крф црвена
ф тебе угул е леен.
Леена од наши борци,
от прочути Македонци,
да премаанат тиранина,
да добиат слободиа.
Македонијо, мајко мила,

[1631] Д-р. Десанка Миљовска, Местото и улогата на интелигенцијата во Илинденската народна револуција, Зб. Илинден 1903, Скопје, 1970, 84-85.

[1632] Илија Милчин, Моите сеќавања за Кузман, Зб. Кузман Јосифовски–Питу, време–живот–дело (1915–1944), Скопје, 1995, 98.

[1633] И. Милчин, Моите сеќавања.., 105.

славни деца си раѓала,
храбри–со прочута сила,
надарени с златни крила.
Апостоли во народа
за слатката ни слобода,
страшни борци по балкани
за победа над тирани.
Гоце Делчев, Даме Груев,
Ѓорче Петров Пере Тошев,
а и други очте борци-
воеводи илинденци.
Тиа борци загинаа
ф лута борба за слобода,
имиња ногу останаа
да се слаат во народа. [1634]

*Зајкоски*-Чавето, Зане

*Не се сака*,
1944.

Не се сака, браќа мили,
нос голем и кренат,
небо је горе-многу високо,
а море долу-многу длабоко.
Не се сака само песни, прикаски
за Гоце и Даме, Пере и Ѓорче,
а тврда вера, вера во народ,
вера во наша силна победа.
Не пискот на жени и детински глас,
не жалби и молби од царскиот спас,
а волја силна, силна ем машка
за борба, за народ,за живот, слобода.
Не прчејне „кој сум и шо сум“,

[1634] Д-р Блаже Ристовски, Македонскиот стих 1900–1944. Истражувања и материјали, II, Скопје, 1980, 370; Даме Груев во македонската народна и уметничка литература.., 256–257.

не дигајне глави пред целио свет;
цел народ се бори, цел народ живее
за равенство, братство, единство и слога.[1635]

*Органџиева,* Цветанка
*О, јазик татков*!
1944.

О, јазик татков, чуден и мил
сѐ ули за тебе слушам!
Ти неизделкан и груб си бил [1636]
никаква убост не си скрил,
о јазик татков мил!
А слушам као в планината
као овца кратко ѕвониш ...
Те слушам и в шумот на реката
и в изворот како ромориш ...
Те слушам и трпнам целата
в народна песна кога грмеш! ...
Ти си мек и трепкав као роса;
и слза малка на пролетна лоза;
игрив као извор в трева зелена,
убав као гора в снежна промена,
силен као рикот на војна распалена!
Не си ти тој шо ветар ропски го довеа
и по градовите со шум голем развеа!
А тој шо се лее по гори и полиња:
бел и чис од матната, довлечена тиња!
О, тој! ... Тој ги води Делчев, Тошев, Груев,
тој отвори небе за слободен, с’нчев изгрев!

[1635] Д-р Блаже Ристовски, Македонскиот стих.., 2, 280–282; Даме Груев во македонската народна и уметничка литература.., 257–258.

[1636] Д-р Блаже Ристовски, Македонскиот стих.., 2, 382; Даме Груев во македонската народна и уметничка литература.., 258.

Конески, Блаже

*Девственици*

Ни збор за глуждот што подмолно боли.
Сте минале, од љубов гладни, саме.
И една смртта ве запозна голи,
аскети преки – Гоце, Пере, Даме.

Ни еднаш рака на вашето раме
не се допре, што сакала да гушка,
а само сенка бесплотна од знаме
и само колан од студена пушка.

И само на сон сте земале прочка –
забрзани – до оној заден екот,
до оној куршум, в срце, како точка.

Не истина на сонот жедост врена,
не сетивте да стане дребен векот –
ни колку може да навреди жена. [1637]

*Портрети на Тошев.*[1638]

*Ванѓел Коџоман*,

Портрет масло, платно 1953 година – Институт за национална историја во Скопје.

Ванчо Георгиевски,

Портрет, масло, платно, 1953 година, Историски музеј на Скопје. (инв. бр. 676).

---

[1637] Блаже Конески, Зборот, Скопје, 1994, 69; Даме Груев во македонската народна и уметничка литература.., 260.

[1638] За тоа повеќе: Нико П. Този, Илинденското востание во современата македонска ликовна уметност, Зб. Илинден 1903, Скопје, 1970,626–627.



Девственици

Ни збор за [illegible] што [illegible] бели.
Сите минале, од [illegible] [illegible], сами,
и една старица ве [illegible] [illegible],
а имиња други — Тоше, Пере, Дане.

Ни една рака на вашето рамо
не се допре, [illegible] сакала да [illegible],
а само сенка [illegible] од [illegible]
и само колан од студена [illegible].

И само на [illegible] себе [illegible] [illegible] —
[illegible] — до оној тајни [illegible],
до оној [illegible], в срце, [illegible] [illegible].

На [illegible] на својот [illegible] [illegible],
не сакавте да [illegible] [illegible] [illegible] —
[illegible] никогаш [illegible] да [illegible] жена.

Факсимил на ракописната песна Девственици
од Блаже Конески

## Документи од и за Петар Тошев

Док.
Потврда
од Петар Тошев, Христо Матов и Иван Хаџи Николов
за парична помош примени на заточение во Подрум-кале,
6 јуни 1902 година.

Док. 1
Расписка

Потпишаните потврдуваат за сумата од петстотини тринаесет и педесет стотинки (513,50) златни лева, примена преку Бугарското дипломатско агентство во Цариград, како помош од македонско-одринските студенти на Вишото училиште во Софија за да се поделат меѓу другарите на бугарските политички затвореници во Бодрум-кале.

Бодрум-кале, 6 Юний 1902
П. Тошев,
Х. Матов
Ив. Х. Николов

(Македония, Сборник от документи и материали, София, 1978, 427).

Док. 2

Писмо од Крсто Петков до Гоце Делчев, 23 декември 1902 година.

Денес добив од Силјанов[1639] една отворена картичка во која ми пишува дека пристигнал во Софија доблесниот работник на делото Петар Тошев, што многу ме израдува.

...

Сега Ви посакувам весело да ги поминете светлите празници, Ве поздравувам најсрдечно Вас и сите Ваши пријатели.

23 декември 1902 год.

Со поздрав,
К. Петков[1640]

(Из архивата на Гоце Делчев.Задграничното претставителство на ВМОРО в София до края на 1902 г.,София, 2003, 425–426).

[1639] Христо Силјанов.

[1640] Деец на Македонското друштво во Варна.

## Док. 3
## Писмо
## Писмо од Лука Поп Теофилов[1641] до Иван Бележков,[1642] јануари 1903 година

14.I, 1903 год.

По препорака од д-р Христо Татарчев, Христо Матов и *Петар Тошев* (претставници на Внатрешната организација) ти соопштувам:

1. Да се погрижиш со помош на повидни бегалци од Разлог, да формираш раководно тело (од 3 или 4 лица) од емиграцијата во Чепинско коешто, како внатре (во Македонија), да се грижи за работите по делото и за дисциплината меѓу сите членови.

2. Да составиш список на сите бегалци кои биле внатре заколнати членови, со означување одделно кои од нив сега остануваат верни на принципите на В.(натрешната) организација, кои се откажале од тие принципи и кои се сомнителни. Списокот да им се препрати на другарите во Софија.

3. Здравите членови да се поделат во десетини и да им се постават десетари.

4. Раководителите како и десетарите да ги собираат членовите, да ги воспитуваат во духот на Внатрешната организација, да им ги читаат и да им ги разјаснуваат весниците и да се погрижат да најдат воени (лица) кои тајно (во куќи) да ги обучуваат десетарите за најважните воени поими.

5. Сите членови да се подготвуваат, да бидат готови како дека утре ќе бидат повикани на востание, а никој никому да не говори за востание.

6. Поимотните луѓе да се погрижат самите за своето вооружување.

7. Да се соопштат имињата на раководното тело.

Со поздрав на сите и на тебе,

Софија, 14. I 1903 г.
Л. п. Теофилов

(Лазар Томовъ, Лука попъ Теофиловъ
(Милейчинъ), Илюстрация Илинденъ,
год. 4, кн. 8 (38), София 1932, 8–9).

---

[1641] Лука поп Теофилов (с. Белица, Разлошко, 1865–1912).

[1642] Раководител на пограничниот пункт на Организацијата во Чепинското корито.

## Док. 4
## Писмо
## од Петар Тошев до Никола Малешевски,
## 16 јануари 1903 година

Кољо,

Добро си направил што си му излегол во пресрет на Развигоров[1643] да не си го губи времето.

Пријателот изгледа сака таму да се одмаздува за овдешните негови непријатности. Биди попретпазлив и повнимателен.

Парите барани од тебе ако се во врска со барањето на Стефанов,[1644] прашањето е решено. Ако е за друго, пиши повторно.

Овде пристигнаа (колку да се знае и Феруг-бег[1645]) тајно двајца големци [1646] од долу[1647] како делегати на уште потајниот (?!) „конгрес“. Го решиле прашањето за востание со општи сили. Овде започнаа собранија и лигавењето, ќе го видиме крајот на оваа комедија. Тоа е за твое лично запознавање.

Чекаме да замине Савата,[1648] а после ќе слезе и манијакот.

Верувам дека си се сретнал со гостите кои таму му пристигнаа на Минѓо,[1649] белки ќе нè зарадуваат.

Поздрав,
П.Т.

(Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903,
поглед низ документи, Скопје, 2013, 358)

[1643] Војводата Мише Развигоров.

[1644] Веројатно Димитар Стефанов, задграничниот претставник на ЦК.

[1645] Османлиски комесар во Софија.

[1646] Иван Гарванов и Велко Думев.

[1647] Од Солун.

[1648] Војводата Сава Михајлов.

[1649] Димитар Лазаров Тодев–Минѓо, претседател на Разлошкиот околиски комитет.

Док. 5
Писмо
Од Пере Тошев до Никола Малешевски,
24 јануари 1903 година.

Кољо,

Просто нѐ измачија со прашањето за Стефан, ако ставивте крај, објасни како се случи тоа и зошто. Језк. Гледај да не се остава.

Исто така јави што направивте со оние 9, ако и за другите што мислеше да ги купиш. Многу ни се потребни, и тоа за кусо време. Веднаш одговори што е направено и што треба да направиш. Што и на кај тебе?

Имаме незаситна потреба за манлихерки за некои чети, и тоа во рок од 5–10 дена. Дали можеш да ни бидеш од корист за доставка на такви (пушки)?

Овде ништо ново. Се претпоставува дека, како што рекол Данев[1650] во Собранието, за брзо време ќе следат строги мерки против комитаџиите, мерки што ќе се одразат и врз нас. Тоа имајте го предвид и вие таму. Овде момчињата ги фаќаат на улица како овци и ги интернираат, независно чии се.

Манијакот поминал среќно. Млечното[1651] е жив и здрав. Гласините ширени за него не се вистинити.

Од Дељо дали има известување? Се пушти вест дека Дончо[1652] преминал, дека убил две наши момчиња. Што има навистина.

Хаџијата[1653] ненадејно замина со Манијакот, со обврска тој да го префрли кај Крсто,[1654] а по можност и кај Јане.[1655]

Прашањето за помирување фала на Бога не се покренува. За востанието се јави голема наклонетост, но ќе видиме. Јас присуствував на собранијата. Му пишав на Гоцета за новите решенија (донесени) сега. Јас сакам да му пишувам. Јави за можноста.

Поздрав,
П.Т.

(В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893–1903, поглед
низ документи.., 359–360)

---

[1650] Д-р Стојан Данев, претседател на бугарската влада.

[1651] Владислав Ковачев, офицер на бугарската војска, врховистички војвода.

[1652] Дончо Златков, врховистички војвода.

[1653] Димо Хаџи Димов.

[1654] Крсто Асенов, офицер на бугарската војска, врховистички војвода.

[1655] Јане Сандански.

## Док. 6.
## Писмо
## од Петар Тошев до Константин Кондов,
## го повикува да учествува во претстојното востание во Македонија,
## 18 февруари 1903 година

Господине Кондов,

Денот на одмаздата се наближува. Многу трпеливиот и многустрадалниот македонски народ е веќе решен да се бори и тепа, не само да рајува.

Ти си прилепчанец и затоа ќе милееш за нашиот роден крај.

Задолжен сум да те поканам да земеш учество во подготвуваното големо ослободително дело. Одовде не можам категорично да ти кажам во кој крај ќе бидеш испратен, но верувам, а и мојата желба е, да отидеш во Мариовско. Кога ќе го добиеш моево писмо не се задржувај, тргнувај заедно со подофицерот и со своите момчиња. Овде (во Софија) се формира Прилепска чета, ќе гледам со неа да заминеш. Пушки, облека, куршуми и сѐ друго потребно ќе ви се даде овде.

Запомни добро, востанието ќе се крене и ќе се води во името на Внатрешната организација.

Толку со писмо, а усно повеќе кога ќе се видиме“.

Со братски поздрав,

Гр. Софија, 18 февруари 1903 година,
Пере Тошев

(Коста Кондовъ, Към Вардар (лични спомени
от 1903 г.), „Независима Македония“,43, 1 февруари,
София, 1924).

## Док. 7.
## Писмо
## од Иван Гарванов од Солун до Задграничното претставништво во Софија, 6 септември 1904 година.

Напишано на шести деветти во Света Гора,[1656] за Висока.[1657]

Дојдов на трети и затекнав очајна состојба, но јас не се обесхрабрувам, затоа што ние сме на правиот пат, само ќе треба за десетина дена нашите чети да заминат за Лерин и Костур, па и за Воден. Сите момчиња нека влезат и ние ќе им кажеме каде има потреба. Давидов[1658] да замине побргу и кратко да се задржи во Воден, каде што по шест дена ќе биде и Аргир.[1659] Тој денес беше во нашиов град и се испраќа со *Перо*.[1660] Му дадов инструкции и замина.

...

Поздрав од заточениците, бакнеж од мене особено за Митето, ако е обричен.

Давид[1661]

(Из архивата на Гоце Делчев, Задграничното
представителство на ВМРО в София до края на 1902 г.,
София, 2003,21–22).

[1656] Солун.

[1657] Софија.

[1658] Тома Давидов.

[1659] Аргир Манасиев.

[1660] Веројатно Петар Тошев.

[1661] Иван Гарванов.

## Док. 8.
## Циркулар I.
## Извадоци од решенија на Рилскиот општ конгрес на Организацијата со толкувања и објаснувања на конгресната комисија во состав: Дамјан Груев, Петар Тошев, Ѓорче Петров и Ѓорѓи Поп Христов, 1905 година

I

Општиот редовен конгрес на ВМОРО се одржа со учество на 22 делегати од шесте нејзини окрузи. Делегатите имаа полномошна од надлежните управи. Се избирале врз основа на привремените правилници во окрузите.

Делегатите едногласно решија, само за тој Конгрес:

1. Да се признаат за законски и регуларни сите одржани избори и полномошната на избраните делегати;

2. Конгресот да се признае за законски и правилен;

3. За ценз при определувањето на бројот на делегати по окрузи да се земе бројот на организираното население, така што на 50–60 души да има еден делегат.

*

Во последните две години окрузите работеле секој само за себе и се раководеле од свои правилници, усвоени на окружните конгреси. На таа ненормална состојба и на потребата за единствени прописи за еднаквост во дејствата во целата Организација беше укажано од сите делегати и во сите резолуции на окружните конгреси.

Согласно горните потреби, Конгресот ја утврди следната програма на прашањата за разгледување, земајќи ги предвид резолуциите на разните месни и окружни конгреси:

1. Презентирање на минатата дејност и сегашната состојба во Организацијата по окрузи и околии;

2. Идната дејност на Организацијата;

3. Уредувањето и управувањето на Организацијата;

а) Административен оддел (граѓански и борбен),

б) Судство,

в) Финансии,

г) Култура и економија,

4. Литература и печат;

5. Односот и поведението на организацијата спрема разните фактори;

а) Кон сите пропаганди (легални и вооружени),

б) Кон бугарскиот државен национализам и спрема Егзархијата,

в) Кон врховистите, емиграцијата и општественоста во Бугарија,

г) Кон одделните организирани групи внатре кај нас и надвор.

6. Тактиката на Организацијата;

7. Отчетност за дејноста на Ц(ентралниот) комитет и Задграничното претставништво.

*

Специјална комисија беше задолжена да испрати во внатрешноста Циркулар со извадоци од поважните општи решенија за информирање, објаснување и толкување на правилниците за раководење при нивната примена.

Овој општ редовен Конгрес се одржа надвор од територијата на Организацијата поради следниве причини:

1. Сегашниот Конгрес има судбински карактер и голема важност за Организацијата, затоа што од него се очекува да се озакони единството на Организацијата и нејзината положба, а во внатрешноста, при сегашната ситуација, е сомнително дали Конгресот може спокојно да заседава и докрај да ја заврши својата работа.

2. Сите делегати избрани од внатрешноста, и денешните внатрешни дејци и надвор од организационата територија можат, со мали исклучоци, да бидат вистински изразувачи на внатрешната состојба и на внатрешните организациони потреби.

3. Речиси сите делегати дојдоа зад границата и се сметаше за непрактично префрлањето (назад).

4. Некои делегати на тоа да го направат поради нивната возраст и физички недостатоци.

Тие причини прифатени со мнозинство гласови се со важност само за овој Конгрес, без да послужат како претекст во иднина.

*

По третото читање на Уставот и на Правилникот, кога истите веќе беа усвоени од делегатите во дефинитивна форма и стапија во сила на законски Конгрес, согласно одредбите во Правилникот избра лица за Централен комитет, општи ревизори, финансиска контролна комисија и Задгранично претставништво. За Задгранични претставници беа избрани: Ѓорче Петров, Димитар Стефанов и Петар Поп Арсов.

## II
## Изминатата дејност на Организацијата

При претставувањето на изминатата дејност на Организацијата и нејзината положба во последните две години, беа одбележени како важни за во иднина следниве работи:

1. Организацијата е самородна појава во земјата, плод на условите на животот, на турскиот режим и на будењето на населението. Нејзиното постоење и развиток биле самобитни и се одвивале самостојно. Истата била револуционерна од самиот нејзин почеток, но нејзината идеологија се развивала постепено како што се развивала и издигнувала.

2. Оформувањето и проширувањето на основните уредби на Организацијата се правело постапно. Истите се проширувале како што се развивала Организацијата и се ширела нејзината дејност. Развитокот секогаш претходел на уредбите. Тие уредби ги регулирале фактичките потреби на делото. И сега Општиот конгрес се придржуваше на таа практика, затоа што истата гарантира природен тек на работите и нивни правилен развиток.

3. Планираниот развиток на месните организации и нивното подготвување за истовремено општо востание не биле остварени поради неповолните за тоа околности. Како последица на таа ненормална состојбач се случија местимични востанија. Законските одредби за идното востание, развивањето на солидарност и единство во Организацијата имаат за цел да ја елиминираат таа можност во иднина.

4. Поранешните правилници на Организацијата не биле целосно спроведувани; различни сили во својата дејност и во своите агитации не се раководеле точно по истите, а повеќе постапувале според свои лични убедувања и гледање на работите. Конгресот смета дека во иднина е потребно строго придржување на правилниците за правилен развиток на организационите работи и за доброто раководење со истите. Придржувањето на пропишаното во правилниците и нивна целосна примена се става во дожност на раководните тела и лица.

5. Агитацијата се водела различно, според тоа како ја сфаќале раководните сили–агитаторите, не само за сето време на постоењето на Организацијата до денес, туку и по реони во исто време. Тоа го нарушувало единството на Организацијата. Многу е важно во иднина да се отстранат разликите во агитацијата и во начинот на дејствувањето, да се постигне единство на гледањата на дејците во различните краеви на земјата. Заедничката литература, заседанијата на конгресите и други средби на дејците од разните краеви на организационата

територија се прифаќаат како едно од средствата за постигање на единство на мислењата и исто водењето на агитацијата и во дејноста.

6. Немало потребна контрола од горе како на агитацијата и работите воопшто, што е една од слабостите во досегашниот систем на управување. Поради императивната потреба од контрола, за во иднина се предвидува не само посебни институции, туку и се дава можност за заемно контролирање на делата и работите од горе надолу и од долу нагоре.

7. Се забележени нерегуларности во располагањето со парите речиси насекаде, а на многу места и злоупотреби. Во врска со тоа е силно разнишана довербата на населението во раководните сили и установи. Во правилниците се предвидени редица законски одредби за тоа важно прашање, но од идните управи ќе зависи најмногу за да се врати старата доверба во однос на парите.

8. На Конгресот се укажа на слабостите и неактивноста на градските организации, во споредба со селските, како на општа појава во Организацијата. Но, тоа се должи на несразмерноста во развивањето на организацијата и еднострanчивоста со пренесување на нејзината сила во селата и на четите. Заслужува внимание незадоволството на селата од градовите поради нивното споредбено слабо учество во востанието во (1)903-та година и за лошите последици од истото, како и поради натпреварувањето меѓу градските управи и раководните сили и четите за господство во раководењето. Конгресот смета дека е императивна потребата за заживување на градските организации, посебно во однос на оружено-материјалната и борбена подготвеност. Посебни членови во Правилникот се со цел да го свртат вниманието на градските дејци од околијата за да ги концентрираат сите градски сили за напредување на градските организации, а другите членови ги регулираат меѓусебните односи меѓу легалните и нелегалните сили за да се запре натамошното натпреварување меѓу градските и селските организации и меѓу градските и горските раководни сили.

9. Во извештаите на повеќето реони се истакна немањето на легални раководни сили кои во потполност ќе одговараат на барањата на Организацијата, како и недостасување на војводски и четнички сили целосно погодни за извршување на своите должности. Правилникот предвидува достапност за раководење со работите на поширок круг луѓе со цел да се истакнат и да се подготват повеќе нови сили, па со време да се пополни таа празнина во организацијата.

10. За Четничкиот институт се кажа дека произлезе од фактичките потреби на Организацијата, се појави и се развиваше со природниот развиток на

организационите работи. Се прифаќа и за натаму како потребен составен дел на Организацијата. Истовремено е погубно за правилниот развиток на организационите работи, четите во Организацијата да бидат сè секаде, ним да им се налага и од нив да се очекува сè. Во иднина Организацијата ќе се стреми раководењето со организационите работи да биде првенствено во рацете на самото население преку од него избрани лица и установи во градовите и селата.

III

Од расправата за идната дејност на Организацијата, се утврдија следниве точки:

1. И во новонастанатата положба, создадена со замешувањето на европските цивилни агенти и офицери во внатрешното управување на земјата на еден дел од организационата територија, Организацијата продолжува да ја смета масовната оружена борба против турската власт за крајно средство на својата борба за отстранување на турскиот режим.

2. На востанието се гледа како на краен резултат на една повеќе или помалку трајна револуционерна дејност за подготвување на населението и како краен и широк израз на синџир на одделни дејства на организираното население.

3. Организацијата, како и порано, ќе биде против востанички акции, во секој обем, со надворешно сугерирање од политички причини.

4. Се поддржува спротивното во однос на тоа прашање: Организацијата не се откажува од својата дејност и не ги ограничува своите потфати поради такви сугестии и објави.

5. Откажувајќи се од такви акции, Организацијата во својата дејност ја прифаќа линијата на однесување поактивна од таа пред востанието за позасилено будење на населението и негово калење за борба. Условите за живот се такви така да борбата треба да се води за подготвување на населението, тоа да ја води, а не да има индивидуален карактер и да ја водат само четите.

6. Во сегашните услови се предвидуваат следниве појави на активност:

А) На секоја жестока репресија од власта да се одговори со одмазда.

Б) На агенти на власта (воен или полициски) кои во одредени случаи се појавиле со особено залагање против Организацијата и со жесток притисок на четите и на населението, да се казнат со казната предвидена во Правилникот.

В) На работниците да им се даде слобода за лични одмазди во граѓанската борба меѓу христијанското и турското население, како и за одмаздување на агентите на власта кои се обидуваат да посегнат против нив и да ги измачуваат.

Г) Во духот на погорното се дава слобода и за лична иницијатива.

7. Организацијата идејно и според начинот на дејствувањето си останува пред сè революционерна, но во исто време си поставува за задача со својата дејност да го опфати целиот општествен и економски живот на населението и со него да се соедини. Останувајќи со збор и на дело на подготвувањето за оружена борба како прва задача, во корист на населението започнува економска борба со турското население, посредно и со Владата, и да се грижи за културно и општо издигнување на населението.

8. Организацијата не е против поднесувањето писмени до странските претставници протести од населението против самоволието на властите по кој било повод, индивидуално или од колективи на собранија.

*

Организацијата и нејзините членови обвинети за нарушување
на постојното законско уредување.

Поради повисоките интереси, главно поради потребата за зајакнување на единството во Организацијата, конгресот реши: да не се разгледуваат делата и да не им се суди на лицата и групите обвинети за нарушување на постојното уредување на организацијата со својата дејност до 1-ви ноември 1905 година. Тие лица и групи ако и по тој датум бидат обвинети за истото, ќе бидат земени на одговорност не само за новите постапки, туку и за нивните стари дејанија.

IV

Административна поделба на Организацијата

Останува старата административна поделба на револуционерни окрузи и околии. Реоните што порано постоеле само по некаде, се прифаќаат секаде во големите и разбиени. Потребата за истите се претставува и нивното утврдување го вршат околиските конгреси.

Конгресот ја прифати и за натаму досегашната поделба по окрузи и околии. Исклучок направи за 1–2 околии на кои тоа по надлежен ред ќе им биде соопштено од Централниот комитет. Освен тоа, на Конгресот е утврдено дека само општиот конгрес може да ја менува постојната поделба на организационата територија на револуционерни окрузи и околии. Околиските и окружните конгреси можат само да искажуваат мислење и желби за тоа.

V

Литература и печат.

Во конгресот беше истакнато од сите делегати и со конгресните решенија се нагласува потребата на Организацијата за литература и печат и значењето општо за културно издигнување на населението и посебно за разјаснувањето на целите и задачите на ослободителното дело. Затоа во правилниците се предвиде посебно место. Предвиден посебен комитет при Задграничното претставништво кој ќе се грижи за доставување литература и посебен фонд за издавање книгички, брошури и специјален весник за внатрешноста. Централниот комитет по надлежен ред ќе им соопшти на комитетите за нивниот удел во тој фонд. За поттикнување на добрите писателски сили, се прифаќа слобода на пишувањето и на мислата. Брошурите и книгите што ќе ги издава самата Организација задолжително треба да бидат напишани во духот на нејзините цели. Организацијата може да откупува и да шири книги и брошури, приватни изданија, независно дали истите се во согласност со нашето мислење или не. За претставување на своето мислење пред надворешниот свет, организацијата се служи со подлистоци на нејзиниот орган или во весници во Бугарија и во странство што сочувствуваат. Кај секој (окружен) комитет се формира информационо биро со задача да собира и да запишува сведенија за сите случувања и за сите инциденти на самото место и по надлежен ред да се испраќаат, по можност што побргу и посигурно, за објавување

VI

Организацијата и Егзархијата

Сите појави во делата и постапките на Егзархијата и нејзините органи во насока на бугарскиот државен национализам, Организацијата ги смета за пакосни за нејзините цели им се противставува

VII

Организацијата и пропагандите

1. Организацијата, имајќи за основна цел сеопшто револуционерно подготвување на масите за оружена борба против турскиот режим, на секој човек во Македонија и во Одринско му ја обезбедува слободата на вероисповедта, убедувањето и националното самосознание. Меѓутоа, се противставува на секоја легална пропаганда која населението го отклонува од Организацијата и нејзината револуционерна дејност.

2. Организацијата, поаѓајќи од таа цел, се смета за должна да се грижи за безбедноста и интересите на своите членови. Дејствувањето на пропагандите со нелегални средства Организацијата најостро ги осудува како упропастувачки за населението и пакосни за ослободителното дело, виновните ги прогонува. Грчките и српските чети ги смета за органи на односните влади и агенти на слична нелегална борба, а нивната дејност директно вперена против целта на Организацијата. Како такви таа ќе ги гони со сите свои сили и средства на следниве основи:

а) Дека се тие орудија на владите на државите кои сакаат завладување на организационата територија;

б) Како такви тие се и против автономијата на Македонија и на Одринско;

в) Го делат населението и со тоа ја слабеат неговата сила во борбата со Турчинот;

г) Убиваат невини луѓе за кои Организацијата е должна да се грижи и да ги чува;

д) Дејствуваат сојузени со турските власти.

VIII

Организацијата и емиграцијата

Конгресот му става во должност на Задграничното претставништво да се грижи, да ја здружува и да ја приврзува емиграцијата кон ослободителното дело и кон Организацијата. Во тој однос не се прави разлика меѓу неа и широките маси во Бугарија кои како и емиграцијата се заинтересирани за ослободителното дело. Таа (емиграцијата) се прифаќа како дел од организационата територија и задолжена за целата Организација. Нејзиното разделување се смета за потребно. За постигнување на тоа, Организацијата треба да објави силна борба против врховистите како внатре во Македонија, така и во Бугарија, за да може побргу и дефинитивно да се искорени тој чир. За да не се направи лош впечаток во бугарското општество, особено поради можни крајности во Бугарија, Конгресот реши да го информира тоа општество за последното свое решение и да го повика самото тоа да го стори потребното за Организацијата да се ослободи од потребата за крајни мерки, затоа Конгресот го прифати следново конгресно

## Соопштение
## за јавноста во Бугарија

Ова соопштение Конгресот го издава за тукашните членови на групата македонски дејци наречени „врховисти“ за да симне од својот грб секаква одговорност за можните крвави последици кои го вознемируваат целиот бугарски свет и да ги предупреди дека Организацијата е цврсто решена незадржливо да оди по својот пат, отстранувајќи ги сите пречки на тој пат, дури и да рескира да губи морално за себе во очите странскиот свет.

Во нивната група Организацијата согледува надворешно влијание и тенденции спротивни на нејзините начела. Конгресот ги потенцира опишаните напади на нивната група врз нашите работници, опишани во прилогот на „Революционерен лист“ и може да наведе и други. За Конгресот е свршен факт дека врховистите ги спроведуваат своите напади со оружје и дека на тој начин насилно посегаат врз целата организациона територија. Горните и други планови од таков вид ги ставаат во редот на непријателски здруженија и групи, затоа за нив се задолжителни одредбите од Правилникот за такви групи и здруженија. И покрај тоа, Конгресот реши да им го испрати ова соопштение. Меѓутоа, тоа поведение на Конгресот не може да ја скрши нивната упорност, на дејците од тој вид.

Со желба да води сметка за тукашната јавност и емиграцијата, Конгресот смета за умесно да го публикува овој документ со цел да ја повика јавноста со својот авторитетен притисок да ги запре да го прават тоа. Тоа неодложно го налагаат татковинските интереси на секој чесен човек, што тие со својата фракционерска заслепеност не го гледаат. Конгресот ја смета и јавноста за индиректно виновна за братоубиствената борба, затоа што со својата морална и материјална поддршка ја одржува во живот групата. Ете за тоа реши да издаде предупредување и на јавноста за да ја потсети на нејзината обврска, по што Организацијата нема да води никаква сметка и за нејзиното мислење за борбата што ѝ се наложува.

За да им се одземе на врховистите секоја можност да се жалат пред јавноста во Бугарија за решителните мерки на Организацијата против нив во Бугарија и внатре, дека не се претходно известени и на основа на фактот дека за време на востанието 1903 година тие биле прифатени да земат учество и после тоа немало никакво разбирање, се реши да им се испрати долното соопштение, без да се влегува во преговори со нив.

## Соопштение
## до групата македонски дејци наречени „врховисти“.[1662]

Општиот конгрес на Внатрешната македонско-одринска революционерна организација смета дека единствената посигурна гаранција за успешно завршување на започнатото ослободително дело лежи во самостојноста, единството и моќта на Внатрешната организација и за тоа донесе решение да ги брани тие начела како скапоцен залог за ослободување нашата татковина.

На основа на горното, Организацијата во иднина никако не може да толерира на својата територија никакви други групи и здруженија со иста цел и задачи, било тие да произлегуваат однатре, нејзината територија, или однадвор од неа. Таа ќе ги гони по секоја цена и со сите сили активистите на таквите групи и здруженија како опасни непријатели на ослободителното дело, а нивните водачи подлежат на сите строгости на Уставот и Правилникот, предвидени за пакосниците на ослободителното револуционерно дело и злосторници на татковината, каде и да се наоѓаат, членови на Организацијата или нечленови.

Во замена за тоа, Организацијата со новите одредби дава широка можност за членство во неа на секој силен поддржувач на ослободителната революционерна борба во Македонија и Одринско. Без каква било резерва ги обезбедува сите свои членови без разлика на народност, потекло и убедување со сите предвидени за нив права и должности предвидени во Уставот и Правилникот. Конгресот смета дека горенаведеното решение овозможува на секого стапување во Организацијата и се надева дека со истото во своите редови ќе ги види обединети силите на сите искрени и вистински поддржувачи на ослободителната революционерна борба против турскиот режим во Македонија и Одринско.

Постоењето и дејноста на вашата Група никако не е во согласност со горните ставови на Организацијата и ќе продолжува да биде причина за борби. Ете затоа, и покрај немањето резултат од редицата миројубиви изјави и обраќања на Организацијата кон вас, Конгресот смета за умно и сега да ви го предаде ова соопштение и да ве повика, во името на вистинското разбирање на интересите на ослободителното дело, самите доброволно да ја растурите вашата Група и да ја прекинете вашата сепаратистичка дејност како внатре во

[1662] Составен дел на интегралниот документ за македонската емиграција и за јавноста во Бугарија, составен од Специјалната комисијата формирана од Конгресот во состав: Дамјан Груев, Ѓорче Петров, Петар Тошев и Г. Поп Христов.

земјата, така и надвор од неа, за да ѝ се намалат пречките, да може сето свое внимание да го насочи и сите свои сили да ги употреби во борбата против непријателите на татковината и на нашата кауза.

Горното соопштение не значи (повик за) водење преговори, ниту подлежи на оцена, туку само категоричен и итен одговор.

30. X 905 год.

Од Конгресот

Со решение и налог од Конгресот, ова соопштение го потврдуваме со своите потписи членовите на Бирото

Претседател- Д. Груев

за секретар- Ар. Манасиев

На соопштението од Конгресот до Врховистите од нивниот водач генералот Цончев е добиен следниот одговор со негово

Соопштение

До

Претседателот на Конгресот

Едно соопштение со датум 1-ви ноември 1905 година, со Ваш потпис, адресирано до група македонски дејци во Софија, нарекувани „врховисти“, овде од Вас ми беше предадено на мене лично на 6-ти ноември 1905 година. Ние, не обрнувајќи се на недостојните изрази во Соопштението, раководени од повисоките идеали на македонско-одринското ослободително дело, Ви го соопштуваме следново:

1. По востанието во 1903 година, Македонско-одринската револуционерна организација го загуби своето единство постигнато за време на востанието и внатре се изразува со групи. На една од тие револуционерни групи во внатрешноста, ние сме претставници во пределите на Бугарското Кнежество.

2. Според Вашето Соопштение, внатрешните македонско-одрински дејци се собрале на Конгрес со цел да се создаде единство на Внатрешната организација и сте ги изработиле соодветните законски наредби. Ние, иако револуционерните реони на Внатрешната организација што ги претставуваме не беа

повикани на тој Конгрес, воодушевени од желбата да се постигне единство во Внатрешната организација за да стане моќна и респектабилна, ги прифаќаме тие ваши законски наредби и го известивме Централното раководно тело внатре под претседателство на г. Стефан Николов за натамошни наредби.

3. Што се однесува за Врховниот македонско-одрински комитет, истиот е растурен од Бугарската влада и ги загубил своите и последни траги, според горната изјава.

Софија, 10-ти ноември 1905 година
И. Цончев

На Конгресот, за време на расправата да се испрати соопштение до врховистите за последен пат, речиси од сите се сметаше дека Врховистите нема да дадат друг одговор на нашето Соопштение напишано во таков дух и со таков јазик, освен неприфаќање. Убедени во тоа, Конгресот донесе решение тие да се сметаат за непријатели на Организацијата и таа да презема мерки за нивно уништување. Но, тогаш дури не си го постави прашањето како да се постапи во случај на одговор не таков како што сметаше Конгресот, туку само донесе решение да издаде декларација за јавноста, по истекување на определениот рок, без да се одреди кој ќе го оценува одговорот и кој ќе се произнесе за истиот, дали е задоволителен или не е. Поради таа причина, останува неизвршено решението на Конгресот за соопштение за јавноста.

X

Политиканството треба да биде туѓо на Организацијата и на нејзините дејци како несоодветно на нејзиниот дух и намери. За нашето прашање, Организацијата нема да влегува во никакви дипломатски врски со надворешните државни фактори. Место тоа Организацијата, преку своите повисоки институции, со циркулари ќе го искажува своето мислење за дипломатските прашања што го засегаат делото, соодветно на нивната ефективна важност и значење за разрешување на нашето прашање. На тој начин ќе има свое мислење за себеси и ќе се искажува посредно за сите важни прашања од дипломатски карактер, без да се вплеткува во надворешна дипломатија и пред светот да излегува со таква. На тоа решение на Конгресот се должи овој Циркулар, извлечен од протоколите за конгресните решенија.

## XI

Конгресот не се впушти во продлабочено разгледување на австро-рускиот договор од 1897 година затоа што не располагаше со потребниот материјал. Го сподели општиот страв од Русија и Австрија од завладување. Според тоа, нивниот договор го смета начелно за спротивен на целите на нашето ослободително дело.

## XII

### Мирцштегската програма

По востанието во 1903 година и по повод на истото Русија и Австрија во гр. Мирцштег заклучија нов договор на наша сметка и изработија програма за мерките што тие, со согласност на Европа, ќе треба да ги преземат за смирување на нашата бунтовна земја со подобрување на положбата на христијанското население. Според името на градот во којшто беа договорени основните идеи на таа програма, истата е извесна под името Мирцштегска програма за реформи.

Цивилните агенти како советници на Хилми-паша, европските офицери како реформатори на жандармеријата и христијанските падари во христијанските села и новите финансиски советници на Хилми-паша, тоа се досегашните мерки преземени на дело според таа програма. Од гледиштето на основните цели на нашето ослободително дело таа програма за реформи не ги задоволува барањата на нашата Организација и желбите на нашиот народ, дури и ако истата биде применета.

Реформата има за основна цел да го воскресне и да го зацврсти турското владеење во нашата татковина, макар и поублажено, кога желбата на нашиот народ е негово отстранување. Миротворството на таа програма е директно против предвиденото во нашиот Устав: отстранување на турскиот режим со револуционерна оружена борба, и против посакуваната од нас фактичка интервенција на Европа со воени сили за брзо и целосно разрешување на нашето прашање.

За досега преземените практични мерки за спроведување на реформите не може да се каже друго, освен лош збор. На Конгресот се констатира како единствено корисно средство само прашањето за падарите. Со замешувањето на Европа со цивилните агенти и офицерите не се добија ниту најелементарните слободи на населението.

На основа на погоре изнесеното и други причини, Конгресот констатира дека Организацијата не може да се согласи со Мирцштегската програма и во

своите идни дејства ќе ја смета за непостојна. Без да ја попречува работата на европските агенти, Организацијата ќе продолжи неотстапно по својот революционерен пат, а населението ќе дава свои поплаки до цивилните агенти и офицерите како што беше порано, пред нивното доаѓање.

Една од крупните неправди во таа програма е изземањето на Одринско, кое претставуваше и претставува дел од територијата на Организацијата и како и Македонија зело учество во револуционерната борба, ги поднесе сите последици и има иста потреба за ослободување од турскиот режим. Целата Организација е вознемирена од таа неправда. Конгресот ја споделува вознемиреноста и протестира против истата.

XIII

Турско-бугарскиот договор

Договорот бил потпишан истата година со Мирштегскиот договор по истиот повод и со иста цел. Истиот ја засега Внатрешната организација во смисла таа да ја напушти својата револуционерна насока и да ги спречи тие свои дејства што не се во согласност со неговата намена. По повод тој Договор, на Организацијата ѝ беше даден смел предлог да ги распушти четите, а Бугарија презеде мерки против востаниците кои избегаа таму по востанието.

Конгресот го смета Турско-бугарскиот договор, како и Мирцштегската програма, дека не е во духот на целите и задачите на Внатрешната организација. Во тоа време од бугарските кругови во Бугарија, заинтересирани за тој договор, било разгласено дека била ангажирана и Организацијата. Не е познато, не се кажа и на Конгресот, дека Организацијата презела ангажман пред некого.

Комисија: Ѓ. Петров
Д. Груев
*П. Тошев*,
Ѓ. Поп Христов

(ЦДИА, ф. 771, оп. 2, а. е. 4, л. 1–14; Цочо Билярски-Тодор Петров, Циркулярите на Вътрешната македоно-одринска революционна организација, съставени след Рилския конгрес от 1905 г., Известия на държавните архиви, 50, София, 1985, 193–203).

## Док. 9
## Циркулар I
## Извадоци од решенијата на општиот Рилски конгрес на Внатрешната Македонско-Одринска Револуционерна организација, 1905 година. Дополнителни објаснувања за правилниците.

### I. Општи упатства

1. За правилно толкување и спроведување на усвоените на Конгресот законски акти се издаваат за комитетите овие препораки и објаснувања.

2. Сите избрани лица и установи во Организацијата од групите и нивните десетини до окружните комитети се преизбираат и се конституираат одново врз основа на новите правилници. Иницијатива за нивно преизбирање преземаат оние раководни лица и тела на должност при усвојувањето на новите правилници. Преизбирањето започнува веднаш по приемот на правилниците.

3. До изборот на новите лица и установи, функционираат и раководат со работите затекнатите со правилниците.

4. Мандатот на лицата и установите што ги избираат организациите (групите, месните, реонските и окружните комитети, финансиските и другите околиски и окружни ревизори) и лицата и установите избраните од редовниот општ конгрес (Централниот комитет, Финансиската контрола комисија, централните ревизори и Задграничното претставништво) трае една година. За почеток на годината на избраните на општиот конгрес се смета денот на нивниот избор, а на околиските и на окружните, денот на нивниот избор од односните конгреси.

Во врска со тоа прашање се смета дека летните месеци се најпогодни за општ конгрес.

5. Раководните лица затекнати на должноста со новите правилници постапуваат по истите во работењето, веднаш по нивниот прием и ги преземаат потребните мерки за нивно целосно спроведување во најскоро време.

6. Правилникот нема ретроактивна сила, според тоа, старите дела и работи не може да бидат разгледувани врз основа на новите законски прописи.

7. Идното уредување на Организацијата ќе се засновува врз изборното начело во широк демократски дух. Причините за тоа се следните:

а) Ширината на Организацијата налага што поширок круг на луѓе да учествуваат во нејзиното уредување;

б) Од раководителите назначувани од горе, се правеле многу злоупотреби, затоа што немало можност работите да се контролираат од горе;

в) Централниот комитет кој ги си ја присвоил високата раководна улога и контрола, не можел насекаде подеднакво да ги извршува;

г) Сеопштата недоверба кон високите раководни лица и установи и потребата тие кои непосредно ќе ги сносат последиците од дејноста, сами да си ги одредат видот и обемот што тие ќе ги сметаат за добри;

д) Во последните две години не постоел Централен комитет, не останале окружни комитети – треба да се основаат. Раководени од тие потреби, месните дејци речиси насекаде го прегрнале изборниот систем. Изборни институции постојат веќе насекаде, делегатите на општиот конгрес исто така произлегоа од изборноста, а и секој делегат го сфатил мислењето на своите избирачи што, според јавно искажаните зборови на секој, било во полза на системот за изборност.

II. Упатства за правилниците член по член

За чл. 1. Предвидено е во Организацијата да се примаат странци, месни жители и од друга вера поради услугите што некои од нив овде-онде ѝ ги правеле и можеле да ѝ ги прават. Во исто време со тоа се дава можност опасни елементи меѓу нив да го искористат тој член и да се вовлечат во Организацијата со злонамерна цел. Затоа се налага сериозна внимателност при примената на тој член.

За чл. 2. Заклетвата се дава на говорниот јазик и според вероисповедта на човекот кој ја дава.

За чл. 3. Причините за тоа прашање беа следниве:

1. Многу војводи и раководители заминати во Бугарија продолжиле оттаму да се мешаат во работата на месните комитети и дури се обидувале да управуваат со работи со писма;

2. Во Бугарија многумина ги злоупотребувале положбата и името на внатрешни раководители и се мешале во работи што не се нивни;

3. Се допушта можноста некој војвода или раководител испратен зад границата по работа, да биде изигран од другарите со некое решение донесено со умисла во негово отсуство. Им се свртува вниманието на раководителите на горните причини.

За забелешката на чл. 4. Имало случаи да се чујат изјави од многу пријатели на Организацијата дека тие не влегуваат во нејзините редови само од страв да не им се наложуваат од раководителите работи што не се според нивните сили и способности. Во практиката досега е забележено дека и многумина од

началниците не биле разумни и беспристрасни во однесувањето. На некои работници им давале работи за кои тие не биле особено погодни, а пак други биле често преоптоварени со работа и при можност многу пати да бидат заменети со други.

За чл. 5. При одредувањето на материјалната положба на членовите, работниците и нечленовите-граѓани и селани за членарини и пропишани такси од началниците, биле правени чести злоупотреби. Месните началства при изборот на начинот на распределбата и самото одредување на сумите треба за во иднина да не даваат поводи за тоа.

За чл. 15. Под изразот „слобода на лична иницијатива“ се подразбира дека секој член работник е слободен да ги извршува работите на начин што ќе го смета за полезен за Делото. Целта на тоа е кај работниците да се развие задоволство и натпреварување за работа и со тоа истовремено да се подготват и да се калат во работата и ризикот и да се завршат повеќе работи. Одговорноста за тие работи е „лична“ кога последиците го засегаат само лицето што ги извршило. Одговорноста е „солидарна“ кога за извршената работа од властите се обвинуваат повеќе луѓе или цела месна организација. На пример, за убиство или просто за напад на некој непријател на делото извршено од некој работник, ако се гони само тој, ќе има солидарна одговорност ако не се знае кој бил извршителот и поради тоа ќе започнат гонење на многу свет. Смислата на членот е дека заедно со слободата на дејствувањето на членовите-работници за приватни дејства, тој содржи и одговорност. Извршителот на слични работи ќе биде виновен, ако истите станат причина за несреќи на други луѓе, или на Организацијата. Тој член предвидува најмалку голема внимателност при изборот и извршувањето на слични дејства и процена за можните последици.

За чл. 18. Желбата на членовите на групите се зема предвид само во почетокот при формирањето на групата, или при реорганизирање на целата група. Во друго време, членовите немаат право да ги менуваат групите кој кога ќе посака.

За чл. 20. Месната организацијата кога има повеќе од 50 куќи, изборот на десетарите се врши на собрание на секоја група посебно.

За чл. 21. Многу од членовите на Организацијата избрани на некоја должност и сметани за полезни за Делото, откажувале да ја прифатат работата што им била дадена од приватни и лични причини и со тоа го компликувале одвивањето на работите. Таквите откажувања се и спротивни на заклетвата дадена од членовите. Целта на членот е да се отстранат таквите пречки.

За чл. 23. До разрешувањето на спорот меѓу членовите на групите и нивниот десетар, им се предвидува меѓусебна толерантност за да не страдаат работите на групата.

За чл. 25. Изборот на селските и на градските комитети се врши на следниов начин: Кога ќе се поканат да се врши избор, секоја од групите на општо собрание избира од своите членови (во случајот десетарот и тој се смета само член на групата) по двајца, ако групите во местото се повеќе од 15 члена, а ако се помали од 15 члена и по еден. Тие избрани од групите се состануваат и со мнозинство гласови, со јавно или тајно гласање, избираат членови на комитетот.

За чл. 44. Во случаите предвидени во забелешката на тој член за реонски војвода, се предвидува војводата на месната нелегална чета од централното село на реонот.

За чл. 51. За избор на околиски комитет вообичаено се предвидува да се врши на околиски конгрес. Но, при неможност да се одржи конгрес, другите членови на стариот состав на комитетот писмено се обраќаат до месните организации и бараат нивно мислење, писмено доставено. Се предупредуваат месните организации да не се злоупотребува тој член со намерно несвикување конгрес. Треба да има сериозни причини, да се согласни повеќе месни раководни тела.

За чл. 52. Рокот предвиден во тој член не исклучува изборот да се изврши порано, кога тоа е можно. За да се отстрани влијанието на заинтересираните началства за спречување на поплаките на работниците против нив, жалителите можат да се жалат преку контролната комисија, но истата нема право да се произнесува за жалбеното барање.

За чл. 67. За испраќање на нелегални лица кои се испраќаат преку границата по канали на Организацијата, околиските комитети самите решаваат дали ќе ги испратат со или без оружје и каде ќе го предадат оружјето. Ако ја преминат границата со оружје, истото го предаваат на началникот на пунктот со потврда.

За чл. 137. Во окрузите ревизорската служба се дава на лице избрано на окружен конгрес. Тие лица можат да бидат избрани специјално за тоа, или пак конгресот задолжува за извршување на таа должност некое од нелегалните лица на окружниот комитет, кога ќе нема други дејци подесни за таа работа. Тие ревизори извештаите ги испраќаат на окружниот комитет, околиските комитети и окружниот конгрес. Тројцата централни ревизори за целата Организација своите извештаи ги испраќаат на комитетите на ревизираните окрузи и околии и на општиот конгрес.

За чл. 142. Во случајот предвиден во тој член, се постапува како следува: на избрани на Конгресот делегати за повисокиот конгрес им се дава препис од резолуцијата на Конгресот, потпишана од бирото на тој конгрес и лично полномошно на секој делегат, исто така потпишано од бирото, за да ги претстават на конгресот за којшто се избрани.

За чл. 149. При изборот на делегати за конгреси се прифати придржување за нормата:

1. За околиски конгрес се бира по еден делегат на 200 членови;

2. За окружен конгрес – 1 делегат на 1 000 членови;

3. За општ конгрес 1 – делегат на 5 000 членови.

За да биде Конгресот законски, за околиските и окружни конгреси треба да има вкупен број од најмалку 20 делегати, а за општиот конгрес – 40 делегати.

При пребројувањето на членовите во околиите, окрузите и во Организацијата, ако горната норма на членовите избирачи не го обезбедува бројот на делегатите за односните конгреси, таа норма може да се измени за задолжително да се добие горенаведениот број на делегати за конгресите. Од тоа се подразбира дека секој комитет треба да го знае бројот на организираното население во контролираното место.

За чл. 151. Постојните војводи ги извршуваат работите до избор на околиски војвода. Сите војводи реизбрани или не, ги предаваат своите должности и сметките на новоизбраниот околиски комитет.

За чл. 164. Од парите добиени со сила на оружјето, секоја иљада лири останува во околијата на чија територија се добиени. Останатите се поделуваат во округот (ако износот е до 2 000 л.т.) или Организацијата на таа околија си задржува соодветен дел од остатокот од повеќето од иљада лири. Сумата помала од 1 000 л.т. секогаш останува во околијата во која се добиени.

За чл. 174. Околиите низ кои минуваат главните канали на Организацијата кои многу се исцрпуваат материјално од пренесувањето на луѓе и материјали, материјално се помагаат од округот. Но, ако и тој самиот е слаб или ако и тој исто така се исцрпува за другите окрузи, Централниот комитет предвидува посебни суми за помагање на тие околии од општите средства на организацијата.

За чл. 188. Должносни лица на финансиските контролни комисии се: на околиските – членовите на околискиот комитет; на окружните – членовите на окружниот комитет; на општите (централни) – членовите на Централниот комитет.

## III. Финансиски оддел

Самостојноста на организацијата во голема мера зависи од нејзините финансии. Ќе може целосно да ја зачува својата самостојност и независност колку што повеќе финансии ќе си обезбеди со свои сопствени сили и средства за задоволување на своите потреби, и обратно. Истото важи и за околиските и окружните комитети. На тоа прашање им се обрнува најсериозно внимание на месните комитети.

Редовните уплати, доброволните и задолжителните, на членовите и на поддржувачите на ослободителното дело остануваат и за во иднина како главен извор на средства за Организацијата. За зголемување на тие средства во иднина членските влогови да бидат задолжителни и нечленството да учествува во материјалниот товар, целото население. Начинот на одредувањето и собирање на тие средства го утврдуваат месните комитети. Во околиите и окрузите не може да се воведува определен буџет. Место тоа се препорачува практиката во некои градови и околии – Конгресот да определи една општа сума за градот и околијата според потребите на Делото во таа околија, а распределбата на населението и собирањето да го врши комитетот или посебните комитети за тоа.

Мислењето да му се наложува на населението определен (општ) данок, Конгресот го отфрла како неспроведливо и оптоварување на населението. Но, се допушта членските вложувања да се земаат и во натура, во производи место пари. Околиските конгреси можат за потребите на околиските организации да одредуваат специјални приходи, но само со доброволна согласност од населението.

Посебните давачки според стариот ред се одредуваат:

а) на подржувачите на Делото кои не ја уплатиле лѐптата;[1663]

б) на лица кои одбиваат да го помогнат делото, а се во состојба:

в) на манастирите кои имаат средства. За посебни потреби и на месните организации може да им се одредат налози и на членовите со решение на конгрес. Во тие случаи треба да се внимава да не се се злоупотребуваат досегашните дарители. За такви случаи се претпочитаат оние луѓе кои досега не биле задолжувани.

Во општите расходи на Организацијата влегуваат и тие за затворениците, за четите, за оружје и други борбени средства и материјали, за издржување на семејствата на работниците кои настрадале за делото. За расходите општо се препорачува рационалност со расходите непродуктивни за делото. За здоби-

[1663] Мал паричен влог за општи потреби.

вање на довербата на населението за паричните потреби на Организацијата, освен мерките предвиден во правилниците, им се обрнува внимание на месните комитети за посебни мерки за тоа прашање.

IV. Културната дејност на Организацијата

1. Организацијата се грижи да го направи основното образование (до IV одделение) задолжително. Таму каде што нема училишта презема мерки за отворање.

2. Се отвораат вечерни и неделни училишта во кои неписмените се описменуваат да читаат и да пишуваат, освен тоа се читаат лекции за заемно изградување на членовите, за запознавање на населението со неговата положба во државата и за неговите законски права, за животот на другите области на општествениот живот и друго.

3. Се грижи за основање на популарни библиотеки.

4. Толкување на разбирлив јазик духот, целите и задачите на Организацијата и на ослободителното дело, законите на Организацијата и наредбите на началствата.

5. Ограничување и елиминирање на разните упропастувачки за населението појави, произлезени од старите обичаи и вековни заблуди како примитивните обреди на свадбите и разните празнувања, мажењето и женење на малолетници, женење со грабење и со присила од семејството, намалувањето на непотребните трошоци на свадбите и другите обичајни празнувања, ознаките на носиите и слични други, според месните норми и обичаи.

6. Подобрување на животот на населението колку што тоа зависи од неговиот вкус и разбирање; како хигиената во домовите и чистата облека, хигиената при подготвувањето на храната, воздржување од претерано пиење и друго.

7. Искоренување на суеверието и на вековните заблуди со убедување.

8. Посветување на внимание на здравствените прашања и на потребата за медицинска помош.

Според можностите, Организацијата презема мерки и за отворање на аптеки и обезбедување лекарски помошници.

V. Економската борба на Организацијата

За подобрување на економската положба на населението и за негово ослободување од економската експлоатација од побогатите и посилните со него и во негова полза се поведува специјална и економска борба:

1. Заедничка борба на Организацијата и населението против даноците на државата. Во тој однос посебно се одбележаа злоупотребите од Турците при одредувањето и собирањето на беглукот, ајванатот, имдатот, мулкот и караул-параси. Против нив се предвидува да започне борбата попрво. Предвидено е Централниот комитет да одреди комисија од вешти лица која ќе ги собере и ќе ги преведе најновите турски законски прописи и упатства за тие даноци (исто така и за другите) и да се произнесе за начинот на којшто населението треба законски да поведе борба против злоупотребите на тие даноци. Дотогаш ќе се води борба делумно според разбирањето и подготвеноста на месното население.

2. За новопродадените недвижни имоти да не се земаат тапии од турската влада, туку продажбата да се потврдува со записници потврдени од месните надлежни христијански установи каде што условите го дозволуваат тоа без штета за христијаните купувачи.

3. За шуми, ниви, земја и утрини заграбени од Турци-угнетувачи, за коишто не се издадени тапии, да се прават обиди да се вратат на начин што во местото се смета за погоден и спроведлив.

4. Организацијата ја поттикнува и ја помага борбата на работното селско население по чифлизите против господарите чифлиг-сајбии од која и да се вера и народност. Карактерот на борбата, начинот на нејзиното водење и размерот се одредува според месните услови. Со тоа прашање се занимаваат околиските конгреси. Четите и комитетите го поддржуваат населението во борбата, кога е потребно сугестии и сила. Борбата има за цел да ја подобри економската положба на селаните и по чифлизите, да им нанесе економски удар на имотните Турци и посредно на државната благајна и на крајот да ги натера чифлиг-сајбиите да ги продаваат своите чифлизи и земјата, за тие да преминат во рацете на работниот селски народ за прифатлива цена.

Во таа насока Организацијата наредува:

а) Да не одат селаните за момоци на чифлизите каде што нема со кого да бидат заменети и каде, според тоа, ќе може со таа мерка да се нанесе штета на чифлиг-сајбиите и истата да искористи за населението (таа мерка се препорачува и за работниците во градовите и селата за подобрување на нивната неподнослива економска положба).

б) Се забранува на населението да оди да жнее и да ја обработува земјата на чифлиг-сајбиите Турци, таму каде што ќе се смета за полезно.

в) Ангаријата безусловно се забранува.

г) Месните организации ги преземаат потребните мерки земјата од чифлизите да му остане на населението, затоа што не е во прашање промена на сопствениците на чифличките имоти, туку за елиминирање на чифлигарството. Селаните ако не се во состојба да ја купат земјата, истата може да се раздели со околните села за да не остане во рацете на градските и селските богаташи-нови чифлиг-сајбии.

5. Борбата против лихварите исто така се смета за навремена. Судовите на Организацијата нема да имаат лихва поголема од 12%. За целосно избавување на населението од лихварството, се препорачува да се основаат во селата и во градовите штедилници за позајмување.

6. Борба против трговците, странски елементи, за издигнување на локалните трговци. За таа цел се заострува создавањето на трговски и еснафски здруженија и на кооперативни трговски претпријатија.

7. Се допушта, во зависност од месните услови, бојкотот на европските и месните туѓи друштва и компании и мерки против нивните стоки.

## VI. Судски дел.

Сите приватни спорови, кавги и дела меѓу христијаните од каков да е карактер се разгледуваат од специјални судови. Комитетите ќе си ја гледаат само организациската работа, а тие судови само ќе ги контролираат согласно Правилникот. Тие како судии ќе ги разгледуваат само оние работи кои се во врска со организацијата и се предвидени во Правилникот. Организацијата нема можност да определи и да воспостави судски поредок за водење строго судски процеси и законитост. Затоа граѓанските судови и во иднина остануваат да бидат обичен посредник за спогодување и порамнување на споровите и недоразбирањата меѓу христијаните. Решенијата за разните дела тие ќе ги донесуваат по сопствената совест и врз основа на месните народни обичаи (обичајно право). За да нема неправичности се допуштаат изземање и контрола. Решенијата на судовите ќе ги извршуваат комитетите.

## VII. Упатства за Правилникот за четите.

За чл. 2. За изразот „месни потреби и услови“. Смалувањето на бројот на четите и нивниот броен состав се врши паралелно со организирањето и развојот на месните легални чети. Во реоните во кои се води борба со надворешни непријатели, бројот на четите и на четниците во нив останува поголем до уништувањето на непријателот.

За заб. на чл. 2. Под изразот „по чисто четнички работи“ се подразбираат случаите за воената обука, дисциплината во четите и борбените дејства на четите.

За текстот на зборовите „препорачува други“, се подразбира додека двете страни дефинитивно не се согласат.

За чл. 46. Да се избегнуваат споменатите лица и места.

VIII. Совети за Уставот

Врз основа на решение на Конгресот, Уставот на Организацијата станува јавен и се печати на неколку јазици за да им се даде широка гласност на главните барања и основните начела на Организацијата. Истиот ќе се распространува и ќе се употребува како претходно агитационо средство, таму каде што треба.

Комисија: Ѓ. Петров
Д. Груев
П. Тошев
Ѓ. Поп Христов

(ЦДИА, ф. 771, оп.2 , а.е.5. л,1-11. Цочо Билярски-
Тодор Петров, Циркуляри на Вътрешната Македоно-
одринска ревлюционна организация.., 203 – 210).

## Док. 10
## Хусеин Хилми-паша, главниот инспектор на румелиските вилаети до владата во Истанбул, 9 август 1906 година за Пере Тошев

Во дополнување на моето писмо од 16 јули о.г.:

Сигурно е дека Пере Тошев е еден од главните раководители на Македонскиот комитет, ги обиколува Солунскиот и Косовскиот вилает за одново да ја организира и да ја зацврсти Револуционерната организација. Но, не е можно да биде фатен затоа што не се знае каде се крие и каде се движи.

Во замена за тоа, имавме можност да ги заплениме неговите писма адресирани до Солунскиот комитет. Бидејќи содржината на двете од тие писма претставува извесна важност, Ви ги испраќаме во превод, во прилог на нашево писмо. Како што ќе видите од тие писма, силата и енергијата на Комитетот е ослабната, благодарение на преземените мерки. Но, ако се знае опитноста и упорноста на тој проклетник, ќе треба да се допушти дека сегашното затишје е привремено. Ќе треба да се очекуваат посилни и подрски бунтовнички потфати. Затоа јас им наредив на граѓанските и на воените власти да не запираат со истрагата за откривање на градските и селските комитети. За олеснување им испратив по еден препис од преводите на предметните писма.

Бидејќи во тие писма се споменува за некакви турски чети коишто извршувале убиства и грабежи, издадов наредба на надлежните власти да преземат мерки за нивно фаќање.

2 реџеп 1324/9 август 1906 год.
Хусеин Хилми-паша
Главен инспектор на румелиските вилаети

(Документи за българска история ,IV,
София, БАН, 1942, док. 571, 273).

Док. 11
Циркуларно писмо
на Централниот комитет до окружните комитети на Солунскиот и Битолскиот револуционерен округ за избор на делегати за општиот конгрес на Организацијата, 29 август 1906 година.

Софија, 29 август 1906 год.

До
Ок(ужниот) МО Р К(омите)т во Долни крај[1664] и
Пиемонт.[1665]

Навреме (13 јуни) Ви се соопшти дека со оглед на општата состојба на работите во нашата земја, треба колку што е можно побргу да се одржи општ конгрес. Тогаш, како и пред тоа, Вие за тоа бевте поканети да постапите строго според Правилникот. За жал, Вие така не постапивте. Сега Ви соопштуваме дека Конгресот (ќе се одржи), како што е пропишано во Правилникот. Затоа ве покануваме за последен пат да си изберете претставници, инаку Конгресот ќе биде свикан и без ваше претставување.

Уште ви соопштуваме дека во другите окрузи делегатите се веќе избрани и тие чекаат само покана.

Се надеваме дека ќе разберете и ќе го направите потребното.

(Централен комитет:)
Кирил
П. Тошев
Даме

(Цочо Билярски – Тодор Петров, Документи от конгресите на ВМОРО след Илинденско-преображенското въстание, Известия на Българското историческо дружество, кн. XXXVIII, София, 1986, 390–391).

[1664] Солун, псевдоним.

[1665] Битола, псевдоним.

## Док. 12
## Циркуларно писмо
## на Централниот комитет до окружните комитети на Скопскиот, Серскиот, Одринскиот и Струмичкиот револуционерен округ за определување на датумот за свикување на окружниот конгрес, 2 септември 1906 година

Висока, 2 септември 1906 г.
До
Окружниот МОРК во Скопско, Серско, Одринско и Струмичко

Ви соопштуваме да знаете дека Општиот конгрес ќе се одржи точно според Правилникот, т.е. на годишнината, затоа што инаку избраните органи го губат својот мандат и тогаш може да настане ненормална состојба во Организацијата.

Делегатите се избрани, освен во вашиот револуционерен округ уште и во Серскиот. Имаме посредно известување дека се одржал окружен конгрес и во Струмичко и дека биле избрани делегати. На пат се и во Одринско. Задоцнија само во Битолско и во Солунско, меѓутоа се преземени сите мерки таму да се одржат конгресите за и тие да си изберат делегати. Се разбира дека ако задоцнат, за да не го нарушиме таксативно пропишаното во Правилникот, Општиот конгрес ќе го свикаме и без нив. Пред тоа Ве молиме, врз основа на чл. 141 од Правилникот, да ги определите датумот и местото на одржувањето на Конгресот.

Ве молиме да ни одговорите најдоцна до петнаесетти. Ако задоцните со одговорот, како што сме имале случај и друг пат, ќе постапуваме согласно Правилникот и лошата состојба во Организацијата, состојба што ни наложува да работиме ненамерно брзо, а не да молчиме и да чекаме.

(Членови на ЦК:)
П. Тошев
Кирил

(Ц. Билярски – Т. Петров, Документи
от конгресите на ВМОРО.., 391).

## Док. 13
## Писмо
## (на поштенска картичка)
## од Петар Тошев до Анастас Лозанчев,
## 1907 година

Ташко, ти благодарам за искрените и вистинските зборови што си ги кажал на кому што требало.[1666] Еве ја на кратко историјата досега: десет дена ме држеа уапсен во затвор, ме испрашуваа и бев ослободен од иследникот и обвинителот. Но, градоначалството ме стави под строг полициски надзор: да се јавувам три-пати на ден. По три дни повторно ме уапсија и останав да лежам. Десеттиот ден ноќта обвинителот го посети затворот и кога ме затече тука се зачуди дека уште не сум слободен, но, вети дека ќе го среди тоа прашање. Другиот ден бев повикан кај иследникот и бев ослободен од обвинителот без никакво распрашување. По 24 часа пак ме уапсија и ми соопштија дека ќе ме интернираат, затоа јас да си изберам некој град на Дунав. Откако им побарав да ми ја отворат границата за Македонија, а не за Дунав, ме ослободија, но, пак очекувам да ме уапсат како пред тоа.

На сите Ви го честитам Христовото Рожденство.

Софија, 24. XII 1907 г.
Пере

(Факсимил на поштенска картичка
во Албум-алманах Македония. София,
1931, таб. XCIV – Архив на МАНУ)

[1666] Лозанчев разговарал со Андреј Љапчев, кој се застапил за ослободувањето на Тошев. За тоа Ангелов пишува: „Лозанчев ми кажа дека разговарал со А. Љапчев“ (Юр. Ангелов, Пере Тошев.., 30).

## Док 14
## Молба
## од Петар Тошев до егзархот Јосиф I, 24 јануари 1909 година

До Неговото Блаженство
бугарски Егзарх Јосиф I

Цариград

Ваше Блаженство,

Потпишаниот Бугарин, роден во гр. Прилеп, поранешен долги години учител и инспектор во Македонија; во Прилеп, Битола и Солун, оддалечен од таа должност пред неколку години поради моето апсење. Сега, кога можам да живеам во нашата земја, Ве молам, Ваше Блаженство, пак да бидам поставен на истата должност.

Со надеж дека мојата молба ќе биде задоволена, Ваше Блаженство, останувам

Ваше духовно чедо
Петар Тошев
Солун,
24. I, 1909 г.

(Цочо Билярски, „Родом Българи“. Три непубликувани документи на Тодор Александров, Хр. Матов и Пере Тошев, „Пиринска Македония днес“, Благоевград, декември 1992, 28–29)

# ЗАКЛУЧОК

Пере Тошев се пројавил со својата револуционерност во својата рана возраст. Како ученик одржувал врски и ги помагал вооружените чети во Прилепско на таканареченото „комитско движење". Учествувал во основањето на тајните ученички револуционерни кружоци во Солунската гимназија и предводел при нивните бунтовни демонстрации. Револуционерната активност ја продолжил и сред македонската емиграција во Бугарија; во Пловдив како ученик, и во Софија како студент на Софискиот универзитет. Во Македонија се вратил како искусен револуционер, теоретски подготвен со читањето на револуционерна литература, решен својот живот да го посвети на организирање и подготвување на својот народ за оружена борба за ослободување и создавање самостојна држава Македонија. Како учител во Прилеп во 1892 година (заедно со Дамјан Груев), во Скопје во 1893 и во Битола од 1894 година ја ширел револуционерната ослободителна идеја. Во Битола се посветил на создавање на револуционерната организација. Се докажал како способен организатор, вешт конспиратор и успешен раководител. Се издигнал во еден од водечките авторитети-раководители на Организацијата, заедно со Дамјан Груев, Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Како револуционер-демократ, уште на Конгресот на Организацијата во 1896 година од позиција на член на Централниот комитет, иако се работеше за тајна револуционерна организација, се изјаснил против строгата централизација, за внатрешно демократизирање.

Тошев, како и Делчев и Ѓорче Петров, беше против донесеното решение на Солунскиот конгрес на Организацијата за востание во 1903 година со не(доволно) вооружен народ и во крајно неповолна регионална и меѓународна констелација. Кога се покажа дека востанието не може да се спречи, Тошев зеде активно учество во Илинденското востание и се бореше со пушка во рацете во Прилепскиот востанички реон.

По Илинденското востание, тој остана со својот народ да ги споделува последиците, да го одржува неговиот дух, да се подготвува за продолжување на борбата за ослободување во изменетите услови. Се посвети на конципирање програма на Организацијата за обезбедување на самостојноста и независноста. Изработи проект Правилник за Организацијата, за нејзино преуредување; децентрализација и демократизација со воведување задолжителна изборност за сите органи и тела, персонално донесување судбоносни одлуки со трагични последици. Претстави радикално нова стратегија за долгорочно одржлива

ослободителната борба; истовремено со оружената да се води и легална политичка борба за подобрување на положбата на народот. Сите тие предлагани решенија беа прифатени на општиот Рилски конгрес во 1905 година, беа вградени во Уставот и Правилникот и се воспостави единство на Организација. Од должноста член на Централниот комитет ги вложи сите свои сили за одржување на единството нарушувано со дејствувањето на внатрешните врховисти заедно со надворешните, силно поддржувани од бугарскиот државен фактор. По воведувањето на уставното уредување во отоманската држава со младотурскиот државен преврат, Тошев со Сандански дадоа силна поддршка на промените во очекување на политичко разрешување на македонското прашање во рамките на државата, поради заканувачката опасност од соседните балкански држави со нивните отворени претензии за освојување и поделба на Македонија.

Во пролетта на 1912 година, кога добил потврда дека Македонија веќе била поделена со тајниот бугарско-српски договор за воен сојуз, Тошев заминал од Софија да стигне во татковината пред почетокот на војната. Загинал во заседа во Дреновската Клисура на пат за Прилеп.

Така загина големиот револуционер, кој целиот свој живот, ум и енергија ги вложи во светото македонско ослободително дело. До крајот остана на определбата за самостојна борба за ослободување и создавање автономна држава Македонија. Не прифати и не призна туѓи национални интереси во Македонија. По Илинденското востание, кога се наметна потребата за реформирање и реорганизирање на Организацијата за да се сообрази со новонастанатата ситуација, да донесе нова програма за својата дејност за да си обезбеди самостојност и независност во дејствувањето со сопствени средства и да усвои нова стратегија за водење на борбата за ослободување, Тошев се застапи за компромис во однос на Егзархијата, иако истата беше посведочена бугарска пропагандна институција. Сметаше, основано, дека само така можеше да се обезбеди легалност на професиите на македонските револуционери, од што зависеше и успехот на револуционерното ослободително дело. Во тоа исто време кога се договараше борбата против вооружените чети на пропагандите од балканските држави, Тошев се застапи за истовремена борба против српските и грчки чети, но не и против врховистичките чети, исто така основано. Се раководеше од интересите на Организацијата. Организацијата не беше во позиција и не смееше, во тој критичен период по Илинденското востание, да влегува во оружена пресметка со врховистичките чети. Прво и основно, врховистите со согласност

од Организацијата учествуваа во востанието. Друго, многу посуштествено, реално гледано беше невозможно нивно диференцирање и да се направи реска поделба, посебно со оглед на однесувањето на внатрешните врховисти. Во тој случај последиците ќе беа погубни, како што тоа се покажа набргу потоа, во 1907 година. Затоа беше неосновано прогласувањето на Тошев за националист, во смисла бугарски.

Тошев беше тој кој даде пресуден придонес за воспоставување на единството на Организацијата на општиот конгрес на Организација во 1905 година, одржан во Рилскиот манастир. По Конгресот, најактивно работеше на зачувување на единството, а кога внатрешните врховисти се обединија и, подржувани од бугарските државни фактори, се отцепија и создадоа опонентска отцепничка организација, Тошев со раководствата на Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ, како нивни идеолог, ги бранеше изворните принципи на Македонската револуционерна организација.

По победата на Младотурците и воспоставувањето на уставното уредување во 1908 година, како доследен револуционер-демократ, ги поддржа промените за да се создадат можности за институционално решавање на македонското прашање во рамките на отоманската држава. На Македонија ѝ се закануваше опасност да биде поделена од агресивните балкански држави: Бугарија, Грција и Србија.

Во 1909 година Тошев со молба од бугарскиот егзарх во Цариград побара, декларирајќи се како Бугарин, за да добие служба во Македонија, што ја доби како училиштен инспектор во Солун. Но, кога му беше наложено да замине од Македонија во Цариград во служба на Егзархијата, тој категорично откажа.

Нешто од тоа е познато, но не и суштината на работите. Оттаму се произлезени некои погрешни интерпретирања. Веруваме не со цел да се омаловажи најчесниот, најскромниот и најсовесниот од водачите на Македонската револуционерна организација. Впочем, Тошев до крајот на својот живот криел, дури и од „своите најблиски“, дека во 1885 година, како ученик доброволец во бугарско-српската војна, добил бугарско одличје.

Петар Тошев беше и остана до крајот на својот живот голем македонски национален револуционер, кој даде свој белег на целата македонска илинденска епоха и го заседе своето заслужно место меѓу четворицата великани со Гоце Делчев, Дамјан Груев и Ѓорче Петров.

Ако Делчев беше апостолот на македонското национално револуционерно движење (кој го обедини народот, му всади свест и го подготви за самостојна

оружена борба за ослободување и создавање своја држава), ако Ѓорче беше креаторот на надворешната политика на Организацијата, ако Дамјан Груев беше предводникот на Илинденската оружена револуција, Петар Тошев беше креатор на внатрешната (економска-развојна, просветно-културна, здравствена и социјална) политика и на државното уредување на револуционерна Македонија, како демократска парламентарна држава во создавање.

## Библиографија

Архивски материјали:

Архив на МАНУ – Скопје, ф. Љубен Лапе, К. XVI, пап. 3; К. XXVII, XVI и XXVII.

Државен архив на Република Македонија (ДАРМ) – Скопје: Мф. 663/1901; Мф. 456; М. 457; Бугарски конзулат – Солун – Сиг. 4294; Бугарски конзулат – Битола, Сиг. 4294.

Централен държавен исторически архив (ЦДИА), София, ф. 3, оп. 8, а. е. 1067, 1097; ф. 135, оп. 1, а. е. 131; ф. 176, оп. 1, а. е. 1876, 2318; ф. 313, оп. 1, а. е. 2473; ф. 321, оп. 1, а. е. 1709; ф. 331, оп. 1, а. е. 99; ф. 771, оп. 2, а. е. 80; 1947, оп. 1, а. е. 49; ф. 1932; ф. 1938.

Документи:

Гоце Делчев, II. Преписка. Ред. Христо Андонов-Полјански, Скопје, 1972

Билярски, Цочо

Два документа за Прилепски конгрес от 1904 г., Векове, кн. 2, София, 1988, 75–84.

„Родом Българи". Три непубликувани документи на Тодор Александров, Христо Матов и Пере Тошев, Пиринска Македония днес, декември 1992, 27–29.

Билярски, Ц.-Петров, Т.

Циркулярите на Вътрешната македоно-одринска революционна оргнизация, съставени след Рилски конгрес от 1905 г. Известия на държавните архиви, кн. 50, София, 1985, 191–210.

Герджиков, Михаил

Спомени, документи, материали, София, 1984.

Документи за българската история, IV, София, 1942.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, I, Скопје, 1981.

Документи за историята на революционите борби въ Македония. Писма, извлечени отъ 'книжката за донесения' на войводите Мичманъ, Тодоръ Саевъ и подпоручникъ Константинъ Настевъ (Съобава д-р Младенъ Панчевъ), Ил Илинденъ 10 (40), София, 1932, 13-14).

Документи на Македоно-одринската революционна организация от 1908 г., Известия на държавните архиви, кн. 54, София, 1987.

Ѓорѓиев, Ванчо

ВМРО 1893-1903, поглед низ документите, Скопје, 2013.

Из архивата на Гоце Делчев. Задграничното претставителство на ВМОРО в София до края на 1902 г., София, 2003.

Зборник на документи за создавање на македонската државност (1893–1944). (Избор, коментари и редакција д–р Александар Христов), Скопје, 1976.

Извештаи од 1903–1904 на австриските претставници во Македонија (редак. Данчо Зографски), Скопје, 1955.

Катарџиев, Иван

Документи за дејноста и положбата на Организацијата во Велешката околија во 1904–1905 г., Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1963, 213–214.

Лапе, Љ.,

Непознати писма и телеграми на Ѓорче Петров, Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1971.

Проект правилниците донесени на Прилепскиот конгрес 1904 година и дополнителни забелешки на Ѓорче Петров, Гласник на ИНИ, 1, Скопје, 1973, 201–243.

Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903–1953, Скопје, 1953.

Нови документи за положбата во Македонија и во Револуционерната организација во првата половина на 1904 година, Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1961.

Македония и Одринско. Мемоар на Вътрешната организация, София,1904.

Материяли за историята на македонското освободително движение, VII, София, 1927.

Мирчевъ, Боянъ

Протоколъ на I-вия редовенъ революционнен конгресъ въ Скопския окргъ откритъ на 2 януарий 1905. Първиятъ скопски окръженъ революционенъ конгресъ, Ил. Илинденъ, год. 5, кн. 4(44), мартъ, София, 1933, 12–13.

Освободителната борба на българите в Македония и Одринско 1902–1904, дипломатически документи, София, 1978.

Освободителното движение в Македония и Одринско, спомени и материали, София, 1983.

Пандевски, Манол

Програмски и статутарни документи на Внатрешната македонска револуционерна организација (1904–1908), Скопје 1998.

Педест години от Илинденското въстание. Статии и документи, София, 1953.

Петровъ, Никола

Страници отъ моя дневникъ за 1901 година. Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 1 (21), София, 1929, 9-10

Петров, В.-Билярски, Ц.

Два документа на Вътрешната македоно-одринска революционна организация от 1904 г., Векове, кн. 3, София, 1985, 76–80.

Петров, Т-Николов, Б.

Новооткрити правилници за четите на ВМОРО, изработени през 1901 г., Исторически преглед, 3, 1988.

Правилник на ВМОРО. Изработен на общия конгрес на Организацията през 1905 (б.м. б.г.).

Татарчев, д-р Христо

Спомени, документи, материали, София, 1989.

Тодоровски, д-р Глигор

Неколку нови документи за активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, Гласник на ИНИ, 3, Скопје, 1971, 203–223.

Тошев, Пере

Ташко (Анасатас Лозанчев), 24. XII 1907 (поштенска картичка-факсимил), Албум-алманах Македония, София, 1932, таб. XCIV.

Христов, Александар-Миноски, Михајло

Идејата за федерација во македонското национално-ослободително движење и неговите програмски основи (1893–1935), Скопје, 1934.

## Литература:


Андонов-Полјански, Христо

Гоце Делчев и неговото време, Скопје, 1972.

Анастасов, Йрдан

Пере Тошев, София, 1973.

Ванчев, П.,

Агитационата дејност на Пере Тошев во северномегленските села и неговиот придонес за отворање на тајни канали на Организацијата, Прилеп и Прилепско во националноослободителните борби на Македонија, 1893–1908, кн. 1, Прилеп, 1991, 107–1110.

Грашев, Ив.(ан)

Гърче и Пере. Вспоминателен лист на трима големи македонски революционери, София, 30. VI 1945, 3.

Делирадев, Павел

Перето, Въспоминателен лист на трима големи македонски революционери, София, 30. VI, 1945, 2.

Димевски, Славко

Македонското националноослободително движење и Егзархијата 1893–1912, Скопје, 1963.

Прилеп и Прилепско во Уриетот и по него – цртички, Зб. Прилеп и Прилепско 1893–1908, Прилеп, 1991.

Димески, Димитар

Одразот на Илинден врз ставот на Пере Тошев на Прилепскиот конгрес 1904 година, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев. Материјали од симпозиумот одржан во Прилеп по повод педесетгодишнината од убиството на Ѓорче Петров и шеесетгодишнината од убиството на Пере Тошев, Прилеп, 1974, 127–131.

Револуционерната дејност на Пере Тошев во Битолскиот округ на Македонската револуционерна организација (1894–1898), Историја, 2, Скопје, 1986, 97–109.

Революционерната дејност на Пере Тошев во Битолскиот округ на МРО (1894–1898), Прилеп и Прилепско во националноослободителните борби на Македонија, 1, Прилеп, 1991, 95–106.

Димоски, Наум

Некои искажувања за убиството на Пере Тошев. Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., Прилеп, 1974, 145–153.

Динев, Ангел,

Пере Тошев, „Македонски вести“, бр. 4, 1933.

Думевъ, В.

Пере Тошевъ, Ил. Илинденъ, год. 8, кн. 6, София, 1936.

Елдъров, Светлозар

Въстанието в прилепския реон. Осемдесет години Илинденско-Преображенско въстание, София, 1988.

Здравев, Ѓорѓи

Музички карактеристики на една народна песна за Пере Тошев. Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., Прилеп 1974.

Ивановъ, Ил(ия)

Македонска галерия. Пере Тошев, Сб. Илиненъ 1903–1922, София, 1922, 112–117;

Нужно е повече светлина, Сб. Илинденъ 1903–1924, София, 1924, 35–38. Пере Тошевъ, Устрем, 12. 15. XI; 13. 22. XI, 1924.

Ивановски, Владо

„Пере Тошев – име на Велешкиот партизански одред од 1942 година. Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп 1974.

Каваев, Филип

Пере Тошев низ нашите народни песни. Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев .., 185–190.

Кипровъ, Александъръ

Солунскиятъ Централенъ комитетъ на Вътрешната македонска революционна организация, Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 3 (23), София, 1930, 16.

Кировъ-Майски, Никола,

Изъ спомените ми за Пере Тошевъ, Ил. Илинден, год. 6, кн. 1–2, 51–52, София, 1933, 6-8.

Клисуров

Пере Тошев и преустройството на Организацията, Македонско дело, Wien, год. 2, бр. 41, 10.V, 1927; год. 4, бр. 90, 25 V 1929. 3–4.

Кондовъ, К.

Гоце Делчев и другарите му, сб. Илинденъ 1903–1926, София, 1926.

Константинов, Душан Хр.

Неколку историски неточности за Пере Тошев и Даме Груев. Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., 133–137.

Коцевъ, Хр.

Страници из спомените ми. П. Тошевъ. Сп. „Македония“, I, кн. 10, 1922.

Лапе, Љубен

Животниот пат и делото на Пере Тошев. Пристапни предавања, прилози и биографии на новите членови на МАНУ, Скопје, 1974, р 85–99; Гласник на ИНИ, 2, 1971, 41–52; Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев, Прилеп, 1974, 103–120;

Интересирањето на Ѓорче Петров за Пере Тошев, Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., 139–143;

Пере Тошев во спомените на своите современици, Годишен зборник ФФ, т. 24–25, 1973. 101–110; Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., 155–165;

Пере Тошев. По повод 60-годишнината од неговата смрт. (Реч одржана на гробот на Пере Тошев во село Фариш на 4 мај 1972 година), Гласник на ИНИ, 2, Скопје, 1972, 51–54.

Пере Тошев. По случај 41-та годишнина од неговата смрт, „Нова Македонија“, Скопје, 4. I, 1953, 2.

Лешковъ, Иванъ

Единъ окръженъ конгресъ на В.М.Р.О. въ 1906 год., Ил. Илинденъ, год. 2, кн. 3 (13), февруарий, София, 1929, 12–16.

Макдермот, Мерсия,

За свобода и съвршенство. Биография на Яне Сандански, София, 1987.

Младеновски, Симо

Неколку народни импулси за Пере Тошев во Тиквешијата. Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., Прилеп, 1974, 191–197.

Матов, Христо

За своята револционерна дейност, София, 1928, с. 16, 51.

Пандевски, Манол

Внатрешната македонска револуционерна организација и врховизмот (1904–1908), Скопје, 198;

Пере Тошев, „Серчани“ и Вториот општ конгрес на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација, Прилеп и Прилепско.., 1, 111–125;

Погледите на Пере Тошев, Прилог кон политичката биографија, Историја, 1, Скопје, 1986, 75–94;

Последните години на Пере Тошев. Прилог кон политичката биографија., „Историја“, 1, Скопје, 1986, 75–94.

Учителското движење во Македонија, Скопје, 1962.

Пасков, Румен

Борис Сарафов 1872–1907. Биография, София, 1996.

П(оп) Петровъ, Ср.

Пере Тошевъ окрженъ учителъ въ Солунъ, „Независима Македони“, I, 11, 3 май 1923.

Поп Лазаров, Р.

Шеесет години од смртта на Пере Тошев, „Нова Македонија“, 4. и 5. V 1972.

Попъ Христовъ, Георги

Окражния конгресъ въ Прилепско презъ 1904 год., Сборникъ „Илинденъ 1903–1922“, София, 1922, 11–19.

Революционната борба в Битолския окръг, София, 1955, 87–88.

Силянов, Хр.

Освободителните борби на Македония, II, София, 1943.

Станковъ, Тодоръ

Македонската революционна организация. Създаването и създателите и. Првиятъ Централенъ комитеъ на Македонската революционна организация 1893/1894 год. въ Солунъ.., Ил. Илинденъ, год. 4, кн. 4 (34), юний, София, 1931, 5–9.

Страници от миналото (Извлечение отъ дневника на Коста Кондовъ), Ил. Илинденъ, год. 2, кн. 3 (13), февруарий, София, 1929.

Страшимировъ, А.

Две годишнини, „Независима Македония“, I, 11, 3 май 1923.

Тодоровски, Гане

Пере Тошев во литературата. Зб. Ѓорче Петров и Пере Тошев.., 167–180.

Томовъ. Л.

Лука поп Теофиловъ (Миленчинъ), Ил. Илинденъ, бр. 38, 1932, 8.

След Илинденското въстание, Сб. Илинден, 1903–1926, София, 1926.

Тошевъ, д-р Светозаръ

Пере Тошевъ (личностъ и дело), Асеновградъ, 1942.

По кървав път. Документарна повест, Пловдив, 1969;

Трајановски, Александар

Пере Тошев (1865–1912) во историските извори и литература (по повод 75 години од убиството на револуционерот), Гласник на ИНИ, 1, Скопје, 1987, 185–200).

Харизанов, Иван,

Вторият Рилски конгрес 1906 г., Македонска мисъл, 1-2, 1945, 44-45.

Христов, Александар Т.

Прилози за македонската политичка мисла (1878–1919), Скопје, 1982.

Трайчев, Георги,

Принос къмъ историята на революционното дело в Македония (Прилепско), София, 1925.

Учебното дело в гр. Прилепъ, Ил. Илинденъ, кн. 3 (33), София, 1931, 9–11.

Шапкарев, Кл.

Пере Тошев, в. Целокупна България, 5.–6. XII 1941, с. 6.

## Спомени (ракописни):

Ацев, Петар

Бележки за беседа за Пере Тошев (незавршени), ракопис (Архив на МАНУ, ф. Љубен Лапе, к. XVI, р. 3).

Изводи од спомените на Петар Ацев за периодот 1902–1904 год. (ИНИ, Архивско одделение, IV 445).

Гермов, Крсто

Спомени на Крсто Гермов–Шакир, Скопје, 1967 (ИНИ, АО. IV, 167).

Камхи, Рафаел

За убиствата на револуционерни дејци од Организацијата на ВМРО (ИНИ, АО IV,779/1).

Првите напори од Ѓ. Петров, П. Тошев и Д. Груев за создавање и оформување на здружение на учители за самопомош (без крај) (Скопје, ИНИ, IV, 784/1).

Припреми за Рилскиот конгрес, записник од расправите и обсудувањата, оригинал, ИНИ АО, записник бр. 1643/1978, IV, 785).

Киров, Никола-Мајски

Спомени. (ИНИ АО IV 159).

Спомени. Въ стоя за Македония (ИНИ, АО IV 317).

Мартулков, Ал.

За положбата во Македонија по Илинденското востание (ракопис ИНИ АО, IV 369.

Лозанчев, Анастас

Спомени отъ Анастасъ Лозанчевъ писани отъ същия, София, 15 дек. 1936, (ИНИ, АО, IV, 68)

Спомени отъ Анастасъ Лозанчевъ, бивш член на Главния щаб на Илинденското въстание (ИНИ, АО, IV,88).

Митрев, Анастас

Спомени на Анастас Митрев (ИНИ АО IV 107).

Петров, Ѓорче

Записките на Гьорчо Петровъ: Беседа за Пере Тошевъ (Скопје, ИНИ АО).

Ризов, Димитар

За Пере Тошев во своите спомени, Архив на МАНУ, ф. Љ. Лапе, к. XVI, р. 3.

Шалдев, Хр.

Из записките на Ив. Х. Николов, ракопис (ИНИ. АО, IV, 317).

**Спомени (печатени):**

Ангелов, Јурдан

Пере Тошев в спомените на своите блиски, София, 1947.

Андонов-Полјански, Христо

Гоце Делчев во спомените на современиците, Скопје, 1972.

Ацевъ, Петар

Раняването на Д. Груев в с. Слатино през 1904 г., Илюстрация Илинденъ, бр. 83, София, с. 6.

Съ Пере Тошевъ от Битоля до София следъ сражението в Крушевица, „Илюстрациъя Илинденъ“, 94–97, София, 193830, VI, 1945, 2.

Думевъ, Велко

Пере Тошевъ, „Илюстрация Илинденъ“, 6 (76), София, 1936, 2–3.

Ив(анов), Ил(ия)

Нужно е повече светлина, сб. „Илинденъ 1903–1924“, София, 1924, 35–38.

К(иров), Н(икола)-Майски,

Изъ спомените ми за Пере Тошевъ, „Илюстрация Илинденъ“ , год. VI, 1–2 (51–52), София, 1933, 6–8.

Кипровъ, Александаръ

Бошнакъ ханъ (Изъ моите спомени), Ил. Илинденъ, г. 3, кн. 6 (26), София, 1930,1–2.

Ученичешките кръжоци (Изъ моите спомени), Илюстрация Илинденъ, кн. 7 (бр. 27),София, 1930, с. 11–12.

Коцев, Хр.

Страници из спомените ми за Пере Тошев, (сп.) Македония, 10, София, 1922.

Майски, Н. К.

Изъ спомените ми за Пере Тошевъ, Ил. Илинденъ, год. VI, кн.1–2 (51–52), ноемврий–декемврий, София, 1933, 6–8.

Мирчевъ, Боян,

Спомени на някои активни дейци в македонското револционно движение (I. Спомени на Анастас Лозанчев; II. Спомени на Григор Стефанов Попев; III. Мито Хаджимишев), Известия, на Института за история, VI, София, 1956.

Спомени на Аргир Наков Манасиев за участието му в македонското революционо освободително движение до Илинденското въстание, Известия на Института по българска история, 7, София, 1957.

Петров, Ѓорче

Спомени-кореспонденција, редактор Љубен Лапе, Скопје, 1984.

Поп Христов, Георги

Революционата борба в Битолския окргъ. Спомени от Георги П. Христов, София, 1953.

Станковъ,Т.,

Некога и сега. (Спомени и преживелици). Съборотъ въ гр. Ресенъ по случай освещението на новата черква „Св. Кирилъ и Методий“ на 15 августъ 1894 г. Първата сбирка на революционната организация, Ил. Илинденъ, 1930, год. 3, кн. 7 (27).

Пере Тошевъ (Спомени за него и преживеалици), „Ил. Илинденъ“. год. 3, кн. 5 (25), 1930, 1–4.

Трайчев, Г.

Единъ споменъ за Солунската мажка гимнзия „св. Кирил и Методий“, Ил. Илинденъ, г. 3, 2 (22), С.., 1930.

* * *

Пере Тошев во народните револуционерни песни.

Гоце Делчев во македонскиот фолклор (приредиле Кирил Пенушлиски и Танас Вражиновски), Скопје, 1983.

Гоце Делчев во народното и уметничко творештво, редакција на Христо Андонов-Полјански, Скопје, 1972.

Киров Мајски, Никола, Стихозбирка (ракописна, София,1956-А ИНИ, Сл. IV 161).

Конески Блаже, Нашата народна поезија како одраз на нашето ослободително движење, „Нов ден“, 5,1948.

Константинов, д-р Душко – Божиновски, Здравко. Тука е Македонија, 1 (Избор на објавени македонски народни песни од комитскиот циклус), Скопје, 1970.

Конески, Блаже, Збирка на македонски народни песни, Скопје, 1945.

Константинов, Душко, Комитски народни песни, Битола, 1962.

„Македонски музички фолклор“, Песни II, редактор Ристо Проданов, Скопје, 1959 (комитски песни).

Македонски песни. Събрани отъ Добри Христов, София, б.г.

Македонско народно творештво, избор и редакција д-р Кирил Петрушевски, Скопје, 1968.

Македонско народно творештво. Народни песни, 1, Скопје, 1974.

Михайловъ, Панчо, Български народни песни отъ Македония, София, 1924.

Најчески, Димче, Илинденски народни песни,. Институт за фолклор, 4, Скопје, 1978.

Пенушлиски, Кирил, „Црвен се барјак развева“ (народни борбени песни), Скопје, 1965.

Робовски, д-р Никифор, Одразот на Илинден во македонската историска песна, Македонски фолклор, 2, Скопје, 1968.

Саздов, Томе, Македонската народна поезија. Краток преглед, Скопје, 1966.

„Од борбата“, народни песни. Собрал и редактирал Блаже Конески, Скопје, 1947.

Хаџиманов, Васил, Македонски борбени народни песни, Скопје, 1960; „Македонски народни песни. Моми тиквешанки, Скопје, 1968.

Църнушанов, Коста, Македонски народни песни, София, 1956.

# РЕГИСТАР НА ЛИЧНИ ИМИЊА


Аврам (свештеник) – 12
Александар (лице дојдено од Софија) – 64
Александров, Тодор – 203, 213, 227, 228, 299
Амид (султан), 236, 237
Ангелов, 14, 208
Ангелов, Јордан (свештеник) – 9, 13, 151, 229, 231, 234, 254
Ангелов, Петар – 208
Андонов, Методија-Ченто – 246
Апостолов, (Д.) – 47, 208
Арнаудов, Димитар – 194
Арсо – 155
Арсов, П. П. – 19
Ацев, Петар (Петре) (војвода) – 9, 88, 91, 92–96, 98, 100–102, 106, 111–113, 115–117, 126, 128–130, 149, 150, 152, 154–156, 206, 229, 238, 250, 252
Баласчев, Г. – 19
Батанциев, (Христо) – 39, 57
Белев, Г. – 80
Бележков – 75, 266
Белешков, Иван – 80
Биљарски, (Ц[очо]) – 164, 297, 284, 294, 296, 299
Биолчев, Илија – 151
Богески, Зоран – 8
Бошков, Никола(е) – 91, 94
Бошњаков, Петар – 62
Бујнов, (Александар) – 211, 214, 218
Венедиктов – 43
Весов, Андреја – 47
Влахов, (Димитар) – 218, 221, 247–249, 257
Врански, Мицо – 193
Вулиќ, професор Никола – 246
Ганев – 32
Ганов, Христо – 47
Гарванов, (Иван) – 31, 32, 38, 47, 53, 56, 57, 59, 60, 67–69, 77–79, 80–83, 85, 87, 157, 162, 174, 180, 187, 188, 199, 200, 203, 204–206, 208, 209, 211, 212–215, 270
Генадиев, Никола – 16
Георгиевски, Ванчо – 262
Герасим (струмички егзархиски митрополит) – 58, 62, 163
Гермов, војвода – 93
Гермов, Крсте-(Шакир) – 92, 150, 225–227
Герџиков, (Арсов) Михаил – 84, 156, 218
Герџиковиќ, Г. – 212
Главинов, Васил – 247
Гонев, Христо – 38
Грашев, Иван – 249
Григориј (митрополит битолски) – 58
Григориј (охридски митрополит) – 51
Грозданов, Димко – 208
Груев, (Дамјан [Даме]) – 18, 19, 20, 23, 25, 26, 28, 30, 32, 34–36, 37–44, 46, 49, 54, 57, 59, 73, 74, 76, 77, 79, 82, 85, 87, 89, 90, 91, 97, 98–104, 106–115, 118, 120–122, 125, 126, 128–130, 149, 153–158, 162, 170, 171, 172, 175–178, 180–182, 184, 187–189, 194, 201, 235–238, 242–251, 254–262, 271, 281, 284, 294, 296, 301, 303, 304
Гули, Питу – 242, 246, 248, 258
Давидов (псевдоним на Аргир Манасиев) – 270
Даев, (Михаил [војвода]) – 192, 193, 201, 202, 207, 210, 215
Данев (д-р Стојан) – 268
Даскалов, Д(обри) – 106, 112, 115, 177, 218

Дејков, Никола – 18
Делииванов, Туше – 75, 84
Делирадев, Павел – 218, 219, 221, 231, 251
Делчев, (Г[оце]) – 19, 28, 36, 37, 39, 42–46, 54, 61, 69, 74, 77–80, 82–85, 107, 111, 114, 235, 237, 238, 242–249, 251, 252, 254, 256, 257–262, 265, 270, 301, 303
Димитров, (А.) – 108, 156
Димитров, Ант(д)он – 39, 41
Димитров, Апостол – 215
Димитров, Л. – 156
Димитров, Стефан – 112, 115, 205, 206
Димо Дедото – 12, 13, 33
Димов, Анте –108
Донски, Стојан – 235
Дорев, Ацо – 106
Дорев, Михаил – 215
Доревски, Трајко – 61
Думев, (Велко) – 40, 83, 84, 252
Дунски, Анте – 92
Ѓогов, Трајко – 37
Ѓорѓиев, В.(анчо) – 267, 268
Ѓоревски, Љубомир – 8
Ѓурчин (војвода) – 235
Енчев, Петар – 229, 230
Желев, Д. – 106
Зајкоски, Зане-Чавето – 260
Занков, Георги – 193
Запранов, Георги – 193
Злате – 244
Зографов, Никола – 244
Иванов, (Илија) – 21, 55
Икономов, Димитар – 194, 201, 207
Икономов, Ст. – 177
Илиев, Иван – 164
Илија Крчовалијата – 198
Јаворов – 85
Јанков (полковник) – 77, 78
Јанков, Анастас (потполковник) – 44
Јанков, Христо – 221
Јован Долгач – 154
Јоне – 155
Јордан Пиперката – 49
Јосиф I (егзарх), 224, 299
Јосифовски, Кузман-Питу, 247
Јуруков, Петар – 115
К'нчов, (Васил) – 31, 35, 44, 53
Казепов, Ѓорѓи (Георги)– 193, 218
Калајчев, Вангел – 40
Калмиков – 16
Камбуров, (Ив. [поручник]) – 59, 60
Камхи, Рафаел – 25, 26, 171, 251
Кантарџиев – 201, 207, 211
Карајовов, Т. – 19
Карајовов, Тома – 43
Каранфилов – 14
Каранџулов, (Никола) – 115, 150, 151
Карев, (Ник[ола-Мајски]) – 56, 235, 245, 246, 248, 253, 257, 259
Каровски, Лазо – 259
Кепеска, Катерина – 11
Кецкаров, Антон – 28
Кипров, Александар – 63
Кирил – 20, 27, 39, 232, 250, 296, 297, 316
Китанов, Петар – 201, 207
Китанов, Сандо – 164
Клисуров – 228
Колушев, Н(еделко ([Делчо]) – 31, 47
Кондов – 38
Кондов, Јосиф – 47, 60, 68
Кондов, Константин (Коста) – 19, 35, 86, 269
Кондов, Спиро – 230
Конески, Блаже – 259, 262, 263
Костов, Спиро – 15, 16
Коцев, П. Х. – 19
Коцев, Христо – 49, 252
Коџоман, Вангел – 262

Крсто Б’лгаријата – 198, 201, 207, 208
Куртев – 16
Кушев, Бано – 108
Лазаров, Коце – 64
Лазаров, Тодор – 244
Лазо Асијата – 236
Лапе, акад. Љубен – 7, 8, 13, 258
Левтер (псевдоним за Тошев) – 28
Леков, Иван – 193
Леништанец, Георги – 96, 98
Лефтер (псевдоним за Петар – Пере Тошев) – 36
Лозанчев, (Анастас [–Ташко]) – 24, 26, 28, 34, 61, 76, 78, 81, 82, 88, 98, 99, 101, 106, 110, 115, 128, 157, 213, 218, 219, 231, 250, 255, 298
Луков (офицер), 34, 35
Љамев, (Соколов) Гл(р)игор – 100, 151, 152, 154
Љапов, Димитар – 35
Љапчев, А(ндреј) – 16, 19, 43, 228
Малешевски, Никола – 54, 212, 267, 268
Манасиев, А(р). –177, 281
Манасиев, Аргир – 50, 54, 77
Манџура, Милан – 96
Марков, Веле – 256
Мартинов, Спас – 68, 69, 81
Мартулков, (Алексо) – 208, 209
Матов – 31, 54, 55, 57, 59, 63, 65, 67–69, 71–75, 77–85, 87, 102, 107, 160, 164, 204, 213, 218, 232, 254
Матов, Х([ристо]) – 18, 19, 31, 39, 53, 55–57, 59, 62, 63, 65–67, 72–75, 77, 80, 84, 86, 87, 107, 156, 159, 163, 187, 192, 199, 200, 203, 204, 209, 212, 214, 215, 216, 232, 254, 264, 266, 299
Маџаров, Л. – 177
Милан Биолчев, 88
Милев, Петар – 193, 194
Милетиќ, 88
Милчин, Илија – 259
Миљовска, Десанка – 259
Мирасчиев, (Димитар) – 102, 156, 218, 221
Мирчев, Димитар – 19, 47, 57, 60, 69, 81, 116
Митето – 270
Михајлов, Милан – 64
Михајлов, Сава – 37, 84
Михајловски – 80, 86
Мицко (српски четнички војвода) – 153, 154
Мицов, Ванчо – 37
Мончев, Б. – 177
Морфов (полициски функционер) – 43
Мрмев, Петар – 151
Наков, Давче (ѓакон) – 108
Наумов (проф.), – 32, 56, 58, 59
Наумов, Анастас – 31, 47
Наумов, Никола – 38, 59
Наумче, Петре – 229
Немас, Ал. – 244
Ников, (Христо) – 37, 65, 67, 72
Николаев (генерал) – 43
Николов, Пашоски Наум – 11
Николов, Ст(ефан) – 80, 86, 282
Николов, Тома 28
Николов, Х. – 57
Органциева, Цветанка – 261
Ордан Пиперчето – 235
Палисламов, Ѓоре – 151
Паљашов, Диме (Митко) – 65
Паница (мајор), 16
Паница, Т(одор) – 212, 214, 218, 256
Пасхов, 156
Пеев, Рачо – 198
Пенчев, (П[етко]) (млад војвода) – 192, 199, 200, 203, 214, 235
Пере – 238, 244, 248, 249, 251, 252, 253, 256, 259, 260, 262, 298
Пере (војвода) – 236, 241

Перо (веројатно псевдоним за Петар Тошев), 270

Петков – 244

Петков, Апостол – 77

Петков, К(рсто) – 251, 265

Петров, (Ѓорче) – 9, 12,–14, 16, 17, 25, 26, 28–32, 38, 39, 42–44, 46, 49, 53, 61, 63, 68, 69, 77, 79, 80, 82–86, 88, 94–96, 98–104, 106, 108, 111, 112, 114–116, 118, 120, 121, 125, 126, 128, 129, 149, 150, 156, 157, 170–177, 180, 181, 184, 187, 196, 205, 207, 208, 211, 212, 214, 217, 223, 224, 227–229, 234, 235, 238, 242, 244–247, 249, 251, 252, 254, 256–260, 271, 272, 284, 294, 301, 303, 304

Петров, Никола(-Русински) – 92, 93, 259

Петров, Т(одор) – 164, 284, 203, 296, 297

Пешков, (Георги, Ѓорѓи) (војвода) – 26, 34, 45, 92, 94, 111, 112, 114, 115, 150

Пешков, Никола – 92

Плавев, (Лазар) – 208, 209

Поп Адамов, Т(одор) – 151

Поп Антов, (Тодор) – 180, 188, 190, 193, 194, 199, 201, 203, 205, 211, 214

Поп Арсов, (Петар) – 18, 32, 36, 39, 40, 73, 74, 82, 103, 108, 180, 196–198, 202, 205, 207–209, 211, 212, 214, 217, 218, 244, 247, 272

Поп Ефтимов, Димитар – 244

Поп Јорданов, Јордан–Орце – 63

Поп Константинов, Јордан – 21, 36, 151

Поп Коцев, (Христо) – 18, 40, 109

Поп Петров, Сребрен – 243

Поп Теофилов, Лука – 75, 80, 266

Поп Трајков (Поптрајков), Лазар – 95, 96, 238

Поп Христов, (Ѓ[орѓи] Георги) – 102, 110, 111, 115, 128, 184, 271, 284, 294

Попев, Глигор – 34

Попев, Григор – 26

Попев, Харалампија – 206

Попов, Иван – 95, 96

Прличев, Кирил – 39

Проданов, Божин – 245

Радев, Пејо – 193

Радев, Симеон – 21, 35, 254

Развигоров, (Мише) – 199, 267

Рајчев – 32

Расим-бег – 33

Реџеп – 238, 239

Ризов – 16, 64, 66

Ризов, Димитар – 43, 46

Ризов, Милан – 65

Савата (задграничен претставник на ЦК) – 267

Саев, И. (архимандрит) – 62

Салџобалиев – 31

Самарџиев – 32

Самарџиев, Константин-Коне – 17, 19, 31, 36, 38, 41, 47

Самарџиев, Петар-Пешо – 106, 112, 115

Сандански, Јане – 82, 107, 163, 175, 176, 190, 192, 193, 196–199, 200–202, 205, 207, 208–212, 214, 217, 218, 221, 223–225, 242, 243, 245–249, 252, 256–259, 302

Сарафов, 43, 60, 62, 63, 67, 69, 89, 91, 95, 96, 157, 175, 188, 190, 199, 203–206, 208, 209, 213–215

Сарафов, Борис – 39, 59, 60, 67, 78, 84, 89, 96, 103, 156, 157, 163, 180, 181, 187, 189, 199, 200, 203, 204, 209, 211, 212, 255

Сарафов, д-р – 227

Сарафов, М. – 232

Сарафов, Михаил – 31

Силјанов, Христо – 164, 214

Сиљ(лј)анов – 251, 265

Симиќ, Света – 156, 157

Скрижовски, (Георги) – 211, 214, 218

Скрижовски, Ѓорѓи – 193

Славос, Г. – 244

Соколов, Гр(л)игор – 152, 154

Спирков, Ѓоре-Леништанец – 207

Спиро Црне – 12

Спространов, Е. – 19

Стамат (поп) – 61

Станишев, (Христо) – 80, 163

Станоев, (Александар) – 198, 201, 206, 207

Стефанов Попев, Григор – 23

Стефанов, Димитар – 74, 75, 84, 107, 165, 180, 196, 201, 207, 214, 272

Стоилов, Антон – 47

Стојнов, Стојно – 212

Стојчев, Ив. – 80

Страшимиров, (Антон) – 224, 234, 253

Стрезов, Георги – 14

Сугарев, Ѓорѓи – 98, 99, 110, 111, 115, 235

Сугарето – 238

Тасев, Дуко – 49

Таската Серски – 193, 211, 218

Татарчев – 32, 44, 55–57, 63, 68, 69, 72–75, 77, 78–80, 82–85, 87, 102, 157

Татарчев, д-р Хр(исто) – 39, 66, 156, 203, 214

Татарчев, Христо – 34, 41, 47, 55, 58, 60, 72, 73, 77, 80, 84, 86, 87, 256, 266

Тевов, Иван – 230

Тенчев, Христо – 47

Толе Паша – 92

Томалевски, Наум – 243

Томов, Ангел – 221

Томов, Лазар – 201, 207

Тошев, 7, 8, 9, 12–17, 19–25, 27–42, 44, 48–56, 59–63, 65, 67–80, 82–96, 98–104, 106–111, 115, 117–128, 130, 133, 136–138, 143, 147–152, 154, 155, 156–159, 163, 164, 167–175, 177, 178, 180, 184–186, 188, 190, 192, 194–199, 201, 206, 207, 209, 211, 214, 217–219, 221, 223–235, 237, 239, 240, 242–251, 253–258, 260–262, 264, 268, 284, 294, 295, 301–303

Тошев, А. – 31

Тошев, д-р Светозар – 10

Тошев, Наум 226

Тошев, П. – 19, 67, 256, 284, 297

Тошев, П. Кирил – 296

Тошев, Петар–(Пере) – 7, 9, 10, 11, 13, 14, 16, 19–21, 26, 31, 34–38, 40, 42–46, 48, 50, 52–59, 61, 62, 64–67, 69–73, 76–80, 82, 84–88, 92–94, 98–101, 103–106, 108, 111, 112, 115, 117, 125, 126, 128, 130, 132, 150, 151, 153, 154, 156, 157, 163, 165, 168, 169–173, 176, 177, 179–181, 187, 189, 192–194, 196, 197, 199, 201–203, 205, 206, 208, 209, 212–214, 217–225, 228–235, 237, 238, 239, 240, 242–247, 248–260, 262, 264–267, 269, 271, 295, 298, 299, 301, 303, 304

Тошев, Светозар – 10, 11, 224

Тошев, Стојанов Андон-Доне – 45

Трендафилов, Димитар – 193

Тренков – 102, 151, 152

Тренков, Јордан – 91, 92, 100, 101, 112, 115, 150, 152, 155

Тројачанец, Никола – 92

Туфекчиев, Н. – 19

Ќелеш Осман, 94

Узунов – 113

Узунов, Дуле – 111

Узунов, Мих. – 98

Узунов, Христо – 110, 115, 235

Фердинанд (кнез) – 198, 225

Феруг-бег – 267

Х(аџи) Димов, Д(имо) – 107, 169, 170, 180, 211, 212, 218–221, 247, 256, 257, 259

Х. Николов, И(в). – 19, 49, 264

Хамид (султан) – 238

Харизанов, Иван – 211

Харизанови, Иван и Лазар – 212

Харлаков – 170, 221

Хаџи Иванов – 55

Хаџи Ивков, Јордан – 13

Хаџи Николов, (Иван) – 30, 32, 37, 39, 47, 55–59, 60, 63, 64, 66–69, 72–74, 82, 84, 85, 163, 264

Хаџиев, Стојо(у) –193, 207, 208, 218

Хилми-паша – 208, 209, 283

Христо – 238

Христов, Андреј – 109
Христов, Павел – 98, 100, 101, 106, 110, 115, 214
Христов, Тодор – 86
Христов, Трајче – 55
Хусеин Хилми-паша – 295
Цончев, (Иван) (генерал) – 49, 78, 80, 86, 157, 281, 282
Чакаларов, В(асил) – 156, 157
Чаков, Михаил – 114
Чакре, Диме – 12
Чамков, Христо – 28
Червениванов, Гоце – 37
Чернопеев (војвода) – 164, 208
Чернопеев, Хр(исто) – 164, 201, 202, 205, 206, 211, 212, 218, 221, 257
Чкатров, Мишо – 218
Чудомир Кантарџиев(-Чудото) – 193, 194, 198, 207, 214, 218
Чучков, Ефрем – 199, 214
Шапкарев, Климент – 247
Шаторов, Методија-Шарло – 247
Шопов – 47
Шопов, Атанас – 46

# РЕГИСТАР НА ГЕОГРАФСКИ ИМИЊА И ПОИМИ


Австрија – 283

Австро-руски договор – 283

Advērul („Вистина“, романски весник) – 255

Акционен народноослободителен комитет на Македонија (АНОК) – 249

Албанци – 234

Апелационият суд во Солун – 72

Архив на Македонската академија на науките и уметностите – 8

Архивско одделение на Институтот за национална историја во Скопје – 8

Атина – 216

Бабино (село во Демирхисарско) – 89

„Бабуна“ (поема) – 242

Балкан – 33, 111

Баровица (Баривци) – 50

Белгија – 30

Белград – 18, 157, 216

Белград (псевдоним за Охрид) – 36

„Бележки за беседа“ (ракописен текст на војводата Петар Ацев) – 9

„Белемето“ (месност) – 164

Беловодица (село) – 91, 103, 106, 107, 112, 115, 155, 206

Белтунци (село) – 210

Берлински договор – 18

„Билтен“ (весник, Битола) – 257

Битола – 12, 19, 21, 22–32, 34–36, 39, 42–45, 48, 49, 51–53, 56–58, 76, 81, 88, 89, 92, 99, 100, 101, 103, 104, 106, 114, 115, 149, 155, 196, 218, 237, 253, 299, 301

Битолска неполна гимназија – 22

„Битолски весник“ (весник) – 238

Битолски вилает – 29, 51, 71, 104, 255

Битолски округ – 26, 27, 40, 49, 98, 99, 108, 170, 194, 204, 208, 223, 252

Битолски револуционерен комитет – 40

Битолски револуционерен округ– 7, 9, 30, 35, 36, 40, 42, 45, 48–50, 52, 53, 55, 58, 61, 76, 85, 87, 97, 98, 100–103, 108–110, 112, 152, 157, 158, 163, 166, 169, 171, 173, 175, 178, 194, 195, 207, 210, 296

Битолски реон – 152

Битолско – 12, 31, 109, 110, 113, 121, 152, 251, 297

Битуша (село) – 235

Благоевград – 299

Богомила (село), 154

Бодрум-кале, 264

Боишта (село), 89

„Борец“ (хектографиран револуционерен весник) – 32

Борула (планина) – 115

Бошњак-ан (во Солун) – 63

Бугарија – 15–17, 33, 34, 36, 39, 45, 53, 64, 76, 87, 96, 136, 155, 160, 167, 169, 171, 182, 186–188, 190, 191, 195, 199, 200, 201, 203, 204, 213, 215, 216, 226–228, 272, 277–279, 284, 286, 301, 303

Бугарин, Бугари – 31, 215. 299, 303

Бугарска егзархија – 58, 187, 209

Бугарско (тајно) револуционерно братство – 47, 56–61, 68

Бугарско дипломатско агентство во Цариград – 264

Бугарско трговско агентство – 51

Бугарско-српска војна – 16, 303

Бугарското Кнежество – 281

„Бунтовник“ (хектографиран револуционерен весник) – 32

Буф (село), 91
Вардар (река) – 51, 67, 194, 254, 269
Вардар капија – 67
Варна – 79
Варош – 251
Ваташа – 50
Велес – 40, 47, 92, 108, 111, 112, 115, 232, 255
Велешка околија – 98, 190
Велешка револуционерна околија – 153
Велешки револуционерен реон – 159
Велика Русија – 173
„Верига“ (ученички весник) – 13
Веселчани (село) – 155
„Вести“ (весник) – 226
Виничка провала – 52
Висока (име за Софија) – 270, 297
Витолиште (село) – 92, 94
Вишо училиште во Софија – 264
Власи, 171, 234
Внатрешна македонска организација – 245
Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО) – 123, 126, 244, 249, 251, 256, 257, 267, 268, 270
Внатрешна македонска револуционерна организација (Обединета) (ВМРО Об., ВМРО Обед.) – 244, 256, 257
Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО) – 181, 210, 214, 215, 219, 223, 227, 228, 245, 265, 271, 284, 285, 294, 296, 297
Внатрешна организација – 86, 163, 266, 269, 280, 281, 282, 284
Внатрешна тајна македонско-одринска револуционерна организација – 131
Воден – 40, 77, 96, 244, 249, 255, 270
Воденска каза – 53
Воденска околија – 98
Воденска револуционерна околија – 54
Воденско – 77, 110, 149
Војводски совет – 91
Вонреден општ конгрес – 189
Востанички штаб – 98
Вранче (село), 90
Врховен комитет (ВК) – 37, 38, 42–44, 47, 56, 59, 60, 62–64, 67–69, 76, 78, 86, 168, 171, 181, 187
Врховен комитет во Софија – 38, 56, 59, 69
Врховен македонски комитет (ВМК ) – 86
Врховен македонско-одрински комитет – 282
Врховна контролна комисија – 183
Втор (редовен) окружен конгрес на Солунскиот револуционерен округ – 166, 192, 193
Втор прекуридски реон – 91
Втора светска војна – 7
Гевгелиска каза – 53
Гевгелиска околија – 54
Гевгелиско – 50, 54, 110, 250
Главен (востанички) штаб – 88–92, 94, 96
Големата источна криза – 12
Големите сили – 18, 97, 99, 105, 111, 116, 118, 172, 256
Големо Село (село во Дупничко) – 207
Горица (псевдоним за Лерин) – 36
Горни Железник – 235, 238
Горно Броди (село во Серско) – 45
Горноџумајско – 209
Градски комитет во Прилеп – 92
Градско – 13, 92, 230, 231, 232
Грци – 171, 173, 234
Грција – 173
Гуменџе – 50
Гуменџиска околија – 50
Дебар – 30, 255
Дедино (село во Радовишко) – 45
Демир Хисар – 218
Демирхисарска окружна организација – 193
Демирхисарско – 89, 91
Добрушево (село) – 155

Дојранска каза – 53
Долни крај (псевдоним за Солун) – 296
Драмска окружна организација – 193
Дрен (село), 94, 115
Дреново – 33
„Дреновска афера“ – 32, 34
Дреновска Клисура – 230, 233, 241, 258, 302
Државен архив на Република Македонија – 8
Дружба „за самообразование и заемно влијание“ (студентско друштво) – 18
Дунав – 213, 298
Дупјачани – 33
Европа – 30, 33, 121, 283
Евстатиј (ѓакон) – 98
Егзархија, 31, 35, 37, 38, 44, 51, 53, 56, 57, 100, 119–122, 124, 167, 168, 186, 187, 209, 215, 221, 226, 227, 272, 277, 302, 303
„Единство“ (весник) – 223
Емирица (село) – 159
Енице-Вардар – 50, 244
Ениџевардарска каза – 53
Ениџевардарско – 54
Ерусалим (псевдоним за Битола) – 36
Жабокрт (село во Ќустендилско) – 214
Женева – 36, 103, 167
Женева – псевдоним за Охрид – 36
Житољуб (месност и село) – 50, 230
Задгранично претставништво – 42, 63, 68, 69, 75, 78, 103, 106, 109, 130, 161, 167, 176, 191, 196, 197, 201, 202, 204, 205, 209, 214, 270, 272, 278, 285
Зорбатово – 51
Илинденска епопеја – 235, 246
Илинденска оружена револуција – 304
Илинденско востание – 9, 93, 100, 102, 119, 157, 170, 171, 173, 243, 244, 246, 251, 255, 296, 301, 302
Истанбул – 295
Источна криза – 21
Источна Румелија – 15, 16
Јануарско (окружно) советување (во Битола) (1903 година) – 84, 85, 108
Једи-куле (солунски централен затвор) – 70
Југославија – 242, 246
Кавадарци – 27, 47, 55
Казан (врв) – 155
Камендол (село) – 233
Карамани (село) – 110, 155
Кичево – 36, 48, 92, 153
Кичевско – 12, 49, 104
Кнежево (село во Кратовско) – 159
Кнежество Бугарија – 15, 71
Кожув Планина – 206
Козјак (планина) – 96
Коиниково – 51
Комисија за помирување меѓу врховистичките комитети – 80
Комунистичка партија – 249
Конгрес на Прилепската околиска организација – 206
Конгрес на револуционерниот реон во Струмичко – 164
Конгрес на Скопскиот револуционерен округ – 191
Конско (село) – 50
„Конституциона зора“ (весник) – 223
Корзика (псевдоним за Костур) – 36
Косовски вилает – 295
Костур – 255, 270
Костурски одред – 95
Костурско – 77, 78, 154
Кочански револуционерен реон – 159
Кочериново (село) – 201
Краков (псевдоним за Крушево) – 36
Кратовски револуционерен реон – 159
Кривени (село) – 90
Крстец (село) – 96, 115, 130
Крушево – 36, 92, 109, 255
Крушевски реон – 90

Крушевско – 89

Крушевско востание, 245

Крушовска република, 249

Кукуречани (село) – 88

Кукушка каза – 53

Кулата – 218

„Културно единство“ (списание), 224

Кумановски револуционерен реон, 159

Куфалово – 51

„La Pétite Republique Socialiste“ (Paris, весник) – 255

Лагадинска каза – 53

Лерин – 36, 96, 270

Леринско – 91

Лесково – 50

Либјахово (село) – 193, 210

„Ливада“ (месност) – 88

Ловча (село) – 193, 210

„Лоза“ (списание) – 19

Локвица – 155

„Магура“ – „Мазговица“ (месност) – 164

Македонец, Македонци – 15, 16, 18, 19, 31, 86, 151, 152, 168, 212, 227, 235, 244–247, 257, 259

Македонија, 1, 3, 15–21, 27, 31, 33–38, 40–49, 51, 55–58, 65, 67, 68, 70, 71, 73–76, 80, 81, 85–87, 99, 105, 118, 123–126, 152, 163, 168, 169, 171–173, 175, 179, 181, 182, 185–189, 194, 196, 198, 199, 204, 208, 210–216, 218, 223, 224, 226–230, 233, 234, 236–249, 251, 253, 254, 256–258, 266, 269, 277, 278, 280, 284, 298, 299, 301–304

Македонската револуционерна организација, 7, 9, 12, 204, 223, 224, 234, 243, 256, 258, 303

„Македонски вести“ (весник) – 256

„Македонски глас“ (весник од Буенос Аирес) – 256

Македонски комитет во Софија – 33

Македонски комитет во странство – 103

Македонски окружен револуционерен комитет (МОРК) – 297

„Македонски студентски лист“ (весник) – 256

„Македонско дело“ (весник) – 256

Македонско друштво (во Варна) – 79

Македонско-одринска револуционерна организација (МОРО) – 220–224, 281

Мала Азија – 72, 239

Мала Река (месност) – 98

Малешевско – 209

Маргара (врв) – 95

Маргари (село) – 154

Мариово – 92

Мариовско – 95, 153, 269

Марко (псевдоним за Ѓорче Петров) – 28

Машка гимназија во Солун – 39

Мегленско – 50

Мелник (град) – 34

Мелничка окружна организација – 193

Мелничка оружена акција – 43

Мелничко востание – 34

Местен револуционерен комитет – 62

Местен револуционерен комитет во Битола – 25

„Ми товарил Дончо три товари ориз“ (револуционерна песна) – 45

Мијаци – 251

Мирцштег (град) – 283

Мирцштегска програма, 283, 284

Мирштегски договор, 284

Млада македонска книжевна дружина – 18

Младотурска револуција – 218, 219, 234, 251

Младотурски комитет – 222, 231

Младотурци – 219, 303

Мрзен (село) – 230

„На оружје“ (хектографиран нелегален револуционерен весник) – 29, 61, 99

„Народен глас“ (весник, Прилеп) – 257

Народна федеративна партија – 224, 225, 226

Небрегово (село) – 33, 90

Неврокопска окружна организација – 193
„Неделен весник“ (Тетово) – 257
Никодинска Планина – 98
Ниџе (планина) – 96
Облаково (село) – 89
Одрин – 40
Одрински округ – 194, 199
Одрински револуционерен округ – 297
Одринско – 40, 42, 46, 186, 210, 277, 278, 280, 284, 297
Околиска организација – 183
Околиска управа – 143, 151
Околиски комитет (ОК) – 32, 35, 36, 48, 183
Околиски конгрес на Струмичката револуционерна околија – 163
Околиски револуционерен комитет во Прилеп – 88
Околиски комитет во Прилеп – 207
Околиско раководно тело – 132, 143, 145
Околиско раководство, 145

Окружен комитет, 109, 183, 193
Окружен комитет (од војводи) – 7, 9, 29, 30, 34–36, 40, 45, 48, 52, 60, 62, 68, 76, 81, 101, 109, 119, 149, 151, 161, 188, 194–197, 212
Окружен комитет во Битола – 29, 35, 36, 45, 51, 61, 78, 155
Окружен комитет на Битолскиот револуционерен округ – 9
Окружен конгрес – 183, 198
Окружен конгрес на Битолскиот револуционерен округ – 166
Окружен конгрес на Скопскиот револуционерен округ – 159
Окружен конгрес на Струмичкиот револуционерен округ – 164
Окружен (Прилепски) конгрес – 158
Окружен револуционерен комитет во Скопје – 108
Окружен револуционерен комитет на Револуционерната организација – 26
Окружна организација – 76, 183
Окружна управа – 132–135, 139, 143, 160, 161
Окружно раководство – 205
Окружно раководство во Битола – 113
Окружно советување во Битола – 106
Општ вонреден конгрес – 188
Општ конгрес – 82, 83, 102, 103, 106, 107, 116, 135, 147, 148, 158, 161, 163, 169, 170, 173–176, 183, 187, 188, 190, 194–199, 201, 203, 205, 217, 222, 223, 273, 280, 285, 289, 297
Општ конгрес на Организацијата (1905 година) – 169, 170
Организацијата – 7, 9, 22, 24, 25, 27–34, 36–67, 69, 70, 73–75, 78–80, 82, 84, 85, 94, 96–100, 102–112, 114, 116–143, 145–162, 164–174, 176–201, 203–205, 208–210, 212, 214–217, 219, 222, 227, 252, 253, 258, 271–280, 282–294, 296, 297, 301–304
Ореовец (село) – 92, 94, 115
Орле (врв) – 95
Осоговска Планина – 45
Охрид – 26, 27, 36, 48, 49, 255
Охридско – 12, 55, 115
Паланечки револуционерен реон – 159
Пастра (село) – 201
Патријаршија – 121
Педагошко училиште во Сер – 56
Пелистер – 255
„Пере Тошев (живот и дело)“ (книга од д-р Светозар Тошев) – 10
„Пере Тошев во спомените на своите блиски“ (текст на свештеникот Јордан Ангелов) – 9
Пиемонт (псевдоним за Битола) – 296
Пирин Планина – 164
„Пиринска Македонија денес“ (весник на бугарски јазик) – 299
Пиринско – 175, 217
Пирот – 16
Плетвар (село), 101, 112, 115

Пловдив – 14, 15, 16, 17, 301
Пловдивско – 17
Плоешт (псевдоним за Кичево) – 36
„По крвавиот пат“ (книга од д-р Светозар Тошев) – 10
Подрум-кале – 72, 74, 87, 239, 264
Порече – 153, 154
Поречка чета на Организацијата – 121
Поречки крај – 153
Поречко – 153
„Правилник за организација на четите“ – 67
Правилник на Организацијата за враќање на старата централизација – 192
Прекуридски реон – 91
Преспа – 91
Преспанско – 55
Приговор на Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПО – 249
Прилеп – 9–14, 19–21, 26, 27, 32–34, 36, 39, 41, 45, 47–49, 55, 76, 79, 86, 88, 90, 92, 96, 99, 100, 101, 103, 104, 115, 150, 151, 155, 156, 206, 207, 218, 219, 225, 226, 230, 233, 240, 249, 251, 255, 299, 301, 302
Прилепец (манастир) – 257
Прилепец (село) – 155
Прилепска околиска (револуционерна) организација – 33, 156, 207
Прилепска револуционерна околија – 106
Прилепска чета – 269
Прилепски востанички реон – 301
Прилепски комитет – 40
Прилепски конгрес – 148, 149, 157, 163, 169
Прилепски околиски револуционерен комитет – 32, 35
Прилепски окружен конгрес – 7, 112, 113, 115–117, 119, 120, 122, 124–126, 128, 130, 132, 178, 207
Прилепски реон – 95, 152
Прилепско – 12, 13, 21, 33, 86, 88, 90, 91, 94–96, 100, 101, 103, 104, 108, 110–112, 152–156, 206, 251, 301
Прилепско горско началство – 90, 96
Прилепско друштво во Софија – 9
Присад – 33, 152
Простране (село) – 89
Пусторечки осој – 243
Раец (река) – 230
Разловечка окружна организација – 193
Разлог – 266
Раководен центар – 102
„Револуционерен лист“(весник) – 156, 180, 279
Револуционерна организација – 23, 24, 27–29, 31, 33, 35–38, 45, 46, 51, 57, 76, 80, 103, 105, 111, 112, 117, 173, 174, 180, 187, 205, 210, 211, 246, 295
Револуционерно братство – 54, 55
Револуционерно братство во Солун – 54
Реонски штаб на Прилепскиот востанички реон – 90, 92
Ресен – 26, 27, 35
Ресенско – 89, 90, 104
„Ризоспастис“ (весник) – 244
Рила (село) – 201, 202
Рилски (општ) конгрес – 7, 171, 176, 186, 190, 191, 193, 194, 203, 214, 271, 284, 285, 302
Рилски манастир – 169, 176, 181, 197, 198, 200, 201, 202, 303
Родопите – 17
„Роман“ (корија кај селото Небрегово) – 90
Русија – 173, 283
Сабљар (село во Ќустендилско) – 46
Св. Гора (псевдоним за Солун) – 36
„Св. Кирил и Методиј“ (основно училиште во Прилеп) – 20
„Св. Кирил и Методиј“ (црква) – 232
„Св. Никола“ (манастир) – 155
„Св. св. Кирил и Методиј“ (црква) – 27
Св.(ета) Гора – 36, 39, 270
Селечка Корија – 13
Селечка Планина – 155

Селска чета – 144
Селско раководно тело (совет) – 143
Селце (село) – 90, 101, 104, 112
Сер(ез) – 40, 46, 47, 56, 58, 59
Сереcки револуционерен округ – 197
Сермени – 50
Серска окружна организација – 193, 221
Серски округ – 40, 194, 199, 202, 212, 219
Серски окружен комитет – 195, 196, 211
Серски револуционерен округ – 58, 102, 107, 159, 164, 169, 177, 178, 192, 195, 197, 200, 201, 202, 205, 207, 208, 210, 214, 215, 217, 218, 297, 303
Серско – 45, 297
Сесловенски конгрес – 248
Сирково (село) – 94, 240
Скопје – 11, 18, 21, 22, 31, 34, 39, 46, 95, 105, 155, 176, 208, 220, 232, 237, 247, 262, 267, 301
Скопска бугарска митрополија – 232
Скопска гимназија – 17
Скопски вилает – 71
Скопски округ – 27, 40, 99, 108, 188, 190, 194, 198, 199, 204
Скопски револуционерен округ – 52, 100, 108, 153, 160, 161, 162, 166, 188, 195, 207–209, 297
Скопски револуционерен реон – 159
Скопско – 31, 297
„Словенец“ (весник) – 255
Смилево (село) – 89, 91, 251
Смилевски конгрес – 88, 92
Смоквица – 50
Смолани (село) – 115
Смољани (село) – 94
„Сноп“ (хектографиран весник) – 13
Собрание на делегатите на Организацијата – 207
Советодавно собрание – 203
Советски Сојуз – 248
Советување во Софија – 107
Советување на делегатите избрани за револуционерните окрузи за Општиот конгрес – 169
Советување на Прилепското горско началство – 91
Солун – 12–14, 17–19, 23, 24, 28, 29, 31, 32, 34–39, 41, 43–46, 49, 51–53, 55–60, 62–64, 66, 68, 70–77, 81, 82, 85, 87, 99, 102, 103, 114, 168, 194, 209, 218, 219, 221, 223–227, 232, 235, 239, 251, 254, 270, 299, 303
Солунска афера – 68
Солунска гимназија – 56, 59, 61, 226, 301
Солунска каза – 53
Солунска окружна организација – 221, 222
Солунски вилает – 53, 54, 71, 295
Солунски конгрес – 39, 83, 301
Солунски округ – 27, 40, 99, 108, 116, 194, 204, 208, 219, 226
Солунски окружен комитет – 60, 206
Солунски револуционерен комитет – 109
Солунски револуционерен округ – 54, 60, 68, 100, 110, 111, 167, 194, 195, 205, 207, 214, 218, 296, 303
Солунско – 31, 110, 112, 149, 297
Солунско братство – 59
Софија – 17, 18, 38, 42, 43, 46, 54, 56, 61, 64, 67, 74, 75, 77, 79, 80, 83–86, 88, 104, 106, 107, 116, 147, 155–157, 163, 169, 170, 181, 182, 187, 189, 190, 194, 196–199, 202–204, 206–209, 211–213, 215, 218, 219, 225, 227, 229, 230, 232, 238, 247, 251, 265–267, 269, 270, 281, 282, 296, 298, 301, 302
Софиски врховен комитет – 47
Софиски комитет – 33, 34, 35, 36, 37, 38, 42, 43, 44, 46, 63, 64, 78
Софиски универзитет – 19, 301
Срби – 171, 173
Србија – 169, 173, 226, 227, 230, 303
Српски конзулат во Битола – 153
Станимаки (Асеновград), 15

Степанци (село) – 154
Струга – 27, 49
Струма (река), 194, 254
Струмица – 58, 62
Струмичка окружна организација – 221
Струмичка революционерна околија – 163
Струмички округ – 40, 194, 199, 219
Струмички револуционерен округ – 58, 62, 107, 159, 163, 178, 196, 197, 205, 214, 215, 216, 218, 297, 303
Струмичко – 112, 209, 297
Студенец (врв) – 155
Студентско тајно друштво – 18, 19
Таен револуционерен комитет – 15
Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО) – 40, 258
Тајна селска чета – 144
Тајно бугарско револуционерно братство во Солун – 69
Тетово – 30, 255
Тиквеш – 115
Тиквешка околија – 98
Тиквешка револуционерна околија – 106
Тиквешко – 42, 50, 94, 106, 110, 115
Топлица (село), 115
Тошевиот Проект-правилник, 128, 129, 166
Тројаци (село) – 13, 115
Турско-бугарски договор – 284
Турци, Турче, Турчин – 234, 235, 240, 278, 292
Тушин (село) – 50
Ќустендилски конгрес – 216
Удово (село во Кичевско) – 49
Учителска организација – 226
„Учителски глас“ (весник од Солун), 227, 231, 233, 255
Фариш (село) – 42, 50, 94, 230–233, 241
Федеративна партија – 225
Царевиќ (село) – 94, 112, 115
Цариград – 31, 35, 38, 42, 43, 53, 55, 56, 187, 219, 224, 226, 232, 236, 237, 299, 303
Цариградски комитет – 40
Централен комитет (ЦК)– 7, 9, 28–32, 34–36, 39–41, 44, 46–49, 51–65, 67–77, 79–83, 85, 87, 99, 102, 103, 108–110, 116, 127, 129, 132, 134–137, 143, 146, 166, 174, 176–180, 187–190, 193, 194, 196, 197, 201, 203–205, 208, 211, 214, 276, 277, 285, 286, 289, 292, 296, 297, 301, 302
Централен комитет во Солун – 108, 109
Централен македонски комитет – 243
Централно биро – 102, 134, 138, 166, 178
Централно машко училиште во Прилеп – 20
Цирих (псевдоним за Струга) – 36
Чарлија (село) – 155
Чепинско, 266
Чирпан (псевдоним за Прилеп) – 36
Џумајско – 209
Швајцарија – 167
„Шило“ (нелегален хектографиран революционерен весник), 151
Штип – 36, 39, 42, 45
Штипски округ – 40
Штипски револуционерен реон – 159